Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 349, 15 август 2024 година

август 2024 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектори : Даница Гавриловска-Атанасовска, доц. д-р Марија Соколова
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

## СОДРЖИНА


РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 5

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 32

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 63

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО И ФИНАНСОВО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 82

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 101

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРОНИКА НА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 121

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС (5.02.00.03) НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 136

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ УСТАВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 155

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ 6.02.01.01 МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И 6.02.01.29 ПРИМЕНЕТА ЛИНГВИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ........ 168

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОДОНЦИЈА (3.05.01.03) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 177

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОНКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ........ 191

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ АНГЛИСТИКА И МЕТОДИКА НА ЈАЗИК ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 199

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ СОЦИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 211

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО- НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕХАНИКА НА ФЛИДИ СО СТРУЈНОТЕХНИЧКИ СИСТЕМИ И ХИДРОЕНЕРГЕТИКА (2.03.00.08) И АВТОМАТИКА (2.03.00.09) НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 238

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАИСТОРИСКА АРХЕОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 247

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИОФАРМАЦИЈА (3.05.02.11) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 262

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ОСНОВИ НА ФАРМАКОИНФОРМАТИКА" ОД ДОЦ. Д-Р БИЉАНА ЛАЗАРОВА, ДОЦ. Д-Р ЗОРАН НАКОВ И АС. ДИЈАНА МИЦЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 274

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ОСНОВИ НА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ" ОД АВТОРИТЕ СОЊА ПЕТРОВСКА И ЈАДРАНКА РУНЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 279

П Р Е Г Л Е Д
НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ 286

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 287

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 309

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 329

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 353

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 6.02.02.16 АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 368

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА И ОПШТА ЛИНГВИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 383

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 398

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ АНАЛИЗА И ДИФЕРЕНЦИЈАЛНИ РАВЕНКИ И МАТЕМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 424

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ НОВИНАРСТВО И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 444

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ДИПЛОМАТИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП ........ 478

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1202-78/7 од 5.7.2024 година донесена на 252. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 5.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *маркетинг* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, во следниов состав:

- **д-р Снежана Ристевска-Јовановска**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (претседател);
- **д-р Ленче Петреска**, редовен професор на Факултет за економија и организација на претприемништво при Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ - Свети Николе (член);
- **д-р Ристе Темјановски**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави единствено **кандидатката д-р Тамара Јованов Апасиева,** вонреден професор по маркетинг на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката **проф. д-р Тамара Јованов Апасиева**, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено следниве документи: пријава; диплома за завршено соодветно образование – за одбранет докторски труд и стекната квалификација на доктор на економски науки од областа на маркетингот (1 оригинал и 3 копии заверени кај нотар); диплома за завршени магистерски студии (втор циклус) од област маркетинг (4 копии заверени кај нотар); диплома за завршени додипломски студии (прв циклус) од област маркетинг (4 копии заверени кај нотар); уверение за положени испити и стекната високообразовна квалификација – магистер на економски науки од областа на маркетингот, со просечен успех 9,89 (4 копии заверени кај нотар); уверение за положени испити и стекната високообразовна квалификација – дипломиран економист на департман Маркетинг, со просечен успех 9,45 (4 копии заверени кај нотар); кратка биографија (4 примерока); список на објавени рецензирани научни и стручни трудови, т.е. референтни научни публикации според ЗВО во последните 5 години пред објавување на огласот за избор (4 примерока); по еден примерок од објавените трудови (19 рецензирани трудови во референтни научни публикации согласно со ЗВО, достапни и на е-репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип); потврди/сертификати дека се служи со еден странски јазик и тоа сертификат за познавање на странски (англиски) јазик (4 примерока) и сертификат за познавање на странски (германски) јазик (4 примерока); уверение за државјанство (1 оригинал); магистерски труд (1 примерок во печатена форма); докторски труд (1 примерок во печатена форма); универзитетски учебник од област маркетинг (1 примерок во печатена форма, достапен и на е-библиотека при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип); одлука за претходен избор во звање вонреден професор во област маркетинг (4 примерока); одлука за претходен извор во звање доцент во област маркетинг (4 примерока); анекс на договор за вработување за ангажман

во настава (изведување на високообразовна дејност) на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (4 примерока); одлуки за ментор и член на комисии на дипломски и магистерски трудови и член на комисија за избор на помлад соработник (изведување на високообразовна дејност) (по 4 примерока); потврди за член на уредувачки одбори на меѓународни списанија во земјава и во странство (по 4 примерока); дополнителни сертификати и потврди: COMMEO Computer Systems Штип - сертификат за поседување на компјутерски вештини (1 примерок).

Врз основа на приложената документација од кандидатката д-р Тамара Јованов Апасиева, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Тамара Јованов Апасиева** е родена на 15.8.1984 година во Штип, а денес живее во Скопје. Основно образование со одличен успех завршува во ОУ „Ванчо Прќе“ – Штип, а средно образование со одличен успех завршува во 2003 година во ДСУ Гимназија „Славчо Стојменски“ во Штип – општа насока. Во учебната 2004/2005 година се запишува на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на отсек Маркетинг, а дипломира на истиот во јуни 2008 година со просек 9,45 и се стекнува со право на стручен назив - дипломиран економист.

Во учебната 2008/2009 година се запишува на постдипломски студии на отсек Маркетинг на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во декември 2009 година, по успешна одбрана на магистерскиот труд на тема „*Истражување на пазарот на чоколада за подобро конкурентско позиционирање на АД 'Европа' – Скопје*“, се стекнува со академско звање магистер на економски науки од областа на маркетингот, со просек 9,89.

Во мај 2011 год., д-р Тамара Јованов-Апасиева го продолжува високото образование со упис на трет циклус на студии под менторство на проф. д-р Митре Стојановски, на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на научната област маркетинг. Кандидатката успешно ја одбранила докторската дисертација од областа маркетинг со наслов „*Пазарна ориентација, маркетинг стратегија и план – основни бизнис чекори за успешно конкурентско позиционирање на малите и средни претпријатија на пазарот – со посебен осврт на индустријата и пазарот на кондиторски производи во Р. Македонија*“, на 12.9.2013 година. Со промоцијата на 16.6.2014 година во Ректорат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се стекнува со академско звање - доктор на економски науки.

Во својата наставно-научна кариера, во областа на маркетингот, кандидатката веќе 14 години работи на Економски факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, и тоа: од 20.12.2010 год. како помлад асистент избрана во областа маркетинг; од 25.11.2013 год. избрана во звање асистент на предмети од областа на маркетингот; од 1.10.2014 год. како доцент во областа маркетинг; од 6.6.2019 год. до денес (2024 год.), во звањето вонреден професор по маркетинг.

За време на овој изборен период кандидатката има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност во областа, преку одржување настава (предавања и вежби) на прв, втор и трет циклус на студии, објавени над

90 научни и стручни трудови, поглавја и делови од книги, научни книги, учебни помагала, монографија, истражувачки студии, учество на меѓународни конференции и публикации од конференции. Учествувала во повеќе научноистражувачки и стручно-апликативни проекти од национален и меѓународен карактер, како и во изготвување елаборати, експертизи и др. активности. Во рамки на својот професионален развој, во улога на визитинг професор, кандидатката држела предавања на студенти од странски универзитети, меѓу кои Универзитетот „Jaume I" во Кастелон, Шпанија, како и на Економскиот факултет при Универзитетот во Бања Лука, Република Српска. Д-р Тамара Јованов Апасиева е член и рецензент на уреднички одбори на меѓународни списанија, меѓу кои и списанија индексирани во Scopus, а членува и во професионални асоцијации и здруженија, во земјава и во странство. Организатор е на обуки за млади, претприемачи и невработени, од областа на маркетингот и претприемништвото. Нејзин научен интерес првенствено се маркетингот, маркетинг истражувањето, маркетинг менаџментот, стратегискиот маркетинг, интегрираните маркетинг комуникации, маркетингот во малите бизниси, претприемништвото и други сродни области од економските и организациските науки.

Како дел од минати професионални ангажмани се и двогодишна работа како демонстратор на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје; маркетинг менаџер во компанија за производство на чевли; маркетинг консултант на проекти во приватниот сектор во областите истражување на пазар, маркетинг стратегии, брендирање, промоција и др. Кандидатката говори течно на неколку странски јазици (англиски, германски и српски) и има одлично познавање на работа со компјутери: Ms Office: Word, Excel, PowerPoint, Visio, Microsoft Outlook; Business in a Box; Marketing Plan pro; SPSS; Internet.

Кандидатката д-р Тамара Јованов Апасиева во моментов работи на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

***Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.***

**Општи услови за избор:**

1. **Просечен успех**

Д-р Тамара Јованов Апасиева на **прв циклус студии**, како дипломиран економист на департманот Маркетинг на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје има остварен **просечен успех од 9.45.**

Д-р Тамара Јованов Апасиева на **втор циклус студии**, како магистер на економски науки од областа маркетинг на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје има остварен **просечен успех од 9.89.**

2. **Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира**

Д-р Тамара Јованов Апасиева е доктор на економски науки, при што јавно ја одбранила докторската дисертација на 12.9.2013 година на Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а јавно е промовирана во д-р на економски науки (од област маркетинг) на 16.6.2014 година. Докторската дисертација е од областа маркетинг со наслов:

*„Пазарна ориентација, маркетинг стратегија и план – основни бизнис чекори за успешно конкурентско позиционирање на малите и средни претпријатија на пазарот – со посебен осврт на индустријата и пазарот на кондиторски производи во Р. Македонија“.*

3. **Претходен избор во звање**

На 1.10.2014 год. со Одлука бр. 1702-314/12 од 2.10.2014 год. кандитатката е избрана во звањето доцент во областа маркетинг на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Потоа, на 6.6.2019 г., со Одлука бр. 1202-80/6 од 7.6.2019 г. д-р Тамара Јованов Апасиева е избрана во вонреден професор од областа маркетинг на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Д-р Тамара Јованов Апасиева тековно е вработена како вонреден професор од областа маркетинг на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

4. **Објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно ЗВО во последните пет години пред објавување на огласот за избор**

Кандидатката д-р Тамара Јованов Апасиева од изборот во помлад асистент до денес има објавено повеќе од 90 трудови, а во последните пет години, т.е. периодот од изборот во вонреден професор во 2019 година до денес (2024 год.) има објавено 19 трудови во меѓународни научни списанија и научни конференции (меѓу кои и трудови со фактор на влијание), универзитетски учебник, монографија и практикум. Во табелата подолу се презентирани објавени трудови во изминатиот петгодишен период согласно важечките законски прописи (достапни на е-репозиториум), а дополнителни трудови се достапни на електронскиот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и на академските платформи ORCID, Google Scholar и ResearchGate, кои можат да се погледнат на следните линкови:

*https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Jovanov=3ATamara=3A=3A.html*
*https://orcid.org/0000-0002-4938-0732*
*https://scholar.google.com/citations?user=KrzkEzEAAAAJ&hl=en&oi=ao*
*https://www.researchgate.net/profile/Tamara-Jovanov*

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Научна публикација (списание) | Година и линк |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Fotova, Čiković, Katerina (2024) | *Crafting future entrepreneurs from emerging adults: what matters more - personality or context?* | International Journal of Education Economics and Development, 15 (1/2). pp. 31-56. ISSN 1759-5681, **Indexing: Scopus (Elsevier)** Academic OneFile (Gale) cnpLINKer (CNPIEC) EconLit (American Economic Association) Expanded Academic ASAP (Gale) Google Scholar ACER (Australian Council for Educational Research) IBSS [International Bibliography of the Social Sciences] (Proquest) Info Trac (Gale) J-Gate RePEc Research into Higher Education Abstracts **Scientific Journal Rank (SJR) by Scopus 0.18 (2023)** | 2024, https://eprints.ugd.edu.mk/33323/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Jovanov, Tamara and Rajh, Edo and Budak, Jelena and Davcev, Ljupco (2021) | *Entrepreneurial intentions of students at private universities in transition economies.* | Ekonomski pregled, 72 (2). pp. 157-184. ISSN 0424-7558; 1848-9494 (Online)<br>**Indexing: ESCI - Emerging Sources Citation Index (WOS), Scopus,** EconLit International Bibliography of the Social Sciences: Economics ECONPAPERS IDEAS HRČAK Journal Impact Factor:<br>**Scientific Journal Rank (SJR) by Scopus 0.13 (for 2020); 0.15 (2023)** | 2021, https://eprints.ugd.edu.mk/28001/ |
| 3 | Jovanov, Tamara and Cabuleva Kostadinka and Mitreva, Mila (2020) | *Theory of planned behavior: Personal attitude and perceived behavioral control as key determinants in creation of entrepreneurial societies and social inclusion of young people.* | Balkan Social Science Review, 15 (15). ISSN 1857-8772<br>**Indexing: Scopus,** EBSCO, CEEOL and HeinOnline.<br>**Scientific Journal Rank (SJR) by Scopus 2020 = 0.115; SRJ 2022 = 0.16; 0.25 (2023)** | 2020, https://eprints.ugd.edu.mk/24176/ |
| 4 | Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) | *Mass media usage from emerging adults in times of crisis: evidence from the COVID-19 pandemic.* | Journal of Economics, 8 (1). pp. 68-82. ISSN 1857-9973<br>Indexing: **EBSCO** | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/31628/ |
| 5 | Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Jovanov, Tamara (2022) | *Digital marketing and the potential for financial growth of small and medium-sized businesses.* | Journal of Economics, 7 (1). ISSN 1857-9973<br>Indexing: **EBSCO** | 2022, https://eprints.ugd.edu.mk/29525/ |
| 6 | Bezovski, Zlatko and Janevski, Zoran and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2021) | *From traditional to online methods for generating business ideas.* | Management Dynamics in the Knowledge Economy, 9 (3). pp. 307-329. ISSN 2392-8042 (online)<br>Indexing: **EBSCO** | 2021, https://eprints.ugd.edu.mk/28503/ |
| 7 | Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2021) | *The Impact and the Potential Disruption of the Blockchain Technology on Marketing.* | Journal of Economics, 6 (1). pp. 13-23. ISSN 1857-9973<br>Indexing: **EBSCO** | 2021, https://eprints.ugd.edu.mk/27860/ |
| 8 | Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Temjanovski, Riste (2021) | *Market(ing) testing as a base for minimization of the business risk.* | Macedonian International Journal of Marketing, 7 (13). ISSN 1857-9787 | 2021, https://eprints.ugd.edu.mk/28299/ |
| 9 | Temjanovski, Riste and Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara (2021) | *Cloud computing in logistic and Supply Chain Management environment.* | Journal of Economics, 6 (1). pp. 23-33. ISSN 1857-9973<br>Indexing: **EBSCO** | 2021, https://eprints.ugd.edu.mk/27861/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko (2020) | *An insight into the content of the marketing plan as a guide for business operations.* | Macedonian International Journal of Marketing, 6 (12). pp. 7-16. ISSN 1857-9787 | 2020, https://eprints.ugd.edu.mk/24178/ |
| 11 | Jovanov, Tamara and Bezovski,Zlatko nd Temjanovski, Riste (2020) | *Значење на маркетинг планот за успешно деловно работење.* | Macedonian International Journal of Marketing, 6 (11). pp. 131-137. ISSN 1857-9787 | 2020, https://eprints.ugd.edu.mk/24177/ |
| 12 | Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco and Sofijanova, Elenica (2019) | *Market orientation as a business orientation for SME's to strive for.* | Macedonian International Journal of Marketing, 5 (9). pp. 117-125. ISSN 1857-9787 | 2019, https://eprints.ugd.edu.mk/22530/ |
| 13 | Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2019) | *Tools for assessment of strategic business units in the marketing activities of companies.* | Macedonian International Journal of Marketing, 5 (9). pp. 36-44. ISSN 1857-9787 | 2019, https://eprints.ugd.edu.mk/22529/ |
| 14 | Jovanov, Tamara and Sofijanova,Elenica and Badarovski,Todor and Serafimovikj,Gordana (2019) | *SERVQUAL: мерење на задоволството на потрошувачите како маркетиншка активност.* | Македонско меѓународно списание за маркетинг, 5 (10). pp. 18-34. ISSN 1857-9795 | 2019, https://eprints.ugd.edu.mk/22506/ |
| 15 | Temjanovski, Riste and Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara (2021) | *Internet of Thing (IOT) and Blockchain technology in supply chain ecosystem.* | Macedonian International Journal of Marketing, 7 (13). ISSN 1857-9787 | 2021, https://eprints.ugd.edu.mk/28298/ |
| 16 | Temjanovski, Riste and Jovanov, Tamara (2020) | *Transforming freight mobility in the cities and promoting of green logistics.* | Macedonian International Journal of Marketing, 6 (11). pp. 113-121. ISSN 1857-9787 | 2020, https://eprints.ugd.edu.mk/24149/ |
| 17 | Jovanov, Tamara and Sofijanova,Elenica and Davcev, Ljupco and Temjanovski, Riste nd Mitev, Goran (2019) | *Make It Happen: Marketing Processes for Competitive Market Positioning of Firms in Transitional Economy.* | Eurasian Business Perspectives, Eurasian Studies in Business and Economics 10/1, 10 (1). pp. 387-406. ISSN 2364-5067, **Springer Nature Switzerland AG 2019** Indexing: **Thomson-Reuters' Web of Science *Conference Proceedings Citation Index - Social Science & Humanities (CPCI-SSH)*** | 2019, https://eprints.ugd.edu.mk/22175/ |
| 18 | Arsova, Monika and Mitreva, Mila and Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina (2023) | *Social Media Communication Habits of Emerging Adults with Brands during the Covid-19 Pandemic.* | 9th REDETE Conference, ISBN 978-99976-57-16-9, Faculty of Economics, University of Banja Luka | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/31743/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19 | Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina (2021) | *Consumer media habits of emerging adults vs. media investment trends of companies during Covid-19.* | 8th REDETE Conference, ISBN 978-99976-57-04-6, Faculty of Economics, University of Banja Luka | 2021, https://eprints.ugd.edu.mk/29649/ |

5. **Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик**

Д-р Тамара Јованов Апасиева има доставено две потврди - потврда за познавање на странски јазик – англиски јазик и потврда за познавање на странски јазик – германски јазик.

6. **Способност за изведување на високообразовна дејност**

Афинитет кон високото образование кандидатката покажува уште за време на студентските денови, кога се вклучува во наставата како демонстратор на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Понатаму продолжува како волонтер – асистент на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во 2008 год., каде што, до денес, ги поминува сите постапни избори во звања од помлад асистент (2010), до вонреден професор (2019 – тековно). Во тие 14 години ангажман во високото образование, кандидатката ги остварува сите активности поврзани со процесот на високото образование – активна вклученост во изведување настава (предавања и вежби), учество на конференции, форуми, дебати, објавување на учебни помагала и учебници, објавување научни и стручни трудови во референтни списанија, изготвување анализи и експертизи, организација на работилници, учество на проекти, како и учество во организациските активности на Економски факултет и Универзитетот. Таа била ментор на повеќе дипломски трудови, член и претседател на бројни комисии на дипломски, магистерски и докторски трудови, а воедно е и акредитиран ментор на трет циклус студии.

**Посебни услови:**

1. **Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати**

Кандидатката била член и главен истражувач/експерт, организирала и изведувала активности во рамки на повеќе проекти (достапни на е-репозиториум), меѓу кои:

- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Business eco system as an integrated system-Be In,* [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/33315/
- Jovanov, Tamara and Disoska, Valentina (2022) *Balkan Women Coalition vol. II – Social Start-Up Booster for Supporting Female entrepreneurship in Balkans*, SEGE – Greek Association of Women Entrepreneurs (Greece), Association of Business Women in B&H (Bosnia & Herzegovina), Asocijacija poslovnih zena Crne Gore (Montenegro), Association of business women Skopje (North Macedonia) Association of Women Entrepreneurs in Bulgaria "Vselena" (Bulgaria), Shoqata Shqiptare e Ambientalisteve Industriale (Albania), [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/29604/

- Jovanov, Tamara (2024) *Climate Promise - From Pledge to Impact.* UNDP and National Platform for Women Entrepreneurship, [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/33515/
- Jovanov, Tamara (2023) *National Platform for Women Entrepreneurship*. EU for You, [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/32682/
- Jovanov, Tamara (2023) *How to become a digital entrepreneur?* Erasmus +, [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/31897/
- Jovanov, Tamara and Disoska, Valentina (2021) *Building digital resilience to youth online radicalization through use of education in prevention*, CRPM and Hedaya, [Project]; https://eprints.ugd.edu.mk/27786/

2. **Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници**

Од моментот на избор во доцент до денес, кандидатката има дадено значаен придонес во оспособување на помлади наставници и соработници преку нивно вклучување во различни научни и стручни активности, проекти, заедничко пишување трудови, совети и менторства, рецензирање на трудови, давање препораки, нивно вклучување во промотивни активности на Универзитетот и сл., што може да се види од заедничките активности во научноистражувачката работа достапна на е-репозиториумот на Универзитетот. Кандидатката била и дел од комисија за докторирање, за избор во звање на асистент, а потоа и за избор во звање доцент од областа маркетинг на помлад соработник на Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

3. **Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД**

Д-р Тамара Јованов Апасиева во последните 5 години има објавено**:**

1. **Универзитетски учебник од областа.** Jovanov, Tamara (2023) *Маркетинг: основи за навигација во динамично опкружување.* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Е-библиотека, https://eprints.ugd.edu.mk/32212/
2. **Монографија од областа.** Jovanov, Tamara (2022) *Маркетинг: Знаење и вештини за успешно деловно работење.* Documentation. Faculty of Economics, Goce Delcev University-Stip, https://eprints.ugd.edu.mk/29713/
3. **Практикум од областа.** Jovanov, Tamara (2022) *„Маркетинг: Примери од пракса“ - Практикум.* ISBN 978-608-244-868-8, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, https://eprints.ugd.edu.mk/29714/

4. **Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.**

Кандидатката д-р Тамара Јованов Апасиева во изборниот период 2019-2024 год. има остварено вкупно 305 поени од целокупната актива и тоа: 40 поени од наставно-образовна дејност; 189 поени од научноистражувачка дејност и 76 поени од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Во продолжение следи детална оценка на нејзината високообразовна дејност (наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност).

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Тамара Јованов Апасиева со наставно-образовна и научноистражувачка дејност започнува уште за време на првиот циклус на студии, како демонстратор на предметот Статистика на Економски факултет – Скопје при Универзитетот

„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во тек на јуни 2007 и јуни 2008 година, каде што главна активност била изведување на вежби на студентите од прва студиска година на прв циклус студии.

Во 2008 година, кандидатката д-р Тамара Јованов Апасиева ја продолжува наставно-образовната и научноистражувачка дејност како волонтер - асистент на Економски факултет – Штип при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, каде што била ангажирана на следните предмети: Маркетинг во здравствена заштита, Статистика за бизнис, Менаџмент на човечки ресурси, Здравствен менаџмент и лидерство. Основни активности во тој период биле одржување вежби, подготовка на материјали за вежби и стручни практикуми, тестатор на колоквиуми и испити, преглед на тестови, активен член на Центар за кариера и развој на Универзитетот и учество во организацијата на сите негови активности.

Потоа, врз основа на јавен конкурс, кандидатката д-р Тамара Јованов Апасиева на 20.12.2010 година е избрана во наставно – научно звање *помлад асистент* во областа маркетинг на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Како помлад асистент, во изборниот период од 2010-2013 година е ангажирана на следните предмети: Маркетинг политика на цени, Маркетинг менаџмент, Маркетинг во здравствена заштита, Меѓународен маркетинг, Економика на внатрешна трговија, Економетрија. Основни активности во тој изборен период биле одржување вежби на прв циклус студии, подготовка на материјали за вежби и стручни практикуми, спроведување на колоквиуми и испити, преглед на тестови, учество во подготовка на студиски програми и елаборати, учество во издавање на годишни зборници на факултетот, организација на меѓународна конференција и др.

На 25.11.2013 година, кандидатката д-р Тамара Јованов Апасиева врз основа на јавен конкурс е избрана во наставно-научното звање *асистент – соработник* во областа маркетинг на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Во рамки на оваа работна позиција е ангажирана на следните предмети: Меѓународен маркетинг, Маркетинг политика на цени, Маркетинг менаџмент, Маркетинг во здравствена заштита, Деловно комуницирање, Претприемништво. Основни работни активности се одржување вежби на прв циклус студии, подготовка на материјали за вежби и стручни практикуми, спроведување на колоквиуми и испити, преглед на тестови, подготовка на студиски програми и елаборати, учество во издавање на годишни зборници и др.

Понатаму, на 1.10.2014 година, кандидатката д-р Тамара Јованов Апасиева врз основа на јавен конкурс е избрана во наставно-научното звање *доцент* во областа маркетинг на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на која позиција работи до 2019 година. Како доцент, кандидатката ги предава следниве предмети: Маркетинг, Маркетинг истражување, Маркетинг политика на цени, Стратегиски маркетинг, Маркетинг менаџмент. Воедно, објавува научни трудови во референтни научни публикации, издава скрипти и практикуми од областа, учествува во меѓународни конференции, стручни дебати, проекти, организациски активности на единицата и др. активности.

Нејзината наставно-образовна и научноистражувачка дејност продолжува и понатаму, кога на 6.6.2019 година кандидатката врз основа на јавен конкурс е избрана во наставно-научното звање *вонреден професор* во областа маркетинг, на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во кое звање работи до денес (2024 год./тековно). Како вонреден професор, кандидатката ги

предава предметите Маркетинг, Маркетинг истражување, Маркетинг менаџмент и Стратегиски маркетинг. Воедно, држи настава и на втор и трет циклус студии.

Во времето на академскиот ангажман како ***вонреден професор*** кандидатката има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност изразена преку:

- редовна ангажираност во настава (предавања и вежби);
- консултации со студенти;
- објавени бројни рецензирани научни трудови меѓу кои и три труда со фактор на влијание во последните пет години;
- објавени универзитетски учебник, монографија и практикум од областа;
- учества на меѓународни конференции;
- менторства на дипломски трудови;
- член во комисии за оценка и одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови;
- учество во научни проекти и др.

***Во прилог на документацијата за избор, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката проф. д-р Тамара Јованов Апасиева ги достави следните трудови:***

**Тези**

- **Магистерски труд**

Jovanov, Tamara (2009) *Истражување на пазарот на чоколада за подобро конкурентско позиционирање на АД „Европа“ - Скопје.* Masters thesis, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, Економски факултет. https://eprints.ugd.edu.mk/6770/

- **Докторска дисертација**

Jovanov, Tamara (2013) *Пазарна ориентација, маркетинг стратегија и план – основни бизнис чекори за успешно конкурентско позиционирање на малите и средни претпријатија на пазарот – со посебен осврт на индустријата и пазарот на кондиторски производи во Р. Македонија.* Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје. http://eprints.ugd.edu.mk/8764/

**Објавени научни книги и учебни помагала**

- **Универзитетски учебник**

Jovanov, Tamara (2023) *Маркетинг: основи за навигација во динамично опкружување.* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Е-библиотека, https://eprints.ugd.edu.mk/32212/

- **Практикум**

Jovanov, Tamara (2022) *„Маркетинг: Примери од пракса“ - Практикум.* ISBN 978-608-244-868-8, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, https://eprints.ugd.edu.mk/29714/

- **Монографија**

Jovanov, Tamara (2022) *Маркетинг: Знаење и вештини за успешно деловно работење.* Documentation. Faculty of Economics, Goce Delcev University-Stip, https://eprints.ugd.edu.mk/29713/

**Објавени научни трудови**

***Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија (референтни научни публикации)***

***Трудови во меѓународни научни списанија со импакт фактор***

1. Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Fotova Čiković, Katerina (2024) *Crafting future entrepreneurs from emerging adults: what matters more - personality or context?* International Journal of Education Economics and Development, 15 (1/2). pp. 31-56. ISSN 1759-5681, Indexing: **Scopus (Elsevier), Scientific Journal Rank (SJR) by Scopus 0,18 (for 2023),** https://eprints.ugd.edu.mk/33323/
2. Jovanov, Tamara and Rajh, Edo and Budak, Jelena and Davcev, Ljupco (2021) *Entrepreneurial intentions of students at private universities in transition economies.* Ekonomski pregled, 72 (2). pp. 157-184. ISSN 0424-7558; 1848-9494 (Online), Indexing: ESCI - **Emerging Sources Citation Index (WOS), Scopus (Elsevier), Scientific Journal Rank (SJR) by Scopus 0.13 (for 2020),** https://eprints.ugd.edu.mk/28001/
3. Jovanov, Tamara and Cabuleva, Kostadinka and Mitreva, Mila (2020) *Theory of planned behavior: Personal attitude and perceived behavioral control as key determinants in creation of entrepreneurial societies and social inclusion of young people.* Balkan Social Science Review, 15 (15). ISSN 1857-8772, Indexing: **Scopus (Elsevier), SRJ 2020 = 0.115; SRJ 2022 = 0.16,** https://eprints.ugd.edu.mk/24176/

***Трудови во меѓународни научни списанија без импакт фактор***

4. Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Mass media usage from emerging adults in times of crisis: evidence from the COVID-19 pandemic.* Journal of Economics, 8 (1). pp. 68-82. ISSN 1857-9973, Indexing: **EBSCO,** https://eprints.ugd.edu.mk/31628/
5. Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Jovanov, Tamara (2022) *Digital marketing and the potential for financial growth of small and medium-sized businesses.* Journal of Economics, 7 (1). ISSN 1857-9973, Indexing: **EBSCO,** https://eprints.ugd.edu.mk/29525/
6. Bezovski, Zlatko and Janevski, Zoran and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2021) *From traditional to online methods for generating business ideas.* Management Dynamics in the Knowledge Economy, 9 (3). pp. 307-329. ISSN 2392-8042 (online), Indexing: **EBSCO,** https://eprints.ugd.edu.mk/28503/
7. Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2021) *The Impact and the Potential Disruption of the Blockchain Technology on Marketing.* Journal of Economics, 6 (1). pp. 13-23. ISSN 1857-9973, Indexing: **EBSCO,** https://eprints.ugd.edu.mk/27860/
8. Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Temjanovski, Riste (2021) *Market(ing) testing as a base for minimization of the business risk.* Macedonian International Journal of Marketing, 7 (13). ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/28299/
9. Temjanovski, Riste and Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara (2021) *Cloud computing in logistic and Supply Chain Management environment.* Journal of Economics, 6 (1). pp. 23-33. ISSN 1857-9973, Indexing: **EBSCO,** https://eprints.ugd.edu.mk/27861
10. Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko (2020) *An insight into the content of the marketing plan as a guide for business operations.* Macedonian International Journal of Marketing, 6 (12). pp. 7-16. ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/24178/
11. Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Temjanovski, Riste (2020) *Значење на маркетинг планот за успешно деловно работење.* Macedonian International

Journal of Marketing, 6 (11). pp. 131-137. ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/24177/

12. Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco and Sofijanova, Elenica (2019) *Market orientation as a business orientation for SME's to strive for.* Macedonian International Journal of Marketing, 5 (9). pp. 117-125. ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/22530/

13. Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2019) *Tools for assessment of strategic business units in the marketing activities of companies.* Macedonian International Journal of Marketing, 5 (9). pp. 36-44. ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/22529/

14. Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and Badarovski, Todor and Serafimovikj, Gordana (2019) *SERVQUAL: мерење на задоволството на потрошувачите како маркетиншка активност.* Македонско меѓународно списание за маркетинг, 5 (10). pp. 18-34. ISSN 1857-9795, https://eprints.ugd.edu.mk/22506/

15. Temjanovski, Riste and Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara (2021) *Internet of Thing (IOT) and Blockchain technology in supply chain ecosystem.* Macedonian International Journal of Marketing, 7 (13). ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/28298/

16. Temjanovski, Riste and Jovanov, Tamara (2020) *Transforming freight mobility in the cities and promoting of green logistics.* Macedonian International Journal of Marketing, 6 (11). pp. 113-121. ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/24149/

***Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД***

17. Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and Davcev, Ljupco and Temjanovski, Riste and Mitev, Goran (2019) *Make It Happen: Marketing Processes for Competitive Market Positioning of Firms in Transitional Economy.* Eurasian Business Perspectives, Eurasian Studies in Business and Economics 10/1, 10 (1). pp. 387-406. ISSN 2364-5067, Springer Nature Switzerland AG 2019, Indexing: **Thomson-Reuters' Web of Science *Conference Proceedings Citation Index - Social Science & Humanities (CPCI-SSH),*** https://eprints.ugd.edu.mk/22175/

***Трудови во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји***

18. Arsova, Monika and Mitreva, Mila and Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina (2023) *Social Media Communication Habits of Emerging Adults with Brands during the Covid-19 Pandemic.* 9th REDETE Conference 2022, ISBN 978-99976-57-16-9, Faculty of Economics, University of Banja Luka, https://eprints.ugd.edu.mk/31743/

19. Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina (2022) *Consumer media habits of emerging adults vs. media investment trends of companies during Covid-19.* 8th REDETE Conference, ISBN 978-99976-57-04-6, Faculty of Economics, University of Banja Luka, https://eprints.ugd.edu.mk/29649/

**Учество на конференции и работилници во земјава и во странство**

20. Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Perceived advertising value of media for driving sustainable demand in emerging adults.* In: MICEB: The 1st Montenegrin International Conference on Economics & Business, 25-27 May 2023, Budva, Montenegro, https://eprints.ugd.edu.mk/31830/

21. Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina (2021) _Consumer media habits versus media investment trends during Covid-19._ In: Researching Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies, Faculty of Economics, University of Banja Luka, https://eprints.ugd.edu.mk/28722/

**Научен проект (од национално и меѓународно значење)**

22. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) _Business eco system as an integrated system-Be In,_ https://eprints.ugd.edu.mk/33315/

23. Jovanov, Tamara and Disoska, Valentina (2022) _Balkan Women Coalition vol. II – Social Start-Up Booster for Supporting Female entrepreneurship in Balkans_, SEGE – Greek Association of Women Entrepreneurs (Greece), Association of Business Women in B&H (Bosnia & Herzegovina), Asocijacija poslovnih zena Crne Gore (Montenegro), Association of business women Skopje (North Macedonia) Association of Women Entrepreneurs in Bulgaria "Vselena" (Bulgaria), Shoqata Shqiptare e Ambientalisteve Industriale (Albania), https://eprints.ugd.edu.mk/29604/

**Членство во меѓународни уредувачки одбори на меѓународни списанија во земјава и во странство**

Д-р Тамара Јованов Апасиева е член на уредувачки одбор и рецензент во научни списанија во земјава и во странство, како што се:

**24. Ekonomski pregled** (http://www.hde.hr/pregled.aspx), Издавач: Hrvatsko društvo ekonomista, Хрватска, во меѓународен уредувачки одбор, индексирано во: ESCI - Emerging Sources Citation Index (WOS), SCOPUS, EconLit, Journal of Economic Literature International Bibliography of the Social Sciences: Economics Directory of Open Access Journals (DOAJ);

**25. Journal of Economics** (http://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/about/editorialTeam), Издавач: Економски факултет, Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, во меѓународен уредувачки одбор, индексирано во EBSCO.

***Кратка евалуација на трудовите од последните пет години, а останати трудови книги, учебни помагала и др. на кандидатката се достапни на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип:***

_https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Jovanov=3ATamara=3A=3A.html_

**Евалуација на универзитетски учебник:** Jovanov, Tamara (2023) _Маркетинг: основи за навигација во динамично опкружување._ Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Е-библиотека, https://eprints.ugd.edu.mk/32212/

Овој учебник служи како сеопфатен водич за студенти, практичари и сите заинтересирани, кои имаат за цел да ги откријат основите и принципите на маркетингот во современието. Учебникот е базиран на холистички пристап, опфаќајќи ги клучните принципи, поими, стратегии, тактики, техники и алатки кои ја формираат основата на ефективни и ефикасни маркетинг активности. Од

традиционалните маркетиншки практики до најновите дигитални достигнувања, оваа книга ги открива клучните аспекти на маркетингот, обезбедувајќи го на читателите знаењето кое им е потребно за да напредуваат брзо и насочено, во променливата маркетиншка реалност. Во учебникот „Маркетинг: Основи за навигација во динамична средина“, секое поглавје навлегува во клучните концепти, теории и примери од реалниот свет кои им даваат живот на принципите на маркетингот. Со комбинирање на академски пристап и практични согледувања на примената на знаењето, оваа книга има за цел да го премости јазот помеѓу теоријата и праксата, обезбедувајќи им на тој начин на читателите основа за информирано носење на маркетинг одлуки.

**Евалуација на практикум:** Jovanov, Tamara (2022) *„Маркетинг: Примери од пракса“ - Практикум.* ISBN 978-608-244-868-8, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, https://eprints.ugd.edu.mk/29714/

Ова учебно помагало - практикум е напишано со инспирација од добрите и погрешните практики во примената на маркетиншките активности, како од компании, институции и организации на домашниот пазар, така и во странство, како и од воочената потреба за дополнителна едукација на студентите, менаџерите и воопшто, граѓаните, за различните видови на маркетинг активности во пракса. Учебното помагало е замислено да ја доближи праксата до теоријата, за нејзино полесно совладување од страна на студентите и пошироката јавност. Употребата на примери од праксата и студиите на случај од областа на маркетингот, кои се дел од практикумот, издвојувањето на клучните придобивки и дополнителните извори на информации, дава прегледна структура која му помага на читателот да дојде до саканата информација и знаење на брз начин и да консултира дополнителна литература по потреба.

**Евалуација на монографија:** Jovanov, Tamara (2022) *Маркетинг: Знаење и вештини за успешно деловно работење.* Documentation. Faculty of Economics, Goce Delcev University-Stip, https://eprints.ugd.edu.mk/29713/

Изготвувањето на монографијата со наслов „Маркетинг: Знаење и вештини за успешно деловно работење“ е резултат на зголемување на интересот за областа маркетинг, како во рамки на научната заедница, така и помеѓу реалниот сектор. Како припадник на академската заедница, авторот на делото смета дека целта на науката не е само да се истражува, туку и да се направат истражувањата подостапни за студентите, јавноста и бизнис секторот. Целта на оваа книга/монографија е да даде преглед на некои од истражувањата од областа маркетинг во нашата земја, со фокус на стручни и научни трудови кои се актуелни до денес, а чии резултати се значајни како за развој на областа, така и за нејзината примена во пракса.

**Евалуација на научен труд под реден број 1:** Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Fotova Čiković, Katerina (2024) *Crafting future entrepreneurs from emerging adults: what matters more - personality or context?* International Journal of Education Economics and Development, 15 (1/2). pp. 31-56. ISSN 1759-5681, Indexing: **Scopus (Elsevier), Scientific Journal Rank (SJR) by Scopus 0,18 (for 2023),** https://eprints.ugd.edu.mk/33323/

Овој труд ги анализира ефектите на интегриран сет на фактори - особини на личноста и контекстуални варијабли врз претприемничката намера (EI) на личностите кои влегуваат во светот на возрасните. Податоците се анализирани со конфирматорна факторска анализа (CFA) за евалуација на моделот и етапна повеќекратна регресивна анализа за тестирање на хипотези. Клучната променлива

за особини на личноста поврзана со намерата на новите возрасни да отворат бизнис во иднина е внатрешното чувство на контрола (LOC). Две дополнителни променливи со значајна поврзаност со EI се контекстуални променливи: перципирани бариери (PB) (негативна асоцијација) и перципирани фактори на поддршка (PS) (позитивна асоцијација). Спротивно на другите студии, авторите не открија дека склоноста кон преземање ризик (RTP) е поврзана со EI. Ова бара дополнителни истражувања. Зголемувањето на социјалното вклучување на полнолетните лица преку самовработување е од големо значење, затоа креаторите на политики и научната заедница треба да ги бараат основните фактори кои ги промовираат или ги попречуваат претприемачките намери на овие млади луѓе.

**Евалуација на научен труд под реден број 2:** Jovanov, Tamara and Rajh, Edo and Budak, Jelena and Davcev, Ljupco (2021) *Entrepreneurial intentions of students at private universities in transition economies.* Ekonomski pregled, 72 (2). pp. 157-184. ISSN 0424-7558; 1848-9494 (Online), Indexing: ESCI - **Emerging Sources Citation Index (WOS), Scopus (Elsevier), Scientific Journal Rank (SJR) by Scopus 0.13 (for 2020),** https://eprints.ugd.edu.mk/28001/

Овој труд го истражува претприемачкиот потенцијал кај студентите на приватните универзитети во две земји во транзиција преку анализа на претприемачките намери на студентите (EI). Емпириската анализа се заснова на податоците од анкета спроведена во 2017 и 2018 година од над 400 студенти по економија и бизнис на приватните универзитети во Македонија и Хрватска. Теоријата на планирано однесување и низа други фактори се употребени со цел да се испита ефектот и на променливите врз претприемачките намери. Оценувањето на имиџот на студентите за еден претприемач и како тие ги оценуваат социјалните и економските улоги на претприемачите во општеството, како и престижот на еден претприемач во споредба со другите професии, нуди вредни инпути за креаторите на политиките кои имаат за цел да го подобрат претприемачкиот потенцијал и бизнисот. Оваа студија дава емпириски докази за позитивниот ефект на две варијабли (личен став кон претприемништвото и субјективна норма) врз претприемничката намера на студентите по бизнис на приватните универзитети во земјите во транзиција. Највпечатлив резултат од студијата е позитивниот ефект на воочените бариери (како контекстуална променлива) врз претприемничката намера, наод што е спротивен на минатите истражувања и преглед на литература.

**Евалуација на научен труд под реден број 3:** Jovanov, Tamara and Cabuleva, Kostadinka and Mitreva, Mila (2020) *Theory of planned behavior: Personal attitude and perceived behavioral control as key determinants in creation of entrepreneurial societies and social inclusion of young people.* Balkan Social Science Review, 15 (15). ISSN 1857-8772, Indexing: **Scopus (Elsevier), SRJ 2020 = 0.115; SRJ 2022 = 0.16,** https://eprints.ugd.edu.mk/24176/

Овој труд ги испитува основните варијабли од Теоријата на планирано однесување со цел да ги објасни претприемачките намери на 317 млади луѓе (студенти по економија и бизнис) во транзициска економија, Р. Македонија. За тестирање на хипотезите се користат конфирматорна факторска анализа и повеќекратна регресија. Наодите покажуваат дека личниот став на младите и перципираната контрола на однесувањето се две варијабли кои имаат значајна позитивна поврзаност со нивната претприемничка намера (намерата да започнат сопствен бизнис во иднина). Сепак, дури и кога младите имаат високи позитивни перцепции и силна перципирана контрола на однесувањето (самодоверба во

сопствените способности), нивната намера не е многу јасна (висока). Со цел да придонесат за развојот на претприемачките општества и да ја зголемат социјалната вклученост на младите преку самовработување, креаторите на политиките и научната заедница треба да бараат понатамошни одговори за основните фактори кои ја попречуваат претприемничката намера во економиите во транзиција.

**Евалуација на научен труд под реден број 4:** Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Mass media usage from emerging adults in times of crisis: evidence from the COVID-19 pandemic.* Journal of Economics, 8 (1). pp. 68-82. ISSN 1857-9973, Indexing: **EBSCO,** https://eprints.ugd.edu.mk/31628/

Целта на овој истражувачки труд е да ги истражи навиките за следење на медиуми кај младите возрасни лица за време на кризата „Ковид-19", со посебен фокус на традиционалните медиуми. Спроведено е истражување во кое учествувале 284 испитаници. Истражувањето има за цел да собере информации за различни аспекти на нивната медиумска потрошувачка, како што се демографските информации, претходното искуство во комуникацијата со масовните медиуми, зачестеноста на користење на различни масовни медиуми, перцепцијата за значењето на масовните медиуми и перцепцијата на ТВ како масовен медиум. Резултатите од студијата покажаа дека ТВ е најчесто користен медиум меѓу испитаниците, со оглед на нејзината важност во ширењето на информациите и нивното претходно искуство со неа. Радиото е втор најпопуларен медиум, следен од печатените медиуми. Меѓутоа, повнимателно испитување на податоците на ТВ покажа дека само 4,6% од испитаниците целосно се согласиле дека ТВ пораките се добар извор на информации, а само 8,5% имале целосна доверба во веродостојноста на информациите дадени на ТВ. Дополнително, само 5,3% од испитаниците имале целосно позитивен став кон ТВ. Накратко, иако ТВ е преферирана медиум во споредба со радиото и печатените медиуми, корисниците немаат целосно позитивен став кон ТВ, ниту пак ја доживуваат како доверлив извор на информации.

**Евалуација на научен труд под реден број 5:** Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Jovanov, Tamara (2022) *Digital marketing and the potential for financial growth of small and medium-sized businesses.* Journal of Economics, 7 (1). ISSN 1857-9973, Indexing: **EBSCO,** https://eprints.ugd.edu.mk/29525/

Целта на овој труд е да обезбеди подобро разбирање на значењето и важноста на дигиталниот маркетинг. Имајќи предвид дека големите организации имаат интерес кога станува збор за развивање и анализа на маркетинг теоријата, овој труд се фокусира на малите и средни претпријатија. Маркетинг практиките се разликуваат помеѓу големите и малите компании, што е причина за подобро разбирање на маркетинг практиките и маркетингот планирањето кое може да им помогне на МСП во зголемувањето на нивните перформанси. Оттука, малите бизниси обично немаат финансиски и човечки ресурси, поради што дигиталниот маркетинг може да им помогне подобро да ги задоволат потребите на целниот пазар и да бидат поефикасни од конкурентите. Следствено, имплементација на адекватни маркетинг техники може да го подобри успехот и финансискиот раст на МСП.

**Евалуација на научен труд под реден број 6:** Bezovski, Zlatko and Janevski, Zoran and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2021) *From traditional to online methods for generating business ideas.* Management Dynamics in the Knowledge Economy,

9 (3). pp. 307-329. ISSN 2392-8042 (online), Indexing: **EBSCO,** https://eprints.ugd.edu.mk/28503/

Традиционалните методи за генерирање на ризични идеи се користат повеќе од 70 години во бизнисот, додека развојот на информациско-комуникациските технологии (ИКТ) отвори нови можности за генерирање и собирање бизнис идеи, достапни за претприемачите од секаков вид. Првичното истражување откри дека во академската литература недостасува врска помеѓу традиционалните и новите онлајн методи за генерирање бизнис идеи и затоа, во овој труд, паралелно се проучуваат традиционалните и онлајн изворите и методите. Целта на студијата е да го подобри процесот на создавање на ризични идеи од применлива перспектива и да ја збогати постоечката литература за идеи преку (1) идентификување и класифицирање на изворите на идеи за да се создаде потребната врска помеѓу пристапот на лице место и онлајн пристапот до извори на идеи; (2) објаснување на традиционалните методи за генерирање бизнис идеи преку нивните доминантни карактеристики и (3) дополнително да се идентификуваат и елаборираат онлајн изворите и методите за идеи преку овие карактеристики и да се поврзат со познатите традиционални пристапи. Изворите, методите и алатките во овој труд би можеле да се користат и за двете, генерирање идеи за традиционални и онлајн бизнис модели. Оттука, наодите имаат практична и применлива вредност за првиот чекор во претприемачкиот процес.

**Евалуација на научен труд под реден број 7:** Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2021) *The Impact and the Potential Disruption of the Blockchain Technology on Marketing.* Journal of Economics, 6 (1). pp. 13-23. ISSN 1857-9973, Indexing: **EBSCO,** https://eprints.ugd.edu.mk/27860/

Блокчејнот е општопознат како столб на новите дигитални криптовалути, како што е Биткоин, и потенцијално дисруптивна технологија за монетарниот систем и финансиската индустрија. Сепак, влијанието на блокчејн технологијата оди подалеку од финансискиот сектор и исто така може да влијае на управувањето со синџирот на снабдување, трговијата, здравствената заштита, недвижностите, складирањето податоци, суперкомпјутерска моќ, децентрализираната нотаризација, маркетингот итн. Во овој труд е испитан потенцијалот на блокчејн технологијата да влијае, па дури и да го наруши маркетингот. Областите на влијание на блокчејнот врз маркетингот вклучуваат, но не се ограничени на создавање на нови производи и услуги, обезбедување доверба и транспарентност, приватноста и сопственоста на податоци, дигитален идентитет, управување со односите со клиентите, програми за лојалност, рекламирање, борба против измама со кликнување, управување со синџирот на снабдување итн. Со оглед на тоа што примената на блокчејнот во маркетингот е нова, главно концептуална, незрела и сè уште во развој, влијанието и потенцијалното нарушување на оваа технологија е предвидено во годините што доаѓаат. Веќе има ветувачки проекти кои имаат потенцијал да го променат пејзажот во оваа индустрија и да обезбедат предност за постоечките или новите брендови.

**Евалуација на научен труд под реден број 8:** Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Temjanovski, Riste (2021) *Market(ing) testing as a base for minimization of the business risk.* Macedonian International Journal of Marketing, 7 (13). ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/28299/

Во трудот се анализира потребата од пазарно тестирање на стоки за широка потрошувачка, а се претставени различни модели и методи на тестирање

на пазарот, вклучително и тестирање на социјалните медиуми. Дополнително се посочуваат одредени активности кои треба да се преземат, како и оние кои треба да ги избегнуваат компаниите, особено во однос на обемот и видот на тестирањето. Тестирањето на пазарот е важно за успехот на секој нов производ на пазарот и затоа се предлага компаниите, по развојот на прототипот, да го претстават на некои од нивните постоечки или потенцијални клиенти, за да добијат повратна информација за тоа колку е реално таквата идеја да биде прифатлива. Тест методите може да варираат од класични методи кои бараат повеќе време и трошоци, до употреба на алтернативни методи кои се побрзи и поевтини. Прелиминарното тестирање на производот на пазарот го намалува ризикот од неуспех кога производот ќе се пласира на пазарот и ги зголемува шансите за долгорочно успешно работење на компаниите.

**Евалуација на научен труд под реден број 9:** Temjanovski, Riste and Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara (2021) *Cloud computing in logistic and Supply Chain Management environment.* Journal of Economics, 6 (1). pp. 23-33. ISSN 1857-9973, Indexing: **EBSCO,** https://eprints.ugd.edu.mk/27861/

Овој труд го анализира Cloud computing како високотехнолошка платформа која ќе им олесни на компаниите или организациите да управуваат и да ги хостираат нивните услуги без да се грижат за стабилноста и безбедноста на информациската телекомуникација. Cloud computing им овозможува на компаниите брзо да ги усвојат новите технологии како што се стабилност, безбедност, напредни мобилни апликации и напредна аналитика. Нивната примена станува сеприсутна и стандардизирана во секторот за логистика и управување со синџири на снабдување. Логистичките компании добиваат огромни придобивки преку заштеда на трошоци, време и напори за воспоставување сопствена ИТ инфраструктура со примена на cloud computing во управувањето со синџирот на снабдување. Cloud computing, како една од силите за дигитализација, може да поттикне соработка меѓу страните во синџирот на снабдување, да промовира иновации и да им овозможи на новите конкуренти да влезат на пазарот со иновативни понуди. Ова го прави користењето на cloud computing многу ветувачко прашање во услови на конкуренција на глобалниот пазар.

**Евалуација на научен труд под реден број 10:** Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko (2020) *An insight into the content of the marketing plan as a guide for business operations.* Macedonian International Journal of Marketing, 6 (12). pp. 7-16. ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/24178/

Во трудот се анализира содржината на маркетинг планот како клучна алатка во стратешката деловна активност – маркетинг планирањето. Преку проучување на бројна литература, елаборирана е содржината на овој стратешки документ, со цел да се покаже неговата корисност и потребата од негова употреба во работата на деловните субјекти. Содржината на маркетинг планот се анализира низ четири клучни фази и елементите што го сочинуваат: анализа, планирање, имплементација и буџет, контрола и ревизија, вклучувајќи вовед (резиме) и додатоци на планот. Трудот повикува на имплементација на маркетинг планирање кое е приспособено на степенот на развој, односно пропорционално на големината на компанијата и диверзификацијата на операциите, нагласувајќи ја важноста од разбирање на маркетинг планирањето како процес кој бара претприемачки пристап кон бизнисот (предвидување и приспособување на промените), а не како бирократски процес кој поттикнува ригидност и нефлексибилност. Значењето на овој труд

произлегува од деталната елаборација на содржината на маркетинг планот, што и овозможува на деловната заедница да има јасен увид и можност за примена на овој стратешки документ во деловното работење.

**Евалуација на научен труд под реден број 11:** Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Temjanovski, Riste (2020) *Значење на маркетинг планот за успешно деловно работење.* Macedonian International Journal of Marketing, 6 (11). pp. 131-137. ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/24177/

Во трудот се анализира значењето и намената на маркетинг планот, како клучна алатка во рамките на стратешката деловна активност - маркетинг планирање. Преку проучување на бројна литература, објаснети се различните размислувања на темата, прикажани се придобивките од маркетинг планот, со цел да се покаже неговата корисност и потребата од негова употреба во рамки на работењето на деловните субјекти. Воочено е дека размислувањето за чекорите пред тие да бидат направени, давањето на фокус на менаџерите и идентификување на области за подобрување се некои од клучните предности на планирањето. Прикажани се трите основни пристапи во планирањето, како и клучните ефекти од неговата примена. Значењето на овој труд произлегува од деталното разработување на сите аспекти на маркетинг планот, со што се овозможува образовната и бизнис заедницата да има јасен увид во теоријата и примената на овој стратешки документ, со можност за натамошна научна разработка на темата или пак, примена на резултатите од трудот во работењето на деловните субјекти.

**Евалуација на научен труд под реден број 12:** Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco and Sofijanova, Elenica (2019) *Market orientation as a business orientation for SME's to strive for.* Macedonian International Journal of Marketing, 5 (9). pp. 117-125. ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/22530/

Целта на овој труд е да ја докаже и нагласи важноста на маркетинг активностите, односно пазарната ориентација за конкурентноста на МСП. Студијата ги анализира карактеристиките на МСП и деловните ориентации, разликите помеѓу деловните ориентации и елементите и имплементацијата на пазарната ориентација. Анализата покажува дека придобивките од примената на пазарната ориентација се важни за деловниот успех и дека тоа треба да биде целта кон која ќе се стремат малите и средните претпријатија. Трудот илустрира како да се воведе пазарна ориентација, што исто така придонесува за нејзината важност за унапредување на конкурентската предност на МСП. Овие наоди можат да бидат корисни за претприемачите и менаџерите на малите и средните претпријатија, бидејќи обезбедуваат попрецизна перспектива за различните области на пазарна ориентација и нејзината имплементација во секојдневните деловни активности.

**Евалуација на научен труд под реден број 13:** Jovanov, Tamara and Temjanovski, Riste (2019) *Tools for assessment of strategic business units in the marketing activities of companies.* Macedonian International Journal of Marketing, 5 (9). pp. 36-44. ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/22529/

Овој труд ја анализира важноста на стратешките деловни единици во маркетинг операциите на компаниите, како и алатките кои помагаат во нивното оценување и донесување деловни одлуки. Стратешките деловни единици се дефинираат како различни бизниси кои можат да бидат од која било големина, но мора да имаат посебна и единствена мисија, постоечки конкуренти, надворешен фокус на пазарот и контрола врз функциите. Анализата укажува на придобивките од нив и покажува начини како да се утврди потребата од инвестирање или

деинвестирање во нив. Алатки за нивна евалуација се моделот VRIO според кој единицата треба да функционира врз основа на клучните компетенции, односно способноста и капацитетите на претпријатието за внатрешна интеграција, координација и искористување на ресурсите и BCG матрицата, за утврдување на конкурентската позиција на стратешката деловна единица, во однос на најголемиот конкурент на пазарот од истата категорија производи. Трудот е важен поради тоа што придонесува за популаризација на овие алатки и покажување на нивната практична употреба, што може да ги подобри перформансите на деловните субјекти на пазарот.

**Евалуација на научен труд под реден број 14:** Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and Badarovski, Todor and Serafimovikj, Gordana (2019) *SERVQUAL: мерење на задоволството на потрошувачите како маркетиншка активност.* Македонско меѓународно списание за маркетинг, 5 (10). pp. 18-34. ISSN 1857-9795, https://eprints.ugd.edu.mk/22506/

Во овој труд се прикажува употребата и корисностите од традиционалниот метод SERVQUAL за мерење на перцепција и очекувања од квалитетот на услугата кај потрошувачите, за да може да се разберат нивните потреби и однесувања, во овој случај анализирано во повеќе од една генерациска група. Намерата е да се прикажат можностите за подобрување на маркетинг работењето на компаниите, преку поквалитетно донесување одлуки врз основа на графички приказ на различните односи помеѓу концептите кои се користат во методот. Студијата се однесува на перцепциите на 100 клиенти за услугите што ги нуди одреден претприемачки автомобилски бренд, со посебен осврт на генерациските разлики во нивните перцепции и очекувања. Ова истражување е од интерес за маркетинг професионалците и истражувачите, бидејќи ги охрабрува да го зголемат усвојувањето на методот SERVQUAL и неговата употреба кај различни типови на организации.

**Евалуација на научен труд под реден број 15:** Temjanovski, Riste and Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara (2021) *Internet of Thing (IOT) and Blockchain technology in supply chain ecosystem.* Macedonian International Journal of Marketing, 7 (13). ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/28298/

Предмет на ова истражување се достигнувањата, промените и примената на најсовремените технолошки иновации во управувањето со синџирот на снабдување во логистичкиот сектор. Посебното внимание на трудот се однесува на прашањето до кој степен тековната 4-та индустриска револуција ќе се прошири во квалитетно, просторно и секторско димензионирање како очекуван процес на применливост на новите технологии во секторот за логистика и управување со синџирот на снабдување. Во управувањето со синџирот на снабдување и логистичкиот сектор, следењето на трансакциите е основна активност, а логистиката станува сѐ посложена, со повеќе страни директно или индиректно вклучени во синџирите на снабдување. Оваа сложеност создава предизвици поврзани со комуникацијата и видливост од крај до крај, вклучително и со засегнатите страни од повеќе страни, што ги прави логистичките процеси неефикасни. Според некои анализи, како и врз основа на податоците собрани за време на одредени тестови, имплементацијата на технологијата Blockchain, Internet of Things (IoT) и Cloud computing во логистичките активности се смета за многу значаен и позитивен чекор во однос на огромниот потенцијал што го поседува со оваа висока технологија.

**Евалуација на научен труд под реден број 16:** Temjanovski, Riste and Jovanov, Tamara (2020) *Transforming freight mobility in the cities and promoting of green logistics.* Macedonian International Journal of Marketing, 6 (11). pp. 113-121. ISSN 1857-9787, https://eprints.ugd.edu.mk/24149/

Овој труд го анализира значењето на одржлив логистички систем и важноста на промоцијата на т.н. зелена логистика. Да се има одржлив транспортен систем не е само опција, туку неопходност и природна законитост за да се задоволи растечката побарувачка, како и да се одржи квалитетот на животот за жителите на градовите. Одржливиот логистички систем бара и обезбедување разновидна, интегрирана и урамнотежена услуга за јавен транспорт и управување со операциите на товарниот транспорт. Логистичката активност со транспортниот сектор во секоја урбана метропола предизвикува значителни негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето. Поради овие причини, потребно е да се промовира и гради чист, паметен и сеопфатен систем за „мобилност" кој ги задоволува потребите за мобилност, нудејќи услуга приспособена на сите барања на корисниците, без да се наруши природната рамнотежа на постоечкиот екосистем.

**Евалуација на научен труд под реден број 17:** Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and Davcev, Ljupco and Temjanovski, Riste and Mitev, Goran (2019) *Make It Happen: Marketing Processes for Competitive Market Positioning of Firms in Transitional Economy.* Eurasian Business Perspectives, Eurasian Studies in Business and Economics 10/1, 10 (1). pp. 387-406. ISSN 2364-5067, Springer Nature Switzerland AG 2019, Indexing: Thomson-Reuters' Web of Science *Conference Proceedings Citation Index - Social Science & Humanities (CPCI-SSH),* https://eprints.ugd.edu.mk/22175/

Овој труд претставува анализа на дел од маркетинг процесите, односно активностите кои фирмите во транзициската економија можат да ги следат во процесот на конкурентно позиционирање на пазарот. Главната цел е да се покаже дека практикувањето на одредени маркетинг процеси, како што се ориентацијата на пазарот, истражување на пазарот, пишани маркетинг планови се во корелација со изјавите за позиционирање на пазарот и на тој начин да се зголеми фокусот на важноста на позиционирањето на пазарот во однос на конкурентите. Ова дополнително резултира со позитивни ефекти врз профитабилноста. Резултатите покажуваат дека анализираните процеси имаат позитивен исход за фирмите во однос на конкурентното позиционирање. Утврдено е дека креирањето изјава за позиционирање на пазарот е во позитивна корелација со профитабилноста. Сепак, многу од фирмите во транзициската економија бавно се приспособуваат на пазарните промени и имаат селективен пристап кон маркетинг активностите. Највпечатлив резултат е попроактивниот пристап на малите и средните претпријатија во спроведувањето на некои од маркетинг активностите, како формално маркетинг планирање и истражување на пазарот во споредба со големите фирми.

**Евалуација на научен труд под реден број 18:** Arsova, Monika and Mitreva, Mila and Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina (2023) *Social Media Communication Habits of Emerging Adults with Brands during the Covid-19 Pandemic.* 9th REDETE Conference 2022, ISBN 978-99976-57-16-9, Faculty of Economics, University of Banja Luka, https://eprints.ugd.edu.mk/31743/

Оваа студија ги испитува навиките за комуникација на социјалните медиуми на младите возрасни во врска со нивната комуникација со брендовите, за време на пандемијата Ковид-19. Трудот интегрира три различни социјални медиуми во

анализата – Фејсбук, Инстаграм и Твитер, како уникатна комбинација на медиуми кои беа истражувани во овој период. Резултатите покажуваат дека младите возрасни претпочитаат да користат Фејсбук и Инстаграм во нивната комуникација со брендови и ги користеле во изминатите шест месеци, додека Twitter ретко се користи за оваа намена. Резултатите од релативната важност на социјалните медиуми за комуникација со брендови со младите возрасни покажуваат поделени мислења, при што еден дел ги смета за важни медиуми за комуникација, а друг дел од испитаниците, како помалку важни. Од друга страна, повеќето сметаат дека нивните претпочитани социјални медиуми - Фејсбук и Инстаграм се добри извори на информации за производи или услуги. Дополнително, наведуваат дека комуникацијата со брендовите на овие медиуми има позитивно влијание врз нивната одлука за купување. Врз основа на примарното истражување, оваа студија може да биде од корист за компаниите во изработката на информирана стратегија и планови за комуникација, кои најдобро одговараат на навиките на нивните потенцијални потрошувачи во идна криза од слична природа.

**Евалуација на научен труд под реден број 19:** Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Jovanov, Tamara and Fotova Cikovikj, Katerina (2022) *Consumer media habits of emerging adults vs. media investment trends of companies during Covid-19.* 8th REDETE Conference, ISBN 978-99976-57-04-6, Faculty of Economics, University of Banja Luka, https://eprints.ugd.edu.mk/29649/

Овој труд ги анализира навиките за користење медиуми од страна на потрошувачите во периодот за време на пандемијата Ковид-19, од една страна, и трендовите на инвестирање во различни медиуми за маркетинг цели, од друга. Овој труд става акцент на два вида медиуми - телевизијата како традиционален медиум и Фејсбук како социјален медиум. Резултатите покажуваат дека најголем дел од испитаниците ги користеле медиумите - ТВ и Фејсбук за комуникација со компании, во последните шест месеци во пандемијата. Во однос на релативната важност на медиумите за рекламирање, испитаниците сметаат дека социјалните медиуми се поважни медиуми за рекламирање во споредба со ТВ. Карактеристиките на користење покажуваат дека 57,4% од младите возрасни користат ТВ на дневна основа, главно по еден час дневно, додека 89,9% користат Facebook секој ден, најмалку два часа дневно. Од друга страна, според постојните емпириски податоци, за време на пандемијата, повеќето компании инвестирале повеќе во социјалните наспроти традиционалните медиуми за своите маркетинг активности, со што се во склад со актуелните пазарни трендови. Имајќи ја предвид анализата на преференциите на потрошувачите, овој труд може да им помогне на компаниите да донесат информирани и подобри одлуки за маркетинг инвестиции во идни кризни периоди.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамките на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Тамара Јованов Апасиева е посветен професор, наставник и истражувач од областа на маркетингот, кој делува професионално и стручно. Нејзиниот опус во научноистражувачката работа е широк и корисен, со авторско портфолио кое се состои од над 90 трудови, книги, скрипти, практикуми и разни други литературни единици, објавени во референтни научни публикации, научни и стручни собири, зборници и сл. Д-р Тамара Јованов

Апасиева учествувала во бројни проекти и експертизи од научноистражувачки и стручно-апликативен карактер, од кои дел се реализирани во рамките на Фондот за научноистражувачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а дел се поддржани од екстерни извори.

Во наставно-педагошкиот дел д-р Тамара Јованов Апасиева, исто така има богато професионално искуство. За време на нејзината кариера во високото образование од помлад асистент до вонреден професор, покривала бројни предмети од областа на маркетингот, како на Економскиот факултет, така и на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Како најистакнати предмети на кои била ангажирана се: Маркетинг, Маркетинг истражување, Маркетинг менаџмент, Стратегиски маркетинг и др. Нејзините методи на работа интегрираат традиционални и модерни методи и форми за инклузивно образование и ефективен пренос на знаење.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката д-р Тамара Јованов Апасиева има учествувано во бројни стручно-апликативни и организациско-развојни активности од кои може да се согледа нејзиниот интерес за професионален развој и проширување на академското, но и стручното искуство. Д-р Тамара Јованов Апасиева тековно е ангажирана и како координатор за односи со јавноста и маркетингот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, со што се потврдува нејзината експертиза во областа, но и посветеноста на развојот на Универзитетот и високото образование во целина.

Некои од тие активности се набројани во продолжение (и се достапни на е-репозиториумот на Универзитетот):

**Пленарно предавање на стручен собир**

26. Jovanov, Tamara (2023) *Creative Transformation: Lessons from China.* In: China and the Western Balkans: Perspectives and Prospects in the New Era, Skopje, https://eprints.ugd.edu.mk/32396/

27. Jovanov, Tamara (2022) *Pitching of Ideas.* In: TCP Forum - Digital and social innovation for social inclusion, 5-9 Dec 2022, Ioannina, Greece, https://eprints.ugd.edu.mk/30798/

**Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир**

28. Jovanov, Tamara (2023) *Форум за младинско учество во образованието.* In: Форум за младинско учество во образованието, 24 Feb 2023, Универзитет Гоце Делчев, Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/32213/

**Учесник во проекти**

29. Jovanov, Tamara (2024) *Climate Promise - From Pledge to Impact.* UNDP and National Platform for Women Entrepreneurship, https://eprints.ugd.edu.mk/33515/

30. Jovanov, Tamara (2023) *National Platform for Women Entrepreneurship*. EU for You, https://eprints.ugd.edu.mk/32682/

31. Jovanov, Tamara (2023) *How to become a digital entrepreneur?*, Erasmus +, https://eprints.ugd.edu.mk/31897/

**Елаборати и експертизи**

32. Bezovski, Zlatko and Jovanov, Tamara and Zdravev, Zoran (2023) *ВЕБ стратегија на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и редизајн на порталот.* https://eprints.ugd.edu.mk/32211/

33. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Koleva, Blagica and Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Стратегиски развој и оперативен план за Центар за кариера и развој на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип,* https://eprints.ugd.edu.mk/32639/

34. Jovanov, Tamara and Disoska, Valentina (2023) *Implementation of CRM system, marketing and sales strategy and planning.* EBRD, https://eprints.ugd.edu.mk/31543/

35. Jovanov, Tamara (2023) *Идни чекори за развој на женското претприемништво.* In: Советодавен одбор на Националната платформа за женско претприемништво, 15 June 2023, Online, https://eprints.ugd.edu.mk/31924/

36. Jovanov, Tamara and Disoska, Valentina (2022) *Implementation of e-commerce website, and digital marketing planning.* EBRD, https://eprints.ugd.edu.mk/29605/

37. Jovanov, Tamara (2022) *Препораки за развој на Националната платформа за женско претприемништво од советодавен одбор.* In: Советодавен одбор на Национална платформа за женско претприемништво, Skopje, https://eprints.ugd.edu.mk/30617/

38. Jovanov, Tamara and Disoska, Valentina (2021) *Implementation of e-commerce webshop, CRM and marketing planning*. EBRD, https://eprints.ugd.edu.mk/27784/

39. Jovanov, Tamara (2022) *Препораки и дискусија за женско претприетништво – дигитализација.* In: Советодавен одбор на Националната платформа за женско претприемништво, 11 May 2022, Skopje, https://eprints.ugd.edu.mk/29751/

Во однос на **организациско-развојната дејност, кандидатката редовно учествува во активности за унапредување и развој како на Економски факултет, така и на Универзитетот Гоце Делчев – Штип** (достапни на е-репозиториум), меѓу кои се вбројуваат:

- назначен координатор за односи со јавност и маркетинг на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип;
- член на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип;
- член на Наставно-научен совет на трет циклус студии на Кампус 4 при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип;
- учество во изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус на студии;
- учество во комисии за оценка и одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови;
- учество во комисија за избор на помлад соработник;
- организација на значајни настани на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, меѓу кои: Прв академски час за новозапишаните студенти на Универзитетот; Промоција на Универзитетот во средните училишта во државата; Форум за развој на високото образование; Патронен празник на Универзитетот; Отворен и кариерен ден на Универзитетот; Претставување на Универзитетот на саеми за високо образование и др.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката вонреден проф. д-р Тамара Јованов Апасиева ги исполнува сите услови за избор во наставно-научното звање **редовен професор**.

Комисијата цени дека кандидатката Тамара Јованов Апасиева, д-р по економски науки од областа маркетинг, покажува перманентен интерес и желба за научно напредување. Кандидатката се истакнува со обемна педагошка активност и висок корпус на знаење и експертиза, почнувајќи од звањето помлад асистент, подоцна и во звањата асистент, доцент и вонреден професор, на повеќе предмети од областа маркетинг што ги изведува на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Научноистражувачката работа на кандидатката е континуирана и ја потврдува нејзината стручност и ориентација кон системски пристап во наставно-научната област маркетинг за којашто кандидатката конкурира. Ова се потврдува со многуте објавени научни трудови, универзитетски учебник, монографија, практикум, учество на научни конференции, форуми, учество во меѓународни уредувачки одбори на научни списанија, учество во проекти и сл. Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност исто така се истакнат дел од биографијата на кандидатката, утврдено преку презентации на стручни собири, учеството во проекти, елаборати и експертизи од областа, членување во факултетски и универзитетски тела и комисии и др.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната, организациско-развојната и севкупната активност во периодот од избор во вонреден професор до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатката вонреден проф. д-р Тамара Јованов Апасиева преку остварени вкупно **305 поени (НО 40+НИ 189+САОР 76).**

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, вонреден проф. д-р Тамара Јованов Апасиева да биде избрана во **звањето редовен професор во научната област маркетинг** и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатката да биде избрана во наставно-научното звање редовен професор за претходно назначената област на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Снежана Ристевска-Јовановска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Ленче Петреска, редовен професор, член, с.р.
Д-р Ристе Темјановски, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1.** | Монографија или научна книга<br>- Универзитетски учебник (1*10=10)<br>- Монографија (1*10=10)<br>Вкупно 20 поени | 2 | 10 | / | / | **20** |
| **2.** | Дел од научна книга<br>- Практикум (1*6=6)<br>- Р. бр. 17 (1*10=10)<br>Вкупно 16 поени | 1 | 6 | 1 | 10 | **16** |
| **3.** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори)<br>Прв автор (р. бр. 1, 2, 3) = 3*15*1=45<br>Вкупно 45 поени | 1 | 15 | 2 | 15 | **45** |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>Прв автор (р.бр. 4, 8, 10, 11, 12, 13, 14) = 7*9*1=63<br>Втор автор (р. бр. 7, 16) = 2*6*1 =12<br>Трет автор (р. бр. 5, 6, 9, 15) = 4*3*1= 12<br>Вкупно 87 поени | 7<br>2<br>3 | 9<br>6<br>3 | 1 | 3 | **87** |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Р. бр. 18, 19<br>(2*3*1=6 поени) | / | / | 2 | 3 | **6** |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (усно)<br>Р. бр. 20, 21<br>(2*2= 4 поени) | / | / | 2 | 2 | **4** |
| **14.** | Учесник во научен проект<br>Р. бр. 22, 23<br>(2*3=6 поени) | / | / | 2 | 3 | **6** |
| **16.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br>Р. бр. 24, 25<br>(1*1 + 1*4 = 5 поени) | 1 | 1 | 1 | 4 | **5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **189** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **7.** | Пленарно предавање на стручен собир<br>Р. бр. 26, 27<br>(1*2 + 1*4 = 6 поени) | 1 | 2 | 1 | 4 | **6** |
| **12.** | Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир<br>р. бр. 28 | 1 | 2 | / | / | **2** |
| **13.** | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти)<br>Р. бр. 29, 30, 31<br>(3*5=15 поени) | 3 | 5 | / | / | **15** |
| **17.** | Елаборати и експертизи<br>Р. бр. 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39<br>(8*2=16 поени) | 8 | 2 | / | / | **16** |
| **27.** | Член на универзитетски и владини тела<br>- ННС на трет циклус на Кампус 4 | 1 | 5 | / | / | **5** |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија<br>- ННС на Економски факултет<br>- Член на комисии за оценка и одбрана на дипломски и магистерски трудови<br>- Член на комисија за избор на помлад соработник | 16 | 2 | / | / | **32** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **76** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **305** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1202-78/3 од 5.7.2024 година донесена на 252. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 5.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за научната област сметководство на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (претседател);
- **проф. д-р Пеце Николовски**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола (член);
- **проф. д-р Биљана Ангелова**, редовен професор на Економски институт при Универзитет „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат“ (година XII, број 3181, среда 26 јуни 2024 година) и „Коха“ на 26 јуни 2024 год., и во предвидениот законски рок се пријави единствено кандидатката **д-р Благица Колева**, вработена како вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатката д-р Благица Колева, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи: Кратка биографија; Диплома за завршено соодветно образование - за одбранет докторски труд; дипломи за завршен прв и втор циклус на студии; уверение за положени испити на прв и втор циклус студии; список на објавени научни и стручни трудови; примерок од шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор; објавен рецензиран учебник; Одлука за избор во звање доцент и вонреден професор; Одлука за ангажираност во наставата на прв циклус на студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип; Потврда/сертификат дека се служи со еден странски јазик; примерок од докторскиот труд; Уверение за државјанство; одлуки за членства во комисии и останати реализирани активности; дополнителни потврди и сертификати: сертификати за реализирани обуки и проекти во земјата и во странство; Лиценца за вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење; Уверение за овластен сметководител.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Благица Колева** е родена на 5.10.1983 година во Струмица. Средно економско училиште завршува во гимназијата ДСУ „Јане Сандански“ во Струмица, во 2002 година. Дипломира на Економскиот факултет

при Стопанска академија „Димитар Апостолов Ценов“ во Свиштов, Р.Бугарија, во 2006 година, на отсекот Деловно сметководство, насока Сметководство и ревизија. Во ноември 2008 година магистрира на Економскиот факултет при Стопанска академија „Димитар Апостолов Ценов“ од областа на сметководство и ревизија, со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Финансиската анализа - инструмент на финансиската контрола", со што се стекнува со научен степен – магистер на економски науки. Во јули 2011 година се запишува на докторски студии на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по што во август 2014 год. успешно ја брани докторската дисертација на тема „Ревизорска етика и одговорност во современата професионална практика на раководење со ревизијата", со што се стекнува со научен степен доктор на економски науки.

Кандидатката д-р Благица Колева стекнувањето на работното искуство го започнува со вработување во ДТУТ „Столе Компани-М“ дооел Струмица, каде што во периодот од 2007 до 2009 година работи во Одделот за сметководство.

Со работа продолжува во високо образование како волонтер на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип од 2009 - 2011 година, се до изборот во звање помлад асистент. Во периодот од 2011 - 2014 год. како помлад асистент е избрана во областа сметководство. Во тој период таа ги покрива вежбите по предметите Финансиско сметководство, Управувачко сметководство, Анализа на финансиските извештаи, Меѓународни сметководствени стандарди (МСС), Сметководствени информацони системи, кои се реализираат во наставните центри во Штип, Струмица, Кочани, Радовиш и Скопје.

Во 2014 година кандидатката е избрана во звање асистент за наставно-научна област сметководство и продолжува да ја извршува истата дејност на Економски факултет, изведува вежби на горенаведените предмети, при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

На 3.12.2014 година на 89. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет со Одлука број 1702-368/5 Благица Колева е избрана во звање доцент за наставно-научна област сметководство и почнува со реализирање на предавања и вежби по група на предмети од областа сметководство. Од тогаш до денес, кандидатката ја извршува својата наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност во областа сметководство, со покривање на повеќе предметни дисциплини на додипломски и постдипломски студии: Основи на сметководство, Управувачко сметководство, Сметководствени информацони системи, Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации, Сметководство на трошоци. Од септември 2019 година д-р Благица Колева е раководител на Катедрата зац сметководство и контрола на прв циклус на студии како и професор - координатор по практична настава на насоката сметководство и ревизија на Економскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев, Штип.

На 20.8.2019 година на 174. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип со Одлука број 1202-97/3 таа е избрана во звање вонреден професор за наставно-научната област сметководство.

Кандидатката д-р Благица Колева во текот на својата работна кариера на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има издадено голем број научноистражувачки и стручни трудови од областа на сметководството, како и 5 универзитетски учебници. Има учествувано на повеќе домашни и меѓународни научни конференции и стручни собири, како и во реализација на повеќе научноистражувачки и стручно-

апликативни домашни и меѓународни проекти. Поседува Лиценца за овластен вештак од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење и за потребите на Министерството за правда и Бирото за судски вештачење, има изработено над 50 стручни вештачења и супер вештачења. Поседува и Уверение за положен испит за проценител на капитал на јавни претпријатија, трговски друштва и други ентитети, како и Лиценца за овластен сметководител издадена од Институтот на сметководители на РМ. Ангажирана е за надворешен соработник - обучувач за реализирање на програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење за Модул број 5 - Финансии, Јавна установа Државен испитен центар – Скопје, со што се стекнува со уште поголеми вештини и техники за предавање и пренесување на знаењата како на студентите, така и на останати вработени од институциите кои имаат потреба од дообука во областа на сметководството.

Кандидатот д-р Благица Колева во моментот работи на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип како вонреден професор.

***Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.***

**<u>Општи законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор:</u>**

- ***Има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира***

Кандидатката д-р Благица Колева е доктор на економски науки, со одбранета докторска дисертација на 15.8.2014 година, на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на тема „Ревизорска етика и одговорност во современата професионална практика на раководење со ревизијата".

- ***Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (се наведува остварениот просек на студиите на прв и остварениот просек на студиите на втор циклус):***

Кандидатката д-р Благица Колева има завршено прв циклус студии на насоката Сметководство и ревизија, со просечен успех **8,59**; вториот циклус на студии на насоката Сметководство и ревизија го завршила со просечна оценка **9,76**.

- ***Да бил претходно избран во наставно-научно звање вонреден професор од научната област во која се избира:***

Д-р Благица Колева со Одлука бр.1202-97/3 од 20.8.2019 година на 174. редовна седница од страна на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип е избрана во звање вонреден професор, за наставно научна област сметководство.

- ***Има објавено најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор:***

Кандидатката д-р Благица Колева од изборот во помлад асистент до денес има објавено над 100 научни трудови, а во периодот од изборот во вонреден професор од август 2019 година до денес има објавено 28 научни труда во меѓународни научни и стручни (научно-популарни) списанија и зборници (согласно со листата на трудови која е дел од овој реферат), шест присуства и учество на научни конференции, три универзитетски учебника за потребите на Економскиот факултет и останатите единици на Универзитетот и пет проектни активности. Во табелата подолу се презентирани неколку објавени трудови во изминатиот 5-годишен период, согласно со важечките законски прописи, а останатите трудови се достапни на електронскиот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и на академските платформи ORCID, Google Scholar и Research Gate, кои можат да се погледнат на следните линкови:
http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Koleva=3ABlagica=3A=3A.html
https://orcid.org/my-orcid?orcid=0009-0004-4440-4979
https://scholar.google.com/citations?user=RDufNScAAAAJ&hl=en&oi=ao
https://www.researchgate.net/scientific-contributions/Blagica-Koleva-2220659813

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Референтна научна публикација | Година и линк |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Koleva, Blagica** | *Forensic accounting in the Republic of North Macedonia-status and perspectives.* | Academic Journal "Management and Education" Economics, Finance, Accounting., 20 (1). ISSN 1312-6121 | 2024 https://eprints.ugd.edu.mk/34396/ |
| 2. | **Koleva, Blagica** and Angelova, Biljana | *Cloud computing as a new paradigm for Macedonian accounting companies* | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje (3/2023). ISSN 1857-7741 | 2023 https://eprints.ugd.edu.mk/33133/ |
| 3. | **Koleva, Blagica** and Mitreva, Mila | *Digitalization in accounting-danger, challenge or trend* | Academic Journal Management and Education, 19 (1). pp. 13-20. ISSN 13126121 | 2023 https://eprints.ugd.edu.mk/31953/ |
| 4. | **Koleva, Blagica** and Mitreva, Mila | *The world economic and financial crisis caused by Covid-19 pandemic and the impact on accounting information system.* | Journal of Annals of Disaster Risk Science, 4 (1-2). ISSN 2623-8934 | 2022 https://eprints.ugd.edu.mk/29718/ |
| 5. | Angelova, Biljana and **Koleva, Blagica** and Mitreva, Mila | *Cost management method for increasing the profitability of enterprises, with reference to the production SMEs in the Republic of North Macedonia.* | Journal of the institute of Economics, 23 (2-3/21). pp. 6-18. ISSN 1857-7741 | 2021 https://eprints.ugd.edu.mk/29045/ |
| 6. | **Koleva, Blagica** and Mitreva, Mila | *Strategies for dealing with stressful situations among N. Macedonian accountants caused by Covid 19* | Academic Journal Management and Education, 17 (1). pp. 14-18. ISSN 13126121 | 2021 https://eprints.ugd.edu.mk/28488/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | Mitreva, Mila and **Koleva, Blagica** | *The upcoming recession due to Covid 19 and its impact on economic growth and the digital transformation in the Balkan region.* | Journal of Economics, Special Issue. pp. 135-144. ISSN 1857-9973 | 2021 https://eprints.ugd.edu.mk/28360/ |
| **8.** | Dimitrova, Janka and **Koleva, Blagica** and Dimitrova, Eftimija | *The rights against the obligations of the accountants* | Journal of Economics, 6 (2). pp. 160-173. ISSN 1857-9973 | 2021 https://eprints.ugd.edu.mk/28385/ |
| **9.** | **Koleva, Blagica** and Georgieva Svrtinov, Vesna | *The revised finansial reports as a basic source of information for the work of the business entities in the Republic of North Macedonia.* | International Journal Knowledge, 40 (1). ISSN 1857-923X | 2020 https://eprints.ugd.edu.mk/24248/ |
| **10.** | Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and **Koleva, Blagica** | *The impact of Covid-19 on Western Balkans economies.* | Journal of Economics. ISSN 1857-9973 | 2020 https://eprints.ugd.edu.mk/27339/ |
| **11.** | Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Dimitrova, Janka and **Koleva, Blagica** | *Transfer pricing – definition and methods.* | Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439 | 2019 https://eprints.ugd.edu.mk/23182/ |
| **12.** | Dimitrova, Janka and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Koleva, Blagica** and Kocevska, Frosina and Dimitrova, Eftimija | *The application of the sample method in the audit process by the audit companies in the Republic of North Macedonia.* | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje. ISSN 1857-7741 | 2019 https://eprints.ugd.edu.mk/23110/ |

- ***Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик:***

Кандидатот д-р Благица Колева има доставено потврда и сертификат за познавање на англиски јазик.

- ***Има објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира:***

Кандидатката д-р Благица Колева во периодот 2019-2024 год. ги има издадено следните универзитетски учебници, кои се користат како наставен материјал за предметите на кои е ангажирана (на прв, втор и трет циклус на студии):
**„Основи на сметководство”**, Благица Колева, Оливера Ѓоргиева-Трајковска Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-244-770-4 (2020).
**„Сметководствени информациони системи”**, Благица Колева, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип. ISBN 978-608-244-841-1 (2021).
**„Управувачко сметководство”**, Благица Колева, Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-277-007-9 (2023).

- ***Има способност за изведувањето на високообразовна дејност:***

Д-р Благица Колева целокупната своја 15-годишна кариера, од моментот

на избор во помлад асистент до вонреден професор, ја поминува во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во текот на овој период, таа има реализирано плодна високообразовна дејност преку изведување на бројни предавања и вежби, менторства, пишување и објавување научни и стручни трудови, учебници, скрипти, практикуми, учества во научни конференции и проектни активности наменети за студентите, реализирање работилници итн. Таа е ментор на преку педесет дипломски трудови, два магистерски труда, а членувала и во бројни комисии за дипломски, магистерски и докторски трудови. Раководител е на катедра Сметководство и ревизија и член во повеќе факултетски комисии.

**Посебни законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на УГД Штип:**

- ***Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати:***

Кандидатката д-р Благица Колева учествувала во следните пет проекти како член на проектниот тим, во изготвување и реализација на научноистражувачки проекти, а кои може подетално да се погледнат на поставените линкови:

1. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and **Koleva, Blagica** and Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Стратегиски развој и оперативен план за Центар за кариера и развој на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.* [Project] (Submitted)
2. Bezovski, Zlatko and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and **Koleva, Blagica** and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2022) *Биди Економист 2022.* [Project]
3. Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and **Koleva, Blagica** and Dimitrova, Janka and Temjanovski, Riste (2021) *„Биди Претприемач“ - Глобална Недела на Претприемништвото 2021.* [Project]
4. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and **Koleva, Blagica** and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Lazarov, Darko and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila (2021) *Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување.* [Project]
5. **Koleva, Blagica** and Timov, Tome and Petrov, Vaska and Nunov, Dijana (2020) *“Преку дигитализација до економски одржливо семејно земјоделско стопанство”.* [Project]

- ***Под негово менторство изработени дипломски или магистерски или докторски тези:***

Под менторство на д-р Благица Колева се изготвени и одбранети над педесет дипломски трудови и два магистерски труда.

- ***Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници (ментор на најмалку пет дипломски и/или најмалку една магистратура):***

Долгогодишното работно искуство на д-р Благица Колева на Економскиот факултет при УГД Штип, почнувајќи од помлад асистент, до вонреден професор, менторството на повеќе дипломски и магистерски работи, учеството во рецензентски комисии за избор во наставно-научни звања, како и оспособување на помлади наставници и соработници преку нивно вклучување во различни научни и стручни активности, проекти, заедничко пишување трудови, давање совети и менторства, рецензирање на трудови, давање препораки и сл. се доказ за придонесот на кандидатот во оспособување на помлади наставници и соработници.

- ***Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени:***

Кандидатката вонр. проф. д-р Благица Колева во изборниот период 2019-2024 година има остварено вкупно 286 поени од кои 40 од наставно-образовна дејност, 127 поени од научноистражувачка дејност и 119 поени од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Во продолжение следи детална оценка на нејзината високообразовна дејност (наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност).

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

- **Наставно образовна дејност**

Наставно-образовниот ангажман на д-р Благица Колева се протега уште од 2011 година, кога е избрана во помлад асистент во областа сметководство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Како асистент на Економскиот факултет кандидатот одржува вежби по предметите: Финансиско сметководство, Управувачко сметководство, Анализа на финансиските извештаи, Меѓународни сметководствени стандарди, Сметководствени информациони системи кои се реализираат во наставните центри во Штип, Струмица, Кочани, Радовиш и Скопје.

По изборот во доцент на група предмети од областа сметководство во 2014 година, кандидатката д-р Благица Колева успешно изведува предавања по предметите: Основи на сметководство, Управувачко сметководство, Сметководствени информациони системи, Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации, Сметководство на трошоци, Споредбени сметководствени системи. Освен на матичниот, Економски факултет, таа е ангажирана и на Факултетот за информатика или поконкретно, на насоката Бизнис информатика.

Во овој период кандидатката учествува и во изведување настава на втор циклус на студии и тоа за предметите: Менаџерско сметководство, Сметководство на трошоци, Сметководствени информациони системи и технологии и Сметководство на јавен сектор. Д-р Благица Колева изведува настава и на трет циклус на студии, на предметот Менаџерско сметководство.

Нејзината наставно-образовна дејност продолжува и понатаму, кога во 2019 година е избрана за *вонреден професор* во наставно-научната област сметководство, при Катедрата за сметководство и ревизија. Во претстојниот период таа покрива повеќе предметни дисциплини кои се слушаат на програмите од прв циклус студии, како што се: Основи на сметководство, Управувачко сметководство, Сметководствени информациони системи, Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации, Сметководство на

трошоци и Споредбени сметководствени системи на Факултетот за информатика на студиската програма Бизнис информатика, а Основи на сметководство на Машински факултет на насоката Индустриско инженерство. На втор циклус студии ги покрива предметите: Менаџерско сметководство, Сметководство на трошоци, Сметководствени информациони системи и технологии и Сметководство на јавен сектор, додека на третиот циклус студии е ангажирана на предметот Менаџерско сметководство.

Во периодот од 2019 г. - тековно е раководител на Катедрата за сметководство и ревизија. Во времето на академскиот ангажман како вонреден професор, кандидатката има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност изразена преку: редовно одржување на предавања и вежби; редовно одржување на консултации и менторства; објавени бројни научни и стручни трудови, учебници, скрипти и практикуми; учества на меѓународни конференции; менторства на дипломски трудови; менторства на магистерски трудови; учество во научни проекти и сл.

За потребите на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Благица Колева во изборниот период 2019-2024 година има објавено три универзитетски учебници кои се користат за изведување на наставата по соодветните предмети на Економскиот факултет и на останати единици на Универзитетот, за кои подетално е елаборирано во рефератот во продолжение.

- **Научноистражувачка дејност**

Научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Благица Колева може да се оцени преку бројните научноистражувачки трудови издадени во референтни научни публикации и во зборници на научни конференции одржани во земјава и во странство.

Во продолжение следи листа на научноистражувачките трудови на кандидатката класифицирани според припадноста во референтни научни публикации, трудови презентирани на домашни и меѓународни научни собири и трудови издадени во стручни (научно популарни списанија), согласно со критериумите дефинирани во Законот за високо образование:

***Во прилог на документацијата за избор, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Благица Колева ги достави во прилог следните трудови кои се приложени на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип:***
http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Koleva=3ABlagica=3A=3A.html
***и тоа по временска рамка од понови кон постари.***

- ***Научни трудови објавени во референтни научни публикации***

1. **Koleva, Blagica** (2024) *Forensic accounting in the Republic of North Macedonia-status and perspectives.* Academic Journal “Management and Education” Economics, Finance, Accounting., 20 (1). ISSN 1312-6121(https://eprints.ugd.edu.mk/34396/)
2. **Koleva, Blagica** and Angelova, Biljana (2023) *Cloud computing as a new paradigm for Macedonian accounting companies.* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje (3/2023). ISSN 1857-7741 (https://eprints.ugd.edu.mk/33133/)

**3. Koleva, Blagica** and Mitreva, Mila (2023) *Digitalization in accounting-danger, challenge or trend.* Academic Journal Management and Education, 19 (1). pp. 13-20. ISSN 13126121 (https://eprints.ugd.edu.mk/31953/)

**4. Koleva, Blagica** and Mitreva, Mila (2022) *The world economic and financial crisis caused by Covid-19 pandemic and the impact on accounting information system.* Journal of Annals of Disaster Risk Science, 4 (1-2). ISSN 2623-8934 (https://eprints.ugd.edu.mk/29718/)

5. Angelova, Biljana and **Koleva, Blagica** and Mitreva, Mila (2021) *Cost management method for increasing the profitability of enterprises, with reference to the production SMEs in the Republic of North Macedonia.* Journal of the institute of Economics, 23 (2-3/21). pp. 6-18. ISSN 1857-7741 (https://eprints.ugd.edu.mk/29045/)

**6. Koleva, Blagica** and Mitreva, Mila (2021) *Strategies for dealing with stressful situations among N. Macedonian accountants caused by Covid 19.* Academic Journal Management and Education, 17 (1). pp. 14-18. ISSN 13126121(https://eprints.ugd.edu.mk/28488/)

7. Mitreva, Mila and **Koleva, Blagica** (2021) *The upcoming recession due to Covid 19 and its impact on economic growth and the digital transformation in the Balkan region.* Journal of Economics, Special Issue. pp. 135-144. ISSN 1857-9973 (https://eprints.ugd.edu.mk/28360/)

8. Dimitrova, Janka and **Koleva, Blagica** and Dimitrova, Eftimija (2021) *The rights against the obligations of the accountants.* Journal of Economics, 6 (2). pp. 160-173. ISSN 1857-9973 (https://eprints.ugd.edu.mk/28385/)

**9. Koleva, Blagica** and Georgieva Svrtinov, Vesna (2020) *The revised finansial reports as a basic source of information for the work of the business entities in the Republic of North Macedonia.* International Journal Knowledge, 40 (1). ISSN 1857-923X (https://eprints.ugd.edu.mk/24248/)

10. Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and **Koleva, Blagica** (2020) *The impact of Covid-19 on Western Balkans economies.* Journal of Economics. ISSN 1857-9973 (https://eprints.ugd.edu.mk/27339/)

11. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Dimitrova, Janka and **Koleva, Blagica** (2019) *Transfer pricing – definition and methods.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439 (https://eprints.ugd.edu.mk/23182/)

12. Dimitrova, Janka and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Koleva, Blagica** and Kocevska, Frosina and Dimitrova, Eftimija (2019) *The application of the sample method in the audit process by the audit companies in the Republic of North Macedonia.* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje. ISSN 1857-7741 (https://eprints.ugd.edu.mk/23110/)

- ***Научни трудови презентирани на меѓународни и домашни научни собири***

13. Koleva, Blagica and Kocev, Dusko (2023) *Презентација на тековните работни обврски на сметководителот.* In: предавање и работилница. (In Press) (https://eprints.ugd.edu.mk/33552/)

14. Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Dimitrova, Janka (2023) *Предизвици во сметководствената професија во РС Македонија.* In: Предизвици во сметководствената професија во РС Македонија, 10 Nov 2023, Штип. (In Press) (https://eprints.ugd.edu.mk/32550/)

15. Koleva, Blagica and Mitreva, Mila (2023) *Analysis of the accounting law of non-*

*profit organizations in republic of North Macedonia-Challenges and Recommendations.* In: IAI Academic Conference Syracuse University Florence, Italy, 20 June 2023. (https://eprints.ugd.edu.mk/31952/)

16. Koleva, Blagica and Mitreva, Mila (2023) *Основање на виртуелно претпријатие- изготвување и презентирање на финансиските извештаи.* In: Отворени денови на УГД - 2023 година. (Unpublished) (https://eprints.ugd.edu.mk/31780/)

17. Dimitrova, Janka and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Georgieva Svrtinov, Vesna and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2022) *Ден на сметководството.* In: Ден на сметководството, 10 Dec 2022, Stip. (Unpublished) (https://eprints.ugd.edu.mk/30710/)

18. Mitreva, Mila and Koleva, Blagica (2021) *The world economic and financial crisis caused by the COVID-19 pandemic and the impact on accounting information system.* In:14th Crisis Management Days, 22-23 Sept 2021, Velika Gorica. (In Press) (https://eprints.ugd.edu.mk/28719/)

- ***Раководење/учество во научноистражувачки проекти***

19. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and **Koleva, Blagica** and Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Стратегиски развој и оперативен план за Центар за кариера и развој на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.* [Project] (Submitted)(https://eprints.ugd.edu.mk/32639/)

20. Bezovski, Zlatko and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and **Koleva, Blagica** and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2022) *Биди Економист 2022.* [Project] (https://eprints.ugd.edu.mk/31114/)

21. Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and **Koleva, Blagica** and Dimitrova, Janka and Temjanovski, Riste (2021) *„Биди претприемач“ - Глобална недела на претприемништвото 2021.* [Project](https://eprints.ugd.edu.mk/28870/)

22. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and **Koleva, Blagica** and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Lazarov, Darko and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila (2021) *Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување.* [Project] (https://eprints.ugd.edu.mk/28347/)

23. **Koleva, Blagica** and Timov, Tome and Petrov, Vaska and Nunov, Dijana (2020) *„Преку дигитализација до економски одржливо семејно земјоделско стопанство”.* [Project] (https://eprints.ugd.edu.mk/27911/)

## Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

- ***Издадени универзитетски учебници***

**24. Koleva, Blagica** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2023) *Управувачко сметководство.* Универзитет „Гоце Делчев“– Штип, Универзитет „Гоце Делчев“– Штип. ISBN 978-608-277-007-9 (https://eprints.ugd.edu.mk/32851/)

**25. Koleva, Blagica** (2021) *Сметководствени информациони системи.* Универзитет „Гоце Делчев“– Штип, Универзитет „Гоце Делчев“– Штип. ISBN ISBN 978-608-244-841-1 (https://eprints.ugd.edu.mk/29132/)

26. **Koleva, Blagica** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2020) *Основи на сметководство.* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип. ISBN 978-608-244-770-4(https://eprints.ugd.edu.mk/29747/)

- ***Издадени трудови во стручно (научно-популарно списание) – зборник***

27. Trajkovska, Mihaela and Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2023) *Методи за пресметка на трошоците.* Годишен зборник на Економски факултет, УГД, Штип, 15 (24). ISSN 1857-7628(https://eprints.ugd.edu.mk/33340/)

28. Milanova, Anita and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2023) *Развој на сметководството.* Годишен зборник на Економски факултет, УГД, Штип, 15 (25). ISSN 1857-7628 (https://eprints.ugd.edu.mk/33342/)

29. Spasovska, Olivera and Koleva, Blagica (2023) *Консолидација на финансиски извештаи.* Годишен зборник на Економски факултет, УГД, Штип, 15 (24). ISSN 1857-7628 (https://eprints.ugd.edu.mk/33395/)

30. Tasevska, Bisera and Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2023) *Перспективи и предизвици на сметководствената професија во РС Македонија.* Годишен зборник на Економски факултет, УГД, Штип, 15 (25). ISSN 1857-7628 (https://eprints.ugd.edu.mk/33396/)

31. Stoilkova, Viki and Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2023) *Сметководствената професија во новата дигитална ера.* Годишен зборник на Економски факултет, УГД, Штип, 15 (25). ISSN 1857-7628(https://eprints.ugd.edu.mk/33397/)

32. Hristoska, Blagica and Koleva, Blagica (2023) *Финансиската анализа како методолошки инструмент за оценка на стабилноста и успешноста на компаниите.* Годишен зборник на Економски факултет, УГД, Штип, 15 (25). ISSN 1857-7628 (https://eprints.ugd.edu.mk/33398/)

33. Tasevska, Bisera and Koleva, Blagica and Trajkovska, Olivera (2022) *Квалитетно управување со залихите-Предуслов за ефикасно работење на претпријатието.* Yearbook 2022, 23 (14). ISSN 1857-7296(https://eprints.ugd.edu.mk/30967/)

34. Shuajibi, Elmedina and Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2022) *Форми на финансирање на малите и средни претпријатија.* Yearbook 2022, 23 (14). ISSN 1857-7296 (https://eprints.ugd.edu.mk/30969/)

35. Koleva, Blagica and Mladenova, Glorija (2021) *Подготвување, презентација и анализа на билансот на состојба.* Yearbook 2021, 22. ISSN 1857-7628(https://eprints.ugd.edu.mk/29071/)

36. Koleva, Blagica and Atanasova, Natalija (2021) *Анализа на билансот на состојба како основа за ефикасно деловно одлучување.* Yearbook 2021, 22. ISSN 1857-7628 (https://eprints.ugd.edu.mk/29072/)

37. Koleva, Blagica and Velkakova, Sanja (2021) *Управување со залихи-клуч за успешно деловно работење.* Yearbook 2021, 22. ISSN 1857-7628(https://eprints.ugd.edu.mk/29077/)

38. Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Krsteva, Viktorija (2021) *Современите методи за пресметка на трошоците како основа за подобрување на конкурентската предност на компаниите.* Годишен зборник, Економски факултет. ISSN 1857-7628 (https://eprints.ugd.edu.mk/29087/)

39. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Koleva, Blagica (2021) *Примена на Меѓународните стандарди за финансиско известување во услови на Ковид-19.* Годишен зборник, Економски факултет. ISSN 1857-7628 (https://eprints.ugd.edu.mk/29088/)

40. Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica (2020) *Влијанието на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 врз македонската економија.* Годишен зборник, Економски

факултет. ISSN 1857-7628(https://eprints.ugd.edu.mk/27336/)

41. Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Miteva-Kacarski, Emilija (2020) *Анализа на влијанието на бруто домашниот производ врз берзанскиот индекс МБИ 10 во Република Северна Македонија.* Зборник на трудови, Економски факултет. ISSN 1857- 7296 (https://eprints.ugd.edu.mk/27337/)

- ***Техничко унапредување***

42. Лиценца за вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење, издадена (обновена) на 26.2.2018 год. од страна на Министерството за правда на РМ. Врз основа на оваа лиценца, д-р Благица Колева има учествувано, како носител или член, во изработка и решавање на голем број вештачења и супер вештачења за потребите на Бирото за судски вештачења-Скопје;
43. Уверение за положен испит за проценувач од областа на трговско друштво, јавно претпријатие и други правни лица, издадено на 5.11.2012 год. од страна на Министерството за економија на РМ;
44. Уверение за овластен сметководител издадено од Министерство за финансии, бр.12-36765/2 од 25.12.2012 год.;
45. Уверение за овластен сметководител, издадено од Институтот за сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, бр.0101835 од 1.11.2016 год.;
46. Ангажирање на надворешен соработник - Обучувач за реализирање на програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта за Модул број 5 – Финансии, Државен испитен центар - Скопје;
47. Сертификат за завршена почетна обука за проценувач на вредноста на капиталот на трговски друштва, јавни претпријатија и други правни лица;
48. Сертификати за учество на меѓународни научни конференции во земјата (1 примерок) и во странство (5 примероци);
49. Сертификат за обучувач на обука – спроведување на обука организирана во рамките на проектот „Преку дигитализација до економски одржливо семејно стопанство“;
50. Сертификат за обучувач на обука: Бизнис планирање-Бизнис;
51. Сертификат за обучувачна обука: Финансиско планирање и предвидување;
52. Сертификат за модератор на тематска сесија сметководство на меѓународна конференција;
53. Сертификат за професионална компетентност во патниот сообраќај (издаден од Министерство за транспорт и врски);
54. Сертификат за учество на вебинар на тема: Практики во РСМ;
55. Сертификат за учество на вебинар на тема: Примерот на владиниот План за економски раст;
56. Сертификат за учество на вебинар на тема: Пазарните дисторзии од државната помош;
57. Сертификат за учество на вебинар на тема: Поим за државна помош и усогласеност на македонското законодателство со EU Acquis;
58. Сертификат за учество на вебинар на тема: Преговорите за членство во ЕУ;
59. Сертификат за учество на Едулаб вебинар на тема: Промоција на тренинг за сајбер безбедност за едукатори (прв и втор дел, два сертификата);

60. Потврда за учесник на обука од областа на материјално, финансиско и сметководствено работење.

- ***Учество во изработка на елаборати, експертизи и членство во универзитетски и факултетски комисии и тела, одбори***

61. Учество во изработка на елаборати за прв и втор циклус на студии за насоката Сметководство и ревизија;
62. Учество во изработка на елаборат за трет циклус на студии; (Одлука бр. 1202-74/4 од 7.7.2020 година);
63. Изготвување на вештачења (наод и мислење) од областа на материјално, сметководствено и финансиско работење;
64. Член во Издавачки совет и Редакциски одбор на Годишен зборник на Економски факултет, УГД Штип; (Одлука бр.1202-139/7 од 26.11.2019);
65. Раководител на Катедра за сметководство и ревизија на Економски факултет при УГД-Штип; (Одлука бр.1202-107/6 од 20. 9.2019);
66. Раководител на Катедра за сметководство и ревизија на Економски факултет при УГД-Штип; (Одлука бр.1202-99/10 од 21.9.2022);
67. Член (претседател) во Комисија за јавна одбрана на докторски труд, (Одлука бр.0206-446/3 од 24.4.2023);
68. Член во Комисија за самоевалуација на Економски факултет; (Одлука бр.1202-105/3 од 24.8.2021);
69. Член во Комисија од работна група за координација на активностите во врска со изработка и поднесување на апликација за признавање на испити и акредитација на факултетот (Exemption Accreditation) до ACCA (Association of Chartered Certified Accountants), London; (Одлука бр. 1202-74/5 од 7.7.2020 година);
70. Член во Комисија за спроведување на тајно гласањето на ректор на Универзитет „Гоце Делчев; (Одлука бр.1202-68/3 од 26.5.2022);
71. Член во Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на продекани на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“; (Одлука бр.1202-99/4 од 21.9.2022);
72. Член на Уредувачки и организациски одбор на трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF) „Економски и социјални импликации од Ковид-19, предизвици и предлози за надминување“; (Одлука бр.1202-58/3 од 10.3.2021);
73. Член на Уредувачки и организациски одбор на четврта меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF) „Сегашни глобални трендови и економски ситуации“; (Одлука бр.1202-73/3 од 20.6.2024);
74. Член на Рецензентска комисија за оценка на пријавени кандидати за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област сметководство (50328); (одлука бр.1202-36/7 од 22.1.2021);
75. Член во Организациски одбор на проектот „Биди претприемач“; (Одлука бр.1202-133/11 од 16.11.2021);
76. Член во Организациски одбор на проектот „Биди економист 2022“; (Одлука бр.1202-59/17 од 6.4.2022);
77. Член во Организацискиодбор во Одбележување на меѓународен ден на сметководството, 10.11.2022 и 10.11.2023 год. (https://eprints.ugd.edu.mk/32550/);
78. Член на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;

79. Член на Наставно-научен совет на трет циклус студии на Кампус 4 при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;

80. Член на Центарот за кариера и развој при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип; (Ректорска управа на 224. седница одржана на 27.2.2023 г.);

81. Решение за акредитација на ментор на студени на втор циклус студии, (Решение бр.17-247/5 од 10.3.2017);

82. Одлука за ангажиран професор-кординатор по практична настава на насока сметководство и ревизија на Економски факултет, (https://teachers.ugd.edu.mk/pArea/ugdElPotpis.aspx);

83. Член во Меѓународен уредувачки одбор, научен борд, гост-редактори, рецензенти (Scientific Board, Guest Editors and Reviewers), во Академично списание „Management and Education“ Economics, Finance, Accounting, University "Prof. Dr Assen Zlatarov", Burgas-Bulgaria; (http://www.conference-burgas.com/maevolumes/vol20_2024/b1_v20.pdf).

***Кратка евалуација на еден дел од трудовите, а другите се достапни на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип:*** http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Koleva=3ABlagica=3A=3A.html

**1. Евалуација на трудот со реден број 1: Koleva, Blagica (2024) *Forensic accounting in the Republic of North Macedonia-status and perspectives.* Academic Journal "Management and Education" Economics, Finance, Accounting, 20 (1). ISSN 1312-6121**

Целта на трудот е да се даде претстава за улогата на форензичкото сметководство во финансиските истраги кое има се поголема улога и значењето во откривањето на лажното финансиско известување и финансиските измами во финансиските извештаи. Сметководствените измами, малверзациите и финансискиот криминал се сѐ посериозен глобален проблем. Неточните финансиски извештаи обезбедуваат погрешна слика за приносите и финансиската состојба на компанијата. Одлуките што ги носат инвеститорите и другите корисници на финансиските извештаи врз основа на неточни финансиски информации предизвикуваат огромна штета на корисниците на информациите, како и на пошироката јавност. Затоа, во интерес на целокупната финансиска јавност е информациите презентирани во финансиските извештаи да ја покажуваат вистинската слика за финансиската состојба на компанијата. За таа цел, форензичкото сметководство се занимава со откривање на измами во рамки на некоја компанија. Овој вид на сметководство вклучува истрага за начинот на којшто е водено сметководството и како се направени финансиските извештаи за да може да се докажат или да се отфрлат сомнежите за евентуална измама. Воведувањето на форензичкото сметководство како професија е ефикасна мерка не само за откривање на измами, грешки, манипулации и криминални дејствија во финансиските извештаи, туку и за проценетото ниво на штета на компанијата по таа основа.

**2. Евалуација на трудот со реден број 2: Koleva, Blagica and Angelova, Biljana (2023) *Cloud computing as a new paradigm for Macedonian accounting companies*. Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje (3/2023). ISSN 1857-7741.**

Во фокусот на овој труд е анализирано сметководството како генератор на голема количина на клучни информации за голем број засегнати страни бара употреба на сигурна технологија, методи и техники за обработка и складирање на соодветни информации. Досега невидената експанзија на информатичката технологија од последните неколку години заедно со појавата на интернетот, не го оставија ниту сметководството имуно на промени и внесоа нови парадигми во начинот на тоа како се практикува оваа професија. Сметководството во облак и неговото заедничко влијание е пример за една таква нова парадигма која е во фокусот на овој труд. Cloud сметководство е сметководство каде што сметководствениот софтвер, како и податоците, се наоѓаат на оддалечен сервер кој не е во сопственост на одредена компанија. Cloud сметководствениот софтвер ја врши истата функција како и традиционалните сметководствени софтвери, разликата е само во неговата локација, мобилност и цена.

**3. Евалуација на трудот со реден број 3: Koleva, Blagica and Mitreva, Mila (2023) *Digitalization in accounting-danger, challenge or trend.* Academic Journal Management and Education, 19 (1). pp. 13-20. ISSN 13126121**

Цел на трудот е преку теоретскиот дел да се објасни каква е дигиталната трансформација, што е концептот, кој е пристапот и процесите на воведување дигитална трансформација во компаниите, какво влијание има дигиталната трансформацијата врз сметководството, и какви придобивки имаат компаниите од тоа. Преку емпириско истражување со помош на анкетиран прашалник, е направено евалуација и анализа на ставот на сметководителите кон дигиталната трансформација. Сметководството како деловна функција и активност без дигитална трансформација е незамисливо во 21 век. Софтверските алатки што се користат со сметководство првенствено за внесување и архивирање на податоци, како и дигитализација на финансиските записи преку т.н. системите за управување со документи се почетна точка за дигитална трансформација на оваа деловна функција и активност. Дигиталната трансформација прави големи промени во сметководството. Тоа не е само промена на софтверот што се користи во работата или автоматизација,туку далеку поголеми промени што подразбираат, пред сè, т.н. режим преку online-real-time и соодветно на тоа ги спроведуваат сите деловни активности кои директно водат кон зголемување на ефикасноста на бизнисот: сметководствени функции и деловни активности како целина.

**4. Евалуација на трудот со реден број 4: Koleva, Blagica and Mitreva, Mila (2022) *The world economic and financial crisis caused by Covid-19 pandemic and the impact on accounting information system.* Journal of Annals of Disaster Risk Science, 4 (1-2). ISSN 2623-8934**

Ковид пандемијата остави сериозни економски последици во светот, со значителна деловна нестабилност. Токму затоа, брзата реакција од деловните субјекти и нивната флексибилност беа клучни за надминување на овие последици. Донесувањето на соодветни деловни одлуки, пред сè, треба да обезбеди елиминирање на сите поголеми пазарни ризици, како и соодветно приспособување на современото пазарно опкружување. Ваквите деловни одлуки треба да се засноваат на сигурни и квалитетни сметководствени информации кои произлегуваат од сметководствениот информациски систем. Правилно поставен сметководствен и информациски систем е добра почетна точка за обезбедување на релевантни информации, кои се неопходни за донесување адекватни деловни одлуки и елиминирање на опасностите и ризиците кои доаѓаат со интензивните промени на пазарот.

5. **Евалуација на трудот со реден број 5: Angelova, Biljana and Koleva, Blagica and Mitreva, Mila (2021)** ***Cost management method for increasing the profitability of enterprises, with reference to the production SMEs in the Republic of North Macedonia.*** **Journal of the institute of Economics, 23 (2-3/21). pp. 6-18. ISSN 1857-7741**

Целта на овој труд е да се анализира методот на управување со трошоците. Притоа, глобализираниот свет во кој работат компаниите постојано ги менува условите под кои тие ги извршуваат своите активности, ги нудат своите производи/услуги и управуваат со трошоците. Овој притисок влијае на профитабилноста на компаниите и затоа е потребно да се најде начин на балансирање на основата помеѓу трошоците и профитот, што понатаму претставува еден од главните фактори на успех.

6. **Евалуација на трудот со реден број 6: Koleva, Blagica and Mitreva, Mila (2021)** ***Strategies for dealing with stressful situations among N. Macedonian accountants caused by Covid 19.*** **Academic Journal Management and Education, 17 (1). pp. 14-18. ISSN 13126121**

Сметководствената професија која е крвотокот на економијата и сите нејзини економски процеси, во моментов е под огромен притисок од пандемијата. Следствено, сите сметководители се многу притиснати од кратки рокови и поголем стрес во споредба со претходните години. Затоа, целта на овој труд е да ги анализира главните причини за стресот што доаѓа од пандемијата Ковид-19.

7. **Евалуација на трудот со реден број 7: Mitreva, Mila and Koleva, Blagica (2021)** ***The upcoming recession due to Covid 19 and its impact on economic growth and the digital transformation in the Balkan region.*** **Journal of Economics, Special Issue. pp. 135-144. ISSN 1857-9973**

Целта на овој труд е да се оценат главните фактори кои влијаеја на економскиот раст во балканскиот регион за време на корона кризата и причината што придонесе за дигитална трансформација на овие земји.

8. **Евалуација на трудот со реден број 8: Dimitrova, Janka and Koleva, Blagica and Dimitrova, Eftimija (2021)** ***The rights against the obligations of the accountants.*** **Journal of Economics, 6 (2). pp. 160-173. ISSN 1857-9973**

Во овој труд авторите ја анализираат важноста на квалитетните, навремени и точни информации за донесување навремени и точни одлуки. Најсигурен извор на информации за финансиското работење на деловните субјекти се ревидираните финансиски извештаи подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Одговорноста за изготвување на финансиските извештаи е на менаџментот, но во пракса одговорноста за вистинитоста и точноста на информациите презентирани во финансиските извештаи е на овластениот сметководител. Сметководителите се јадрото на економијата, важна врска помеѓу државата и бизнис секторот, одговорни за пресметување и наплата на даноците кои го полнат буџетот, консултанти од бизнис секторот. Целта на овој труд е да се спроведе истражување за да се идентификуваат правата и обврските на сметководителите и колку сметководителите веруваат дека постои рамнотежа помеѓу правата, одговорностите и обврските.

9. **Евалуација на трудот со реден број 9: Koleva, Blagica and Georgieva Svrtinov, Vesna (2020)** ***The revised finansial reports as a basic source of information for the work of the business entities in the Republic of North Macedonia.*** **International Journal Knowledge, 40 (1). ISSN 1857-923X**

Во економската теорија и пракса присутни се бројни дебати, тврдења и анализи за значајноста на ревидираните финансиски извештаи и нивната улога во работењето на деловните субјекти. Врз основа на тоа, може со сигурност да се заклучи фактот дека станува збор за значително сложена постапка на собирање, вреднување на доказите во однос на исказите за економските случувања, активности и утврдување на степенот на усклaденоста на сите тие искази и информации со сметководствените меѓународни стандарди. Токму затоа теоретската основна цел на истражување во рамки на трудот, се насочува кон едноставно укажување на значајноста на изразеното мислење, односно ревидираниот финансиски извештај за економската одлука, поточно работењето на сите деловни субјекти, како и за перспективата и успехот на работењето на деловниот ентитет. Со таа цел имплементираниот труд ќе ја истакне основната цел и значајност во рамки на емпириското истражување, на ревидираните финансиски извештаи како дополнителен фактор за ефективно финансиско работење, како и откривање на неефективно работење во рамките на деловниот ентитет врз кој е извршена ревизија.

**10. Евалуација на трудот со реден број 10: Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica (2020) *The impact of Covid-19 on Western Balkans economies*. Journal of Economics. ISSN 1857-9973**

Овој труд има за цел да го анализира влијанието на глобалната пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19 врз земјите од регионот Западен Балкан, како и мерките коишто беа преземени од страна на нивните влади со цел да се ублажат негативните ефекти од кризата врз нивните економии. Резултатите од анализата укажуваат на намалување на агрегатната понуда и побарувачка во земјите од регионот Западен Балкан, како последица на пандемијата, а тоа резултираше со пад на БДП на овие земји. Во насока на ублажување на негативните ефекти од кризата, согласно со презентираните податоци во трудот, владите на овие земји воведоа мерки за поддршка на домаќинствата и бизнисите, како и побараа финансиска поддршка од меѓународните финансиски институции како што се Светска банка и Меѓународниот монетарен фонд.

**11. Евалуација на трудот со реден број 11: Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Dimitrova, Janka and Koleva, Blagica (2019) *Transfer pricing – definition and methods.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439**

Целта на овој труд е да се истражи важноста на трансферните цени и на методите за нивно утврдување. Повеќето земји ги дефинираат правилата за одредување на трансферните цени во даночната регулатива. Генерално, со овие правила се обезбедува дека условите на контролираните трансакции нема да се разликуваат од оние што би настанале во услови на неконтролирани трансакции (помеѓу независни претпријатија). Ова се нарекува принцип на издолжена рака (arm's length principle). Постојат неколку методи што мултинационалните компании и даночните администрации можат да ги користат за утврдување на трансферните цени за трансакциите помеѓу придружните ентитети. Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) дефинира пет главни методи за утврдување на трансферните цени, кои се предмет на обработка во овој труд, со практични примери кои можат да им помогнат на компаниите да одлучат кој е најсоодветен за нивните потреби: 1. Метода на споредлива неконтролирана цена; 2. Метод на

цена на препродажба; 3. Метод на трошоци плус; 4. Метода на трансакциска нето-маргина; 5. Метода на трансакциска поделба на добивката.

**12. Евалуација на трудот со реден број 12: Dimitrova, Janka and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Kocevska, Frosina and Dimitrova, Eftimija (2019) *The application of the sample method in the audit process by the audit companies in the Republic of North Macedonia.* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje. ISSN 1857-7741**

Процесот на ревизија е активност која се спроведува од овластени ревизори вработени во ревизорски компании, со цел изготвување на ревизорски извештај и мислење за вистинитоста и точноста на информациите презентирани во финансиските извештаи, врз основа на кои заинтересираните страни донесуваат деловни одлуки. Ревизијата го зголемува кредибилитетот на финансиските извештаи, притоа применувајќи голем број ревизорски процедури и тестови со цел да се обезбедат доволно и соодветни докази за ревизија, што е основа за ревизорското мислење. Како алатка за спроведување брза, ефикасна, ефективна и економична ревизија, се применува методот на примерок. Изборот на репрезентативен примерок на ставки што ќе ја претставуваат целината на ставките што се предмет на ревизија, бара знаење и вештини на ревизорот кој ја спроведува ревизијата. Прашањата за тоа колку, кога и зошто ревизорите го применуваат методот на примерок во ревизијата се предмет на емпириско истражување спроведено од ревизорските фирми во Република Македонија, а резултатите од истражувањето и заклучоците се презентирани во овој труд.

**15. Евалуација на трудот со реден број 15: Koleva, Blagica and Mitreva, Mila (2023) *Analysis of the accounting law of non-profit organizations in republic of North Macedonia-Challenges and Recommendations.* In:IAI Academic Conference Syracuse University Florence, Italy, 20 June 2023.**

Целта на овој труд е анализата на законот за сметководство на непрофитните организации. А покрај правната рамка, оваа анализа вклучува и истражување преку формата на анкетен прашалник како и директни интервјуа со релевантни претставници по однос на примената на законот. Анализата дава детален преглед на сегашните законски одредби, но и препораки за нивно ревидирање. Предмет на трудот е водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, финансиските извештаи, како и други прашања во врска со сметководството на непрофитните организации. Непрофитните организации се должни да водат сметководство, составуваат и поднесуваат сметководствени искази во согласност со законот и прифатените сметководствени принципи, сметководствено прифатената практика и сметководствени стандарди, со цел за точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите и резултатите од работењето. Со законот за сметководство на непрофитните организации се уредува водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, финансиските извештаи, доставувањето на финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството на правни лица основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации. Непрофитните организации се должни да го водат сметководството по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од

сметковниот план за непрофитните организации. Законот за сметководство на непрофитни организации ги пропишува сметководствените принципи и правила, како и содржината на основните финансиски информации кои се обелоденуваат од страна на граѓанските организации до заинтересираните страни.

**19. Евалуација на трудот со реден број 19: Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Koleva, Blagica and Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Стратегиски развој и оперативен план за Центар за кариера и развој на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.* [Project]**

Главна цел на проектот е Центарот за кариера и развој на Универзитетот „Гоце Делчев“ да ги прошири, ажурира и развие активностите кои се во функција на потребите на тековните и дипломираните студенти на Универзитетот, како и да одигра клучна улога во поврзувањето на Универзитетот со важни надворешни чинители во општеството, вклучувајќи и проширувајќи ја соработката со релевантни институции во државата, бизнис секторот, невладини организации и слично. Актуелната состојба со ангажирани ресурси и кадри, воедно активности, го ограничува потенцијалот за развој на овој центар и затоа е потребно проширување и ревитализирање на неговата функција во рамки на УГД.

Со предвидените активности во рамки на Центарот за кариера и развој ќе се настојува да се постигнат неговите примарни цели и намера за долгорочно поврзување на студентите (кои во иднина ќе бидат значајни чинители во општеството) со Универзитетот, а индиректно ќе се засили добрата слика за Универзитетот, како и позитивното влијание на УГД во средината, за одржување на долгорочен интерес за студирање на УГД.

**20. Евалуација на трудот со реден број 20: Bezovski, Zlatko and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2022) *Биди економист 2022.* [Project]**

„Биди економист“ - дводневен настан со серија предавања, работилници и други активности за афирмација и запознавање на професиите кои произлегуваат од Економскиот факултет во Штип.

**21. Евалуација на трудот со реден број 21: Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica and Dimitrova, Janka and Temjanovski, Riste (2021) *„Биди претприемач“ - Глобална недела на претприемништвото 2021*. [Project]**

Цел на настанот: Поттикнување на средношколците и студентите да создадат претприемнички менталитет со цел активно да се впуштат во креирање на можности за самовработување и создавање на нови и брзорастечки бизниси. Настанот е дел од Глобалната недела на претприемништво (ГНП2021) како еднонеделна иницијатива која се случува истовремено во 180 земји ширум светот.

**22. Евалуација на трудот со реден број 22: Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Koleva, Blagica and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Lazarov, Darko and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila (2021) *Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување.* [Project]**

Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип беше домаќин на Третата меѓународна научно-стручна конференција со наслов

„Економски и социјални импликации од Ковид-19, предизвици и предлози за надминување", која се одржа онлајн, на 28 и 29.6.2021 година.

Несомнено е влијанието на глобалната пандемија како последица на вирусот Ковид-19 врз глобалната економија. Целокупната глобална економска активност, слабите финансиски меѓународни трансакции, новонастанатото макроекономско опкружување го иницира прашањето за подетална анализа на предизвиците со кои е соочен светот, како и политиките и стратегиите кои треба да се преземат за стабилизирање на економијата. Социјалното дистанцирање, изолацијата, како и ограничувањата кои беа наметнати врз основните секојдневни човекови активности, предизвикаа намалување на работните места и ги зголемија трошоците на живот, како резултат на намалената економска активност и ограниченото движење. Интензитетот на овие рестрикции предизвикаа промена на социјалното и економското однесување на многубројните економски учесници. Конференцијата беше организирана како форум на едукатори, истражувачи и практичари, со цел презентирање и дискусии поврзани со последните случувања предизвикани од КОВИД пандемијата, економските и социјални влијанија и последици од оваа криза, како и прашањата поврзани со начинот на економско закрепнување.

**23. Евалуација на трудот со реден број 23: Koleva, Blagica and Timov, Tome and Petrov, Vaska and Nunov, Dijana (2020) *„Преку дигитализација до економски одржливо семејно земјоделско стопанство".* [Project]**

Проектот со наслов „Преку дигитализација до економски одржливо семејно земјоделско стопанство" е спроведен на територијата на Општина Струмица со посебен акцент на руралните средини кои гравитираат околу. Основната цел на проектот е да се акцентираат потребите во секторот земјоделство и рурален развој: креирање на политики и мерки коишто ќе придонесат кон задржување на економската стабилност на земјоделското производство; подигнување на дигиталната и компјутерска писменост кај земјоделските производители и здруженијата во секторот, затоа што оваа криза сепак на земјоделците им покажа дека дигитализацијата на производството е нужна, како и менувањето на начинот на комуницирање и започнување на користењето на современи онлајн дигитални алатки; подигнувањето на свеста, но и информираноста, како за вирусот, така и за потребата од почитување на препораките и користење на заштитни средства и опрема.

**24. Евалуација на трудот со реден број 24: Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2023) *Управувачко сметководство.* Универзитет „Гоце Делчев"– Штип, Универзитет „Гоце Делчев"– Штип. ISBN 978-608-277-007-9 (универзитетски учебник)**

Учебникот „Управувачко сметководство" од авторките проф. д-р Благица Колева и проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска детално го разработува управувачкото сметководство, како алатка која му помага на менаџментот во остварување на поставените цели на компанијата. Имено, при донесување одлуки, менаџментот ги комбинира информациите за трошоците кои ги прави компанијата со останати информации, вклучувајќи и лична проценка за деловните активности и нивните нефинансиски ефекти. Учебникот содржи теоретска разработка на управувачкото сметководство и неговото значење во управувањето со работењето на компаниите, во правец на остварување на дефинираните цели, пред сè преку управување и контрола на трошоците, како и практични примери и пресметки

кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа значајна и динамична проблематика. Креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите стекнување знаења за целите, задачите и улогата на управувачкото сметководство, изготвување калкулации, осознавање на методите за пресметка на трошоците на учиноците и примена на сите овие информации во донесување на ефикасни деловни одлуки.

**25. Евалуација на трудот со реден број 25: Koleva, Blagica (2021) *Сметководствени информациони системи.* Универзитет „Гоце Делчев“– Штип, Универзитет „Гоце Делчев“– Штип. ISBN ISBN 978-608-244-841-1 (универзитетски учебник)**

Учебникот „Сметководствени информациони системи“ од авторката проф. д-р Благица Колева претставува заокружена целина на материјалот поврзан со сметководствениот систем во целина, од неговиот развој до процесот на анализа и дизајнирање на сметководствените информациски системи. Учебникот е наменет првенствено за изучување на предметот Сметководствени информациони системи од страна на студентите на Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, за сите насоки на прв циклус студии.

Учебникот е креиран врз основа на потребата од создавање учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите стекнување на знаења за сметководствено-информацискиот систем, преку поим, задачи и цели за деловен информациски систем, системска структура, развој и контрола на сметководствените информациски системи и сметководствените информациски технологии и софтвери кои претставуваат важна инфраструктура без која не може да се замисли современото работење на еден деловен субјект. За таа цел, учебникот се одликува со голема теоретска и практична значајност, разбирањето и правилната примена на концептите, принципите и барањата на сметководствените информациски системи имаат огромно значење за презентација на веродостојна и објективна слика за финансиската состојба и успешност на деловните ентитети, како и за потребите на сите заинтересирани стејкхолдери од квалитетни, веродостојни и разбирливи информации. Оттука, сметам дека учебникот ќе даде значителен придонес во збогатување на материјата која ја обработува и ќе им помогне како на студентите, така и на пошироката стручна јавност во полесно совладување на оваа значајна проблематика.

**26. Евалуација на трудот со реден број 26: Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2020) *Основи на сметководство.* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип. ISBN 978-608-244-770-4 (универзитетски учебник)**

Учебникот „Основи на сметководство“ од авторите проф. д-р Благица Колева и проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска претставува заокружена целина на материјалот поврзан со сметководствена евиденција на економските настани и трансакции во деловните ентитети. Учебникот е наменет првенствено за изучување на предметот Основи на сметководство од страна на студентите на Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, за сите насоки од прв циклус на студии. Учебникот е креиран врз основа на потребата од создавање учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите стекнување на знаења за основите на сметководството, преку основните сметководствени поими, принципи, цели, до сметководствен третман на сите видови на средства, обврски,

капитал, приходи и расходи и изготвување на основните финансиски извештаи за целите на екстерното финансиско известување на деловниот ентитет.

**27. Евалуација на трудот со реден број 27: Trajkovska, Mihaela and Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2023) *Методи за пресметка на трошоците.* Годишен зборник на Економски факултет, УГД, Штип, 15 (24). ISSN 1857-7628**

Предмет на обработка во овој труд претставуваат методите за пресметка на трошоците, со посебен осврт на современите методи, преку анализа на начинот на кој истите ги опфаќаат и пресметуваат сметководствените трошоци, со цел за што е можно попрецизно одредување на цената на чинење на учиноците.

Современите методи за пресметка на трошоците имаат значајна улога во современите пазарни економии, заради сѐ поизразената потреба за хармонизација на производствените процеси и ефикасно управување со финансиите, односно зголемување на профитот на компаниите. Традиционалните системи за пресметка на трошоците се недоволно ефикасни во управувањето со производството, затоа што во услови на развиени и високо конкурентни пазари, се јавува потреба во исто време да се произведува поевтино, со повисок квалитет и побрзо во однос на конкуренцијата. Ова може да се постигне со воведување и примена на современите методи за пресметка на трошоците, кои имаат различни цели и со самото тоа, не се универзални за сите типови на индустрии.

Врз основа на различните потреби на компаниите и поставените цели на работењето, менаџментот избира еден од методите за пресметка на трошоците, кој најдобро ги задоволува потребите на сметководството и стратешкиот менаџмент на компанијата.

**28. Евалуација на трудот со реден број 28: Milanova, Anita and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2023) *Развој на сметководството.* Годишен зборник на Економски факултет, УГД, Штип, 15 (25). ISSN 1857-7628**

Целта на оваа анализа е да се разбере современиот свет на сметководството, но преку призмата на неговите почетоци кои датираат уште пред околу 10.000 години од нашата ера. Сметководствените информации ги обезбедува сметководствениот информациски систем, кој како потсистем на информациски систем на компанијата има големо значење и улога. Сметководството преку планирањето, контролата и анализата, како и преку компјутерската обработка на информациите, е еден од најважните инструменти за ефикасно управување со компаниите.

Почетоците на сметководството датираат уште од античка Месопотамија (со почетоците на цивилизацијата), односно потребата за евиденција се јавила со појавата на писменоста и на „размената", како и парите како средство за размена. Од тогаш, па до денес сметководството постојано еволуирало и се приспособувало согласно со тековните промени. Дел од предизвиците и потребите за развојот се обелоденети во овој труд. Сметководството како професија се развивало и претрпело промени, но темелите останале исти. Приспособливоста, континуитетот, ажурноста и навременоста останале темел за развој на професијата до денешното ниво. Сите промени во општествениот поредок, формите на организациите, околностите, како и глобализацијата не успеале да ја разнишаат сметководствената нишка, туку напротив таа секогаш нашла начин да го зацврсти нејзиното постоење.

**29. Евалуација на трудот со реден број 29: Spasovska, Olivera and Koleva, Blagica (2023) *Консолидација на финансиски извештаи.* Годишен зборник на Економски факултет, УГД, Штип, 15 (24). ISSN 1857-7628**

Во овој труд авторите го анализираат остварувањето на основните финансиски функции во една компанија, како што се алокација на средствата за одделни намени, остварување на оптимална комбинација на изворите за финансирање на одделните активности и остварување на ефикасна распределба на финансискиот резултат во согласност со поставените цели на работењето, се базираат врз податоците од нејзините финансиски извештаи. Финансиските извештаи на една компанија можат да бидат многу сложени, факт кој дополнително го истакнува значењето на финансиската анализа, преку која сложените податоци од финансиските извештаи се сведуваат на разбирливи показатели за нивните корисници - стејкхолдери. Извештајот за финансиска состојба претставува дел од задолжителниот сет на финансиски извештаи кои се изготвуваат од страна на секој деловен субјект, на крајот на секој пресметковен период. Значењето на овој финансиски извештај е големо во ефикасното менаџирање со компаниите.

**30. Евалуација на трудот со реден број 30: Tasevska, Bisera and Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2023) *Перспективи и предизвици на сметководствената професија во РС Македонија.* Годишен зборник на Економски факултет, УГД, Штип, 15 (25). ISSN 1857-7628**

Во овој труд се анализирани перспективите и предизвиците со кои се соочува сметководствената професија во РС Македонија со цел разработка на денешните и идните проблеми на сметководствената струка, како и новите предизвици. Клучот да се разбере еден бизнис се наоѓа во разбирањето на неговото сметководство. Сметководството има централна улога во работењето на секој модерен бизнис. Сметководството како професија во развојот на економијата на една земја е од непроценлива важност. Сметководителите се јадрото на економијата, важна алка помеѓу државата и бизнис секторот, одговорни за пресметување и прибирање на даноците од кои се полни буџетот, сметководителите се консултанти на бизнис секторот. Сметководителите се исправени пред предизвикот континуирано да го надградуваат сопственото знаење и умеење и постојано да пронаоѓаат начини, методи и технологии. Сметководителите се во позиција да мора да го приспособат својот начин на функционирање, со нови информатички технологии и придобивките кои истите ги нудат. Сметководствената професија, исто како и многу други професии, се испречува пред предизвикот наречен континуирана едукација и знаење од повеќе области, вклучувајќи ја и информатичката технологија. Оние сметководствени компании кои ќе успеат да направат трансфер на своето знаење и умеење, кои постојано и успешно ќе менаџираат со знаењето на своите вработени и ќе бидат во тек со новите информатички технологии, ќе успеат во голема мера да остварат компаративни предности во однос на конкуренцијата.

**31. Евалуација на трудот со реден број 31: Stoilkova, Viki and Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2023) *Сметководствената професија во новата дигитална ера.* Годишен зборник на Економски факултет, УГД, Штип, 15 (25). ISSN 1857-7628**

Предмет на анализа во овој труд претставуваат промените со кои се соочува сметководствената професија во новата дигитална ера, со посебен осврт даден на клучните предизвици и технологиите кои можат да дадат придонес за нивно надминување. Сметководствената професија, како неизоставен дел од корпоративното управување, се соочува со значителни промени во контекстот на новата дигитална ера. Воведот на напредни технолошки иновации, како што се вештачка интелигенција, „облак“ компјутерски системи и блокчејн технологија,

придонесува досегашните методи и практики во сметководството да исчезнат. Трудот се фокусира на разбирањето на тоа како сметководствената професија треба да се адаптира и интегрира со овие нови технологии.

Со воведување на вештачката интелигенција, сметководителите имаат можност да автоматизираат многу рутински задачи, што ќе им овозможи да се фокусираат на стратешки и аналитички аспекти на својата работа. Истовремено, „облак“ компјутерски системи обезбедуваат можност за повеќефункционалност и мобилност, овозможувајќи пристап до податоци од каде било и кога било. Блокчејн технологијата, со својата дистрибуирана и непроменлива природа, придонесува за обезбедување на интегритетот и сигурноста на финансиските трансакции.

**32. Евалуација на трудот со реден број 32: Hristoska, Blagica and Koleva, Blagica (2023) *Финансиската анализа како методолошки инструмент за оценка на стабилноста и успешноста на компаниите.* Годишен зборник на Економски факултет, УГД, Штип, 15 (25). ISSN 1857-7628**

Предмет на обработка во овој труд претставува финансиската анализа како еден од методолошките инструменти преку која може да се направи една првична оценка каква стабилност и успешност има дадена компанија. Финаниската анализа претставува селекција, евалуација и интерпретација на финансиски податоци и други релевантни информации кои овозможуваат проценка на оперативните перформанси и финансиската состојба на компанијата или индустријата. Финаниската анализа мора да ги земе предвид сите релевантни економски информации кои може да влијаат врз работењето на економскиот ентитет, вклучени, но не и лимитирани во нивните финансиски извештаи. Функцијата на финансиската анализа е да им овозможи на оние кои партиципираат на финансиските пазари да формираат свои сопствени рационални очекувања за идните економски настани, посебно за вредноста, тајмингот и несигурноста на идниот готовински тек на компанијата. Преку овој процес финансиските аналитичари формираат мислења за апсолутната и релативната вредност на индивидуалните компании, донесуваат инвестициски одлуки или поттикнуваат тие да бидат донесени.

**33. Евалуација на трудот со реден број 33: Tasevska, Bisera and Koleva, Blagica and Trajkovska, Olivera (2022) *Квалитетно управување со залихите-Предуслов за ефикасно работење на претпријатието.* Yearbook 2022, 23 (14). ISSN 1857-7296**

Целта на овој труд е управувањето со залихите како еден од битните предуслови за ефикасно и успешно работење на претпријатијата. Цел на управувањето со залихите е одржување на оптимално ниво на залихи во компанијата. Надминувањето на оваа ниво може да предизвика премногу трошоци за чување и одржување, а од друга страна кусок на залиха може да го стопира или задоцни производствениот процес. Доколку бенефитот од залихите е поголем од трошоците, тогаш е разумно претпријатието да ги чува залихите. Има голем број проблеми при одредување на економски оптималното ниво и за тоа како да се конвертираат или елиминираат сите релевантни вишоци или кусоци на залихите. Утврдувањето на економската количина на порачка (EOQ) и моментот на чување на нарачката е друг проблем кој е познат за менаџментот. Затоа секое претпријатие за да може да опстане на пазарот, да има ефикасно и ефективно деловно работење, да носи добри деловни одлуки и да биде профитабилно, неопходно е соодветно да управува со своите залихи, а за да го постигне тоа треба да располага со соодветен систем за евиденција на залихите, и вистинска стратегија, методи и алатки за управување со залихите.

**34. Евалуација на трудот со реден број 34: Shuajibi, Elmedina and Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2022) *Форми на финансирање на малите и средни претпријатија.* Yearbook 2022, 23 (14). ISSN 1857-7296**

Во услови на глобална економска криза проблемите во врска со обезбедувањето соодветни извори за финансирање на бизнисите стануваат се поизразени. Деловните субјекти е неопходно да извршат оптимализација на изворите на финансирање, што ќе овозможи максимизирање на крајните финансиски ефекти, од една страна, и минимизирање на почетните вложувања, од друга страна. Интересот на деловните субјекти за оптимализација на изворите на финансирање произлегува од нивното влијание врз ликвидноста и профитабилноста на работењето. Самофинансирањето претставува најевтин облик на финансирање на процесот на репродукција, бидејќи деловниот субјект не го оптоварува со камати, ниту со обврска за враќање на главницата, што не е случај со туѓите извори на финансирање. Ваквиот начин на финансирање овозможува висок степен на финансиска независност при донесување на финансиските одлуки, како и флексибилност во водењето на финансиската политика и распределбата на добивката. Меѓутоа, деловните субјекти не можат да го финансираат својот раст и развој исклучиво од сопствени извори. Имено, тие често се потпираат и на позајмените извори, односно на кредитите од банките и другите финансиски институции, емисијата на хартии од вредност, специфичните облици на финансирање, како што се: факторниг финансирањето, форфетинг финансирањето, лизингот и финансирањето со франшиза. При донесувањето одлука за избор на соодветен извор на финансирање, деловниот субјект треба да има предвид определени фактори, од кои позначајни се следниве: актуелните услови на пазарот на капитал, степенот на задолженост на деловниот субјект, цената на акциите, даночната политика, степенот на развој на деловниот субјекти и сл. Во многу потешка ситуација во однос на големите, се малите и средни претпријатија, кои имаат ограничен пристап до изворите на финансирање на нивното работење.

**35. Евалуација на трудот со реден број 35: Koleva, Blagica and Mladenova, Glorija (2021) *Подготвување, презентација и анализа на билансот на состојба.* Yearbook 2021, 22. ISSN 1857-7628**

Во овој труд е анализирано остварувањето на основните финансиски функции во една компанија базирани врз податоците од нејзините финансиски извештаи. Финансиските извештаи на една компанија можат да бидат многу сложени, факт кој дополнително го истакнува значењето на финансиската анализа, преку која сложените податоци од финансиските извештаи се сведуваат на разбирливи показатели за нивните корисници – стејкхолдери. Билансот на состојба претставува дел од задолжителниот сет на финансиски извештаи кои се изготвуваат од страна на секој деловен субјект, на крајот на секој пресметковен период. Значењето на овој финансиски извештај е големо во ефикасното менаџирање со компаниите.

Целта на овој труд е да се објасни изготвувањето и значењето на Билансот на состојба, како дел од сетот на финансиски извештаи кои ги изготвуваат деловните субјекти, преку обработка на поимот, формите во кои се составува, содржината и обработка на финансиските показатели кои се пресметуваат со користење на билансните позиции од овој извештај.

**36. Евалуација на трудот со реден број 36: Koleva, Blagica and Atanasova, Natalija (2021) *Анализа на билансот на состојба како основа за ефикасно***

***деловно одлучување.*** **Yearbook 2021, 22. ISSN 1857-7628**

Фокусот на овој труд е анализата на Билансот на состојба како основа за ефикасно деловно одлучување. Билансот на состојба е моментална слика на финансиската положба на некое претпријатие на одреден ден. Овој извештај ја покажува големината и структурата на средствата и изворите на финансирање. Билансот на состојба е исклучително важна финансиска основа при носење деловни одлуки и поради тоа, мора да дава веродостоен, објективен и сигурен преглед на средствата, капиталот и обврските, промените во финансиската состојба и финансискиот резултат од работењето. Значењето на овој финансиски извештај е големо и во ефикасното менаџирање со компаниите.

**37. Евалуација на трудот со реден број 37: Koleva, Blagica and Velkakova, Sanja (2021)** ***Управување со залихи - клуч за успешно деловно работење.*** **Yearbook 2021, 22. ISSN 1857-7628**

Во овој труд авторите го анализираат управувањето со залихите кое директно влијаат на подобрување на ефикасноста и зголемување на ефективноста на компанијата. Менаџментот е заинтересиран за залихите и затоа ги планира и контролира. Поради тоа, потребен е ажурен систем на нивна евиденција. Со вистинска стратегија и алатки за управување со залихите, се оптимизира нивото на залиха во магацинот. Порастот на вредноста на неконкурентни залихи е сигнал за лошо работење и потенцијална загуба. Менаџментот треба постојано да го анализира нивото на залихи, како на залихите кои се чуваат како предмети за работа, исто така и на залихите на готовите производи и стоки, со цел да ги намали или избегне финансиските расходи од нивно непотребно чување. Одржувањето на вистински потребното ниво на залихи, има големо влијание на успешноста кај сите бизниси, независно од големината.

**38. Евалуација на трудот со реден број 38: Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Krsteva, Viktorija (2021)** ***Современите методи за пресметка на трошоците како основа за подобрување на конкурентската предност на компаниите.*** **Годишен зборник, Економски факултет. ISSN 1857-7628**

Управувањето со трошоците значи нивно рационално намалување со основна цел зголемување на профитабилноста на компаниите. Ефикасното управување со трошоците овозможува реализација на поставените цели на работењето и остварување конкурентска предност на компаниите на пазарот. Ова всушност значи поефикасна употреба на расположивите ресурси и строга контрола на трошоците, преку намалување на активностите што резултираат со високи трошоци. Поради интензивните промени во технологијата и пазарните услови, традиционалните сметководствени системи за пресметка на трошоците станале несоодветни. Тие се појавиле во време кога многу компании имале мал обем на производство, а директната работна сила и материјалите биле главните трошоци на производството. Денес ситуацијата е значително променета. Компаниите произведуваат во големи размери, директната работна сила има мал удел во вкупните трошоци, а оперативните трошоци се зголемуваат.

Во обид за поефикасно управување со трошоците развиени се бројни современи методи за нивна пресметка, со што се овозможува донесување на оптимални деловни одлуки и зголемување на успешноста во работењето на компаниите.

**39. Евалуација на трудот со реден број 39: Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Koleva, Blagica (2021) *Примена на Меѓународните стандарди за финансиско известување во услови на Ковид 19.* Годишен зборник, Економски факултет. ISSN 1857-7628**

Предмет на овој труд претставува обработка на предизвиците со кои се соочуваат деловните ентитети во примената на Меѓународните стандарди за финансиско известување во услови на ковид кризата. Со истите тие предизвици се соочуваат и ревизорите кои ги ревидираат објавените финансиски извештаи, како и инвеститорите кои донесуваат одлуки врз основа на истите. Годините 2020, како и 2021, беа и сè уште се сведок на најекстремната економска криза во 21 век. За разлика од рецесиите што се случија во изминатите две децении, оваа криза е резултат на пандемијата предизвикана од коронавирусот Ковид-19. Најголем дел од деловните ентитети кои работат во турбулентно економско опкружување, со многу нови предизвици и во услови на зголемена неизвесност, се соочуваат со зголемена комплексност во финансиското известување за влијанието на Ковид-19 врз нивните финансиски извештаи.

**40. Евалуација на трудот со реден број 40: Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica (2020) *Влијанието на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 врз македонската економија.* Годишен зборник, Економски факултет. ISSN 1857-7628**

Овој труд има за цел да ги анализира економските последици од глобалната пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19 врз нашата земја. Во трудот, направена е анализа на неколку клучни економски варијабли, со цел да се види дали и како тие се погодени од вирусната инфекција предизвикана од Ковид -19. Резултатите од анализата во трудот укажуваат на фактот дека имајќи ја предвид отвореноста на нашата економија, негативните ефекти лесно можат да се прелеат од другите економии. Покрај тоа, и во рамките на нашата економија последиците можат да се прелеваат од еден сектор во друг, при што фирмите ќе се соочат со намалена ликвидност, поради намалување на производството, што пак, ќе го намали бројот на вработени, а долгорочно и ќе предизвика пад на бруто домашниот производ.

**41. Евалуација на трудот со реден број 41: Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Miteva-Kacarski, Emilija (2020) *Анализа на влијанието на бруто домашниот производ врз берзанскиот индекс МБИ 10 во Република Северна Македонија.* Зборник на трудови, Економски факултет. ISSN 1857- 7296**

Во овој труд предмет на анализа е влијанието на БДП врз берзанскиот индекс МБИ 10 во Република Северна Македонија. Резултатите од анализата во трудот укажуваат на тоа дека движењата на берзата и на цените на акциите често се непостојани и понекогаш не се многу корелирани од економските фактори. Оттука, тешко е да се идентификуваат сите специфични фактори кои влијаат на берзата како целина, бидејќи таа претставува сложен, меѓусебно поврзан систем на големи и мали инвеститори, кои често донесуваат некоординирани одлуки за различните инвестициони можности. Сепак, согласно со презентираните податоци во трудот, бројни макроекономски фактори влијаат на цените на акциите и на берзанските индекси, што предизвикува нивен нагорен или надолен тренд. Бруто домашниот производ како една од макроекономските варијабли влијае на зголемување на профитот на компаниите, а со тоа и на цената на нивните акции.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Благица Колева е посветен наставник и истражувач од наставно-научната област сметководство, кои ги извршува професионално и стручно. Нејзиниот опус во научната и образовната литература е исклучително широк и корисен, со авторско портфолио кое се состои од над 100 литературни единици, објавени во референтни научни публикации, научни собири, годишни зборници и сл. Д-р Благица Колева учествувала и во проекти од научноистражувачки и стручно-апликативен карактер, од кои дел се реализирани во рамките на Фондот за научноистражувачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а дел се поддржани од екстерни извори.

И во наставно-педагошкиот дел д-р Благица Колева, исто така има богато професионално искуство. За време на нејзината кариера во високото образование од помлад асистент до вонреден професор покривала бројни предмети на Економскиот факултет како што и има учество на Факултетот за информатика и Машински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Со својата активност на Катедрата за сметководство и ревизија се потврдува не само со покривањето на значајни предмети од оваа област, туку таа долго време ја врши и функцијата раководител на оваа катедра. Во извршувањето на нејзината професија, односно наставно-образовната дејност, д-р Благица Колева е исклучително посветен наставник, секогаш приемчива и достапна за студентите и колегијална кон останатите професори, а во презентацијата на наставната материја применува јасен и експлицитен пристап со примена на класичните, но и современите педагошки методи за пренесување на знаењата.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на претходно изнесените биографски податоци и елаборираните информации за наставно образовната, научноистражувачката, стручно апликативната и организациско-развојната дејност на пријавениот кандидат за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област сметководство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со задоволство констатира дека вонреден професор д-р Благица Колева во целост ги исполнува барањата во конкурсот, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Оценувајќи ги постигнатите резултати во текот на образованието и досегашното работно искуство на кандидатот, Комисијата го констатира следново:

1. Кандидатката вонр. проф. д-р Благица Колева има одбрането докторска дисертација од областа на сметководството, која соодветствува на областа за која е распишан конкурсот за избор на еден наставник во сите звања;
2. Од листата на објавени научноистражувачки и стручни трудови и нивната содржина, Комисијата утврди дека кандидатката вонр. проф. д-р Благица Колева има објавено голем број трудови од областа на сметководството, во референтни научни публикации, домашни и меѓународни научни списанија, како и учество на бројни домашни и меѓународни конференции;

3. Преку досегашната работа и искуство на високообразовна институција, во областа на сметководството, кандидатката вонр. проф. д-р Благица Колева се издвојува и според стекнатото наставно искуство.

4. Стручно-апликативната и организациско-развојната надградба на кандидатката, докажана со приложените сертификати за стекнати квалификации од областа на сметководството, несомнено покажуваат дека се работи за кандидат кој може да даде посебен придонес, како во унапредување на сметководствената професија, така и во пренос на стекнатите практични познавања на студентите.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката вонр. проф. д-р Благица Колева во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според конкурсот за избор на еден наставник во сите звањаво наставно-научната област сметководство.

Оттаму, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип вонредниот професор д-р Благица Колева да биде избрана во **звањето редовен професор во наставно-научната област сметководство (5.02.00.06)** и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатот да биде избран во наставно-научното звање редовен професор за претходно назначената област на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. д-р Пеце Николовски, редовен професор, член, с.р.
Проф. д-р Биљана Ангелова, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| **5.** | Избор во звање вонреден професор (Одлука број 1202-97/3 од 20.8.2019) | 1 | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>прв автор (р.бр. 1,2, 3,4,6,9 ) = 6 * 9 = 54,<br>втор автор (р.бр.5, 7,8) = 3 * 6 = 18, останати автори (р.бр.10,11,12) =3* 3=9, | 2<br>3<br>2 | 9<br>6<br>3 | 4<br><br>1 | 9<br><br>3 | 81 |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (р.бр. 15,18) | | | 2 | 3 | 6 |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (реден број 13,14,16)<br>предавање преку Центарот за кариера и развој при УГД<br>- Презентација на тековните работни обврски на сметководителот;<br>- Предизвици во сметководствената професија во РС Македонија;<br>-Основање на виртуелно претпријатие-изготвување и презентирање на финансиските извештаи;) | 3 | 3 | | | 9 |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно),<br>во земјава (р.бр.48,49,50,51,54,55,56,57,59)=9*1=9<br>во странство (р.бр. 15,18, 48,52)= 4*2=8 | 9 | 1 | 4 | 2 | 17 |
| **14.** | Учесник во научен проект (р.бр19,20,21) | 3 | 2 | | | 6 |
| **16.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (р.бр. 83) | | | 1 | 1 | 1 |
| **17.** | Уредник на зборник на трудови (р.бр.64) | 1 | 2 | | | 2 |
| **20.** | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал:<br>-Член на научен одбор за Трета меѓународна научно-стручна конференција ICBEF, одлука бр.1202-65/25 од 5.5.2021 година.<br>-Член на организациски одбор на Четврта меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии ICBEF, одлука бр. 1202-73/3 од 20.6.2024 година.<br>-меѓународен ден на сметководството | 3 | 1 | | | 3 |
| **24.** | Рецензент на научен труд | 2 | 1 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **127** |

| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга/учебник (реден број 24,25, 26) | 3 | 10 | | | 30 |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание (р.бр.27-41) | 15 | 2 | | | 30 |
| **13.** | Учесник на научен проект | 2 | 5 | | | 10 |
| **15.** | Техничко унапредување<br>- Лиценца за вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење ( издадено од Министерство за правда);(р.бр.42)<br>- Уверение за овластен проценител на капитал на трговски друштво, јавни претпријатија и други субјекти (издадено од Министерство за економија); (р.бр. 43)<br>- Уверение за овластен сметководител (издадено од Министерство за финансии);(р.бр.44) | 3 | 2 | | | 6 |
| **17.** | Елаборати и експертизи (елаборат за прв, втор и трет циклус на студии на Економски факултет,стручни вештачења од областа на сметководствено и финансиско работење) | 10 | 2 | | | 20 |
| **26.** | Раководител на катедра/оддел/центар (р.бр.65,66) | 2 | 3 | | | 6 |
| **27.** | Член на универзитетски и владини тела (ННС на трет циклус на Кампус 4) | 1 | 5 | | | 5 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (комисија за самоевалуација, комисија за признавање на испити и акредитација на факултетот до ACCA (Association of Chartered Certified Accountants), London, комисија за избор на ректор и продекани, комис. избор во звање, ННС,) (р.бр.68,69,70,71,74,78,) | 6 | 2 | | | 12 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **119** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **286** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1202-78/6 од 5.7.2024 година, донесена на 252. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 5.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *меѓународна економија* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **проф. д-р Силвана Мојсовска**, редовен професор на Економски институт - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
- **проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов**, редовен професор на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член);
- **проф. д-р Искра Станчева-Гигов,** редовен професор на Економски институт-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” од 26.6.2024 година и во предвидениот рок единствено се пријави **д-р Емилија Митева-Кацарски**, вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатката **д-р Емилија Митева-Кацарски**, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во согласност со барањата во конкурсот ги има доставено следниве документи:

1. Пријава;
2. Диплома за завршено соодветно образование – за одбранета докторска дисертација и стекната квалификација доктор на економски науки од областа Меѓународна економија (1 оригинал и 3 копии заверени кај нотар, веродостојни на оригиналот);
3. Диплома и уверение за положени испити за стекната високообразовна квалификација – магистер на економски науки од областа Меѓународна економија, со просечен успех 9,85;
4. Диплома и уверение за положени испити за стекната високообразовна квалификација – дипломиран економист на студиската програма Меѓународна економија, со просечен успех 9,29;
5. Кратка биографија (4 примероци);
6. Список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите;
7. Потврда/сертификат дека се служи со еден странски јазик;
8. Докторски и магистерски труд (по 1 примерок во печатена форма);
9. Уверение за државјанство (1 оригинал);
10. Рецензиран универзитетски учебник од областа меѓународна економија (1 примерок во печатена форма и достапен на е-библиотека на УГД);
11. Дополнителни потврди и сертификати: сертификати за реализирани обуки и проекти во земјава и во странство како и потврди за учество во комисии во работата на Економски факултет при УГД.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Емилија Митева-Кацарски е родена на 8.9.1982 година во Струмица. Основно образование завршува во ОУ „Гоце Делчев“ – Василево. Средно образование завршува во 2001 година во СОУ „Јане Сандански“ во Струмица – економска насока. Во учебната 2001/2002 година се запишува на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Прилеп на студиската програма Меѓународна економија и дипломира на истиот во 2005 година со просек 9,29. Во академската 2006/2007 година се запишува на постдипломски студии на насоката Меѓународна економија на Економскиот институт-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што во декември 2009 година со просечна оценка од положени испити 9.85 и со успешна одбрана на магистерскиот труд на тема „Каузалната поврзаност на трговијата и процесот на економска глобализација“ се стекнува со научен степен магистер на економски науки од областа на меѓународната економија.

Д-р Емилија Митева-Кацарски понатаму го продолжува високото образование со упис на трет циклус студии по менторски систем, во мај 2011 година, на Економскиот институт-Скопје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје. Кандидатката успешно ја одбранува докторската дисертација од областа меѓународна економија со наслов „Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови“ на 3.7.2014 година, со што се стекнува со звањето доктор на економски науки.

Во 2007 година, д-р Емилија Митева-Кацарски се вработува како помлад асистент во областа меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2010 година таа е избрана за асистент, а потоа во 2013 година е реизбрана во истата област. Во тој временски период остварила забележителни научноистражувачки и наставно-образовни активности. На 3.12.2014 година, д-р Емилија Митева-Кацарски е избрана за доцент при Економскиот факултет во наставно-научната област меѓународна економија, додека на 20.08.2019 година е избрана во звањето вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија. За време на овој изборен период кандидатката има забележителни наставно-образовни и научноистражувачки активности како што се: наставно-образовен ангажман на предметите Меѓународна економија, Надворешна трговија, Меѓународен бизнис и Царински систем и политика на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и наставниот ангажман на предметите Меѓународни економски односи на Правниот факултет и Меѓународен бизнис на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип; учествува на повеќе меѓународни конференции; има објавени научни и стручни трудови во меѓународни списанија; автор е на скрипта и практикум во областа меѓународна економија; автор е на рецензиран универзитетски учебник во областа меѓународна економија, член е во неколку научни и стручно-апликативни проекти и слично.

Кандидатката д-р Емилија Митева-Кацарски и денес работи на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип како вонреден професор во наставно-научна област меѓународна економија.

**Општи услови за избор:**

- Кандидатката д-р Емилија Митева-Кацарски има завршено прв циклус на студии со просечен успех 9.29 и стекнато звање дипломиран економист, област меѓународна економија. Постдипломски/магистерски студии има завршено со просечен успех 9.85 и стекнато звање магистер по економски науки, област меѓународна економија.
- Д-р Емилија Митева-Кацарски има научен степен доктор на економски науки, област меѓународна економија.
- Со Одлука бр. 1202-97/4 од 20.9.2019 година, д-р Емилија Митева-Кацарски е избрана за вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за наставно-научната област меѓународна економија.
- Кандидатката има објавено најмалку шест рецензирани научни труда во референтни научни публикации во последните пет години пред објавувањето на огласот за овој избор, согласно со Законот за високо образование по кој е распишан овој Конкурс:

| Р. бр. | Автор | Наслов на трудот | Наслов на публикацијата | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Lazarov, Darko and **Miteva-Kacarski, Emilija** | *Intraregional trade perspective and untapped trade potentials of the Western Balkan region.* | Economic Horizons Journal, 25 (3). pp. 243-259. ISSN 2217-9232 | 2023 |
| 2 | Lazarov, Darko and **Miteva-Kacarski, Emilija** and Nikolov, Misho | *Empirical analysis of Covid-19 crisis effects on the WB6 region.* | Journal of Economics, 8 (1). pp. 20-28. ISSN 1857-9973 | 2023 |
| 3 | **Miteva-Kacarski**, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Gorgieva-Trajkovska, Olivera | *Analysis of the trade relations between the countries being part of the Open Balkan initiative.* | Journal of Economics, 7 (2). pp. 40-47. ISSN 1857-9973 | 2022 |
| 4 | **Miteva-Kacarski, Emilija** and Cabuleva, Kostadinka and Paceskoski, Vlatko | *COVID-19 and non-tariff measures.* | Journal of Economics, Special Issue. pp. 185-195. ISSN 1857-9973 | 2021 |
| 5 | **Miteva-Kacarski, Emilija** and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna | *Analysis of the trade relations between the Republic of North Macedonia and Great Britain* | Journal of Economics, 6 (2). pp. 9-21. ISSN 1857-9973 | 2021 |
| 6 | Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and **Miteva-Kacarski, Emilija** and Koleva, Blagica | *The impact of Covid-19 on Western Balkans economies.* | Journal of Economics. ISSN 1857-9973 | 2020 |
| 7 | **Miteva-Kacarski, Emilija** and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna | *Analysis of the trade relations between the Republic of North Macedonia and the Republic of Serbia.* | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 41 (1). pp. 143-149. ISSN 2545-4439 | 2020 |

- Кандидатката доставила сертификат за познавање на англиски јазик.
- Покажува способност за наставно-научна дејност. Реализира настава (предавања и вежби) на првиот и вториот циклус на студии, член е на комисии

за изработка на студиски програми, ментор е на дипломски трудови, член е на комисии за одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови, истражува и популаризира резултати од областа во која е избрана. Била вклучена во проектни активности наменети за студентите.

**Посебни услови:**

Во текот на својата универзитетска кариера д-р Емилија Митева-Кацарски има учествувано во научноистражувачки и апликативни проекти.

Во рамките на проектот „Деловниот еко-систем како интегриран систем", со акроним Be In (Business eco-system as an integrated system), финансиран од Европската унија преку програмата за меѓугранична соработка „ИНТЕРРЕГ ИПА Грција-Република Северна Македонија 2014-2020" и реализиран од страна на проектни партнери: Регионот Централна Македонија од Грција, како водечки партнер, Центарот за истражување од Универзитетот „Македонија", исто така од Грција, Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, преку Економскиот факултет и Центарот за развој на Југоисточниот плански регион од Струмица, во периодот 17.1.2020-10.12.2023 година, д-р Емилија Митева-Кацарски е ангажирана како проектен асистент. Основната цел на проектот, насочена кон развој и поддршка на локалната економија, претставува креирање на интегриран, кохерентен и иновативен бизнис еко-систем.

Во рамките на проектот „Mapping the existing and prospective supply chain participants in WB6 countries", чијашто основна цел е да се идентификуваат постојните и потенцијалните учесници во синцирот на снабдување во земјите од Западен Балкан од автомобилската индустрија и агропрехранбениот сектор, реализиран во периодот 1.6.2021-15.12.2021 година, д-р Емилија Митева-Кацарски е ангажирана како експерт во проектниот тим.

Д-р Емилија Митева Кацарски успешно има фасилитирано три работилници за кариерен развој во периодот 28-31.7.2020 година, во рамките на проектот „VOCCESS Online – Erasmus + KA2 Project", чијашто основна цел е да им помогне на младите од 14-27 години подобро да се запознаат себеси, да направат план за посакуваната кариера, да ги препознаат нивните таленти, карактеристики, вредности и способности и да разберат како тие влијаат врз нивниот избор на професија.

Во рамките на проектот „Креирање на регионални центри за претприемништво во Источна Македонија", реализиран во периодот 30.9.2019-30.11.2020 година, д-р Емилија Митева-Кацарски е ангажирана како ЦЕФЕ обучувач на обуки за бизнис вештини. Обуките се реализирани според ЦЕФЕ методологијата, којашто содржи практични вежби како и симулации на реални ситуации кои ги ставаат учесниците во улога на претприемачи.

Д-р Емилија Митева-Кацарски е ментор на повеќе дипломски трудови на студенти на Економски факултет, член во комисии за одбрана на дипломски работи и магистерски трудови, како и член на комисии за оцена и одбрана на докторски трудови на матичната институција.

Д-р Емилија Митева-Кацарски има објавено рецензиран универзитетски учебник на е-библиотека на УГД:

Miteva-Kacarski, Emilija (2023) *Надворешна трговија-учебник.* Универзитет Гоце Делчев, Штип, Северна Македонија. ISBN 978-608-277-018-5.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Наставно-образовниот ангажман на **д-р Емилија Митева-Кацарски** започнува уште од 2007 година, кога е избрана за помлад асистент во наставно-научната област меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Во 2010 година таа е избрана за асистент, а потоа во 2013 година е реизбрана во истата научна област. Во тој временски период, кандидатката остварила забележителни научноистражувачки и наставно-образовни активности.

На 3.12.2014 година е избрана во доцент при Економскиот факултет во наставно-научната област меѓународна економија. Во временскиот период на избор во звање доцент е ангажирана на прв циклус на студии на предметите Меѓународна економија, Надворешна трговија, Царинска политика и Меѓународен бизнис. Во истиот период, кандидатката е член на комисија за изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус на студии на Економски факултет.

На 20.8.2019 година е избрана во звањето вонреден професор на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, за наставно-научната област Меѓународна економија. Во овој изборен период реализира предавања и вежби по предметите: Меѓународна економија, Надворешна трговија, Царински систем и политика и Меѓународен бизнис.

Кандидатката била ментор на повеќе дипломски трудови како и член на комисии за одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови како дел од наставно-образовниот процес на студентите на прв, втор и трет циклус студии на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Освен на матичниот, таа е ангажирана на Правниот факултет и на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип на предметите Меѓународни економски односи и Меѓународен бизнис.

Во наставно-образовната дејност, кандидатката е автор на рецензирана скрипта и практикум по предметот Надворешна трговија, како и на рецензиран универзитетски учебник со наслов „Надворешна трговија”.

Кандидатката д-р Емилија Митева-Кацарски има забележителни научноистражувачки активности. Во продолжение е наведена листа на научни трудови објавени во референтни научни публикации (научни списанија и зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири), научни проекти и други научно-истражувачки референци:

**Трудови објавени во меѓународни научни списанија:**

1. Lazarov, Darko and Miteva-Kacarski, Emilija (2023) *Intraregional trade perspective and untapped trade potentials of the Western Balkan region.* Economic Horizons Journal, 25 (3). pp. 243-259. ISSN 2217-9232 https://eprints.ugd.edu.mk/33164/
2. Lazarov, Darko and Miteva-Kacarski, Emilija and Nikolov, Misho (2023) *Empirical analysis of Covid-19 crisis effects on the WB6 region.* Journal of Economics, 8 (1). pp. 20-28. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/32026/
3. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2022) *Analysis of the trade relations between the countries being part of the Open Balkan initiative.* Journal of Economics, 7 (2). pp. 40-47. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/30408/
4. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka (2022) *Analyses of the trade relations between the Republic of North Macedonia and Ukraine.* Knowledge-International

Journal, 52 (1). pp. 45-50. ISSN 2545-4439 (Online) https://eprints.ugd.edu.mk/30165/

5. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka (2022) *Trade performance of the Republic of North Macedonia.* Knowledge-International Journal, 55 (1). pp. 45-50. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/31010/

6. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Paceskoski, Vlatko (2021) *COVID-19 and non-tariff measures.* Journal of Economics, Special Issue. pp. 185-195. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/28358/

7. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2021) *Analysis of the trade relations between the Republic of North Macedonia and Great Britain.* Journal of Economics, 6 (2). pp. 9-21. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/28820/

8. Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica (2020) *The impact of Covid-19 on Western Balkans economies.* Journal of Economics. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/24450/

9. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2020) *Analysis of the trade relations between the Republic of North Macedonia and the Republic of Serbia.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 41 (1). pp. 143-149. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/26672/

10. Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko (2021) *Banking sector performance during the COVID-19 crisis in the Republic of North Macedonia.* Journal of Economics, Special Issue. pp. 221-230. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/28359/

11. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka (2021) *Дигитална трговија: предизвици и можности за земјите во развој.* Knowledge – International Journal, 45.1. pp. 271-275. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/28149/

12. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka (2021) *Новиот протекционизам во трговските релации меѓу САД и Кина.* Knowledge – International Journal, 48 (1). pp. 59-63. ISSN 2545-4439 (Online) https://eprints.ugd.edu.mk/28821/

13. Paceskoski, Vlatko and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija (2021) *Transformation of the world economic order-through reform of the International Monetary Fund.* Knowledge International Journal, 46 (5). pp. 749-758 https://eprints.ugd.edu.mk/28885/

14. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2020) *The impact of the Covid-19 pandemic on international trade.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 40 (1). pp. 127-131. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/24450/

**Трудови во стручни (научно-популарни) списанија:**

15. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2022) *Транснационалните компании како субјекти на меѓународната трговија.* Годишен зборник на Економски факултет, 23 (1). pp. 43-60. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/30772/

16. Cabuleva, Kostadinka and Miteva-Kacarski, Emilija (2022) *Културни димензии на меѓународната деловна средина.* Годишен зборник на Економски факултет, 23 (1). pp. 23-41. ISSN 1857- 7628 https://eprints.ugd.edu.mk/30773/

17. Cabuleva, Kostadinka and Miteva-Kacarski, Emilija (2021) *Глобализација на економското деловно опкружување.* Годишен Зборник на Економски факултет, XXII. pp. 57-65. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/28997/

18. Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica (2020) *Влијанието на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 врз македонската економија.* Годишен зборник, Економски факултет. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/27336/

19. Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Miteva-Kacarski, Emilija (2020) *Анализа на влијанието на бруто домашниот производ врз берзанскиот индекс МБИ 10 во Република Северна Македонија.* Зборник на трудови, Економски факултет. ISSN 1857- 7296 https://eprints.ugd.edu.mk/27337/

20. Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2020) *Влијанието на Ковид 19 врз трговијата со услуги.* Годишен зборник, Економски факултет, 20. pp. 55-62. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/26678/

**Докторски и магистерски труд:**

21. Miteva-Kacarski, Emilija (2014) *Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови.* PhD thesis, Економски институт-Скопје, Универзитет „Свети Кирил и Методиј” Скопје https://eprints.ugd.edu.mk/10702/

22. Miteva-Kacarski, Emilija (2009) *Каузалната поврзаност на трговијата и процесот на економска глобализација.* Master’s thesis, Економски институт-Скопје, Универзитет „Свети Кирил и Методиј” Скопје https://eprints.ugd.edu.mk/10718/

**Рецензиран универзитетски учебник од областа меѓународна економија**:

23. Miteva-Kacarski, Emilija (2023) *Надворешна трговија-учебник.* Универзитет Гоце Делчев, Штип, Северна Македонија. ISBN 978-608-277-018-5 https://eprints.ugd.edu.mk/33186/

**Учество во проекти**:

24. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Business eco system as an integrated system-Be In.* [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/33315/

25. Bezovski, Zlatko and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2022) *Биди Економист 2022.* [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/31114/

26. Lazarov, Darko and Miteva-Kacarski, Emilija (2021) *Mapping the existing and prospective supply chain participants in WB6 countries.* [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/29253/

27. Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica and Dimitrova, Janka and Temjanovski, Riste (2021) *„Биди претприемач“ - Глобална недела на претприемништвото 2021.* [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/28870/

28. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Koleva, Blagica and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Lazarov, Darko and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila (2021) *Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од*

*КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување.* [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/28347/

29. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija (2020) *VOCCESS online.* [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/24366/

30. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Jovanov, Tamara (2020) *Creation of Regional Entrepreneurial Centers in East of N. Macedonia.* [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/26969

**Кратка научна евалуација на некои поважни трудови:**

**Евалуација на трудот:**

Lazarov, Darko and Miteva-Kacarski, Emilija (2023) *Intraregional trade perspective and untapped trade potentials of the Western Balkan region.* Economic Horizons Journal, 25 (3). pp. 243-259. ISSN 2217-9232 https://eprints.ugd.edu.mk/33164/

Основната цел на трудот е да ги анализира интрарегионалните трговски перформанси на земјите кои се дел од регионот Западен Балкан во последните пет години и да ги идентификува идните интрарегионални трговски можности и потенцијали за периодот од 2023 до 2027 година. Методологијата применета во трудот, со цел да се анализира интрарегионалната трговија, се заснова на анализа на детерминантите на раст на трговската размена на нивоа на земји и производи, додека идентификувањето на неискористените регионални трговски потенцијали се заснова на методологијата развиена од Меѓународниот центар за трговија (ITC), кој го применува индикаторот за извозен потенцијал (EPI) на ниво на производ. Резултатите од анализата во трудот укажуваат на тоа дека интрарегионалната трговија во регионот Западен Балкан има позитивни трендови во последните пет години. Сепак, регионалната трговија сè уште е високо концентрирана и се заснова на мал број на производи со кои се тргува. Како резултат на анализата во трудот се доаѓа до сознанието дека постојат значајни неискористени регионални трговски потенцијали во регионот Западен Балкан што треба да биде огромен мотив за секоја земја и оттука креаторите на политиките да работат на понатамошни подобрувања на трговско-економските услови и околности, заради интензивирање на регионалната трговија и забрзување на економскиот раст во овие земји.

**Евалуација на трудот:**

Lazarov, Darko and Miteva-Kacarski, Emilija and Nikolov, Misho (2023) *Empirical analysis of Covid-19 crisis effects on the WB6 region.* Journal of Economics, 8 (1). pp. 20-28. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/32026/

Овој труд има за цел да го анализира влијанието на кризата Ковид-19 врз економските перформанси на земјите од регионот Западен Балкан, како и на предизвици со кои се соочува регионот како резултат на енергетската криза. За исполнување на оваа цел, применета е компаративна анализа со користење на клучни економски показатели за земјите од Западен Балкан во периодот пред кризата (2015-2019) и по кризата (2020-2021). Резултатите од анализата во трудот укажуваат на тоа дека регионот Западен Балкан има позитивни економски трендови пред кризата Ковид-19, достигнувајќи одржлива стапка на раст на среден рок од околу 4,0%. Во исто време, позитивни трендови се забележани во областа на трговијата и инвестициите. Сепак, глобалната пандемија предизвикана од вирусот Ковид-19 согласно со анализите во трудот, значително го забави

економскиот развој на земјите од регионот Западен Балкан, при што во 2020 година, регионот Западен Балкан се соочи со негативна просечна стапка на раст од -3,1%. Кризата беше пренесена преку трговскиот сектор, инвестициите (СДИ), како и финалната потрошувачка. Во трудот е потенцирано дека негативните ефекти од кризата Ковид-19 во поглед на регионот Западен Балкан биле помали од првично очекуваните и уште поважно дека регионот закрепнува побрзо во периодот по Ковид-19 во споредба со земјите од ЕУ.

**Евалуација на трудот:**

Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2022) *Analysis of the trade relations between the countries being part of the Open Balkan initiative.* Journal of Economics, 7 (2). pp. 40-47. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/30408/

Целта на овој труд е да ги идентификува секторите во кои Република Северна Македонија има компаративна предност при извозот во останатите земји кои се дел од иницијативата Отворен Балкан. Стекнатата компаративна предност (revealed comparative advantage) на Република Северна Македонија во однос на Република Србија и Република Албанија е пресметана за временскиот период 2012-2021 година, преку користење на Стандардната меѓународна трговска класификација, Ревизија 4 (SITC, Revision 4). При истражувањето се користени следниве квантитативни методи:The index of trade openness (ITO), Trade Balance Index (TBI) и The export index of revealed comparative advantage (Balassa's RCA). Резултатите од истражувањето укажуваат на фактот дека во случајот со Република Северна Македонија е регистриран висок индекс на трговска отвореност во споредба со останатите земји кои се дел од иницијативата Отворен Балкан, TBI индексот покажува дека во анализираниот временски период Република Северна Македонија во континуитет се јавува во својство на нето извозник на производи од категоријата тутун и пијалаци, додека RCA индексот бележи позитивни вредности во категоријата храна, пијалаци и тутун, суровини, освен горива, како и животински и растителни масла, масти и восоци.

**Евалуација на трудот:**

Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Paceskoski, Vlatko (2021) *COVID-19 and non-tariff measures*. Journal of Economics, Special Issue. pp. 185-195. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/28358/

Овој труд има за цел да направи анализа на различните нецарински мерки наметнати од земјите во периодот на глобалната пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19, како и на импликациите кои произлегуваат од нивната примена. Имено, согласно со анализата во трудот, нецаринските мерки се тесно поврзани со панедемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19, од причина што тие играат важна улога за заштита на здравјето на луѓето, растителниот и животинскиот свет и нивната примена посебно се интензивира во периодот на пандемијата заради остварување на одредени легитимни цели. Резултатите од истражувањето во трудот укажуваат на фактот дека зголемената транспарентност во примената на нецаринските бариери, особено на санитарните и фитосанитарните мерки како и на техничките бариери во трговијата во регионалните трговски договори, доведува до зголемување на трговијата за околу 25%.

**Евалуација на трудот:**
Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2021) *Analysis of the trade relations between the Republic of North Macedonia and Great Britain*. Journal of Economics, 6 (2). pp. 9-21. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/28820/

Целта на овој труд е да ги идентификува секторите во кои Република Северна Македонија има компаративна предност во трговската размена со Велика Британија. Во емпириската анализа е користена методологијата за пресметка на компартивната предност (Revealed Comparative advantage и Revealed Symmetric Comparative Advantage methodology), за временскиот период 2009-2019 година. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека Република Северна Македонија во анализираниот временски период има континуирана компаративна предност кај категоријата разни готови производи, што пред се се должи на извозот на облека и други предмети за постелнина, како и кај категоријата суровини освен гориво, што се должи на извозот на метална руда како и остатоци кои содржат метал. Во 2010 година, компаративна предност е регистрирана и кај категоријата хемиски производи. Според класификациите на Hinloopen and Marrewijk презентирани во трудот, пресметаната компаративна предност на македонскиот извоз на британскиот пазар се движи во границите од слаба до умерена, а во два временски интервали (2010 и 2013 година) кај категоријата суровини освен гориво, регистрирана е и силна компаративна предност.

**Евалуација на трудот:**
Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica (2020) *The impact of Covid-19 on Western Balkans economies.* Journal of Economics. ISSN 1857-9973
https://eprints.ugd.edu.mk/27339/

Овој труд има за цел да го анализира влијанието на глобалната пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19 врз земјите од регионот Западен Балкан, како и мерките коишто беа преземени од страна на нивните влади со цел да се ублажат негативните ефекти од кризата врз нивните економии. Резултатите од анализата укажуваат на намалување на агрегатната понуда и побарувачка во земјите од регионот Западен Балкан, како последица на пандемијата, а тоа резултираше со пад на БДП на овие земји. Во насока на ублажување на негативните ефекти од кризата, согласно презентираните податоци во трудот, владите на овие земји воведоа мерки за поддршка на домаќинствата и бизнисите, како и побараа финансиска поддршка од меѓународните финансиски институции како што се Светска банка и Меѓународниот монетарен фонд.

**Евалуација на трудот:**
Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2020) *Analysis of the trade relations between the Republic of North Macedonia and the Republic of Serbia.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 41 (1). pp. 143-149. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/26672/

Имајќи го предвид фактот дека Република Србија е еден од најзначајните надворешнотрговски партнери на Република Северна Македонија, во овој труд направена е анализа на вредноста, динамиката и структурата на надворешнотрговската размена меѓу Република Северна Македонија и Република

Србија за временскиот период 2009-2019 година. Анализирана е и конкурентноста на македонските производи на српскиот пазар заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност преку користење на Балаша индексот и Стандардната меѓународна трговска класификација. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека Република Северна Македонија поседува компаративна предност во извозот на категориите суровини кои не се храна, освен гориво, како и во категоријата минерални горива, мазива и сродни материјали, што се потврдува преку зголемениот извоз на маслодајно семе и електрична енергија.

**Евалуација на трудот:**

Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka (2022) *Analyses of the trade relations between the Republic of North Macedonia and Ukraine.* Knowledge-International Journal, 52 (1). pp. 45-50. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/30165/

Во овој труд е направена анализа на вредноста, динамиката и структурата на надворешнотрговската размена меѓу Република Северна Македонија и Украина за временскиот период 2012-2021 година, од причина што Украина спаѓа во земјите со кои Република Северна Македонија има потпишано билатерална спогодба за слободна трговија. Анализирана е и конкурентноста на македонските производи на украинскиот пазар заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност преку користење на Балаша индексот и Стандардната меѓународна трговска класификација. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека Република Северна Македонија поседува компаративна предност во извозот на категоријата храна и живи животни, како и категоријата пијалаци и тутун.

**Евалуација на трудот:**

Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka (2022) *Trade performance of the Republic of North Macedonia.* Knowledge-International Journal, 55 (1). pp. 45-50. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/31010/

Предмет на анализа во овој труд е трговското интегрирање и учеството во глобалните синџири на снабдување на Република Северна Македонија. Презентираните податоци во трудот укажуваат на фактот дека ефективната трговска политика може да има позитивно влијание врз економскиот раст преку подобар пристап до нови пазари, интегрирање во глобалните синџири на снабдување, промовирање на реформи кои можат да ја подобрат бизнис климата, привлекување на инвестиции и оттука зголемување на севкупната продуктивност на националната економија. Во тој контекст, како што е презентирано во трудот, Република Северна Македонија има постигнато значителен напредок, но сепак глобалната пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19 и војната во Украина во 2022 имаат влијание врз нејзината трговска стратегија. Зголемената концентрација во клучните извозни сектори, ја ограничи улогата на трговијата во економскиот раст на земјата и ја зголеми зависноста на земјата од специјализирани производи и пазари. Анализите во трудот покажуваат дека Република Северна Македонија е добро интегрирана во глобалниот трговски систем во поглед на трговијата со стоки, но сепак нејзиниот напредок во изминатата деценија е мал.

**Евалуација на трудот:**

Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko (2021) *Banking sector performance during the COVID-19 crisis in the Republic of North Macedonia.* Journal of Economics, Special Issue. pp. 221-230. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/28359/

Овој труд го анализира влијанието на глобалната пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19 врз комерцијалните банки во Република Северна Македонија. Во трудот, користени се податоци од финансиските извештаи на банките со цел да се види дали има промени во профитабилноста на банките, како и изложеноста на банките на кредитен ризик во периодот пред и во текот на глобалната пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19. Понатаму, анализата во трудот настојува да даде одговор на прашањето дали има промени во кредитниот и депозитниот потенцијал на банките и дали има зголемување на нефункционалните кредити. Резимирано, заклучоците од анализата во трудот укажуваат на фактот дека банкарскиот сектор покрај предизвиците со кои се соочи како резултат на корона кризата, сепак ја задржа својата стабилност и придонесе за ублажување на последиците од корона кризата. Ова, од една страна, е резултат на довербата на јавноста во банкарскиот систем, но, од друга страна, се должи на брзата реакција на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Евалуација на трудот:**

Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka (2021) *Дигитална трговија: предизвици и можности за земјите во развој.* Knowledge – International Journal, 45.1. pp. 271-275. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/28149/

Предмет на анализа во овој труд се дигиталната трговија и информатичките технологии, кои како карактеристика на современото општество им овозможуваат на земјите ширум светот, пристап до пазари кои претходно се сметаа за недостижни. Резултатите од анализата во трудот укажуваат на фактот дека светската економија значително се промени од основањето на Светската трговска организација (СТО), меѓу другото и заради дигитализацијата. Имено, дигиталните иновации ја трансформираат глобалната економија. Согласно со презентираните податоци во трудот, намалувањето на трошоците за пребарување како и за обезбедување на нови информации, брзиот раст на нови производи и пазари, како и појавата на нови играчи токму како резултат на дигиталните технологии, резултира со зголемување на глобалните трговски текови, вклучувајќи го и извозот од земјите во развој. Од друга страна пак, дигиталните технологии ја загрозуваат приватноста и безбедноста ширум светот, додека земјите во развој кои немаат алатки за да се натпреваруваат во новата дигитална средина, се во опасност поради неможноста да ги следат трендовите.

**Евалуација на трудот:**

Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka (2021) *Новиот протекционизам во трговските релации меѓу САД и Кина.* Knowledge – International Journal, 48 (1). pp. 59-63. ISSN 2545-4439 (Online) https://eprints.ugd.edu.mk/28821/

Предмет на истражување на овој труд е економската природа на трговскиот конфликт меѓу САД и Кина, притоа истражувајќи ги различните преземени мерки како и економските ефекти од овој конфликт. Резултатите од анализата во трудот укажуваат на фактот дека според САД, Кина спроведува нефер трговска

политика, искористувајќи ги придобивките од либерализацијата на трговијата и членството во СТО, додека во исто време го чува својот домашен пазар заштитен од странска конкуренција преку обезбедување субвенции и олеснување на извозот преку девалвација на валутата. Согласно со презентираните податоци во трудот, САД ја обвинуваат Кина дека украла научни и технички знаења и технологии од американските компании, ги прекршила правата на интелектуална сопственост и ги занемарила барањата за заштита на животната средина. Заклучоците од трудот укажуваат на тоа дека зголемувањето на царините од страна на Соединетите Држави за кинескиот увоз доведе до брз одговор на Кина, исто така, зголемувајќи ги царините за американскиот увоз.

**Евалуација на трудот:**

Paceskoski, Vlatko and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija (2021) *Transformation of the world economic order-through reform of the International Monetary Fund.* Knowledge International Journal, 46 (5). pp. 749-758 https://eprints.ugd.edu.mk/28885/

Предмет на анализа во овој труд е улогата и значењето на меѓународниот финансиски систем за помалку развиените земји. Во таа насока презентирани се методите, начините и препораките за потреба од реформа на постојниот светски финансиски поредок, со посебен осврт на потребните реформи во Меѓународниот монетарен фонд. Во трудот, нагласена е улогата и значењето на потребната реформа во начинот на управување, распределбата на ресурси, технологијата на гласање и набљудувачката улога што ја има Меѓународниот монетарен фонд во светската економија. Заклучоците од трудот укажуваат на фактот дека меѓународното финансирање на развојот, врз основа на изворите и начините на финансирање, не одговара на вистинските развојни потреби на помалку развиените земји. Ваквата констатација најдобро се потврдува и преку продлабочувањето на јазот меѓу високоразвиените и земјите во развој.

**Евалуација на трудот:**

Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2020) *The impact of the Covid-19 pandemic on international trade.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 40 (1). pp. 127-131. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/24450/

Овој труд ги анализира огромните нарушувања во глобалната економија и светската трговија како резултат на глобалната пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19. Имено, презентираните податоци во трудот укажуваат на тоа дека глобалната пандемија КОВИД 19 мошне брзо почна да го менува светот и очекувањата се движеа во насока на пад на глобалната трговија помеѓу 13% и 32%, бидејќи како последица на КОВИД 19 дојде до нарушување на нормалната економска активност. Во трудот, предвидувањата за рапидното намалување на глобалната трговија се објаснуваат преку непредвидливата природа на оваа здравствена криза како и поради неизвесноста во врска со прецизната проценка на нејзиното економско влијание. Ширењето на вирусот со забрзана динамика предизвика голем број на влади да наметнат мерки со кои привремено се прекинуваат одредени деловни активности и се ограничува патувањето и движењето на луѓето. Овие мерки резултираат со значителен пад на обемот на производство, потрошувачка, инвестиции како и меѓународна размена. Заклучоците од трудот укажуваат на

тоа дека предвидувањата за очекуваното закрепнување во 2021 година, се исто така неизвесни при што резултатите во голема мера зависат од времетраењето на пандемијата како и од ефективноста на преземените владини мерки.

**Евалуација на трудот:**

Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2022) *Транснационалните компании како субјекти на меѓународната трговија.* Годишен зборник на Економски факултет, 23 (1). pp. 43-60. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/30772/

Предмет на анализа во овој труд се глобалните текови на странските директни инвестиции во временскиот период 2008-2021 година, чии носители се транснационалните компании. Резултатите од истражувањето укажуваат на изразени флуктуации во поглед на движењето на СДИ, при што глобалната пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19 предизвика драматичен пад на странските директни инвестиции во 2020 година од 40% во споредба со нивната вредност од 1 540 милијарди долари во 2019 година. Ова ги доведе странските директни инвестиции под 1 000 милијарди долари, за прв пат после 2005 година. Имено, согласно презентираните податоци во трудот, ненадејната и истовремена интеракција на шоковите на страната на понудата и побарувачката, во комбинација со политичките реакции на кризата ширум светот, предизвика серија ефекти врз странските директни инвестиции. Затворањето на работните места, производствените погони и градилиштата заради спречување на ширењето на вирусот предизвика итни одложувања во реализацијата на инвестициските проекти. Резимирано, заклучоците од трудот укажуваат на тоа дека глобалната средина за меѓународен бизнис и прекугранични инвестиции драматично се промени во 2022 година, како резултат на војната во Украина, којашто се случи додека светот се уште се справуваше со влијанието на пандемијата.

**Евалуација на трудот:**

Cabuleva, Kostadinka and Miteva-Kacarski, Emilija (2022) *Културни димензии на меѓународната деловна средина.* Годишен зборник на Економски факултет, 23 (1). pp. 23-41. ISSN 1857- 7628 https://eprints.ugd.edu.mk/30773/

Предмет на истражување во овој труд се културните димензии на меѓународната деловна средина. Резултатите од истражувањето укажуваат на тоа дека наведените димензии и скали на вредности на одредени национални култури имаат директни импликации врз деловното и организациското однесување. Согласно анализата, културата може да се сфати како начин на живеење на луѓето и како тие се однесуваат едни со други и нивната околина. Културата има материјални и нематеријални манифестации. Материјалните и опипливи манифестации го добиваат својот израз преку функционални објекти, уметнички предмети, вештини, музика, литература. Нематеријалните аспекти на културата се манифестираат преку системот на вредности што луѓето го користат во контакт со околината. Јазикот, националната или етничката припадност и религијата се основните компоненти на културата.

**Евалуација на трудот:**

Cabuleva, Kostadinka and Miteva-Kacarski, Emilija (2021) *Глобализација на економското деловно опкружување.* Годишен Зборник на Економски факултет, XXII. pp. 57-65. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/28997/

Предмет на анализа на овој труд е меѓузависноста и интерактивниот однос на меѓународно ориентираните компании во рамките на глобалното економско опкружување. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека без цврсто интегрирање во светските пазарни процеси и текови, компаниите не би биле во можност успешно да ги реализираат своите економски и развојни планови. Од интерес за развиените земји е целосна афирмација на нивниот пазарен механизам во глобални рамки, додека пак за земјите во развој да станат активни партнери во светските пазарни процеси и односи. Поради тоа, согласно со презентираните податоци во трудот, во процесот на трансформација (сопственичка, организациска, управувачка и маркетиншка), компаниите мора да тргнат најпрвин од радикална промена на начинот на нивното деловно размислување. Неопходна е промена на нивните развојни приоритети при што домашните пазарни, деловни и технички стандарди не можат да бидат определувачки, туку мора да бидат земени предвид меѓународните стандарди и трендови.

**Евалуација на трудот:**

Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Koleva, Blagica (2020) *Влијанието на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 врз македонската економија.* Годишен зборник, Економски факултет. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/27336/

Овој труд има за цел да ги анализира економските последици од глобалната пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19 врз нашата земја. Во трудот, направена е анализа на неколку клучни економски варијабли, со цел да се види дали и како тие се погодени од вирусната инфекција предизвикана од Ковид -19. Резултатите од анализата во трудот укажуваат на фактот дека имајќи ја предвид отвореноста на нашата економија, негативните ефекти лесно можат да се прелеат од другите економии. Покрај тоа, и во рамките на нашата економија последиците можат да се прелеваат од еден сектор во друг, при што фирмите ќе се соочат со намалена ликвидност, поради намалување на производството, што пак, ќе го намали бројот на вработени, а долгорочно и ќе предизвика пад на бруто домашниот производ.

**Евалуација на трудот:**

Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Miteva-Kacarski, Emilija (2020) *Анализа на влијанието на бруто домашниот производ врз берзанскиот индекс МБИ 10 во Република Северна Македонија.* Зборник на трудови, Економски факултет. ISSN 1857- 7296 https://eprints.ugd.edu.mk/27337/

Во овој труд, предмет на анализа е влијанието на БДП врз берзанскиот индекс МБИ 10 во Република Северна Македонија. Резултатите од анализата во трудот укажуваат на тоа дека движењата на берзата и на цените на акциите често се непостојани и понекогаш не се многу корелирани од економските фактори. Оттука, тешко е да се идентификуваат сите специфични фактори кои влијаат на берзата како целина, бидејќи таа претставува сложен, меѓусебно поврзан систем на големи и мали инвеститори, кои често донесуваат некоординирани одлуки за различните инвестициони можности. Сепак, согласно со презентираните податоци во трудот, бројни макроекономски фактори влијаат на цените на акциите и на берзанските индекси, што предизвикува нивен нагорен или надолен тренд. Бруто домашниот производ како една од макроекономските варијабли влијае на зголемување на профитот на компаниите, а со тоа и на цената на нивните акции.

**Евалуација на трудот:**

Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2020) *Влијанието на Ковид 19 врз трговијата со услуги.* Godisen zbornik, 20. pp. 55-62. ISSN 1857-7628 https://eprints.ugd.edu.mk/26678/

Предмет на анализа во овој труд е влијанието на глобалната пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19 врз секторот услуги. Имено, согласно со презентираните податоци во трудот, туризмот како и услугите за транспорт и дистрибуција претрпеа многу штети како резултат на ограничувањата на мобилноста и мерките за социјално дистанцирање наметнати заради зачувување на јавното здравје. Имајќи ја предвид важноста на услугите во обезбедувањето инпути за останатите економски активности, вклучувајќи го и синџирот на снабдување како и олеснувањето на трговијата со стоки, нарушувањето во обезбедувањето на услуги има големо економско и трговско влијание. Резимирано, заклучоците во трудот укажуваат на тоа дека кризата дополнително ја потенцира важноста на услугите кои овозможуваат снабдување преку Интернет, како што се телекомуникациските и компјутерските услуги како и важната инфраструктурна улога на финансиските, транспортните, дистрибутивните и логистичките услуги во олеснувањето на трговијата со стоки и економскиот раст. Услужниот сектор како и создавањето погодни услови за трговијата со услуги ќе бидат клучни во заздравувањето од економското забавување.

**Евалуација на универзитетски учебник:**

Miteva-Kacarski, Emilija (2023) *Надворешна трговија-учебник.* Универзитет Гоце Делчев, Штип, Северна Македонија. ISBN 978-608-277-018-5 https://eprints.ugd.edu.mk/33186/

Универзитетскиот учебник „Надворешна трговија“ е наменет за студентите на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип и опфаќа шест поглавја во кои најпрвин се анализирани теориите за меѓународна трговија, преку чие проучување се настојува да се даде одговор на прашањето зошто земјите тргуваат меѓусебно, односно што е она што го определува обемот, правците и структурата на меѓународната размена. Понатаму, во овој учебник направена е анализа на субјектите на меѓународната трговија, при што националните економии, кои во повеќето случаи се и суверени држави се главни субјекти на меѓународната трговија. Тие се јавуваат во улога на регулатори на деловните процеси во меѓународната трговија. Анализирани се и носителите на деловните процеси во меѓународната трговија, како што се претпријатијата и поединците (претприемачите) и чиишто мотив е остварувањето на профит и личното збогатување. Исто така, во учебникот обработени се карактеристиките на четирите видови економски трансакции во надворешнотрговската размена и тоа: меѓународното движење на стоки, меѓународното движење на услуги, меѓународното движење на капитал и меѓународното движење на работна сила. Анализирани се и билатералните, регионалните и мултилатералните аспекти на меѓународната размена, особено потенцирајќи го процесот на креирање на мултилатералниот трговски систем, почнувајќи од потпишувањето на Општата спогодба за царини и трговија па се до неговото институционализирање со формирањето на Светската трговска организација, како и инструментите на надворешнотрговската политика и тоа царините и нецаринските бариери. Во учебникот, направена е анализа на регионалните и преференцијалните трговски договори на РСМ како и на трговските перформанси на земјата.

**Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност**

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Емилија Митева-Кацарски е посветен наставник и истражувач од областа на меѓународната економија. Нејзиниот опус во научната и образовната литература е исклучително широк и корисен, со авторско портфолио кое се состои од вкупно 87 трудови, книги, скрипти и разни други литературни единици, објавени во референтни научни публикации, научни собири, годишни зборници и сл. Д-р Емилија Митева-Кацарски учествувала и во проекти од научноистражувачки и стручно-апликативен карактер, од кои дел се реализирани во рамките на Фондот за научноистражувачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а дел се поддржани од екстерни извори.

И во наставно-педагошкиот дел д-р Емилија Митева-Кацарски, исто така, има богато професионално искуство. За време на нејзината кариера во високото образование од помлад асистент до вонреден професор покривала бројни предмети на Економскиот, Правниот и Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката д-р Емилија Митева-Кацарски, покрај реализираните наставно-образовни и научноистражувачки активности, има остварено и други активности од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност и тоа:

- Членство во издавачки совет на Годишен зборник на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев”-Штип https://e-lib.ugd.edu.mk/resursi/zbornici/ekonomski/Zbornik_ekonomski_fakultet_2023-25.pdf
- Членство во универзитетски и факултетски комисии:

- Член на Комисија одговорна за спроведување на избори за Факултетско студентско собрание (Одлука бр. 1203-48/1 од 23.2.2023 година);
- Член на Комисија одговорна за спроведување на избори за Факултетско студентско собрание (одлука бр. 1207-49/1 од 26.2.2024 година);
- Член на Комисија за промоција на Економски факултет (Одлука бр.1202-39/6 од 7.2.2020 година);
- Член на Комисија за запишување студенти на втор циклус на студии на Економски факултет за учебната 2022/23 година (Одлука бр. 1202-83/8 од 6.7.2022 година);
- Член на Комисија за координација на активностите во врска со изработка и поднесување на апликација за признавање испити и акредитација на факултетот до ACCA (Association of Chartered Certified Accountants) (одлука бр. 1202-74/5 од 7.7.2020 година);
- Член на Комисија за изработка и поднесување на елаборат за трет циклус на студии (Одлука бр. 1202-74/4 од 7.7.2020 година);
- Член на Универзитетска комисија за организирање на Прв академски час (одлука бр. 0204-615/1 од 3.10.2022 година);
- Член на Комисија за теренска активност на УГД во средните училишта (Одлука бр. 0201-179/6 од 8.2.2024 година);
- Член на Комисија за усогласување на стандарди за надворешна евалуација на УГД (одлука бр. 0201-802/13 од 14.12. 2022 година);

- Член на Комисија за презентација на УГД во средните училишта (Одлука бр. 0201-1064/19 од 31.10.2023 година).
- Организатор на гостувања на експерти од релевантни институции, пред се, претставници од Царинската управа на Република Северна Македонија како и претставници од бизнис секторот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на наставник за сите звања за наставно-научната област меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, единствено се пријавила само кандидатката д-р Емилија Митева-Кацарски.

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката проф. д-р Емилија Митева-Кацарски ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање редовен професор.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и севкупната активност во периодот од избор во вонреден професор до денес, Комисијата го верификува академскиот развој (наставно-образовен, научно-истражувачки, стручно-апликативен и организациско-развоен) на кандидатката проф. д-р Емилија Митева-Кацарски преку остварени вкупно 244.5 поени (НО40+НИ114.5+САОР90).

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **вонреден професор д-р Емилија Митева-Кацарски** да биде избрана во звањето редовен професор во наставно-научната област меѓународна економија, а Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Силвана Мојсовска, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов, редовен професор, член, с.р.
Проф. д-р Искра Станчева-Гигов, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | Број | поени | Вкупно |
| | Избор во звање вонреден професор, Одлука бр.1202-97/4 од 20.8.2019 година. | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори). | Прв автор: (р.бр.3,4,5,6,7,9,11,12,14) 9x9=81 Втор автор: (р.бр.1,2,10) 3x6=18 Останати автори: (р.бр.8,13) 2x3=6 | | | | **105** |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство: во земјава (р.бр.6), во странство (р.бр.4,9,12). | 1 | 1.5 | 3 | 2 | **7.5** |
| | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал:<br>-Член на Научен одбор за Трета меѓународна научно-стручна конференција ICBEF, одлука бр.1202-65/25 од 05.05.2021 година.<br>-Член на Организациски одбор на Четврта меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии ICBEF, одлука бр. 1202-73/3 од 20.06.2024 година. | 2 | 1 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **114.5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| | Книга/учебник (реден број 23) | 1 | 10 | | | **10** |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание: (реден број 15, 16, 17, 18, 19, 20) | 6 | 2 | | | **12** |
| | Учесник во научен проект: (во странство: реден број 24, во земјата: реден број 26,30) | 2 | 5 | 1 | 8 | **18** |
| | Техничко унапредување: сертификати од ITC Trade Academy | | | 9 | 2 | **18** |
| | Елаборати и експертизи: Одлука за формирање на работна група за поднесување и изработка на елаборат за трет циклус на студии бр.1202-74/4 од 7.7.2020. | 1 | 2 | | | **2** |
| | Продекан: одлука бр. 1202-107/4 од 20.09.2019 и одлука бр.1202-99/6 од 21.9.2022 година. | 2 | 8 | | | **16** |
| | Член на факултетски орган, комисија (наведени во рефератот) | 7 | 2 | | | **14** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **90** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **244.5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО И ФИНАНСОВО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-103/3 од 5.7.2024 година донесена на 260. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 5.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научна област деловно право (5.05.00.06) и Финансово право (5.05.00.09) на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **проф. д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ**, редовен професор на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област деловно право - претседател;
- **проф. д-р Јован Зафироски**, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први”- Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, наставно-научна област финансово право и финансии - член;
- **проф. д-р Марко Андонов**, редовен професор на Факултетот за правни науки, Американ колеџ - Скопје, наставно-научна област финансово, трговско и компаративно право – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави:

- д-р Кристина Мишева, вонреден професор на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката уредно, навремено и во целост ја има доставено соодветната документација.

Врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Кристина Мишева е родена на 11.4.1980 година во Штип, каде што завршува основно образование во ОУ „Ванчо Прќе“ - Штип со одлучен успех и средно гимназиско образование - општа насока во Гимназијата „Славчо Стојменски“ - Штип, исто така, со континуиран одлучен успех.

Во академската 2002/2003 година дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје со просечен успех 8,48 и се стекнува со звање дипломиран правник (граѓанско-правна насока).

Во академската 2003/2004 година се запишува на постдипломски студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје и истите ги завршува со просечен успех 9,40 заклучно со 18.10.2005 година.

Во 2006 година кандидатката Кристина Мишева положува правосуден испит при Министерство за правда на Република Македонија.

Во 2010 година магистрира на тема „Инвестициски фондови - правни аспекти“ при Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје и се стекнува со академски степен магистер на правни науки од областа на деловното право.

Во 2011 година била на двомесечен истражувачки престој на Правниот факултет во Загреб како стипендист на Министерството за образовани и наука на Р. Македонија и Р. Хрватска.

На 14.2.2015 година успешно ја одбранува докторска дисертација под наслов „Супервизија и контрола на институционални инвеститори“ на Правниот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со што се стекнува со научен степен доктор на правни науки.

Нејзиното работно искуство и професионален ангажман започнува веднаш по дипломирањето, со што во периодот од 2003 до 2004 извршувала волонтерски стаж во извршно, граѓанско и прекршочно одделение во Основен суд – Штип, а во истиот период била избрана и за поротник во Основен суд - Штип. Од 2004-2007 била вработена во Комерцијална банка АД Скопје - Филијала Штип.

Нејзиниот професионален академски ангажман започнува во 2007 година, кога била избрана за помлад асистент од Матичната комисија на Универзитетот „Гоце Делчев“. Во 2010 година, била асистент на група предмети од областа на деловното право на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Право на друштвата, Финансово право, Регулација на финансиски пазари и институции, Банкарско право, Царинско право, Управни спорови. Во 2015 година, избрана е за доцент во област деловно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од 2016 била избрана, а во 2020 реизбрана, за раководител на Катедрата по деловно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2019 година избрана е за вонреден професор на Катедрата по деловно право на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, област на деловно право. Ги предава предметите: Право на друштвата, Финансово право, Регулација на финансиски пазари и институции, Банкарско право, Даночно право, Корпоративно управување, Comparative company law во рамките на прв, втор и трет циклус на студии на Правниот факултет. Учествувала во креирањето на студиските и наставните програми од прв, втор и трет циклус на студии на Правниот факултет.

Во периодот од 2020-2022 година, ангажирана е во циклусот на предавања од областа на здравственото право наменети за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во рамките на Жан Моне проектот „ЕУ е-здравствено право и Северна Македонија: Од тековна имплементација до пракса“ (621268-ЕПП-1-2020-1-МК-ЕППЈМО-ПРОЕКТ). Активно е вклучена како предавач во неколку акции во рамките на програмата ЕРАЗМУС+. Учествувала во Еразмус + програмата за размена на наставно-научен кадар во 2023 и била гостин предавач на неколку факултети во регионот и Европа.

Вон. проф. Кристина Мишева е автор/коавтор на бројни трудови објавени во референти публикации. Има учествувано во многубројни меѓународно-научни и стручни конференции од областа. Била рецензент на многу трудови објавени во респектабилни публикации и зборници од меѓународни научни конференции и на годишната меѓународна конференција за млади истражувачи. Била академски координатор на Жан Моне проект 2020-2022 година, каде што се јавува како организатор на тркалезна маса, научноистражувачка конференција „ЕУ здравствено право и јавното здравје“, предавања за студенти, предавач и автор/коавтор на неколку научноистражувачки трудови.

Вон. проф. Кристина Мишева е член на Програмскиот одбор на повеќе меѓународни научни конференции во земјава и во странство, била член на Организациониот одбор на годишните факултетски меѓународни научни конференции.

Во изборниот период била ментор и член на комисија за одбрана на повеќе дипломски работи и магистерски трудови (Одлука бр.1103-82/1; Одлука бр.1102-146/3; Одлука бр.1102- 146/4; Одлука бр.1102-55/38; Одлука бр.1102-46/16; Одлука бр. 1102-131/9 и останати).

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

**Општи услови за избор:**

1. *Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно*. Кандидатката дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје со просечен успех 8,48 и магистрирала на насоката деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје завршува со просечен успех 9,40.
2. *Научен степен доктор на науки од научната област во која се избира*. Кандидатката магистрирала на насоката деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на тема „Инвестициски фондови- правни аспекти“ и се стекнала со академски степен магистер на правни науки од областа на деловното право. Ја одбранила својата докторска дисертација под наслов „Супервизија и контрола на институционални инвеститори“ на Правниот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со што се стекнува со научен степен доктор на правни науки од област на деловно право.
3. *Избор во вонреден професор од научната област во која се избира*.

Со Одлука 1102-178/7 од 5.12.2019 година избрана е во наставно-научно звање вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на област деловно право. Ги предава предметите: Право на друштвата, Финансово право, Регулација на финансиски пазари и институции, Банкарско право, Даночно право, Корпоративно управување, Comparative company law.

4. *Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор*.

Кандидатката има објавено 9 труда од соодветната областа во референти меѓународни научни публикации и меѓународни научни списанија за изборниот период, и тоа:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународно научно списание/ меѓународна публикација | Години на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Misheva, K.**, (2024) | The public -private partnership -benefit or challenge for the Macedonian public healthcare. MB University | International Review - MBUIR, Journal of Theory and Practice ISSN 2956-2406 (Printed) ISSN 2956-249X (Online) Indexed in EBSCCO | 2023 |
| 2. | **Misheva, Kristina** (2023) | The challenges of the Macedonian tax system according to EU recommendations and EU tax rules. | Collection of papers International scientific conference "The influence of European integration on the development of monetary law" ISSN ISBN 978-86-7148-309-4; | 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | **Misheva, Kristina** (2022) | Tax competitiveness as a mechanism to promote or distort small economies - case of North Macedonia | Tax Competitiveness in the EU: A comparison between" New" and "Old" Member States, Zavod 14 and University of Ljubljana, Ljubljana. Slovenia, ELF Publication https://liberalforum.eu/publications/?lm-page=1 | 2017 |
| 4. | Ampovska, Marija and Kilinkarova, Elena and **Miseva, Kristina** and Nogaylieva, Fatima and Polenchuk, Maria (2022) | Private pensions funds in North Macedonia and Russia. | VESTNIK OF SAINT PETERSBURG UNIVERSITY-LAW-VESTNIK SANKT-PETERBURGSKOGO UNIVERSITETA-PRAVO<br>ISSN 2587-5833<br>SJR: 0.13; Q4<br>https://www.scimagojr.com/journalsearch.php?q=21101047089&tip=sid&exact=no<br>Импакт фактор: 0,13<br>https://wosjournal.com/<br>индексиран во WoS Journals, категорија ESCI, Право | 2010 |
| 5. | **Misheva, Kristina** and Ampovska, Marija (2022) | The legal aspects of telehealth | EU and comparative law issues and challenges series (ECLIC), Faculty of Law, Josip Juraj Strossmayer University of Osijek.<br>https://eclic-conference.com/<br>Indexed in HeinOnline, Web of Science, EBSCO and ProQuest | 2017 |
| 6. | **Misheva, Kristina** (2021) | Tax and fiscal policy responses to the COVID-19 pandemic: The experience in North Macedonia | Tax and fiscal policy measures in digital transformation era during Covid-19 pandemic: International experiences Higher Education Policies for Developing Digital Skills to Respond to the Covid-19 Crisis. Zavod 14 and University of Ljubljana<br>https://liberalforum.eu/publications/?lm-page=1 | 2017 |
| 7. | Ampovska, Marija and **Misheva, Kristina** (2021) | Legal aspects of eHealth development in North Macedonia. | VESTNIK OF SAINT PETERSBURG UNIVERSITY-LAW-VESTNIK SANKT-PETERBURGSKOGO UNIVERSITETA-PRAVO<br>ISSN 2587-5833 .<br>SJR: 0.13; Q4<br>https://www.scimagojr.com/journalsearch.php?q=21101047089&tip=sid&exact=no<br>Импакт фактор: 0,13<br>https://wosjournal.com/<br>индексиран во WoS Journals, Категорија ESCI, Право | 2010 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | **Misheva, Kristina** (2019) | Countering hybrid threats under the International Law | Proceedings of International conferences, Beykent university, Istanbul, Turkey https://www.beykent.edu.tr/etkinlikler/2023/12/08/default-calendar/vii-uluslararasi-terorizm-ve-guvenlik-konferansi | 2017 |
| 9. | **Misheva, Kristina** (2020) | US and EU Governmental Efforts to Protect Controlled Unclassified Information from Cyber Threats | Toward Effective Cyber Defense in Accordance with the Rules of Law. -NATO Science for Peace and Security Series - E: Human and Societal Dynamics E: Human and Societal Dynamics, IOS Press https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_181862.htm? ISBN: 978-1-64368-086-6 (print) \| 978-1-64368-087-3 (online) Издавач: Springer | 1998 |

5. *Објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира.*

Вон. проф. Мишева има објавено рецензиран универзитетски учебник, под назив „Хрестоматија во финансиите и финансовото право“, од научната област за која се избира. Кандидатката во периодот од изборот во наставно-научно звање вонреден професор има објавено еден учебник „Хрестоматија во финансиите и финансовото право“, 2024 година, издавач Универзитет „Гоце Делчев“ . Учебникот е објавен на е-библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев“ и на е-репозиториум (UGD academic repository);

6. Кандидатката има познавање од англиски јазик за што има доставено АПТИС сертификат од British Council- Skopje, со освоени 185 од 200 поени. Од нејзиното CV е прегледно дека многу добро познавање од хрватски, српски јазик и основно познавање од италијански јазик;

7. *Да има способност за изведувањето на високообразовна дејност.* Кандидатката активно е вклучена во реализирање наставата на прв, втор и трет циклус на студиите на Правниот факултет. Во изборниот период, по покана, во рамките на ЕРАЗМУС+ програмата одржала предавања на Правен факултет во Ниш, Србија и на Факултетот за економски науки при Универзитетот во Пула, Хрватска. Била гостин предавач на Школата за јавни политики „Мајка Тереза“ при Центарот за истражување и креирање политики во Скопје и на Правната школата за Источна Европа и Централна Азија при Факултетот за право и администрација во Варшава, Полска. Активно учествува во креирање на елаборатите и студиските програми на Правниот факултет, како и во креирање предметни курикулуми од областа на деловното и финансовото право. Во рамките на Жан Моне проектот „ЕУ еЗдравствено право и Северна Македонија: Од тековна имплементација до пракса“ (621268-ЕПП-1-2020-1-МК-ЕППЈМО-ПРОЕКТ) се јавува како креатор на мултидисциплинарен курс и предавач. Го креирала циклусот на предавања од областа на здравственото право „ЕУ е-здравствено право, ИКТ и биоетика“ наменети за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип и за практичари од областа на медицината, информатиката и правото.

**Посебни услови за избор**

Кандидатката д-р Кристина Мишева ги исполнува посебните услови, и тоа:

1. *Под негово менторство се изработени дипломски, магистерски или докторски тези.*

За време на изборниот период 2019-2024, д-р Кристина Мишева била ментор на неколку дипломски работи и член на комисии за одбрана на дипломски работи. Била ментор на 4 магистерски труда и неколку пати член на комисија на магистерските одбрани на Правниот факултет – УГД.

2. *Да учествувал или раководел со научноистражувачки проекти.*

- Во 2019 година била ко-директор (раководител) за Северна Македонија на Напреден тренинг курс СПС НАТО проект: „Towards Effective Cyber Defense in Accordance with the Rule of Law", Ref. No. SPS.EAP.ATC. G5617 (https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_181862.htm).
- Во 2020 година била учесник во Еразмус + програмата КА107, проект за високообразовна мобилност на студенти и кадар помеѓу програмските земји и земјите партнери. (https://erasmus-plus.ec.europa.eu/projects/search/details/2020-1-MK01-KA107-077523);
- Со Одлука на Ректорот број 0204-547/1 од 5.11.2020 година била назначена за академски и проектен координатор (раководител) на Жан Моне проект: „ЕУ е-здравствено право и Северна Македонија: од тековна пракса до имплементација (ЕУЕХЛ)", (2020-2022). Број на договор: 621268-EPP-1-2020-1-MK-EPPJMO-PROJECT (https://erasmus-plus.ec.europa.eu/projects/search/details/621268-EPP-1-2020-1-MK-EPPJMO-PROJECT).;
- Во 2022 година се јавува како ко-организатор на меѓународна научна конференција (Miseva, Kristina and Ampovska, Marija and Todorova, Biljana and Stojanov, Trajce and Panev, Kristijan) под назив „ЕУ ездравствено право и јавно здравје" (EU eHealth law and Public Health) во рамките на Жан Моне проектот ЕУЕХЛ (https://euehl.ugd.edu.mk/index.php/en/);
- Во 2023 е дел од Еразмус + програмата KA171, проект за високообразовна мобилност на студенти и кадар (https://erasmus-plus.ec.europa.eu/projects/search/details/2022-1-MK01-KA171-HED-000073745)
- 2024, учесник во работна група на COST проектот CA21133 - Globalization, Illicit Trade, Sustainability and Security (GLITSS), 2022 (https://www.cost.eu/actions/CA21133/#tabs+Name:Working%20Groups%20and%20Membership).
- Истражувач во рамките на проектот „Педагошки систем за инклузивно образование и обука за подобрување на вештините на меѓусекторски практичари кои работат со млади лица во поправните системи" PICTURES, (2024-2027). Реф. бр. 101140185 — PICTURES — ERASMUS-EDU-2023-PI-ALL-INNO

3. *Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.*

- Кандидатката има значаен придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници, преку различни механизми и со многубројни академски инцијативи, предлози и активности. Индиректно, преку иницирање на ЕРАЗМУС + договори на факултетско и универзитетско ниво. Имено, во изборниот период има иницирано над 10 (десет) ЕРАЗМУС+ договори со факултети и универзитети од ЕУ земји: Грција, Словенија, Латвија, Италија, Грузија, Романија, Унгарија и Полска. Директно, со индивидуални препораки на студенти од додипломски студии за учество во ЕРАЗМУС + програмата за мобилност на студенти, како и на кандидати за постдипломски, кои аплицирале на респектабилни меѓународни

мастер програми на престижни светски универзитети како што се: Master of Public Policy program through the Fulbright Foreign Student Program; Master of Public Policy program offered at Georgetown University; Master of Public Affairs program offered at Brown University; "MSt in Practical Ethics" at University of Oxford; "Master of Arts in Bioethics & Science Policy" at Duke University.

- Од почетокот на академската кариера до денес соработува со демонстраторите ангажирани на факултетот и ги поттикнува за активно учество на меѓународни семинари и летни школи. Како шеф на Катедрата по деловно право, иницирала барања за постапки за повисоки звања на членовите на катедрата. Со Одлука бр.1102-60/5 од 23.3.2021 била член на Рецензентска комисија за избор на асистент на Катедрата по деловно право (https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2021/275/pdf/275-17.pdf )
- Кандидатката била рецензент на трудови од областа на деловното и финансовото право во меѓународно научно списание Balkan Social Science Review, на Правен факултет- УГД индексирано во Scopus, EBSCO, CEEOL и HeinOnline (https://js.ugd.edu.mk/index.php/BSSR/about).
- Рецензент на трудови од областа деловното и финансовото право во зборниците на трудови од меѓународните научни конференции „Општествени промени во глобалниот свет" во организација на Правен факултет, на Универзитет „Гоце Делчев", Штип, (2016 - денес);
- Рецензент на трудови во студентското списание Student Social Science Journal, (2019 - денес) на Правен факултет- УГД; Рецензент на трудови во Зборниците од меѓународната научна конференција ECLIC (2020-2023), издавач Правен факултет – Осијек, Хрватска, индексирано во Web of Science, Hein Online, EBSCO и ProQuest (https://eclic-conference.com/);
- Рецензент на меѓународна научна публикација "Towards Effective Cyber Defense in Accordance with the Rule of Law", 2020, издавач Springer (https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_181862.htm);
- Рецензент на меѓународна научна публикација „The influence of European integration on the development of monetary law" (MONELA), 2023, издавач Универзитет Ниш, Србија (http://monela.ni.ac.rs/en/#publikacije).
- Рецензент од област на правото на друштва во меѓународното списанието "Ius et Administratio", 2023, Факултет за право и администрација, Универзитет Жешов, Полска (https://repozytorium.ur.edu.pl/communities/026ec8bc-05ae-45fa-ba80-a688bf6045e9);
- Рецензент од област на финансовото право во меѓународното списанието Европско и компаративно право, 2023, Католичкиот универзитет Јован Павле II, Лублин, Полска, индексирано во Emerging Sources Citation Index (Web of Science Core Collection), European Reference Index for the Humanities and the Social Sciences (ERIH PLUS), Directory of Open Access Journals (DOAJ), HeinOnline - Law Journal Library, Index to Foreign Legal Periodicals (IFLP), ICI Journals Master List (Index Copernicus) и други (https://czasopisma.kul.pl/recl) .

4. *Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.*

Кандидатката има остварено (НО)=40; (НИ)=131,5; (САОР)=65 или вкупно 236,5 поени.

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

Од 2.6.2007 година, со Одлука на Матична Комисија на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Кристина Мишева е избрана во **соработничко звање помлад асистент** на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. На 2.6.2010 година е избрана во соработничко звање **асистент во научната областа деловно право** на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип со Одлука број од 1602-60/18 од 2.6.2010 година. Во 2013 година повторно е избрана за асистент во научната област деловно право на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип со Одлука број 1602-81/24 од 15.5.2013 година. За изборните периоди асистирала (реализирала вежби) и асистирала во наставата на следниве предмети: Теорија на државата и правото (од академската година 2007/2008-2013/2014), Право на друштвата (од академската година 2008/2009 до денес), Финансово право (од академската година 2009/2010 до денес), Трудово право (од академска година 2012/2013 до 2014/2015), Регулација на финансиски пазари и институции (од академска година 2013/2014 до денес), Стечај и стечајна постапка (од академска година 2013/2014 до 2020/2021), Управни спорови (академската 2014/2015 година), Административно право и административна постапка (академската 2014/2015 година), Царинско право (академската 2014/2015 до 2019/2020). Предметите се содржани во студиските програми на Правниот факултет во наставните центри Кочани, Штип и Струмица.

Со Одлука бр. 1102-149/6 од 05.05.2015 избрана е за **доцент на катедрата за деловно право на Правниот факултет** при Универзитетот „ Гоце Делчев“ - Штип. Со Одлука бр.1102-233/7 од 21.12.2016 година е избрана за **раководител на катедрата по деловно право** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и реизбрана со Одлука бр.1102-110/7 од 23.12.2020 година до денес. Од 2015 година активно е вклучена во вежби и предавања во зимскиот и летниот семестар на првиот циклус на студии. Предава Финансово право, Право на друштвата и Банкарско право како задолжителни предмети на прв циклус на студии, како и Регулација на финансиски пазари и институции како изборен предмет во првиот циклус на студии.

Кандидатка активно е вклучена и во наставата на вториот циклус на студии при Правниот факултет, каде предава на следниве предмети: Европско деловно право, Меѓународно финансово право, Европско финансово право и право на друштвата, Корпоративно управување, Даночно право на едногодишните и двогодишните студии на насоките Деловно право, Европско право, Граѓанско право на вториот циклус на Правниот факултет.

Со Одлука бр. 1102-178/7 од 05.12.2019 година избрана е во **наставно-научно звање вонреден професор на катедрата по деловно право на Правен факултет**, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во област деловно право. Во прв циклус во Штип и Струмица ги предава предметите: Право на друштвата, Финансово право, Регулација на финансиски пазари и институции, Банкарско право, Даночно право, Корпоративно право. На студиска програма International law and international relations (Меѓународно право и меѓународни односи) во Штип, предава Comparative company law (Компаративно право на друштвата). Во втор циклус на студии е ангажирана на едногодишните студиските програми Деловно право, Казнено право и Граѓанско право, каде ги предава предметите: Право на друштвата, Даночно право, Регулација на финансиски пазари и институции,

Банкарско право и Корпоративно управување. Со решение број 08.426/10 од 01.12.2022 година од Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, вон. проф. Мишева е акредитиран ментор за трет циклус на студии. Во академската 2023/2024 година Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ за првпат започнува со реализација на трет циклус на студии, каде вон. проф. Мишева, на третиот циклус на студии, ги предава предметите: Право на друштвата и корпоративно управување, Берзанско право, Даночно право и Регулација на финансиски пазари и институции.

Во периодот Декември 2020- Март 2021, била вклучена во онлајн програмата Science Communication and Public Engagement Training Course, The Western Balkans Science Engagement Programme British Council;
Од Јануари- Март 2021, била вклучена во онлајн тренинг курсот Policy Engagement, The Western Balkans Science Engagement Programme British Council;
Во 2021 година учествувала во циклусот онлајн предавања организирани од Универзитетскиот спортскиот и културен центар при УГД.

Во Април 2022 година кандидатката остварила краток (5 дневен) научно-истражувачки престој на катедра по медицинско право, Правен факултет, Карлов Универзитет, Прага, Чешка. А во Мај 2023 била на Еразмус+ мобилност на наставен кадар на Факултетот за економија и туризам при Универзитетот „Јурај Добрила“ – Пула, Хрватска. Во рамките на престојот одржала предавања од областа на финансиските пазари и институции и финансирањето на јавните здравствени институции.

***За изборниот период кандидатката д-р Кристина Мишева ги има објавено следниве трудови во референти научни публикации (1-9):***

1. Misheva, Kristina (2024) The public -private partnership -benefit or challenge for the Macedonian public healthcare. MB University International Review - MBUIR, Journal of Theory and Practice, 2 (1), pp. 139-149;
2. Misheva, Kristina (2023) The challenges of the Macedonian tax system according to EU recommendations and EU tax rules. Collection of papers International scientific conference “The influence of European integration on the development of monetary law”, Faculty of Law of the University of Niš, Serbia pp.111-126;
3. Misheva, Kristina (2022) “Tax competitiveness as a mechanism to promote or distort small economies - case of North Macedonia”, Tax Competitiveness in the EU: A comparison between” New” and ”Old” Member States, Zavod 14 and University of Ljubljana, Ljubljana. Slovenia, ELF Publication, pp. 170-192;
4. Ampovska, Marija and Kilinkarova, Elena and Miseva, Kristina and Nogaylieva, Fatima and Polenchuk, Maria (2022) Private pensions funds in North Macedonia and Russia. Vestnik of Saint Petersburg University. Law 3, 13 (3). pp. 725-739;
5. Misheva, Kristina and Ampovska, Marija (2022) The legal aspects of telehealth. EU and comparative law issues and challenges series (ECLIC) – Issue 6, 6. pp. 393-410;
6. Misheva, Kristina (2021) Tax and fiscal policy responses to the COVID-19 pandemic: The experience in North Macedonia. In: Tax and fiscal policy measures in digital transformation era during Covid-19 pandemic: International experiences Higher Education Policies for Developing Digital Skills to Respond to the Covid-19 Crisis. Zavod 14 and University of Ljubljana, ELF publications.pp.290-320 ;
7. Ampovska, Marija and Misheva, Kristina (2021) Legal aspects of eHealth development in North Macedonia. Вестник Санкт-Петербургского Университета, 12 (3). pp. 660-675;

8. Misheva, Kristina (2019) Countering hybrid threats under the International Law. Меѓународна научна конференција за тероризам и безбедност, Зборник на трудови, Факултет за економски и административни науки, Универзитет Бејкент, Истанбул (Beykent University), Istanbul.

***Дел од книга***

9. Misheva Kristina (2020) US and EU Governmental Efforts to Protect Controlled Unclassified Information from Cyber Threats. In: Toward Effective Cyber Defense in Accordance with the Rules of Law. Series - E: Human and Societal Dynamics, Springer, ISBN: 978-1-64368-086-6 (print) | 978-1-64368-087-3 (online), стр. 81-88; (https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_181862.htm). Издавач: Спрингер.

***Рецензиран учебник***

10. Мишева, Кристина (2024) Хрестоматија во финансиите и финансовото право, Универзитет „Гоце Делчев"– Штип. (https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34186)

***Лексикон е-здравствено право – коавторство***

11. Miseva, Kristina and Ampovska, Marija and Timovski, Riste (2021) Лексикон е-здравствено право. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип (https://euehl.ugd.edu.mk/images/teaching-materials/leksikon.pdf)

***Докторска дисертација и магистерски труд***

12. Докторска дисертација под наслов „Супервизија и контрола на институционални инвеститори" на Правниот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

13. Магистерски труд на тема „Инвестициски фондови - правни аспекти" на Правниот факултет „Јустинијан Први" Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

**Во прилог е кратка научна евалуација на трудовите:**

***Евалуација на трудот под реден број 1***

Miseva, Kristina (2024) *THE PUBLIC -PRIVATE PARTNERSHIP -BENEFIT OR CHALLENGE FOR THE MACEDONIAN PUBLIC HEALTHCARE.* MB University International Review - MBUIR, Journal of Theory and Practice, 2 (1). Авторката во овој труд прави анализа на предностите и предизвиците со кои се соочува јавниот здравствен сектор при воспоставувањето на Јавното-приватно партнерство. Трудот дава осврт на главните елементи и модели на овој тип на договори, компарирајќи го националното законодавство и домашна пракса со воспоставените ЈПП во Европа. Понатаму, прави осврт на законската и институционалната рамка за иницирање и воспоставување на ЈПП. И на крај елаборира завршни согледувања со цел за поефикасна имплементација на ЈПП во здравствениот сектор. ЈПП се многу популарни во секторите транспорт, енергија и вода (инвестиции во инфраструктура во патарини, мрежи за електрична енергија, водоснабдување и третман на отпадни води итн.). Но, кога станува збор за ЈПП во јавниот здравствен сектор, овие модели на финансирање се чини дека се соочуваат со ограничувања и не ја уживаат истата популарност како во другите сектори за јавни услуги. Здравствените ЈПП бараат поставување на сложени правни и финансиски рамки.

Тие обично се воспоставуваат за да ги ублажат фискалните трошоци потребни за изградба на капитална инфраструктура. Трудот е рецензиран како оригинален истражувачки труд.

***Евалуација на трудот под реден број 2***

Miseva, Kristina (2023) *THE CHALLENGES OF THE MACEDONIAN TAX SYSTEM ACCORDING TO EU RECOMMENDATIONS AND EU TAX RULES.* Collection of papers International scientific conference "The influence of European integration on the development of monetary law". Според работните документи на персоналот на ЕК за Северна Македонија, земјата е „умерено подготвена во областа на оданочувањето" во последните неколку години. Во оваа насока трудот прави анализа на процесот на интеграција на Република Северна Македонија во ЕУ во одредени даночни реформи според даночните политики, правила и приоритети на ЕУ.

***Евалуација на трудот под реден број 3***

Misheva, Kristina (2022) "TAX COMPETITIVENESS AS A MECHANISM TO PROMOTE OR DISTORT SMALL ECONOMIES - CASE OF NORTH MACEDONIA", TAX COMPETITIVENESS IN THE EU: A COMPARISON BETWEEN" NEW" AND "OLD" MEMBER STATES. Првиот дел, трудот дава кратка анализа на даночниот систем во Република Северна Македонија и прави осврт на главните даночни реформи, и причините поради кои тие се воведени ( програмите на Светската Банка и ММФ -Меѓународниот монетарен фонд, препораките на ОЕЦД и ЕУ). Понатаму, во трудот се анализираат различните инструменти и механизми за поттикнување на даночната конкуренција кои малите економии ги воведуваат без да се навлезе во т.н. нефер даночна конкуренција. Во трудот се анализира улогата на директните странски инвестиции, даночните олеснувања и слободните економски зони (технолошко-индустриски развојни зони).

***Евалуација на трудот под реден број 4***

Ampovska, Marija and Kilinkarova, Elena and Miseva, Kristina and Nogaylieva, Fatima and Polenchuk, Maria (2022) PRIVATE PENSIONS FUNDS IN NORTH MACEDONIA AND RUSSIA. Во овој ко-авторски труд, авторите прават компаративен преглед на развојот, карактеристиките, правната и институционалната рамка на приватните пензиски фондови и нивната улога на пазарот на капитал во Македонија и Русија и основните принципи на оданочување на профитот и уделите кај пензиските фондови. Трудот дава осврт на пензиските реформи во двете држави и прави детална анализа на правниот статус на приватните пензиски фондови и нивната улога во пензискиот систем. Трудот е објавен во списание индексирано во SCOPUS, рангирано во Q4 (SJR - Q4).

***Евалуација на трудот под реден број 5***

Misheva, Kristina and Ampovska, Marija (2022) THE LEGAL ASPECTS OF TELEHEALTH. In: EU and comparative law issues and challenges series (ECLIC). Овој коваторски труд ги анализира предизвиците на национално, регионално и европско ниво во однос на телездравството. Поддршка и соодветно креирање политики е важно за развојот на телездравството. Во трудот се дава осврт на еден од главните предизвици во однос на електронските трансакции на податоците за пациентите меѓу даватели на телездравствени услуги и прекуграничната размена

на податоци за пациентите. Во трудот телездравството и телездравстените услуги се позиционирани меѓу најголемите трендови за е-здравство во ЕУ, но од друга страна се потенцира недостигот на правна рамка во овој сектор. Трудот е објавен во Зборникот на трудови на меѓународната научна конференција ECLIC, чии зборници на апстракти се индексирани во WoS ( Web of Science).

***Евалуација на трудот под реден број 6***

Misheva, Kristina (2021) TAX AND FISCAL POLICY RESPONSES TO THE COVID-19 PANDEMIC: THE EXPERIENCE IN NORTH MACEDONIA. In: Tax and fiscal policy measures in digital transformation era during Covid-19 pandemic: International experiences Higher Education Policies for Developing Digital Skills to Respond to the Covid-19 Crisis. Авторката прави анализа во врска со здравствената криза предизвикана од КОВИД-САРС-19. Пандемијата ја наруши глобалната побарувачка и е одговорна за значително намалување на економската активност, со што значително ги предизвика глобалните и националните здравствени системи и економии. Од друга страна, неизвесноста што ја донесе пандемијата и нејзиното продолжување сериозно ги погодија малите економии, како што држава. Во трудот се прави детално истражување во врска со економските, финансиските, политичките и социјалните прашања за време на КОВИД-19 и влијанието кое го имаа ad hoc политиките, владини мерки и одлуки беа воведени и спроведени во 2020 и 2021 година.

***Евалуација на трудот под реден број 7***

Ampovska, Marija and Miseva, Kristina (2021) LEGAL ASPECTS OF EHEALTH DEVELOPMENT IN NORTH MACEDONIA**.** Трудот има за цел да даде увид во процесот на развивање на законот за е-здравство во Северна Македонија. За таа цел, авторките, најпрво, го анализира значењето на основните поими на е-здравството и правото за е-здравство, обезбедувајќи компаративни дефиниции како и прилагодени дефиниции усвоени од авторите, кои го покриваат значењето на термините користени во ова истражување. Трудот се фокусира на хронолошки преглед на развојот на е-здравството преку релевантни правни документи и одредби, како и оригиналните резултати од истражувањето на процесот во пракса. Попрецизно, овој развој е претставен низ два аспекта: призмата на домашното законодавство, како и влијанието на тенденциите и регулативата на Европската унија во оваа материја, согледано низ практиката, системот за е-здравство, и функционалности кои моментално постојат во македонскиот здравствен систем. Акцентот е ставен на правните аспекти во е-здравството процесот на неговиот развој. Во трудот дадени се заклучни забелешки и препораки во однос на анализираниот процес во Република Северна Македонија. Трудот е објавен во списание индексирано во SCOPUS, рангирано во Q4 (SJR - Q4).

***Евалуација на трудот под реден број 8***

Misheva, Kristina (2019) COUNTERING HYBRID THREATS UNDER THE INTERNATIONAL LAW. Во овој труд се објаснува како меѓународната средина е изменета и како оваа промена ги поддржува различните облици на појави на хибридна закана. Понатаму авторката го истражува влијанието на меѓународното право и како политиката на меѓународното право мора целосно да се разберат и да се вклучи како инструмент во НАТО оперативниот и стратешки дизајн.трудот

е објавен во Зборник на трудови од 3-тата меѓународната научна конференција за Тероризам и безбедност, на Универзитетот Бејкент во Истанбул.

***Евалуација на трудот под реден број 9***

Misheva Kristina (2020) US AND EU GOVERNMENTAL EFFORTS TO PROTECT CONTROLLED UNCLASSIFIED INFORMATION FROM CYBER THREATS. In: Toward Effective Cyber Defense in Accordance with the Rules of Law. Овој труд анализра важно прашање кое се однесува на сензитивни информации кои владите ги споделуваат при процесот на јавните набавки. Ова претставува значителен ризик за националната безбедност и треба да се преземат чекори за заштита на контролираните некласифицирани информации (CUI). Една од целите на трудот  е да ги идентификува правила и стандарди во Соединетите Американски Држави и Европската Унија за заштита на контролираните некласифицирани информации и да обезбеди општи препораки. Постојат разлики помеѓу пристапите преземени од САД и ЕУ за заштита на контролираните некласифицирани информации и авторот во трудот препорачува усогласување на правилата, но и единствен пристап кон овие информации во ЕУ. Овој труд е дел од збирка на научно-истражувачки и стручно апликативни трудови како исход од НАТО напредниот тренинг курс СПС.  Меѓународна публикација е del од НАТО публикациите, серија Е-  чиј издавач е Springer.

***Евалуација на трудот ( учебник) под реден број 10***

Мишева, Кристина (2024) ХРЕСТОМАТИЈА ВО ФИНАНСИИТЕ И ФИНАНСОВОТО ПРАВО. Учебникот „Хрестоматија во финансиите и финансовото право“, претставува содржина која опфаќа финансиско-правни категории кои се неопходни за основно познавање и воведување на студентите во конкретни содржини од областа на финансиите, економско-правните институти, особено од областа на финансовото право. Книгата, концептуално е сложена во 9 глави, а содржината која е опфатена во овој учебник претставува воведна содржина и неопходна основа за студентите од прв циклус на студии на Правниот факултет. Финансовото право е важен дел од студискиот развој на правниците, бидејќи со оваа материја се заокружува правниот циклус на еден дипломиран правник. Имено, финансиските постулати се основа на која почива еден модерен демократски економско-правен систем и истите заземаат значајно место во развојот на една заедница. Сметаме дека материјалот обработен во учебникот се одликува со голема практична значајност, што ќе биде од исклучителна важност за студентите. Очекуваниот стручен придонес на ракописот се огледа во добивањето на поголемо наставно-образовно и стручно и современо значење на оваа проблематика

***Евалуација на трудот (лексикон) под реден број 11***

Miseva, Kristina and Ampovska, Marija and Timovski, Riste (2021) Лексикон е-здравствено право. Овој лексикон обработува, поими и термини од областа на е- здравственото право и ИКТ во здравството. Следејќи ја потребата од допрецизирање или откривање на нови поимни содржини кои произлегуваат од модерните развојни тенденции во областа на е-здравството. Речникот има за цел да ја збогати терминологијата од областа на е-здравството и да одговори на потребата од запознавање на студентите и граѓаните со конкретна терминологија од областа на правото, медицината, биоетиката и информациската и комуникациска технологија во медицината. Овој „мини“ речник е резултат на дел од спроведените

активности од Жан Моне проектот „ЕУ е-здравствено право и Северна Македонија: Од тековна практика до имплементација".

***Учество на меѓународни и национални конференции, семинари и тркалезни маси за изборниот период ( 2019-2024 година):***

1. Miseva, Kristina (2024) *THE PUBLIC -PRIVATE PARTNERSHIP - benefit or challenge for the Macedonian public healthcare.* In: The 7th International Scientific Conference Management and law 2024 "Modern Challenges in Management, Economy, Law, Security and Information Society", 17 May 2024, Faculty of Business and Law "MB" University, Belgrade, Serbia.
2. Miseva, Kristina (2024) *Introduction to Macedonian Law.* In: International lecturing within the Law School of Eastern Europe and Central Asia, 10-11 May 2024, Faculty of Law and Administration, University of Warsaw, Poland. (Unpublished)
3. Miseva, Kristina (2023) *Односот помеѓу правилата на граѓанско-правна одговорност за надомест на штета и начелата на јавните расходи.* In: Тркалезна маса "Примена на правилата за граѓанско правна одговорност за штета во финансовото право и во правото на интелектуална сопственост компаративен приказ на правните системи на Р.С.Македонија, Р. Српска и Босна и Херцеговина", 22 Dec 2023, Stip. (Unpublished)
4. Miseva, Kristina (2023) *The impact of digital technology in sports and the right to Data Protection.* In: The XII scientific conference on the occasion of the day of the Faculty of Law "Legal gaps and the completeness of law", 28 Oct 2023, Faculty of law, University of East Sarajevo, Pale, B&H. (Unpublished)
5. Miseva, Kristina (2023) *The role of Public Private Partnership in the Macedonian healthcare sector.* In: 5. međunarodna naučna konferencija "Pravni i ekonomski aspekti procesa integracije Bosne i Hercegovine u Evropsku uniju", 26-27 Oct 2023, Mostar, Bosna i Hercegovina. (Unpublished)
6. Miseva, Kristina (2023) *The right to participate in sport VS privacy and data protection regulation.* In: International Conference "Democracy, Rule of Law, and Protection of Human Rights in the European Union, 29-30 Sept 2023, Faculty of Law and Social Sciences, Batumi Shota Rustaveli State University, Batumi, Georgia.
7. Miseva, Kristina (2023) *The Challenges of the Macedonian Tax System according to the EU Recommendations and EU Tax Rules.* In: International scientific conference "The Influence of European Integration on the Development of Monetary Law", 30-31 May 2023, Faculty of Law, Nis, Serbia.
8. Miseva, Kristina (2023) *3rd International Staff Week (ISW). Faculty of Economics and Tourism "Dr. Mijo Mirkovic" Juraj Dobrila University of Pula.* In: 3rd International Staff Week (ISW),, 22-26 May 2023, Pula, Croatia. (Unpublished)
9. Miseva, Kristina (2023) *Legal and financial aspects of public healthcare and E-health development in the Republic of North Macedonia.* In: 3rd International Staff Week and ERAZMUS+ staff mobility, 22-26 May 2023, Pula, Croatia. (Unpublished)
10. Miseva, Kristina (2023) *The role of Public private partnership in the Macedonian healthcare sector.* In: International Scientific Conference Law and social values, 21 Apr 2023, Faculty of Law, University in Nis, Serbia.
11. Miseva, Kristina (2023) *Legal and financial aspects of E-health development in the Republic of North Macedonia.* In: Guest lecture in the frame of Jean Monnet Module entitled "Jean Monnet Module for European Monetary Law-MONELA", 31 March 2023, Faculty of Law, Nis, Serbia.

12. Miseva, Kristina (2022) *Tax competitiveness as a mechanism to promote or distort small economies: The case of North Macedonia.* In: Webinar and ELF publication presentation:Tax competitiveness in the EU: A comparison between "new" and "old" member states, 9 Nov 2022, Ljubljana, Slovenia- online.
13. Miseva, Kristina (2022) *Financing the Macedonian HealthCare system.* In: Seminar " EU eHealth Law, ICT and Bioethics", 13-18 Oct 2022, Stip. (Unpublished)
14. Miseva, Kristina (2022) *Legal aspects of E-Health development in North Macedonia– Where do we stand?* In: International scientific conference "EU eHealth Law and Public Health" - policy debate with academic world, 26-30 Sept 2022, Ohrid. (Unpublished)
15. Miseva, Kristina and Ampovska, Marija (2022) *The legal aspects of telehealth.* In: The recovery of the EU and strengthening the ability to respond to new challenges – legal and economic aspects, 9-10 June 2022, Osijek.
16. Miseva, Kristina (2022) *Healthcare system financing.* In: Roundtable "EU eHealth Law", 28 Apr 2022, Stip. (Unpublished)
17. Miseva, Kristina (2021) *Tax and fiscal policy measures in digital transformation era during Covid-19 pandemic: The experience in North Macedonia.* In: Tax and fiscal policy measures in digital transformation era during Covid-19 pandemic: International experiences. Higher education policies for developing digital skills to respond to the COVID-19 crisis: European and Global Perspectives.
18. Ampovska, Marija and Miseva, Kristina (2021) *Обликување на македонскиот е-здравствен систем во законодавството и практиката.* In: Осма Меѓународна Научна Конференција Општествените промени во глобалниот свет, 2 септември, Правен факултет во Штип. (Unpublished)
19. Miseva, Kristina (2020) *The impact of FinTech and RegTech on the Macedonian financial regulation.* In: Jean Monnet Module is organizing the International Scientific Conference " EU Financial Regulation and Markets: Beyond Fragmentation and Differentiation", 26-27 Nov 2020, online. (Unpublished)
20. Miseva, Kristina (2020) *The cyber security in the Fin Tech Challenge for the Macedonian financial supervisors – where do we stand ?* In: 7th International Conference "Social Changes in the Global World", 03 Sept 2020, Faculty of Law UGD Shtip / on-line. (Unpublished)
21. Miseva, Kristina (2020) *Countering hybrid threats under the international law.* In: III. Conference on International Terrorism and Security, Beykent University Faculty of Economics and Adminstrative Sciences, Istanbul.
22. Miseva, Kristina (2020) *The institutional and legal framework of the open-end investment funds according to the Macedonian legislation.* In: International academic conference "Bratislava Legal forum 2020", 6-7 Feb 2020, Faculty of Law, Comenius University in Bratislava. (Unpublished)
23. Miseva, Kristina (2019) *Countering hybrid threats under the International Law.* In: III Conference on International Terrorism and Security, 13 Dec 2019, Beykent University, Turkey. (Unpublished)
24. Miseva, Kristina (2019) *Offensive Cyber commerce activities and States' responses in accordance with the rule of law.* In: Toward effective cyber defense in accordance with the rules of law, 3-8 Nov 2019, Ohrid

**Научно- истражувачки проекти за периодот од 2019-2020:**

1. Ко-директор (раководител) за Северна Македонија на Напреден тренинг курс СПС НАТО проект: "Towards Effective Cyber Defense in Accordance with the

Rule of Law", Ref. No. SPS.EAP.ATC. G5617, 2019 година. (https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_181862.htm).

2. Учесник во Еразмус + програмата КА107, проект за високообразовна мобилност на студенти и кадар помеѓу програмските земји и земјите партнери, 2020 година. (https://erasmus-plus.ec.europa.eu/projects/search/details/2020-1-MK01-KA107-077523);

3. Академски и проектен координатор (раководител) на Жан Моне Проект: ЕУ е-здравствено право и Северна Македонија: од тековна пракса до имплементација (ЕУЕХЛ), (2020-2022). Број на договор: 621268-EPP-1-2020-1-MK-EPPJMO-PROJECT. Одлука на Ректорот број 0204-547/1 од 5.11.2020 година била назначена за (https://erasmus-plus.ec.europa.eu/projects/search/details/621268-EPP-1-2020-1-MK-EPPJMO-PROJECT);

4. Ко-организатор на меѓународна научна конференција под назив „ЕУездравствено право и јавно здравје" (EU eHealth law and Public Health) во рамките на Жан Моне проектот ЕУЕХЛ, 2022 година. (https://euehl.ugd.edu.mk/index.php/en/);

5. Во 2023 е дел од Еразмус + програмата КА171, проект за високообразовна мобилност на студенти и кадар (https://erasmus-plus.ec.europa.eu/projects/search/details/2022-1-MK01-KA171-HED-000073745);

6. 2024, учесник во работна група на COST проектот CA21133 - Globalization, Illicit Trade, Sustainability and Security (GLITSS), 2022

7. (https://www.cost.eu/actions/CA21133/#tabs+Name:Working%20Groups%20and%20Membership).

8. Истражувач во рамките на проектот „Педагошки систем за инклузивно образование и обука за подобрување на вештините на меѓусекторски практичари кои работат со млади лица во поправните системи" PICTURES, (2024-2027). Реф. бр. 101140185 — PICTURES — ERASMUS-EDU-2023-PI-ALL-INNO

Во периодот од 2019-2024 година кандидатката континуирано учествувала на многубројни меѓународни конференции во државата, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Грузија. По покана одржала предавања на Факултетот за економија и туризам во Хрватска и на Факултетот за право и администрација при Универзитетот Варшава во Полска. Учествувала на тркалезна маса (хибриден настан) на Правниот факултет во Штип со Пале, Сараево. Организирала гостински предавања за професори од реномирани правни факултети од Полска и Латвија, од областа на финансовото право и деловното право. Иницирала меѓународни соработки со факултетите и универзитетите од земји-членки на ЕУ.

Кандидатката во изборниот периодот (2019 до 2014 година) се јавува како автор и коавтор на 11 труда ( од кои 9 труда се објавени во референтни научни публикации согласно Законот за високо образование), коавтор на еден речник, автор на високошколски учебник, рецензент на значителен број на трудови, организатор на НАТО напреден тренинг курс и организатор на меѓународна научна конференција, учесник е на многубројни домашни, регионални и меѓународни конференции, тркалезни маси и настани.

**Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**

Кандидатката Кристина Мишева учествувала во изработка на елаборати за студиските програми на правниот факултет од прв, втор и трет циклус на студии. Од 2012- сега, член на Наставно-Научен совет, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;

Од 2020- денес, член на Одбор за соработка и доверба со јавноста на Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип; Од 2020- денес, член на Надзорен одбор, Центар за истражување и креирање политики (ЦРПМ), Скопје; од 2023- денес, Виш научен соработник при Институтот за меѓународна соработка- ИНИС, Белград, Србија.

Во 2016-та година е избрана за раководител на катедрата за Делово право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а во 2020 е реизбрана.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип по деталното разгледување на комплетната доставената документација пропишана во конкурсот. Рецензентската комисија констатира дека **вонреден професор д-р Кристина Мишева ги исполнува општите и посебните услови** кои се земаат во предвид при избор на лице во звање редовен професор.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Кристина Мишева, може да се заклучи дека има континуиран развој во научно-истражувачката работа и во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати. Кандидатката има остварено вкупно 236,5 поени ((НО)=40; (НИ)=131,5; (САОР)=65 ).

Врз основа на горенаведеното и врз основа на личното познавање на кандидатката, членовите на Комисијата се цврсто уверени дека се работи за многу солиден академски работник, со постојана афирмација во професионалната научна кариера на домашно и меѓународно ниво.

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **да ја избере вонреден професор д-р Кристина Мишева во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научна област деловно право и финансово право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Борка Тушевска- Гавриловиќ, претседател, с.р
Проф. д-р Јован Зафироски, член, с.р
Проф. д-р Марко Андонов, член, с.р

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | **40** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Дел од монографија или научна книга<br>Труд под реден број. 9 | | | 1 | 10 | **10** |
| **2** | Научен труд објавен во списание со ИФ<br>(втор автор) -Труд под реден број 7<br>(трет автор)- Труд под реден број 4 | 10/5 | | | | **15** |
| **3** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор)- Труд под реден број 5 | 9 | | | | **9** |
| **4** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир,<br>Труд под реден број 1,2,3,6,8 | | | 5 | 3 | **15** |
| **5** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на<br>официјален концерт | 1 | 2 | 1 | 4 | **6** |
| **6.** | Одржано предавање по покана од научна институција,<br>музички настап на официјален концерт | | | 2 | 3 | **6** |
| **7.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт<br>во земјава и во странство | 7 | 1 | 13 | 1.5 | **26.5** |
| **8.** | Раководител на научен проект | 1 | 4 | | | **4** |
| **9** | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) | 2 | 2 | 1 | 3 | **6** |
| **10.** | Уредник на зборник на трудови од научен собир<br>-Ebook: Toward Effective Cyber Defense in Accordance with the Rules of Law, NATO Science for Peace and Security Series - E: Human and Societal Dynamics ( 2020);<br>-Меѓународна научно-истражувачка конфренција „ЕУ ездравствено право и јавно здравје“, Охрид (2022) | 1 | 1 | 1 | 2 | **3** |
| 11. | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 2 | | | **2** |
| 12. | Член на организациски или научен одбор на научен собир,<br>фестивал | 1 | 1 | 3 | 2 | **7** |
| 13. | Студиски престој во странство | 8 (еднократно) | | | | **8** |
| 14. | Рецензент на научен труд<br>(СЦИ/ЦА/останати) | 14*1 | | | | **14** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **131.5** |

| Р. бр. | Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Книга/учебник<br>Труд под реден број 10 | 1 | 10 | | | **10** |
| 2 | Речник / лексикон<br>Труд под реден број 11 | 1 | 10 | | | **10** |
| 3. | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) | | | 1 | 8 | **8** |
| 4 | Елаборати<br>(елаборати за втор циклус и трет циклус деловно право- правен факултет),<br>Експертизи- ЈП водовод и канализација-Скопје, Проект за пречистителна станица за отпадни води, Decon International/ Infraproject,- Bulgaria, GrCF2 W2 – Skopje, Европска Банка за обнова и развој (2020-2022) | 3 | 2 | | | **6** |
| 5. | Претседател/ Член на комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови | 12 | 2 | | | **24** |
| 6. | Раководител на катедра/оддел/центар -<br>Раководител на катедрата по деловно право | 3 | | | | **3** |
| 7. | Член на факултетски орган, комисија:<br>Член на ННС;<br>Член на Одбор за соработка и доверба со јавноста на Правен Факултет | 2* 2 | | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **65** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **236,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1202-78/9 од 5.7.2024 година донесена на 252. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 5.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за научната област *економија* на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **проф. д-р Трајко Славески**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
- **проф. д-р Предраг Трпески**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член);
- **проф. д-р Сашо Ќосев**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха“ на 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот **д-р Дарко Лазаров,** вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатот **д-р Дарко Лазаров**, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи:

1. Пријава;
2. Универзитетска диплома за доктор на економски науки (оригинал и 3 копии заверени на нотар);
3. Универзитетски дипломи за завршен прв и втор циклус на студии (2 копии заверени на нотар и една обична копија);
4. Уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии (2 копии заверени на нотар и една обична копија);
5. Кратка биографија и CV (3 примероци);
6. Список на објавени научни и стручни трудови (3 примероци) и по еден примерок од објавените трудови;
7. Потврди за познавање на странски јазик (по 2 копии заверени на нотар и една обична копија);
8. Еден примерок од докторскиот труд; и
9. Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатот **д-р Дарко Лазаров**, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Дарко Лазаров** е роден на 8.4.1984 година во Штип. Основното и средното гимназиско образование ги завршува во родниот град Штип. Во учебната 2002/2003 година се запишува на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и дипломира во 2007 година, со просечен успех од 8.57 и се стекнува со звање – **дипломиран економист**.

Во академската 2007/2008 година се запишува на постдипломски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на насоката Меѓународна економија и истите ги завршува со просечен успех од 9.71. Во 2009 година со одбрана на магистерскиот труд „Сиромаштија, нееднаквост и квалитет на живот во Република Македонија“, се стекнува со звање - **магистер на економски науки.**

Во 2011 година ја пријавил својата докторска дисертација под наслов „Анализа на детерминантите на динамиката на македонската економија во контекст на институционалната економија и новата теорија на раст” на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под менторство на академик Гоце Петрески. На 13.6.2014 година успешно ја одбранил својата докторска дисертација, со што се стекнува со звањето - **доктор на економски науки**.

Во 2007 година, д-р Дарко Лазаров се вработува како **помлад асистент** во областа економска теорија на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2010 година тој е избрана за **асистент**, а потоа во 2013 година е реизбран во истата област. Во тој временски период остварува забележителни научноистражувачки и наставно-образовни активности.

На 1.10.2014 година е избран за **доцент** на Економскиот факултет во наставно-научната област економска теорија. За време на овој изборен период кандидатот има забележителни наставно-образовни и научноистражувачки активности како што се: наставно-образовен ангажман на предметите: Основи на економија, Микроекономија, Макроекономија и Економија на иновации на прв циклус студии, како и наставниот ангажман на предметите Основи на економија на Правен факултет во Штип; раководител на Катедрата за економија во период 2014-2019, член на Комисијата за изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус на студии на Економски факултет; учесник на повеќе реномирани меѓународни конференции; неколку успешно реализирани студиски и истражувачки престои на европски универзитети; автор на научни и стручни трудови во меѓународни списанија; автор или коавтор на неколку монографии, книги и поглавја во книги; автор на скрипта и практикум од областа економија; член во неколку научни и стручно-апликативни проекти.

Кандидатот ја продолжува и воедно ја проширува својата плодна наставно-образовна и научноистражувачка работа за време на мандатот како **вонреден професор** во областа на економската теорија на Економскиот факултет во Штип, од моментот на избор на 6.6.2019 година па сè до денес.

Тој е ангажиран на прв циклус на студии на предметите: Основи на економија, Микроекономија, Макроекономија и Економија на иновации, и на предметот Бизнис економија како универзитетски предмет на ниво на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Воедно е ангажиран на предметот Напредна економија на втор и на трет циклус на студии на Економски факултет во Штип.

Кандидатот бил раководител на Катедрата за економија во периодот 2019-2023, бил член на Комисијата за изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус на студии на Економски факултет; учесник на повеќе реномирани меѓународни научни конференции; автор на повеќе научни трудови објавени во меѓународни списанија индексирани во најпрестижните научни бази како што се Web of Science и Scopus; автор или коавтор на неколку книги и учебници; член и раководител во неколку научни и стручно-апликативни проекти. Од 2023 година е избран за главен

уредник на меѓународното списание индексирано во Ebsco "Journal of Economics", што го објавува Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Извонредно го познава и користи англискиот јазик. Поседува вештини за работа и користење на напредни софтверски пакети за квантитативни економски истражувања и анализи, како и други компјутерски програми за работа.

Добитник е на наградата за најдобар млад економски истражувач во областа на макроекономија и банкарство што ја доделува Народна банка на Република Северна Македонија (НБРСМ) во 2017 година, а во 2023 година е добитник на наградата „8 Ноември" што ја доделува Општина Штип за придонес во развојот на македонската економија и за градот Штип. Член е на собранието на Стопанската комора на Северна Македонија како најголема бизнис асоцијација во земјата.

Кандидатот д-р Дарко Лазаров и денес работи на Економскиот факултет во Штип како вонреден професор и воедно од 2023 г. до денес ја извршува функцијата проректор за инвестиции, развој и одржување на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

***Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.***

**Општи услови за избор:**

1. **Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира.** Кандидатот д-р Дарко Лазаров се стекнал со звање доктор на економски науки на 13.6.2014 година кога успешно го одбранил докторскиот труд од областа економија на тема ***„Анализа на детерминантите на динамиката на македонската економија во контекст на институционалната економија и новата теорија на раст"*** на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. **Претходен избор во звање.** Кандидатот д-р Дарко Лазаров е избран во **доцент** на 1.10.2014 година со Одлука бр.1702-314/13 од 2.10.2014 г. Потоа е избран во **вонреден професор** на 6.6.2019 година со Одлука бр.1202-80/5 од 7.6.2019 година.
3. **Објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години.** Кандидатот д-р Дарко Лазаров во периодот од изборот во вонреден професор во 2019 година до денес има објавено 11 рецензирани научни трудови во референтни научни публикации во соодветната област.

Во табелата подолу се презентирани неколку објавени трудови во изминатиот 5-годишен период, согласно важечките законски прописи, а останатите трудови се достапни на електронскиот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и на академските платформи ORCID, Google Scholar и Research Gate, кои можат да се погледнат на следните линкови:

https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Lazarov=3ADarko=3A=3A.html
https://orcid.org/0009-0000-1796-6627
https://scholar.google.com/citations?user=pKkfjEcAAAAJ
https://www.researchgate.net/profile/Darko-Lazarov

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Год. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Lazarov Darko | The Role of Manufacturing Sector to Economic Growth in North Macedonia | Ekonomika Journal, 70 (1). pp. 1-15. ISSN 0350-137X Индексирано во Ebsco | 2024 |
| 2 | Lazarov Darko and Petreski Goce | Export Complexity and Economic Growth: Empirical Analysis for Selected CEE Countries. | Croatian Economic Survey Journal, 25 (2). pp. 41-65. ISSN 1846-3878 Индексирано во Web of Science и Scopus | 2023 |
| 3 | Lazarov Darko and Miteva-Kacarski Emilija | Intraregional trade perspective and untapped trade potentials of the Western Balkan region. | Economic Horizons Journal, 25 (3). pp. 243-259. ISSN 2217-9232 Индексирано во Scopus | 2023 |
| 4 | Lazarov Darko and Simeonovski Kiril | Macroeconomic Stability and Economic Growth: An Empirical Estimation for North Macedonia. | Economic Studies Journal, 32 (8). pp. 78-94. ISSN 0205-3292 Индексирано во Scopus | 2023 |
| 5 | Lazarov Darko, Nikolov Misho and Simenovski Kiril | Empirical analysis of financial intermediation and economic growth: The case of Macedonian economy. | Journal of Economics, 8 (2). pp. 39-48. ISSN 1857-9973 Индексирано во Ebsco | 2023 |
| 6 | Lazarov Darko, Nikolov Misho and Simeonovski Kiril | Macroeconomic and bank-specific determinants of bank loans to private sector: The case of North Macedonia. | Industry Journal, 5 (1). pp. 7-28. ISSN 0350-0373 Индексирано во Ebsco | 2023 |
| 7 | Lazarov Darko, Miteva-Kacarski Emilija and Nikolov Misho | Empirical analysis of Covid-19 crisis effects on the WB6 region. | Journal of Economics, 8 (1). pp. 20-28. ISSN 1857-9973 Индексирано во Ebsco | 2023 |
| 8 | Hadzi-Nikolova Marija, Dimov Gorgi, Mirakovski Dejan, Zendelska Afrodita, Doneva Nikolinka, Zlatkovski Vasko, Maragkaki Angeliki, Papadaki Akrivi, Sabathianakis G., Manios Thrassyvoulos, Poda Katerina, Naskova Ljubica. Misseris Timos, Zapounidis Kostas, Lazarov Darko | Biowaste Management and Circular Economy: Usage of Pay as you Throw System and Autonomous Composting Units in Municipality of Probishtip. | Circular Economy and Sustainability Journal, 2. pp. 1283-1300. ISSN: 2730-5988 Индексирано во Scopus | 2022 |
| 9 | Lazarov Darko and Nikolov Misho | Macroeconomic impacts of the Covid-19 crisis on selected CEE countries. | Journal of Economics. 6. pp. 231-239. ISSN 1857-9973 Индексирано во Ebsco | 2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10** | Lazarov Darko | Empirical analysis of export performance and economic growth: the case of Macedonia. | International Journal of Trade and Global Markets, 12 (3/4). pp. 381-393. ISSN 1742-7541 Индексирано во Scopus | 2019 |
| **11** | Lazarov Darko and Petreski Goce | The role of innovations in fostering economic growth: an empirical analysis for selected CEE countries. | International Journal of Business and Globalisation, 22 (4). pp. 716-728. ISSN 1753-3635 Индексирано во Scopus | 2019 |

**4. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик.** Кандидатот д-р Дарко Лазаров има доставено потврда (уверение) за познавање на англиски јазик.

**5. Способност за изведување на високообразовна дејност**. Д-р Дарко Лазаров целокупната своја 17-годишна кариера, од моментот на избор во помлад асистент до вонреден професор, ја поминува во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во текот на овој период, тој има реализирано плодна високообразовна дејност преку изведување на бројни предавања и вежби, менторства, пишување и објавување на научни и стручни трудови, учебници и учебни помагала, учества на научни конференции и собири, студиски и истражувачки престои, учества во научни проекти, објавување на повеќе стручни колумни итн. Тој е ментор на повеќе од 10 дипломски трудови, а членувал и во бројни комисии за дипломски и магистерски трудови. Во моментот е ментор на 1 докторанд на трет циклус на студии.

**Посебни услови за избор:**

**1. Учество во научно-истражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати.** Кандидатот д-р Дарко Лазаров учествувал во следните **проекти**, а кои може подетално да се погледнат на поставените линкови:

- Mirakovski Dejan, **Lazarov Darko, Srebrenkoska Sara, Zendelska Afrodita, и Krcheva Violeta (2024)** *Циркуларна и зелена економија базирана на соработка наука-бизнис*. https://eprints.ugd.edu.mk/34318/
- **Lazarov, Darko (2024)** *Стратегијата за геолошки истражувања и одржливо искористување на минералните суровини на Република Северна Македонија, 2025-2045: Економска анализа на секторот рударство во РСМ.* https://eprints.ugd.edu.mk/34335/
- **Lazarov Darko (2024)** *A framework for Green Industrial Policies in the Western Balkan: GIP in North Macedonia* (country report). https://eprints.ugd.edu.mk/34323/
- **Lazarov Darko (2023)** *Стратегија за промоција на извоз на Република Северна Македонија 2023-2027*. https://eprints.ugd.edu.mk/34319/
- **Lazarov Darko и Konatar Aleksandar (2022)** *Export Potential Analysis of the Macedonian economy*. https://eprints.ugd.edu.mk/31390/
- Gorgieva-Trajkovska Olivera, Miteva-Kacarski Emilija, Dimitrova Janka, Georgieva Svrtinov Vesna, Gaber Stevan, Gruevski Ilija, Koleva Blagica, Gogova Samonikov Marija, Veselinova Elena, **Lazarov Darko**, Bezovski Zlatko и Mitreva Mila (2021) *Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии*

*(ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување*. *https://eprints.ugd.edu.mk/28347/*

- **Lazarov Darko,** Arizankovska Jadranka и Jasmina Majstoroska (2021) *Qualitative Analysis of preliminary priority areas in the smart specialization process in the Republic of North Macedonia*. https://eprints.ugd.edu.mk/29254/
- **Lazarov Darko** (2020) *Analysis of the effects on the metal processing, electric, machinery and automotive industry from the health-economic crisis caused by the Covid-19 pandemic*. https://eprints.ugd.edu.mk/27621/
- Zlatkovski Vasko, Dimov Gorgi, Naskova Ljubica, Mihajlov Marjan, Mirakovski Dejan, Hadzi-Nikolova Marija, Zendelska Afrodita и **Lazarov Darko** (2020) *Utilizing "Pay as you throw systems and autonomous composting units for biowastes management in touristic areas - biowaste".* https://eprints.ugd.edu.mk/24332/
- **Lazarov Darko (2019)** *Економска анализа на Геопарк Лесново: Истражување и подготовка на досие за апликација на Геопарк Лесново за членство во глобалната мрежа на Геопаркови при УНЕСКО*. https://eprints.ugd.edu.mk/34391/

**2. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.** Од моментот на избор во доцент до денес, кандидатот д-р Дарко Лазаров има дадено значаен придонес во оспособување на помлади наставници и соработници преку нивно вклучување во различни научни и стручни активности, проекти, заедничко пишување трудови, давање совети и менторства, рецензирање на трудови, давање препораки и сл.

**3. Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД**. Д-р Дарко Лазаров во последните 5 години има објавено**:**

- Учебник по Микроекономија за бизнис: Lazarov, Darko (2024) *Микроекономија за бизнис*. Универзитет „Гоце Делчев» - Штип. ISBN 978-608-277-035-2; *https://eprints.ugd.edu.mk/33798/*

**4. Да има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.** Кандидатот д-р Дарко Лазаров во изборниот период 2019-2024 година има остварено вкупно 308 поен од кои 40 од наставно образовна дејност, 183.5 поени од научно-истражувачка дејност и 84.5 поени од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Во продолжение следи детална оценка на неговата високообразовна дејност (наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Наставно-образовниот ангажман на **д-р Дарко Лазаров** се протега уште од 2007 година, кога е избран во ***помлад асистент*** во областа економска теорија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Во 2010 година тој е избрана за **асистент**, а потоа во 2013 година е реизбран во истата научна област. Во тој временски период остварува забележителни научноистражувачки и наставно-образовни активности.

На 1.10.2014 година е избран за **доцент** на Економскиот факултет во наставно-научната област економска теорија. Во временскиот период на избор во звање доцент е ангажиран на прв циклус студии на предметите: Основи на економија, Микроекономија, Макроекономија и Економија на иновации, додека

на втор циклус студии кандидатот бил ангажиран на предметот Напредна економија. Во истиот период, кандидатот е раководител на Катедрата за економија и член на комисија за изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус студии на Економски факултет.

Неговата наставно-образовна дејност продолжува и понатаму, кога во 2019 година е избран за ***вонреден професор*** во областа на економска теорија, при Катедрата за економија. Како вонреден професор е ангажиран во наставно-образовниот процес на неколку предметни дисциплини кои се слушаат на програмите од прв циклус студии, како што се: Основи на економија, Микроекономија, Макроекономија и Економија на иновации. Истовремено, на прв циклус студии е ангажиран на универзитетскиот предмет Бизнис економија. На втор циклус и на трет циклус на студии го покрива предметот Напредна економија.

Во времето на академскиот ангажман како *вонреден професор*, кандидатот има остварено успешна наставно-образовна и научно-истражувачка дејност изразена преку:

- редовно одржување на предавања и вежби;
- редовно одржување на консултации и менторства;
- објавени бројни научни и стручни трудови,
- објавен учебник, книги и наставни помагала;
- учество во комисија за организирање на натпревар за студенти;
- учества на меѓународни научни конференции;
- менторства на дипломски трудови;
- менторство на трет циклус на студии;
- учество во научни проекти и сл.

***Во прилог на документацијата за избор, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот д-р Дарко Лазаров ги достави во прилог следните трудови:***

**Објавени научни и стручни трудови**

***Рецензирани научни трудови објавени во референтни научни публикации во последните 5 години***

1. **Lazarov Darko (2024)** *The Role of Manufacturing Sector to Economic Growth in North Macedonia. Ekonomika Journal, 70 (1). pp. 1-15. ISSN 0350-137X.* https://eprints.ugd.edu.mk/34087/
2. **Lazarov Darko и Petreski, Goce (2023)** *Export Complexity and Economic Growth: Empirical Analysis for Selected CEE Countries. Croatian Economic Survey Journal, 25 (2). pp. 41-65. ISSN 1846-3878.* https://eprints.ugd.edu.mk/33163/
3. **Lazarov Darko и Miteva-Kacarski, Emilija (2023)** *Intraregional trade perspective and untapped trade potentials of the Western Balkan region. Economic Horizons Journal, 25 (3). pp. 243-259. ISSN 2217-9232* https://eprints.ugd.edu.mk/33164/
4. **Lazarov Darko и Simeonovski, Kiril (2023)** *Macroeconomic Stability and Economic Growth: An Empirical Estimation for North Macedonia. Economic Studies Journal, 32 (8). pp. 78-94. ISSN 0205-3292.* https://eprints.ugd.edu.mk/33013/
5. **Lazarov Darko и Nikolov, Misho and Simenovski, Kiril (2023)** *Empirical analysis of financial intermediation and economic growth: The case of Macedonian*

*economy*. *Journal of Economics, 8 (2). pp. 39-48. ISSN 1857-9973.* https://eprints.ugd.edu.mk/33015/

**6. Lazarov Darko и Nikolov, Misho and Simeonovski, Kiril (2023)** *Macroeconomic and bank-specific determinants of bank loans to private sector: The case of North Macedonia. Industry Journal, Vol. 5 (1). pp. 7-28. ISSN 0350-0373.* https://eprints.ugd.edu.mk/33014/

**7. Lazarov Darko и Miteva-Kacarski, Emilija and Nikolov, Misho (2023)** *Empirical analysis of Covid-19 crisis effects on the WB6 region. Journal of Economics, 8 (1). pp. 20-28. ISSN 1857-9973.* https://eprints.ugd.edu.mk/32026/

8. Hadzi-Nikolova, Marija and Dimov, Gorgi and Mirakovski, Dejan and Zendelska, Afrodita and Doneva, Nikolinka and Zlatkovski, Vasko and Maragkaki, Angeliki and Papadaki, Akrivi and Sabathianakis, G. and Manios, Thrassyvoulos and Poda, Katerina and Naskova, Ljubica and Misseris, Timos and Zapounidis, Kostas and **Lazarov Darko (2022)** *Biowaste Management and Circular Economy: Usage of Pay as you Throw System and Autonomous Composting Units in Municipality of Probishtip. Circular Economy and Sustainability Journal, 2. pp. 1283-1300.* ISSN 2730-59882. https://eprints.ugd.edu.mk/30704/

**9. Lazarov Darko и Nikolov, Misho (2021)** *Macroeconomic impacts of the Covid-19 crisis on selected CEE countries. Journal of Economics, 6. pp. 231-239. ISSN 1857-9973.* https://eprints.ugd.edu.mk/29250/

**10. Lazarov Darko и Petreski, Goce (2019)** *The role of innovations in fostering economic growth: an empirical analysis for selected CEE countries. International Journal of Business and Globalisation, 22 (4). pp. 716-728. ISSN 1753-3635.* https://eprints.ugd.edu.mk/23532/

**11. Lazarov Darko (2019)** *Empirical analysis of export performance and economic growth: the case of Macedonia. International Journal of Trade and Global Markets, 12 (3/4). pp. 381-393. ISSN 1742-7541.* https://eprints.ugd.edu.mk/23531/

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир***

**12. Lazarov Darko и Slaveski Trajko (2019)** *Economic performance of north Macedonian economy and the EU integration challenges. EU post 2020 – New Europe in a new world. ISSN 978-954-07-4751-4* https://eprints.ugd.edu.mk/23530/

**Учество на научни и стручни собир со реферат**

**13. Lazarov Darko** и Miteva-Kacarski, Emilija (2023) *Bilateral Trade Performance and Untapped Trade Potentials between North Macedonia and Croatia.* International Scientific Conference on IT, Tourism, Economics, Management, and Agriculture (ITEMA 2023), Varazhdin, Croatia https://eprints.ugd.edu.mk/33181/

**14. Lazarov Darko** (2023) *Export, export diversification and export composition of Western Balkan countries: future perspectives and policy recommendations.* XIV Skup privrednika i naučnika, SPIN '23 Digitalni i zeleni razvoj privrede, Belgrade, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/33182/

**15. Lazarov Darko** (2023) *Innovation Capacity and Economic Growth: Empirical Estimation for CEE countries.* International Conference on Sustainability in Technological, Environmental, Law, Management, Social and Economic Matters (ICOSTELM 2023), Lampung – Indonesia https://eprints.ugd.edu.mk/33180/

**16. Lazarov Darko** (2023) *Whether EU integration could improve the export performance and speed up the growth process of the Macedonian economy?* Научна

конференција Забрзување на процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ: клучни предизвици и приоритети, МАНУ, Скопје. https://eprints.ugd.edu.mk/33184/

**17. Lazarov Darko** и Nikolov, Misho (2021) *Macroeconomic overview of the COVID – 19 impact on the macroeconomic developments with comparative analysis of the Eastern European countries.* Third International Conference on Business, Economy and Finance (ICBEF): "Economic and Social Implications of Covid-19, Challenges and Proposals for overcoming" https://eprints.ugd.edu.mk/29249/

18. Hadzi-Nikolova Marija, Dimov, Gorgi, Mirakovski Dejan, Zendelska Afrodita, Doneva Nikolinka, Zlatkovski Vasko, Maragkaki Angeliki, Papadaki Akrivi, Sabathianakis, G., Manios Thrassyvoulos, Poda Katerina, Naskova Ljubica, Misseris Timos, Zapounidis, Kostas и **Lazarov Darko** (2021) *Introducing Pay as You Throw System and Autonomous Composting Units for Biowaste Management in Municipality of Probistip.* Retaste: rethink food waste 2021, 6-8 May 2021, Athens, Greece. https://eprints.ugd.edu.mk/28403/

**19. Lazarov Darko** (2024) The Study for mapping regional trade and investment potential in the Manufacturing. PIT Adria Regional Sumit https://eprints.ugd.edu.mk/34191/

**20. Lazarov Darko** (2024) *Green Industrial Policy in North Macedonia. Green Industrial Policy Framework in the Western Balkans*, GAP Institute – Kosovo, Tirana, Albania. https://eprints.ugd.edu.mk/33797/

**21. Lazarov Darko** (2023) *Export Performance and Intra-Regional Trade Potentials of WB6 Region*. WB6 Regional conference: How to increase the cooperation among countries in WB6 region - Challenges and Perspectives, Skopje, North Macedonia https://eprints.ugd.edu.mk/33183/

**22. Lazarov Darko** и Miteva-Kacarski, Emilija (2021) *Користење на дигитални алатки за глобален успех на младите претприемачи*. Global Entrepreneurship Week 2021, Macedonia https://eprints.ugd.edu.mk/29252/

**23. Lazarov, Darko** (2020) *Economic analysis of the investment in biowaste management system in Municipality of Probishtip*. Final info-session of the Biowaste project, 23 Nov 2020, Online - Municipality of Katerini Greece. https://eprints.ugd.edu.mk/27625/

**24. Lazarov, Darko** (2020) *Анализа на извозните перформанси на македонската економија и мапирање на стратешките извозни сектори*. Западен Балкан на глобалните пазари: Нови можности за трговска размена и инвестиции, 18 Feb 2020, Стопанска Комора на Македонија https://eprints.ugd.edu.mk/24034/

25. Lazarov, Darko (2019) The impact of regional and national security on FDI and Economic Growth in Macedonia. In: Regional and Global Dimensions of Security (Challenges and policies) https://eprints.ugd.edu.mk/29793/

**Објавени книги, монографии и учебници**

**26. Lazarov, Darko** (2024) *Микроекономија за бизнис*. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-035-2 https://eprints.ugd.edu.mk/33798/

27. Azeski, Branko и **Lazarov Darko** (2024) *Нов договор за економски развој*. Economic Chamber of North Macedonia. ISBN 978-608-4975-04-5 https://eprints.ugd.edu.mk/34088/

28. Azeski, Branko и **Lazarov Darko** (2024) *Стратешки документи на Комората*. Economic Chamber of North Macedonia. ISBN 978-608-4975-03-8 https://eprints.ugd.edu.mk/34090/

29. Radovanovic Nikola, **Lazarov Darko,** Arizankovska Jadranka, Majstoroska Jasmina и Domen Bole (2022) Qualitative analysis of economic, innovation and scientific potential in North Macedonia. Smart Specialisation in North Macedonia. ISSN 1831-9424 https://eprints.ugd.edu.mk/30242/

**Докторска дисертација и магистерски труд**

**30. Lazarov Darko** (2014) *Анализа на детерминантите на динамиката на македонската економија во контекст на институционалната економија и новата теорија на раст*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје. https://eprints.ugd.edu.mk/10230/

**31. Lazarov Darko (2009)** *Сиромаштија, нееднаквост и квалитет на живот во Република Македонија. Магистерски труд, Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.* https://eprints.ugd.edu.mk/10195/

**Учество во научни проекти**

32. Mirakovski Dejan, **Lazarov Darko**, Srebrenkoska Sara, Zendelska Afrodita, и Krcheva Violeta (2024) *Циркуларна и зелена економија базирана на соработка наука-бизнис*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и Стопанска комора на Северна Македонија. https://eprints.ugd.edu.mk/34318/

**33. Lazarov, Darko** (2024) Стратегијата за геолошки истражувања и одржливо искористување на минералните суровини на Република Северна Македонија, 2025-2045: Економска анализа на секторот рударство во РСМ, МАНУ. https://eprints.ugd.edu.mk/34335/

**34. Lazarov Darko** (2024) A framework for Green Industrial Policies in the Western Balkan: GIP in North Macedonia (country report)., GAP Institute - Kosovo https://eprints.ugd.edu.mk/34323/

**35. Lazarov Darko** (2023) Стратегија за промоција на извоз на Република Северна Македонија 2023-2027. Министерсто за економија на РСМ https://eprints.ugd.edu.mk/34319/

**36. Lazarov Darko** и Konatar Aleksandar (2022) Export Potential Analysis of the Macedonian economy. Economic Chamber of North Macedonia (ECNM) https://eprints.ugd.edu.mk/31390/

37. Gorgieva-Trajkovska Olivera, Miteva-Kacarski Emilija, Dimitrova Janka, Georgieva Svrtinov Vesna, Gaber Stevan, Gruevski Ilija, Koleva Blagica, Gogova Samonikov Marija, Veselinova Elena, **Lazarov Darko**, Bezovski Zlatko и Mitreva Mila (2021) *Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување*. https://eprints.ugd.edu.mk/28347/

**38. Lazarov Darko**, Arizankovska Jadranka и Jasmina Majstoroska (2021) *Qualitative Analysis of preliminary priority areas in the smart specialization process in the Republic of North Macedonia*. Joint Research Center (JRC) - EU. https://eprints.ugd.edu.mk/29254/

**39. Lazarov Darko** (2020) *Analysis of the effects on the metal processing, electric, machinery and automotive industry from the health-economic crisis caused by the Covid-19 pandemic*. EPI Centar International. https://eprints.ugd.edu.mk/27621/

40. Zlatkovski Vasko, Dimov Gorgi, Naskova Ljubica, Mihajlov Marjan, Mirakovski Dejan, Hadzi-Nikolova Marija, Zendelska Afrodita и **Lazarov Darko** (2020) *Utilizing "Pay as you throw systems and autonomous composting units for biowastes management in touristic areas - biowaste*". Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/24332/

**41. Lazarov Darko** (2019) Економска анализа на Геопарк Лесново: Истражување и подготовка на досие за апликација на Геопарк Лесново за членство во глобалната мрежа на Геопаркови при УНЕСКО. Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/34391/

***Кратка евалуација на еден дел од трудовите, а другите се достапни на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Lazarov=3ADarko=3A=3A.html***

**Евалуација на учебникот под р.б. 25: Lazarov Darko** (2024) Микроекономија за бизнис. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-035-2.

Основната цел на учебникот Микроекономија за бизнис е да ги претстави и детално елаборира основните принципи на бизнис економијата; специфичностите на пазарот во насока на ефикасно носење на бизнис одлуки и корпоративни стратегии со цел најдобро пазарно позиционирање; основните концепти на теоријата на фирми, и начините на водење бизнис во различни пазарни услови и проблемите со кои се соочуваат менаџерите во водењето на бизнисот; специфичностите на производството и производните процеси од една страна, и трошоците кои произлегуваат од тие процеси со цел оптимизација на производството и минимизирање на трошоците во насока на максимизирање на профитот како базична цел на секоја компанија, како и односите помеѓу државата и бизнисот во делот на бизнис регулација и надминување на пазарните неуспеси преку различни механизми и инструменти на државата и државните институции.

Учебникот ги третирани прашањата на екстерналиите (позитивни и негативни), како и начинот на стимулирање на позитивните екстерналии и намалување на негативното влијание нанегативните екстерналии, јавните добра и специфичните појави поврзани со јавните добра, асиметричните информации и јавните политики за намалување на асиметричните информации, како и монополите и јавните политики за елиминирање на евентуално негативното влијание на монополите на пазарот.

За таа цел, во рамките на учебникот се користени математички техники (формули и равенки), графички презентации и табеларни прикази кои се основа за разбирање на презентираните теории и модели во еден формат кој има апликативна и практична димензија за студентите. Дел од визуелните презентации во форма на слики се преземени од интернет, при што, истите не се предмет на авторски права. Истите се користат во учебникот со цел илустрирање, визуализирање и објаснување на соодветните делови и теми за наставни цели.

Дополнително, користени се многу студии на случај и практични примери од реалниот бизнис со цел да им се доловат на студентите базичните микроекономски концепти преку една практична рамка. Имено, главната идеја на учебникот е да им понуди знаење на студентите кое ќе биде корисно и практично применливо во реални економски и бизнис ситуации. Еден дел од студиите на случај, примери и практичните проблеми се преземени од веќе постоечки меѓународни учебници, книги и прирачници, при што дел од нив се приспособени за потребите на овој учебник со цел да бидат компактибилни со нашата средина и околности.

Другиот дел од практичните примери кои се користат во учебникот се креирани од авторот врз база на оригинални или креирани податоци од бизнис секторот кои не секогаш соодветствуваат со реалните податоци. Сепак, истите служат како корисна илустрација на реалноста и рамка за стекнување на практично знаење.

**Евалуација на трудот под р.б. 1: Lazarov Darko** (2024) The Role of Manufacturing Sector to Economic Growth in North Macedonia. Ekonomika Journal, 70 (1). pp. 1-15. ISSN 0350-137X.

Главна цел на трудот е анализа на перформансите на преработувачката индустрија како потенцијален мотор за растот на македонската економија. Емпириската анализа и истражување е базирано на примена на компаративна и секторска анализа на изворите на растот со цел квантификација на придонесот на преработувачката индустрија во растот на БДП во периодот 2002-2022.

Резултатите од емпириската анализа укажуваат дека постои тренд на зголемување на релативното учество на преработувачката индустрија во БДП од 8.4% во 2002 на 13.1% во 2022 година. Овој позитивен тренд на зголемување на учеството на преработувачката индустрија во БДП се случува после иницијалниот период на деиндустријализација во периодот на транзиција на земјата.

Дополнително, резултатите од истражувањето покажуваат позитивен импакт на преработувачката индустрија во економскиот раст на земјата во анализираниот период. Земјата помина низ еден процес на структурна трансформација преку пренасочување на секторот текстил и облека кон автомобилска и машинска индустрија кои се карактеризираат како сектори со повисоко ниво на продуктивност мерена преку бруто додадена вредност по работник.

Сепак, овие трендови се уште се недоволни за позначителен економски прогрес. Поради тоа, трудот предлага до креаторите на економски политики еден нов пристап базиран на индустриска политика насочена кон модерна реиндустријализација преку динамизирање на процесот на структурни промени и поддршка на продуктивни инвестиции и трансфер на технологии. Овој процес е најдобра алтернатива за остварување на одржлив економски раст на земјата и начин за забрзување на процесот на конвергенција на земјата кон нивото на БДП по глава на жител на земјите од ЕУ.

**Евалуација на трудот под р.б. 2: Lazarov Darko и Petreski Goce (2023)** *Export Complexity and Economic Growth: Empirical Analysis for Selected CEE Countries. Croatian Economic Survey Journal, 25 (2). pp. 41-65. ISSN 1846-3878.*

Целта на трудот е тестирање на хипотезата дека извозната софистицираност (комплексност) наместо вредноста на извозот има поголемо влијание врз економскиот раст. Трудот применува динамичен панел модел (систем ГММ) на група на 22 земји од ЦИЕ во периодот 2009-2019. Добиените резултати од истражувањето сугерираат дека извозот се уште има значајна улога во детерминирање на растот, но извозната софистицираност и комплексност имаат доминантна улога за стимулирање на економскиот раст во анализираните земји. Позитивното влијание на извозната комплексност врз економскиот раст е подеднакво важна независно дали станува збор за ЕУ членки или не ЕУ членки кои се дел од регионот на Централна и Источна Европа (ЦИЕ). Дополнително, резултатите од истражувањето покажуваат дека СДИ приливите имаат позитивно директно и индиректно влијание врз економскиот раст.

**Евалуација на трудот под р.б. 3: Lazarov Darko и Miteva-Kacarski Emilija (2023)** *Intraregional trade perspective and untapped trade potentials of the Western Balkan region. Economic Horizons Journal, 25 (3). pp. 243-259. ISSN 2217-9232.*

Основна цел на трудот е анализа на интрарегионалната трговија на земјите од Западен Балкан во период 2018-2022 и идентификување на идните регионални трговски потенцијали за периодот 2023-2027 година. Методологијата за остварување на дефинираната цел е базирана на анализа на изворите на растот на трговијата на ниво на поединечна земја и производ, додека идентификувањето на неискористените интрарегионални трговски можности е базирано на методологија развиена од страна на Центарот за меѓународна трговија, што подразбира примена на индикатор за извозен потенцијал на ниво на поединечен производ.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека интрарегионалната трговија во Западен Балкан има позитивен тренд во анализираниот период. Сепак, трговската размена помеѓу земјите во регионот е се уште силно концентрирана и базирана на мал број на производи кои се предмет на меѓусебно тргување. Во секој случај, истражувањето открива значителни неискористени можности за меѓусебна трговска соработка помеѓу земјите од Западен Балкан во иднина и оттука мотивацијата на креаторите на економски политики треба да биде во насока на стимулирање на компаниите преку создавање на подобри економски и трговски услови со цел интензивирање на трговската и економска соработка која ќе значи и забрзување на економскиот развој на регионот.

**Евалуација на трудот под р.б. 4: Lazarov Darko и Simeonovski Kiril (2023)** *Macroeconomic Stability and Economic Growth: An Empirical Estimation for North Macedonia. Economic Studies Journal, 32 (8). pp. 78-94. ISSN 0205-3292.*

*Основната цел на трудот е анализа на ефектите од макроекономската стабилност врз економскиот раст во Република Северна Македонија во периодот од К1 2007 година до К4 2022 година преку примена на АРДЛ економетриски модел базиран на квартални податоци.*

*Во рамки на истражувањето концептот на макроекономската стабилност е поделен во неколку индикатори: аутпит стабилност, ценовна стабилност, фискална стабилност и финансиска стабилност. Овие индикатори се базирани на неколку адекватни апроксимативни варијабли за секој индикатор посебно. Дополнително, во моделот се вклучени неколку контролни индикатори како фактори на растот.*

*Резултатите од емпириското истражување во рамки на трудот покажуваат дека повисоката волатилност на БДП има негативен ефект врз економскиот раст на прво ниво, но послаба позитивна врска на ниво на едно временско заостанување; ценовната и фискалната волатилност немаат позначителен ефект врз растот на БДП; и финансиската волатилност мерена преку стапката на адекватност на капиталот има негативно влијание врз економскиот раст.*

**Евалуација на трудот под р.б. 5: Lazarov Darko, Nikolov Misho и Simenovski Kiril (2023)** *Empirical analysis of financial intermediation and economic growth: The case of Macedonian economy. Journal of Economics, 8 (2). pp. 39-48. ISSN 1857-9973.*

*Главна цел на трудот е анализа на врската помеѓу финансискиот сектор и економскиот раст во Република Северна Македонија. Македонската економија се соочува со релативно бавна динамика на економски раст во еден подолг временски период, при што, трудот укажува дека причините за тоа се прилично комплексни и мултидимензионални. Оттука, една од задачите на овој труд е да испита какво е влијанието на финансискиот сектор како еден од најважните фактори на економскиот раст. Најпрво, трудот дава теоретска рамка за анализа на*

*врската помеѓу финансискиот сектор и економскиот раст, додека во вториот дел на трудот е спроведена емпириска анализа за квантифицирање на таа врска помеѓу финансискиот сектор и економскиот раст преку примена на модел на временска серија. Финансискиот сектор е претставен преку банкарските активности за позајмување, додека економскиот раст е мерен преку стапката на раст на реалниот БДП. Резултатите од анализата ја потврдуваат хипотезата за важноста на финансискиот сектор врз економскиот раст во случајот на македонската економија. Главниот механизам на влијание на банкарскиот сектор се огледа преку ефектот на стимулирање на инвестициите.*

**Евалуација на трудот под р.б. 6: Lazarov Darko, Nikolov Misho и Simeonovski Kiril (2023)** *Macroeconomic and bank-specific determinants of bank loans to private sector: The case of North Macedonia. Industry Journal, Vol. 5 (1). pp. 7-28. ISSN 0350-0373.*

Основната цел на трудот е идентификување на влијанието на макроекономските и банкарски специфични детерминантни врз банкарските кредити кон приватниот сектор во Република Северна Македонија во периодот К4 2007 до К3 2019 година. Теоријата на економски раст и емпириските студии укажуваат дека банкарските кредити кон приватниот сектор се важен фактор за економскиот раст, особено во земјите каде што банкарскиот сектор има доминантна улога во финансискиот систем. Тргнувајќи од сознанието за важноста на банкарскиот сектор врз економскиот раст, овој труд се обидува преку примена на регресиона анализа со примена на АРДЛ модел базиран на квартални податоци во анализираниот период да го проучи влијанието на одредени детерминанти врз нивото на банкарски кредити кон приватниот сектор како индикатор што го мери нивото на развиеност на финансискиот сектор.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека банкарските депозити и банкарската ефикасност имаат најзначајно влијание врз банкарската интермедијација мерена преку банкарските кредити кон приватниот сектор, додека нефункционалните кредити имаат негативно влијание врз банкарските кредити кон приватниот сектор.

**Евалуација на трудот под р.б. 7: Lazarov Darko, Miteva-Kacarski Emilija и Nikolov Misho (2023)** *Empirical analysis of Covid-19 crisis effects on the WB6 region. Journal of Economics, 8 (1). pp. 20-28. ISSN 1857-9973.*

*Целта на трудот е да го испита влијанието на Ковид-19 кризата врз економските перформанси на земјите од регионот на Западен Балкан, како и предизвиците со кои се соочува регионот во периодот на енергетската криза. За остварување на поставените цели, применета е компаративна анализа на клучните економски индикатори на ниво на поединечна земја во периодот пред кризата (2015-2019) и после кризата (2020-2021). Резултатите од анализата покажуваат дека земјите од Западен Балкан бележат позитивни економски трендови во периодот пред Ковид-19 кризата, остварувајќи среднорочен раст од 4% во просек. Истовремено, трудот идентификува позитивни трендови и во областа на инвестициите, а особено во делот на трговијата. Имено, трудот илустрира дека регионот на Западен Балкан забележал раст на извозот на стоки од 10% во периодот 2015-2019 година, додека растот на извозот на услуги во истиот период изнесувал 12.2% со значителен позитивен нето ефект. Од друга страна, инвестициите во регионот на Западен Балкан забележале значителен просечен годишен раст од 11.2% во периодот пред кризата. Овие*

*трендови драстично се нарушени како резултат на Ковид-19 кризата која има сериозно влијание врз падот на економската активност на целиот регион. Тоа е илустрирано преку анализата која покажува дека стапката на раст на регионот во 2020 година била -3.1%. Трансмисионите канали на кризата во најголем дел се идентификувани преку трговијата, инвестициите (особено СДИ), како и преку финалната потрошувачка. На крај, трудот заклучува дека негативните ефекти од Ковид-19 кризата врз регионот на Западен Балкан биле помали споредено со оние кои првично се очекувале. Поважно, регионот на Западен Балкан забележал побрзо економско закрепнување по кризата споредено со земјите од ЕУ.*

**Евалуација на трудот под р.б. 8:** Hadzi-Nikolova Marija, Dimov Gorgi, Mirakovski Dejan, Zendelska Afrodita, Doneva Nikolinka, Zlatkovski Vasko, Maragkaki Angeliki, Papadaki Akrivi, Sabathianakis G., Manios Thrassyvoulos, Poda Katerina, Naskova Ljubica, Misseris, Timos, Zapounidis Kostas и **Lazarov Darko (2022)** *Biowaste Management and Circular Economy: Usage of Pay as you Throw System and Autonomous Composting Units in Municipality of Probishtip. Circular Economy and Sustainability Journal, 2. pp. 1283-1300.* ISSN 2730-59882.

Системот на управување со цврстиот отпад на ниво на општина е се уште значаен предизвик за заштита на животната средина за сите земји од Балканот и медитеранските земји, особено земајќи ја предвид релевантната ЕУ легислатива. Ова особено што управувањето со отпад во Република Северна Македонија не содејствува со националната и меѓународната легислатива. Постоечкиот систем е неефикасен во собирање, управување, контрола и третирање на отпадот, и практикувањето на истиот не е во согласно со законските прописи. Во насока на очекуваните промени во менаџмент системот на управување на цврстиот отпад во регионот на Источна и Југоисточна Македонија со цел да се зголеми свесноста на локалното население и локалните компании за селекција на органскиот отпад е спроведен меѓународен проект во кои учествувале повеќе партнери (универзитети, невладини организации и општини) од Република Северна Македонија, Република Грција и Кипар. Целта на проектот е воведување на иновативни технологии за селекција и рециклирање на органски отпад и истите се применети и пилотирани во неколку општини од инволвираните земји.

Целта на трудот е да ги презентира добиените резултати од проектот за трансфер и примена на иновативните технологии за менаџмент со органски отпад „Плаќаш колку што создаваш отпад" и автономниот систем за компостирање на органски отпад со цел добивање на органско ѓубриво во Општина Пробиштип, со што се илустрира еден иновативен пример за примена на циркуларна економија во Република Северна Македонија.

**Евалуација на трудот под р.б. 9: Lazarov Darko и Nikolov Misho (2021)** *Macroeconomic impacts of the Covid-19 crisis on selected CEE countries. Journal of Economics, 6. pp. 231-239. ISSN 1857-9973.*

*Пандемијата предизвикана од Ковид-19 вирусот целосно го наруши финансискиот, економскиот и социјалниот глобален систем. Ковид-19 пандемијата ја прекина динамиката на глобален раст затворајќи ги границите за тргување, принудувајќи многу бизниси привремено да затворат поради околностите на целосни социјални рестрикции. Сето тоа предизвика пад на берзите низ светот, пад на економската активности и драстично намалување на даночните приходи на државите. Поради тоа владите низ целиот свет беа принудени да ги ресетираат своите фискални и монетарни политики и системи со*

*цел да се приспособат на новите неочекувани услови. Сите овие феномени беа еден тип на експеримент за економистите кои детално ги анализираа состојбите и ефектите од економската криза примарно предизвикана од здравствената криза.*

*Во таа насока, овој труд прави еден сеопфатен преглед на макроекономскиот амбиент во периодот на Ковид-19 кризата во земјите од Југоисточна Европа (ЈИЕ) преку компаративна анализа на клучните макроекономски индикатори. Анализата јасно покажува дека земјите од регионот на ЈИЕ имаа сериозни последици од Ковид-19 кризата врз нивните развојни траектории, при што резултатите од компаративната анализа покажуваат дека дел од овие земји беа можеби најпогодени од поширокиот ЕУ регион и овие последици се значително посилни дури и од финансиската криза од 2007-2009 година. Ова особено за земјите кои се базираат на секторот туризам и трговија на големо и мало вклучувајќи го угостителскиот сектор, при што посебно беа погодени малите и средни компании од најпогодените сектори.*

**Евалуација на трудот под р.б. 10: Lazarov Darko и Petreski Goce (2019)** *The role of innovations in fostering economic growth: an empirical analysis for selected CEE countries. International Journal of Business and Globalisation, 22 (4). pp. 716-728. ISSN 1753-3635.*

*Главната цел на трудот е анализа дали иновациите се главна движечка сила и мотор за економскиот раст во селектирани земји од Централна и Источна Европа (ЦИЕ). За да се оствари оваа цел, во трудот е користена динамична панел регресиона анализа (систем ГММ) за период 2002-2014 година. Иновациските перформанси се изведени од неколку индикатори (потрошувачка за истражување и развој, број на патенти, број на објавени научни публикации иројалти плаќања) со користење на принципал компонент фактор анализа.*

*Резултатите сугерираат дека иновациските перформанси се позитивно и статистички значајно поврзани со економскиот раст што укажува дека земјите што успеале да изградат поефикасен иновациски систем истовремено се земји со повисоко ниво на економска развиеност. Уште повеќе, трудот открива повисока магнитуда на влијание на иновациските перформанси врз економскиот раст во новите ЕУ земји-членки, споредено со помалку развиените земји кои не се ЕУ членки. Ова укажува дека иновациите стануваат многу поважни за растот на економиите во понапредните фази од нивниот економски развој.*

**Евалуација на трудот под р.б. 11: Lazarov Darko (2019) Empirical analysis of export performance and economic growth: the case of Macedonia. International Journal of Trade and Global Markets, 12 (3/4). pp. 381-393. ISSN 1742-7541.**

**Главната цел на трудот е да се анализира извозната структура на македонската економија на ниво на поединечен производ и влијанието на извозната структура врз економскиот раст на земјата. Резултатите покажуваат дека македонскиот извоз забележа значителен тренд на раст во изминатите две декади, но извозната структура е с**е уште висококонцентрирана (топ 10 извозни производи имаат половина од вкупниот извоз), при што, извозната структура е составена од производи со релативно ниско ниво на софистицираност (текстил и облека, базични метали, земјоделски производи и сл.) Дополнително, резултатите базирани на модел на векторска авторегресија (ВАР) и Гранцер тест за каузалност демонстрираат позитивна и статистички сигнификантна каузална врска помеѓу извозната софистицираност и економскиот раст во периодот 1995-2017. Оттука, креаторите на политики треба да дизајнираат политики кои ќе го иницираат

процесот на извозна диверзификација и структурна трансформација преку пренасочување од производи со помала додадена вредност кон производи со повисока комплексност со цел да се забрза динамиката на економскиот раст во иднина.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Дарко Лазаров е посветен професор и истражувач од областа на економијата, извршувајќи ги своите наставно-образовни и научноистражувачки активности целосно професионално и стручно. Неговиот опус во научната и образовната литература е исклучително продуктивна, со авторско портфолио кое се состои од повеќе од 30 трудови објавени во референтни меѓународни научни публикации; повеќе од 15 објавени учебници, книги, делови во книги, монографии, скрипти, практикуми и други наставни помагала; повеќе од 35 учества и презентации на меѓународни, регионални и домашни научни конференции и собири; повеќе трудови објавени во стручни и годишни зборници и сл.

Д-р Дарко Лазаров учествувал и во проекти од научноистражувачки и стручно-апликативен карактер, од кои дел се реализирани во рамките на Фондот за научноистражувачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а дел се поддржани од надворешни извори како што се: Европска Унија, Развојна агенција на Швајцарија, УСАИД, ФИТР, Министерство за економија, Стопанска комора на Северна Македонија, МАНУ и други домашни и меѓународни институции.

И во наставно-педагошкиот дел д-р Дарко Лазаров, исто така има богато професионално искуство. За време на неговата кариера во високото образование од помлад асистент до вонреден професор покривал бројни предмети на Економски факултет, Правен факултет и Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Тој бил ангажиран на повеќе предмети од Катедрата за економија како што се: Основи на економија, Микроекономија, Макроекономија и Економија на иновации. Истовремено, тој е ангажиран на универзитетскиот предмет Бизнис економија на прв циклус на студии, како и на предметот Напредна економија на втор и трет циклус на студии на Економски факултет – Штип.

Во извршувањето на неговата професија, односно наставно-образовната дејност, д-р Дарко Лазаров е исклучително посветен професор и наставник, секогаш достапен за студентите и отворен за соработка со своите колеги и професори, а во пренесување на своето знаење применува класични и модерни методи на настава.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот д-р Дарко Лазаров има партиципирано во бројни стручно-апликативни и организациско-развојни активности од кои може да се согледа неговиот интерес за професионален развој и проширување на академското, но и стручното искуство. Во овој опсег се вклучуваат и организациските активности за унапредување и развој на институцијата во која делува. Некои од тие активности се набројани во продолжение:

- член на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Наставно-научен совет на трет циклус студии на Кампус 4 при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;

- член на Факултетска изборна комисија за избор на ректор;
- член на Организацискиот одбор на проектот - Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии: „Економски и социјални импликации од КОВИД 19, предизвици и предлози за надминување“;
- учество во изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус на студии;
- иницијатор за формирање на Лабораторија за квантитативни истражувања во економски и организациски науки на Економски факултет;
- координатор на работниот тим за организирање на Отворен и кариерен ден на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во 2024 година;
- координатор на работниот тим на Одделението за циркуларна и зелена економија во рамки на Центарот за трансфер на технологии при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- член на Организацискиот одбор за организирање на четвртата Меѓународна научна конференција на Економски факултет во Штип;
- координатор на универзитетската активност „Студентите учат од бизнисот” на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Истовремено, кандидатот организирал повеќе работилници, стручни дебати, гостувања на експерти, како што се претставници на Светска банка, претставници на НБРСМ, универзитетски професори од странски факултети, претставници на бизнис секторот, при што значително придонел во промоција и развој на Економски факултет – Штип и на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот вон. проф. д-р Дарко Лазаров ги исполнува сите услови за избор во наставно-научното звање редовен професор.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачка, стручно апликативната и севкупната активност во периодот од избор во вонреден професор до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот вон. проф. д-р Дарко Лазаров преку остварени вкупно 308 поени од кои 40 поени во наставно-образовна дејност, 183.5 поени во научноистражувачка дејност и 84.5 поени во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, вон. проф. д-р Дарко Лазаров да биде избран во **звањето редовен професор во научната област економија** и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатот да биде избран во наставно-научното звање редовен професор за претходно назначената област на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Трајко Славески, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Предраг Трпески, редовен професор, член, с.р.
Д-р Сашо Ќосев, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 4. | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Научна книга или монографија (р.б. 29) | | | 1 | 15 | 15 |
| 3. | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) – прв автор (р.б. 2, 3, 4, 10 и 11) = 5* 15 = 75, останати автори (р.б. 8) = 1 * 5 = 5 | 5 * 15<br>1 * 5 | | | | 80 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) – прв автор (р.б. 1, 5, 6, 7 и 9) | 5 * 9 | | | | 45 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (р.б 12) | | | 1 | 3 | 3 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство (р.б. 13, 14, 15, 16, 17 и 18) | 1 | 1.5 | 5 | 2 | 11.5 |
| 10. | Одбранета докторска теза (р.б. 30) | 1 | 8 | | | 8 |
| 12. | Одбранета магистерска работа (р.б. 31) | 1 | 5 | | | 5 |
| 14. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (р.б. 32, 33 и 37) | 3 | 2 | | | 6 |
| 15. | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) (Уредник на списанието Journal of Economics – UGD индексирано во Ebsco) | 1 * 6 | | | | 6 |
| 20. | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | | | 2 | 2 | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **183.5** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Книга/учебник (р.б. 26, 27 и 28) | 3 | 10 | | | 30 |
| 8. | Учество на стручен собир со реферат (р.б. 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25) | 3 | 0.5 | 5 | 1 | 6.5 |
| 13. | Учесник во научен проект (р.б. 34, 35, 38, 39, 40 и 41) | 3 | 5 | | | 15 |
| 19. | Стручни награди и признанија (Награда „8 Ноември“ на Општина Штип) | 1 | 4 | | | 4 |
| 21. | Проректор (проректор за инвестиции, развој и одржување) | 8 | | | | 8 |
| 26. | Раководител на катедра/оддел/центар (Раководител на Катедра за економија 2019-2023, раководител на Одделение за циркуларна и зелена економија) | 2 | 3 | | | 6 |
| 27. | Член на универзитетски и владини тела (член на ННС на трет циклус на Кампус 4) | 1 | 5 | | | 5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (член на ННС, Комисија за избор на ректор, Комисија за организирање на натпревар за студенти) | 3 | 2 | | | 6 |
| **30.** | Класен раководител, согласно со Кредит - трансфер системот - ЕКТС (за четири години на насока Бизнис економија) | 4 | | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **84.5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **308** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРОНИКА НА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1802-63/4 од 9.7.2024 година донесена на 208. седница на Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет, одржана на 9.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *електроника* на Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата е во состав:

- д-р Љупчо Караџинов, претседател (наставно-научна област електроника), редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;
- д-р Томислав Цеков, член (наставно-научна област електроника), редовен професор во пензија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;
- д-р Василија Шарац, член (наставно-научна област електротехника и електрични машини, апарати и трансформатори), редовен професор на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на ден 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Гоце Стефанов, вонреден професор на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Електротехничкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Гоце Стефанов е роден на 14.9.1963 година во Неготино. Основно и средно училиште завршил во Радовиш. Високо образование завршил на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје во 1989 година на насоката електроника и телекомуникации со просечен успех 8,17. Постдипломските студии по Електроника на Електротехничкиот факултет во Скопје ги завршил на 21.5.1999 година со одбрана на магистерската тема со наслов „Електронски систем за управување со функциите на хидрауличен багер“ под менторство на проф. д-р Томислав Цеков и просечен успех од 8,5**.**

Докторирал на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје на 16.6.2014 година, со одбрана на докторската дисертација со наслов „Резонантен преобразувач за индукционо загревање на метали со подобрување на коефициентот на полезно дејство“ под менторство на проф. д-р Љупчо Караџинов.

По дипломирањето во 1989 година д-р Гоце Стефанов се вработил во Рудникот „Бучим“ во службата за електроника. Од мај 2009 година е вработен како асистент на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. На 5.11.2014 година е избран за доцент, а на 3.7.2019 година е избран за вонреден професор на истиот факултет.

**Општи услови за избор**

***Д-р Гоце Стефанов ги исполнува законските и подзаконските услови за избор во звање редовен професор и тоа:***

- Д-р Гоце Стефанов има научен степен доктор на технички науки;
- Вонреден професор од научната област во која се избира. Д-р Гоце Стефанов е избран за вонреден професор на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во наставно-научните области интегрирана електроника и Електронски компоненти со Одлука од Наставно-научниот совет бр. 1802-70/4 од 3.7.2019 год.
- Има објавени најмалку шест рецензирани научноистражувачки трудови во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавување на огласот за избор од соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Stefanov Goce,**Sarac Vasilija, Kukuseva Maja,Citkuseva Dimitrovska Biljana and Veta Buralieva Jasmina | Calculation of the parameters on output current in full-bridge serial resonant power converter | International Journal for Science, Technics and Innovations for the Industry MTM (Machines, Tecnologies, Materials) | Vol. 13, Issue 7/2019, pp. 310-313. ISSN 1313-0226 |
| 2 | **Stefanov Goce**,Veta Buralieva Jasmina,Kukuseva Maja and Citkuseva Dimitrovska Biljana | Application of second - order nonhomogeneous differential equation with constant coefficients in serial RL parallel C circuit. | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics | Vol. 2, No. 2/2019, pp. 37-44. ISSN 2545-4803 |
| 3 | **Stefanov Goce** and Sarac Vasilija | Analysis of RL-circuit supply by voltage with sinus or square waveform. | Knowledge - International Journal, Scientific Papers | Vol. 34, No. 3/2019, pp. 607-612. ISSN 2545-4439 |
| 4 | Sarac Vasilija and **Stefanov Goce** | Various Rotor Topologies of Line-Start Synchronous Motor for Efficiency Improvement. | Power Electronics and Drives | Volume 5, No. 40/2020, pp. 83-95. ISSN 2451-0262 |
| 5 | Sarac Vasilija, **Stefanov Goce** and Minovski Dragan | Comparative analysis of synchronous motors. | Journal of Energy Technology | Volume 14, Issue 3/2021, pp. 35-45. ISSN 2463-7815 |
| 6 | **Stefanov Goce**,Kukuseva Maja and Stefanova Sara | 3-phase smart power meter implemented in RF network | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics | Vol. 6, No. 1/2023, pp. 25-37. ISSN 2545 - 4803 |
| 7 | Sarac Vasilija,Minovski Dragan and **Stefanov Goce** | Virtual Laboratories - an Innovative Concept in Teaching of Electrical Engineering | In: 24 th International Conference on Information Technology | 18-22 February 2020, Zabljak, Montenegro |
| 8 | **Stefanov Goce,**Cekerovski Todor,Citkuseva Dimitrovska Biljana and Stefanova, Sara | 3-phase motor speed regulator based on microcontroller and intelligent power driver controller. | In: XVII International Scientific Congress MTM Machines, Technologies, Materials 2020 | 9-12 Sept 2020, Varna, R.Bulgaria |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Cekerovska Marija,Filkoski Risto, Cekerovski Todor and **Stefanov Goce** | Оптимизација на рамен сончев колектор со користење на ексергетски метод | In: Меѓународна конференција „Енергетика 2020" | 01-02 Окт. 2020, Струга, Р.С. Македонија. |
| 10 | **Stefanov Goce** and Kukuseva Maja | RF sensor smart network | In: First International Conference ETIMA 2021 | 19-21 Oct 2021, Stip R.N.Macedonia |
| 11 | **Stefanov Goce** and Cingoski Vlatko | WI-FI Smart Power Meter | In: First International Conference ETIMA 2021 | 19-21 Oct 2021, Stip R.N.Macedonia |
| 12 | **Stefanov Goce** and Sarac Vasilija | Intelligent Power Module Controlled by Microcomputer and Implemented in AC Motor Speed Regulator | In: Second International Conference ETIMA 2023 | 26-28Sep 2023, Stip R.N.Macedonia |

- Има објавено рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира и тоа:

Универзитетски учебник

Гоце Стефанов „*Интелигентни електронски компоненти и уреди*", Универзитет „Гоце Делчев", 2021, ISBN 978-608-244-801-5, https://e-lib.ugd.edu.mk/986.

**Посебни услови**

- Д-р Гоце Стефанов има сертификат за владеење на англиски јазик,
- Под негово менторство се изработени дипломски работи,
- Ментор е на една завршена магистерска работа, како и еден магистерски труд во фаза на изработка.
- Учествувал во научноистражувачки проект под наслов „Прилози во математичката теорија, математичкото моделирање и примени" под раководство на проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска.
- Има придонес во оспособување на помлади наставници и соработници: во еден мандат извршува функција продекан за настава на електротехнички факултет,
- Учествува во изработка и одбрана на дипломски и магистерски трудови;
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето (наведени во табела составен дел на овој извештај).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

**а. Наставно-образовна дејност**

Д-р Гоце Стефанов на двапати на 6.3.2009 и 16.2.2012 година е избран за асистент на Електротехничкиот факултет при универзитетот Гоце Делчев во Штип во наставно-научните области интегрирана електроника и електронски компоненти.

Како асистент има изведувано вежби по предметите: Електроника, Информатика, Логички кола, Анализа и синтеза на електрични кола, Електрични мерења, Индустриска електроника, Мехатроника, Компјутерско водење на процеси, Процесни компјутери, Микропроцесорски системи, Дигитален пренос

на информации, Автоматизација и процеси, Нелинеарни системи на автоматско управување, Основи на автоматско управување, CAM/CAD, CNC системи.

Во ноември 2014 година е избран за доцент на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во наставно-научните области интегрирана електроника и електронски компоненти. Во периодот на избор како доцент од 2014 до 2019 година има издадено рецензирани скрипти и збирки задачи за предметите: Микропроцесорски системи, Микрокомпјутери и ПЛК и Електроника. Од септември 2015 година до март 2019 година д-р Гоце Стефанов врши функција продекан за настава на Електротехничкиот факултет.

Во јули 2019 година е избран за вонреден професор на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во наставно-научните области интегрирана електроника и електронски компоненти. Како доцент и вонреден професор има изведувано настава на Електротехничкиот факултет при УГД по следните предмети:

1. На прв циклус на студии
- Електроника (трети семестар)
- Логички кола (петти семестар)
- Импулсна и дигитална електроника (петти семестар)
- Микропроцесорски системи (седми семестар)
- Автоматизација и процеси (шести семестар)
- Микрокомпјутери и ПЛК (осми семестар)
- Мехатроника (осми семестар).

3. На втор циклус на студии
- Физика на електрооптички системи (први семестар, Автоматизација и процеси)
- Примена и програмирање на ПЛК (први семестар, Автоматизација и процеси)
- SCADA системи (први семестар, Автоматизација и процеси)
- Електронски уреди во ЕЕС за обновливи енергетски извори (први семестар, НИЕТ).

3. Машински факултет при УГД
- Современи информациони системи (трети семестар)
- Мехатроника (шести семестар)
- Микрокомпјутери и ПЛК.

4. Како надворешен соработник изведува настава на втор циклус на студии по Енергетска електроника на Факултетот за електротехника и информациски технологии при УКИМ во Скопје по предметот Проектирање согласно стандардите PSC и EMC.

**б. Научноистражувачка дејност**

Д-р Гоце Стефанов до изборот во доцент на 5.11.2014 година, има објавено 38 научни труда во зборници на меѓународни научни конференции и меѓународни научни списанија, како и 5 иновации претставени на саеми на меѓународни технички изложби. Овие референци се опфатени во рефератот за избор во звање доцент на Универзитетскиот билтен бр. 134 на Универзитетот „Гоце Делчев“.

Д-р Гоце Стефанов е автор на 37 трудови во периодот од ноември 2014 до јули 2019 година на меѓународни конференции и симпозиуми, во меѓународни списанија. Активностите и објавените трудови во периодот од ноември 2014 до јули 2019 година се евалуирани и објавени во Универзитетскиот билтен бр. 233 на Универзитетот „Гоце Делчев“.

Во периодот на избор во доцент и вонреден професор д-р Гоце Стефанов е рецензент во рецезентска комисија за избор на наставници, соработници и лаборанти на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од 2018 година е учесник во научноистражувачкиот проект под наслов: „Прилози во математичката теорија, математичкото моделирање и примени“, финансиран од Универзитетот „Гоце Делчев“. Во споменатите периоди Д-р Гоце Стефанов учествува во комисии за акредитација и реакредитација на студиски програми од прв и втор циклус како член на комисии за акредитација и реакредитација на студиските програми на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Објавени трудови со оригинални научни резултати во последните 5 години**

**Трудови објавени во зборници на меѓународни научни конференции**

1. **Stefanov, Goce**, Sarac Vasilija, Kukuseva Maja, Citkuseva Dimitrovska, Biljana and Veta Buralieva Jasmina (2019) *Calculation of the parameters on output current in full-bridge serial resonant power converter.* In: XVI International Scientific CongressMTM Machines, Technologies, Materials2019, 11-14 Sep 2019, Varna, R.Bulgaria.

Во овој труд за мостен сериски резонантен конвертор се изведени општи егзактни равенки за зависностите на фазниот агол, максималниот напон на кондензаторот и максималната вредност на излезната струја на конверторот. Направена е математичка анализа на оваа зависност од придушувачката фреквенција на резонантното коло кога е побудено со импулсен напон со различна фреквенција од резонантната.

2. Sarac Vasilija, Minovski Dragan and **Stefanov Goce** (2020) *Virtual Laboratories - an Innovative Concept in Teaching of Electrical Engineering.* In: 24 th International Conference on Information Technology, 18-22 Feb. 2020, Zabljak, Montenegro.

Недостигот од опрема или финансиски средства за основање на лабораториите често го попречува правилното извршување на лабораториските вежби кои се задолжителен дел во секоја наставна програма по електротехника. Затоа виртуелните лаборатории се користат како додаток или замена на физички лаборатории кои ги обезбедуваат потребните експериментални вештини за студентите по електротехника. Во трудот се претставени две виртуелни лаборатории наменети за анализа на електрични кола и тестирање на електрични машини преку веб-платформи. Двете лаборатории им овозможуваат на студентите да се запознаат со инструментацијата, поставувањето на лабораториското мерно коло и анализата на добиените резултати. Опишани се предностите и недостатоците на двете лаборатории.

3. **Stefanov Goce**, Cekerovski Todor, Citkuseva Dimitrovska Biljana and Stefanova Sara (2020) *3-phase motor speed regulator based on microcontroller and intelligent power driver controller.* In: XVII International Scientific Congress MTM Machines, Technologies, Materials 2020, 9-12 Sep 2020, Varna, R.Bulgaria.

Овој труд го опишува дизајнот и практичната имплементација на регулатор за брзина за 3-фазен индукциски мотор базиран на микроконтролерот ATmega 2560. Врз основа на теоретската анализа на асинхрониот мотор, дефинирани се барањата што регулаторот треба да ги исполнува. Потоа, врз основа на специфичноста на избраниот контролер, се дизајнира режимот на работа на контролерот ATmega 2560. Специфичноста на ова решение е што колото на драјверот, кое е поврзано помеѓу контролерот и моторот, се реализира со интегриран интелигентен контролер. Конечно, дадени се резултатите од практичната работа на овој регулатор на брзината на асинхрон мотор.

4. Cekerovska Marija, Filkoski Risto, Cekerovski Todor and **Stefanov Goce** (2020) *Оптимизација на рамен сончев колектор со користење на ексергетски метод.* In: Меѓународна конференција „Енергетика 2020", 01-02 Oct 2020, Струга, Р.С. Македонија.

Во овој труд е претставена оптимизација со користење на ексергетски метод. Со ексергетска анализа може да се оцени термодинамичката совршеност на некој процес во отворен систем. Како променливи во изложениот модел за ексергетска оптимизација на сончеви колектори се востановени геометриските параметри и работните услови. Анализата на рамен сончев колектор е претставена со зависноста на ексергетската ефикасност од влезната температура на работниот флуид, дијаметарот на цевките, температурата на околината, брзината на ветерот, од оптичката ефикасност и од интензитетот на сончевото зрачење на единица површина од апсорберската плоча. Презентираната анализа дава можност за дефинирање оптимална работна зона, за лоцирање и квантификација на енергетските загуби, како и за барање начини за намалување на иреверзибилноста.

5. Sarac Vasilija, **Stefanov Goce** and Minovski Dragan (2021) *Speed regulation of induction motor with PWM inverter.* In: First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, Stip, R.N.Macedonia.

Овој труд ја објаснува регулацијата на брзината на асинхрон мотор со кафезен ротор од 2,2 kW, производ на компанијата Раде Кончар, со помош на напонски инвертер контролиран од принципот на модулација на ширина на импулсот. Колото за симулација е развиено во софтверот Powersim. Точните податоци за моторот се внесуваат во симулациониот модел и работата на моторот е симулирана за различни работни фреквенции на инверторот. Како излез, карактеристиките на брзината, струјата и вртежниот момент се добиваат при различни работни брзини, т.е. под и над номинална брзина на моторот. Ефектот на слабеењето на полето се забележува при поголеми работни брзини. Добиени резултати на брзина, вртежниот момент и струите се споредуваат со податоците за моторот добиени од аналитичкиот модел на моторот и податоци на производителите на погони со променлива брзина, за режими на работа различни од номиналните. Симулацијата може да послужи како пример кој ги докажува теоретските принципи на модулација на ниво на импулс каде што саканата брзина на моторот лесно се добива со варијација на фреквенцијата на модулациониот сигнал на инверторот.

6. Sarac Vasilija, **Stefanov Goce** and Minovski Dragan (2021) *Comparative analysis of synchronous motors.* In: 15th International Conference on Applied Electromagnetics ПЕС 2021, 30 Aug-01 Sep 2021, Nis, R. Serbia.

Трудот ги споредува параметрите, стабилната состојба и минливите карактеристики на два различни типа на синхрони мотори (SM) - моторот со магнети монтирани на површината и моторот со вградените магнети и намотката на кафезот, нашироко познат како синхрон мотор со стартување на линија. Споредбата се заснова на резултатите добиени од аналитички, нумерички и минливи модели на двата мотори за иста излезна моќност на моторите. Моделите за добивање на минливи карактеристики овозможуваат споредба на забрзувањето на двата мотора имајќи предвид дека SM е само стартувачки мотор додека SM со површински магнети секогаш се стартува со PWM инвертер. Добиени резултати од аналитичките, нумеричките и транзиентните модели на моторите треба да помогне во изборот на најисплатливиот мотор за соодветната апликација.

7. **Stefanov Goce and Cingoski Vlatko** (2021) *WI-FI Smart Power Meter.* In: First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, Stip, R.N.Macedonia.

Во трудот се прикажани резултатите од реалната реализација на Интелигентно броило на енергија. Апликацијата е наменета за собирање податоци за напонот, и струјата во преработувачките погони. Со нивна обработка се добиваат податоци за моќноста, енергијата, фреквенцијата и факторот на моќност. Овие величини се визуелизираат на LCD дисплеј, се чуваат во датотека за евиденција на Excel и се дистрибуираат на Интернет преку интерфејс WI-FI. Решението е реализирано со интелигентниот ватметар PEZ004 и Node MCU ESP 8266.

8. **Stefanov Goce** and Kukuseva Maja (2021) *RF sensor smart network.* In: First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, Stip R.N.Macedonia.

Во трудот се прикажани резултатите од практичната реализација на RF сензорска мрежа. Апликацијата е наменета за собирање податоци во постројки за обработка на далечина и нивно пренесување до главниот централен контролен панел. Решението се заснова на RF интерфејс модул NRF24L01 и микроконтролер. Два такви модули комуницираат во RF конекцијата, како предавател и приемник. На страната на примање, применените податоци за процесот се прикажуваат на LCD дисплеј и се складираат во Excel датотека.

9. **Stefanov Goce, Gelev Saso** and Cekerovski Todor (2021) *Measurement on compensation capacitance in inductive network by microcontroller.* In: First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, Stip, R.N.Macedonia.

Во трудот се прикажани резултатите на практично реализиран прототип на коло на микроконтролер за одредување на компензациска капацитивност во индуктивна мрежа. Во енергетските мрежи со големо индуктивно оптоварување реактивната енергија е висока и затоа овие мрежи работат со низок фактор на моќност. Во такви мрежи за намалување на реактивната енергија се инсталирани кондензатори за компензација. Решението во трудот ја одредува потребната капацитивност во индуктивните мрежи за да се намали реактивната енергија и да се зголеми факторот на моќност на една единица. Оствареното мерно коло, покрај определувањето на вредноста на компензациониот кондензатор, ја одредува струјата, напонот, активната моќност, активната енергија и реактивната енергија. Колото се заснова на микроконтролерот Atmega 328 и паметниот мерач на енергија PZEM004. Вредноста на капацитетот се визуелизира на LCD дисплеј, а вредностите на струја, напон, активна моќност, компензациска капацитивност и фактор на моќност се прикажуваат на сериски монитор на компјутерот.

10. **Stefanov Goce** and Sarac Vasilija (2021) *Frequency sinus source.* In: First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, Stip, R.N.Macedonia.

Во трудот се прикажани резултатите на практично реализиран синусен извор со променлива фреквенција. Овој извор генерира синусоидален напон со амплитуда од 0 до 220 V и фреквенција од 0 до 100 Hz. Решението се заснова на EG8010 интегрално коло и драјвер коло IR2010s. Контролната електроника работи со IGBT транзистори во топологијата на мостен конвертор. Работата на колото се проверува со осцилограми и податоци добиени од мерења на практично реализираниот прототип.

11. Pleskov Dusko, Gelev Saso and **Stefanov Goce** (2021) *Simulation of an industrial robot with the help of the Matlab Software Package.* In: First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, Stip, R.N.Macedonia.

Роботиката е применета техничка наука која е врска помеѓу машините и компјутерската технологија. Роботика вклучува различни гранки како што се дизајн на машини, теорија на контрола и регулација, компјутерско програмирање, вештачка интелигенција и теорија на производство. Со други зборови, роботиката е интердисциплинарна наука која опфаќа областите механика, електроника, информатика и автоматизација. Во овој труд ќе се занимаваме со индустриски роботи или индустриски манипулатори. Во првиот дел од трудот ќе се објаснат основните концепти на индустриските манипулатори. Ќе се разгледаат различните конфигурации на индустриските манипулатори и нивниот работен простор. Вториот (практичен) дел од овој труд ќе го објасни моделирањето и симулацијата на роботот Scara во Matlab.

12. Citkuseva Dimitrovska Biljana, Golubovski Roman, Spasevska Hristina, **Stefanov Goce** and Kukuseva, Maja (2021) *Investigation of efficiency aspects in 3x3 photovoltaic plant using model of shading.* In: First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, Stip, R.N.Macedonia.

Сончевото зрачење е најприфатливиот обновлив извор на енергија, кој може да се спроведе дури и на ниво на домаќинство. Значително пониските трошоци за поставување и одржување во споредба со другите обновливи енергии го прават по пожелен избор во региони со многу сончеви денови во текот на годината. Еден од главните аспекти за истражување и развој на интерес на фотоволтаичните (PV) технологии е ефикасноста на PV конверзијата. Овој труд ги презентира резултатите од истражувањето кои предлагаат употреба на погуста популација на панели во парцелата, со дозволено меѓузасенчување кое под одредена апроксимација обезбедува повисока севкупна ефикасност на користење на земјиштето.

13. Kukuseva Maja, **Stefanov Goce, Citkuseva Dimitrovska Biljana and Milcevski Dejan** (2021) *Comparison of Pert and Monte Carlo simulation.*First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, Stip, R.N.Macedonia.

Управувањето со ризик е критично прашање за успешна конкуренција на кој било проект. Со цел да се заврши проект во рамките на однапред дефиниран распоред, од клучно значење е прецизно да се процени веројатноста за завршување на проектот. Целта на управување со проектот кога се работи со големи и сложени проекти е да се идентификуваат критичниот пат и еден или неколку субкритични патеки. Во овој труд е направена споредба помеѓу два најкористени проектно планирање и закажување изработени се техники PERT (Program Evaluation and Review Technique) и Монте Карло симулација. ПЕРТ ги разгледува неизвесностите во времетраењето на активноста со разгледување на три проценки на времето, додека во Монте Карло симулации распределбата за времетраењето на активноста може да биде униформирана, триаголник, нормален итн.

14. **Stefanov Goce and Sarac Vasilija (2023)** *Intelligent Power Module Controlled by Microcomputer and Implemented in AC Motor Speed Regulator.Second International Conference ETIMA 2023,* 26-28 Sep. 2023, Stip, R.N.Macedonia.

Во трудот е дизајниран и практично имплементиран V/f AC регулатор за брзина на AC мотор заснован на интелигентен модул за напојување (IPM) и микрокомпјутер.Микрокомпјутерот ATmega 328P ја контролира работата на IPM TM 35 и ги генерира импулсите SPWM за контролирање на асинхрон 3-фазен AC мотор. Интелигентниот модул за напојување TM 35 работи како драјвер за напојување кој ги изолира и пренесува SPWM сигналите од микрокомпјутерот до AC моторот. Основна цел во дизајнот на уредот е намалување на потребните хардверски компоненти и цената, како и подобрување на доверливоста на работењето. Контролата и визуелизацијата на режимите на работа на V/f контролерот се реализира со LCD дисплеј. Работата на контролорот во мирување и под оптоварување е тестирана.

**Трудови во меѓународни научни списанија**

15. **Stefanov Goce** and Sarac Vasilija (2019) *Analysis of RL-circuit supply by voltage with sinus or square waveform.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, Vol. 34, No. 3, pp. 607-612. ISSN 2545-4439.

Сериска врска на отпорник R и индуктивност L е основно електронско коло. Истото е главното коло кај потрошувачите на индустриска енергија: електрични мотори, индукциски печки, уреди за заварување и други електрични потрошувачи. Односот на вредностите на отпорникот и индуктивноста во сериското коло ја одредува количината на активна енергија што изворот на енергија ја испорачува до потрошувачот. Од гледна точка на моќноста, количината на оваа енергија треба да биде што е можно поголема, односно колото да работи со добар фактор на моќност и добра ефикасност. Кога RL-колото се напојува со синусоидално-простопериодичен напон, количината на активната енергија се определува со вредностите на ефективниот напон и струја во колото, а факторот на моќност е определен од фазната разлика помеѓу напонот и струјата. Во литературата има детални информации за работата на сериското RL-коло напојување со синусоидален напон. Ситуацијата е сосема поинаква кога RL-колото се напојува со напон со квадратна бранова форма. Количината на испорачаната енергија тогаш зависи не само од фазната разлика помеѓу напонот и струјата, туку и од хармониското нарушување на големините на напонот и струјата. Ваквите RL-кола, напојувани со напон со квадратна бранова форма се наоѓаат во сите конвертори на моќност: регулатори на брзина на еднонасочен и наизменичен мотор, индукциски уреди за греење, регулатори на напон за различни RL-потрошувачи. Во литературата која се занимава со ова прашање, постои простор за појаснување на природата на однесувањето на напојувањето на RL-колото со напон со квадратна бранова форма. Во овој труд најпрвин е направена математичка пресметка на моќноста кога сериското RL-коло се напојува по напон со синусна бранова форма и кога се напојува со напон со квадратна бранова форма. Исто така се дадени резултатите добиени со симулации во софтверскиот пакет PowerSim. Конечно се дадени експерименталните резултати од ова коло. Направена е анализа на добиените резултати и споредба на перформансите на напојувањето на RL-колото по двете анализирани бранови форми, синусоидални и квадратни.

16. **Stefanov Goce, Sarac Vasilija, Kukuseva Maja, Citkuseva Dimitrovska Biljana** and Veta Buralieva Jasmina (2019) *Calculation of the parameters on output current in full-bridge serial resonant power converter.* International Journal for Science, Technics and Innovations for the Industry MTM (Machines, Tecnologies, Materials), Vol.13, Issue 7/2019, pp. 310-313. ISSN 1313-0226

Во овој труд за мостен сериски резонантен конвертор се изведени општи егзактни равенки за зависностите на фазниот агол, максималниот напон на кондензаторот и максималната вредност на излезната струја на конверторот. Направена е математичка анализа на оваа зависност од придушувачката фреквенција на резонантното коло кога е побудено со импулсен напон со различна фреквенција од резонантната.

17. **Stefanov Goce, Veta Buralieva Jasmina, Kukuseva Maja** and Citkuseva Dimitrovska Biljana (2019) *Application of second - order nonhomogeneous differential equation with constant coefficients in serial RL parallel C circuit.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, Vol. 2, No. 2/2019, pp. 37-44. ISSN 2545-4803.

Во овој труд е разгледано решението на диференцијалната равенка од втор ред во анализа на електронски кола. Прво, е направена математичка анализа на диференцијалната равенка, а потоа решение за одреден случај се користи за да се анализира RCL резонантно коло. Резултатите од симулации за струите и напоните во колото се исто така застапени.

18. Sarac Vasilija and **Stefanov Goce** (2020) *Various Rotor Topologies of Line-Start Synchronous Motor for Efficiency Improvement.* Power Electronics and Drives, Volume 5, No. 40/2020, pp. 83-95. ISSN 2451-0262.

Синхрониот мотор со постојан магнет со стартување на линија (LSSPMM) се разгледува како замена или алтернатива на асинхрониот мотор со кафезен ротор (AM) во апликации со постојана брзина. Ова се должи на подобрата ефикасност и фактор на моќност од синхрониот мотор. Постојат различни топологии на роторот на LSSPMM во врска со поставувањето на магнетите и нивните димензии.Трудот анализира шест различни топологии на роторот во смисла на постигнување на најдобра ефикасност и фактор на моќност за иста излезна моќност на моторот со минимална потрошувачка на материјал со постојан магнет. Сите други параметри на дизајнот на моторот остануваат непроменети, односно се анализираат сите топологии на моторот за исти ламинации на статорот и исти намотки на моторот. Моделите на методот на нумерички конечни елементи (FEM) и динамичките модели за добивање на минливи карактеристики на брзина, вртежен момент и струја го потврдуваат предложениот дизајн на различни модели на мотори. Од добиените резултати се споредуваат сите модели на мотори и се извлекуваат соодветни заклучоци во однос на оптималната топологија на роторот во смисла на добивање на најдобра ефикасност и фактор на моќност со минимална потрошувачка на материјал со постојан магнет, за иста излезна моќност на моторот.

19. **Stefanov Goce, Sarac Vasilija** and Citkuseva Dimitrovska Biljana (2020) *Measurement and visualization on analog signals with microcomputers connection.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, Vol. 3 No. 1/2020, pp. 85-94. ISSN 2545-4803

Во овој труд се дискутира и имплементира шемата за поврзување на микрокомпјутери. Аналогните сигнали се поврзуваат на првиот микрокомпјутер, а потоа овие сигнали се испраќаат со сериски пренос на вториот микрокомпјутер. На екранот се испраќаат вредностите на аналогните сигнали од вториот

микрокомпјутер со магистрала I2C. Два Atmega 328 контролери базирани на Arduino Nano плоча се користат за имплементација на сериски преноси. Дизајнираното решение практично се имплементира и резултатите се проверуваат.

20. **Stefanov Goce, Sarac Vasilija** and Kukuseva Maja (2020) *Calculate on phase angle at RL- circuit supply with square voltage pulse.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, Vol. 3, No. 1/2020, pp. 13-24. ISSN 2545-4803

Во трудот се анализира сериско RL коло напојувано со квадратен напон. Изведени се равенките за максимална струја, временски еквивалент и фазен агол во серискoто RL коло. За верификација на теоретските пресметки е дизајниран прототип на мостен конвертор базиран на микроконтролер Atmega 328P. Претставени се и напоните во колото.

21. **Stefanov Goce, Cekerovski Todor, Citkuseva Dimitrovska Biljana** and Stefanova Sara (2020) *3-Phase motor speed regulator based on microcontroller and intelligent power driver controller.* International Journal for Science, Technics and Innovations for the Industry MTM (Machines, Tecnologies, Materials), Vol 14, Issue 6/2020, pp. 226-229. ISSN 1313-0226

Во трудот е дизајниран и практично имплементиран регулатор за брзина за 3-фазен индукциски мотор базиран на микроконтролерот Atmega 2560. Врз основа на теоретската анализа на асинхрониот мотор, дефинирани се барањата што регулаторот треба да ги исполнува. Потоа, врз основа на специфичноста на избраниот контролер, се дизајнира режимот на работа на контролерот ATmega 2560. Специфичноста на ова решение е што колото на драјверот, кое е поврзано помеѓу контролерот и моторот, се реализира со интегриран интелигентен контролер. Конечно, дадени се резултатите од практичната работа на овој регулатор на брзината на асинхрон мотор.

22. **Stefanov Goce, Kukuseva Maja** and Stefanova Elena (2021) *Design of an intelligent Wi-Fi sensor network.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, Vol. 4, No. 1/2021, pp. 17-26. ISSN 2545-4803

Во овој труд е дизајнирана интелигентна Wi-Fi сензорска мрежа. Главната задача е да се визуелизират, складират и дистрибуират податоци од индустриските сензори до интернет мрежата. Решението се заснова на микрокомпјутерско поврзување со сензорската мрежа. Во трудот, прво, се опишани карактеристиките на користениот хардвер и дадени се резултатите од експерименталната работа на изработеното решение

23. Sarac Vasilija, **Stefanov Goce** and Minovski Dragan (2021) *Comparative analysis of synchronous motors.* Journal of Energy Technology, Volume 14, Issue 3/2021, pp. 35-45. ISSN 2463-7815.

Овој труд ги споредува параметрите, стабилна состојба и транзиентни карактеристики на два различни типа на синхрони мотори (SM) - мотор со површински монтирани магнети на роторот и мотор со вградени магнети и кафезен ротор. Споредбата се заснова на резултатите добиени од аналитички, нумерички и транзиентни модели на двата мотори за иста излезна моќност на моторите. Моделите за добивање на транзиентни карактеристики овозможуваат споредба на забрзувањето на двата мотора имајќи предвид дека SM-от за стартување на линија е мотор што само стартува додека SM со површински магнети секогаш се стартува со помош на PWM инвертер. Резултатите добиени од аналитичките, нумеричките и минливите модели на моторите треба да помогнат во изборот на најисплатливото решение во однос на типот на моторот за соодветната примена.

24. **Stefanov Goce, Sarac Vasilija** and Kukuseva Maja (2021) *Sine inverter system based on special circuit.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, Vol. 3, No. 2/2021, pp. 31-42. ISSN 2545-4803

Во овој труд, врз основа на конкретен пример на интегрирано коло ASIC (Специфично интегрирано коло за апликација), се разгледува влијанието на развојот на микроелектрониката врз примената на овие кола во енергетската електроника. Со примена на овој тип на интегрирано коло, со едноставно поврзување на неговите влезни пинови со низок или висок потенцијал, се дефинира режимот на работа на колото, а со тоа и режимот на работа на конверторот на моќност. Во трудот прво се опишуваат карактеристиките на колото, а потоа се дадени резултатите од експерименталната работа на тест-прототип инвертер во кој е вградено ова интегрирано коло.

25. **Stefanov Goce, Kukuseva Maja** and Stefanova Sara (2022) *Integrated RF-Wifi smart sensor network.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, Vol. 5, No. 1/2022, pp. 81-92. ISSN 2545-4803

Во овој труд е дизајнирана и практично реализирана интегрирана паметна сензорска мрежа. Целта на интегрираната RF-WIFI паметна сензорска мрежа е навремено собирање, визуелизација и анализа на сигналите од индустриската опрема во самостојни постројки како и интегрирање на овие податоци во интра и интернет мрежата. Мрежата се состои од два системи на микроконтролери. Првиот микроконтролер собира податоци од сензори во самостојни индустриски постројки и ги испраќа преку RF конекција до главната станица. Вториот микроконтролер во главната станица прима податоци од RF мрежата, ги обработува, визуелизира и складира податоците во датотека за евиденција на податоци и ги дистрибуира податоците преку WIFI конекција на Интернет.

26. **Stefanov Goce and Citkuseva Dimitrovska Biljana** (2022) *Design of TFT switch grid.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), Vol. 5, No. 2/2022, pp. 35-44. ISSN 2545-4803.

Во трудот е дизајнирана и експериментално реализирана електронска мрежа за прекинувач на екран на допир. Реализираниот уред е базиран на микроконтролер и LCD екран на допир. Прво се прави теоретска анализа на LCD екранот на допир, а потоа е дизајнирана мрежа за прекинувач на екран на допир и се дадени резултатите од неговата експериментална работа.

27. **Stefanov Goce, Kukuseva Maja** and Stefanova Sara (2023) *3-phase smart power meter implemented in RF network.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, Vol. 6, No. 1/2023, pp. 25-37. ISSN 2545 - 4803.

Во овој труд се претставени резултати од проектирање и практично реализација на процесен 3-фазен паметен мерач на моќност имплементиран во RF мрежа. Апликацијата е наменета за собирање податоци за вредностите на напонот и струјата во далечински самостојни постројки и нивно пренесување до главната централна контролна табла. Решението се заснова на модулот за RF интерфејс NRF24L01, модулот за напојување PEZ004 и микроконтролерот. Два такви модули комуницираат во RF конекцијата, како предавател (RF Slave Network) и приемник (RF Master Network). На страната на примање, примените податоци за процесот се прикажуваат на LCD дисплеј и се складираат во Excel датотека.

Д-р Гоце Стефанов е член на Научен одбор на следните конференции:

28. First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021,
29. Second International Conference ETIMA 2023, 26-28 Sep 2023.

**Учество на меѓународни научни конференции**

**1.** XVI International Congress: Machines, Technologies, Materials, MTM 2019, 11-14 Sept 2019, Varna, R.Bulgaria.

2. XVII International scientific conference: Machines, Technologies, Materials, MTM 2019, 9-12 Sept 2020, Varna, R.Bulgaria

3. First International Conference ETIMA 2021, 19-21 Oct 2021, Stip, R.N.Macedonia.

4. Second International Conference ETIMA 2023, 26-28 Sep 2023, Stip, R.N.Macedonia.

**в.** ***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

**Учество со презентација на собир на Комора на овластени архитекти и овластени инженери, Први денови на електроинженери, 9-10.6.2023 г. Скопје,**

30. IoT Smart DC Energy Meter
31. V/f AC motor Controller base on Intelligent Power Module

**Рецензиран учебник**

Во периодот 2019 до 2024 година д-р Гоце Стефанов има објавено рецензиран учебник во земјата:

**32. Гоце Стефанов** „*Интелигентни електронски компоненти и уреди*“, Универзитет „Гоце Делчев“, 2021, ISBN 978-608-244-801-5, https://e-lib.ugd.edu.mk/986.

**Членство во здруженија**

Македонско здружение за Енергетска електроника, погони и управување, МАК-ЗЕЕПУ.

Во март 2019 година е избран за член на Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев”. Во март 2022 година е избран по втор пат за член на Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев”.

Кандидатот д-р Гоце Стефанов се јавува како ментор на повеќе од 30 успешно одбранети дипломски работи, ментор е на еден успешно одбранет магистерски труд на Електротехничкиот факултет, како и на еден магистерски труд во фаза на изработка.

Кандидатот учествува во пописни комисии како и комисии за уписи на додипломски и магистерски студии. Тој исто е и класен раководител, согласно кредит трансфер системот.

Д-р Гоце Стефанов во изминатиот изборен период рецензира скрипти и учебни помагала:

33. Cekerovski, Todor and Kukuseva, Maja (2022) „*Скрипта по електрични актуатори и сензори*“.„Универзитет „Гоце Делчев“, 2022, ISBN 978-608-244-901-2.

(Одлука број на Електротехнички факултет 1802/64/12 од 25.5.2022г.).

34. Невен Трајчевски, (2021) „*Учебно помагало Практикум по електроника*“. „Универзитет „Гоце Делчев“, 2021, (Одлука број на Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје 02-11/77 од 26.10.2021г.).

**г.** ***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научно-истражувачката дејност***

Од биографските податоци и приложените научни трудови, дипломи и сертификати, констатираме дека кандидатот Д-р Гоце Стефанов во последниот изборен период ги има реализирано следните активности:

- е вонреден професор со научен степен доктор на техничко-технолошки науки во областа Електроника,
- има објавено 14 научни труда на меѓународни научни конференции, симпозиуми и зборници на трудови,
- има објавено 13 труда во меѓународни научни списанија,
- рецензиран учебник,
- 4 учества на меѓународни научни конференции,
- седум презентации на меѓународни научни конференции,
- две презентации на технички собир.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од прегледот и анализата на документацијата доставена со пријавата на кандидатот д-р Гоце Стефанов, како и целокупните достигнувања во наставно-образовната, научноистражувачката, стручната и стручно-апликативна област заклучуваме дека кандидатот располага со високи научни и образовни квалитети потребни за редовен професор. Од извршениот преглед, согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, заклучуваме дека кандидатот остварил доволен број на поени за избор во звање редовен професор во сите дејности. Рецензентската комисија откако ја прегледа научноистражувачката работа на д-р Гоце Стефанов, согледа дека неговата работа се одликува со значајни научни достигнувања и со примена на научноистражувачките резултати во областа на електрониката. Со својата работа тој придонесува во оспособувањето на помлади наставници и соработници, и покажува способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност.

Имајќи го предвид долгогодишното практично искуство на д-р Гоце Стефанов работејќи во индустријата, како и неговата досегашна научна и образована работа во едукација на помладите колеги при Електротехничкиот факултет, како и постигнатите резултати на полето на електрониката, комисијата констатира дека тој ги исполнува критериумите за избор во звање редовен професор.

Врз основа на целокупната активност и постигнатите резултати на кандидатот д-р Гоце Стефанов, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои предлогот д-р Гоце Стефанов да биде избран во звање редовен професор за наставно-научната област електроника на Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на д-р Гоце Стефанов во звање редовен професор во наставно-научната област Електроника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Љупчо Караџинов, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Томислав Цеков, редовен професор, член, с.р.

Д-р Василија Шарац, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Научен труд во меѓународно списание<br>прв автор (15), (16), (17), (19), (20), (21), (22), (24), (25), (26), (27)<br>втор автор (18), (23) | 11x9=99<br>2x6=12 | | | 9<br>6 | **99**<br>**12** |
| **2.** | Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник од трудови на научен собир<br>Трудови во странство (1), (2), (3), (6)<br>Трудови во земјата (4), (5), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14) | 10 | 2 | 4 | 3 | **32** |
| **3** | Учество на научен собир со реферат (усно) во странство (1) и (3)<br>во земјата (7), (8), (9), (10), (14) | 5 | 1.5 | 2 | 2 | **11.5** |
| **4.** | Член на научен одбор на научен собир (28), (29) | 2 | 1 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **156.5** |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга/учебник (32) | 1 | 10 | | | **10** |
| **2.** | Член на универзитетски или владини тела (член на Сенат) | 1 | 5 | | | **5** |
| **3.** | Член на факултетски орган, комисија: (дипломски 15, магистерски 1, комисија за избор во звање 2 пати) | 15<br>1<br>2 | 2<br>2<br>2 | | | **35** |
| **4.** | Пленарно предавање на стручен собир (30), (31) | 2 | 2 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **54** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **250.5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС (5.02.00.03) НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1202-78/8 од 5.7.2024 година донесена на 252. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 5.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за научната област *менаџмент и бизнис* (5.02.00.03) на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **проф. д-р Љубомир Дракулевски**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, област стратегиски менаџмент и меѓународен менаџмент - претседател;
- **проф. д-р Леонид Наков**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, област бизнис менаџмент - член;
- **проф. д-р Стојан Дебарлиев**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, област бизнис менаџмент – член.

На Конкурсот објавен во дневните весници „Коха“ и „Слободен печат“ (година XII, број 3181, среда 26 јуни 2024 година) во предвидениот законски рок се пријави единствено кандидатката **д-р Елена Веселинова,** вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатката **д-р Елена Веселинова**, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи:

- Пријава;
- Кратка биографија;
- Диплома за завршено соодветно образование – за одбранет докторски труд;
- Дипломи за завршен прв и втор циклус на студии;
- Уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- Примерок од шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор;
- Објавен рецензиран учебник;
- Одлука за избор во звање вонреден професор;
- Одлука за ангажираност во наставата на прв, втор и трет циклус на студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- Потврда дека се служи со еден странски јазик;
- Примерок од докторскиот труд;
- Одлуки за членства во комисии и останати реализирани активности;
- Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката **д-р Елена Веселинова**, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Елена Веселинова (Николова) е родена на 6.10.1985 година во Штип, Р. Македонија. Основно образование завршува во ДОУ „Димитар Влахов“ во Штип како најдобар ученик во генерацијата. Средно образование завршува во Гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип во генерацијата 2000-2004, повторно како најдобар ученик во генерацијата. Во средношколските денови редовно учествува на државни и меѓународни натпревари по математика, физика, македонски, англиски и латински јазик и има освоено бројни високи признанија и награди.

Во 2004 година се запишува на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и дипломира на департманот за менаџмент во 2008 година, со просечен успех од 9,84, вбројувајќи се меѓу најдобрите студенти од нејзината генерација. Во февруари 2009 година ги започнува постдипломските студии по МБА – менаџмент, исто така на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Испитите ги завршува со просечен успех од 10,00. Магистрира на 9.11.2010 година со одбрана на магистерскиот труд на тема „Градење на стратегија за претпријатијата во текстилната индустрија на Р.Македонија“.

Д-р Елена Веселинова го продолжува високото образование со упис на трет циклус на студии во декември 2011 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во научната област менаџмент. Докторира на 27.11.2014 година со одбрана на докторскиот труд „Корпоративниот бренд како извор на одржлива конкурентска предност за компаниите“.
Во текот на своето студирање и работа, таа остварува опсег на активности, трудови, посети и учество на конференции и проекти за кои постои евиденција на репозиториумот на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Veselinova=3AElena=3A=3A.html

Веднаш по дипломирањето, од ноември 2008 година се ангажира како волонтер за асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Истовремено, го гради своето искуство и се усовршува во практикувањето на менаџмент вештините како асистент на управителот на „Ангротекс“ Доо Штип. Од септември 2011 до јуни 2014 година работи како помлад асистент, а од јуни 2014 како асистент на Економскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со ангажман на предмети од областа на менаџментот. Од 15.4.2015 година, д-р Елена Веселинова е доцент, а од 19.12.2019 година е вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во област менаџмент, покривајќи ја наставата по предметите: Менаџмент, Стратегиски менаџмент, Инвестиционен менаџмент, Портфолио менаџмент и Бренд менаџмент.

Кандидатката одлично ги познава англискиот и италијанскиот јазик и солидно германскиот. Исто така, одлично ги познава алатките на: Microsoft Office, Adobe, Project Manager, Comfar III Expert, SPSS и неколку ERP апликации.

Во текот на својот професионален развој учествува на бројни домашни и меѓународни симпозиуми, научни расправи, стручни собири, конференции, средби, семинари, обуки и јавни дебати, во земјава и во странство (Италија, Турција, Грција, Бугарија, Србија, Хрватска, Романија, Франција, Германија и др.). Учествува во неколку научноистражувачки проекти од национален и од

меѓународен карактер и досега има објавено над 60 научни и стручни трудови, книги, делови од книги и студии. Член е и рецензент во неколку уреднички одбори на меѓународни списанија, како и член на организациски и уредувачки одбор на меѓународните конференции во организација на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Редовно учествува на обуки и предавања од областа на менаџментот. Ги има посетено предавањата на проф. д-р Исак Адиџес од областа на управување со промените, предавањата на светски познатиот проф. д-р Филип Котлер на тема „Маркетинг и менаџмент предизвиците во 21 век“ и на Тим Ринго, врвниот менаџер за човечки ресурси на компанијата IBM. Има учествувано на семинари од областа на меѓународниот бизнис, примена на Законот за работни односи и други обуки за унапредување на перформансите на претпријатијата во организација на Стопанската комора на Р.Македонија.

Д-р Елена Веселинова беше ментор на тимот на Економскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, кој беше во топ 5 победници на Ротман - Европскиот натпревар за тргување на берзи кога Р.Македонија за прв пат имаше свој претставник на таков престижен натпревар.

Таа е и вклучена во работата на различни комисии и проекти, била ментор на дипломци и магистранди, била раководител на Катедрата за менаџмент при Економскиот факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, а тековно е раководител на Центарот за кариера и развој на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

На 19.12.2019 година на 182. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип со Одлука број 1202-152/3, д-р Елена Веселинова е избрана во звање вонреден професор за наставно-научната област менаџмент системи.

Кандидатката д-р Елена Веселинова во моментот работи на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип како вонреден професор.

***Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.***

**Општи услови за избор:**

**1. Просечен успех од најмалку 8.00 (осум) на интегрираните студии од прв и втор циклус студии**

Кандидатката д-р Елена Веселинова има остварен просечен успех на прв циклус студии од 9,84 и просечен успех на втор циклус на студии од 10,00.

**2. Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира**

Кандидатката д-р Елена Веселинова се стекнала со звање доктор на економски науки на 28.11.2014 година кога успешно го одбранила докторскиот труд на тема „*Корпоративниот бренд како извор на одржлива конкурентска предност на компаниите*“ на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

3. **Претходен избор во звање**

На 19.12.2019 година на 182. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип со Одлука број 1202-152/3, д-р Елена Веселинова е избрана во звање вонреден професор за наставно-научната област менаџмент системи.

4. **Објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години.**

Кандидатката д-р Елена Веселинова од изборот во асистент до денес има објавено над 60 трудови, а во периодот од изборот во вонреден професор до денес има објавено дванаесет трудови во меѓународни научни и стручни (научно-популарни) списанија и зборници, четири присуства и учество на научни конференции, универзитетски учебник, една книга, две поглавја од книги и единаесет проектни активности. Во табелата подолу се презентирани неколку објавени трудови во изминатиот 5-годишен период, согласно со важечките законски прописи, а останатите трудови се достапни на електронскиот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и на академските платформи ORCID, Google Scholar и ResearchGate, кои можат да се погледнат на следните линкови:
https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Veselinova=3AElena=3A=3A.html
https://orcid.org/0009-0004-2051-1331
https://scholar.google.com/citations?user=i0Pu8TcAAAAJ&hl=en
https://www.researchgate.net/scientific-contributions/Elena-Veselinova-2064647752

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Год. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | *Managing the economic and financial efficiency of an investment financed through local bonds.* | Journal of Economics, 8 (2). ISSN 1857-9973 | 2023 |
| 2. | Gogova Samonikov, Marija and Mitreva, Mila and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco | *Perception and changes for E-banking among young people in the country-the period of the Corona crisis.* Journal of Economics, 6 (2). | Journal of Economics, 6 (2). ISSN 1857-9973 | 2021 |
| 3. | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | *The Impact of COVID-19 Pandemic on Firms Performance: Analysis of the Companies from the MBI10 Index.* | Journal of Economics-Special Issue, 6. ISSN 1857-9973 | 2021 |
| 4. | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena | *Managing the monetary and fiscal efforts to alleviate the turbulence from the COVID-19 crisis in the world and in our country.* | Journal of Economics-Special Issue, 6. ISSN 1857-9973 | 2021 |
| 5. | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija and Zdraveva, Zorica | *The situation with the development of small and medium-sized enterprises in Macedonia in relation to the sources of their finance.* | Journal of Economics, 5 (1). pp. 10-20. ISSN 1857-9973 | 2020 |
| 6. | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | *Defining the Concept of Brand Equity With Radical Transparency.* In: Global Branding: Breakthroughs in Research and Practice. | IGI Global, Hershey, Pennsylvania, USA. ISBN 9781522592822 | 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | *Evaluating the Brand With Radical Transparency.* In: Brand Culture and Identity: Concepts, Methodologies, Tools, and Applications. | IGI Global, Hershey, PA, USA. ISBN DOI: 10.4018/978-1-5225-7116-2.ch006 | 2019 |

**5. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик**

Кандидатката д-р Елена Веселинова има доставено потврди за познавање на англиски јазик.

**6. Способност за изведување на високообразовна дејност**.

Д-р Елена Веселинова целокупната своја кариера, од моментот на избор во помлад асистент до вонреден професор, ја поминува во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во текот на овој период, таа има реализирано плодна високообразовна дејност преку изведување на бројни предавања и вежби, менторства, пишување и објавување научни и стручни трудови, учебници, скрипти, практикуми, учества во научни конференции и проекти, реализирање работилници итн. Ангажирана е во изведување на наставата во предмети од област менаџмент на прв, втор и трет циклус на студии. Таа е ментор на преку триесет дипломски трудови, пет магистерски труда, а членувала и во бројни комисии за дипломски, магистерски и докторски трудови.

**Посебни услови за избор:**

**1. Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати.**

Кандидатката д-р Елена Веселинова учествувала во следниве проекти, кои може подетално да се погледнат на поставените линкови:

1. Dimitrova, Janka and Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Davcev, Ljupco and Andonov, Mitko and Ljubomir, Gacov and Elizabeta, Djambaska and Aleksandra, Lozanovska (2023) *Business eco-system as an integrated system – Be In.* [Project]
2. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Koleva, Blagica and Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Стратегиски развој и оперативен план за Центар за кариера и развој на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.* [Project]
3. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Business eco system as an integrated system-Be In.* [Project]
4. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2022) *„Млади финансиски инфлуенсери - Позитивно влијание врз финансиската писменост и претприемничкиот потенцијал кај младите“.* [Project]
5. Veselinova, Elena and Arsova, Monika (2022) *Глобална недела на претприемништво: „Жените VS стереотипите во претприемништвото”.* [Project]
6. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Koleva, Blagica and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Lazarov,

Darko and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila (2021) *Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување.* [Project]

7. Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2021) *Инклузивен мост 18.* [Project]

8. Veselinova, Elena (2020) *Глобална недела на претприемништвото - ГНП: Претприемништвото како предизвик за новите генерации.* [Project]

9. Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Veselinova, Elena (2020) *Global Entrepreneurship Week: The Entrepreneurship as a Challenge for the new Generations.* [Project]

10. Veselinova, Elena (2020) *Современата текстилна индустрија како атрактивна кариерна патека за младите генерации и придонесувач за економски развој и социјален просперитет на прекуграничниот регион.* [Project]

11. Veselinova, Elena (2020) *Градење капацитет за активности за поддршка на бизнисот – БЦБСА.* [Project]

**2. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.**

Од моментот на избор во доцент до денес, кандидатката д-р Елена Веселинова има дадено значаен придонес во оспособување на помлади наставници и соработници преку нивно вклучување во различни научни и стручни активности, проекти, заедничко пишување трудови, давање совети и менторства, рецензирање на трудови, давање препораки и сл.

**3. Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД**.

1. Д-р Елена Веселинова во последните 5 години има објавено**:**
2. Veselinova, Elena (2020) *Стратегиски менаџмент.* ISBN 978-608-244-757-5; DOI: 9786082447575.https://eprints.ugd.edu.mk/33204/ https://eprints.ugd.edu.mk/27278/
3. Veselinova, Elena (2019) *Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија.* ISBN 978-608-244-625-7. https://eprints.ugd.edu.mk/22249/
4. Veselinova, Elena (2019) *Стратегиски менаџмент во текстилната индустрија - практикум.* ISBN 978-608-244-626-4. https://eprints.ugd.edu.mk/22250/
5. Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2022) *Водич за економско-финансиска интеграција.* Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби „Бравура кооператива". https://eprints.ugd.edu.mk/30622/
6. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2020) *Defining the Concept of Brand Equity With Radical Transparency.* In: Global Branding: Breakthroughs in Research and Practice. IGI Global, Hershey, Pennsylvania, USA. ISBN 9781522592822 https://eprints.ugd.edu.mk/24160/
7. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2019) *Evaluating the Brand With Radical Transparency.* In: Brand Culture and Identity: Concepts, Methodologies, Tools, and Applications. IGI Global, Hershey, PA, USA. ISBN DOI: 10.4018/978-1-5225-7116-2.ch006 https://eprints.ugd.edu.mk/20834/

**4. Да има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.**

Кандидатката д-р Елена Веселинова во изборниот период 2019-2024 година има остварено вкупно 251,5 поени од кои 40 од наставно-образовна дејност,

115,5 поени од научноистражувачка дејност и 96 поени од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Во продолжение следи детална оценка на нејзината високообразовна дејност (наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Наставно-образовниот ангажман на д-р Елена Веселинова се протега уште од 2008 година, кога започнува со волонтерски ангажман, а потоа во 2011 година е избрана во ***помлад асистент*** на предмети од област менаџмент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Додека кандидатката д-р Елена Веселинова работи како асистент, покрива вежби за предметите: Основи на менаџмент, Стратегиски менаџмент, Менаџмент на мал бизнис, Менаџмент на човечки ресурси, Инвестиционен менаџмент, Портфолио менаџмент и Теорија на одлучување кои на почетокот се реализираат во наставниот центар во Штип, а подоцна и во наставните центри во Струмица, Кочани, Радовиш и Скопје.

Во 2015 година, д-р Елена Веселинова е избрана во *доцент* во наставно-научната област менаџмент системи (Катедра за менаџмент), при што ги покрива следните предмети: Стратегиски менаџмент, Инвестиционен менаџмент, Портфолио менаџмент и Теорија на одлучување. Освен на матичниот, Економски факултет, таа е ангажирана и на Факултетот за информатика или поконкретно, на насоката Бизнис информатика, а покрива и универзитетски изборни предмети. На вториот циклус студии е одговорна за предметите: Стратегиски менаџмент, Инвестиционен менаџмент и Портфолио менаџмент.

Нејзината наставно-образовна дејност продолжува и понатаму, кога во 2019 година е избрана за *вонреден професор* во наставно-научната област менаџмент системи, при Катедрата за менаџмент. Во претстојниот период таа покрива повеќе предметни дисциплини кои се слушаат на програмите од прв циклус студии, како што се: Менаџмент, Стратегиски менаџмент, Инвестиционен менаџмент, Портфолио менаџмент и Бренд менаџмент, како и Менаџмент и Стратегиски менаџмент на Факултетот за информатика на студиската програма Бизнис информатика. На втор циклус студии ги покрива предметите: Современ менаџмент, Лидерство, Стратегиски менаџмент, Инвестиционен менаџмент и Портфолио менаџмент, додека на третиот циклус студии е ангажирана на предметите: Напреден менаџмент и маркетинг и Стратегиски менаџмент.

Во времето на академскиот ангажман како *вонреден професор*, кандидатката има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност изразена преку:

- редовно одржување на предавања и вежби;
- редовно одржување на консултации и менторства;
- објавени бројни научни и стручни трудови, учебници, скрипти и практикуми;
- учества на меѓународни конференции;
- менторства на дипломски трудови;
- менторства на магистерски трудови;
- учество во научни проекти и сл.

***Во прилог на документацијата за избор, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Елена Веселинова ги достави во прилог следните трудови кои се приложени на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип:*** https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Veselinova=3AElena=3A=3A.html ***и тоа во временска рамка од понови кон постари.***

**Објавени научни и стручни трудови**

**1. Трудови**

1. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2023) *Managing the economic and financial efficiency of an investment financed through local bonds.* Journal of Economics, 8 (2). ISSN 1857-9973
2. Veselinova, Elena and Dimitkova, Angela (2022) *Пентагон на брендот: градење и управување на успешен бренд.* Годишен зборник 2022, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет, 23 (1). ISSN 1857- 7628
3. Gogova Samonikov, Marija and Mitreva, Mila and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco (2021) *Perception and changes for E-banking among young people in the country-the period of the Corona crisis.* Journal of Economics, 6 (2). pp. 1-8. ISSN 1857-9973
4. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2021) *The Impact of COVID-19 Pandemic on Firms Performance: Analysis of the Companies from the MBI10 Index.* Journal of Economics-Special Issue, 6. ISSN 1857-9973
5. Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2021) *Managing the monetary and fiscal efforts to alleviate the turbulence from the COVID-19 crisis in the world and in our country.* Vol. 6 (2021): Journal of Economics-Special Issue, 6. pp. 30-44.
6. Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija and Zdraveva, Zorica (2020) *The situation with the development of small and medium-sized enterprises in Macedonia in relation to the sources of their finance.* Journal of Economics, 5 (1). pp. 10-20. ISSN 1857-9973

**2. Поглавја од книги**

1. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2020) *Defining the Concept of Brand Equity With Radical Transparency.* In: Global Branding: Breakthroughs in Research and Practice. IGI Global, Hershey, Pennsylvania, USA. ISBN 9781522592822
2. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2019) *Evaluating the Brand With Radical Transparency.* In: Brand Culture and Identity: Concepts, Methodologies, Tools, and Applications. IGI Global, Hershey, PA, USA. ISBN DOI: 10.4018/978-1-5225-7116-2.ch006

**3. Конференциски материјали**

1. Veselinova, Elena and Arsova, Monika (2022) *„Жените VS стереотипите во претприемништвото“ - Глобална недела на претприемништво.* In: „Жените VS стереотипите во претприемништвото“ - Глобална недела на претприемништво.
2. Veselinova, Elena (2020) *Претприемништвото како предизвик за новите генерации - Актуелните предизвици во опкружувањето и нивното влијание врз бизнисот.* In: Global Entrepreneurship Week 2020, Macedonia.

3. Veselinova, Elena (2020) *Обука на потенцијални стартапи засновани на иновативни деловни концепти за текстилната индустрија и услуги за поддршка.* In: Обука на потенцијални стартапи засновани на иновативни деловни концепти за текстилната индустрија и услуги за поддршка.

**4. Книги**

1. Veselinova, Elena (2020) *Стратегиски менаџмент.* ISBN 978-608-244-757-5; DOI: 9786082447575.
2. Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2022) *Водич за економско-финансиска интеграција.* Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби „Бравура кооператива".

**5. Учество во проекти**

1. Dimitrova, Janka and Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Davcev, Ljupco and Andonov, Mitko and Ljubomir, Gacov and Elizabeta, Djambaska and Aleksandra, Lozanovska (2023) *Business eco-system as an integrated system – Be In.* [Project]
2. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Koleva, Blagica and Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Стратегиски развој и оперативен план за Центар за кариера и развој на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.* [Project]
3. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Business eco system as an integrated system-Be In.* [Project]
4. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2022) *„Млади финансиски инфлуенсери - Позитивно влијание врз финансиската писменост и претприемничкиот потенцијал кај младите".* [Project]
5. Veselinova, Elena and Arsova, Monika (2022) *Глобална недела на претприемништво:„Жените VS стереотипите во претприемништвото».* [Project]
6. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Koleva, Blagica and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Lazarov, Darko and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila (2021) *Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување.* [Project]
7. Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2021) *Инклузивен мост 18.* [Project]
8. Veselinova, Elena (2020) *Глобална недела на претприемништвото - ГНП: Претприемништвото како предизвик за новите генерации.* [Project]
9. Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Veselinova, Elena (2020) *Global Entrepreneurship Week: The Entrepreneurship as a Challenge for the new Generations.* [Project]
10. Veselinova, Elena (2020) *Современата текстилна индустрија како атрактивна кариерна патека за младите генерации и придонесувач за економски развој и социјален просперитет на прекуграничниот регион.* [Project]

11. Veselinova, Elena (2020) *Градење капацитет за активности за поддршка на бизнисот – БЦБСА.* [Project]
12. На ова се надополнети и нејзините магистерска и докторска теза:
13. Veselinova, Elena (2014) *Корпоративниот бренд како извор на одржлива конкурентска предност на компаниите.* PhD thesis, Универзитет „Св. Кирил и Методиј".
14. Veselinova, Elena (2010) *Градење на стратегија на претпријатијата во текстилната индустрија на Р.Македонија.* Masters thesis, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет - Скопје.

***Кратка евалуација на еден дел од трудовите, а другите се достапни на е-репозиториумот на веб-страната на Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип:*** https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Veselinova=3AElena=3A=3A.html

**Евалуација на трудот со реден број 1 под точка 1: Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2023) Managing the economic and financial efficiency of an investment financed through local bonds. Journal of Economics, 8 (2). ISSN 1857-9973.**

Намерата на авторите на овој труд е да го докажат ефикасното искористување на средствата добиени од локална обврзница со инвестирање во самоодржлив проект кој генерира принос - центар за рехабилитација кој ќе го експлоатира термалниот извор Кежовица во Општина Штип. Економско-финансиската ефикасност на инвестицијата финансирана преку емисија на локални обврзници се покажува преку инвестициски критериуми кои ја докажуваат профитабилноста и ликвидноста на ваквата инвестиција. На овој начин се постигнува оправданоста за емисијата на локални обврзници како алтернативен начин на финансирање и поддршка на локалниот економски развој.

Целта на овој труд е да се оцени повратот на инвестицискиот потенцијал, односно ефикасноста и профитабилноста на проект кој значително придонесува за зголемување на вредноста на локалното производство како компонента на националниот економски раст, а уште повеќе, имајќи ги предвид зголемените сегашни барања за општествено одговорно однесување, како тоа покажува вредност од поширок опсег на засегнати страни на долг рок.

Резултатите од истражувањето, проектирани во форма на конвенционални критериуми за инвестирање, во комбинација со кратка анализа на финансиски сооднос, потврдуваат дека ефикасното користење на општинските обврзници како алтернативен начин за финансирање на локалниот економски развој може да се постигне со инвестирање во долгорочен одржлив и профитабилен проект како што е анализираниот пример на центарот за рехабилитација.

**Евалуација на трудот со реден број 2 под точка 1: Veselinova, Elena and Dimitkova, Angela (2022) Пентагон на брендот: градење и управување на успешен бренд. Годишен зборник 2022 , Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет, 23 (1). ISSN 1857- 7628**

Во овој труд се зборува за брендовите – зошто се важни, што претставуваат за потрошувачите, кои се петте фази на моделот Пентагон во процесот на градење на вредност на брендот и што треба да прават фирмите за нивно правилно менаџирање. Главната цел е да се дефинираат и сублимираат клучните специфики на успешниот бренд преку петте последователни фази на предложениот модел. Компанијата постои за да ги оствари очекувањата на акционерите, па така, брендот

постои со цел да генерира долгорочен профит. Затоа, јадрото на брендот ги опфаќа 4-те P, како и пакувањето, услугата и проценката на добивката/ загубата. Овие седум варијабли се адаптираат, како што брендот се гради низ одделните фази.

**Евалуација на трудот со реден број 3 под точка 1: Gogova Samonikov, Marija and Mitreva, Mila and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco (2021) Perception and changes for E-banking among young people in the country-the period of the Corona crisis. Journal of Economics, 6 (2). pp. 1-8. ISSN 1857-9973**.

Кризата Ковид-19 го зафати светот како целина, со сите негови потсистеми. За некои тоа беше и се уште е ноќна мора, за други невидена можност. Додека некои индустрии стануваат посиромашни, други индустрии стануваат побогати. Овој труд опфаќа анализа на сектор за кој овој период не е толку мрачен. Станува збор за електронско банкарство. Потребата за одржување на физичка дистанца ја интензивираше употребата на е-банкарство во некои земји дури и непредвидено. Од друга страна, сè уште постои неподготвеност да се користи овој начин на користење на банкарските услови, понекогаш поради аверзија кон технологијата, понекогаш поради незнаење.

Овој труд е напишан врз основа на анкета спроведена меѓу младите во градот Штип, за нивните познавања од банкарството и нивните предвидувања за електронско банкарство. Беа интервјуирани вкупно 202 лица и нивните одговори беа интерпретирани врз основа на статистичка анализа. Заклучокот на овој труд треба да се заснова на ставовите на младите за електронското банкарство и неговата иднина. Врз основа на нив треба да се даде прогноза за идните трендови на електронското банкарство. Користени се методи на анализа, споредби и статистички пресметки за да се прикаже реалната слика за актуелната состојба.

**Евалуација на трудот со реден број 4 под точка 1: Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2021) The Impact of COVID-19 Pandemic on Firms Performance: Analysis of the Companies from the MBI10 Index. Journal of Economics-Special Issue, 6. ISSN 1857-9973**

Целта на овој труд е да се процени ефектот на пандемијата Ковид-19 врз фирмите и нивните перформанси со посебен фокус на компаниите чии акции го формираат индексот МБИ10 на Македонска берза. Целта на студијата е да се испита збир на фирми со нивните карактеристики кои ги подразбираат перформансите на фирмите, како што се: ROA, ROE, EBIT, профитна маржа, левериџ, ликвидност, цена на акцијата и дивиденда по акција со цел да се утврди разликата пред и по пандемијата на Ковид-19. Хипотезите се тестираат според конструиран модел и врз основа на финансиските податоци на компаниите од индексот МБИ10, се користи дескриптивна и регресивна анализа со цел да се истражи влијанието на пандемијата на перформансите на фирмите. Резултатите и заклучоците го откриваат степенот на влијание на Ковид-19 врз перформансите на фирмите. Овој труд придонесува преку обезбедување емпириски докази за влијанието на пандемијата врз фирмите во македонската економија.

**Евалуација на трудот со реден број 5 под точка 1: Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2021) Managing the monetary and fiscal efforts to alleviate the turbulence from the COVID-19 crisis in the world and in our country. Vol. 6 (2021): Journal of Economics-Special Issue, 6. pp. 30-44.**

Како одговор на оваа криза, владите и централните банки ширум светот донеле сеопфатни и значителни стимулативни мерки за да се спротивстават на нарушувањето предизвикано од коронавирусот и да им обезбеди олеснување на оние кои страдаат од пандемијата.

Дали овие мерки функционираа? Кој е вистинскиот излез од кризата? Колку долго ќе траат последиците? Некои од овие прашања се предмет на променливи одговори, а некои од овие прашања допрва треба да се одговорат. Целта на овој труд е споредба на мерките што ги спроведуваат земјите и идентификување на најдобриот начин за управување со нив, за да се постигне побрзо економско закрепнување. Методи на анализа, споредби и статистички пресметки се користени за да се покаже реално сликата на тогашната состојба.

**Евалуација на трудот со реден број 6 под точка 1: Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija and Zdraveva, Zorica (2020) *The situation with the development of small and medium-sized enterprises in Macedonia in relation to the sources of their financing.* Journal of Economics, 5 (1). pp. 10-20. ISSN 1857-9973.**

Регистрирано е мало влијание на малите и средните претпријатија врз зголемувањето на вработеноста и додадената вредност во Р. Македонија, во периодот од 2009 и 2013 година. Слично на регионалните економии, поголемиот дел од малите и средните претпријатија во нашата земја оперираат во секторот трговија на мало и големо (44%), а потоа следи мануфактурниот сектор или преработувачката индустрија (13%). Анализирано според важноста на малите и средните претпријатија за македонската економија воопшто, целта на овој труд е да се потенцира постоечкиот јаз помеѓу добро-идентификуваните слабости на домашната економија за стимулирање на очекуваниот животен век на малите и средните претпријатија од една страна, како и нивниот развој од друга страна, преку разните форми на извори на финансирање кои се расположливи за нив. Во таа насока, со користење на методите на статистичка анализа и компарација, се изведени заклучоци за тековната состојба во врска со деловното опкружувањето на малите и средните претпријатија, како и за формите на финансирање кои ги користат малите и средните претпријатија во Р. Македонија.

**Евалуација на трудот со реден број 1 од точка 2: Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2020) Defining the Concept of Brand Equity With Radical Transparency. In: Global Branding: Breakthroughs in Research and Practice. IGI Global, Hershey, Pennsylvania, USA. ISBN 9781522592822.**

Секоја компанија мора да ја бара формулата што најдобро функционира за нејзината одредена култура и индустрија. Не постои еден правилен начин да се трансформира конвенционалната компанија во компанија водена од вредност. Но, сите автентично одговорни компании се претплатени на збир на принципи за: мисијата, визијата, транспарентноста, работењето, одговорноста, отвореноста, автентичноста и иновативноста - сето тоа ставено во агенда за компании водени од вредност кои се подготвени за предизвиците со кои сите се соочуваме. Ова поглавје анализира како трансформациските сили: материјалната вредност на нематеријалните средства, борбата за врвни таленти, импресивната моќ на инспирираните вработени, транспарентните синџири на снабдување, глобалното влијание на невладините организации, информираниот глобален потрошувач го преобликуваат бизнис пејзажот. Компаниите кои ќе ги зграпчат овие можности ќе создадат вистинска вредност и ќе ја зголемат својата долгорочна профитабилност. Концептот на радикална транспарентност во бизнисот им дава можност на компаниите да ја добијат битката за успех поинаку од конкурентите, со што би се обезбедил одржлив раст и профитабилност на компанијата, произлезени од добро оформените односи со засегнатите страни кои обезбедуваат вредност за компанијата. Брендот на компанијата би бил синоним за тие врски.

**Евалуација на трудот со реден број 2 под точка 2: Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2019) Evaluating the Brand With Radical Transparency. In: Brand Culture and Identity: Concepts, Methodologies, Tools, and Applications. IGI Global, Hershey, PA, USA. ISBN DOI: 10.4018/978-1-5225-7116-2.ch006**

Оправданоста на сите теоретски знаења во ова поглавје е проверено преку евалуацијата на брендот. Тоа е всушност анализата во ова поглавје. Постепено, целосно е комплетиран концептот: од идеја до евалуација на брендот. Вреднувањето на брендот преку радикална транспарентност се елаборира преку неколку варијанти: капиталот на брендот како мерка за вредноста на брендот, финансиски пристапи за вреднување на брендовите, интеграција на финансиите и маркетингот преку пристапот „најдобра практика“ за евалуација на брендот и синџирот на вредност на брендот. Така се заокружуваат напорите за разбирање, примена и проценка на капиталот на брендот како извор на конкурентна предност низ призмата на радикалната транспарентност.

**Евалуација на трудот со реден број 1 под точка 4: 1. Veselinova, Elena (2020) Стратегиски менаџмент. ISBN 978-608-244-757-5; DOI: 9786082447575.**

Глобалната економска рецесија создаде деловен свет кој е доста поразличен и покомплексен, отколку пред само една година. Илјадници бизниси исчезнаа, а потрошувачите станаа екстремно чувствителни на цените и, честопати, го купуваат тоа што им треба, а не тоа што го сакаат. Финансиските пазари се компресираа, се појави висока невработеност, а окружувањето и условите се сменија за милиони претприемачи. Фирмите кои ќе ги преживеат овие години на глобално економско превирање, ќе бидат посилни и поподготвени од кога било досега. Да се добие и да се одржи конкурентска предност е потешко од кога било. Социјалното вмрежување и е-трговијата го променија маркетингот во неговите основи. Овој учебник открива како да се спроведе ефикасен стратегиски менаџмент во овој нов светски поредок.

Илјадници фирми започнаа да работат на глобално ниво, а илјадници други ги затворија своите глобални активности. Илјадници проспераа, а сепак илјадници не успеаја во последните години, бидејќи економските услови поштедија малкумина. Долгогодишните конкурентски предности еродираат, кога се формираат нови. Ова прво издание на овој учебник ја доловува сложеноста на светското бизнис окружување, локално и глобално.

И предизвиците и можностите со кои се соочуваат организациите од сите големини денес се поголеми од кога било. Има помалку простор за грешки при формулирањето и спроведувањето на стратегијата. Ова прво издание обезбедува систематски ефикасен пристап за развој на јасен стратегиски план, дури и во лоши времиња. Содржините опфатени во ова издание имаат за цел да го илустрираат ефектот на новите деловни концепти и техники на теоријата и практиката за стратегиски менаџмент. Ова издание вклучува возбудливи нови карактеристики, промени и содржина дизајнирана да го позиционира овој учебник како јасен водич и добар избор за изучување стратегиски менаџмент. Ова е резимето на тоа што е вклучено во ова издание: Актуелна студија на случај на почетокот на секое поглавје која илустрира одредена компанијата што работи добро и во услови на глобална економска рецесија и ја открива нејзината стратегија; Многу актуелни примери во секое поглавје; Бројни табели во поглавјата за подобро претставување на клучните концепти на стратегискиот менаџмент; Сеопфатен модел на стратегиски менаџмент кој ги опфаќа сите поглавја; Широка нарација

за теоријата на стратегискиот менаџмент и концептите во секое поглавје за да се илустрира новиот деловен светски поредок; Актуелни прашања за проверка на крајот на секое поглавје; Вежби за проверка и учење на крајот на поглавјата што ги применуваат концептите од секое поглавје; Слики во боја кои додаваат живост на ова издание и илустрираат концепти / примери.

Безвременските, како и новите истражувања и теории на најголемите мислители за развој на стратегијата, како што се: Ансоф, Чендлер, Портер, Хамел, Прахалад, Минцберг и Барни се елаборирани во поглавјата, а истовремено практичните аспекти на стратегискиот менаџмент се сè уште во центарот на вниманието.

Овој учебник е ориентиран кон стекнување вештини за развој на изјава за визија и мисија; анализа на екстерното окружување; анализа на интерното окружување; и формулирање, спроведување и оценување на стратегии. Едноставниот, интегративен модел на стратегиски менаџмент се појавува во сите поглавја и служи како водич и потсетник за целиот процес. Овој модел ја следи основната секвенца на формулирање, спроведување и оценување на стратегијата. Постои основен проток од визија/мисија/цели кон анализа на внатрешно / надворешно окружување до развој на стратегија, селекција, имплементација и евалуација. Ова е основниот белег на овој учебник.

Во подготовката на овој учебник е применета соодветна педагогија, вклучувајќи забележителни цитати и цели за секое поглавје, како и клучни изреки, прашања за проверка и дискусија и соодветни вежби на крајот на секое поглавје.

Постои одлична покриеност на прашањата за формулирање стратегија, како што се: деловна етика, глобално и меѓународно наспроти домашно работење, визија / мисија, анализа на матрици, партнерство, заедничко вложување, конкурентска анализа, менаџмент аспекти и упатства за спроведување на внатрешно / надворешно оценување на стратегијата. Систематски, аналитички пристап е претставен во Поглавје 6, вклучувајќи матрици како: SWOT, BCG, IE, GRAND, SPACE и QSPM. Исто така и за спроведување на стратегијата, како што се: корпоративна култура, организациска структура, аутсорсинг, маркетинг концепти, финансиска анализа и деловна етика.

**Евалуација на трудот со реден број 2 под точка 4: Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2022) Водич за економско-финансиска интеграција. Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби „Бравура кооператива“.**

Проект „Инклузивен Мост 18“ е програма за социо-економска инклузија на деца без родители и родителска грижа, која овозможува општествени промени за правилна интеграција и опшествена инклузија. Во рамките на проектот е креиран „Водич за економско-финансиска интеграција“. Овој материјал претставува едукативна програма за јакнење на капацитетите на децата без родители и родителска грижа за економски менаџмент на долгорочен план, базирана на резултатите од истражувањето од овој проект од страна на мултидисциплинарен тим на стручни лица и соработници.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Елена Веселинова е

посветен наставник и истражувач од наставно-научната област менаџмент, кои ги извршува професионално и стручно. Нејзиниот опус во научната и образовната литература е исклучително широк и корисен, со авторско портфолио кое се состои од 63 литературни единици, објавени во референтни научни публикации, научни собири, годишни зборници и сл. Д-р Елена Веселинова учествувала и во проекти од научноистражувачки и стручно-апликативен карактер, од кои дел се реализирани во рамките на Фондот за научноистражувачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а дел се поддржани од екстерни извори.

И во наставно-педагошкиот дел д-р Елена Веселинова, исто така има богато професионално искуство. За време на нејзината кариера во високото образование од помлад асистент до вонреден професор покривала повеќе предмети на Економскиот факултет, има учество на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и ангажман на универзитетски предмет. Нејзината активност на Катедрата за менаџмент се потврдува, не само со покривањето на значајни предмети од оваа област, туку таа ја вршела и функцијата раководител на оваа катедра во два последователни мандати. Во исполнувањето на нејзината професија, односно наставно-образовната дејност, д-р Елена Веселинова е исклучително посветен наставник, секогаш приемчива и достапна за студентите и колегијална кон останатите професори, а во презентацијата на наставната материја применува јасен и експлицитен пристап со примена на класичните, но и современите педагошки методи за пренесување на знаењата.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката д-р Елена Веселинова има партиципирано во бројни стручно-апликативни и организациско-развојни активности од кои може да се согледа нејзиниот интерес за професионален развој и проширување на академското, но и стручното искуство. Во овој опсег се вклучуваат и организациските активности за унапредување и развој на институцијата во која делува. Некои од тие активности се набројани во продолжение:

- член на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Наставно-научен совет на трет циклус студии на Кампус 4 при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- раководител на Центарот за кариера и развој на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- член на Универзитетска комисија за изработка на ФРВ листа при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Работна група за изработка и поднесување на Елаборат за трет циклус на студии на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Работна група за организирање на студентски натпревар на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Организациски одбор на Трета и Четврта меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF);
- член на Организациски одбор на проектот „Биди претприемач“;
- член на Изборна комисија за спроведување на тајно гласање за избор на ректор на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- рецензент на учебни помагала со наслов „Маркетинг: Знаење и вештини за

успешно деловно работење“ – монографија и „Маркетинг: Примери од пракса“ - практикум од авторот Тамара Јованов Апасиева;
- ко-уредник на меѓународно списание „Journal of Economics“;
- член на пописна комисија за спроведување на попис на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2021 и 2022 година;
- член на Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавени кандидати за избор на еден наставник во сите звања на Научниот институт за тутун – Прилеп во научното подрачје на општествени науки (5), научно поле економски науки (503), област економика на претпријатијата (50323), економика на инвестиции (50324), маркетинг (50325);
- член на Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавени кандидати за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната област маркетинг менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
- член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови од Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- учество во изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус на студии.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката вон. проф. д-р Елена Веселинова ги исполнува сите услови за избор во наставно-научното звање редовен професор.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачка, стручно-апликативната и севкупната активност во периодот од избор во вонреден професор до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот вон. проф. д-р Елена Веселинова преку остварени вкупно 251,5 поени од кои 40 поени во наставно-образовна дејност, 115,5 поени во научноистражувачка дејност и 96 поени во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, вон. проф. д-р Елена Веселинова да биде избрана во **звањето редовен професор во научната област менаџмент и бизнис (5.02.00.03)** и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатот да биде избран во наставно-научното звање редовен професор за претходно назначената област на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Љубомир Дракулевски, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Леонид Наков, редовен професор, член, с.р.
Д-р Стојан Дебарлиев, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **5.** | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Научна книга или монографија (реден број 1 и 2 од точка 4) | 2 | 10 | | | 20 |
| **2.** | Дел од научна книга (реден број 1 и 2 од точка 2) | | | 2 | 10 | 20 |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) – прв автор (реден број 1 и 4 од точка 1) = 2 * 9 = 18, втор автор (реден број 5 и 6 од точка 1) = 2 * 6 = 12, останати автори (реден број 3 од точка 1) = 1 * 3 = 3, вкупно 33 | 2 * 9 = 18<br>2 * 6 = 12<br>1 * 3 = 3 | | | | 33 |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (реден број броеви 1-3 од точка 3: „Жените VS стереотипите во претприемништвото“ - Глобална недела на претприемништво; Претприемништвото како предизвик за новите генерации - Актуелните предизвици во окружувањето и нивното влијание врз бизнисот;<br>Обука на потенцијални стартапи засновани на иновативни деловни концепти за текстилната индустрија и услуги за поддршка | 3 | 3 | | | 9 |
| **7.** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (реден број 7 од точка 5) Сесија 5: „Од идеја до бизнис план“ во рамки на Инклузивен мост 18; Завршна презентација на проект Инклузивен мост 18;<br>(реден број 2 од точка 5) Глобална недела на парите: „Планирај ги своите пари, засади ја твојата иднина“; ЦКР: „Симулација на интервју за работа“ „Биди економист“- предавање на тема: Pitch Deck presentation – Како да се претставиш во најдобро светло | 5 | 2 | | | 10 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство<br>Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување | 1 | 1,5 | | | 1,5 |
| **13.** | Раководител на научен проект<br>Стратегиски развој и оперативен план за Центар за кариера и развој на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. [Project] | 1 | 4 | | | 4 |
| **14.** | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти)<br>(реден број 5,6 и 10 од точка 5) | 3 | 2 | | | 6 |
| **15.** | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br>Ко-уредник на *Journal of Economics,* Faculty of Economics at the University Goce Delchev Shtip | 1 | 3 | | | 3 |
| **20.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал<br>Член на организационен и научен одбор на Трета и Четврта меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF), Форум за образование при УГД, „Студентите учат од бизнисот“, „Отворен и кариерен ден на УГД“ | 7 | 1 | | | 7 |
| **24.** | Рецензент на научен труд<br>Маркетинг: Знаење и вештини за успешно деловно работење„ – монографија и „Маркетинг: Примери од пракса“ - практикум | 2 | 1 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **115,5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (реден број 2 од точка 1) | 1 | 2 | | | 2 |
| **7.** | Пленарно предавање на стручен собир<br>Центар за кариера на УГД – Обука за подготовка на физибилити студија<br>Be In: Mapping current trends, strengths and weaknesses: “Job & skill Mismatch”Be In: “Innovation capabilities and potential of SME’s - Company Innovative Leadership Model” | 3 | 2 | | | 6 |
| **13.** | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти)<br>(реден број 3,4 и 11 од точка 5) | 3 | 5 | | | 15 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **15.** | Техничко унапредување<br>Стручно-дидактичка обука за ментор за реализација на практична настава на УГД<br>Обука за воведување на социјални стандарди во компаниите - УСАИД<br>Бизнис еко систем проект на ТТА<br>Design4Circle - Textile and fashion Webinar - Innovative practices for circular economy in the fashion industry in Europe | 3 | 2 | | | 6 |
| **17.** | Елаборати и експертизи<br>Елаборати за прв и трет циклус | 2 | 2 | | | 4 |
| **26.** | Раководител на катедра/оддел/центар<br>Раководител на Катедра за менаџмент<br>Раководител на Центар за кариера | 2 | 3 | | | 6 |
| **27.** | Член на универзитетски и владини тела (ННС на трет циклус на Кампус 4) | 1 | 5 | | | 5 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (ННС, комисија за избор на ректор и сенатор, пописна комисија, комисии за избор во звање (2), комисии за дипломски (12) - ментор и магистерски (5) - ментор, за студентско собрание, студентски натпревар, за ФРВ листа) | 26 | 2 | | | 52 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **96** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **251,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ УСТАВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 5.7.2024 година, донесе Одлука бр. 1102-103/7, за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област *уставно право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
- проф. д-р Рената Дескоска, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- проф. д-р Јован Ананиев, редовен професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за изборот е објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави:

д-р Наташа Мирославева, асистентка на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на пријавата, а по разгледување на целокупната документација на кандидатката д-р Наташа Мирославева, како членови на Рецензентската комисија, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I *Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Наташа Мирославева** моминско **Донева** е родена на 24.11.1993 година во Штип, Р. Македонија. Основното образование го завршила во „Ванчо Прќе“ во Штип, а средното образование го завршила во Гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип. Во учебната 2012/2013 година се запишала на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2017 година, го завршила Правниот факултет со просечен успех 9,55 и се стекнала со звање дипломиран правник (Правосудна насока).

Во 2017 година, кандидатката се запишала на постдипломски студии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2018 година успешно го одбранила магистерскиот труд со што се стекнала со звање **магистер на правни науки - Правосудна насока**.

Во септември 2019 година, кандидатката била примена на Школата за докторски студии при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на насоката уставно право. Во 2024 година го одбранила докторскиот труд на тема **„Постконфликтниот уставен инженеринг и улогата на меѓународниот фактор во креирањето на т.н октроирани устави: дилеми и проблеми”** и се стекнала со звањето **доктор на правни науки.**

Во однос на правното искуство, кандидатката д-р Наташа Мирославева има волонтерско искуство во Адвокатската канцеларија „Ванчо Жежов” во Штип, во Нотарската канцеларија „Соња Кантарџиска” во Штип, во Основниот

суд во Штип и во Основното јавно обвинителство во Штип. Во периодот 2018-2019 година, работела како демонстратор на Правниот факултет при УГД. Од 2019 година до денес, кандидатката е вработена како асистентка на Катедрата за меѓународни политички организации. Кандидатката е ангажирана на предметите Уставно право, споредбено уставно право, правосуден систем, човекови права, социологија на право, меѓународно јавно право, меѓународни организации. Во 2019 година кандидатката д-р Наташа Мирославева го положила правосудниот испит.

Кандидатката д-р Наташа Мирославева е ко-тренер на студенти од клубот „A fortiori", кои се натпреваруваат на регионални Moot Court и Pre-Moot Court натпревари за познавање на постапката пред Европскиот суд за човекови права и Европската конвенција за човекови права. Таа е технички уредник на меѓународното студентско списание „Student's Social Science Journal" што го издава Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев". Член е на Правната клиника на УГД каде што се обезбедува бесплатна правна помош и каде што ги менторира студентите во клиниката. Членка е на Националното координативно тело за имплементација на Законот за бесплатна правна помош-подготовка на книга и протокол за БПП (во соработка со Советот на Европа). Кандидатката е дел од Организацискиот одбор на Меѓународната научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет".

Кандидатката д-р Наташа Мирославева е авторка на повеќе научни трудови. Во текот на академската кариера има учествувано на научни конференции од областа на правото во земјата и во странство.

**II Општи услови за избор:**

Кандидатката д-р Наташа Мирославева има доставено:

1. Уверенија:

- Уверение за положени испити од прв циклус на студии, со просечен успех од **9.55;**
- Уверение за положени испити од втор циклус на студии, со просечен успех од **10.00;**
- Уверение за положени испити од трет циклус на студии, со просечен успех од **10.00.**

2. Диплома за завршени докторски студии и одбранет докторски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје, насока Уставно право, со која се стекнала со научен степен **доктор на науки.**
3. Одлуки за претходен избор во звањето **асистент** на научната област меѓународни политички организации на Правниот факултет при УГД (Одлука бр. 1102-84/4 донесена на седницата одржана на 22.5.2019 година и Одлука бр.1102-144/4 од 16.12.2021 година донесена од Наставно-научниот совет на Правниот факултет на седницата одржана на 15.12.2021 година).
4. Листа на објавени трудови, согласно ЗВО во последните пет години пред објавување на конкурсот (табела подолу)
5. Сертификат за познавање на англиски јазик.
6. Биографија.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Doneva, Natasa** and Zdraveva, Ana and Trajkovska, Elena | *De facto states* | Ninth International Scientific Conference "Social Changes in the Global World". ISBN 978-608-244-903-6. | 2022 |
| 2. | **Doneva, Natasa** | *Меѓународните влијанија при создавање на уставите* | Eighth International Scientific Conference "Social changes in the global world" ISSN 978-608-244-838-1 | 2021 |
| 3. | Rogleva, Aleksandra and **Doneva, Natasa** | *Corruption risk in implementing urgent public procurement during COVID -19 pandemia in R. North Macedonia.* | Collection of Papers from online International Academic Conference of PhD. Students and Young Researchers. pp. 89-99. ISSN 978-80-7160-618-5 | 2021 |
| 4. | **Doneva, Natasa** | *Cybercrime regulations: need for a new international approach?* | Optime Special Issue Jean Monnet Module EUWEB. ISSN 2220 - 461X | 2021 |
| 5. | **Doneva, Natasa** and Trajkovska, Elena | *Перспективите за европски устав* | Seventh International Scientific Conference "Social Changes in the global world"- ISSN ISBN 978-608-244-767-4 | 2020 |
| 6. | **Doneva, Natasa** | *Правната етика во САД елаборирана низ призмата на модел стандардите на АВА.* | Seventh International Scientific Conference "Social Changes in the global world"- ISSN ISBN 978-608-244-767-4 | 2020 |
| 7. | **Doneva, Natasa** and Gazepova, Veronika | *Заштита на правото на здрава животна средина низ праксата на Европскиот суд за човекови права.* | Правен дијалог бр. 21. ISSN 1857-7644 | 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | **Doneva, Natasa** and Buraliev, Ivan | *Истанбулска конвенција-сеопфатна регулатива или уште едно парче хартија во низа.* | 6th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World". | 2019 |
| 9. | **Doneva, Natasa** | *Виртуелна закана или реална опасност-сајбер тероризмот низ призмата на најекспонираните case studies* | 6th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World". | 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | **Doneva, Natasa** | *Меѓународно воено/хуманитарно право.* | Student's Social Science Journal, 7 (7). pp. 29-41. ISSN 2545-4021 | 2019 |
| 11. | **Doneva, Natasa** | *Боите на криминалот.* | Student's Social Science Journal, VI (6). pp. 35-47. ISSN 2545-4021 | 2018 |
| 12. | **Doneva, Natasa** | *Еволуцијата на казненото право низ призмата на историските рамки.* | Student's Social Science Journal, 4 (5). pp. 25-39. ISSN 2545-4021 | 2018 |
| 13. | **Doneva,Natasa** and Koceva Anastazija | *Продор на современиот концепт за сурогатство низ државната легислатива.* | Student's Social Science Journal, 4 (5). pp. 39-49. ISSN 2545-4021 | 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14. | **Doneva,Natasa** and Koceva, Anastazija | *Нирнбершки процес.* | Student's Social Science Journal, 3 (3). ISSN 2545-4021 | 2017 |

**III Посебни услови за избор во звањето доцент**

Согласно со чл. 10, ст. 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Универзитетски гласник на УГД бр.50/2021 година), кандидатката кумулативно ги исполнува сите подзаконски услови за избор во звањето доцент и тоа:

1. **Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати:**

- Организатор и истражувач во проектот „*Стекнување практични компетенции за концептот на неутралност со примена на дебата и критичко мислење во сферата на геополитиката и меѓународното право*", Правен факултет-

УГД.

- Истражувач во проектот *„Концептот за одржлив развој низ призмата на правото и политиките", Центар за анализа на право и политики*, Правен факултет, УГД – Штип;

**IV Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

**1. Наставно-образовна дејност**

**Движење во наставата и изборни постапки**

Кандидатката д-р Наташа Мирославева од 2018 година била демонстратор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.
Избрана е за соработник - асистент на научното подрачје меѓународни политички организации.

Како асистентка, кандидатката била ангажирана на предметите: Уставно право, Споредбено уставно право, Правосуден систем, Човекови права, Социологија на право, Меѓународно јавно право, Меѓународни организации и тоа:

- На насоката Правни студии во првиот семестар, предмет **Уставно право** (3+2+2), 8 ЕКТС, Штип и Струмица;
- На насоката Правни студии во вториот семестар, предмет **Политички систем** (2+2+1), 6 ЕКТС, Штип и Струмица;
- На насоката Правни студии во вториот семестар, предмет **Социологија на правото** (2+2+1), 6 ЕКТС, Штип и Струмица;
- На насоката Правни студии во четвртиот семестар, предмет **Меѓународно јавно право** (2+2+1) 6 ЕКТС, Штип и Струмица;
- На насоката Правни студии во четвртиот семестар, предмет **Човекови права** (2+1+1), 4 ЕКТС, Штип и Струмица;
- На насоката Правни студии во петтиот семестар, предмет **Меѓународни организации** (2+1+1),4 ЕКТС, Штип и Струмица;

Студиска програма: Меѓународно право и меѓународни односи

- На студиската програма Меѓународно право и меѓународни односи, во првиот семестар, предмет Вовед во меѓународното јавно право (2+2+1), 6 ЕКТС;
- На студиската програма Меѓународно право и меѓународни односи, во првиот семестар, предмет Меѓународни организации (2+1+1), 4 ЕКТС;
- На студиската програма Меѓународно право и меѓународни односи, во вториот семестар Споредбено уставно право (2+2+1), 6 ЕКТС.

**2. Научноистражувачка дејност**

**Учество на научни симпозиуми во земјава и во странство (конференции, натпревари, тркалезни маси, работилници, школи, предавања и сл.)**

- Academic Trainer for the Moot Court Competition- 2019,2020,2022,2024.
- International Conference "Via Scientiae Iuris-International Conference-Doctoral School of Law at the University of Miskolc, Hungary", 2023.
- International Conference on The Concept of Sustainable Development in Law and Policies: Occurrence, Challenges and Perspectives-Center for analysis of law and policies, 2022.
- International Scientific Conference "Systemic Agency in Extraordinary Situations: Experiences and Challenges", Faculty of Law, University of Nis, 2022.

- 2 nd Edition of the Jean Monnet Module "EU-Western Balkans Cooperation on Justice and Home Affairs, EUWEB", Fisciano, Salerno, 2021.
- International Academic Conference "Bratislava Legal Forum 2020"; Constitutional engineering - Abuse of constitutional provisions of protecting human rights.
- International Conference on Outsourcing and Cooperation with third countries: Deconstructing the Formal and the Informal in Migration and Asylum Policies; Jean Monnet Network Project "Migration and Asylum Policies Systems"-MAPS, 2021.
- Online course for **law trainees** and law students - introduction to the European Convention on Human Rights and the European Court of Human Rights - organized by the Bar Association of RSM and cooperation with the Council of Europe and the Faculty of Law at the University "Goce Delchev" Stip;
- YOUTHPASS for Youth Exchanges – YES Youth Entrepreneurship Services, Czech Republic;
- MYLA: Human Rights Internship Program and Trainings;
- NATO SPA Advance Training Course "Towards effective cyber defense in accordance with the rule of law"
- Bilateral Bulgarian Macedonian Youth Seminar "" Shaping our Common Future; Bulgaria.
- Вебинар на тема "Парламентот (Собранието) како основна институција на парламентарното право", Парламентарен институт, Собрание на Р.Македонија, 2021.
- Participation in the cycle "Days of simulated trial", 2019
- IDEA Foundation - training - Public speaking and legal argumentation;
- "ERSE THE HATE" Certificate;
- DIPLOMATIC NEGOTIATIONS"- Simulation Workshop-Certificate of appreciation;
- Online seminar on "Parliament (Assembly) as a basic institution of parliamentary law", Parliamentary Institute, Assembly of the Republic of North Macedonia;
- 6th International Scientific Conference "Social Change in the Global World"- Section Young Researchers. (participator and organizing committee);
- 7th International Scientific Conference "Social Change in the Global World"- Section Young Researchers. (participator and organizing committee);
- 8th International Scientific Conference "Social Change in the Global World"- Section Young Researchers. (participator and organizing committee);
- 9th International Scientific Conference "Social Change in the Global World"- Section Young Researchers. (participator and organizing committee);
- 10th International Scientific Conference "Social Change in the Global World" (participator and organizing committee);
- 11th International Scientific Conference "Social Change in the Global World" (participator and organizing committee);

3. **Научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации**

**1. Doneva, Natasa** and Zdraveva, Ana and Trajkovska, Elena (2022) *De facto states.* Ninth International Scientific Conference "Social Changes in the Global World". ISBN 978-608-244-903-6;

**2. Doneva, Natasa** (2021) *Меѓународните влијанија при создавање на уставите.* Eighth International Scientific Conference "Social changes in the global

world". ISSN 978-608-244-838-1;

**3. Doneva, Natasa** (2021) *Cybercrime regulations: need for a new international approach?* Optime Special Issue Jean Monnet Module EUWEB. ISSN 2220 - 461X;

**4. Doneva, Natasa** and Trajkovska, Elena (2020) *Перспективите за европски устав.* Seventh International Scientific Conference "Social Changes in the global world"-Section Young Researchers. ISSN ISBN 978-608-244-767-4;

**5. Doneva, Natasa** (2020) *Правната етика во САД елаборирана низ призмата на модел стандардите на ABA.* Seventh International Scientific Conference "Social Changes in the global world"-Section Young Researchers. ISSN ISBN 978-608-244-767-4;

**6. Doneva,Natasa** and Buraliev,Ivan (2019) *Истанбулска конвенција-сеопфатна регулатива или уште едно парче хартија во низа.* 6th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World";

**7. Doneva, Natasa** (2019) *Виртуелна закана или реална опасност-сајбер тероризмот низ призмата на најекспонираните case studies.* 6th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World".

**3.1. Други објавени трудови**

1. Rogleva, Aleksandra and **Doneva, Natasa** (2021) *Corruption risk in implementing urgent public procurement during COVID -19 pandemia in R. North Macedonia.* Collection of Papers from online International Academic Conference of PhD. Students and Young Researchers. pp. 89-99. ISSN 978-80-7160-618-5;

**2. Doneva, Natasa** and Gazepova, Veronika (2020) *Заштита на правото на здрава животна средина низ праксата на Европскиот суд за човекови права.* Правен дијалог бр. 21. ISSN 1857-7644;

**3. Doneva, Natasa** (2019) *Меѓународно воено/ хуманитарно право.* Student's Social Science Journal, 7 (7). pp. 29-41. ISSN 2545-4021;

**4. Doneva, Natasa** (2018) *Боите на криминалот.* Student's Social Science Journal, VI (6). pp. 35-47. ISSN 2545-4021;

**5. Doneva, Natasa** (2018) *Еволуцијата на казненото право низ призмата на историските рамки.* Student's Social Science Journal, 4 (5). pp. 25-39. ISSN 2545-4021;

**6. Doneva, Natasa** (2018) *Продор на современиот концепт за сурогатство низ државната легислатива.* Student's Social Science Journal, 4 (5). pp. 39-49. ISSN 2545-4021;

**7. Doneva, Natasa** and Koceva, Anastazija (2017) *Нирнбершки процес.* Student's Social Science Journal, 3 (3). ISSN 2545-4021.

4. **Магистерски и докторски труд**

**1. Донева, Наташа** (2024) *„Постконфликтниот уставен инженеринг и улогата на меѓународниот фактор во креирањето на т.н. октроирани устави: дилеми и проблеми".* Докторат, Правен факултет „Јустинијан Први", УКИМ, Скопје;

2. **Донева, Наташа** (2018) *Компјутерски криминал / Сајбер тероризам / Кибернетичка војна.* Магистерски труд, Правен факултет - УГД.

5. **Учество на научен собир со реферат**

**1. Донева, Наташа** (2022) *Сајбер криминалот низ призмата на целите за одржлив развој на ООН: Преточување на член 16.3 во националналното право.*, Концептот на одржлив развој во правото и во политиките: застапеност, предизвици

и перспективи, 2 јуни 2022, Правен факултет-УГД;

**2. Doneva, Natasa and Gazepova Veronika** (2020) *Constitutional engineering - Abuse of constitutional provisions of protecting human rights.*, International academic conference organized under the auspices of the Slovak Bar Association Bratislava Legal Forum, 6–7 Feb 2020, Bratislava.

6. **Учесник во домашен научен проект:**

1. „Европска Унија и Северна Македонија: правно-политички предизвици во евроинтеграциските процеси" – Одлука бр. 1102-76/12 донесена на 257. седница на ННС, од 9.4.2024 година.

2. Никодиновска Крстевска Ана, Тушевска Борка, Кошевалиска Олга, Иванова Елена, Тодорова Билјана, Шутова Милица, Галева Јорданка**, Донева Наташа**, Здравева Ана, Панев Кристијан, Трајковска Елена (2021) *Концептот на одржлив развој низ призмата на правото и политиките/The concept of sustainable development through the prism of law and policies.* [Проект]

3. Маролов Дејан, Никодиновска Крстевска Ана, **Донева Наташа** (2021) *Стекнување практични компетенции за концептот на неутраланост, со примена на дебата и критичко мислење во сферата на геополитиката и меѓународното право.* [Проект].

7. **Уредник на списание**:

Student's Social Science Journal, издавач Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, https://js.ugd.edu.mk/index.php/sssj/index2

8. **Уредник на зборник на трудови:**

International Scientific Conference SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD© Copyright Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia: https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw/issue/archive

**Уредници:** Милица Шутова, Јорданка Галева, **Наташа Донева,** Ана Здравева, Кристијан Панев

**Технички уредник**: **Наташа Донева**, Ана Здравева

**9. Член на организационен или научен одбор на научен собир,**

**Кандидатката д-р Наташа Мирославева** е член на организацискиот одбор на Меѓународната научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет" https://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw

10. **Член и ко-основач на Центар за меѓународно право и меѓународни односи**

координатор на настани во Центарот за меѓународно право и меѓународни односи; https://pf.ugd.edu.mk/index.php/mk/cilir

**11. Учество во работни групи**

- Работна група за презентација на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип во средните училишта во државата; Одлука бр. 0201-179/6 од 8.2.2024 г.
- Работна група за презентација на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип во средните училишта во државата; Одлука бр. 0201-1064/19 од 31.10.2023 г.
- Работна група за организација на настан „Прв академски час"; Одлука бр.0204-615/1 од 3.10.2022 г.

12. **Сертификати (за организација на настани, проекти, предавања и сл.)**
- Сертификат за организација на проектот „Неутралноста како концепт во меѓународното право";
- Сертификат за успешна организација на Ораторска вечер;
- Сертификат за организирање на онлајн предавање на тема „Смртна казна";
- Благодарница за поддршка и организација на прв академски час на УГД-„Бруцошка на УГД".

**13. Член на факултетски орган, комисија**
Член на дисциплинска комисија.

14. **Студиски престој во странство**
- Department of Constitutional and Administrative Law of the Faculty of Law of the University of Vienna.

**15. Кратка научна евалуација на научните трудови објавени во последните пет години (од последниот избор)**

**Doneva, Natasa** and Zdraveva, Ana and Trajkovska, Elena (2022) *De facto states.* In: Ninth International Scientific Conference "Social Changes in the Global World". – ISBN 978-608-244-903-6
- De facto државите уште се познати и како „непризнати држави", „делумно признати држави", држави со спорна егзистенција. Иако, концептот на де факто државност изгледа разбирлив, сепак постојат тешкотии при дефинирањето кои територии се квалификуваат како де факто држави, а особено е проблематично да се утврди една дефинитивна листа. Во трудот, преку примери се елаборираат де факто државите кои се борат за меѓународно признавање и се анализира нивниот статус.

**Doneva, Natasa (2021)** *Меѓународните влијанија при создавање на уставите.* Eighth International Scientific Conference "Social changes in the global world". ISSN 978-608-244-838-1
- Во овој труд фокусот е насочен кон уставно-правните проблеми и дилеми, односно кон меѓународното влијание при промената и/или креирањето на националните устави со посебен осврт на можното сценарио на т.н. наметнати устави. Целта на трудот е да се опфати дилемата што уставните „инженери" ја имаат во однос на конструираните уставни решенија за (ре)дизајнирање на реалноста.

**Doneva, Natasa (2021)** *Cybercrime regulations: need for a new international approach?* Optime Special Issue Jean Monnet Module EUWEB. ISSN 2220 - 461X
- Сајбер криминалот, сајбер тероризмот и сајбер војната се проблеми кои постоеја и порано, но во последно време се шират со голема брзина, а промените на нивниот изглед, го отежнува нивното следење. Затоа може да се зборува за сајбер криминалот, сајбер тероризмот и сајбер војната како пандемијата на 21 век. Целта на трудот е да се прикаже потребата од нова „сајбер конвенција" како и потребата од подобра меѓународна правна рамка. Трудот најнапред се занимава со Европската конвенција за компјутерски криминал и неговата употреба. Имајќи предвид дека сајбер полето не се состои само од сајбер криминали/навреда, туку и од сајбер тероризам и сајбер војни, вториот дел од трудот е посветен на потребата од нова дигитална конвенција. Во последниот дел е даден краток преглед на македонското законодавство во однос на сајбер криминалите.

**Doneva, Natasa** and Trajkovska, Elena (2020) *Перспективите за европски устав.* Seventh International Scientific Conference "Social Changes in the global world"-Section Young Researchers. ISSN ISBN 978-608-244-767-4

➢ Идејата за основање на Европската Унија датира многу одамна. Фракциите кои го „заговараат" етаблирањето на унија од овој калибар се многубројни, секој со свои ставови и насоки во кои би требало да се движи новата заедница. Од Маршаловиот план за реинтеграција, преку планот на Фуше, извештајот на Тиндеман, може да се согледа интенцијата за што подлабока соработка и подобра синхронизација во рамките на Унијата. Секако едни од главните „виновници" за денешните темели на Унијата се Жан Моне и Роберт Шуман. Моне кој го дава предлогот за основање, Шуман кој ја донесува декларацијата на 9 мај 1950 година. Интенцијата на трудот е да даде акцент на потребата од донесување на Европски устав, но и да ги расветли потенцијалните препреки за донесување на истиот.

**Doneva, Natasa (2020)** *Правната етика во САД елаборирана низ призмата на модел стандардите на ABA.* Seventh International Scientific Conference "Social Changes in the global world"-Section Young Researchers. ISSN ISBN 978-608-244-767-4

➢ Правосудството е област на правдата и на правичноста каде се одлучува за заштита на човековите права и слободи и задира во деловите од човековото живеење што се суштествени. Затоа е повеќе од потребно да се потенцира важноста од етичкото однесување на сите субјекти инволвирани во практикувањето на правото. Американската правна професија доживува брз развој. Правниците се се поприсутни и во јавноста, во медиумите. Со тоа се зголемува притисокот, но и значењето на правната етика. Од наративните правила, од ABA's Canons од 1908, преку Model Code of Professional Responsibility, до The Model Rules of Professional Conduct може да се забележи дека обидот за зачувување на суштината на етиката е присутна отсекогаш, но начинот на кој истата е изразена е сменет. Всушност, дизајнирањето на соодветен документ и неговата имплементација се покажало малку проблематично. Во овој труд се елаборирани трите најрелевантни документи донесени од страна на ABA (American Bar Association) со цел да се согледа (р) еволуцијата на регулацијата на правната етика во САД. Исто така се дава краток осврт и на дисциплинските мерки за недолично однесување и „каналите" низ кои истото се спроведува. Анализата е завршена со отворање на прашањата, што со правната етика во дигиталната ера и дали и како државите се носат со тој предизвик.

**Doneva, Natasa** and Buraliev, Ivan (2019) *Истанбулска конвенција-сеопфатна регулатива или уште едно парче хартија во низа.* 6th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World". ISBN 978-608-244-646-2

➢ Човековите права се синоним за еднаквост, недискриминација, рамноправност меѓу мажите и жените. Оваа премиса е умешно теоретски осмислена, но тешко практично применлива како во однос на нееднаквото валоризирање на женскиот труд во однос со машкиот, туку и во однос на жените како жртви на семејно и друг вид на насилство. Голем број меѓународни документи се обидуваат да се справат со овој глобален проблем, да ги анулираат или редуцираат штетните последици кои ги трпи женскиот род, но се забележува дека колку е поголем бројот на механизми за борба и заштита на жените од секаков вид насилство, насилството над нив сé повеќе се зголемува. Оттука, се наметнуваат прашања, зошто е тоа така, каде затајуваат надлежните институции, колку е (не) успешна законската регулатива, какво е влијанието на непишаното право, дали

се потребни нови инкриминации итн. Дел од одговорите на овие прашања можат да се најдат во Истанбулската конвенција. Дали оваа конвенција ќе ги реши сите проблеми, што и како е регулирано со неа, какви мерки се имплементирани во другите држави под влијание на оваа конвенција се само неколку прашања на кои трудот бара одговори.

**Doneva, Natasa** (2019) *Виртуелна закана или реална опасност-сајбер тероризмот низ призмата на најекспонираните case studies.* 6th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World". ISBN 978-608-244-646-2

- Темата за сајбер тероризмот е интересна за следење бидејќи е динамична, сајбер тероризмот постојано се модифицира, се менуваат појавните облици, се менува modus operandi, се продира во сфери и области кои се од круцијално значење за опстанокот на државите. Информатичкиот изум се злоупотребува за започнување нови војни, за ширење ксенофобични пораки, за крадење парични средства, за крадење на берзанските тајни, за инсајдерски информации. Речиси и да нема крај на енормната листа на проблеми кои се започнати со овој вид модерен криминал. Потребата од негово сузбивање е алармантна и бара меѓународна соработка и помош. Сајбер криминалот и тероризмот иако се присутни во сите држави, сепак различно се регулирани што значи дека различни држави имаат различен систем на регулирање и справување со оваа материја, но и различни законски инкриминации. Трудот бара одговор на прашањето дали постои документ со меѓународна сила и глобално значење, на кој сите држави би му се „покориле" за да се заштитат од дигиталниот тероризам. Во трудот се анализираат случаите на најекспонираните сајбер напади.

**Приказ на докторската дисертација на кандидатката д-р Наташа Мирославева**

Уставниот инженеринг е процес на креирање и/или измена на уставите, врз основа на однапред утврдени, договорени или дури и наметнати уставни решенија, насочени кон конституционализација на политичката реалност или менување на социјалната реалност во одреден правец, заради стабилност на државата. Во прашање е сложен уставен процес, во кој се вклучени клучните внатрешни и/или надворешни актери, директно, или како посредници. Уставната историја и уставната реалност познаваат уставно инженерски зафати во определени кризни, или постконфликтни состојби со цел уставот како највисок правен акт да биде прифатлив општествен договор за најширок круг граѓани, субјекти, сегменти и ентитети од различен карактер, заради овозможување стабилен политички и општествен развој. Сведоци сме на уставни промени и „реформи" што следат по кризни состојби, општествена и политичка нестабилност или по воени конфронтации. Уставните „инженери" во конструираните уставни решенија гледаат правен механизам за (ре)дизајнирање на реалноста. Но, кусиот период за уставниот дизајн, што најчесто е нов и не кореспондира со класичните и стандардни уставни решенија не секогаш овозможува целосна и соодветна проценка на издржаноста и апликативноста на решенијата, ниту предвидливоста на ефектите врз општествениот систем во целина, или неговите елементи: правниот, политичкиот, економскиот или кој било друг систем. Брзината на процесот на донесување или промена на уставот, не дозволува темелна проценка, ниту почитување на вообичаената процедура, односно не ги почитува предвидените фази. Тие се жртвуваат во името на повисок интерес, најчесто врзан за опасност од

поделба на општеството заради продлабочените и умножените расцепи и судири и намалените вкрстувања од расна, етничка, верска, социјална или друга природа.

За многумина е разбирлива и честа појавата да се донесе устав во такви ситуации, ако го имаме предвид фактот дека уставот може да донесе драстични општествени новости и промени во функционирање на државните органи. А, во такви кризни ситуации очигледна е потребата од уставни промени кои би помогнале да се врати мирот и сигурноста. Уставниот инженеринг, „процвета“ во 1989, по завршувањето на Студената војна. Огромен дел од државите, речиси на сите континенти се соочија со предизвикот за креирање на нови устави. Поголем дел од нив беа продукт на вооружен конфликт, револуции и последиците од нив. Креирањето на уставите многу често инволвира(ше) повеќе актери, кои првенствено ги класифицираме како внатрешни (инсајдери) и надворешни (аутсајдери). Сепак, веруваме дека во рамките на правото на самоопределување влегува и правото на дизајнирање и донесување на највисокиот правен акт на секоја држава – уставот. Се разбира, во услови на меѓусебна зависност и влијание на меѓународното и националното право, а во негови рамки и на уставното право, многу експерти и истражувачи од оваа област говорат за фактот дека создавањето на уставите е процес во кој пак неминовно е и надворешното влијание/наметнување, кое може да биде преку совети, експертиза, посредници, медијатори, олеснувачи... Финалниот резултат може да донесе позитивни или негативни последици.

Уставниот инженеринг својата (р)еволуција и точка на кулминација ја имаше по Студената војна во 1989 година. Во Источна Европа дојде до сериозна замена на социјалистичките устави или до нивна драстична модификација, на линија на либералниот конституционализам. Новите устави најчесто се (ре) креираа како резултат на претходни конфликтни ситуации, тешки и долги транзициски периоди и од политичката нестабилност. Интенцијата на трудот е да покаже дека уставниот инженеринг во постконфликтните држави е со поинаква димензија во однос на останатите држави коишто се немаат соочено со кризни општествени констелации.

**ЗАКЛУЧНА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на сето претходно изнесено, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката д-р Наташа Мирославева, ги исполнува сите предвидени законски и подзаконски услови за избор во звањето доцент на научната област уставно право.

Кандидатката д-р Наташа Мирославева има солидна научна активност. Таа е авторка и коавторка на повеќе научни и стручни трудови објавени во научни списанија и публикации во земјава и во странство. Учествувала во повеќе научни проекти, а земала учество и на меѓународни научни и стручни конференции и други настани. Комисијата цени дека кандидатката има мошне значајна стручно-апликативна и наставна работа. Посебно се забележува интересот на кандидатката во воннаставните активности и нејзиниот ангажман и работа со студентите што е од посебно значење за нејзиниот натамошен наставен и академски развој.

Врз основа на севкупната досегашна активност, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Наташа Мирославева да биде избрана во звањето доцент на научната област уставно право.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, претседател, с.р.
Проф. д-р Рената Дескоска, член, с.р.
Проф. д-р Јован Ананиев, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ ШТО СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Избор во звање доцент | 1 | 15 | | | 15 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **15** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | Прв автор - (1x9) | | | | 9 |
| | | Поени ( 9/6/3) | | | | **9** |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир | 6 | 2 | | | **12** |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | 2 | 1 | 1 | 1,5 | **3,5** |
| | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | **8** |
| | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | | **4** |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3 | 2 | | | **6** |
| | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | **8** |
| | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 6 | 1 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **56.5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 7 | 2 | | | **14** |
| | Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **16** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **87.5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ 6.02.01.01 МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И 6.02.01.29 ПРИМЕНЕТА ЛИНГВИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-156/6 од 8.7.2024 година, донесена на 287. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип, одржана на 8.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научните области *македонски јазик* (6.02.01.01) и *применета лингвистика* (6.02.01.29) на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во состав:

- проф. д-р Гоце Цветановски, научен советник/редовен професор на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје – претседател;
- проф. д-р Искра Пановска-Димкова, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје – член;
- проф. д-р Снежана Петрова-Џамбазова, научен советник/редовен професор на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат: д-р Игор Станојоски. Врз основа на деталното разгледување на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

При деталното разгледување на пријавата и документацијата од кандидатот д-р Игор Станојоски, доставена во предвидениот рок, определен во Конкурсот, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Игор Станојоски доставил комплетна, соодветна и валидна документација, што е предвидена со објавениот Конкурс и детално ги разгледа сите поднесени документи од кандидатот.

***Биографски податоци за кандидатот д-р Игор Станојоски***

**Игор Станојоски** е роден на 23.5.1979 година во Копенхаген. Основно и средно образование завршил во Скопје. Дипломирал во 2002 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на групата Македонски јазик и јужнословенски јазици со општа и компаративна книжевност како втор предмет со просек 8,85. Завршил и доквалификации со група предмети од областа на словенечкиот јазик.

Од септември 2003 до јуни 2006 година работел како асистент на Катедрата за словенска филологија на Државниот универзитет „Иван Франко“ во Лавов (Украина), каде што со неговото доаѓање бил воведен македонскиот јазик во програмата на Катедрата.

Од октомври 2005 до септември 2009 година работел како лектор по македонски јазик на Институтот за словенска филологија во Сосновјец при Шљонскиот универзитет во Катовице (Полска), делегиран од Меѓународниот

семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2009/2010 учебна година работел како лектор по македонски јазик на Институтот за славистика при Масариковиот универзитет во Брно (Чешка).

Докторирал на Институтот за словенска филологија во Сосновјец при Шљонскиот универзитет во Катовице (Полска) со темата „Проблемот на интерференциите при изучувањето на македонскиот јазик во Полска и Украина“, одбранета на 20 јули 2009 година.

Магистрирал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на тема „Прекажувањето изразено со минатите времиња во македонскиот наспроти бугарскиот јазик“ под менторство на проф. д-р Искра Пановска-Димкова.

Во 2014 година е избран во звањето насловен доцент, во 2019 година во звањето насловен вонреден професор, а во декември 2019 година е избран во звањето вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Д-р Игор Станојоски се истакнал и во областа на книжевноста. Автор е на четири романи: *Гаргара* (2014), *Првиот универзитетски ден на мојата ќерка* (2016), *Диссомнии* (2017) и *Полиглот* (2023); и на 33 книжевни преводи од чешки, руски, словачки, украински и хрватски јазик. За романот *Диссомнии* го добил престижното Рациновото признание во 2018 година.

Приложил валидни документи за познавање на рускиот јазик, издаден од Институтот за јазици при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот при избор во звање редовен професор:***

***Општи услови за избор:***

1. Кандидатот д-р Игор Станојоски има завршен прв циклус на студии со просечен успех 8,85.
2. Игор Станојоски е доктор на науки, овој степен го стекнал на Шљонскиот универзитет во Катовице (Полска) во 2009 година и приложил документ за нострификација.
3. Кандидатот д-р Игор Станојоски е избран за вонреден професор за наставно-научната област македонистика, со Одлука бр. 1902-160/4 од 203. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 10.12.2019 год.
4. Покажува способност за наставно-научна и педагошка дејност. Реализира настава (предавања и вежби) на првиот и вториот циклус на студии, ментор е на дипломски трудови, истражува и популаризира резултати од областите во кои е избран. Бил вклучен во проектни активности наменети за студентите и наставниците.
5. Кандидатот има објавено најмалку шест рецензирани научни труда во референтни научни публикации во последните пет години пред објавувањето на огласот за овој избор, согласно со Законот за високо образование по кој е распишан овој Конкурс, и тоа:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Научна публикација (списание) | Година и линк |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Станојоски, Игор | Лексичките девијации во употребата на македонскиот јазик од страна на полските и украинските студенти | Годишен зборник, 14 (22). pp. 69-74. ISSN 1857-7059 | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32981 |
| 2 | Станојоски, Игор | Некои паралели меѓу македонската наспрема украинската културна политика на планот на издаваштвото и книжевниот превод во 2020-те години. | Contex / Контекст 28, 2 (28). pp. 111-117. ISSN 1857-7377 | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32984 |
| 3 | Станојоски, Игор | Минатите времиња во македонскиот превод на романот „Празна мапа“ од Алена Морнштајнова | Палимпсест, 8 (16). pp. 75-81. | 2023, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32980 |
| 4 | Станојоски, Игор | Аудиоматеријалите во изучувањето на македонскиот јазик како странски | Македонски јазик (74). pp. 173-179. ISSN 0025-1089 | 2023 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33879 |
| 5 | Станојоски, Игор | Наративните постапки на Алена Морнштајнова како предизвик за преведувачот | Славистички студии, 23 (2). pp. 84-93. ISSN 0352-3055 | 2023 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34303 |
| 6 | Stanojoski, Igor | Differentiability and comprehensibility as basic linguistic factors in the acquisition of the vocabulary of the Macedonian language. | Knowledge without borders. Institute of Knowledge Management, pp. 97-100. ISBN 978-608-4834-30-4 | 2024 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34306 |
| 7 | Stanojoski, Igor and Kamcheva – Panova, Lidija | Horizontal and vertical connection of texts in the textbooks for learning foreign languages | International Journal Knowledge, 64 (2). pp. 273-277. ISSN 2545-4439 | 2024 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34301 |
| 8 | Kamcheva – Panova, Lidija & Stanojoski, Igor | The use of AI, ChatGPT - The student learning model. | Knowledge - International Journal, 64 (2). pp. 215-221. ISSN 2545-4439 | 2024 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34302 |

6. Има објавено рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира, односно, во случајов два учебници, и тоа:

СТАНОЈОСКИ, Игор. Општа лингвистика [Електронски извор] : учебник / Игор Станојоски - Штип : Универзитет „Гоце Делчев", Филолошки факултет, 2023. Начин на пристапување (URL): http://e-lib.ugd.edu.mk/1175. ISBN 978-608-277-034-5 URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32985

СТАНОЈОСКИ, Игор. Вивчаємо македонську : рівень А1 та А2 / Ігор Станойоський = Учиме македонски : ниво А1 и А2 / Игор Станојоски ; [стручен консултант за украински јазик Надија Сацак]. - Скопје : Муза, 2024. - 230 стр. : илустр. ; 26 см. ISBN 978-608-4906-43-8.

URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34304

7. Има способност за изведувањето на високообразовна дејност, а тоа го потврдил со својата долгогодишна работа како универзитетски наставник, работејќи на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и на три странски универзитети.

***Посебни услови:***

1. Под негово менторство изработени дипломски или магистерски или докторски тези;

„Остатоци од падежните форми во македонскиот јазик" – дипломски труд на Стефанија Трајчева, одбранет во декември 2020 година.

2. Учествувал или раководел со научноистражувачки проекти;

Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Marolova, Darinka and Kamceva Panova, Lidija and Stanojoski, Igor and Tasevska, Marica and Donev, Dragan and Ulanska, Tatjana and Magdinceva Sopova, Marija and Stojanovska-Stefanova, Aneta (2023) *„Фразеологизмите како јазична, книжевна и културолошка нишка во наставата по македонски и по странски јазик".* [Project] (Submitted).

URI:https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32633

3. Дал придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници:

Вебинар на тема: „Зборообразувачки модели: германско-македонски паралели" 22.3.2022, раководители д-р Маролова Даринка и д-р Станојоски Игор;

Вебинар на тема: „Книжевниот превод како ваша идна професија" 4.10.2021, раководител д-р Игор Станојоски;

Книжевни разговори со Игор Станојоски и Звонко Димоски на тема книжевен превод на 24.04.2023 во Europe House Струмица;

4. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: НО = 40 (минимум 40); НИ = 74 (минимум 45); САОР = 35 (минимум 15) или вкупно 149 (минимум 100) поени.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност на д-р Игор Станојоски***

Од биографските податоци и од приложената документација се гледа дека кандидатот д-р Игор Станојоски има работно искуство од четири универзитети, од кои три се странски. Во текот на сите години поминати како универзитетски наставник, покрај наставно-образовните активности, д-р Игор Станојоски пројавил и забележителна активност на научноистражувачки план. Објавувал научни статии во меѓународни списанија во неколку земји, монографии, учебници и други наставни помагала.

Од приложената документација се гледа дека во последните пет години има објавено два учебници и осум статии во меѓународни списанија. Исто така, во последните 5 години објавил еден роман и превел 21 роман и 2 стихозбирки од чешки, украински, словачки и хрватски јазик.

Во 2019 година е избран во звањето вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. При изборот во вонреден професор во Рефератот за избор, објавен во Универзитетски билтен број 242 во ноември 2019 година, се наведува дека имал освоено 174 поени од НО+НИ+САОР.

Во рамките на својот ангажман на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип во текот на последните пет години бил предметен наставник по следните предмети во прв циклус: Фонетика и фонологија на современиот

македонски јазик, Синтакса на современиот македонски јазик, Историја на македонскиот јазик, Општа лингвистика, Социолингвистика, Споредбена граматика на словенските јазици, Македонски јазик со правопис и правоговор. Во втор циклус бил предметен наставник по предметите: Современи македонски јазични состојби, Корпусна лингвистика и Текстуална лингвистика.

***Преглед и евалуација на објавените трудови од кандидатот д-р Игор Станојоски***

**УЧЕБНИЦИ:**

СТАНОЈОСКИ, Игор. Општа лингвистика [Електронски извор] : учебник / Игор Станојоски. - Штип : Универзитет „Гоце Делчев», Филолошки факултет, 2023. Начин на пристапување (URL): http://e-lib.ugd.edu.mk/1175 . ISBN 978-608-277-034-5

URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32985

**Евалуација на трудот:** Учебникот ја пополнува празнината што досега се чувствуваше во наставата по предметот Општа лингвистика, кој го слушаат во просек по 30-40 студенти годишно од катедрите за македонски, германски, англиски и италијански јазик и книжевност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Овој учебник им е наменет пред сѐ на студентите што имаат потреба да се запознаат со општата лингвистика, како еден од наставните предмети на сите студиски програми на филолошките факултети. Исто така, покрај студентите, овој учебник може да биде од полза и за сите други лица што се интересираат за лингвистиката. Материјата во овој учебник е поделена во четири глави, кои се насловени: *Теорија на јазикот; Историја на лингвистичките учења; Јазикот, спознанието и општеството; Применета и компјутерска лингвистика.*

СТАНОЈОСКИ, Игор. Вивчаємо македонську : рівень А1 та А2 / Ігор Станойоський = Учиме македонски : ниво А1 и А2 / Игор Станојоски ; [стручен консултант за украински јазик Надија Сацак]. - Скопје : Муза, 2024. - 230 стр. : илустр. ; 26 см. ISBN 978-608-4906-43-8.

URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34304

**Евалуација на трудот:** Станува збор за учебник по македонски јазик, кој им е наменет на Украинците и на лицата што го познаваат украинскиот јазик, а сакаат да го изучуваат и македонскиот. Учебникот се појавува во време кога Украина се соочува со хуманитарна криза, а во Македонија доаѓаат голем број украински бегалци. Учебникот е создаден со оригинален и иноваторски пристап во применетата лингвистика. Секоја единица се состои од текст во дијалошка форма, тематски речник, граматика и лексички и граматички вежби. Текстовите се меѓусебно поврзани и имаат оригинална содржина.

**НАУЧНИ СТАТИИ:**

Станојоски, Игор (2023) *Лексичките девијации во употребата на македонскиот јазик од страна на полските и украинските студенти.* Годишен зборник, 14 (22). pp. 69-74. ISSN 1857-7059

URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32981

**Евалуација на трудот:** Вреден труд заснован врз практичната работа со странските студенти, во кој се дава преглед на најчестите лексичко-семантички грешки во усвојувањето на македонскиот јазик како странски. Посебно внимание е

посветено на т.н. „лажни пријатели“ во словенските јазици, како и на полисемијата во јазиците.

Станојоски, Игор (2023) *Некои паралели меѓу македонската наспрема украинската културна политика на планот на издаваштвото и книжевниот превод во 2020-те години.* Contex / Контекст 28, 2 (28). pp. 111-117. ISSN 1857-7377

URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32984

**Евалуација на трудот:** Трудот содржи споредба на културната политика на две земји кои не се членки на ЕУ, и тоа во годините кога во Украина има војна. Овој труд може да биде од исклучителна полза за македонската јазична, книжевна и издавачка политика, бидејќи нуди увид во книжевните и културните решенија на Украина и на други земји.

Станојоски, Игор (2023) *Минатите времиња во македонскиот превод на романот „Празна мапа“ од Алена Морнштајнова.* Палимпсест, 8 (16). pp. 75-81.

URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32980

**Евалуација на трудот:** Труд од областа на транслатологија, односно – книжевниот превод, во кој се опфатени пред сѐ јазични прашања, но со земање предвид и на книжевните постапки. Трудот е заснован на практичното искуство, со оглед на тоа што авторот на овој труд е и автор на македонскиот превод на романот. Списанието *Палимпсест* е во базата SCOPUS.

Станојоски, Игор (2023) *Аудиоматеријалите во изучувањето на македонскиот јазик како странски.* Македонски јазик (74). pp. 173-179. ISSN 0025-1089

URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33879

**Евалуација на трудот:** Ова е труд од областа на применетата лингвистика, во кој Игор Станојоски продолжува да ја разработува примената на иновативните методи во изучувањето на македонскиот јазик како странски. Трудот не се ограничува на вообичаените аудиозаписи, како придружен дел на учебниците, туку содржи и опширна анализа на можниот наспрема посакуваниот ефект на аудиокнигите. Списанието *Македонски јазик* веќе неколку децении важи за едно од најпрестижните македонистички списанија.

Станојоски, Игор (2023) *Наративните постапки на Алена Морнштајнова како предизвик за преведувачот.* Славистички студии, 23 (2). pp. 84-93. ISSN 0352-3055

URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34303

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторот обработува јазични прашања поврзани со преводот на два романи од чешката авторка Алена Морнштајнова. Јазичните прашања овде се во корелација со наратолошки прашања. Трудот е заснован на практично искуство.

Stanojoski, Igor (2024) *Differentiability and comprehensibility as basic linguistic factors in the acquisition of the vocabulary of the Macedonian language.* In: Knowledge without borders. Institute of Knowledge Management, pp. 97-100. ISBN 978-608-4834-30-4

URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34306

**Евалуација на трудот:** Во трудот се анализира соодносот меѓу првиот и вториот јазик во усвојувањето на странскиот јазик. Конкретно, овде се разгледува усвојувањето на лексиката, а ефикасноста на тој процес зависи и од сличности и различностите на лексичките единици во првиот и вториот јазик.

Stanojoski, Igor and Kamcheva – Panova, Lidija (2024) *Horizontal and vertical*

*connection of texts in the textbooks for learning foreign languages.* International Journal Knowledge, 64 (2). pp. 273-277. ISSN 2545-4439

URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34301

**Евалуација на трудот:** Вреден труд од областа на применетата лингвистика, кој содржи вредни упатства за изработката на учебниците по македонски јазик како странски. Конкретно, тука станува збор за текстовите на македонски јазик, преку кои странските изучувачи треба да се запознаат со македонскиот јазик. Авторите препорачуваат текстовите да бидат поврзани и „хоризонтално" и „вертикално".

Kamcheva – Panova, Lidija and Stanojoski, Igor (2024) *The use of AI, ChatGPT - The student learning model.* Knowledge - International Journal, 64 (2). pp. 215-221. ISSN 2545-4439

URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34302

**Евалуација на трудот:** Труд на Лидија Камчева-Панова, како прв автор, и Игор Станојоски, како втор автор. Трудот е на актуелна тема: употребата и злоупотребата на вештачката интелигенција во наставата.

Д-р Игор Станојоски приложил потврди за учество на два меѓународни научни и уметнички собири во странство во последните пет години:

**XXX міжнародний славістичний колоквіум, Львів, 25-26 мај 2023.** Меѓународна конференција во Лавов (Украина) во организација на Лавовскиот национален универзитет „Иван Франко" и Загрепскиот универзитет. **Настап со реферат на тема „Проблема минулого часу в чесько-македонському перекладі роману 'Slepá mapa' Алени Морнштайнової"**

Евалуација на излагањето:

Во ова излагање на д-р Игор Станојоски ги изложува транслатолошките дилеми околу македонскиот превод на минатите времиња кога се преведува од друг словенски јазик. По излагањето имаше обемна дискусија со неколку украински, српски и бугарски колеги.

**Книжевен фестивал Букстан, Сараево, 6-9 јули 2022.**

Настанот се однесува преводот на романот *Диссомнии* на босански јазик.

Линк од настанот: https://www.youtube.com/watch?v=rOVxIekKEOU

***Приказ на докторската дисертација од кандидатот д-р Игор Станојоски***

Докторската дисертација на д-р Игор Станојоски, одбранета на Шљонскиот универзитет во Катовице (Полска) на 20 јули 2009 година е на тема *Проблемот на интерференциите при изучувањето на македонскиот јазик во Полска и Украина.* Во овој труд авторот ги опфатил сите битни делови од македонскиот јазичен систем, а посебно се задржал на граматичките, семантичките и синтаксичките особености. Од граматиката посебно внимание е посветено на граматичките категории што се присутни во македонскиот јазик, а не се познати во полскиот и украинскиот јазик, каква што е граматичката евиденцијалност. Од глаголскиот систем посебно се разгледуваат формалните и дистрибутивните особености на минатото определено и минатото неопределено време. Посебна глава е посветена на лексичко-семантичките интерференции. Исто така, во посебна глава се разгледуваат и синтаксичките интерференции. Овде посебно се анализираат употребата на предлозите, сврзниците, удвоениот предмет, зборoредот и други особености на македонската синтакса. Удвоениот предмет, како особеност на македонскиот јазик, која не е позната во другите словенски јазици, е привлечен

и од аспект на применетата лингвистика. Истражувањето чиишто резултати се изложени во докторската дисертација, е базирано врз собрани усни и пишани материјали од студентите од Полска и Украина, а дел од текстовите се дадени како прилог на крајот од дисертацијата.

***Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Игор Станојоски***

Од аспект на наставно-образовната дејност може да се заклучи дека д-р Игор Станојоски има долгогодишно искуство во наставата во високото образование, а тоа искуство го стекнувал во четири земји, работејќи на три странски универзитети со долга традиција: во Полска, Чешка и Украина. Д-р Игор Станојоски дал голем придонес во афирмацијата на македонскиот јазик и македонската култура надвор од нашата земја.

Исто така, д-р Игор Станојоски веќе единаесет години учествува во наставно-образовниот процес на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип: еден семестар како стручњак од практиката, пет години како насловен доцент, една година како насловен вонреден професор и веќе петта година како вонреден професор.

Од научноистражувачкиот ангажман и објавените трудови произлегува дека д-р Игор Станојоски се занимавал со широк спектар на претежно граматички теми, македонскиот јазик го разгледувал и во славистички и во балканистички контекст, покажувајќи познавања и од контактната и од компаративната лингвистика, сознанијата од областа на граматиката ги искористил и за потребите на применетата лингвистика.

Д-р Игор Станојоски учествува во еден научен проект:

Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Marolova, Darinka and Kamceva Panova, Lidija and Stanojoski, Igor and Tasevska, Marica and Donev, Dragan and Ulanska, Tatjana and Magdinceva Sopova, Marija and Stojanovska-Stefanova, Aneta (2023) *„Фразеологизмите како јазична, книжевна и културолошка нишка во наставата по македонски и по странски јазик“.* [Project] (Submitted).

URI:https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32633

Игор Станојоски е и еден од најплодните книжевни преведувачи, со преведени 21 роман и 2 стихозбирки само во последниве пет години.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на наведените факти во деталниот извештај, произлезени од доставената целосна и соодветна документација на пријавениот кандидат, членовите на Рецензентската комисија заклучија дека д-р Игор Станојоски е соодветен кандидат за наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научните области македонски јазик (6.02.01.01) и применета лингвистика (6.02.01.29). Д-р Игор Станојоски има богато искуство во високото образование, голем број објавени научни трудови (и во последните пет години и воопшто), коишто комисијата ги евалуира високо, а следствено на тоа, го исполнува и условот за освоени поени од наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност (Прилог 1). Д-р Игор Станојоски веќе бил избран во насловните звања насловен доцент (во 2014 година) и насловен вонреден професор (во 2019 година), вонреден професор (во декември 2019) на Филолошкиот факултет во Штип. Членовите

на комисијата, исто така, констатираа дека кандидатот д-р Игор Станојоски ги исполнува сите законски критериуми за избор во звање *редовен професор*.

Имајќи ги предвид сите предочени факти, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го усвои овој извештај и **кандидатот *д-р Игор Станојоски* да биде избран за наставник во наставно-научното звање *редовен професор* за наставно-научните области македонски јазик (6.02.01.01) и применета лингвистика (6.02.01.29) на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Гоце Цветановски, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. д-р Искра Пановска-Димкова, редовен професор, член, с.р.
Проф. д-р Снежана Петрова-Џамбазова, редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ (за последните 5 години) за кандидатот д-р Игор Станојоски**

| Р. бр. | **Наставно-образовна дејност** | **поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во Македонија | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **поени** | | | | |
| | | во Македонија | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) | 7 | 9 | | | 63 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор) | 1 | 6 | | | 6 |
| | Одржано предавање по покана од научна институција | | | 1 | 3 | 3 |
| | Учество на научен собир со реферат | | | 1 | 2 | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **74** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **поени** | | | | |
| | | во Македонија | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| | Книга/учебник | 2 | 10 | | | 20 |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 2 | | | 2 |
| | Учесник во научен проект | 1 | 5 | | | 5 |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1 | 2 | | | 2 |
| | Експертиза | 1 | 2 | | | 2 |
| | Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | | | 2 |
| | Член на институтски орган, комисија | 1 | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **35** |
| | **ВКУПНО НО+НИ+САОР** | | | | | **149** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОДОНЦИЈА (3.05.01.03) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-149/4 од 8.7.2024 година донесена на 322. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 8.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област *ортодонција* (3.05.01.03) на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- проф. д-р Јулијана Ѓорѓова - редовен професор во пензија на наставно-научната област ортодонција - претседател;
- проф. д-р Билјана Ципунова - редовен професор за наставно-научната област ортодонција, вработена на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје - член;
- проф. д-р Ивона Ковачевска, редовен професор за наставно-научната област дентална патологија, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 27.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави: проф. д-р Софија Царчева-Шаља, вонреден професор.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Софија Царчева-Шаља е родена на 16.2.1978 година во Скопје, каде што завршува основно образование со одличен успех.

Средно образование запишува во средното медицинско училиште МУЦ „Д-р Панче Караѓозов” во Скопје во учебната 1992/1993 година. Во 1993 година е прогласена за најдобар ученик на ниво на Град Скопје и од Собранието на Град Скопје е пратена на седумнеделен престој во Соединетите Американски Држави во градот Темпи, Аризона.

Во учебната 1996/1997 година се запишува на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршува во септември 2002 година со просечен успех 9,97 и се стекнува со диплома доктор на стоматологија.

Како првенец на генерацијата дипломирани студенти, од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ е прогласена за најдобар студент во генерацијата, додека од страна на Македонското лекарско друштво ѝ е доделена диплома за најдобар студент во учебната 2001/2002 година.

Во септември 2002 година се вработува на Клиниката за ортодонција при Универзитетскиот стоматолошки клинички центар во Скопје како клинички лекар. Во декември 2007 г. го положува специјалистичкиот испит од областа на ортодонција и се здобива со титулата специјалист по ортодонција.

Постдипломски студии запишува во 2002 година на Стоматолошкиот

факултет при УКИМ и истите ги завршува во 2005 година со среден успех 10.00.

Во јануари 2009 година ја брани магистерската теза под наслов „Карактеристики на краниофацијалната морфологија кај атрактивни и неатрактивни лица“ и се здобива со титулата магистер на стоматолошки науки.

Од 1 февруари до 20 февруари 2009 година д-р Софија Царчева-Шаља престојува на Клиниката за ортодонција BERNHARD GOTTLIEB UNIVERSITY CLINIC OF DENTISTRY во Виена, Австрија, кај Hans-Peter Bantleon, каде што се запознава со најновите техники и достигнување во полето на ортодонцијата, што се однесуваат пред се на микроимплантите во ортодонцијата и техниката на работа со самолигирачки брекети, како и примената на интерцептивниот ортопедски третман кај малоклузија III класа од што произлезе и идејата за поставување теза за изработка на пријава за докторската дисертација.

Во септември 2009 година д-р Софија Царчева-Шаља е избрана за асистент на Катедрата по ортодонција на Стоматолошкиот факултет при УКИМ.

На 28 мај 2014 година ја одбранила докторската дисертација под наслов „Влијанието на возраста врз скелетните антеро-постериорни промени кај пациенти со малоклузија III класа при ортопедска максиларна протракција“ и се здобила со звањето доктор по стоматолошки науки.

Како доктор специјалист има завршено повеќе курсеви од областа на ортодонцијата во реномирани европски центри.

Во 2015 година е избрана во звање насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип во наставно-научната област ортодонција.

Во 2018 година е избрана во наставно-научно звање доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за Наставно-научната област ортодонција.

Во 2020 година е избрана во наставно-научно звање вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област ортодонција.

Она што ја издвојува д-р Софија Царчева-Шаља на професионален план е поставување на нов концепт во однос на ортодонтските протоколи преку проширување на визијата за она што треба да опфаќа современата ортодонција, поточно покрај забите неопходно е да бидат вклучени насмевката и лицето.

Преку огромниот број на ортодонтски пациенти и добиените финални резултати на дентален, тврдоткивен и мекоткивен баланс кој резултира во еден модерен, природен и балансиран лицев изглед таа ја пренесува нејзината порака до стоматолозите и студентите на стоматологија за важноста на постоењето на големата слика на лицевата естетика и начинот на која истата се постигнува. Како резултат на овој концепт на размислување, таа едукацијата на стоматолозите и студентите ја насочува кон современото ортодонтско размислување поточно, дека естетиката на насмевката е важна, меѓутоа целокупниот лицев изглед одредува каква ќе биде перцепцијата на ликот на пациентите од страна на околината.

Поради сето ова, таа својот професионалниот развој и доусовршување го насочува кон интердисциплинарниот приод за добивање на атрактивна и балансирана насмевка, преку соработка во полето на естетска стоматологија, максилофацијална хирургија и пластична хирургија.

Во периодот од 2019 до 2024 година, со неделни престои по четири пати

годишно престојува и е професионално ангажирана на приватната клиниката за пластична естетска и реконструктивна хирургија под директно менторство на реномираниот проф. д-р Theodore Voukidis во Атина, каде што главно лого е да се работи „уметнички со природата” и со сите лицеви естетски процедури да се истакне убавината на природната насмевка (добиена преку ортодонтскиот третман) не излегувајќи надвор од рамките на индивидуалноста на ликот преку естетските мекоткивни корекции.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во редовен професор**

**Општи услови**

1. Кандидатката завршила постдипломски студии со просек 10,00, а додипломските студии ги завршува на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј со просек 9,97.

Д-р Софија Царчева-Шаља завршила специјализација од областа на ортодонција.

2. Д-р Софија Царчева-Шаља е доктор по стоматолошки науки, а нејзината научноистражувачка работа е од областа на ортодонцијата, превентивата и интерцептивата и е главно фокусирана на ортопедската максиларна протракција кај пациенти со малоклузиија III класа, како и на лицевата естетиката.
3. Во звање вонреден професор на научната област ортодонција е избрана на 3.12.2019 година со Одлука бр. 2002-247/24 на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
4. Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Atanasova, Sandra and Carceva-Salja, Sofija and Dzipunova, Biljana | *Analysis of Different Vertical and Horizontal Smile Characteristics.* | 2024 Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 12 (1). pp. 122-127. | 11 |
| 2. | Carceva-Salja, Sofija and Janeva, Kristina and Trajkova Stojmenova, Sunchica and Petrova, Elena | *Comprehensive orthodontic treatment in growing patient with extracted upper central incisor.* | 2023 Македонски стоматолошки преглед, 46 (4). pp. 118-123. ISSN 2545 -4757 | 47 |
| 3. | Atanasova, Sandra and Carceva-Salja, Sofija and Dzipunova, Biljana | *Evaluation and correlation between facial index and modified smile index in patients with class I malocclusion after orthodontic treatment.* | 2023 Acta Stomatologica Naissi, 39 (88). pp. 2681-2687. | 39 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Carceva-Salja, Sofija and Atanasova, Sandra and Petrovski, Mihajlo | *Ефекти после лицева ортопедија кај пациенти со малоклузија III класа во различна возраст.* | 2023 Knowledge – International Journal, 59 (4). pp. 335-341. ISSN 1857-923X | 15 |
| 5. | Ristova, Ivana and Carceva-Salja, Sofija | *Analysis of publicly funded orthodontic services in North Macedonia.* | 2023 Knowledge – International Journal, 59 (4). pp. 349-353. ISSN 1857-923X | 15 |
| 6. | Atanasova, Sandra and Carceva-Salja, Sofija | *Макро и мини естетика во ортодонција.* | 2023 Knowledge – International Journal, 59 (4). pp. 355-361. ISSN 1857-923X | 15 |
| 7. | Atanasova, Sandra and Dzipunova, Biljana and Carceva-Salja, Sofija | *Ортодонтски третман и влијанието на букалните коридори врз атрактивноста на насмевката.* | 2022 Knowledge – International Journal, 51 (4). pp. 651-658. ISSN 1857-923X | 15 |

5. Кандидатката приложила и сертификат за владеење со англиски јазик.
6. Вонр. проф. д-р Софија Царчева-Шаља е ментор на тројца докторанди и на десет специјализанти по ортодонција. Кандидатката е коментор на веќе одбранета докторска дисертација.

**Посебни услови**

1. Кандидатката има учество во научноистражувачки проекти како истражувач со значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати и тоа во националните проекти:

- Carcev, Mile and Miloshevski, Branko and Spirkovski, Vlado and Getova, Biljana and Sarakinova, Olivera and Pavlevska, Meri and Nechakovska, Tina and Dzaferi, Ajsen and Aljilji, Shevalje and Sozovska, Elena and Petanoski, Hristo and Ambarkova, Vesna and Carceva-Salja, Sofija and Shutinovski, Zharko (2007) *Национална стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0-14 години на Република Македонија за периодот од 2008-2018 година.*
- Carcev, Mile and Miloshevski, Branko and Getova, Biljana and Janevska, Sevdalina and Pavlevska, Meri and Carceva-Salja, Sofija (2018) *Национална стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0-14 години на Република Македонија за периодот од 2018-2028 година.*

2. Под менторство на д-р Софија Царчева-Шаља се изработени повеќе дипломски трудови, а во изборниот период се јавува како ментор на повеќе од десет специјализанти. Активно придонесува во оспособување на помлади наставници и соработници. Д-р Софија Царчева-Шаља два пати била член на рецензентска комисија за избор во соработнички звања. Кандидатката била и коментор на една одбранета докторска дисертација.
3. Кандидатката е автор на еден позитивно рецензиран учебник, скрипта и

практикум објавени на е-библиотека на УГД и тоа:

- CarcevaSalja, Sofija and Atanasova, Sandra and Petrovski, Mihajlo (2019) *Ортопедија на заби и вилици-скрипта.* ISBN 978-608-244-653-0.
- Carceva-Salja, Sofija and Atanasova, Sandra and Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera (2019) *Ортопедија на заби и вилици-практикум.* ISBN 978-608-244-652-3.
- Carceva-Salja, Sofija and Dzipunova, Biljana and Atanasova, Sandra (2024) *Ортопедија на заби и вилици-учебник.* Univerzitet Goce Delcev-Stip. ISBN 978-608-277-049-9.

1. Кандидатката учествува во изработката и на два прирачници и тоа:

- Carcev, Mile and Miloshevski, Branko and Spirkovski, Vlado and Getova, Biljana and Sarakinova, Olivera and Pavlevska, Meri and Nechakovska, Tina and Dzaferi, Ajsen and Aljilji, Shevalje and Sozovska, Elena and Petanoski, Hristo and Ambarkova, Vesna and Carceva-Salja, Sofija and Shutinovski, Zharko (2010) *Прирачник за спроведување на националната стратегија за превенција на орални заболувања кај децата од 0-14 год. во Република Македонија.* Министерство за здравство - Република Македонија, Скопје. ISBN 978-608-4518-01-3.
- Carcev, Mile and Getova, Biljana and Pavlevska, Meri and Janevska, Sevdalina and Sarakinova, Olivera and Carceva-Salja, Sofija and Alili, Shevale and Dzaferi, Ajsen and Petanovski, Hristo and Spasov, Aleksandar and Grpcevski, Nikola and Miloshevski, Branko (2019) *Прирачник за спроведување на националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0-14 год. во Република Северна Македонија.* Министерство за здравство - Република Северна Македонија, Скопје. ISBN 978-608-4518-59-4.

5. Кандидатката има доставено и две препораки од редовни професори од дадената наставно - научна област ортодонција.

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Софија Царчева-Шаља учествува во изведувањето на теоретската настава на Факултетот за медицински науки на студиските програми по дентална медицина и стручните студии за забен техничар-протетичар. Во текот на претходниот избор како вонреден професор учествува во реализација на наставата по предметите:

- Основи на ортопедија на заби и вилици
- Ортопедија на заби и вилици 1
- Ортопедија на заби и вилици 2
- Ортопедија на заби и вилици
- Естетска стоматологија
- Ортодонтски апарати.

Кандидатката д-р Софија Царчева-Шаља учествува во изведувањето на наставата на втор циклус на студии - специјалистички студии за забен техничар на Факултетот за медицински науки - Штип на следниве предмети:

- Современо планирање на ортодонтската терапија,
- Фиксни ортодонтски апарати,
- Активни и пасивни ортодонтски апарати.

Кандидатката учествува во изведувањето на наставата на трет циклус на студии на студиската програма Базични и клинички истражување во денталната медицина на Факултетот за медицински науки - Штип на следниве предмети:

- Естетика во ортодонција,
- Лицева естетика (од макроестетика до микроестетика),
- Третман на скелетални аномалии во ортодонцијата.

Сите објавени трудови и активности на д-р Софија Царчева-Шаља до изборот во насловно звање доцент се евалуирани и бодирани во рефератот објавен во Универзитетски билтен на Универзитетот „Гоце Делчев" бр. 143 од 16 март 2015 година.

За избор во наставно-научно звање доцент целокупната наставно-научна, образовна и стручна активност е евалуирана во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев" број 222 од 3.12.2018 година.

Рефератот за избор во вонреден професор е публикуван во Универзитетскиот билтен на Универзитетот „Гоце Делчев" бр. 242 од 15.11.2019 година.

Листа на трудови и активности од остварената научноистражувачка дејност на вонреден проф. д-р Софија Царчева-Шаља, кои го доставува за избор во редовен професор, а се однесуваат на последните пет години:

**I. Учебници и учебни помагала**

I.1. Carceva-Salja, Sofija and Dzipunova, Biljana and Atanasova, Sandra (2024) *Ортопедија на заби и вилици*. Univerzitet Goce Delcev-Stip. 978-608-277-049-9

Учебникот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 338 на Универзитетот „Гоце Делчев" од 15.2.2024 година.

**II. Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија со меѓународен уредувачки одбор во последните пет години:**

**II.1. Објавени трудови во целост – in extenso / full text**

**II.1.1. Трудови кои се однесуваат на областа**

1. Atanasova, Sandra and Dzipunova, Biljana and Carceva-Salja, Sofija (2022) *Ортодонтски третман и влијанието на букалните коридори врз атрактивноста на насмевката.* Knowledge – International Journal, 51 (4). pp. 651-658. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29776

*Евалуација на трудот*: Целта на овој труд е да се образложат букалните коридори како една од осумте главни компоненти на насмевката и да се елаборира нивното влијание врз ортодонтската дијагноза и планирање на третман. Според авторите, во литературата постојат многу обиди за проучување на влијанието на ортодонтскиот третман врз лицевата естетика особено естетиката на насмевката. Пребарувањето за селекција на трудови е направено во базата на податоци на PubMed, преку претходно дефинирана стратегија и се опфатени трудови од 1958 до 2022 година. Користени се помошни алатки односно селекција на трудови во последните 5 години, кои го опишуваат влијанието на ортодонтскиот третман врз лицевата естетика и атрактивноста на насмевката како и перцепција на насмевката од различен панел (ортодонти, стоматолози, општа популација). Според авторите, минималниот простор на букалните коридори може да се смета како една од преферираните естетски карактеристики, оние лица со големи букални коридори може да се сметаат како субјекти за ортодонтски третман од естетски аспект.

*Трудот има научно и стручно значење.*

2. Petrovski, Mihajlo and Carceva-Salja, Sofija (2023) *Clinical manifestation of oral injuries caused by fixed orthodontic treatment.* Knowledge - International Journal, 60 (4). pp. 617-621.https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32362

*Евалуација на трудот*: Главната цел на ова истражување е да се направи

клиничка презентација на оралните повреди кои се предизвикани од фиксните ортодонтски апарати. Трудот опфаќа презентација на три клинички случаи кај кои постојат орални повреди. На крајот авторите заклучиле дека фиксните ортодонтски апарати може да доведат до различни видови повреди на оралната слузница кои можат да бидат предизвикани од различни делови од апаратите. Според авторите, стоматолозите мора да бидат подготвени да ги откријат и третираат овие промени. Исто така, авторите забележиле дека од важност е лекарите кои работат во примарното здравство да обезбедат адекватен супортивен третман на оралните улцерации предизвикани од ортодонтски фиксни апарати.

*Трудот има научно и стручно значење.*

3. Atanasova, Sandra and Carceva-Salja, Sofija (2023) *Макро и мини естетика во ортодонција.* Knowledge – International Journal, 59 (4). pp. 355-361. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32263

*Евалуација на трудот:* Целта на ова истражување е да се прошири знаењето за тоа како различни дентални и мекоткивни односи се поврзани со естетиката на насмевката. Асоцијациите помеѓу карактеристиките на насмевка се важни за естетиката и затоа дел од нив се објаснети. За овој труд извршено е пребарување со користење на помошни алатки во базата на податоци на PubMed. Во оваа статија претставени се макро и мини естетските размислувања за ортодонтскиот третман за да се одредат новите концепти кои се основа на клиничката примена за постигнување на естетски резултат. Ортодонтската литература содржи многу студии базирани на анализи кои ги опфаќаат меките ткива и насмевката. Развојот на денешната технологија, постепено стави поголем акцент, естетската на насмевка да биде клучен посакуван исход на ортодонтскиот третман. Според авторите, опсежните студии за лицевите карактеристики и параметрите на насмевка, резултираат со воспоставување на норми кои ортодонтите ќе ги користат како упатства во современата ортодонтска терапија.

*Трудот има научно и стручно значење.*

4. Ristova, Ivana and Carceva-Salja, Sofija (2023) *Analysis of publicly funded orthodontic services in North Macedonia.* Knowledge – International Journal, 59 (4). pp. 349-353. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32258

*Евалуација на трудот*: Разбирање на регулацијата на ортодонтските услуги во јавно финансираните здравствени системи е од суштинско значење за обезбедување квалитетна нега и ефикасна распределба на ресурсите. Според авторите, кога средствата се ограничени, се поставува прашањето: како за да се осигура дека овие ограничени ресурси се трошат ефикасно? Кои видови на ортодонтски малоклузии може да оправдаат алегитимно барање за лекување финансирано од јавноста? Ова истражување имало за цел да ја разгледа сегашната регулатива на ортодонтски третман покриен од Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија, единствената јавна установа за спроведување на задолжително здравствено осигурување во земјата, во однос на пристапноста на лекувањето, контролата на исходот и начини за плаќање. Не постојат објективни критериуми за мерење на исходот од третманот. Авторите предлагаат одговорните здравствени власти во Северна Македонија да ја подобрат тековната регулатива на ортодонтскиот третман. Ова ги вклучува реформите и опфатот на ортодонтскиот третман според стоматологија заснована на докази наместо само финансирање на одредени апарати. Истражувачки проект заснован на пациентите и потребите на ортодонтите и условите во здравствениот систем може да помогнат да се развие

рамка за ефективна регулатива за обезбедувањето ортодонтска нега.

*Трудот има научно и стручно значење.*

5. Carceva-Salja, Sofija and Atanasova, Sandra and Petrovski, Mihajlo (2023) *Ефекти после лицева ортопедија кај пациенти со малоклузија III класа во различна возраст.* Knowledge – International Journal, 59 (4). pp. 335-341. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32256

*Евалуација на трудот:* Поради постоењето на генетска основа кај скелетните аномалии, третманот на модификација на раст се уште претставува прашање со различни одговори и пристапи од страна на ортодонтите. За да дадат свој придонес во одговорот на ова прашање авторите ја поставиле главната цел - да го утврдат влијанието на возраста врз ефикасноста на третманот со лицева протракциона маска кај пациенти со малоклузија III класа каде што постои компонента на максиларен ретрогнатизам преку одредување на максиларни антеропостериорни промени, одредување на меѓувилични антеропостериорни промени и одредување на промени на профилен конвекситет во рана и доцна мешовита дентиција. За реализирање на поставената цел биле опфатени 28 пациенти, со малоклузија III и максиларен ретрогнатизам. Третирани беа со лицева протракциона маска - Делерова маска и Hyrax апарат за PME (онаму каде што постоеше трансверзален максиларен дефицит). Промените по спроведување на лицевиот ортопедски третман беа детектирани преку користење на профилна телерендгенска снимка направена пред и по третманот. Просечното време на третман изнесуваше 13 месеци. Кефалометриските мерења по спроведениот третман покажале антериорно поместување на максилата регистрирано преку статистички сигнификантните промени ($p<0,05$) на должината на горната вилица Co-A и на SNA аголот кај пациентите со малоклузија III Класа. Позначајните сигнификантни промени кај третираните пациенти на возраст од 6 до 9 години во споредба со оние од 9 до 12 години содржат важна клиничка порака.

*Трудот има научно и стручно значење.*

6. Atanasova, Sandra and Carceva-Salja, Sofija and Dzipunova, Biljana (2023) *Evaluation and correlation between facial index and modified smile index in patients with class I malocclusion after orthodontic treatment.* Acta Stomatologica Naissi, 39 (88). pp. 2681-2687. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34408

*Евалуација на трудот*: Целта на оваа труд била да се процени индексот на лицето и модифицираниот индекс на насмевка кај пациенти со малоклузија од класа I по ортодонтски третман и да се утврди корелацијата помеѓу нив. Примерокот на истражувањето се состоел од вкупно 16 пациенти (4 машки и 12 женски) во возрасната група од 16–35 години. Фотографиите со позирана насмевка се направени со дигитален фотоапарат Nikon Z6 II од 24,5 MP (Nikon Corporation) со NIKKOR Z 85 mm f/1,8 и блиц Godox AD200. Софтверот Olympus cellSens Standard (2011 Olympus Corporation) бил користен за мерење на карактеристиките потребни за одредување на индексот на лицето и модифицираниот индекс на насмевка. По обработените податоци авторите укажале дека постои незначителна статистичка разлика $p <,05$ помеѓу два пола за модифициран индекс на насмевка и индекс на лицето. Пирсоновата корелација покажала, пак, дека постои незначителна средно позитивна врска помеѓу модифицираниот индекс на насмевка и индексот на лицето кај пациенти со малоклузија од класа I по ортодонтски третман. Авторите покажале дека познавањето на корелацијата помеѓу естетиката на лицето и естетиката на насмевката е неопходна алатка за постигнување успешен ортодонтски третман.

*Трудот има научно и стручно значење.*

7. Carceva-Salja, Sofija and Janeva, Kristina and Trajkova Stojmenova, Sunchica and Petrova, Elena (2023) *Comprehensive orthodontic treatment in growing patient with extracted upper central incisor.* Македонски стоматолошки преглед, 46 (4). pp. 118-123. ISSN 2545-4757 https://eprints.ugd.edu.mk/28973/

*Евалуација на трудот*: Во секојдневната ортодонтска пракса чести се пациентите со хиподонцијана горен централен инцизив или оние каде постои индикација за екстракција. Имајќи предвид дека најголем дел од ортодонтските пациенти се деца во фаза на активен раст, со делувањето на естетиката на насмевката, ортодонтот влијае и на општиот квалитет на животот, па јасно е дека овие клинички случаи се најпредизвикувачки. Во вакви случаи постојат повеќе опции за третман, меѓу кои како најпопуларни се поставување на остеоинтегрирачки имплант и ортодонтско затворање на просторот со доведување на латералниот инцизив во екстакциониот простор. Целта на овој приказ на случај била да се презентира затворањето на простор во горниот антериорен сегмент како опција за третман базирана на докази која треба да се смета како прва алтернатива кај пациенти во раст, бидејќи ја намалува инвазивноста на последователниот реставративен третман, нуди долгорочно пародонтално здравје и оптимални естетски и функционални резултати.

*Трудот има научно и стручно значење.*

8. Atanasova, Sandra and Carceva-Salja, Sofija and Dzipunova, Biljana (2024) *Analysis of Different Vertical and Horizontal Smile Characteristics.* Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 12 (1). pp. 122-127. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34409

*Евалуација на трудот*: Оваа студија имала за цел да оцени некои од карактеристиките на насмевката кај пациенти со завршен ортодонтски третман и пациенти со различни типови на дентоалвеоларна малоклузија со помош на методот на фотограметриска анализа. Примерокот се состоел од 52 млади возрасни лица на возраст од 16-35 години. Била користена стандардизирана анализа на насмевка за да се проценат десет карактеристики на насмевката. Направени биле две фронтални дигитални фотографии за секој поединец, едната во мирување, а другата со поставена насмевка. Авторите, споредувајќи ги карактеристиките на насмевката во студиските групи на третирани и нетретирани пациенти со подгрупа на малоклузија од класа I и класа III, не забележале значајна разлика во средните вредности на испитуваните параметри. Статистички значајна разлика била забележана само во средните вредности на изложеноста на горниот инцизив и левиот букален коридор помеѓу нетретирани и третирани пациенти со малоклузија од класа II. На крајот, авторите забележале дека познавањето на корелацијата помеѓу анатомијата на тврдите и меките ткива и естетиката на насмевката има важно клиничко значење; затоа компонентите на насмевката треба да се сметаат како водич за помош во ортодонтската дијагноза и планирањето на третманот.

*Трудот има научно и стручно значење.*

**II.1.2. Објавени трудови во целост од други интердисциплинарни области:**

9. Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Carceva-Salja, Sofija and Terzieva-Petrovska, Olivera (2021) *Dental caries among institutionalzed elderly.* Knowledge – International Journal, 46.4. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28290

Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр. 294 од 1.3.2022 година на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

10. Petrovski, Mihajlo and Papakoca, Kiro and Carcava-Salja, Sofija and Proseva, Ljubica and Atanasova, Sandra (2022) *Influence of xerostomia on diet and nutrition among institutionalized elderly.* Journal of Hygienic Engineering and Design, 40. pp. 215-220.https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30620

*Евалуација на трудот*: Соодветните оброци се многу важни за подобрување на квалитетот на животот кај институционализираните стари лица. Функцијата на плунката главно е за одржување на интегритетот на тврдите и меките ткива на усната шуплина, а исто така има влијание врз процесот на говор, голтање и дегустација. Главната цел на оваа студија била да се процени дали присутната ксеростомија има влијание врз изборот на храна кај институционализираните стари лица. Испитувањето било спроведено на вкупно 70 субјекти постари од 65 години институционализирани во една институција за долгорочна нега. Адекватен печатен прашалник за субјективно претставување и изразување на ксеростомијата беше. Секој од групите во кои имало субјективно проценета ксеростомија која беше тестирана за задоволство од нивната исхрана и внес на исхрана. 62,8% од испитаниците имале субјективно чувство на ксеростомија. По обработката на податоците добиени од прашалникот може да се забележи дека најголемиот дел од испитаната популација или 41,4% имале лесна (ксеростомија 1), додека 25,7% од испитаниците врз основа на одговорите на прашалникот имал тешка ксеростомија (ксеростомија 3). Исто така, мора да се напомни дека авторите забележале дека 64,7% од испитаниците со тешка ксеростомија покажале незадоволителна исхрана, наспроти 37,9% од испитаниците со блага ксеростомија. Врз основа на истражувањето, забележано е дека ксеростомијата често е присутна кај институционализирани стари лица и има големо влијание врз исхраната. Посилната ксеростомија негативно влијае на исхраната на овие постари лица.

*Трудот има научно и стручно значење.*

11. Arsovski, Ljupka and Carceva-Salja, Sofija and Veleska-Stefkovska, Daniela (2023) *Impact of contamination cleanliness of the implant surface review paper.* International Journal Knowledge - Capital of the Future. pp. 375-378. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32273

*Евалуација на трудот*: Целта на овој труд е да укаже на влијанието на модификациите на површината на имплантот (микротопографијата и микродизајнот на имплантите), врз успешноста на осеоинтегративните процеси и долготрајниот успех на имплантнопротетичката рехабилитација. Има разлики помеѓу производителите во однос на материјалите, металните легури кои ги користат во процесот на продукција на имплантите, видот на површината на имплантите, но и во начинот на кој се чисти и превенира можната контаминација пред да се пуштат во продажба. Во оваа студија се вклучени неколку типови на импланти, нивните површински карактеристики и анализирано е можното влијание на контаминираните имплантни површини врз успехот/неуспехот на имплантот. За остварување на зададената цел користен е електронски микроскоп, кој ќе овозможи детална анализа на површината на имплантите во три третини: апикална, среден дел и имплантен врат. Електронски микроскоп за скенирање (SEM) е вид на електронски микроскоп кој произведува слики од примерок со скенирање на неговата површина со фокусиран зрак на електрони.

*Трудот има научно и стручно значење.*

V. **Учество на научен собир со реферат (постер/усно)**

12. **V.1.1. Од областа**

13. **V.1.1.2. Постер:**

14. Atanasova, Sandra and Proseva, Ljubica and Carceva-Salja, Sofija and Papakoca, Kiro and Zarkova Atanasova, Julija and Zlatanovska, Katerina (2022) *Evaluation of lip position using different reference lines.* In: 9th Congress of Macedonian dental society with international participation "Challenging new era in dentistry: burden and opportunities", 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31149

15. Proseva, Ljubica and Carceva-Salja, Sofija and Papakoca, Kiro and Zarkova Atanasova, Julija and Zlatanovska, Katerina (2022) *Analysis of Golden percentage on Maxillary Anterior Teeth for Estethic Smile Design.* In: 9th Congress of Macedonian dental society with international participation "Challenging new era in dentistry: burden and opportunities", 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31193

16. Atanasova, Sandra and Carceva-Salja, Sofija and Proseva, Ljubica and Papakoca, Kiro and Rogoleva Gjurovski, Sonja and Naskova, Sanja (2022) *Фотограметриска анализа на мекоткивниот профил на лицето со помош на анголни мерења.* In: 9th Congress of Macedonian dental society with international participation "Challenging new era in dentistry: burden and opportunities", 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31148

17. Terzieva-Petrovska, Olivera and Petrovski, Mihajlo and Carceva-Salja, Sofija and Papakoca, Kiro and Mladenovski, Marko (2022) *Association between halitosis and fixed orthodontic appliances.* In: 9th Congress of Macedonian dental society with international participation "Challenging new era in dentistry: burden and opportunities", 15-18 Sept 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30415

18. Terzieva-Petrovska, Olivera and Petrovski, Mihajlo and Carceva-Salja, Sofija and Papakoca, Kiro (2023) *Influence of malpositioned teeth on periodontal health.* In: 26th Congress of Balkan Stomatological Society (BaSS), 11-14 May 2023, Skopje. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32046

19. **V.2. Од сродни области**

20. **V.2.2. Постер презентации**

21. Getova, Biljana and Janevska, Sevdalina and Pavlevska, Meri and Carceva-Salja, Sofija and Getov, Gjorgi (2021) *DMFT index among 12 years-old children from primary schools in Republic of North Macedonia (RNM) participating in a national oral health preventive program.* In: 28th Congress of the IAPD, 10-13 June 2021. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28388

22. Carceva-Salja, Sofija and Getova, Biljana and Papakoca, Kiro and Atanasova, Sandra (2021) *Influence of Preventive Programs for Reduction of DMFT Index in 12 Years Old Children in RNM on Dental Arch Space Changes.* International Journal of Pediatric Dentistry, 31 (2). pp. 86-157. ISSN 1365-263X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28391

23. Janevska, Sevdalina and Getova, Biljana and Pavlevska, Meri and Carceva-Salja, Sofija and Getov, Gjorgi (2021) *Values of DMFT components among children aged 12 from Skopje region-Republic of North Macedonia (RNM).* International Journal of Pediatric Dentistry, 31 (2). pp. 86-157. ISSN 1365-263X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28972

**Учесник во научен проект во изборниот период**

1. Carcev, Mile and Miloshevski, Branko and Getova, Biljana and Janevska, Sevdalina and Pavlevska, Meri and Carceva-Salja, Sofija (2018) *Национална стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0-14 години на Република Македонија за периодот од 2018-2028 година.*

**Студиски престој во странство**

Кандидатката во период од 2019 до 2024 има посетувано и е ангажирана во вид на студиски престој на приватната клиника за пластична и реконструктивна хирургија под менторство на проф. д-р Theodore Voukidis во Атина, Грција.

**Рецензент на научни трудови**

Кандидатката е рецензент на два научни трудови публикувани во Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences (OAMJMS).

**Член на организациски или научен одбор на научен собир (во земјава)**

Проф. д-р Софија Царчева Шаља е активно вклучена во организација на симпозиуми, студентски конгреси и летна школа на Денталната медицина при Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип:

- Ургентни состојби во дентална медицина - IX Научен симпозиум со меѓународно учество, 10 Oct 2020, Stip, Macedonia.
- Инфекции во секојдневната стоматолошка пракса - новини во дијагностиката, третманот и превенцијата- X научен симпозиум, 19 Noe, 2021
- 11. Научен симпозиум со меѓународно учество „Промени во усната празнина и лицевата регија епидемиолошка состојба превенција дијагностика и третман", Stip, Macedonia.2022
- 12ти симпозиум со меѓународно учество: Современи пристапи во третманот на пациенти кои примаат антикоагулантни, антиагреганти и антихипертензивни лекови, 11 Nov 2023, Stip.

Проф. д-р Софија Царчева Шаља исто така е член на Научниот одбор на 26. БаСС конгрес "CURRENT TRENDS AND ADVANCES IN DENTISTRY" 11-14 мај 2023, Скопје.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

**1.17. Елаборати и експертизи**

Кандидатката учествувала во изготвувањето на следниве елаборати:

1. Елаборат за реакредитација на студиска програма Дентална медицина – интегрирани студии од прв и втор циклус петгодишни студии (2022);
2. Елаборат за реакредитација на прв циклус студии – студиска програма Забни техничари – протетичари (2022);
3. Елаборат за реакредитација на специјалистички студии за стручен забен техничар- протетичар (2022);
4. Елаборат за реакредитација на студии од трет циклус студии БАЗИЧНИ И КЛИНИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА ВО ДЕНТАЛНАТА МЕДИЦИНА (2021).

**3.28. Член на факултетски орган, комисија**

Кандидатката во изборниот период учествува како:

- Член / претседател во повеќе комисии за полагање на специјалистички испит по ортодонција;

1. Член на Наставно-научен совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев - Штип;
2. Член на Наставно-научен совет на трет циклус студии на Кампус 3;
3. Член на специјалистички одбор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип.

Поседува одлични познавања од неколку компјутерски програмски пакети (Office – Word, Excel, Power Point, Publisher, Corel DRAW, Paint) кои ги користи во изготвување на предавања и вежби за студентите.

Кандидатката е исклучително талентиран специјалист и научен работник од областа на ортодонцијата и дентофацијалната естетика. Големиот број на пациенти ја потврдуваат нејзината посветеност и желба за надградување.

Проф. д-р Софија Царчева-Шаља е член на повеќе професионални асоцијации и тоа:

- Стоматолошка комора на Република Македонија и претседател на Комисија за стручни прашања;
- Македонско стоматолошко друштво;
- Здружение на специјалисти по ортодонција при Македонско стоматолошко друштво;
- European Association of Dental Public Health (EADPH).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од целокупните евалуирани досегашни активности кои ги реализирала вонреден професор д-р Софија Царчева-Шаља, како и врз основа на податоците кои ги елаборираме во овој извештај, се забележува и потенцира богата и широка активност во сферата на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и според целата приложена документација, може да се констатира дека кандидатката вонр. проф. д-р Софија Царчева-Шаља ги исполнува критериумите за да биде избран во звањето редовен професор и за целокупната активност во извештајниот период од 2019 до 2024 година има остварено (НО=40, НИ=89,5 и САОР=24) вкупно 153,5 поени.

Врз основа на приложениот материјал и изнесените податоци, според Правилникот за посебни услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство им предлага на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатката вонр. проф. д-р Софија Царчева-Шаља да биде избрана за наставник во звање редовен професор за наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Јулијана Ѓоргова, редовен професор, с.р.

Д-р Билјана Ципунова, редовен професор, с.р.

Д-р Ивона Ковачевска, редовен професор, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **Поени** | Вкупно |
| 5 | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | **40** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **Поени** | Вкупно |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>Прв автор бр. 5,7<br>Втор автор бр. 2,3,4,6,8,11<br>Останати автор бр. 1,9,10 | 2 x 9=18<br>6 x 6=36<br>3 x 3=9 | | | | 63 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство<br>Постер презентации во земјава бр. 12,13,14,15,16<br>Постер презентации во странство бр. 17,18,19 | 5 x 1 | 5 | 3 x 1,5 | 4.5 | 9,5 |
| 14 | Учесник во научен проект | 1 x 2 | 2 | | | 2 |
| 20 | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 5 x 1 | 5 | | | 5 |
| 23 | Студиски престој во странство | 8 (еднократно) | | | | 8 |
| 24 | Рецензент на научен труд | 2 x 1=2 | | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **89,5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга/учебник | 1 x 10 | 10 | | | **10** |
| **17** | Елаборати и експертизи | 4 | 2 | | | **8** |
| **28** | Член на факултетски орган, комисија<br>- Член на ННС на ФМН<br>- Член на ННС на трет циклус на Кампус 3<br>- Член на одбор за специјализации | 3 x 2 | 6 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **24** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **153,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОНКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**

Со Одлука број 2002-149/12 донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 8.7.2024 година, определена е Комисија за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-научната област *онкологија* (3.02.00. 16) – еден извршител на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- проф. д-р Игор Стојковски, вонреден професор на Медицински факултет при УКИМ во Скопје, наставно-научна област онкологија, претседател,
- проф. д-р Виолета Клисаровска, вонреден професор на Медицински факултет при УКИМ во Скопје, наставно-научна област онкологија, член,
- проф. д-р Катерина Кубелка-Сабит, насловен вонреден професор на Медицински факултет при УГД, наставно-научна област патологија, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 27.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави насл. доц. д-р Дева Петрова.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката **насл. доц. д-р Дева Петрова**, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи:

1. Пријава;
2. Кратка биографија;
3. Диплома за завршени додипломски студии на Медицински факултет (заверена кај нотар);
4. Уверение за положени испити со просек од студиите 8.6 (заверена кај нотар;
5. Уверение за одбранет специјалистички испит;
6. Диплома за одбранета докторска дисертација;
7. Список на објавени научни и стручни трудови;
8. Примерок од објавените трудови;
9. Препорака од двајца редовни професори од соодветната област од која се врши изборот;
10. Потврда за познавање на англиски јазик;
11. Еден примерок од докторската дисертација (оригинал);
12. Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Дева Петрова е родена во 1971 година во Скопје. Основното и средно образование ги има завршено во Скопје.

Во 1996 г. се стекнала со звање дипломиран лекар при Медицинскиот факултет во Скопје.

Од 2000 година е вработена на Универзитетската клиника за онкологија и радиотерапија во Скопје.

Во 2005 година завршила специјализација од областа на онкологија и радиотерапија при Медицинскиот факултет во Скопје и се стекнала со звање специјалист радиотерапевт онколог.

Од 2008 година е избрана за помлад асистент по предметот Онкологија со радиотерапија при Медицинскиот факултет во Скопје. Од 2009 г. е шеф на Отсекот за третман на карцином на дојка.

Во 2011 г. е избрана за асистент по предметот Радиотерапија и онкологија на Медицинскиот факултет во Скопје. Во 2012 година се запишува на докторски студии од областа клиничка медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од 2013 работи во Клиничката болница „Аџибадем Систина", како шеф на Одделот за радиотерапија и онкологија. Во 2017 година се стекнува со звањето доктор на медицински науки од областа на радиотерапија и онкологија.

Вклучена е во меѓународни, мултицентрични, научноистражувачки проекти од полето на онкологијата како главен истражувач и коистражувач.

Во 2019 г. е избрана за насловен доцент по предметот Онкологија со радиотерапија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Зборува течно англиски јазик.

***Законски услови кои ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент:***

- Доктор на медицински науки - клиничка медицина, област онкологија и радиотерапија (докторира во 2017 година, на Медицинскиот факултет – УКИМ, Скопје), со остварен просечен успех од 8.6.
- Објавени во најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните 5 години до датумот на објавување на Конкурсот:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Deva Petrova1,2, Katerina Kubelka Sabit1,2, Kornelija Trajkova1,2, Dzengis Jashar1,2 | 1. OVARIAN DYSGERMINOMA IN PREGNANCY | Acad Med J 2023;3(3):108-115 Accepted: December 5, 2023 UDC: 618.11-013.1-006.6:618.3 DOI: Case report | 2023 |
| 2 | Deva Petrova[1,2] Katerina Kubelka Sabit [1,2] and Biljana Crcareva [2] | Antiandrogen therapy for metastatic triple negative breast cancer-case report | Мак.Мед Преглед 2023;77(1):33-38 | 2023 |
| 3 | Katerina1, Petrova Deva1, Zhivadinovikj Julija2, Jashar Dzengis1, Filipovski Vanja1 | Detection of Lynch syndrome in endometrial cancer patients | Acad Med J 2023;3(3):67-72 Accepted: December 25, 2023 UDC: 616056.7:575.224.4]:618.14-006.6 DOI: Case report | 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Mirela Vasileva Andrej Petrov, Katerina Damevska, Vesna Pljakoska, Vesna Brishkoska, Djengis Jasar, Deva Petrova, Bisera Kiteska Trifunova | Xeroderma pigmentosum associated with multiple melanomas and non melanomas skin cancer- case report | Journal Dermatology and venerology ,Vol.60 Issue 1,pages 20-23<br>Publisher Bulgarian Dermatology Society | 2021 |
| 5. | Andrej Petrov, Djengis Jashar, Deva Petrova | Clinical and Dermatoscopic Characteristics of Melanoma Institutional Experience | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences 2024/3/15 , Volumen 11,Issue 1, pages 128-135 | 2024 |

б/ или два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Andrej Petrov, Djengis Jashar, Deva Petrova | Clinical and Dermatoscopic Characteristics of Melanoma Institutional Experience | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 0.73 |

***Учество во учебници, монографии и наставни помагала***

1. „Карцином на дојка“ - скрипта од Дева Петрова **ISBN**: 978-608-277-036-9, **број на стр.** 48 **издадена**: 2024 г.
2. ПЕТРОВА, Дева скрипта „Карцином на дојка“ [електронски извор] / Дева Петрова. - Штип : Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, Факултет за медицински науки, 2024 Начин на пристапување (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/974. - Текст во PDF формат, содржи 48 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден - Биографија: стр. 48.Библиографија:стр.47**ISBN**:978-608-277-036-9

***Наставно-образовна и научноистражувачка работа***

Доцент д-р Дева Петрова е редовно вклучен веќе пет години во наставата на Факултетот за медицински науки како предметен наставник по Онкологија со радиотерапија и за овој период голем број на студенти се стекнаа со неопходните знаења од оваа област на медицината. Д-р Петрова е предметен наставник и по предметот Онкологија со нега за медицински сестри на Високата стручна школа при УГД.

***Научноистражувачки проекти***:

1. **Учесник во својство на главен истражувач во мултицентричните студии**

   **lidERA Breast Cancer (BC): Phase III adjuvant study of giredestrant vs. physician’s choice of endocrine therapy (PCET) in patients (pts) with estrogen receptor-positive, HER2-negative early BC (ER+, HER2– eBC), главен истражувач.**
2. **ALINA: A phase III study of alectinib versus chemotherapy as adjuvant therapy in patients with stage IB–IIIA anaplastic lymphoma kinase-positive (*ALK*+) non-small cell lung cancer (NSCLC), коистражувач.**

***Трудови:***

1. OVARIAN DYSGERMINOMA IN PREGNANCY

Deva Petrova1,2, Katerina Kubelka Sabit1,2, Kornelija Trajkova1,2, Dzengis Jashar1,2 1Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Stip, Republic of North Macedonia 2Clinical Hospital Acibadem Sistina, Skopje, Republic of North MacedoniaAcad Med J 2023;3(3):108-115 Received: November 25, 2023 Accepted: December 5, 2023 UDC: 618.11-013.1-006.6:618.3 DOI: Case report

Значењето на овој труд е во реткоста на овие тумори и неговата асоцираност со бременоста. Во овој труд прикажан е случај на 25-годишна пациентка со дијагностициран дисгермином на десен јајник во тек на 17 недела од бременост. По спроведените дијагностички процедури со ултразвучен преглед, магнетна резонанца и биохемиска анализа на тумор маркери алфа фето протеин и Ca 125, кај пациентката е поставена индикација за оперативен третман на туморот со потекло од десниот јајник. Спроведена е деснострана аднексекттомија со парцијална оментектомија и хистопатолошки е верифициран дисгермином на овариум со дијаметар од 17 cm или стадиум I на болест. Во тек на породувањето кај пациентката е направена и биопсија на левиот јајник која е со уреден наод.
Со оглед на времето поминато од поставувањето на дијагнозата до породувањето кај пациентката е донесена одлука за редовни контроли без спроведување на онколошки третман. Во период на следење од 2 години пациентката е со уредни радиолошки и биохемиски наоди.

Заклучокот на трудот е во прилог на тоа дека се работи за тумор со добра прогноза, доколку е во првиот стадиум на болест, каде што конзервативната или операцијата за поштеда на фертилитетот без додавање на хемотерапија може да обезбеди излекување.

2. Antiandrogen therapy for metastatic triple negative breast cancer-case report

Deva Petrova[1,2] Katerina Kubelka Sabit [1,2] and Biljana Crcareva [2]
[1]Faculty of Medical science,University Goce Delcev Shtip,[2] Clinical hospital Acibademsistina,Skopje, Republic of North Macedonia
Мак.Мед Преглед 2023;77(1):33-38

Во овој труд презентиран е случај на тројно негативен метастатски карцином на дојка со прекумерно изразување на андрогени рецептори, успешно третиран со користење на антиандрогена терапија. Пациентката е со дијагностицирани коскени метастатски промени евидентирани со Скен на скелет пет години по првичната дијагноза со рак на дојка. Пациентката е третирана со антиандрогена терапија со Бикалутамид и бифосфонатска терапија.

По 18 месеци од терапија пациентката е асимптоматски со скенографски наод на скелет за регресија на болеста, без знаци за нови лезии.

Значењето на трудот е во прикажувањето на антиандрогената терапија како можен избор на третман кај тројно негативните метастатски карциноми на дојка кој дава добри тераписки ефекти со незначителни несакани реакции на терапијата и обезбедува добар квалитет на живот на пациентките посебно кај повозрасни пациентки.

3. DETECTION OF LYNCH SYNDROME IN ENDOMETRIAL CANCER PATIENTS Kubelka-Sabit Katerina1, Petrova Deva1, Zhivadinovikj Julija2, Jashar Dzengis1, Filipovski Vanja1 1Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Stip, Republic of North Macedonia 2 Institute of Anatomy, Faculty of Medicine, Ss.

Cyril and Methodius University in Skopje, Republic of North Macedonia Acad Med J 2023;3(3):67-72 Received: November 11, 2023 Accepted: December 25, 2023 UDC: 616056.7:575.224.4]:618.14-006.6 DOI: Case report

Во овој труд е прикажано 3-годишно институционално искуство на детекција на Lynch Syndrom кај пациентки со опериран ендометријален карцином. Прикажани се случи на хируршки третиран ендометријален карцином во болницата „Аџибадем Систина" во период од јануари 2020 г. до ноември 2023 г. Сите случаи независно од возраста во тек на презентација на болеста беа скринирани за Lynch Syndrom. Во наведениот временски период 78 пациентки беа хируршки третирани поради енометријален карцином, најмладата пациентка на возраст од 16 години и највозрасната пациентка на возраст од 82 години.

Имунохистохемиската анализа кај 60 пациентки покажа интактна протеинска експресија на MMR генот. Загуба на експресија на генот MLH-1 и PMS 2 генот беше присутна кај 14 пациентки. Загуба на експресија на MSH6 генот беше најден кај 3 случаи и овие пациентки се испратени за дополнително тестирање за Lynch Syndrom. Во еден случај на дедиференциран ендометријален карцином со присутна загуба на експресија на MSH2, MSH6, исто така е направено дополнително тестирање за Lynch Syndrom. Сите четири случаи упатени за тестирање беа со потврдено присуство Lynch Syndrom, што укажува на фактот дека имунохистохемијата е достапен и ефикасен начин за скрининг на овие пациентки.

4. Xeroderma pigmentosum associated with multiple melanomas and non melanomas skin cancer- case report Mirela Vasileva Andrej Petrov, Katerina Damevska, Vesna Pljakoska, Vesna Brishkoska, Djengis Jasar, Deva Petrova, Bisera Kiteska Trifunova Journal Dermatology and venerology ,Vol.60 Issue 1,pages 20-23
Publisher Bulgarian Dermatology Society

Значењето на трудот е во приказот на ретко генетско заболување.

Прикажан е случај на пациент со ретко генетско заболување, со присутни генетски мутации кои доведуваат до развој на различни типови на кожни малигни тумори (карциноми од базоцелуларен и спиноцелуларен тип и меланома малигнум) под влијание на УВ зраците од сончевата светлина. Кожните тумори се хисто-патолошки верифицирани. По спроведена хируршка екцизија.

5. Clinical and Dermatoscopic Characteristics of Melanoma Institutional Experience Andrej Petrov, Djengis Jashar, Deva Petrova Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences 2024/3/15 , Volumen 11,Issue 1, pages 128-135

Во трудот се прикажани 4 случаи на меланом ин ситу, дијагностицирани и третирани во болницата „Аџибадем Систина". Прикажани се дермоскопските наоди кои се во прилог на меланом ин ситу и хистопатолошките наоди за секој пациент поединечно кои ја потврдуваат клиничката дијагноза. Спроведен е хируршки третман кај сите пациенти со хируршка екцизија на промените со сигурносна маргина 0.5 цм во здраво.

Пациентите се редовно следени и кај ниту еден од пациентите нема ролекс на болеста.

Приказ на објавено учебно помагало - скрипта под наслов „Карцином на дојка" од д-р Дева Петрова

Скриптата обезбедува целосен приказ на најчестото малигно заболување кај женската популација карциномот на дојка. Во текстот се опфатени сите значајни сегменти на ова малигно заболување, од епидемиолошките податоци и можните етиолошки фактори, преку хистолошките типови, дијагностичките процедури,

клиничката слика на болеста, стадиумите на болест и можните начини на третман согласно стадиумот на болест. Опфатени се новините во третманот и начините на следење на болеста и препораките за следење по завршените третмански процедури.

Ова учебно помагало дава можност за студентите во детали да се запознаат со ова малигно заболување од сите негови аспекти.

***Трудови презентирани како постери или усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми***

1. ***Oncology treatment in HCC – усна презентација а на 7. конгрес на радиолози со меѓународно учество - октомври 2023***
2. ***Radiotherapy of advanced BCC in elderly, rational approach- усна презентација на 10. конгрес на Бугарското здружение на дерматовенеролози, 2023, Софија, Р.Бугарија***
3. ***Melanoma in situ- institutional experience – усна презентација на меѓународна конференција на дерматовенеролози, 2024, Бургас, Р.Бугарија.***

***Приказ на докторската дисертација***

***Елективна конформална радиотерапија надополнета со сегментни полиња наспроти конформална радиотерапија со тангенционални полиња кај пациенти со рак на дојка***

Во докторската дисертација опфатена е тема од областа на радиотерапија. Во првиот дел од **воведот** систематично и разбирливо се презентирани податоците поврзани со значењето на радиотерапијата во третманот на карциномот на дојка и нејзиното влијание врз локалната рецидивност и вкупното преживување, што е релевантно со темата на дисертацијата. Во понатамошниот дел од текстот поединечно се прикажани прогностички фактори кои влијаат врз резултатите од лекувањето кај ракот на дојка и тоа: големина на туморот, постоење на мултицентрични болест, нуклеарен градус, хистолошки тип на карциномот, генетските фактори, Her-2/neu рецепторскиот статус, статусот на лимфните јазли, статусот на хируршките маргини, лимфоваскуларната инвазија и статусот на хормонските рецептоти.

Основната цел на трудот е да се процени дали кај пациентите со рак на дојка по реализирана презервирачка хируршка интервенција или модифицирана радикална мастектомија, техниката на 3Д конформална постоперативна радиотерапија со тангенцијални полиња надополнета со сегментини полиња ќе обезбеди подобра дистрибуција на пропишаната доза во целниот волумен отколку стандардната техника со две тангенцијални полиња, без да се надмине дозата на толеранција во органите од ризик.

Целта е да се направи споредбена анализа на зрачните параметри релевантни за двете радиотераписки техники и тоа: анализа на дозите во планираниот целен волумен и анализа на дозите во органите од ризик.

Согласно со изнесените податоци во овој дел од воведот кандидатот заклучува дека од особена важност е промовирањето и употребата на техники во рамките на конвенционалната радиотераписка техничка опременост кои не влијаат на зголемување на ангажманот на персоналот, трошоците и траењето на третманот, а придонесуваат за подобрување на квалитетот на радиотерапискиот третман. Резултатите од оваа студија покажале дека техниката со сегментни полиња

споредена со стандардната техника со две тангенцијални полиња во одредени случаи кај пациентки со хируршки радикален третман или презервирачки третиран рак на дојка, обезбедува:

Подобра дозна распределба во целниот волумен и помала доза во органите од ризик.

Во однос на акутната кожна токсичност, таа е во рамките на реакции на кожата кои се движат по својот интензитет во рангот од прв и втор степен на реакции. Што се однесува до доцните реакции поврзани со белите дробови, како и доцните кожни реакции, освен постирадијационата фиброза во дојката нема присуство на други несакани постирадиациони доцни реакции.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Петрова е насловен доцент по предметот Онкологија со радиотерапија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Како дел од тимот на Клиничката болница „Аџибадем Систина“, новите техники и сознанија во медицината ги применува во подобрување на квалитетот на здравствената заштита на пациентите. На тој начин, научните сознанија од областа на онкологијата, наоѓаат апликативна вредност во клиничката пракса.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од целокупно наведената наставна, научноистражувачка и стручно-апликативна, како и организациско-развојна дејност на кандидатот **д-р Дева Петрова**, се гледа дека кандидатот ги исполнува условите на Законот за високо образование, како и на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за избор во **насловно звање насловен вонреден професор по наставно-научната област онкологија.**

Имајќи го предвид горенаведеното, како и врз база на личното познавање на кандидатот, имаме чест на наставно-научниот совет да му предложиме да ја избере д-р Дева Петрова во **насловно звање насловен вонреден професор по наставно-научната област онкологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Игор Стојковски, вонреден професор, претседател, с.р.
Д-р Виолета Клисаровска, вонреден професор, член, с.р.
Д-р Катерина Кубелка-Сабит, насловен вонреден професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | 30 |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научноистражувачки проект | | | 2 | 3 | 6 |
| | Пленарно предавање на научен собир | 1 | 3 | | | 3 |
| | Поглавија во учебник | | | | | |
| | Сексциско предавање на научен собир | | | | | |
| | Научни трудови објавен во списание со ИФ | 1 | | 1 | 15 | 15 |
| | Научен труд во меѓународен часопис | | | 4 | 9 | 36 |
| | Претседател на научен собир | | | | | |
| | Студиски престој | | | 1 | 8 | 8 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | 98 |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Кмига/учебник/ | **1** | **10** | | | 10 |
| | Труд објавен во зборник на трудови | 1 | 2 | | | 2 |
| | Раководител на одделение | | | | | 3 |
| | **ВКУПНО** | | | | | 15 |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | 113 |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ АНГЛИСТИКА И МЕТОДИКА НА ЈАЗИК ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-156/42 од 8.7.2024 година донесена на 287. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 8.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-научно звање *доцент* за наставно-научните области *англистика 6.02.01.16 и методика на јазик 6.02.01.32* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **проф. д-р Нина Даскаловска (претседател)**, редовен професор за наставно-научните области 64004 англистика; 64028 методика на јазик; 61225 методика на литературата на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- **проф. д-р Агим Пошка (член),** вонреден професор за наставно-научните области 64004 англистика и 64011 применета лингвистика на Факултет за јазици, култури и комуникација при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово;
- **доц. д-р Натка Јанкова- Алаѓозовска (член**), доцент од наставно-научната област наука за книжевноста и наука за јазикот 64004 англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави:

Адријана Хаџи-Николова, виш лектор за наставно-стручната област англистика на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Република Северна Македонија.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно- научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Адријана Хаџи-Николова е родена на 28 август 1986 година во Штип. Средно образование завршува во Гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип. Во 2009 година завршува додипломски студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, на Катедрата за преведување и толкување со просек 9.53 и се стекнува со стручен назив дипломиран преведувач по англиски и германски јазик на македонски јазик и обратно. Своето понатамошно усовршување го продолжува на едногодишните постдипломски студии во академската 2012/2013 година со специјалност методика на наставата по англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факлутет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. По положувањето на сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии, со просечна оценка 10.0, на 11 декември 2018 година успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов „Употреба на стратегиите за читање кај учениците од основното и средното образование” и се стекнува со академски степен магистер по филолошки науки од областа на методика на наставата по англиски јазик. Од академската 2019/2020 год. е запишана на тригодишните докторски студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово на Факултетот за јазици, култури и комуникација на Катедрата за англиски

јазик. Ги положува сите предвидени испити на докторските студии од студиската програма Англиски јазик и литература: Англиски јазик, со просечна оценка 9.20, а на 28 ноември 2023 година ја одбранува докторската дисертација со наслов „Синхрони и асинхрони форми на настава на далечина на катедрите за англиски јазик и книжевност на универзитетите" со што се стекнува со академиски степен доктор по филолошки науки - англиски јазик и литература.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Научен степен доктор на науки од соодветната област: кандидатката Адријана Хаџи-Николова на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, на Факултетот за јазици, култури и комуникација на Катедрата за англиски јазик ги положува сите предвидени испити на докторските студии од студиската програма Англиски јазик и литература: Англиски јазик, со просечна оценка 9.20, а на 28 ноември 2023 година ја одбранува докторската дисертација со наслов „Синхрони и асинхрони форми на настава на далечина на катедрите за англиски јазик и книжевност на универзитетите" со што се стекнува со академиски степен доктор по филолошки науки - англиски јазик и литература.
2. Ги завршила студиите од прв и втор циклус со просек од најмалку 8 (просечна вредност - нејзиниот просек на оцените од прв циклус студии е 9.53, а од втор циклус студии 10.0).
3. Има објавено минимум пет рецензирани меѓународни трудови во референтна научна публикација во областа во којашто се бира т.е. има објавено 18 публикации достапни на универзитетскиот репозиториум. Најистакнатите публикации следат во прилог во табелата, а сите објавени трудови ќе бидат образложени понатаму во овој реферат:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јанкова Алаѓозовска Натка, Даскаловска Нина и Хаџи-Николова Адријана | *Intercultural Communication Sensitivity - A Prerequisite For Developing Intercultural Communication Competence* | Philologia | 22 |
| 2 | Даскаловска Нина, Хаџи-Николова, Адријана и Јанкова Алаѓозовска Натка | *The Use of Metacognitive Listening Strategies by English Language Learners* | European Journal od English Language Teaching | 10 |
| 3 | Хаџи-Николова, Адријана, Даскаловска, Нина и Јанкова Алаѓозовска Натка | *Distance Learning - Development, Types and Tools* | Palimpsest - International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research | 9 |
| 4 | Хаџи-Николова Адријана и Даскаловска, Нина | *Методи на имплементација на стратегиите за читање* | Knowledge – International Journal | 16 |
| 5 | Хаџи-Николова, Адријана и Даскаловска, Нина | *The Role of Metacognition in Developing Reading Skills* | Knowledge – International Journal, Scientific Papers | 16 |

4. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

Кандидатката д-р Адријана Хаџи-Николова има завршено трет циклус студии од научната област англиски јазик и литература, има долгогодишно работно искуство во наставно-образовната дејност и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање доцент.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во периодот од февруари до јуни 2009 г. работи како практикант - кореспондент по германски јазик во Logwin Solutions Macedonia. Од јули до октомври 2009 г. работи како кореспондент по германски јазик во „Нов тренд" Дооел – Штип. Од ноември 2009 до септември 2012 г. работи како волонтер на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип каде што се занимава главно со преведување на веб-страницата ugd.edu.mk на англиски јазик. Од јуни 2011 година е ангажирана како локален координатор на испити преку Британското катче во рамките на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со цел спроведување на полагање испити за здобивање на меѓународни сертификати за познавање на англиски јазик. Од септември 2012 година до 2019 година работи како кореспондент по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Од 23.8.2019 г. на 196. седница на ННС на Филолошки факултет е избрана во лектор во наставно-стручната област англистика во рамките на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. На 3.5.2023 г. на 266. седница на ННС на Филолошки факултет е избрана во виш-лектор во наставно-стручната област англистика во рамките на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошкиот факултет кандидатката се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатката беше ангажирана на Катедрата за англиски јазик и книжевност за изведување лекторска настава по предметите Современ англиски јазик 1, Современ англиски јазик 2, Современ англиски јазик 5 и Современ англиски јазик 6 на групата во Струмица, Современ англиски јазик 7 и Современ англиски јазик 8 на групата во Штип како и за реализација на вежбите по следните предмети: Методика на наставата по англиски јазик и книжевност 1, 2, 3 и 4 во Штип и во Струмица.

Кандидатката се покажа како солиден и исполнителен соработник и во реализација на наставата по предметите Англиски јазик А2.1, Англиски јазик А2.2, Англиски јазик Б1.1, Англиски јазик, Б2.2 на другите катедри од Филолошки факултет како и Англиски јазик А2.1 и Англиски јазик А2.2. на header нематичните факултети во рамките на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип на Земјоделски факултет, Машински факултет, Факултет за туризам и бизнис логистика и Правен факултет. Во овој период д-р Адријана Хаџи-Николова одржува настава по горенаведените предмети, подготвува материјали за вежби и помага во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор.

Покрај наведените обврски, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

Д-р Адријана Хаџи-Николова важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, нејзините објавени трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација за целиот период од изборот на кандидатката д-р Адријана Хаџи-Николова во наставно-стручно звање *доцент:*

1. Jankova Alagjozovska, Natka and Daskalovska, Nina and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2023) *Intercultural Communication Sensitivity - A Prerequisite For Developing Intercultural Communication Competence.* Philologia, 21 (1). pp. 101-111. ISSN 1451-5342

Овој труд има цел да покаже дека наставниците по англиски јазик од источниот дел на Република Северна Македонија сѐ уште немаат интеркултурна обука и сѐ уште ги немаат развиено двата клучни предуслови за интеркултурна комуникациска компетенција: интеркултурна комуникациска свесност и интеркултурна комуникациска чувствителност. Со помош на прашалникот за наставници, доставен до наставниците од средните училишта во Струмица (Република Северна Македонија) и испратен во електронска форма во Русе (Република Бугарија) ја измеривме интеркултурната свесност. Резултатите откриваат дека 63% од испитаниците имаат средно ниво на интеркултурна свесност и дека не постои разлика во поглед на интеркултурната свесност во зависност од местото на живеење.

2. Daskalovska, Nina and Hadzi-Nikolova, Adrijana and Jankova Alagjozovska, Natka (2023) *The Use of Metacognitive Listening Strategies by English Language Learners.* European Journal of English Language Teaching, 8 (1). pp. 19-33. ISSN 2501-7136

Овој труд ја разгледува употребата на метакогнитивните стратегии за слушање кај учениците со средно и напредно ниво на познавање на англиски јазик во средните училишта и универзитети во Република Северна Македонија. Употребата на метакогнитивните стратегии за слушање е испитана со прашалник кои содржи пет групи на стратегии: за решавање проблеми, планирање и евалуација, ментално преведување, лично знаење и насочено внимание. Според направеното истражување, испитаниците се умерени корисници на метакогнитивните стратегии за слушање со средна вредност 4.18 за учениците од средните училишта и средна вредност 4.26 за студентите на универзитет.

3. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina (2023) *Motivation in Distance Learning.* Book of Proceedings/5th International Conference on Social Sciences and Humanities (IBU-ICSSH22)13-15 June 2022, Skopje. pp. 165-170. ISSN ISBN:978-608-4868-28-6

Овој труд ја прикажува важноста на мотивацијата во наставата на далечина. Наставата на далечина значи учење со електронски средства во своите домови или места каде студентите се чувствуваат удобно. Во синхроната форма на настава на далечина, а особено во асинхроната форма на настава на далечина, улогата на мотивацијата е клучна, бидејќи значи студентите да изберат учење пред компјутер додека вниманието може лесно да им се пренасочи во услови што не наликуваат на училница. Овде ставаме акцент на разните форми на мотивација, внатрешна,

надворешна и социјална поврзани со учењето на далечина, за најпосле да завршиме со мотивацијата за усвојување на англиски јазик во синхрона и асинхрона форма на настава на далечина во високото образование.

4. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina and Jankova Alagjozovska, Natka (2022) *Distance Learning - Development, Types and Tools.* Palimpsest - International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 7 (13). pp. 283-296. ISSN 2545-3988

Овој труд го разгледува прашањето дали може наставата на далечина да ја замени традиционалната настава. Се разгледуваат почетоците на наставата на далечина со праќањето на материјали за учење по пошта до денес со моменталниот технолошки развој. Понатаму се става акцент на двете форми на настава на далечина, синхрона кога наставниците и учениците работат интерактивно во исто време и асинхрона кога учениците учат сами, во нивно слободно време, а интеракција постои но со задоцнување. Најпосле се разгледуваат алатките што им се на располагање на наставниците и учениците за двете форми на настава на далечина.

5. Daskalovska, Nina and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2021) *Развивање на ученичка автономија.* Knowledge – International Journal, 46 (2). pp. 255-260. ISSN 2545-4439

Во овој труд се става акцент на комуникативните приоди во наставата, наспрема традиционалните, каде што учениците ја имаат централната улога. Учениците не се повеќе пасивни чинители, туку од нив се очекува активно да учествуваат во сите фази од наставниот процес, да преземаат одговорност за своето учење, да користат стратегии за подобри резултати во учењето, како и сами да го евалуираат сопственото достигнување. Притоа, терминот ученичка автономија станува поактуелен во наставата по странски јазик, а од учениците се очекува да бидат понезависни, сами да донесуваат одлуки, да развијат критичко размислување, а сето тоа да придонесе кон поефикасно и поефективно самостојно учење.

6. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina (2021) *Методи на имплементација на стратегиите за читање.* Knowledge -International Journal, 46 (2). pp. 277-281. ISSN 2545-4439

Овој труд става акцент на стратегиите за читање во наставата по странски јазик. Тие се клучен дел во разбирањето на текстот, па оттука една важна задача на наставниците е да ги пренесат стратегиите за читање на учениците, за да се создаде навика за нивна ефикасна и долгорочна примена. Постојат различни методи за имплементирање на овие стратегии во наставата, а во овој труд се разгледуваат четири. За сите нив заедничко е што сите вклучуваат активирање на претходното знаење и поттикнување на мотивацијата кај учениците со цел да се постигне разбирање на дадениот текст за читање.

7. Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2020) *Усвојување на вештината зборување во наставата по германски јазик.* Зборник на трудови / ФИЛКО Четврта меѓународна научна конференција, 23-25 мај 2019. pp. 360-371. ISSN ISBN: 978-608-244-698-1

Вештината зборување е една од четирите јазични вештини во усвојувањето на странски јазик, па модерната настава се стреми кон развивање на јазични компетенции и оспособување на учениците за комуникација во автентични јазични ситуации. Овој труд ја разработува темата на усвојување на вештината зборување во наставата по германски јазик во основните и средните училишта.

Истражувањата покажуваат дека оваа вештина потешко се усвојува и покрај долгогодишната настава по германски јазик. Оттука се става акцент на примена на разновидни вежби за полесно и позабавно усвојување на вештината зборување на часовите по германски јазик.

8. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina (2020) *The Role of Metacognition in Developing Reading Skills.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 41 (2). 415 -420. ISSN 2545-4439

Поимите когнитивност и метакогнитивност се доста присутни во литературата поврзана со вештината читање во наставата по странски јазик. Додека когнитивноста е нашето свесно размислување, метакогнитивноста е „когнитивност за когнитивноста", односно размислување за сопственото размислување. Метакогнитивните стратегии за учење се поврзани со размислување за процесот на учење, планирање на учењето, набљудување на разбирањето додека се случува и оценување на самиот себе кога се завршува со процесот на учење. Во овој труд се става акцент на поимот метакогнитивност како и на неговиот историски развој. Исто така во преден план се аспектите на метакогнитивноста и компонентите кои го сочинуваат тој процес, со посебен фокус на улогата на метакогнитивноста во процесот на читање и развивање на вештините на читање.

9. Daskalovska, Nina and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2020) *Teacher Roles in Foreign Language Instruction.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 41 (2). pp. 371-376. ISSN 2545-4439

Овој труд се фокусира на улогите на наставникот во наставата по странски јазици. Главните учесници во процесот на учење и поучување се наставникот и учениците. Тие се еднакви партнери во овој процес бидејќи успехот и ефективноста на учењето и поучувањето не зависат само од наставникот. Иако наставникот е тој кој ги планира и организира часовите и ги мотивира и поттикнува учениците да учат за да го усвојат потребното знаење и да ги развијат потребните компетенции за да можат да го користат јазикот надвор од училницата, учениците не може да бидат пасивни приматели на информациите пренесени од наставникот. Во таква атмосфера на активна вклученост, учество и соработка, наставникот и учениците може да имаат многу различни улоги.

10. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Tasevska, Marica (2019) *Стратегии за учење според Оксфорд.* Зборник на трудови / ФИЛКО Четврта меѓународна научна конференција, 23-25 мај 2019. ISSN 978-608-244-698-1

Постојат разновидни класификации на стратегиите за читање. Во овој труд се разгледува класификацијата на Оксфорд, која се однесува на стратегиите за учење како целина, односно за сите четири јазични вештини според Европската референтна рамка на јазици, со посебен акцент на оние што се поврзани со читањето. Главната поделба на стратегиите според оваа класификација е на директни и индиректни стратегии за учење. Директните стратегии ги опфаќаат мемориските, когнитивните и компензациските стратегии. Индиректните стратегии се метакогнитивните, афективните и социјалните стратегии. И бидејќи примената на стратегиите може свесно да се испланира, овој труд обрнува внимание на тоа дека треба да се влијае врз наставниците во планирањето на наставната дејност, што понатаму ќе креира успешни и подготвени ученици.

11. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina and Tasevska, Marica (2019) *Стратегии за читање пред, за време и после читањето.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 30 (5). pp. 1107-1112. ISSN 2545-4439

Овој труд ја разгледува проблематиката на постојаните промени што се случуваат во образовниот процес и нивното огромно влијание врз наставата по англиски како странски јазик. Притоа се објаснува дека денес усвојувањето на англискиот јазик настанува со развивање на комуникативната компетенција преку активирање на четирите јазични вештини. Во овој труд акцент се става на вештината читање и на важноста за креирање на стратешки читатели кои самостојно и успешно би се справиле со задачата читање. Акцент се става особено на стратегиите што се применуваат пред, за време и после читање на текстот кои наставниците треба успешно да ги пренесат на учениците. Се заклучува дека промените треба да настанат од самите наставници, што на крај ќе резултира во подобри и поуспешни ученици.

12. Daskalovska, Nina and Ulanska, Tatjana and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2019) *The Effects of Explicit Supplemental Instruction on Students' Language Competence.* Knowledge – International Journal, 30 (5). pp. 1151-1156. ISSN 2545 – 4439

Овој труд ги прикажува почетните резултати од реализација на проектот „Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет" за Групата по англиски јазик и книжевност. Проектот е започнат во 2017 година. Врз основа на првото тестирање, кандидатите се поделени во две групи, А и Б. Во првиот семестар група А посетуваше дополнителна настава, односно беше експериментална група со методот на експлицитна настава, а група Б беше контролна група. Резултатите од спроведеното второ тестирање покажуваат значителни разлики во подобрување на знаењата на експерименталната група, која посетуваше дополнителна настава, особено во делот пишување, наспрема контролната група која не посетуваше дополнителна настава.

13. Kuzmanovska, Dragana and Tasevska, Marica and Ulanska, Tatjana and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2019) *Explicit instruction as a tool for improving language competence.* 13th International Technology, Education and Development Conference, INTED, 11-13 March 2019, Valencia, Spain, 13 (13). pp. 3054-3057. ISSN 2340-1079

И овој труд ги прикажува резултатите од спроведување на проектот „Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет" за Катедрата по германски јазик и книжевност. Дополнителната настава се состои од два дополнителни часа во текот на наставата за двата семестри. Овде се става акцент на првиот дел од проектот а тоа е дополнителна настава во форма на експлицитна настава за учење на граматика и вокабулар како и разновидни вежби поврзани со комуникативниот пристап во изучување на германскиот јазик. Резултатите од второто тестирање покажуваат значително подобрување кај студентите од експерименталната група, кои ја следеле дополнителната настава и одговараат на прашањето дека дополнителната настава е потребна за подобрување на комуникативната јазична компетенција.

14. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Tasevska, Marica (2019) *Educational technology, threat or benefit to teachers.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 3. pp. 715-725. ISSN 978-608-244-308-9

Во овој труд се прави паралела на изучувањето на англискиот јазик пред 50 години и сега, со заклучок дека повеќе ништо не е исто. Денешните генерации се неразделно врзани со технологијата во сите делови од нивните животи, па и училиштето. Притоа се разгледуваат неколку теории во врска со употреба на технологијата во училницата. Особен акцент се става на имплементацијата на

проектот „Компјутер за секое дете“ спроведен во Македонија и во Ирска. И на крај се дава заклучок дека наставниците не треба да се плашат од технологијата и дека таа ќе им го заземе местото, туку да се навикнат на промената и да искористат што е можно повеќе од неа.

15. Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana and Donev, Dragan (2018) *Мотивацијата како клучен фактор за изучување на германскиот јазик кај учениците од средно гимназиско образование.* Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (12). ISSN 1857-7059

Мотивацијата е клучен фактор во секоја област, па и во изучување на странските јазици, со посебен акцент на германскиот јазик. Зборот мотивација доаѓа од латинскиот збор „movere" – се движи, па таа е движечка сила на секоја наша активност. Немотивираноста го попречува остварувањето на конкретни цели, па оттука предмет на истражување е токму присуството на мотивацијата кај учениците од средното гимназиско образование за изучување на германскиот јазик. Истражувањето се врши преку претходно подготвен прашалник за учениците, а неговите резултати се пласираат токму во овој труд, со надеж дека истите ќе можат да се интегрираати во наставата со цел полесно усвојување на странските јазици.

16. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina (2018) *Reading Strategies in English Language Instruction.* Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, III (5). pp. 269-280. ISSN 2545-3998

Англискиот јазик е во основата на модерното живеење, па затоа е и многу значаен. Во фокусот на овој труд се промените што настануваат во наставните програми по англиски јазик во основните и средните училишта, за кои самите сме сведоци. Учениците веќе не се пасивни набљудувачи туку активни учесници во наставниот процес. Англискиот јазик се усвојува преку четирите јазични вештини, а ние акцент ставаме на читањето. Од особен интерес се стратегиите за читање, а во овој труд се става акцент на теориите и мислењата поврзани со тие стратегии како и на тоа кои стратегии учениците свесно ги применуваат, а кои ги занемаруваат. Оттука клучна улога имаат наставниците во креирање на успешни читатели со критичко размислување.

17. Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2017) *Англицизмите во германскиот јазик врз примери од списанијата „JOY" и „WOMAN".* Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование ФИЛКО, 10-12 мај 2017, Воронеж, Русија. pp. 579-590. ISSN ISBN 978-608-244-469-7

Германскиот јазик низ својот историски развој под влијание на најразлични култури и технолошки достигнувања претрпува лексички промени. Постојано се препознава употребата на странски зборови, пред сè англицизми. Во модерното време, време на брз информатички и комуникациски развој употребата на англицизмите претставува централна тема во германскиот јазик. За повеќето луѓе нивната секојдневна употреба е сосема прифатена, додека пак другите остануваат скептични по ова прашање. Сепак тешко е да се занемарат овие зборови, затоа што се јавуваат во сите сфери на општественото живеење. Од големо значење за истражување на англицизмите претставува јазикот кој го користат младите. Нивното користење и замена со германските зборови не се сведува само на трите позначајни зборовни групи како што се именките, придавките и глаголите, туку нивната употреба се проширува и кај честичките и извиците. Омилени се и поздравните форми како и слоганите на англиски јазик. Во овој труд ќе се задржиме

на морфолошка анализа на англицизмите, застапени во германските списанија за жени „Joy“ и „Women“.

18. Daskalovska, Nina and Dimova, Violeta and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Ulanska, Tatjana and Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2017) *The role of supplemental instruction in improving students' language competence at the Faculty of Philology.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 19.3 (14). pp. 185-191. ISSN 1857-923X

Овој труд е всушност опис на проектот „Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет“ . Проектот ги вклучува студентите од прва година и проблемите со кои се соочуваат по предметите Современ англиски јазик, Современ германски јазик и Современ македонски јазик. Секоја група на студенти според првично направени тестови се дели на група А и група Б. Во првиот семестар група А посетува дополнителна настава од 2 часа, со експлицитно учење на граматика и вокабулар и други вежби во согласност со комуникативниот пристап на изучување на јазикот. Група Б е контролна група и не следи дополнителна настава во првиот семестар. Сите студенти повторно се тестираат за да се види ефектот од дополнителната настава на екперименталната група во однос на контролната група. Во вториот семестар група Б е експериментална група што следи дополнителна настава од 2 часа неделно, со имплицитно учење на јазикот преку литературни текстови. На крај сите студенти ќе се тестираат да се донесе заклучок кој пристап од двата тестирани е подобар во подобрување на јазичните вештини на студентите.

Сите овие активности укажуваат на успешноста на кандидатката Адријана Хаџи-Николова во наставно-педагошката и научноистражувачката дејност.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај објавените стручни трудови, кандидатката има учествувано со усна презентација на меѓународни и стручни конференции во земјава и во странство, како и учество на проекти:

19. Hadji-Nikolova, Adrijana, Daskalovska, Nina and Jankova Alagjozovska, Natka (2024) *Psychologival aspects of Distance learning.* International Conference of the Faculty of Langauges, Cultures and Communication at South East European University, titled as Languages, Cultures and Communication: The Future of the Humanities and Social Sciences, 31 мај 2024 год. во Тетово, Република Северна Македонија.

20. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina and Jankova Alagjozovska, Natka (2023) *The role of motivation in developing reading skills in a foreign language.* 7th International Conference of the English Department, Faculty of Philology, University of Belgrade: English Language & Literature Studies: Modern pespectives and beyond, 21-22 октомври 2023 год. во Белград, Република Србија.

21. Jankova Alagjozovska, Natka and Daskalovska, Nina and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2023) *Intercultural Communication Sensitivity - A Prerequisite for Developing Intercultural Communication Competence.* English Language & Literature Studies: Modern Perspectives and Beyond, 21-22 октомври 2023 год. во Белград, Република Србија.

22. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina (2020) *The Role of Metacognition in Developing Reading Skills.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 41 (2) pp. 415 -420. ISSN 2545-4439 од 21 до 23 август 2020 год во Струга, Република Северна Македонија.

23. Daskalovska, Nina and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2020) *Teacher Roles in Foreign Language Instruction.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 41 (2). pp. 371-376. ISSN 2545-4439. од 21 до 23 август 2020 год во Струга, Република Северна Македонија.

24. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Tasevska, Marica (2019) *Стратегии за учење според Оксфорд.* Зборник на трудови / ФИЛКО Четврта меѓународна научна конференција, 23-25 мај 2019. ISSN 978-608-244-698-1 од 23-25 мај 2019 год. во Воронеж, Русија.

25. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina and Tasevska, Marica (2019) *Стратегии за читање пред, за време и после читањето.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 30 (5), од 29 до 31 март 2019 год во Врњачка Бања, Република Србија.

26. Daskalovska, Nina and Ulanska, Tatjana and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2019) *The Effects of Explicit Supplemental Instruction on Students' Language Competence.* Knowledge – International Journal, 30 (5), од 29 до 31 март 2019 год. во Врњачка Бања, Република Србија.

27. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Tasevska, Marica (2019) *Educational technology, threat or benefit to teachers.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, од 26-27 април 2018 год. во Штип, Република Северна Македонија.

28. Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2017) *Англицизмите во германскиот јазик врз примери од списанијата „JOY" и „WOMAN".* ФИЛКО - Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, од 10 до 12 мај 2017 год. во Воронеж, Русија.

29. Учество на International Summer Academy (2022) at the Faculty of English Langauge under the framework of the Global UBT FEST 2022 на 18 јули 2022 год. во Приштина, Косово.

30. Учество во Проектот „Ментор" (2016), кој заедно го спроведуваат Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и Преведувачкото биро „ПСД" од Словенија, во која претставници на словенечкото претпријатие ќе држат обуки за студентите од УГД за применување на најсовремените алатки за преведување, а истовремено преку тестови ќе бидат избрани и најдобрите преведувачи кои ќе можат да добијат можност и да работат за ПСД од Словенија;

31. Учество во проект: Даскаловска,Нина и Ивановска, Билјана и Леонтиќ, Марија и Поп Зариева, Наталија и Крстева, Марија и Тодорова, Марија и Тасевска, Марица и Хаџи-Николова, Адријана (2018) Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет;

Покрај овие активности, д-р Адријана Хаџи-Николова активно учествува и во организациските активноти на Филолошкиот факултет:

32. Учество во Организационен одбор на Меѓународната конференција „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов" која се одржа на 25-26 мај 2023 год. на Филолшки факултет, УГД, Штип.

33. Организирање на работилница со студентите од Катедра за англиски јазик на тема " Commonwealth Day – Delivering a Common Future, Connecting, Inovating, Transforming" на 14 мај 2022 год.

34. Член на Институт за јазици;

35. Член на комисија за одбрана на дипломски труд;

36. Член на комисија за комисиско полагање на испити;

37. Член на уписна комисија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Адријана Хаџи-Николова поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката д-р Адријана Хаџи-Николова во звањето *доцент* за научната област Англистика и Методика на јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Нина Даскаловска, редовен професор, претседател, с.р.

Проф. д-р Агим Пошка, вонреден професор, член, с.р.

Доц. д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска доцент, член, с.р.

## 4.ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>Труд бр. 3, 4, 6, 8,10,11, 14 и 16 (прв автор),<br>Труд бр. 2, 5, 7, 9, 15 и 17 (втор автор)<br>Труд бр. 1,12,13, 18 (трет итн. автор) | 4<br>1 | 9<br>6 | 4<br>5<br>4 | 9<br>6<br>3 | 120 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство<br>Активност реден бр. 20, 22, 24, 25 и 27 | 1 | 1.5 | 4 | 2 | 9.5 |
| | Одржано предавање по покана на научна институција<br>-ред. бр. 29 Summer Academy – Faculty of English language, 2022 | | | 1 | 3 | 3 |
| | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов“ 2023 – јазично уредување на англиски јазик, ред. бр 32 | 1 | | | | 1 |
| | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | 145.5 |

| Ред. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Учесник во научен проект (најмногу три)<br>Активност реден бр.30 и 31 | 2 | 5 | | | 10 |
| | Член на Институт за јазици ред. бр. 34 | 1 | | | | 2 |
| | Организација на настани (работилници, обуки, стручни собири, тркалезни маси, дебати, семинари, вебинари и сл.) ред. бр. 33<br>-Организирање на работилница со студентите од Катедра за англиски јазик на тема „Commonwealth Day – Delivering a Common Future, Connecting, Inovating, Transforming” на 14 мај 2022 год. | 1 | 2 | | | 2 |
| | Член на факултетски орган, комисија<br>Активност реден бр.35,36,37 | 3 | 2 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | 20 |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | 165.5 |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ СОЦИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-66/3 од 8.7.2024 година донесена на 198. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 8.7. 2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *социологија* на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави:

д-р Даниела Коцева, вонреден професор.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Вонреден проф. д-р Даниела Коцева е родена на 30.3.1984 год. во Штип. Основно и средно гимназиско образование завршува во Штип со одличен успех.

Во 2002 година се запишува на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Штип на отсекот Одделенска насока. Студиите ги завршува во предвиденото време со среден успех 9.5, со што е прогласена за најдобар студент на генерацијата 2002/2006 г., пофалена и наградена од деканот на Педагошки факултет „Гоце Делчев” во Штип, ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, како и од премиерот на Владата на Република Македонија. По завршувањето на првиот циклус на студии се стекна со звање дипломиран професор по одделенска настава.

Веднаш по завршувањето на факултетот истата 2006 година се вработува како одделенски наставник во ОУ „Страшо Пинџур” - Карбинци.

Во учебната 2007/2008 година, како редовен студент, се запишува на постдипломски студии на Филозофскиот факултет, Институт за социологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Студиите успешно ги завршува со среден успех 9,6 и одбрана на магистерскиот труд под наслов „Разликите во образовните постигнувања по етничка основа кај учениците во основните училишта во општините Штип, Кочани и Радовиш“ на ден 28.12.2010 година и се стекнува со научен степен магистер на социолошки науки.

Образованието го продолжува понатаму на Филозофскиот факултет, Институт за социологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде што на 29.9.2014 година успешно ја одбрани докторската дисертација под наслов „Религиското образование во мултиетничките општества со осврт на македонското општество“, под менторство на проф. д-р Марија Ташева, со што се здобива со научен степен доктор на социолошки науки.

Во 2007 година избрана е за соработник помлад асистент на група педагошки предмети на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во 2012 година е избрана во звањето асистент за наставно-научната област социологија на културата и општа социологија.

Во 2015 година избрана е во наставник во звањето доцент за наставно-научните области општа социологија и социологија на етнички групи на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, а од 2019 година е избрана во звање вонреден професор за наставно-научните области општа социологија и социологија на етничките групи.

**Општи услови за избор:**

Кандидатката има остварено на додипломските студии просечен успех од 9,5, а на постдипломските студии просечен успех од 9,65;

- Д-р Даниела Коцева е доктор на социолошки науки;
- Претходниот избор и е во звање вонреден професор за наставно-научните области општа социологија и социологија на етничките групи;
- Кандидатката има објавено 11 труда во меѓународни списанија, односно зборници од меѓународни научни конференции.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Koceva Daniela | *The impact of family's structural characteristics and its relation to sports achievements - a sociological aspect.* | International Journal of Kinesiology and Other Related Sciences. ISSN 1857-7679 https://eprints.ugd.edu.mk/33647/ | 2023 |
| 2. | Koceva Daniela | *The Reflection of the Social Context on the Pedagogical Activity.* | EDUvision 2023 »Novi izzivi današnjega časa – priložnosti za vključevanje inovativnih rešitev v izobraževanje 21. stoletja«. ISSN 978-961-96514-2-1 https://eprints.ugd.edu.mk/33142/ | 2023 |
| 3. | Dragovic, Anica and Drakulovska Chukalevska, Marija and Koceva, Daniela | *Qualitative approach in population study research.* | Proceedings of the Tenth International Scientific Conference Social Changes in the Global World, 2 (10). ISSN 978-608-244-999-9 https://eprints.ugd.edu.mk/32650/ | 2023 |
| 4. | Koceva, Daniela and Projkov, Nikola | *Management systems in schools.* | Vospitanie - Journal of Educational Sciences, Theory and Practice. ISSN 1857-8705 https://eprints.ugd.edu.mk/33508/ | 2023 |
| 5. | Koceva, Daniela | *The new form of socialization in the modern family.* | International Conference EDUchallenge »Challenges in Education and Evaluation of Knowledge«. ISSN 978-961-95939-7-4 https://eprints.ugd.edu.mk/32660/ | 2023 |
| 6. | Koceva, Daniela and Projkov, Nikola | *Models of School Staff Motivation.* | KRUGOVI DETINJSTVA časopis za multidisciplinarna istraživanja detinjstva Godina 11. (2023), broj 2. ISSN 2334-7929 https://eprints.ugd.edu.mk/34030/ | 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Koceva, Daniela and Gjorgova, Irena | *Мерки за превенција на училишното насилство.* | Годишен зборник Факултет за образовни науки, 12. ISSN 1409-9187 https://eprints.ugd.edu.mk/33311/ | 2023 |
| 8. | Koceva, Daniela | *Intercultural Communication in Multicultural Environment – Developing Intercultural Competences among Students' Future Teachers.* | EDUvision 2022 »Novi izzivi današnjega časa – priložnosti za vključevanje inovativnih rešitev v izobraževanje 21. stoletja«. ISSN 978-961-95939-4-3 https://eprints.ugd.edu.mk/32659/ | 2022 |
| 9. | Koceva, Daniela and Mirascieva, Snezana | *Рефлексијата на одделни телевизиски содржини и појавата на насилство кај децата.* | Conference proceedings, Fifth International Scientific Conference "Filko" - Philology, Culture and Education. ISSN ISBN: 978-608-244-787-2 https://eprints.ugd.edu.mk/27589/ | 2020 |
| 10. | Koceva, Daniela | *Review of policies and models for the integration of minority groups in multicultural societies.* | Vospitanie - Journal of educational sciences, theory and practice. ISSN 1857-8705 https://eprints.ugd.edu.mk/27391/ | 2020 |
| 11. | Koceva, Daniela and Baruti, Shukrije and Mirascieva, Snezana | *Јазиком и говором во функција на општествена и индивидуална адаптација.* | Conference proceedings, Fifth International Scientific Conference "Filko" - Philology, Culture and Education. ISSN ISBN: 978-608-244-787-2 https://eprints.ugd.edu.mk/27588/ | 2020 |

-Кандидатката го познава и употребува англискиот јазик.
-Има способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**
**Учество во научноистражувачки проекти**

Вонреден професор д-р Даниела Коцева во периодот 2015 – 2024 е дел од проектот „***Универзитетски курикулум за интеркултурна работа со млади***", *Центар за балканска соработка НВО „LOJA"* Тетово. https://eprints.ugd.edu.mk/32662/ .

Во 2024 г., е дел од проектот „Промоција на безбедна училишна средина". МЦГО https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=34367#t

Во 2023 г. е дел од проектниот тим за унапредување на медиумската писменост. Barbareev, Kiril and Stojanov, Trajce and Koceva, Daniela and Runceva, Jadranka (2023) *Media literacy.* https://eprints.ugd.edu.mk/32689/

Како и од проектот кој се фокусира на заштитата на материјалното и нематеријалното културно наследство. Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Koceva, Daniela and Stojkov, Stojko and Nacev, Trajce and Zdraveva, Ana and Panev, Kristijan (2023) *Социо-антрополошки, правни и историски аспекти на заштитата на културното и историско наследство во општина Карбинци.* https://eprints.ugd.edu.mk/33200/

По покана на ЈЗУ „Неофит Рилски" - Благоевград, Бугарија, реализира студиски престој во периодот 7.3 – 11.3.2022 г. во чии рамки одржа предавање на

тема „Медиумите и комуникацијата во мултикултурна средина“ на студентите на програмата за предучилишна педагогија на Педагошкиот факултет.

Од 25.8.2021 - 4.9.2021 г., вонреден проф. д-р Даниела Коцева, како експерт од областа реализираше обуки за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници) во основните училишта во РС Македонија во рамките на ЦЕС Академијата согласно со Јавниот оглас на Биро за развој на образованието на следниве теми:

- Дизајнирање објективни тестови на знаење,
- Стратегии за менаџмент во училница – принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн/виртуелна училница.
- Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство).

**Придонес во оспособување на помлади наставници и соработници**

Вонр. проф. д-р Даниела Коцева работи како професор по наставно-научната област социологија на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Ангажирана е во наставата на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки, Факултетот за медицински науки, Ликовната академија и Филолошки факултет на следниве предметни дисциплини: Интеркултурно образование, Социологија на образование, Социологија на уметноста, Социологија на здравје и болест, Воспитание и образование за демократско општество, Религиско образование, Историја на религиите, Воспитание и образование за демократско општество, Етничност и национализам.

Ангажирана е во наставата на втор циклус на следниве предметни дисциплини: Образовен менаџмент, Образовни системи и законодавства, Интеркултурно образование, Современи теории за идентитетот и етницитетот, Раса, нација етничност, Етничките и малцинските групи во глобалното општество, Социо-педагошки аспекти на воспитно-образовната дејност. Професионалниот однос се изразува и во оценувањето и менторирањето на дипломски, специјалистички и магистерски трудови.

Вклучена е во наставата, контрола и менторирање за практичната настава на студентите запишани на програмата за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Професионалниот однос на вонреден проф. д-р Даниела Коцева се изразува и во оценувањето и менторирањето на дипломски, специјалистички и магистерски трудови. Била дел од пет комисии за оцена и одбрана на докторски труд, единаесет комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови и во шеесет и шест комисии за одбрана на дипломски труд.

Ангажирана е и во наставата на трет циклус – докторки студии.

Во моментот е раководител на Катедрата за општествени и хуманистички науки и ја извршува и функцијата продекан на Факултетот за образовни науки.

**Рецензиран универзитетски учебник:**

**Книги:**

1. **Koceva, Daniela (2024)** *Социологија.* Универзитет „Гоце Делчев“- Штип. ISBN 978-608-277-061-1

https://e-lib.ugd.edu.mk/pdf/pdf_ss9s/64616e69656c612e6a616b696d6f7661an.pdf https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=34499

**Прирачник:**

1. Memeti, Memet and Damovska, Lena and Mirascieva, Snezana and Atanasovska, Tatijana and Muhikj, Maja and Kochoska, Jasminka and **Koceva, Daniela** and Ahmeti, Kustrim and Tasevska, Alma (2020) *Multicultural education: Concepts and Methods Handbook.* In: Multicultural education, Concepts and Methods: Handbook. Centre for Balkan Cooperation, LOJA. ISBN 978-608-66247-2-9 https://eprints.ugd.edu.mk/24378/

**Монографија**

1. Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and Petrovska, Sonja and Sivevska, Despina and Kitanova, Irena and **Koceva, Daniela** and Josimovska, Verica and Cackov, Oliver and Stojanov, Trajce (2020) *Педагошки факултет, Факултет за образовни науки (1995-2020).* Documentation. Универзитет „Гоце Делчев", Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/27320/

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Даниела Коцева со одлука на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип од 13.11.2007 година е избрана за соработник во звањето помлад асистент по група предмети (Одделенска настава и Предучилишно воспитување) и е ангажирана за настава по предметите: Училишна педагогија на Одделот за одделенска настава (Педагошки факултет); Педагошка практика на Одделот за одделенска настава (Педагошки факултет); Педагогија на слободно време (изборен предмет) на Одделот за одделенска настава (Педагошки факултет), додека во учебната 2009/2010 е ангажирана за изведување на вежби на предметите: Социологија на образованието (Педагошки факултет); Општествено уредување со просветно законодавство (Педагошки факултет); Мултикултурно образование (изборен предмет); Културологија (изборен предмет); Македонски јазик со култура на изразување (Педагошки факултет).

По изборот за асистент (10.7.2012 година) за научната област социологија на културата и општа социологија ангажирана е за изведување на вежбите по следните предмети: Социологија на образование на Факултетот за образовни науки, Основи на општествено уредување со просветно законодавство на Факултетот за образовни науки, Мултикултурно образование и Религиски системи на Факултетот за образовни науки, Социологија на здравје и болест на Медицински факултет и Високата здравствена школа, Социјална антропологија на Факултетот за природни и технички науки, Образовни системи на Филолошкиот факултет, Јазикот на етничките заедници во РМ на Филолошкиот факултет, Верските заедници во Република Македонија на Факултетот за образовни науки, Социологија на културата на Факултетот за образовни науки, Историја на образованието на Македонија на Факултетот за образовни науки, Образовен менаџмент на Факултетот за образовни науки.

Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки на својата 73. седница, одржана на ден 17.4.2015 год., донесе одлука д-р Даниела Коцева да се избере во наставник во звањето доцент за наставно-научните области општа социологија и Социологија на етничките групи на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Ангажирана е во наставата на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки, Факултетот за медицински науки, Ликовната академија и Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на следниве студиски програми и предметни дисциплини: Мултикултурно образование на студиските програми Одделенска настава, Предучилишно воспитување, Педагогија. Социологија на образование на студиските програми Одделенска настава, Предучилишно воспитување, Педагогија. Воспитание и образование за демократско општество на студиската програма Педагогија. Социологија на уметност на Студиската програма по класично сликарство, Историја на религии на Студиската програма по класично сликарство. Социологија на здравје и болест на Студиската програма за дипломиран забен техничар протетичар, дипломирана стручна медицинска сестра, дипломиран стручен оптометрист. Воспитно-образовен систем на РМ на студиските програми Географија и Биологија.
Верските заедници во Македонија на студиската програма Историја, Родови студии на студиската програма Историја, Образовен менаџмент на студиската програма Историја со археологија - наставна насока.

Како и во наставата на втор циклус студии на Факултетот за образовни науки на Менаџмент во образованието.

Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки на 140. седница одржана на 19.12.2019 година донесе одлука д-р Даниела Коцева да се избере во наставник во звањето вонреден професор за наставно-научните области општа социологија и социологија на етничките групи на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Ангажирана е во наставата на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки, Филолошкиот факултет, Факултет за медицински науки и на Ликовната академија на следниве студиски програми и предметни дисциплини:

- Интеркултурно образование на студиските програми Педагогија, Предучилишно воспитување, Одделенска настава, Италијански јазик и книжевност, Македонски јазик и книжевност, Турски јазик и книжевност.
- Воспитание и образование за демократско општество на студиската програма Педагогија.
- Религиско образование на студиската програма Предучилишно воспитување и Одделенска настава.
- Етничност и национализам на студиската програма Историја со археологија.
- Социологија на образованието на студиските програми Одделенска настава, Предучилишно воспитување, Педагогија.
- Историја на религии на студиските програми Класично сликарство и Историја со археологија.
- Социологија на здравје и болест на Студиската програма за медицински сестри.
- Социологија на уметноста на Студиската програма по вајарство.

Ангажирана е во наставата на втор циклус на студии на Факултетот за образовни науки на следниве студиски програми и предметни дисциплини.

- Образовен менаџмент – на студиската програма Образовни политики и образовен менаџмент.
- Образовни системи и законодавства на студиската програма Образовни политики и образовен менаџмент.
- Интеркултурно образование на студиските програми Образовни политики

и образовен менаџмент, Образование на наставниците и професионален развој, Методика, Педагогија, Специјалистички студии за стекнување на наставнички компетенции.

- Современи теории за идентитетот и етницитетот на студиската програма Историја, митови и идентитети.
- Раса, нација етничност на студиската програма историја, митови и идентитети.
- Етничките и малцинските групи во глобалното општество на студиската програма Историја, митови и идентитети.
- Социо-педагошки аспекти на воспитно-образовната дејност на студиските програми образование на наставниците и професионален развој, методика, педагогија.

Вклучена е во наставата, контрола и менторирање на практичната настава на студентите запишани на програмата за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Ангажирана е и во наставата на трет циклус – докторки студии на Факултетот за образовни науки.

Професионалниот однос на вонреден проф. д-р Даниела Коцева се изразува и во оценувањето и менторирањето на дипломски, специјалистички и магистерски трудови. Била дел од пет комисии за оцена и одбрана на докторски труд, единаесет комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови и во шеесет и шест комисии за одбрана на дипломски труд.

Во периодот 7.3 – 11.3.2022 г. има реализиран краток студиски престој на Југозападен универзитет „Неофит Рилски“ - Благоевград, Бугарија, и реализирано предавање на тема „Медиумите и комуникацијата во мултикултурна средина“ на студентите на програмата за предучилишна педагогија на Педагошкиот факултет.

**<u>Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси до изборот за редовен професор:</u> <u>(2008 – 2019)</u>**

1. Ulanska, Tatjana and **Koceva, Daniela** (2014) *Промените во општеството како причина за семантичка екстензија во современиот македонски јазик*. In: International Scientific Conference "Influence of the scientific and tehnological development in the field of law, economy, culture, education and security in Republic of Macedonia", 30-31 Oct 2014, Skopje, Macedonia.
2. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2014) *Religious education in function of multiculturalism from Macedonian perspective*. In: 9th International Balkan Education and Science Congress, 16-18 Oct 2014, Trakya University, Edirne, Turkey.
3. Petrovski, Vlado and **Koceva, Daniela** (2014) *Мултикултурализмот и професионалниот развој на учителот*. In: Научно-стручна трибина на тема: „Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век“, 03 Oct 2014, Stip, Republic of Macedonia.
4. **Koceva, Daniela** and Petrovski, Vlado and Mirascieva, Snezana (2014) *Education and the labour market in R. Macedonia in the globalization context*. In: 3rd World Conference on Design, Arts and Education, 02-03 May 2014, Dubrovnik, Croatia.
5. Petrovski, Vlado and **Koceva, Daniela** (2013) *Наставникот современото образование и глобализацијата*. In: Научно-стручна трибина на тема „Наставникот - некогаш, денес, утре“ , 04 Oct 2013, Stip, R. Makedonija.

6. Petrovski, Vlado and Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2008) *The multiethnic and the reflections on the education in the Republic of Macedonia*. In: Scientific Conference "Intercultural dialogue and integration", 12-13 May 2008, Blagoevgrad, Bulgraia.

7. **Koceva, Daniela** (2019) *Religious education potential tool for social cohesion*. In: First European Conference on Religious Dialogue and Cooperation.14 -19.10.2019, Struga.

8. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2019) *Types of violent behaviors in schools and prevention measures of school violence.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. 11-13.10.2019, Kavala, Greece ISSN 1857-923X

9. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2019) *Intercultural schools need of modern society.* Седма международна научна конференция „Съвременното образование условия,предизвикателства и перспективи" . 14 -16.06. 2019, Blagoevgrad, ISSN ISBN: 978-954-00-0200-2

10. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2019) *Детската градина и нейната роля во граденето на общество на бъдещето.* Сборник Съвременни тенденции в предучилищното възпитание., Sandanski ISSN 2367-5284

11. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2018) *Dilemmas of multiculturalism.* Contemporary Education - Condition, Challenges and Perspectives VI International Scientific Conference, 11-12.05.2018, Stip. Proceeding Book –. ISSN ISBN: 978-608-244-525-0

12. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2018) *Развојот на културата под влијание на комуникациските медиуми.* Третата меѓународна научна конференција ФИЛКО (филологија, култура, образование). 26 – 27.04. 2018, Stip. ISSN ISBN: 978-608-244-593-9

13. **Koceva, Daniela** (2017) *Учителот и социјализацијата.* Петта научно-стручна трибина „Да се биде учител..."06.10.2017, Штип, ISSN ISBN: 978-608-244-470-3

14. **Koceva, Daniela** (2017) *Purpose and benefit of intercultural education in Macedonian society.* Education and Research across Time and Space, Third International Conference EDUCATION ACROSS BORDERS. 6-7.10. 2016, Bitola, pp. 950-956. ISSN ISBN: 978-9989-100-50-5

15. Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena and Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2017) *The educator as a creativity ancourager in children.* VIII Međunarodna naučno-stručna konferencija „Unapređenje kvalitete života djece i mladih" 23. - 25. 06. 2017. godine, Aranđelovac, Srbija. pp. 99-102. ISSN 1986-9886

16. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2017) *Образованието на Ромите и неговите слабости.* Петта научно - стручна конференција со меѓународен карактер на тема: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи17 мај Голема сала Собрание на Општина Штип, pp. 164-169. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

17. **Koceva, Daniela** (2017) *Улогата на црквата некогаш и денес.* International Scientific Conference St.Kliment's Lifework. 23-24 June 2016 Shtip, Macedonia ISSN ISBN: 978-608-244-404-8

18. Stojanovski, Strasko and **Koceva, Daniela** and Nikolova,

Magdalena (2016) *Религиската дистанца во Република Македонија.* In: Меѓународна научна конференција: Новите предизвици на социолошката имагинација (во чест на Чарлс Рајт Милс), 25-26 Nov 2016, Skopje, Macedonia.

19. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2016) *Култура, глобализација, идентитет.* Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО" - филологија, култура и образование, 18-19 March 2016, Stip. ISSN ISBN 978-608-244-308-9

20. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2016) *Интеркултурните компетенции – предизвик за наставниците во мултикултурните општества.* Научно - стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија", (одржана на ден 7.10.2016 година, Факултет за образовни науки, Штип). ISSN ISBN: 978-608-244-365-2

21. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2016) *Семејството како средина за учење и позитивен развој.* Научно - стручна трибина „Учителот и средината за учење и развој ",(одржана на ден 7.10.2016 година, Факултет за образовни науки, Штип). ISSN ISBN: 978-608-244-364-5

22. **Koceva, Daniela** (2016) *Меѓуетничките односи во образовниот систем.* Conditions, challenges and perspectives in education in the Republic of Macedonia. ISSN ISBN: 978-608-242-037-0

23. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2016) *New educational policies and their reflections on social developments.* Education in XXI century – conditions and perspectives – International Scientific Conference Stip, 24-25 Sept 2015. ISSN ISBN: 978-608-244-275-4

24. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2015) *Социјализација и е-учење.* Научно-стручна конференција со меѓународен карактер: „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија". 13.05.2015, Штип pp. 165-168. ISSN ISBN: 978-608-242-021-9

**Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси во изборниот период 2019-2024**

1. Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Josimovska, Verica and **Koceva, Daniela** (2024) *Dimensioning of strategies in contemporary educational work in a historical context– from Comenius to Stream –.* In: International Conference Stem/Steam/Stream Approach in Theory and Practice of Contemporary Education., 31 May 2024, Jagodina, Srbija.

**2. Koceva, Daniela** (2024) *Language as an imperative for higher educational achievements.* In: Mednarodna online konferenca EDUizziv, Junij 2024 "Izzivi poučevanja in vrednotenja znanja", 26-28 Juni, 2024. ( пленарно предавање)

**3. Koceva, Daniela** (2023) *The Reflection of the Social Context on the Pedagogical Activity.* 13. mednarodna konferenca EDUvision 2023 »Novi izzivi današnjega časa – priložnosti za vključevanje inovativnih rešitev v izobraževanje 21. stoletja«. ISSN 978-961-96514-2-1 (пленарно предавање)

4. Dragovic, Anica and Drakulovska Chukalevska, Marija and **Koceva, Daniela** (2023) *Qualitative approach in population study research.* Proceedings of the Tenth International Scientific Conference Social Changes in the Global World, 2 (10). ISSN 978-608-244-999-9

5. **Koceva, Daniela** (2023) *The new form of socialization in the modern family.* International Conference EDUchallenge »Challenges in Education and Evaluation of Knowledge«. ISSN 978-961-95939-7-4

6. **Koceva, Daniela** (2023) *The impact of family's structural characteristics and its relation to sports achievements - a sociological aspect.* International Journal of Kinesiology and Other Related Sciences. ISSN 1857-7679

7. **Koceva, Daniela** (2022) *Intercultural Communication in Multicultural Environment – Developing Intercultural Competences among Students' Future Teachers.* 12. mednarodna konferenca EDUvision 2022 »Novi izzivi današnjega časa – priložnosti za vključevanje inovativnih rešitev v izobraževanje 21. stoletja«. ISSN 978-961-95939-4-3 (пленарно предавање)

8. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2020) *Рефлексијата на одделни телевизиски содржини и појавата на насилство кај децата.* Conference proceedings, Fifth International Scientific Conference "Filko" - Philology, Culture and Education. ISSN ISBN: 978-608-244-787-2

9. **Koceva, Daniela** and Baruti, Shukrije and Mirascieva, Snezana (2020) *Јазикот и говорот во функција на општествена и индивидуална адаптација.* Conference proceedings, Fifth International Scientific Conference "Filko" - Philology, Culture and Education. ISSN ISBN: 978-608-244-787-2

**Список на објавени стручни и научни трудови**

**Објавени стручни и научни трудови до изборот за редовен професор (2008-2019)**

Објавени трудови:

1. V. Petrovski, S. Mirasčieva, **Daniela Jakimova**, (2008), „The multiethnic and the reflections of the education in the Republic of Macedonia", Scientific Conference "Intercultural dialogue and integration", Blagoevgrad 12-13 May.

Трудот се осврнува на проблемите на мултиетничкото образование во РМ.

2. В. Петровски, **Даниела Јакимова** (2008), „Религиско или религиозно образование – дилеми и потреби", Основното и предучилишно образование и воспитание – предизвик на 21-от век, Меѓународна научно-практична конференција, Штип.

Во трудот се прави осврт на дискусијата околу потребата за воведување на религиско образование во РМ, со наведување на сопствен став во однос на овој проблем.

3. **Daniela Jakimova**, (2010), "Differences in educational achievements of pupils belonging to different ethnicities in R.Macedonia", World Conference on Educational Sciences (WCES-2010), Bahcesehir University, Istanbul, Turkey, 4-8 February 2010 - Innovation and Creativity in Education.

Се анализираат состојбите во однос на образовните постигнување на учениците од различни етнички заедници, врз основа на теренско истражување од квантитативен тип.

4. V. Petrovski, S. Mirasčieva, **Daniela Jakimova**, (2009), „Socialization and E-learning", V Medjunarodni simpozijum tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja, Sombor.

Намерата на трудот е да се изнесе сопствениот став во однос на дилемата дали е-учењето може да биде во функција на социјализацијата на учениците во основните училишта.

5. Petrovski, V., Mirasčieva, S., **Jakimova Daniela**, (2009), „Etnical nationality in Macedonia and the educational language of the members of ethnical communities“, 12th International Conference on Inclusive Education in the Balkan Countries: Policy and Practice, Ohrid.

Трудот е темелен на анализа на јазикот на образованието во основните училишта во РМ.

6. Vlado Petrovski, Snezana Mirascieva, **Daniela Jakimova** (2010), „Multiculturalism and the bilingualism in the Republic of Macedonia“, Науката, образованието и изкуството през 21ви век, Годишник том IV, Съюз на учените в България клон Благоевград.

Во овој труд се бара одговор на прашањето колку билингвалноста во наставата, и е во функција на реализација на целта на мултикултурното општество.

7. **Daniela Jakimova** (2010), "Theoretical assumptions of using ICT in education", 13- th Internacional conference "ICT in the education of the Balkan countries» Varna 17-19 June.

Во трудот се упатува на предностите и слабостите од употребата на ИТ технологијата во наставата.

8. **Даниела Јакимова**, Т. Уланска, (2010), „Образованието и јазичното прашање како дел од мултикултуралноста", Петти меѓународен научен собир на тема „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ХУМАНО ОПШТЕСТВО“, Охрид, 28 и 29 мај 2010 година.

Авторките со овој труд се вклучуваат во полемиката околу справедливоста на билингвалното образование во услови на нагласени меѓуетнички напнатости во РМ.

9. **Daniela Koceva**, (2011), "Social Changes, education and educational policy", VI Balkan Educational and Science Congres: The Modern Society and Education, Ohrid.

Во трудот се изнесуваат ставови во однос на усогласеноста на образовната политика на РМ со актуелните општествени промени.

10. **Daniela Koceva**, (2011), "Meaning of education and differences in students educational achievements", International Scientific Symposium, 65 Years jubilee Institute of Pedagogy: Education between Tradition and modernity, Ohrid, 22-24 September, 2011.

Во трудот се даваат предлози за унапредување на образовните постигнувања на учениците.

11. **Даниела Коцева**, Владо Петровски, (2012) „Мултикултурализам – етнички конфликт како општествен феномен – причини и анатомија на конфликтот", Годишен зборник 2012, Факултет за образовни науки, ISSN 1409-9187, pp.77-85.

Трудот претставува теоретски осврт на природата на етничките конфликти и нивна класификација.

12. **Daniela Koceva**, Vlado Petrovski, (2012) „Образовната политика и осврт кон образовните постигнувања по етичката основа во Република Македонија", Воспитание (списание за образовна теорија и практика), 8 (12). pp. 141-148. ISSN 1857/5331.

Во трудот се коментира Стратегијата за развој на образованието 2005-2015 во делот на образовните постигнувања по етничка основа.

13. Владо Петровски, **Даниела Коцева** (2013), „Образованието и воспитанието во современото општество“, Образованието и воспитанието – од традицијата до современост Научно-стручна расправа на тема: Општина Штип, 22.5.2013 година.

Трудот претставува осврт на улогата на образованието и воспитанието во современото општество.

14. **Даниела Коцева**, Снежана Мирасчиева, Владо Петровски, (2014), „Глобализацијата и нејзиното влијание врз образованието", Меѓународна научна конференција на Филозофскиот факултет при Државниот универзитет во Тетово, на тема „Социо-културни проблеми и современи предизвици".

Во трудот се прави осврт на влијанието на глобализацијата врз образовните процеси, со фокус на високото образование.

15. **Daniela Koceva**, Vlado Petrovski, Snezana Mirascieva,(2014) "Education and the Labor market in the Republic of Macedonia in the Globalization context", 3rd WORLD CONFERENCE on DESIGN, ARTS, AND EDUCATION – 02 - 03 May 2014 - Dubrovnik – Croatia

Во трудот се анализираат владините политики за усогласување на образованието со потребите на работниот пазар.

16. **Даниела Коцева**, Владо Петровски, Снежана Мирасчиева, (2014), „Стручната подготвеност на наставниците за реализација на наставата по религиско образование во Република Македонија", Научно-стручна трибина „Наставникот-некогаш, денес, утре" Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Во трудот се полемизира по прашањето за иницијалната едукација на наставниците коишто треба да ја изведуваат наставата по религиско образование.

17. Владо Петровски, **Даниела Коцева**, (2014), „Наставникот-современото образование и глобализацијата", Научно-стручна трибина „Наставникот-некогаш, денес, утре" Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Се упатува на улогата и потребните компетенции на наставникот во училиштето денес.

18. Владо Петровски, **Даниела Коцева**, (2014), „Образовните институции и јавната политика", Научном скуп Савремене тенденције у наставним и ваннаставним активностима на учитељским (педагошким) факултетима, Универзитет у Нишу: Учитељски факултет у Врању.

Се разгледува проблемот на комуникацијата на училиштето со носителите на образовните политики.

19. Владо Петровски, **Даниела Коцева** (2014), „Улогата и значењето на контролната функција во воспитно-образовниот процес", Научно-стручна конференција „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи", Општина Штип, Факултет за образовни науки Штип, 14.5.2014.

Авторите го искажуваат сопствениот став за одговорноста на училишниот менаџмент во однос на контролата на спроведувањето на воспитно-образовниот процес.

20. **Даниела Коцева**, Владо Петровски (2014), „Меѓурелигиска толеранција и дијалог во училиштата во Република Македонија", Научно-стручна конференција „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи", Општина Штип, Факултет за образовни науки Штип, 14.5.2014.

Во трудот се разгледува проблемот на меѓурелигиската толеранција во рамките на училиштето.

21. **Даниела Коцева**, Владо Петровски (2014), „Односот на религијата и глобализацијата во современиот свет", Прва Меѓународна научна конференција: Општествената промена во глобалниот свет, Центар за правно-политички

истражувања при Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, 11-13.9.2014.

Труд во кој се укажува на улогата на религијата во глобализирачките процеси.

22. Snezana Mirascieva, **Daniela Koceva** (2014), "For Some Aspects of Macedonian Multiculturalism in Textbooks for Primary Education", 9-th International Balkan Education and Science Congress: Trakya University, Turkey, cooperating with Ss. Cyril and Methodius, Macedonia, Trakia University, Bulgaria, and University of Zagreb, Edirne/Turkey, 16-18 October 2014

Во трудот се прави анализа на застапеноста на темите на мултикултурализмот во учебниците за основно образование во РМ.

23. Snezana MIRASCIEVA, **Daniela KOCEVA** (2014) "Religious Education in Function of Multiculturalism from Macedonian Perspective", 9-th International Balkan education and Science Congress: Trakya University, Turkey, cooperating with Ss. Cyril and Methodius, Makedonya, Trakia University, Bulgaria, and University of Zagreb, Edirne/Turkey, 16-18 Oktober 2014.

Во трудот се говори за улогата на религиското образование во постигнувањето на целите на мултикултурализмот.

24. Владо Петровски, **Даниела Коцева** (2014), „Мултикултурализмот и професионалниот развој на учителот", Научно-стручна трибина: Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век, ФОН, 03.10.2014.

Тема на трудот е влијанието на етничкиот предзнак врз процесот на образование во Република Македонија.

25. **Даниела Коцева,** Владо Петровски (2014), „Проблеми и дилеми за воведување на религиско образование во образовниот систем во Р. Македонија", Научно-стручна трибина: Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век, ФОН, 03.10.2014.

Во трудот се презентираат дилемите во однос на воведување на религиско образование во Република Македонија преку анализа на објавените текстови од оваа проблематика.

26. Татјана Уланска, **Даниела Коцева** (2014), „Промените во општеството како причина за семантичка екстензија во современиот македонски јазик", Втора меѓународна научна конференција на тема: „Влијанието на научно - технолошкиот развиток во обласа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија", Универзитет „Евро - Балкан", Скопје 30-31.10.2014.

Текстот се осврнува на лексичките промени во Македонија преку семантичко проширување на значењето на зборовите, условени од општествената промена.

27. **Daniela Koceva**, Vlado Petrovski (2014), „Семејното насилство – социјална појава на денешницата", Воспитание (списание за образовна теорија и практика), Vol.9 (No.13). pp. 35-42. ISSN: 1857- 8705 .

Во трудот се прави осврт на теоретските расправи во однос на семејното насилство.

28. **Koceva, Daniela** (2015) Introduction of Religious Education in The Republic of Macedonia. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 19 (2). pp. 225-233. ISSN 2307-4531

Со овој труд се дава осврт на религиското образование во образовниот систем во Република Македонија која како и многу други земји се соочува со растот на плурализмот во верувањето, вредностите и начините на живот.

29. **Koceva, Dan**iela and Mirascieva, Snezana (2015) *Социјализација и е-учење.* Зборник на трудови - Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија. pp. 165-168. ISSN ISBN: 978-608-242-021-9.

Овој труд настојува да даде одговор на круцијалното прашање: дали е-учењето е во функција на социјализацијата? Дали е-учењето е во функција на општествениот развој, како и колку придонесува, се дел од прашањата кои се предмет на анализа во овој труд.

30. Mirascieva, Snezana and Koceva, Daniela (2015) *Состојбата во воспитанието и образованието денес е предизвик за утрешнината и перспектива за иднината.* Зборник на трудови - Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија. ISSN ISBN:978-608-242-021-9.

Целта на трудот е да се претстави состојбата во воспитанието и образованието во национални рамки, од аспект на глобалните трендови како и рефлексијата врз развојната перспектива како предизвик за образованието и воспитанието во македонски контекст.

**31. Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija (2015) *The parents' level of education and its influence on the educational achievements of students from different ethnic groups.* International Journal of Current Research, 7 (10). pp. 22041-22045. ISSN 0975-833X

Овој труд претставува истражување кое даде одговор на прашањата што имаат каузална врска со подобри образовни достигнувања на учениците од другите етнички групи. Основната цел на истражувањето е да се испитаат разликите во образовните достигнувања на учениците засновани на етничката припадност во основните училишта во Македонија. Истражувањето се реализира преку утврдување на поврзаноста помеѓу образовните достигнувања на учениците од други етнички групи во македонските основни училишта и образованието на нивните родители. Анализата на резултатите покажа дека постојат разлики во постигнувањата на учениците и тие разлики се одговор на прашањата во врска со нивото на образованието на родителите како една од причините за недостигот на учениците. Методот што се користи за истражување е хибриден, а користени се пристапи за квантитет и квалитет.

32. Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2015) *The language of education and the recommended bilingualism in the country.* Наука 21 века: Вопросы, гипотезы, ответы научный журнал (6). ISSN 2307-5902

Овој труд содржи анализа на Рамковниот договор и Уставот со измените од 2001 година во однос на употребата на јазик, т.е. јазиците на етничките заедници во јавниот живот и образовните институции, имајќи го предвид фактот дека официјалниот јазик во Република Македонија е македонскиот и јазикот на заедницата кој во соодветните единици на самоуправа е претставен во процент поголем од 20%.

**33. Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2016) *New educational policies and their reflections on social developments.* Proceeding book Education in XXI century – conditions and perspectives – International Scientific Conference Stip, 24-25 Sept 2015. ISSN ISBN: 978-608-244-275-4

Во овој труд накратко се презентирани некои од современите образовни реформи и како тие се рефлектираат во општеството.

**34. Koceva, Daniela** (2016) *Меѓуетничките односи во образовниот систем.* Conditions, challenges and perspectives in education in the Republic of Macedonia. ISSN ISBN: 978-608-242-037-0

Во трудот се анализираат меѓуетничките односи во образованието и политиката која се води кон нивно подобрување со цел да се изгради едно кохезивно општество.

**35. Koceva, Daniela** (2016) *Bronislaw Malinovski`s functinal view.* Review of the Institute of History and Archaeology RIHA. ISSN 2671-3144

Во овој труд се анализира функционалистичкиот пристап во учењето на познатиот антрополог Бронислав Малиновски, анализирајќи ја неговата стратегија во проучувањето на општеството.

36. Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and **Koceva, Daniela** (2016) *About some educational goals in teaching-socio-cultural problem or a challenge modern education.* Proceeding book Education in XXI century – conditions and perspectives – International Scientific Conference Stip, 24-25 Sept 2015. ISSN ISBN: 978-608-244-275-4

Примарното прашање што е во фокусот на вниманието и е целта на интересот за овој труд го опфаќа обемот на едукативната страна на наставата и се однесува на работните навики на учениците. Имено, еден од предизвиците на современото воспитување и едукација кој исто така е социо-културен проблем е воспоставувањето работни навики на учениците.

**37. Koceva, Daniela** (2016) *Културата, културните разлики и предрасуди.* Annual Miscellaneous Collection, 6. pp. 49-58. ISSN 1409-9187

Трудот е теоретска анализа на она што е културата, културните разлики и предрасудите кои произлегуваат од истите.

38. Stojanovski, Strasko and **Koceva, Daniela** (2016) *Религија и религиската дистанца во Република Македонија.* Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-7229

Овој труд се темели на две истражувања реализирани од истражувачки тим од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во текот на 2015 година. Религиската дистанца како примарен сегмент на општествената организација, заедно со етничката припадност, е клучен фактор за детерминирање на меѓугрупните односи во македонското општество.

39. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2016) *Поврзаноста меѓу образованието, практиката и воспитно-образовните цели во општествен контекст.* Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9

Во трудот се покренува прашањето за поврзаноста на образованието, практиката и целите со посебен акцент на функционалната поврзаност. Прашањето во суштина е прашање за квалитетно образование кое ги опфаќа знаењата, вештините, ставовите или со еден збор способностите и оспособувањето

на личноста за квалитет во работата и животот воопшто. Во трудот, исто така, се прави теориска анализа на односот меѓу теоријата и практиката од која произлегуваат конкретни предлози за натамошно концептирање на воспитно-образовниот процес во насока на зголемен квалитет.

40. Kitanova, Irena and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2016) *Читање и работата со текст во одделенска настава.* Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО" - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9

Со овој труд се анализираат фазите кои го доведуваат ученикот до правилно совладување на техниките за читање и оспособување за разбирање на прочитаното.

41. Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and Kitanova, Irena and **Koceva, Daniela** (2016) *Современото училиште како организациски систем.* Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО" - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9

Предмет на анализа во овој труд е современото училиште и неговите проблеми и дилеми пред се од организациски аспект.

**42. Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2016) *Семејството како средина за учење и позитивен развој.* Научно-стручна трибина „Учителот и средината за учење и развој ", Факултет за образовни науки, Штип. ISSN ISBN: 978-608-244-364-5.

Овој труд во својот фокус го има семејството како средина за учење и позитивен развој укажувајќи како истата влијае врз когнитивниот, социјалниот, емотивниот и физичкиот развој на детето.

43. Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and **Koceva, Daniela** (2016) *Средината за учење и актерите во неа.* Научно-стручна трибина „Учителот и средината за учење и развој ", Факултет за образовни науки, Штип. ISSN ISBN: 978-608-244-364-5

Во трудот вниманието е фокусирано на проблемот на поврзаност меѓу средината за учење и актерите во неа и нивниот меѓусебен однос.

44 Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and **Koceva, Daniela** and Kitanova, Irena (2016) *За предизвиците и перспективите на професијата учител.* Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија", Факултет за образовни науки, Штип. ISSN ISBN: 978-608-244-365-2

Трудот претставува анализа на општествените промени и барањата како нивна последица кои пред учителот поставуваат нови предизвици и перспективи.

**45. Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2016) *Интеркултурните компетенции – предизвик за наставниците во мултикултурните општества.* Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија", Факултет за образовни науки, Штип. ISSN ISBN: 978-608-244-365-2

Трудот укажува на неопходност од развој на интеркултурни компетенции посебно за оние кои се вклучени во воспитно-образовниот процес, од основното училиште па се до универзитетот.

**46. Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2016) *Култура, глобализација, идентитет.* Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО" - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9

Во овој труд е направена сеопфатна анализа на односот помеѓу културата и глобализацијата, вклучувајќи и начнувајќи го влијанието на глобализацијата врз идентитетот, дали глобализацијата овозможува поголема индивидуалност, или пак, глобализацијата создава висок степен на отуѓеност, губење на границите меѓу себството (идентитетот) и културата.

**47. Koceva, Daniela** (2017) *Улогата на црквата некогаш и денес.* International Scientific Conference St.Kliment's Lifework. ISSN ISBN: 978-608-244-404-8

Во овој труд се анализира улогата и значењето на црквата низ историјата вклучувајќи ја и дилемата околу неопходната секуларност.

48. Kitanova, Irena and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2017) *Активно слушање во наставата и поучувањето.* Зборник на трудови: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи - 2017. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

Трудот е опис на значењето од активното слушање во наставата и поучувањето.

49. Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and Kitanova, Irena and **Koceva, Daniela** (2017) *Приоритети на современото училиште од воспитен аспект.* Зборник на трудови: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи - 2017. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

Предмет на анализа на овој труд се проблемите од воспитен аспект кои се најсилно изразените проблеми со кои се соочува училиштето како институција, задолжена за воспитание и образование на младата личност. Насилствата, непочитувањето, честите отсуства од часовите, нетрпеливост и нетолеранција се најчесто изразените проблеми во нашите училишта.

50. Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and **Koceva, Daniela** and Kitanova, Irena (2017) *Фактори на успешна комуникација на менаџерот во училиштето.* Зборник на трудови: Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи - 2017. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

Во овој труд се прави осврт на комуникацијата во училиштето која е доста комплексна, со цел да се укаже дека со ефикасна комуникација на менаџерот во училиштето се создаваат можности за креативна соработка и снаоѓање во сложениот контекст на современото воспитание и образование.

**51. Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena (2017) *Образованието на Ромите и неговите слабости.* Зборник на трудови Современото воспитание и образование -состојби, предизвици и перспективи-. pp. 164-169. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

Со овој труд повторно се актуализира постоечките проблеми во образованието на Ромите каде се уште како најважни слабости се издвојуваат: ниската стапка на вклученост во образовните процеси и осипувањето, нискиот квалитет на образованието, како и негативните ефекти на сегрегацијата во образованието.

**52. Koceva, Daniela** (2017) *Intercultural education for the integrated education system.* International Journal for Education, Research and Training. ISSN 1857-9841

Овој труд е краток опис на тековните случувања во образовниот систем во земјата и потребата од негово реформирање. Во однос на меѓуетничките односи во образованието, најизразена е потребата за нејзина меѓуетничка интеграција. Еден од начините за зачувување и надминување на недоразбирањата и интеграцијата на овој систем се гледа токму во интеркултурното образование.

53. Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena and Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2017) *The educator as a creativity ancourager in children.* Unapređenje kvalitete života djece i mladih. pp. 99-102. ISSN 1986-9886

Трудот се фокусира на концептот на креативноста како ментално растројство, концептот на креативноста како суштината на самоуправуваното човечко суштество и социјалниот пристап кон креативноста.

**54. Koceva, Daniela** (2017) *Purpose and benefit of intercultural education in Macedonian society.* Education and Research across Time and Space. pp. 950-956. ISSN ISBN: 978-9989-100-50-5

Потребата и бенефициите од интеркултурното образование во македонското општество се образложени во рамките на овој труд.

**55. Koceva, Daniela** (2017) *Учителот и социјализацијата.* Зборник на трудови Петта научно-стручна трибина „Да се биде учител...". ISSN ISBN: 978-608-244-470-3

Целта на овој труд е да се укаже на евидентните проблеми присутни кај децата уште од најрана возраст, утврдувајќи дел од причините зошто имаме проблеми со социјализирањето и кој е одговорен за тоа?

**56. Koceva, Daniela** (2017) *Современото семејство и неговата социјализирачка функција.* Годишен зборник Факултет за образовни науки. ISSN 1409-9187

Овој труд претставува теоретски приказ за она што претставува семејството кои се неговите функции, пред се задржувајќи се на неговата суштествена функција а тоа е социјализаторската, која се заснова на принципите на промовирање на семејните вредности, нивно вградување во начинот на однесување и размислување на личноста, принципот на изградба на хумана личност, прифаќање на социјалната улога на личноста и целосно етаблирање на социјалното однесување на личноста, уште во најраните фази на нејзиниот развој.

57. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2018) *Образование и практика:Нови истражувања за унапредување на воспитно-образовната практика.* Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција ФИЛКО (филологија, култура, образование). ISSN ISBN: 978-608-244-593-9

Трудот се обидува да даде одговор на прашањето кога и како да се оспособат младите за примена на знаењата, што е значаен придонес во унапредувањето на воспитно-образовната практика.

**58. Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2018) *Развојот на културата под влијание на комуникациските медиуми.* Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција ФИЛКО (филологија, култура, образование). ISSN ISBN: 978-608-244-593-9

Како да се надмине бариерата и прифати различноста за развој на културите и целокупното општество е комплексно прашање, но истото е предмет на анализа во овој труд, но само од еден аспект, а тоа се комуникациските медиуми.

59. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2018) *Modeling of perspective concepts in education - planning and management -.* Proceeding book: Contemporary education - condition, challenges and perspectives, VI International Scientific Conference. ISSN ISBN 978-608-244-525-0

Трудот нуди одредени упатства за дизајнирање на функционален модел на планирање и управување кој е насочен кон напредокот на училиштата и е во функција на развој на образованието во целина.

**60. Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2018) *Dilemmas of multiculturalism.* Contemporary Education - Condition, Challenges and Perspectives VI International Scientific Conference – Proceeding Book –. ISSN ISBN: 978-608-244-525-0

Во трудот се полемизираат дилемите околу мултикултурализмот како социјално-политичко движење во светот.

61. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2018) *Ethical dimensions of teaching in interacting relations teacher –student.* Vospitanie - Journal of educational sciences, theory and practice, 10 (14). ISSN 1857-8705

Во овој труд е направена анализа заснована на прашалник со кој се измерени фреквенциите на навреди и критицизам во комуникацијата, со цел да се утврди етичката димензија во односот наставник – студент.

**62. Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2018) *From mass media and culture to mass society.* Balkan Social Science Review, Vol.12. ISSN 1857-8772

Осврт на она што се случува денес во општеството, каде што преку средствата за масовна комуникација се гради масовно мислење, масовна –потрошувачка култура, а сето тоа води кон создавање масовно (пасивно) општество.

63. **Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana and Petrova Gjorgjeva, Emilija and Kitanova, Irena **(2019)** *Types of violent behaviors in schools and prevention measures of school violence*. KNOWLEDGE – International Journal . ISSN ISSN 1857-923X

Во овој труд е направена анализа на видовите насилство во училиштата и предлог мерки за превенирање од истите.

**64. Koceva, Daniela** (2019) *The Migrations in the Old and the New World.* International Journal of Science and Research (IJSR). ISSN 2319-7064

Трудот ги анализира современите миграциски движења во земјите од новиот свет, претставувајќи ја новата глобална структура на земјите од стариот и нов свет, промените и причините од кои произлегува истата.

65. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2019) *Comparative Perception of the Position and Treatment of Gifted Children in the Czech Republic and the Republic of Macedonia.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR). ISSN 2307-4531

Трудот претставува компаративна анализа за позицијата и третманот на надарените деца во Република Чешка и Република Македонија со цел да се увидат сличностите и разликите во работата со надарените деца во двете земји.

66. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2019) *Didactic issues in higher education and the future development of society.* Седма международна научна конференция „Съвременното образование условия,предизвикателства и перспективи".ISBN: 978-954-00-0200-2

Целта на трудот е да ги посочи и актуализира неопходните дидактички теми во високото образование како еден од начините за подобрување на степенот на образование на идните учители, а со тоа развој и квалитет во целокупното општество.

**67. Koceva, Daniela** and Mirascieva, Snezana (2019) *Intercultural schools need of modern society.* Седма международна научна конференция „Съвременното образование условия, предизвикателства и перспективи" . ISBN: 978-954-00-0200-2

Се осврнува на мултикултурниот карактер на општествата, потребата од интеркултурно образование и средина за градење на интеркултурни компетенции, а со тоа полесно адаптирање во новите современи општества.

68. Mirascieva, Snezana and **Koceva, Daniela** (2019) *Детската градина и нейната роля во граденето на общество на бъдещето.* Сборник Съвременни тенденции в предучилищното възпитание. ISSN 2367-5284

Во трудот се нагласува улогата на детската градинка денес и во иднина, претставувајќи компаративен приказ на градинките во Германија и Македонија со цел да се увиди како различните методи, форми, организациски структури влијаат врз целокупниот развој на личноста на детето.

**Рецензирани научни книги:**

1. **Koceva, Daniela (2017)** Религиското образование во мултиетничките општества со осврт на македонското општество. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-244-305-8 https://eprints.ugd.edu.mk/19448/
2. **Koceva, Daniela (2016)** Religion and Migration. LAP LAMBERT Academic Publishing. ISBN 978-3-659-89718-4 https://www.morebooks.de/shop-ui/shop/product/978-3-659-89718-4

**Прирачник**:

2. **Koceva, Daniela**, Mirascieva, Snezana I grupa avtori (2018) *Мултикултурно образование Концепти и методи.* In: Мултикултурно образование Концепти и методи. Центар за Балканска Соработка ЛОЈА. ISBN 978-608-66247-0-5 https://eprints.ugd.edu.mk/21070/

**Скрипта/практикум:**

1. **Koceva, Daniela** (2014) Социологија на религијата - скрипта. ISBN 978-608-244-120-7. https://eprints.ugd.edu.mk/12638/
2. **Koceva, Daniela** (2014) Социологија на религијата - практикум. ISBN 978-608-244-121-4. https://eprints.ugd.edu.mk/12639/

**Објавени стручни и научни трудови во изборниот период (2019-2024)**

1. Koceva, Daniela and Projkov, Nikola (2023) *Management systems in schools.* Vospitanie - Journal of Educational Sciences, Theory and Practice. ISSN 1857-8705 https://eprints.ugd.edu.mk/33508/

Трудот прави анализа на образовните системи и нивните стилови на менаџирање и раководење, утврдувајќи притоа ефективни начини на водство во образованието.

2. Koceva, Daniela and Projkov, Nikola (2023) *Models of School Staff Motivation.* KRUGOVI DETINJSTVA časopis za multidisciplinarna istraživanja detinjstva Godina 11. (2023), broj 2. ISSN 2334-7929 https://eprints.ugd.edu.mk/34030/

Во трудот се анализираат различните модели на училишта и факторите кои влијаат за подобрување на училишната култура.

3. Koceva, Daniela and Gjorgova, Irena (2023) *Мерки за превенција на училишното насилство.* Годишен зборник Факултет за образовни науки, 12. ISSN 1409-9187 https://eprints.ugd.edu.mk/33311/

Овој труд освен навременото детектирање на проблемот со училишното насилство во училиштата посочува и соодветни мерки за превенција од

истото, укажувајќи кои активности треба да се преземаат од страна на стручните лица, наставниците, родителите и други лица вклучени во работата на училиштето за намалување и надминување на ваквото однесување.

4. Koceva, Daniela (2023) *The Reflection of the Social Context on the Pedagogical Activity.* 13. mednarodna konferenca EDUvision 2023 »Novi izzivi današnjega časa – priložnosti za vključevanje inovativnih rešitev v izobraževanje 21. stoletja«. ISSN 978-961-96514-2-1 https://eprints.ugd.edu.mk/33142/

Трудот прави анализа за тоа колку и како социјалниот контекст влијае врз педагошката активност во општеството, анализирајќи многу фактори како што се културните норми, социо-економските фактори, историскиот контекст итн.

5. Dragovic, Anica and Drakulovska Chukalevska, Marija and Koceva, Daniela (2023) *Qualitative approach in population study research.* Proceedings of the Tenth International Scientific Conference Social Changes in the Global World, 2 (10). ISSN 978-608-244-999-9 https://eprints.ugd.edu.mk/32650/

Овој труд се однесува на проценката на квалитетот на податоците во квалитативното истражување. Анализата покажува дека користењето на квалитативниот пристап во демографските истражувања има селективен пристап во однос на темите. Тој се користи за зголемување на информациите за одреден проблем или за разјаснување на постојното знаење добиено од квантитативниот пристап. Критериумите за оценување на квалитетот на квалитативните податоци се во контекст на методолошките аспекти во истражувањето, но сепак нема согласност во врска со рамката за оценување на квалитетот на податоците. Во перспективите, аспектите предложени за проценка на квалитетот на податоците се методот на собирање податоци, примерокот, изборот и обуката на анкетарите, теренската работа и анализата на податоците.

6. Koceva, Daniela (2023) *The new form of socialization in the modern family.* International Conference EDUchallenge »Challenges in Education and Evaluation of Knowledge«. ISSN 978-961-95939-7-4 https://eprints.ugd.edu.mk/32660/

Во овој труд се истражува улогата на модерното семејство во социјализацијата и како таа еволуирала. Модерното семејство може да има многу различни форми, вклучувајќи еднородителски семејства, мешани семејства, семејства од ист пол и проширени семејства. Овие промени донесоа нови предизвици и можности за социјализација. Овој труд, преку улогата и функцијата на семејството, како и различните модели на воспитување, ги определува новите форми на социјализација диктирани од модерниот начин на живот.

7. Koceva, Daniela (2023) *The impact of family's structural characteristics and its relation to sports achievements - a sociological aspect.* International Journal of Kinesiology and Other Related Sciences. ISSN 1857-7679 https://eprints.ugd.edu.mk/33647/

Цел на овој труд е да се утврди влијанието на семејството како група врз спортските достигнувања, анализирајќи ги неговите структурни карактеристики и ставовите кон спортот. Соодветно, разбирањето на социјалните влијанија се смета за една од најрелевантните теми во предвидувањето на спортските перформанси, кои се под влијание на исходот на интеракциите со социјалните агенси, покрај искуствата, квалитетниот тренинг и вродениот атлетски талент. Во однос на социјалната поддршка во спортот, спортистите имаат три главни извори на влијание кои влијаат на нивните спортски достигнувања: членови на семејството, тренери и соиграчи. Овие социјални агенси формираат сложена и повеќеслојна социјална мрежа која може да има позитивни и/или негативни ефекти врз спортските

искуства на спортистите, бидејќи тие придонесуваат за создавање на мотивирачка клима дефинирана од нивните однесувања, вредности, ставови и поддршка. Во ова истражување, се прави анализа на влијанието на семејството врз спортските достигнувања кај децата до 13-годишна возраст. Ова истражување има за цел да обезбеди одговори на многу прашања кои се причински поврзани со подобрувањето на спортските достигнувања, од перспективата на еден од влијателните агенти - семејството. Конкретно, се однесува на социјалниот статус на родителите, што суштински значи нивото на образование на родителите, занимањето, месечниот приход на семејството, големината на семејството, културните и вредносните карактеристики на семејството, однесувањето на родителите кон нивните деца, подготвеноста на родителите да инвестираат и поддржат спортските активности на нивните деца, нивото на амбиција и аспирација на родителите и нивните ставови кон спортот.

8. Koceva, Daniela (2022) *Intercultural Communication in Multicultural Environment – Developing Intercultural Competences among Students' Future Teachers.* 12. mednarodna konferenca EDUvision 2022 »Novi izzivi današnjega časa – priložnosti za vključevanje inovativnih rešitev v izobraževanje 21. stoletja«. ISSN 978-961-95939-4-3 https://eprints.ugd.edu.mk/32659/

Трудот укажува на потребата од поврзувањето со луѓе од различни култури, кои се разликуваат од нашата сопствена, може да ни помогне да создадеме подобри заедници, толеранција и да го намалиме конфликтот на сите нивоа.

9. Koceva, Daniela (2020) *Инсталирањето на Исламот на тлото на Европа и новиот свет низ призмата на имиграцијата.* Yearbook, Faculty of Educational Sciences. ISSN 1409-9187 https://eprints.ugd.edu.mk/27383/

Осврт на она што денес се случува, растот на исламот во Европа претставува предизвик за инкорпорирање на исламот во европските општества – национализацијата или европеизацијата на исламот. Прашањето за мултикултурализмот или за конфликтите меѓу етничките групи станаа доста актуелни и присутни во секоја држава во светот. Поголемиот дел од новите имигранти се од земји во кои доминира исламот. Исламската димензија на имиграцијата стана прашање за дефинирање на европскиот идентитет на 21 век што најмногу се поврзуваа со имиграцијата во денешно време.

10. Koceva, Daniela and Mirascieva, Snezana (2020) *Рефлексијата на одделни телевизиски содржини и појавата на насилство кај децата.* Conference proceedings, Fifth International Scientific Conference "Filko" - Philology, Culture and Education. ISSN ISBN: 978-608-244-787-2 https://eprints.ugd.edu.mk/27589/

Целта на овој труд всушност е да се утврди колку одделни содржини кои се емитуваат на телевизија влијаат врз креирањето на насилство, посебно помеѓу младите, кои се уште немаат формирани јасни ставови, вредности и верувања.

11. Koceva, Daniela (2020) *Review of policies and models for the integration of minority groups in multicultural societies.* Vospitanie - Journal of educational sciences, theory and practice. ISSN 1857-8705 https://eprints.ugd.edu.mk/27391/

Во овој труд се прави анализа на различните политики за инкорпорирање на имигрантските групи во современите општества, анализирајќи ги моделите на Америка, Канада и Европа.

12. Koceva, Daniela (2020) *Секуларизацијата и сакрализацијата во современото општество.* Yearbook, Faculty of Educational Sciences. ISSN 1409-9187 https://eprints.ugd.edu.mk/27520/

Се осврнува на процесите на секуларизација и сакрализација, каде низ компаративен пристап може да се заклучи дека секуларизацијата (на традиционалната религија) и сакрализацијата (на новите форми на духовност), се одвиваат истовремено.

13. Koceva, Daniela and Baruti, Shukrije and Mirascieva, Snezana (2020) *Јазикот и говорот во функција на општествена и индивидуална адаптација.* Conference proceedings, Fifth International Scientific Conference "Filko" - Philology, Culture and Education. ISSN ISBN: 978-608-244-787-2 https://eprints.ugd.edu.mk/27588/

Трудот прави анализа на факторите кои влијаат на нарушување на говорот и јазикот кај детето, тешкотиите во училиштето и соработката на родителите, наставниците и стручните соработници во контекст на напредокот на секое дете.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**
**Во периодот (2008 – 2019)**
**Книги:**

1. **Koceva, Daniela (2017)** Религиското образование во мултиетничките општества со осврт на македонското општество. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-244-305-8 https://eprints.ugd.edu.mk/19448/
2. **Koceva, Daniela (2016)** Religion and Migration. LAP LAMBERT Academic Publishing. ISBN 978-3-659-89718-4 https://www.morebooks.de/shop-ui/shop/product/978-3-659-89718-4

**Прирачник:**

1. **Koceva, Daniela**, Mirascieva, Snezana I grupa avtori (2018) *Мултикултурно образование Концепти и методи.* In: Мултикултурно образование - Концепти и методи. Центар за Балканска Соработка ЛОЈА. ISBN 978-608-66247-0-5 https://eprints.ugd.edu.mk/21070/

**Скрипта/практикум:**

1. **Koceva, Daniela** (2014) Социологија на религијата - скрипта. ISBN 978-608-244-120-7. https://eprints.ugd.edu.mk/12638/
2. **Koceva, Daniela** (2014) Социологија на религијата - практикум. ISBN 978-608-244-121-4. https://eprints.ugd.edu.mk/12639/

**Во изборниот период (2019 – 2024)**
**Рецензиран универзитетски учебник:**

1. **Koceva, Daniela (2024)** *Социологија.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-061-1
https://e-lib.ugd.edu.mk/pdf/pdf_ss9s/64616e69656c612e6a616b696d6f7661an.pdf https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=34499

**Практикум:**

1. Memeti, Memet and Damovska, Lena and Mirascieva, Snezana and Atanasovska, Tatijana and Muhikj, Maja and Kochoska, Jasminka and **Koceva, Daniela** and Ahmeti, Kustrim and Tasevska, Alma (2020) *Multicultural education: Concepts and Methods Handbook.* In: Multicultural education, Concepts and Methods: Handbook. Centre for Balkan Cooperation, LOJA. ISBN 978-608-66247-2-9 https://eprints.ugd.edu.mk/24378/

**Монографија**

1. Petrova Gjorgjeva, Emilija and Mirascieva, Snezana and Petrovska, Sonja and Sivevska, Despina and Kitanova, Irena and **Koceva, Daniela** and Josimovska, Verica and Cackov, Oliver and Stojanov, Trajce (2020) *Педагошки факултет, Факултет за образовни науки (1995-2020).* Documentation. Универзитет „Гоце Делчев", Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/27320/

Од академската 2015/2016 г. е дел од проектот „Универзитетски курикулум за интеркултурна работа со млади", Центар за балканска соработка НВО „LOJA" Тетово.

Во 2024 г. е дел од проектот „Промоција на безбедна училишна средина". МЦГО https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=34367#t

Во 2023 г. е дел од проектниот тим за унапредување на медиумската писменост. Barbareev, Kiril and Stojanov, Trajce and Koceva, Daniela and Runceva, Jadranka (2023) *Media literacy.* https://eprints.ugd.edu.mk/32689/

Како и од проектот кој се фокусира на заштитата на материјалното и нематеријалното културно наследство. Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Koceva, Daniela and Stojkov, Stojko and Nacev, Trajce and Zdraveva, Ana and Panev, Kristijan (2023) *Социо-антрополошки, правни и историски аспекти на заштитата на културното и историско наследство во општина Карбинци.* https://eprints.ugd.edu.mk/33200/

Во однос на организациско-развојната дејност, д-р Даниела Коцева била ангажирана како:

- Член на Конкурсна комисија за запишување на студенти на трет циклус на академски - докторски студии за учебната 2024/2025 год.
- Член на Работна група за организирање на настани при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- Раководител на Катедрата за општествено и хуманистички науки;
- Член на Комисија за спорт и култура;
- Претседател на Дисциплинска комисија за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност на студентите на Факултетот за образовни науки;
- Член на Комисија за спроведување на тајно гласање на катедрата за општествено и хуманистички науки;
- Член на Комисија за спроведување на избор на членови на Факултетско студентско на Факултетот за образовни науки;
- Претседател на Конкурсна комисија за запишување на студенти на универзитетски академски студии од втор циклус на студии за учебната 2022/2023 год.;
- Член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на ректор на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
- Претседател на Комисија за избор на декан на Факултетот за образовни науки;
- Продекан на Факултетот за образовни науки;
- Член на Работна група за усогласување на стандарди за надворешна евалуација на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
- Член на Комисија за собирање и евидентирање на архивски материјал на Факултетот за образовни науки;
- Претседател на Комисија за разгледување на барања и молби од студенти

од прв циклус на студии;

- Член на Комисија за проверка на психофизичките способности, 2021 год.
- Член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за образовни науки, 2020 година;
- Член на комисии за изработка на елаборати на студиските програми од втор циклус на студии;
- Член на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки за студиската 2014/2015, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019 и 2019/2020 година.

Од академската 2015 г. е номинирана за рецензент за статии на меѓународното списание Balkan Social Science Review индексирано во EBSCO I SCOPUS. https://js.ugd.edu.mk/index.php/BSSR

Од 2020 г. е рецензент на реномираното списание со Open Access – Philosophy Study. Индексирано во повеќе бази со отворен пристап. https://www.davidpublisher.com/index.php/Home/Journal/detail?journalid=44&jx=ps&cont=reviewers

Од 2021 г. е член на Уредувачки одбор на списанието „Caucasian Science Bridge" списание за социологија. Списанието е во листата на индексирани руски списанија Russian Science Citation Index (RSCI). https://csb.sfedu.ru/index.php/csbjournal

Исто така е член е на Уредувачкиот одбор на меѓународното списанието „Воспитание" – списание за образование, теорија и пракса и член на меѓународниот редакциски одбор на Годишниот зборник на Факултетот за образовни науки.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со член 164 од Законот за високото образование на Република Македонија и членовите 7, 8, 9 и 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 43 од 16.9.2019), по деталното разгледување на доставената документација Рецензентската комисија со големо задоволство констатира дека вонреден проф. д-р Даниела Коцева значително го надминува вкупниот предвиден квантум (НО-40 + НИ-109.3 + СА-75) на поени за избор во звањето редовен професор, остварувајќи вкупно 224.3 поени.

Анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Даниела Коцева јасно покажуваат дека постигнала извонредни резултати во сите наведени области. Во наставно-образовната дејност потврдила дека може да се соочи со предизвикот на ангажирање на повеќе предметни програми. Во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност се афирмирала како солиден истражувач, соработник со високи развиени способности за ефективна апликативна работа и широки визии и погледи за понатамошен развој и на научен и на професионален план. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на стручно-научните собири во земјата и странство покажува дека кандидатката ја насочила својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата, но едновремено дала свој придонес за афирмацијата на социолошката наука кај нас.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека таа ги исполнува сите условите за избор во наставно-научно звање. Затоа, со чест и гордост му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, д-р Даниела Коцева да ја избере во звањето редовен професор за наставно-научната област социологија, а одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Марија Ташева, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Страшко Стојановски, редовен професор, член, с.р.
Д-р Снежана Мирасчиева, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. Бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Монографија | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Научен труд објавен во меѓународно списание<br>Трудови: 1, 2, 7, 11<br>Поени: 9/ 9/ 11,7/11,7 | 4 | 41.4 | | | 41.4 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Трудови: 3, 4, 5,6, 8, 9, 10, 12, 13<br>Поени:2/3.9/2/3.9/3.9/2.6/2/2.6/2 | 5 | 10 | 4 | 12 | 24.9 |
| 4. | Пленарно предавање на научен собир | | | 3 | 6 | 18 |
| 5. | Одржано предавање по покана од научна институција | | | 2 | 3 | 6 |
| 6. | Член на уредувачки одбор на научно списание СЦИ/ ЦА (останати) | 1 | 1 | 1 | 4 | 5 |
| 7. | Рецензент на научен труд<br>(2/1,5/1) | 2/1 | 1,5/1 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **109.3** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Учебник | 1 | 10 | | | 10 |
| 1. | Учесник во научен проект | 3 | 5 | | | 15 |
| 2. | Елаборати и експертизи | 2 | 2 | | | 4 |
| 3. | Продекан | | 8 | | | 8 |
| 4. | Раководител на катедра | | 3 | | | 3 |
| 5. | Член на универзитетски орган или владини тела | 1 | 5 | | | 5 |
| 6. | Член на факултетски орган, комисија | 15 | 2 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **75** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **224.3** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕХАНИКА НА ФЛИДИ СО СТРУЈНОТЕХНИЧКИ СИСТЕМИ И ХИДРОЕНЕРГЕТИКА (2.03.00.08) И АВТОМАТИКА (2.03.00.09) НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2202-80/4 од 11.7.2024 година донесена на 162. седница на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет, одржана на 11.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *механика* на флуиди со струјнотехнички системи и хидроенергетика (2.03.00.08) и автоматика (2.03.00.09) на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во состав:

- д-р Дарко Бабунски, редовен професор на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, наставно-научна област автоматика – претседател;
- д-р Валентино Стојковски, редовен професор на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, наставно-научна област механика на флуиди со струјнотехнички системи и хидроенергетика – член;
- д-р Симеон Симеонов, редовен професор во пензија на Машински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, наставно-научна област производно машинство; технологии и системи и машински елементи и технички системи – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" на 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави вон. проф. д-р Сашко Димитров.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатот вон. проф. д-р Сашко Димитров, по основ на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено следните документи:

1. Пријава
2. Диплома од завршено соодветно образование – за одбранет докторски труд и стекната квалификација доктор на технички науки од областа на машинството, нострифицирана и дополнета со еквиваленција на оцените (1 оригинал и 3 копии заверени кај нотар, веродостојни на оригиналот)
3. Дипломи за завршен прв и втор циклус на студии
4. Уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии
5. Кратка биографија – 4 примероци
6. Список на објавени научни и стручни трудови, т.е. референтни научни публикации според ЗВО во последните 5 години пред објавување на огласот за избор
7. По еден примерок од трудовите, достапни на е-репозиториум на УГД
8. Потврда дека се служи со еден странски јазик – сертификат за познавање на англиски јазик
9. Докторски труд – 1 примерок во печатена форма
10. Уверени за државјанство – 1 оригинал
11. Рецензиран универзитетски учебник од областа во која се избира, достапен на е-библиотека на УГД
12. Рецензиран практикум од областа во која се избира, достапна на е-библиотека на УГД

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Сашко Димитров е роден на 25.5.1975 година во Кочани, Република Северна Македонија. Основно и средно училиште завршува во Кочани со одличен успех. Во учебната 1994/1995 година се запишува на Машински факултет во Скопје. Во јуни 2001 година дипломира на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје со просечен успех 8.80, насока Хидротехника, пневматика и автоматика, со наслов на темата на дипломскиот труд „Хиерархиски системи за автоматско управување со сообраќајот во град".

Во октомври 2001 година се запишува на постдипломски студии на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" –Скопје. Во јануари 2007 година магистрира на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје со просечен успех 9.70, насока Хидротехника, пневматика и автоматика, со наслов на темата на магистерскиот труд „Динамика на хидрауличен сервоуправувач кај моторните возила".

Во октомври 2008 година се запишува на докторски студии на Техничкиот универзитет во Софија. Во јануари 2014 година докторира на Техничкиот универзитет-Софија на тема „Анализа и синтеза на сигурносно преливните вентили со индиректно дејство" на научната специјалност Хидраулични и пневматски погонски системи и се стекнува со научен степен доктор на технички науки.

Во декември 2014 година е избран во доцент на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научната област автоматика и механика на флуиди и струјно технички системи.

Во октомври 2019 година е избран во вонреден професор на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научната област автоматика и механика на флуиди и струјно технички системи.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Вонреден професор од научната област во која се избира:

На 9.10.2019 година д-р Сашко Димитров е избран за вонреден професор во научната област автоматика и механика на флуиди и струјно технички системи

2. Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | S. Dimitrov, M. Komitovski | Transient performance of a three-way pressure reducing valve | Machine design, 11 (2). pp. 53-58. ISSN 1821-1259 (2019) | 18 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | S. Dimitrov, D. Krstev, A. Krstev | Improvement of the Static Characteristics of Pilot Operated Pressure Relief Valves. | ITRO 2021, 26 Nov 2021, Zrenjanin, Republic of Serbia | 12 |
| 3 | S. Dimitrov, D. Krstev, | Modelling and Simulation of the Transient Performance of a Direct Operated Pressure Relief Valve. | Hidraulica - Hydraulics, Pneumatics, Tribology, Ecology, Sensorics, Mechatronics, 3 (3). pp. 74-81. ISSN 1453 – 7303 (2022) | 16 |
| 4 | S. Dimitrov, D. Krstev, A. Krstev | Matrix method for large scale systems analysis. | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 5 (2). pp. 99-106. ISSN 2545-4803 (2022) | 6 |
| 5 | D. Weiler, S. Dimitrov | Elimination of preheating by determining suitable welding parameters. | TIBB - junge technologien in der beruflichen bildung (2023) | 6 |
| 6 | S. Dimitrov, M. Komitovski | Theoretic research on transient process in hydraulic cylinder with cushioning device with constant gap. | 12th International Scientific Conference “TechSys 2023” – Engineering, Technologies and Systems, 18-20 May 2023, Technical University of Sofia, Plovdiv Branch (2023) | 13 |
| 7 | S. Dimitrov S. Petrov, D. Weiler | Research on the influence of the volume of oil in front of the direct operated pressure relief valve on its transient performances. | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 6 (2). pp. 43-49. ISSN ISSN 2545-4803 (2023) | 6 |
| 8 | S. Dimitrov S. Srebrenkoska D. Krstev M. Dzidrov M. Cekerovska T. Cekerovski | Theoretical research on transient process in hydraulic cylinder with conical cushioning devices. | The 12th International Conference on Machine and Industrial Design in Mechanical Engineering (KOD 2024), 23-26 May 2024, Balatonfüred, Hungary | 24 |
| 9 | S. Dimitrov, M. Komitovski | Theoretic research on transient process in hydraulic cylinder with cushioning device with constant gap. | AIP Conference Proceedings, 3078, 060002 (2024), ISSN 1551-7616 | 54 |

3. Просечен успех од најмалку 8.00 (осум) од прв и втор циклус на студии:

Остварен просечен успех на прв циклус на студии од 8.80 и остварен просечен успех на втор циклус на студии од 9.70.

4. Доктор на науки од научната област во која се избира:

Доктор на технички науки од областа на машинството, специјалност хидраулични и пневматски погонски системи при Технички универзитет – Софија.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Наставно-образовниот ангажман на вон. проф. д-р Сашко Димитров започнува во 2008 година кога е избран како помлад асистент во наставно-научната област автоматика и механика на флуиди и струјно технички системи на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2011 година е избран во асистент во истата научна област, а во 2013 г. е реизбран во истото наставно звање. Во овој период кандидатот изведува вежби по повеќе предмети на Машинскиот факултет, а остварува и забележителни научно-истражувачки и наставно-образовни активности.

На 22.12. 2014 година е избран во доцент на Машинскот факултет во наставно-научната област автоматика и механика на флуиди и струјнотехнички системи. Во временскиот период на избор во звање доцент е ангажиран на прв циклус студии по предметите Механика на флуиди, Хидраулични машини и компоненти, Мерење и мерни инструменти, CAD технологија, Инженерска графика. Во истиот период кандидатот бил член на комисија за изработка на елаборат за наставни програми за прв и втор циклус студии на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На 9.10.2019 година е избран во вонреден професор на Машинскот факултет во наставно-научната област автоматика и механика на флуиди и струјнотехнички системи. Во временскиот период на избор во звање вонреден професор е ангажиран на прв циклус студии по предметите Механика на флуиди, Хидраулични машини и компоненти, CAD технологија, и на втор циклус студии по предметите Моделирање и симулации на мехатронички системи и Напредни поглавја од автоматизација на машини и процеси. Во истиот период кандидатот бил член на комисија за изработка на елаборат за наставни програми за прв и втор циклус студии на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во периодот од 2019 до 2022 г. во еден мандат бил продекан за настава. Од 2023 година до моментов е член на Универзитетскиот Сенат.

Кандидатот е автор на рецензиран универзитетски учебник „Основи на механика на флуиди“ и „Практикум по хидраулични машини и компоненти“ објавени на е-библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип. Коавтор е и на трудот Хидраулични погони публикуван во странство.

Кандидатот вон. проф. д-р Сашко Димитров има забележителни научно-истражувачки активности. Во продолжение е наведена листа на научни трудови објавени во референтни научни публикации (научни списанија и зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири), научни проекти и други научно-истражувачки референци.

***Научни трудови објавени во референтни научни публикации***

1. **Dimitrov, Sasko** and Komitovski, Mihail (2023) Theoretic research on transient process in hydraulic cylinder with cushioning device with constant gap. AIP Conference Proceedings, 3078, 060002 (2024), ISSN 1551-7616
2. **Dimitrov, Sasko** and Krstev, Dejan (2022) Modelling and Simulation of the Transient Performance of a Direct Operated Pressure Relief Valve. Hidraulica - Magazine of Hydraulics, Pneumatics, Tribology, Ecology, Sensorics, Mechatronics, 3 (3). pp. 74-81.
3. **Dimitrov, Sasko** and Krstev, Dejan and Krstev, Aleksandar (2022) Matrix method for large scale systems analysis. Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 5 (2). pp. 99-106. ISSN 2545-4803

4. Weiler, Dennis and **Dimitrov, Sasko** (2023) Elimination of preheating by determining suitable welding parameters. TIBB - junge technologien in der beruflichen bildung

5. **Dimitrov, Sasko** and Weiler, Dennis and Petrov, Simeon (2023) Research on the influence of the volume of oil in front of the direct operated pressure relief valve on its transient performances. Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 6 (2). pp. 43-49. ISSN ISSN 2545-4803 on line

6. **Dimitrov, Sasko** and Komitovski, Mihail (2019) Transient performance of a three-way pressure reducing valve. Machine design, 11 (2). pp. 53-58. ISSN 1821-1259

***Научни трудови презентирани на меѓународни и домашни научни собири***

7. **Dimitrov, Sasko** and Komitovski, Mihail (2023) Theoretic research on transient process in hydraulic cylinder with cushioning device with constant gap. In: 12th International Scientific Conference "TechSys 2023" – Engineering, Technologies and Systems, 18-20 May 2023, Technical University of Sofia, Plovdiv Branch. (In Press)

8. **Dimitrov, Sasko** and Krstev, Dejan and Krstev, Aleksandar (2021) Improvement of the Static Characteristics of Pilot Operated Pressure Relief Valves. In: ITRO 2021, 26 Nov 2021, Zrenjanin, Republic of Serbia.

9. **Dimitrov, Sasko** and Srebrenkoska, Sara and Krstev, Dejan and Dzidrov, Misko and Cekerovska, Marija and Cekerovski, Todor (2024) Theoretical research on transient process in hydraulic cylinder with conical cushioning devices. In: The 12th International Conference on Machine and Industrial Design in Mechanical Engineering (KOD 2024), 23-26 May 2024, Balatonfüred, Hungary.

***Учебни помагала (рецензирана скрипта и практикум)***

10. Сашко Димитров (2021) Основи на механика на флуиди – универзитетски учебник, ISBN 978-608-244-818-3, DOI https://www.doi.org/10.46763/9786082448183

11. Сашко Димитров (2021) Практикум по хидраулични машини и компоненти - практикум, ISBN 978-608-244-819-0, DOI ttps://www.doi.org/10.46763/9786082448190

12. Михаил Комитовски, Сашко Димитров (2022) Хидравлично задвижване, ISBN: 978-619-7201-21-5, Аси Принтс, Софија.

***Докторска дисертација и магистерски труд***

13. Сашко Димитров (2014) Синтеза на сигурносно-преливни вентили со индиректно дејство, дисертација, Технички универзитет – Софија.

14. Сашко Димитров (2007) Динамика на хидрауличен сервоуправувач кај моторните возила, магистерски труд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Машински факултет, Скопје.

***Учество во проекти***

15. Михаил Комитовски, Сашко Димитров (2022) Анализа и синтеза на преодни процеси во хидраулични цилиндри при застанување во краен од, проект финансиран од Фонд за научноистражувачка работа на Технички Универзитет-Софија.

***Студиски престој во странство***

16. Во април 2022 година има остварено еднонеделен студиски престој на Машински факултет, Универзитет во Љубљана, Република Словенија, финансиран од Еразмус плус програмата.

**Кратка научна евалуација на некои поважни трудови**

M. Komitovski, **S. Dimitrov,** Transient performance of a three-way pressure reducing valve, Machine Design, Vol.11(2019) No.2, ISSN 1821-1259, pp.53-58

Во овој труд се прикажани експерименталните и теоретски симулирани преодни процеси на сериски произведуван три патем редукционен вентил со директно дејство, производ на компанијата Bosch Rexroth. Овие вентили се користат да одржуваат редуциран притисок во еден дел од хидрауличниот систем на константно ниви, независно од промената на притисокот во другиот дел од системот или од промената на протокот. Овде е извршено математичко моделирање на преодниот процес на трипатниот редукционен вентил при промена на протокот низ вентилот. Со помош на експерименталните преодни процеси направена е валидација на предложениот математички модел.

**Dimitrov, Sasko** and Weiler, Dennis and Petrov, Simeon (2023) Research on the influence of the volume of oil in front of the direct operated pressure relief valve on its transient performances. Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 6 (2). pp. 43-49. ISSN ISSN 2545-4803 on line

Динамичките карактеристики ги одредуваат промените на влезниот притисок во пред вентилот во функција од протокот низ вентилот во текот времето. Во секој хидрауличен систем, на влезниот отвор на вентилот има одреден волумен на масло кое влијае на квалитетот на преодниот процес. При превклучување на управувачкиот распоредник, во хидрауличниот систем во кој е вграден сигурносно – преливен вентил со директно управување, се јавува процес во кој, во зависност од количината на маслото пред вентилот, можно е притисокот да достигне вредности многу пати повисоки од подесената вредност. Ова предизвикува системот да биде преоптоварен. Овој труд експериментално и теоретски го испитува влијанието на волуменот на маслото пред вентилот врз неговите преодни карактеристики.

**Dimitrov, Sasko** and Krstev, Dejan and Krstev, Aleksandar (2022) Matrix method for large scale systems analysis. Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 5 (2). pp. 99-106. ISSN 2545-4803

Математичкиот модел на сигурносно-преливен вентил е опишан со голем систем на нелинеарни диференцијални и алгебарски равенки. За да се анализира состојбата на стабилноста на вентилот, потребна е линеаризација на математичкиот модел и добивање на преносната функција, односно карактеристичната равенка на системот. Добивањето на преносната функција со елиминација е многу сложено, а понекогаш и невозможно. Во овој труд се користи матричен метод во просторот на состојба за да се намали големиот систем на равенки и да се добие преносната функција на системот.

**Dimitrov, Sasko** and Krstev, Dejan (2022) Modelling and Simulation of the Transient Performance of a Direct Operated Pressure Relief Valve. Hidraulica - Magazine of Hydraulics, Pneumatics, Tribology, Ecology, Sensorics, Mechatronics, 3 (3). pp. 74-81.

Динамичките карактеристики ги одредуваат промените на притисок пред вентилот во функција на протокот низ вентилот во текот времето. Во секој хидрауличен систем, вентилот е поврзан најмалку со цевковод на излезот, а на неговиот влез има одреден волумен на компресибилно масло кое влијае на квалитетот на преодниот процес. Во овој труд експериментално и теоретски се одредени преодните процеси во хидрауличните системи со овие вентили. Од експерименталните статички карактеристики се определува коефициентот на хидродинамичка сила што делува на клипот на вентилот.

**Dimitrov, Sasko** and Komitovski, Mihail (2023) Theoretic research on transient process in hydraulic cylinder with cushioning device with constant gap. AIP Conference Proceedings, 3078, 060002 (2024), ISSN 1551-7616

Хидрауличните цилиндри се уреди кои многу често придвижуваат големи маси со висока потенцијална енергија при големи брзини. Наглото запирање во крајните положби на хидрауличните цилиндри, може да доведе до оштетување на цилиндарот или делови од системот. За да се спречи оштетување на хидрауличниот систем, во конструкцијата на хидрауличниот цилиндар се изведени уредите за пригушување за да се постигне непречено запирање во крајната положба. Во оваа работа е развиен математички модел на уред за пригушување со константен процеп и се симулира преодниот процес на крајот од неговиот од.

**Dimitrov, Sasko** and Krstev, Dejan and Krstev, Aleksandar (2021) Improvement of the Static Characteristics of Pilot Operated Pressure Relief Valves. In: ITRO 2021, 26 Nov 2021, Zrenjanin, Republic of Serbia.

Во овој труд се истражувани теоретски и експериментални статички карактеристики на сигурносно – прливните вентили со индиректно дејство. Развиен е математички модел на падот на притисокот во зависност од протокот низ вентилот. Создаден е експериментален тест стенд за експериментално определување на статичките карактеристики и споредени со теоретските. Резултатите од решението на математичкиот модел и експериментално определените се претставени во неколку дијаграми. Дадени се неколку насоки за подобрување на статичките карактеристики, особено во моментот на отворање на главниот вентил. Се дискутирани предностите и недостатоците на статичките карактеристики.

**Dimitrov, Sasko** and Srebrenkoska, Sara and Krstev, Dejan and Dzidrov, Misko and Cekerovska, Marija and Cekerovski, Todor (2024) Theoretical research on transient process in hydraulic cylinder with conical cushioning devices. In: The 12th International Conference on Machine and Industrial Design in Mechanical Engineering (KOD 2024), 23-26 May 2024, Balatonfüred, Hungary.

Хидрауличните цилиндри се уреди кои многу често придвижуваат големи маси со висока потенцијална енергија при големи брзини. Наглото запирање во крајните положби на хидрауличните цилиндри, може да доведе до оштетување на цилиндарот или делови од системот. За да се спречи оштетување на хидрауличниот систем, во конструкцијата на хидрауличниот цилиндар се изведени уредите за пригушување за да се постигне непречено запирање во крајната положба. Во оваа работа е развиен математички модел на конусно-цилиндричен уред за пригушување со делумно променлив процеп и се симулира преодниот процес на крајот од неговиот од.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај научноистражувачката работа, кандидатот има реализирано и неколку стручно-апликативни проекти како што се:

1. Проектирање и изведба за хидраулична платформа за подигање на товар до 1.5 тони, за Алпин ком – Делчево,
2. Проектирање и изведба на хидрауличен агрегат за хидраулична преса во дрвна индустрија, за Алпин ком – Делчево,
3. Проектирање и изведба на испитен стол за испитување на хидраулични елементи – за Хидротех СД - Кочани,

4. Проектирање и изведба на хидраулична преса со сила на притисок 60 тони – за Алпин ком – Делчево.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, рецензентската комисија констатира дека кандидатот вон. проф. д-р Сашко Димитров ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање редовен професор. Комисијата цени дека кандидатот Сашко Димитров, д-р на технички науки од областа на машинството, покрај доставената комплетна документација по објавениот Конкурс, како и исполнување на законските услови за избор во звање редовен професор, покажува и перманентен интерес и желба за научно напредување. Имено, кандидатот се истакнал со плодна педагошка активност, прикажувајќи високо ниво на знаење и стручност, како помлад асистент, а подоцна и во звањето асистент, доцент и вонреден професор, на повеќе предмети од областа автоматика и механика на флуиди и струјно-технички системи што ги изведува на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во изминатиот период. Научноистражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдува неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област, како и стручноста со која владее во наставно - научната област автоматика и механика на флуиди и струјно-технички системи за којашто кандидатот конкурира. Ова се потврдува со многуте објавени научни и стручни трудови, учество на меѓународни и домашни конференции и семинари со научна проблематика. Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност исто така се дел од биографијата и работното искуство на кандидатот, утврдено преку публикуваните трудови во стручни научно-популарни списанија, презентации на стручни конференции, учеството во комисии, изготвување на елаборати и проекти. Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и севкупната активност во периодот од избор во вонреден професор до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот вон. проф. д-р Сашко Димитров преку остварени вкупно 161 поени (НО40+НИ73+САОР48). Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, вон. проф. д-р Сашко Димитров да биде избран во звањето редовен професор во научната област механика на флуиди со струјнотехнички системи и хидроенергетика (2.03.00.08) и автоматика (2.03.00.09), а одлуката да биде доставена до Универзитетскиот сенат за потврдување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Дарко Бабунски, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Валентино Стојковски, редовен професор, член, с.р.
Д-р Симеон Симеонов, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | ВКУПНО | | | | | 40 |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (прв автор, ред. бр.1,2,3,5 и 6 ) 5 x 9= 45 (втор автор, ред. бр. 4) 1 x 6 = 6 | | | | 51 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | | (ред. бр. 7,8,9,) 3 x 3 | 9 | 9 |
| 3. | Учесник во научен проект | (ред. бр.15) 1 | 2 | | | 2 |
| 4. | Студиски престој во странство | | | | ред. бр. 16 | 8 |
| 5. | Учесник во научен проект | | | 1 | 3 | 3 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **73** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Книга | 1 | 10 | 1 | 15 | 25 |
| 2. | Член на факултетски орган, комисија | 5 | 2 | | | 10 |
| 3. | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | | | 5 |
| 4. | Продекан | 1 | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **48** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **161** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАИСТОРИСКА АРХЕОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-38/15 од 6.2.2024 година донесена на 193. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 6.2.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник за насловен доцент во наставно-научната област *праисториска археологија* на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 22.12.2023 година и во предвидениот рок се пријавија:

доц. д-р Гоце Наумов.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Гоце Наумов** е роден на 15 мај 1978 година во Скопје. Основно и средно гимназиско образование завршува во Скопје. Во учебната 1998/99 година се запишува на Институтот за историја на уметност и археологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2004 година дипломира и се стекнува со звање *дипломиран историчар на уметноста со археологија*.

Во учебната 2005/2006 година се запишува на постдипломските студии по археологија на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2009 година го брани магистерскиот труд под наслов „*Орнаментиката и телесноста во неолитската материјална култура од Република Македонија*“ и се стекнува со академско звање магистер на археолошки науки.

Во 2009 година пријавува тема за изработка на докторска дисертација на Институтот за историја на уметноста и археологија при Филозофскиот факултет во Скопје под менторство на проф. д-р Никос Чаусидис, со наслов „*Неолитски антропоморфизам и телесност: третманот на телото на Балканот од VII до V милениум п.н.е.*“. Во јануари 2015 година успешно ја брани докторската дисертација, со што се стекнува со академско звање *доктор на археолошки науки*.

**Општи услови за избор:**

1. Во 2017 година е избран за насловен доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“.
2. Во 2015 година го брани докторскиот труд на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и се стекнува со академско звање доктор на археолошки науки;
3. Во својот прв циклус на студии има остварено просек 8,70, додека во вториот циклус на студии неговиот просек е 10,00;

4. Има објавено најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната научна област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

5. Кандидатот одлично го познава англискиот јазик и редовно го користи при изготвувањето на трудовите и предавањата низ европските универзитети.

6. Неговото ангажирање како насловен доцент на Универзитетот „Гоце Делчев“ и како долгогодишен стручњак од праксата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ ја истакнуваат неговата способност за изведување на високообразовна дејност

или пет научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години.

| Р. бр. | Автор | Наслов на трудот | Наслов на публикацијата | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Naumov, G.;** Przybyła, M.; Gibaja, J. F.; Penezić, K.; Antolín, F.; Sabanov, A. and Fidanoska, A. | An Early Neolithic enclosure at the site of Vlaho, Pelagonia | *Antiquity* 97 (392): 1-8 | 2023 |
| 2 | Sabanov, A.; Soteras, R.; Hajdas, I.; **Naumov, G.** and Antolín, F. | New research in crop diversity of the early farmers in Southeastern Europe (ca. 6400-5700 BC) | *Vegetation History and Archaeobotany* 32 (4): 1-11 | 2023 |
| 3 | Mazzucco, N.; Sabanov, A.; Antolín, F.; **Naumov, G.**; Fidanoski, L.; Gibaja, J. | The spread of agriculture in south-eastern Europe: New data from North Macedonia | *Antiquity* 96 (385): 15-33 | 2022 |
| 4 | **Naumov, G.**; Mitkoski, A.; Talevski, H.; Anvari, J.; Przybila, M.; Stojanovski, D.; Antolín, F.; Sabanov, A.; Živaljević, I.; Dimitrijević, V.; Gibaja, J.; Mazzucco, N.; Milevski, G.; Dumurđanov, N.; Pendić, J.; Blažeska, Z. and Stefanović, S. | Early Neolithic tell of Vrbjanska Čuka in Pelagonia | *Praehistorische Zeitschrift* 96(2): 345-381 | 2021 |
| 5 | Dimitrijević, V.; **Naumov, G.**; Fidanoski, Lj. and Stefanović, S. | A String of Marine Shells from the Neolithic Site of Vršnik (Tarinci, Ovće Pole) and Other Marine Shell Ornaments in the Neolithic of North Macedonia | *Anthropozoologica* 54/4: 57-70 | 2020 |

**Посебни услови**

Во текот на својата едукација и истражувања кандидатот бил на неколку научни специјализации во странство, и тоа на Филозофскиот факултет во Белград, на Универзитетот во Падова, Државниот универзитет на Њујорк, Универзитетот во Берн и во Ајнштајновиот центар Хронои во Берлин. Вклучен бил во бројни археолошки ископувања на предисториски локалитети во Македонија, Србија, Албанија, Словенија, Турција, Русија и САД, од кои ги издвојуваме неолитските локалитети Винча во Србија и Чаталхујук во Турција. Ангажиран бил и во повеќе кабинетски и теренски истражувања реализирани во соработка со Словенечката

академија на науките и уметностите, Универзитетот при Приморска, Карловиот универзитет, Белградскиот универзитет, Универзитетот Стенфорд, Универзитетот во Берн, Универзитетот во Базел, Шпанскиот национален совет за истражување, Полската академија на науките, Музејот „Ермитаж", Францускиот национален центар за истражување, Универзитетот во Падова, Универзитетот на Јужна Бохемија, Археолошкиот музеј во Удине, Слободниот универзитет во Берлин, Филдовиот музеј во Чикаго и Државниот универзитет Њујорк.

Д-р Гоце Наумов има одржано бројни предавања и презентации и тоа во универзитетите и музеите во Кембриџ, Париз (Сорбона 1), Манчестер, Даблин, Осло, Берлин, Хелсинки, Њујорк, Барселона, Бафало, Берн, Цирих, Базел, Рим, Ценова, Модена, Санкт Петерсбург, Киев, Канев, Прага, Пилсен, Будимпешта, Рива дел Гарда, Алба, Валета, Виена, Истанбул, Сертеја, Љубљана, Копер, Белград, Ниш, Задар, Карловац, Солун, Аминдеон, Благоевград и Софија, а организирал и сесии во рамките на конференциите на Европската асоцијација на археолозите одржани во Италија, Швајцарија, Германија, Шпанија и во Малта, како и на оние од Теориската археолошка група во САД. За своите истражувања, излагања и публикации е подржуван со грантови од домашни и странски институции и фондации од Европа и Соединетите Американски Држави, вклучувајки ги Министерството за култура на Р. Македонија, CEEPUS, Wenner Gren, Prehistoric Society, Einstein Foundation, German Archaeological Institute, Swiss National Science Foundation, Western Balkans Fund, Coimbra Universities Group, Foundation for Study and Preservation of Tells, JFDP од U.S. Department of State и други.

Меѓу неговите достигнувања треба да се истакне добивањето на наградата за најдобар студентски труд на собирот на Европската асоцијација на археолозите во 2007 година, како и наградата за најдобар студентски труд за 2011 – 2012 година во рамки на Светскиот археолошки конгрес. Во 2015 ја доби James Dyer Prize доделена од The Prehistoric Society за истражувањето на неолитските тумби во Пелагонија. Наградата на ИКОМОС за најдобар музејски проект му беше доделена во 2019 година. Автор е на 5 монографии, од кои една е публикувана во Оксфорд. Како резултат на неговите истражувања произлегуваат педесетина трудови издадени во рамките на реномирани научни списанија и на редактирани книги и тоа во Лондон, Оксфорд, Кембриџ, Њујорк, Лос Анџелес, Париз, Рим, Удине, Фрибург, Минхен, Хајделберг, Бон, Фрајбург, Виена, Лидс, Москва, Аделаид, Варшава, Прага, Букурешт, Љубљана, Белград, Ниш, Сучеава, Софија, Скопје и Битола. Бројот, насловите и времетраењето на посочените (и на други) проекти, предавања и трудови се наведени во биографијата и библиографијата доставени од кандидатот. Г. Наумов е основач и претседател на Центарот за истражување на предисторијата (ЦИП), а членува и во Македонското археолошко друштво (МАНД), European Association of Archaeologists (EAA), World Archaeological Congress (WAC) и The Prehistoric Society.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност:**

По неговото дипломирање, кандидатот од 2006 до 2012 година е ангажиран на Институтот за историја на уметноста и археологија при Филозофскиот факултет во Скопје, и тоа од 2006 до 2009 како демонстратор кај проф. д-р Никос Чаусидис на предметите *Археологија* за студиската програма за етнологија и антропологија при Природо-математичкиот факултет и ст.пр. за историја при Филозофскиот факултет; *Историја на културата на Македонија* за ст. пр. за македонски јазик

при Филолошкиот факултет и предметот *Музеологија и конзервација* за ст. пр. за археологија при Филозофскиот факултет. Од 2009 до 2011 година ја извршува функцијата надворешен предавач (стручњак од праксата) по предметот Археологија на ст.пр. за археологија при Филозофскиот факултет и Историја на културата на Македонија на ст. пр. за македонски јазик при Филолошкиот факултет.

Од 2012 до 2015 година е ангажиран како истражувач на Институтот за древни студии при Универзитетот „Евро-Балкан“ во Скопје. Во 2016 година се вработува како едукатор во Музеј на Македонија, каде што и денес ја извршува истата функција. Од зимскиот семестар во 2017 година е ангажиран како стручњак од праксата по предметот Праисториска археологија 2 на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“. Во 2017 година е избран за насловен доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“, каде што ги предава предметите Праисториска археологија и Археологија на Балканот 1.

Во периодот од 2005 до 2018 година д-р Гоце Наумов е автор на дваесет и пет (25) научни и стручни авторски единици објавени во домашни и странски зборници на трудови; триесет и седум авторски единици (37) објавени во домашни и странски списанија, а автор е на четири (4) монографии и уредник на четири (4) зборника на трудови. Повеќето од неговите трудови се публикувани во странство за реномирани списанија и издавачки куќи, додека седум (7) од неговите трудови се публикувани во светски списанија со импакт фактор.

Во текот на 2017 година д-р Гоце Наумов е избран во звање насловен доцент, па од тие причини тука е направен преглед на неговиот научен опус во последните пет години до изборот за насловен вонреден професор за кого што во сега се кандидира. Во текот на последниве пет години се јавува како автор на осумнаесет (18) научни и стручни авторски единици објавени во домашни и странски зборници на трудови; дваесет и шест авторски единици (26) објавени во домашни и странски списанија, автор е и на една (1) монографија, уредник на пет (5) зборника на трудови и на еден каталог од изложба. Повеќето од неговите трудови се публикувани во странство за реномирани списанија и издавачки куќи, додека единаесет (11) од неговите трудови се публикувани во светски списанија со импакт фактор.

Иако комисијата стекна увид во сите научни трудови на д-р Гоце Наумов приложени во документација, имајќи го предвид нивниот голем број, комисијата реши, во овој извештај да не се презентира одделна евалуација за секој од нив. Наместо тоа, тие ќе бидат групирани во неколку одделни групи, согласно темите на кои се однесуваат, при што Комисијата подетално ќе се осврне на неколку од нив коишто се истакнуваат со придонесот за науката, односно според степенот на влијание и импакт факторот.

Научните трудови на колегата Наумов претежно се однесуваат на предисторијата, и тоа фокусирани кон следните теми: процес на неолитизацијата, енеолитот, бронзеното време, архитектурата, обредите, фигуралните претстави и нивните симболички аспекти, а голем дел од нив се однесуваат и на предисторијата во Пелагонискиот и Охридско-преспанскиот регион.

1. *<u>Фигурални претстави и телесност</u>*

Во рамките на оваа тематска единица кандидатот има објавено една монографија и три научни трудови во домашни и меѓународни зборници на

трудови. Во нив авторот се осврнува на фигуралните претстави во Македонија и Анадолија, обработувајќи ги нивните елементарни карактеристики (изглед, материјал, бројност итн.) и археолошкиот контекст, што пак му овозможува да разработи повеќе толковни пристапи во однос на нивната функција и симболика. Овие аспекти се особено развиени во посочената монографија каде што се приложени низа антрополошки, социолошки и археолошки теории, со цел да се понудат повеќе можности за интерпретирање на фигуралните претстави:

**Наумов, Г.** 2023. *Телесност и отелотворување: иконографии на човечкото тело*. Скопје: Музеј на Македонија.

**Naumov, G.** 2021. Ornamenti na praistorijskim antropomorfnim predstavama. In Ignjatović, M. (ed.), *Akta sa konferencije Nakit ostaje NAOS 2.0*: 9 – 26. Beograd: Muzej grada Beograda.

**Naumov, G.** and Biehl, P. F. 2019. Chalcolithic Human Representations at Çatalhöyük. In Becker, J.; Beuger, C. and Müller-Neuhof, B. (eds.), *Human Iconography and Symbolic Meaning in Near Eastern Prehistory*: 213 – 224. Vienna: Austrian Academy of Sciences Press.

**Naumov, G.** 2019. Neolithic Figurines of Cerje Govrlevo. In Fidanoski, Lj. (ed.), Skopje Before 8 Millennia 3: Among Deities and Men of Govrlevo: 13 - 28. Skopje. Museum of the City of Skopje.

2. *Неолит во Пелагонија*

Најголемиот регионален фокус на кандидатот е насочен кон неолитот во Пелагонија, особено концентриран на три археолошки локалитети: Влахо, Врбјанска Чука и Велушка Тумба. Во рамките на оваа тематска единица има објавено вкупно 16 трудови, и тоа во меѓународни списанија или зборници на трудови, од кои два се дел од публикации со висок импакт фактор. Трудовите произлегуваат од теренските истражувања и мултидисциплинарните анализи изведувани во последните години (главно под раководство на авторот), при што во нив се вклучени сознанијата за стратиграфијата, хронологијата, архитектурата, материјалната култура и специфичните обредни контексти. Покрај овие трудови, тој објавил и неколку статии во кои се прави генерален пресек на пелагонските тумби и нивниот континуитет, со особен акцент на социјалните и симболичките аспекти инкорпорирани во овој специфичен тип предисториски населби:

**Naumov, G.;** Przybyła, M.; Gibaja, J. F.; Penezić, K.; Antolín, F.; Sabanov, A. and Fidanoska, A. 2023. An Early Neolithic enclosure at the site of Vlaho, Pelagonia. *Antiquity* 97 (392): 1-8. - **труд со импакт фактор – 0.953 SJR / 89 H index**

**Naumov, G.;** Gulevska, J.; Mitkoski, A.; Przybila, M.; Talevski, H.; Antolin, F.; Sabanov, A.; Hajdas, I.; Mačkovska, V. and Hristovski, N. 2023. Results from the fieldwork research of Vlaho site (Pelagonia) in 2023. In: Fidanoski, Lj. and Naumov, G. (eds). *Prehistory in the Balkans: interregional research and educational practices*: 43–71. Skopje: Center for Prehistoric Research.

**Наумов, Г.** и Насух, Е. Заштитно археолошко ископување на локалитетот Влахо кај Живојно во 2023 година. *Патримониум* 21: 9 – 22.

**Наумов, Г**.; Миткоски, А.; Георгиев, Д.; Мачковска, В.; Крстески, В.; Талевски, Х.; Фросард. Д.; Антолин, Ф.; Хајдас, И. И Сабанов, А. 2023. Истражување на археолошкиот локалитет Врбјанска Чука кај Славеј (Пелагонија) во 2023 година. *Патримониум* 21: 345 – 368.

**Наумов, Г.;** Гулевска, Ј.; Георгиев, Д.; Христовски, Н.; Пшибила, М.; Антолин, Ф. и Хајдас, И. 2023. Истражување на локалитетот Прекоп кај Асамати (Преспанско Езеро) во 2023 година. *Патримониум* 21: 47 - 60.

**Naumov, G.;** Mitkoski, A.; Talevski, H. and Stojanovski, A. 2022. Fieldwork Research on the Archeological Site Vrbjanska Čuka (Pelagonia) in 2020 and 2021. In Fidanoski, Lj. and Naumov, G. (eds.), *Neolithic in Macedonia. Recent research and analyses*: 105 – 129. Skopje: Center for Prehistoric Research.

**Наумов, Г.;** Гулевска, Ј.; Пшибила, М.; Гибаха, Х.; Пенезиќ, К.; Антолин, Ф.; Сабанов, А. и Фиданоска, А. 2022. Нови сознанија за почетокот на неолитот во Македонија: резултати од мултидисципланрното истражување во 2022 година на аргеолошкиот локалитет Влахо кај Живојно (Пелагонија). *Патримониум* 20: 11-34.

**Naumov, G.**; Mitkoski, A.; Talevski, H.; Anvari, J.; Przybila, M.; Stojanovski, D.; Antolín, F.; Sabanov, A.; Živaljević, I.; Dimitrijević, V.; Gibaja, J.; Mazzucco, N.; Milevski, G.; Dumurđanov, N.; Pendić, J.; Blažeska, Z. and Stefanović, S. 2021. Early Neolithic tell of Vrbjanska Čuka in Pelagonia. *Praehistorische Zeitschrift* 96(2): 345-381. **труд со импакт фактор – 0.292 SJR / 17 H index**

**Наумов, Г**. 2021. Рекогносцирање и мапирање на предисториски локалитети во Битолско Поле (Пелагонија) и Горна Преспа (Преспанско Езеро). *Зборник на завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола* 24: 221-255.

**Наумов, Г.** и Гулевска, Ј. 2021. Истражување на локалитетот Велушка Тумба во 2021 година. *Зборник на трудови на Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола* 24: 17-36.

**Наумов, Г.**; Митковски, А.; Талевски, Х.; Стојановски, Д.; Стаматоска, П. и Ковачевски, З. 2021. Истражување на локалитетот Врбјанска Чука кај Славеј во 2019 година. *Macedonia Acta Archaeologica* 23: 43-66. Скопје.

**Наумов, Г.;** Гулевска, Ј.; Антолин, Ф.; Сабанов, А.; Сотерас, Р. и Фиданоска, А. 2021. Мултидисциплинарни истражувања на неолитската населба Влахо кај Живојно во Пелагонија. *Патримониум* 14: 11-28.

**Naumov, G.** 2020. Domestication of Tells: settlements of the first farmers in Pelagonia. In Blanco Gonzales, A. and Kienlin, L. T. (eds.), *Current approaches to tells in the prehistoric Old World*: 111-124. Oxford: Oxbow Books.

**Наумов, Г.,** Гулевска, Ј., Пенезиќ, К., Антолин, Ф., Митковски, А. Сабанов, А и Сотерас, Р. 2020. Мултидисциплинарно истражување на Велушка Тумба во 2019 година. Во Фиданоски, Љ и Наумов, Г. (ур.) *Неолитот во Македонија: во чест на Драгица Симоска*: 29-61. Скопје: Центар за истражување на предисторијата.

**Наумов, Г.** 2020. Пелагонските тумби од неолитот до средниот век. *Жива антика* 70: 181 – 218.

**Наумов, Г.** и Гулевска, Ј. 2020. Археолошко истражување на Велушка тумба во 2020 година. *Патримониум* 18: 12-34.

3. *<u>Предисториски наколни населби во охридско-преспанскиот регион</u>*

Во рамки на теренските и кабинетските проучувања кандидатот исто така вршел и неколку истражувања на наколни локалитети во Охридско-преспанскиот регион, а направил и општи осврти на овој вид населби на Балканот и тоа од неолитот до бронзеното време. Како резултат на тоа се објавени осум трудови во меѓународни списанија и зборници на трудови во кои се резимираат теренските истражувања на локалитетите Плоча – Миќов Град (Охридско Езеро) и Прекоп (Преспанско Езеро). Три од нив се публикувани во еминентни списанија со

импакт фактор. Во овие публикации тој, заедно со коавторите, ги истакнува архитектонските карактеристики и материјалната култура специфични за овие наколни населби, како и нивната хронологија. Во трудовите кои претставуваат општ осврт на овој тип населби на Балканот тој ги разгледува нивните географски, социјални и симболички компоненти со цел да ги објасне причините за нивното појавување во неолитот, развојот во текот на енеолитот и згаснувањето кон крајот на бронзеното време:

**Наумов, Г.;** Гулевска, Ј.; Георгиев, Д.; Христовски, Н.; Пшибила, М.; Антолин, Ф. и Хајдас, И. 2023. Истражување на локалитетот Прекоп кај Асамати (Преспанско Езеро) во 2023 година. *Патримониум* 21: 47 - 60.

**Наумов, Г.** и Гулевска, Ј. 2022. Археолошки локалитет Прекоп кај Асамати: предисториска населба на брегот на Преспанското Езеро. *Патримониум* 20: 35 – 48.

**Naumov, G.** 2020. Neolithic wetland and lakeside settlements in the Balkans. In Hafner, A.; Dolbunova, E.; Mazurkievich, A.; Pranckenaite, E. and Hinz, M. (eds.), *Settling Waterscapes in Europe: The Archaeology of of Neolithic-Bronze Age Pile-Dwellings*: 111-136. Bern and Heidelberg: Propylaeum.

**Naumov, G.** 2020. Pelagonian Tells and Pile Dwellings in Lake Ohrid. In Urem Kotsou, D., Tasic, N and Buric, M. (eds) *Making Spaces to Places. North Aegean, Balkans and Western Anatolia in the Neolithic*: 123 – 140. Oxford: Archaeopress.

**Naumov, G.,** Hafner, A., Taneski, B., Ballmer, A., Reich, J., Hostettler, M., Bolliger, M., Francuz, J., Maczkowski, A., Boogard, A., Antolin, F., Charles, M., Tinner, W., Morales del Molino, C., Lotter, A., 2019. Research in 2019 at the site of Ploča-Mićcov Grad near Gradiˇste (Lake Ohrid). *Patrimonium* 12: 11–46.

Bolliger, M.; Maczkowski, A.; Francuz, J.; Reich, J.; Hostettler, M.; Ballmer, A.; **Naumov, G.;** Taneski, B.; Todoroska, V.; Szidat, S. and Albert Hafner, A. 2023. Dendroarchaeology at Lake Ohrid: 5th and 2nd millennia BCE tree-ring chronologies from the waterlogged site of Ploča Mičov Grad, North Macedonia. *Dendrochronologia* 79: 1- 18.- **труд со импакт фактор – 0.849 SJR / 57 H index**

Hafner, A.; Reich, J.; Ballmer, A.; Bolliger, M.; Antolín, F.; Charles, M.; Emmenegger, L.; Fandré, J.; Francuz, J.; Gobet, E.; Hostettler, M.; André F. L.; Maczkowski, A.; Morales-Molino, C.; **Naumov, G.**; Stäheli, C.; Szidat, S.; Taneski, B.; Todoroska, V.; Bogaard, A.; Kotsakis K. and Tinner, W. 2021. First absolute chronologies of neolithic and bronze age settlements at Lake Ohrid based on dendrochronology and radiocarbon dating. *Journal of Archaeological Science: Reports* (Volume 38): 1-18. - **труд со импакт фактор – 1.379 SJR / 152 H index**

Reich, J.; Steiner, P.; Ballmer, A.; Emmenegger, L.; Hostettler, M.; Stäheli, C.; **Naumov, G.;** Taneski, B.; Todoroska, V.; Schindler, K. and Hafner, A. 2021. A novel Structure from Motion-based approach to underwater pile field documentation. *Journal of Archaeological Science - Reports* 39: 1-14. - **труд со импакт фактор – 1.379 SJR / 152 H index**

4. *Социјални аспекти на предисториските заедници*

Покрај теренските и кабинетските истражувања, кандидатот прави и повеќе теориски осврти на предисториските заедници на Балканот, со посебен акцент на оние во Македонија. Последниве пет години има публикувано четири труда од оваа област, и тоа во меѓународни зборници, при што во нив се осврнува на општествените услови во кои егзистирале неолитските, енеолитските,

бронзенодобните и железнодобните популации. Преку овие анализи тој ги нотира економските фактори и нивната поврзаност со ресурсите и природното опкружување како предуслови за формирањето и егзистирањето на ваквите населби. Во нив става особен акцент на градењето идентитети преку материјалната култура – процес кој се создава во интеракција со природното опкружување, но и преку симболизирањето и ритуализирањето на просторот во кој егзистирале предисториските заедници:

**Naumov, G.** and Petrova Mitevska, E. 2022. Social Change and Elites in the Prehistoric Central and Southern Balkans. In Gyucha, A. and Parkinson, W. (eds) *First Kings of Europe: From Farmers to Rulers in Prehistoric Southeastern Europe*: 26-41. Los Angeles: Cotsen Institute of Archaeology Press.

**Naumov, G.** 2021. Different in Similarity: the Neolithic Communities of Govrlevo and Zelenikovo. In Fidanoski, Lj. (ed.), Across the Mountain: Zelenikovo and Govrlevo – two parallel worlds: 7 – 26. Skopje: Museum of the City of Skopje.

**Наумов, Г**. 2019. Формирањето на првите неолитски заедници во Македонија. *Macedoniae acta archaeologica* 21: 37 – 53.

**Наумов, Г**. 2019. Формирањето на неолитски водоземни идентитети на Балканот. Во Фиданоски, Љ и Наумов, Г. (ур.) *Неолитот во Македонија: во чест на Воислав Санев*: 107 - 120. Скопје: Центар за истражување на предисторијата.

6. <u>*Етноархеологија*</u>

Во својата научна работа, Г. Наумов постојано ги вклучува и концепциите на етноархеологијата како метод кој е неопходен за подоброто разбирање на предисториските заедници. Резултат на тоа се неколку трудови објавени во зборници поврзани со музејските изложби организирани од негова страна во кои, заедно со други автори, ги истакнува археолошките, етнолошките и историските врски помеѓу Африка и Македонија. Во некои од нив кандидатот се осврнува и на неколку современи африкански заедници, во чија култура се содржани одредени палеолитски и неолитски елементи кои имаат важна улога во реконструирањето животот во предисторијата:

**Naumov, G.** 2021. *African Faces*. Skopje: Museum of Macedonia.

**Naumov, G.** 2021. Painted Bodies and Fierce Souls: Suri People of Ethiopia. In Naumov, G. (ed.) *African Faces*. Skopje: 48 – 58. Skopje: Museum of Macedonia.

**Наумов, Г.** и Чаусидис, Н. 2019. *Африка во Македонија*. Скопје: Музеј на Македонија.

**Наумов, Г.** 2019. Африкански гени и миграции во Македонија. Во Наумов, Г. и Чаусидис, Н. (ур.) *Африка во Македонија*: 11 - 15. Скопје: Музеј на Македонија.

**Наумов, Г.** 2019. Скопскиот џез фестивал и африканските култури во Македонија. Во Наумов, Г. и Чаусидис, Н. (ур.) *Африка во Македонија*: 76 - 77. Скопје: Музеј на Македонија.

**Наумов, Г.** 2019. Македонски колекционери на етнолошки предмети во Македонија. Во Наумов, Г. и Чаусидис, Н. (ур.) *Африка во Македонија*: 78 - 82. Скопје: Музеј на Македонија.

7. <u>*Археометрија и мултидисциплинарни анализи*</u>

Едно од главните залагања на кандидатот е постојаното афирмирање на неопходноста од мултидисциплинарност во археолошката работа. Поради

тоа, во неговите проучувања скоро секогаш се вклучени домашни и странски специјалисти од разни научни дисциплини кои им пристапуваат на откриените локалитети и наоди од различни перспективи. Како резултат на тоа, во коавторство со своите колеги, има објавено 12 трудови во меѓународни списанија и зборници од кои, дури шест се дел од еминентни публикации со висок импакт фактор. Во нив, овој интернационален и мултидисциплинарен тим ги публикува најновите археометриски сознанија од истражувањата на предисториските локалитети во Пелагонија и Охридско-преспанскиот регион, притоа вклучувајќи ги радиокарбон, археоботничките, археозоолошките, дендрохронолошките, хемиските и функционалните анализи, геофизичкото, лидар и ласерското скенирање, систематското рекогносцирање итн.

**Naumov, G.** 2023. Calibrated chronology of the Neolithic tells in Pelagonia. Marić, M. (ed.) *Relatively Absolute: Absolute and Relative Chronologies of the Neolithic Period in Southeast Europe*: 41-66. Belgrade: Institute for Balkan Studies.

**Naumov, G.** 2023. Archaeometric Prehistory: a review of the multidisciplinary research in Macedonian archaeology. In Jakimovski, A. and Dimitrova, E. (eds.), *75 Year Jubilee of the Institute of Art History and Archaeology*: 41 – 78. Skopje: Faculty of Philosophy.

Sabanov, A., Antolín, F., **Naumov, G.** and Soteras, R. 2023. What is Hidden in the Dung? A case study of an archaeobotanical sample from Building 2 at the Neolithic site of Vrbjanska Čuka. In Fidanoski, Lj. and Naumov, G. (eds.) *Prehistory in the Balkans: Interregional research and educational practices*: 79-104. Skopje: Center for Prehistoric Research.

Veljanovski, P.; Markoski, B.; Talevski, H. and **Naumov, G.** 2023. Troubles in the Fields of Past and Present Pelagonia: Potentials for integrated management of natural and cultural resources in the context of balanced and sustainable economic development. In Daszewska, M. (ed.) *Heritage and Development*. Krakow: International Cultural Center.

Sabanov, A.; Soteras, R.; Hajdas, I.; **Naumov, G.** and Antolín, F. 2023. New research in crop diversity of the early farmers in Southeastern Europe (ca. 6400-5700 BC). *Vegetation History and Archaeobotany* 32 (4): 1-11. - **труд со импакт фактор – 0.917 SJR / 71 H index**

Sabanov, A.; Antolín, F.; **Naumov, G.** and Soteras, R. 2022. The use of plants and domestic spaces in the Early Neolithic Pelagonia Valley. Preliminary results of the integrated archaeobotanical and micro-refuse approach. In Fidanoski, Lj. and Naumov, G. (eds.) *Neolithic in Macedonia: Recent Research and Analysis*: 89-104.

Mazzucco, N.; Sabanov, A.; Antolín, F.; **Naumov, G**.; Fidanoski, L.; Gibaja, J. 2022. The spread of agriculture in south-eastern Europe: New data from North Macedonia. *Antiquity* 96 (385): 15-33. - **труд со импакт фактор – 0.953 SJR / 89 H index**

Antolín. F., Dimitrijević, V., **Naumov, G.,** Sabanov, A. and Soteras, R. 2021. Prilep, North Macedonia. House taskscapes in the Early Neolithic of the Pelagonia Valley: micro-refuse analyses. First results of the Campaign 2019. *e-DAI-F 2021*-2:1-15.

Jovanović, J., Blagojević, T., Marković, J., Novak, M., Bedić, Željka, **Naumov, G.,** Stojanova Kanzurova, E., Los, D., Hutinec, M., Fidanoski, L., Skelac, G., Šlaus, M., & Stefanović, S. (2021). New Radiocarbon Dates, Stable Isotope, and Anthropological Analysis of Prehistoric Human Bones from the Balkans and Southwestern Carpathian Basin. *Documenta Praehistorica* 48: 224–251. - **труд со импакт фактор – 0.478 SJR / 23 H index**)

Antolín, F.; Sabanov, A.; **Naumov, G.** and Soteras, F. 2020. Crop choice, gathered plants and household activities during the beginnings of farming in Pelagonia valley (North Macedonia). Antiquity 94 (376) (Project Gallery): 1-8. - **труд со импакт фактор – 0.953 SJR / 89 H index**

Dimitrijević, V.; **Naumov, G.**; Fidanoski, Lj. and Stefanović, S. 2021. A String of Marine Shells from the Neolithic Site of Vršnik (Tarinci, Ovće Pole) and Other Marine Shell Ornaments in the Neolithic of North Macedonia. *Anthropozoologica* 54/4: 57-70. **труд со импакт фактор – 0.234 SJR / 12 H index**

Stojanovski, D., Živaljević, I., Dimitrijević, V., Dunne, J., Evershed, R., Balasse, M., Dowle, A., Hendy, J., Fischer, R., Speller, C., Jovanović, J., Casanova, E., Knowles, T., Balj, L., **Naumov, G.,** Putica, A., Starović, A., Stefanović, S. 2020. Living off the land: Terrestrial based diet and dairying in the farming communities of the Neolithic Balkans. *PLOS One* 15(8): 1-18. - **труд со импакт фактор – 0.839 SJR / 435 H index**

8. *Уредување на зборници и каталози за изложби*

Покрај обемниот публицистички опус, кандидатот Наумов е уредник на пет зборници на трудови (заедно со Љубо Фиданоски и Никос Чаусидис), на еден каталог од изложба и на една книга со апстракти од конференција:

Fidanoski, Lj. and **Naumov, G.** 2023. *Prehistory in the Balkans: Interregional research and educational practices*. Skopje: Center for Prehistoric Research.

Fidanoski, Lj. and **Naumov, G.** 2021, *Neolithic in Macedonia. Recent research and analyses*: 105 – 129. Skopje: Center for Prehistoric Research.

Фиданоски, Љ и **Наумов, Г.** 2020. *Неолитот во Македонија: во чест на Драгица Симоска*: 107 - 120. Скопје: Центар за истражување на предисторијата.

Фиданоски, Љ. и **Наумов, Г.** 2019. *Неолитот во Македонија: во чест на Воислав Санев*: 107 - 120. Скопје: Центар за истражување на предисторијата.

**Наумов, Г.** и Чаусидис, Н. 2019. *Африка во Македонија*. Скопје: Музеј на Македонија.

**Наумов, Г.** 2021. *Африкански лица*. Скопје: Музеј на Македонија.

**Naumov, G.** 2023. *Prehistory in the Balkans (book of abstracts)*: Skopje: Center for Prehistoric Research.

**Naumov, G.** 2022. *Common Cultural Heritage (book of abstracts)*: Ohrid: Center for Prehistoric Research.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

***Предавања, учества и организирање конференции***

Покрај својата истражувачка и едукативна работа, д-р Гоце Наумов има учествувано на голем број меѓународни конференции и одржано предавања на повеќе престижни универзитети, (околу 80 гостувања). Од нив треба да се истакнат неговите презентации и предавања на универзитетите во Париз (Сорбона), Кембриџ, Њујорк, Хелсинки, Осло, Цирих, Даблин, Истанбул и во музејот Ермитаж во Санкт Петербург, а во последните пет години одржал гостувачки предавања во Берлин, Рим, Барселона, Базел, Виена и Копер. Тој редовно учествува на годишните конференции на Европската асоцијација на археолозите (ЕАА) во кои и самиот често организира вакви сесии (во Киел, Берн и Будимпешта). Меѓународни конференции, со учество на домашни и странски археолози, организира и во Македонија. Подолу е приложена селекција на неколку од неговите позначајни предавања и презентации на конференции, како и на оние што самиот ги организирал:

1. <u>*Гостувачки предавања и учества на конференции:*</u>

Naumov, G. 2024. Multidisciplinary Wetland Archaeology in the Balkan Prehistory. Guest Lecture at the Austrian Academy of Sciences and Arts, Institute of Archaeology.

Naumov, G. 2023. Neolithization of Wetlands: the establishment of tells and pile-dwellings in the Balkans. Guest lecture at the Free University Berlin.

Naumov, G. 2022. Tells of Pelagonia: establishing the Early Neolithic identities in the Balkans. Guest lecture at the German Archaeological Institute in Berlin.

Naumov, G. 2022. Reconsidering the Neolithization of Wetlands: the case of Pelagonia. Guest lecture at the Spanish School for History and Archaeology in Rome.

Naumov, G. 2020. Macedonian Architectural Identity. Guest online lecture at the Franklin College of Arts and Science, University of Georgia.

Naumov, G. 2019. Prehistory of Pelagonia and Lake Ohrid. Guest lecture at the Institute for Prehistory and Archaeological Science, University of Basel.

Naumov, G. 2019. Symbolism in the Neolithic. Key note speaker lecture for the 'Early Neolithic' conference at the Maritime Museum in Barcelona.

Naumov, G. 2019. Everything Else Matters: Reconsidering the Lacustrine Societies in the Prehistoric Balkans', presentation at the 25th Annual Meeting of the European Association of Archaeologists, University of Bern, September.

2. <u>*Организирање сесии и конференции:*</u>

- Организатор на меѓународната конференција *Common Cultural Heritage,* Охрид 2022.
- Коорганизатор со Љубо Фиданоски на повеќегодишната меѓународната конференција *Неолитот во Македонија/ Prehistory in the Balkans*, Скопје, 2015-2023.
- Коорганизатор со Robert Hofmann и Mila Shatilo на сесијата *So Many Settlements so Few Graves? Neolithic and Chalcolithic Practices with the Dead in Circum Pontic Region and Southeastern Europe*, во рамки на 28-годишна конференција на европските археолози, Будимпешта, 2022.
- Коорганизатор со Christina Marangou и Mila Shatilo на сесијата *Small but Significant: Exploring Neo-Eneolithic Miniature Representations as Material Objects*, во рамки на 27-та годишна конференција на европските археолози, Киел, 2021.
- Коорганизатор со Renata Huber, Eda Gross, Ekaterina Dolbunova и Tryfon Giagkoulis на сесијата *So Close, No Matter How Far? Sketching the Relationship between Water- and Landscapes across Europe*, во рамки на 25-годишна конференција на европските археолози, Берн 2019.

***Авторство и организирање изложби***

Во текот на неговата работа во Музеј на Македонија, доц. д-р Гоце Наумов има реализирано повеќе настани и тоа: научни трибини, предавања, работилници, концерти и изложби. Исто така тој е и национален координатор на една меѓународна изложбена турнеја во САД и Канада во која се вклучени и македонски предисториски артефакти. Во оваа пригода, од нив издвојуваме неколку изложби организирани во последните пет години:

- *First Royals of Europe* (во коорганизација со Вилијам Паркинсон и Атила Гјуха), Канадски музеј на историјата, Отава 2024.
- *First Kings of Europe* (во коорганизација со Вилијам Паркинсон и Атила Гјуха), Филдов музеј, Чикаго 2023.

- *Ritual and Memory: Ancient Balkans and Beyond* (во коорганизација со Вилијам Паркинсон и Атила Гјуха), Институт за проучување на древниот свет, Њујорк 2022.
- *Африкански лица: фотографии на Билјана Јуруковски*, Музеј на Македонија 2021.
- *Африка во Македонија* (во коорганизација со Никос Чаусидис), Музеј на Македонија 2019.

***Учество во научноистражувачки проекти***

Во текот на својата научна работа кандидатот учествувал во бројни домашни и меѓународни проекти, а воедно бил и раководител на голем дел од нив. Во последните пет години учествувал на шеснаесет археолошки ископувања на локалитети и во единаесет меѓународни археолошки проекти, претежно на предисториски наоѓалишта и наоди. Бил раководител на повеќе теренски и кабинетски истражувања. Користел поголем број домашни и меѓународни грантови за научни проекти:

1. *Теренски истражувања (раководител):*
   Пет кампањи на локалитетот „Врбјанска Чука“ – Славеј, 2019 - 2023 г.
   Четири кампањи на локалитетот „Велушка Тумба“ – Породин, 2019 - 2022 г.
   Три кампањи на локалитетот „Влахо“ – Живојно, 2021 - 2023 г.
   Две кампањи на локалитетот „Прекоп“ – Асамати, 2022 – 2023 г.
   Една кампања на локалитетот „Плоча – Миќов Град, Градиште, 2019 г.
   Една кампања на локалитетот „Поградец“ – Поградец, 2022 г. (кораководител)
2. *Раководител на меѓународни теренски и кабинетски проекти:*

- „(Re)creation of Neolithic t*ime and time again*", 2023 - 2024 г.
- „*Chronology, society and environment of the Neolithic tells in Pelagonia* " со Јана Анвари и Феран Антолин, 2022 - 2023 г.
- „*Анализа на органски остатоци во Пелагонија*", со Феран Антолин и Амалиа Сабанов, 2022 - 2023 г.
- "*Предисторијата во Охридско-преспански регион*", 2023 - 2024 г.
- "*Common Cultural Heritage*", со Еда Андони и Кристина Пенезиќ, 2022 г.
- „Истражување на локалитетот Врбјанска Чука“, 2019 – 2020 г.
- „Истражување на локалитетот Велушка Тумба“, 2019 – 2022 г.
- „Рекогносцирање на предисториски тумби во Пелагонија“, 2020 – 2021 г.
- „Рекогносцирање на предисториски тумби во Пелагонија и Преспа“, 2021 г.
- „*Exploring the dynamics and causes of land use", со Алберт Хафнер* 2019 г.
- „Neolithic Tells in Pelagonia“, 2019 г.

3. *Домашни и меѓународни грантови за научни проекти (селекција):*

- Грант од Einstein Foundation за проектот „(Re)creation of Neolithic t*ime and time again*", 2023 - 2024 г.
- Грант од Foundation for Study and Preservation of Tells за проектот „ *Chronology, society and environment of the Neolithic tells in Pelagonia* ", 2022 - 2023 г.
- Грант од EU Western Balkan Fund за проектот "*Common Cultural Heritage*", со Еда Андони и Кристина Пенезиќ, 2022 г.
- Грант од European Research Council за проектот „*Exploring the dynamics and causes of land use", со Алберт Хафнер* 2019 г.
- Грант од Prehistoric Society за проектот „Neolithic Tells in Pelagonia", 2019 г.
- Грант од Министерство за култура за проектот „*Анализа на органски остатоци во Пелагонија*",2022 - 2023 г.

- Грант од Министерство за култура за проектот „*Предисторијата во Охридско-преспански регион*", 2023 - 2024 г.
- Грант од Министерство за култура за проектот „Истражување на локалитетот Врбјанска Чука", 2019 – 2020 г.
- Грант од Министерство за култура за проектот „Истражување на локалитетот Велушка Тумба", 2019 – 2022 г.
- Грант од Министерство за култура за проектот „Рекогносцирање на предисториски тумби во Пелагонија", 2020 – 2021 г.
- Грант од Министерство за култура за проектот „Рекогносцирање на предисториски тумби во Пелагонија и Преспа", 2021 г.

***Членство во комисии и совети:***

Освен активностите во рамките на неговата научна работа, доц. д-р Гоце Наумов бил член на Националниот совет за културно наследство на Република Македонија, во рамки на Министерството за култура. Бил дел и од Комисијата за изготвување на билатералниот договор за културно наследство меѓу Република Македонија и Соединетите Американски Држави. Во моментов е национален координатор на повеќегодишната меѓународната изложба во Северна Америка „First Kings of Europe", а исто така и член на Судот на честа при Македонското археолошко друштво. Основач е на Центарот за истражување на предисторијата и на Лабораторијата за археометрија при Институтот за старословенска култура во Прилеп.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на деталниот преглед на доставената документација и согледувањата претставени во овој извештај, Комисијата го констатира следното:

Според објавените научни и научно-стручни трудови, учеството во научноистражувачки проекти, учеството на интернационални и домашни конференции, симпозиуми, конгреси, изведувањето настава по повеќе предмети од областа на археологијата, историјата на уметноста и културната историја на Македонија, како и другите наведени активности, доц. д-р Гоце Наумов поседува извонредни квалитети за изведување наставна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациска работа.

Според Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (Универзитетски гласник бр. 31, мај 2014 год.), кандидатот доц. д-р Гоце Наумов целосно ги исполнува критериумите за избор во звањето насловен вонреден професор.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да го усвои нашиот предлог и кандидатот доц. д-р Гоце Наумов да го избере во звањето насловен вонреден професор од наставно-научната област праисториска археологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Никос Чаусидис, с.р.

Проф. д-р Трајче Нацев, член, с.р.

Проф. д-р Бошко Ангеловски, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | | | | | | |
| | / | | | | | |
| | / | | | | | |
| | / | | | | | |
| | / | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Монографија или научна книга | 1 | 10 | | | **10** |
| 2 | Дел од монографија или научна книга | | | | | |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) | | | 11 | 80 | **80** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | | | **13** | **117** | **117** |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 4 | **8** | 15 | **45** | **53** |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | | | **1** | **6** | **6** |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | / | | | | |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | | | 7 | 21 | **21** |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | 8 | 12 | 11 | 22 | **34** |
| 10 | Одбранета докторска теза | / | | | | |
| 11 | Одбранета магистерска работа | / | | | | |
| 12 | Раководител на научен проект | 6 | 24 | 7 | 42 | **66** |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 2 | 1 | 3 | **5** |
| 14 | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | / | | | | |
| 15 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | / | | | | |
| 16 | Уредник на зборник на трудови | 1 | 2 | | | **2** |
| 17 | Уредник на зборник на трудови од научен собир | 4 | 4 | | | **4** |
| 18 | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 2 | 4 | 3 | 9 | **13** |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | | | 1 | 2 | **2** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Основач на научна лабораторија | 1 | 4 | | | **4** |
| 21 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | | | 2 | 20 | **20** |
| 22 | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | **8** |
| 23 | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | | | 7 | 14 | **14** |
| 24 | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | / | | | | |
| 25 | Учество во ликовна колонија/симпозиум со ликовно дело | / | | | | |
| 26 | Монументално ликовно дело | / | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **459** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Елаборати и експертизи | | | 1 | 4 | **4** |
| | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | | | **5** |
| | Член на институтски орган, комисија | 1 | 2 | | | **2** |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **11** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **470** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИОФАРМАЦИЈА (3.05.02.11) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-149/14 од 8.7.2024 година, донесена на 322. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 8.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област *биофармација* (3.05.02.11) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во состав:

– проф. д-р Кристина Младеновска – претседател, редовен професор за наставно научните области биофармација и фармацевтска хемија, вработена на Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
– проф. д-р Катарина Смилков – член, вонреден професор за наставно-научните области биофармација и биотехнологија, вработена на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
– проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска – член, редовен професор за наставно-научните области фармацевтска хемија и радиофармација, вработена на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" на 27.6.2024 година. Во предвидениот рок се пријави еден кандидатката д-р Марија Атанасова-Лазарева.

Кандидатката ги има доставено сите документи кои се бараат согласно со објавениот Конкурс, односно:

– Диплома за завршено соодветно образование за одбранет докторски труд (1 примерок од дипломата оригинал и 2 копии заверени кај нотар);
– Уверение за положени испити на докторски студии (копија заверена на нотар);
– Диплома за завршени прв и втор циклус интегрирани студии (оригинал на увид и копија заверена на нотар);
– Уверение за положени испити на завршени прв и втор циклус интегрирани студии (копија заверена на нотар);
– Кратка биографија;
– Список на објавени научни и стручни трудови (со примерок);
– Потврда за странски јазик (копија заверена на нотар);
– Препораки од четири професори;
– Примерок од докторски труд (тврда копија);
– Уверение за државјанство (оригинал);
– Сертификати од учества.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Марија Атанасова-Лазарева е родена на 1.3.1989 година во Штип. Своето основно и средно образование го завршува во родниот град, со континуиран одличен успех. Од 2007 година ги започнува своите додипломски студии на Фармацевтскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде дипломира во 2012 година, стекнувајќи се со академското звање магистер по фармација, со просечен успех 9,16 и освоени 300 ЕКТС. Во академската 2016/2017 година се запишува на докторски студии на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Докторира на 23.2.2023 година, со одбрана на докторската дисертација со наслов „Развој и валидација на нов метод за синтеза на натриум [$^{18}$F] флуорид [$^{18}$F]NaF радиофармацевтик“, стекнувајќи се со титулата доктор на фармацевтски науки. Во февруари 2020 година завршува здравствена специјализација по фармацевтска технологија, на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Почнувајќи од декември 2014 година, кандидатката д-р Марија Атанасова-Лазарева е вработена во Центарот за нуклеарни испитувања од обласа на медицината – ПЕТ ЦЕНТАР, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, а од 17.5.2016 година е вработена како самостоен оператор во производство на Одделот за производство на ПЕТ радиофармацевтици при ЈЗУ УИ ПЕТ - Скопје. Од мај 2020 година е одговорно лице за производство во Универзитетскиот институт за позитронско-емисиона томографија во Република Северна Македонија.

По полагањето на стручниот испит за здравствени работници во март 2013 година, кандидатката д-р Марија Атанасова-Лазарева е ангажирана како универзитетски демонстратор/волонтер за реализирање на практична настава на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. На истиот факултет, во јануари 2017 година, со договор на дело, кандидатката е избрана во звање асистент докторанд, активно учествувајќи во реализација на практичната настава за предметите Фармацевтска биотехнологија, Биофармација со фармакокинетика и Радиофармација, на студиската програма Фармација.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

***Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип***

**Општи услови за избор:**

Кандидатката д-р Марија Атанасова-Лазарева ги исполнува сите општи и посебни услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање насловен доцент, а се во прилог и на ОНУ.ОБ.22 Листата за проверка за избор на доцент, покрај елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на Рецензентската комисија и тоа:

– Ги завршила интегрираните студии по фармација од прв и втор циклус, на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечен успех 9,16 и освоени 300 ЕКТС, по што се стекнала со звање Магистер по фармација;

– Во 2023 година ја одбранила својата докторската дисертација со наслов „Развој и валидација на нов метод за синтеза на натриум [$^{18}$F] флуорид [$^{18}$F]NaF радиофармацевтик“, при што се стекнала со научен степен доктор на фармацевтски науки;

– Има објавено најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните пет години.

**Објавени научноистражувачки трудови од соодветната област во референтна научна публикација - научно списание со фактор на влијание**

| Бр. | Автори | Наслов на публикацијата | Наслов на списание | Фактор на влијание |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Chochevska M., Velichkovska M., **Atanasova Lazareva M.**, Kolevska K., Jolevski F., Razmoska J., Filipovski Z., Nikolovski S., Zdraveska Kocovska M., Ugrinska A. | Evaluation of factors with potential influence on [$^{18}$F]FDG radiochemical synthesis yield. | Appl Radiat Isot. 2023 Sep;199:110900 | I.F = 1,6 |
| 2 | Chochevska M., **Atanasova Lazareva M.,** Kolevska K., Velichkovska M., Koziorowski J., Janevik Ivanovska E., Angelovska B., Ugrinska A. | [$^{1}$8F]Fluoromisonidazole synthesis method: development and optimization by cartridge purification” | Radiochimica Acta, vol. 111, no. 10, 2023, pp. 765-772. | I.F = 1,4 |

**Објавени научноистражувачки трудови од соодветната област во референтна научна публикација - меѓународни научни списанија без фактор на влијание**

| Бр. | Автори | Наслов на публикацијата | Наслов на списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Atanasova Lazareva M.**, Kolevska K., Chochevska M., Velichkovska M., Jolevski F., Ugrinska A, Janevik-Ivanovska E. | The influence of cation-exchange cartridge on quality of [$^{18}$F]NaF Radiopharmaceutical. | Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 69 (Suppl 1) 155 – 156, 2023. | **2001** |
| 2 | Kolevska K., **Atanasova Lazareva M.**, Chochevska M., Velichkovska M., Janevik-Ivanovska E., Angelovska B., Ugrinska A. | Zirconium-89 labeled antibodies: general considerations towards radioisotope production and labelling strategies. | Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 69 (Suppl 1) 155 – 156, 2023. | **2001** |
| 3 | Chochevska M., Kolevska K., **Atanasova Lazareva M.**, Velickovska M., Jolevski F., Tripunoski T., Janevik-Ivanovska E.,Ugrinska A., Angelovska B. | Optimization of reaction conditions for synthesis of [$^{18}$F]FMISO using stable [$^{19}$F]F- | J. Res. Pharm. 2023; 27(5): 2058-2066. | **2010** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Kolevska K., **Atanasova Lazareva M**., Chochevska M., Velichkovska M., Jolevski F., Tripunoski T., Memeti S., Ugrinska A., Angelovska B. | Design of feasibility study for the establishment of production of zirconium-89 radioisotope and implementation of $^{89}Zr$-radiopharmaceuticals in clinical practice in the Republic of North Macedonia. | Arch Pub Health 2023; 15 (1). | **2009** |
| 5 | **Atanasova Lazareva M**., Kolevska K., Chochevska M., Velickovska M., Jolevski F., Ugrinska A., Janevik-Ivanovska E., | Aseptic process validation of [$^{18}$F]Sodium Fluoride radiopharmaceutical in-house production. | Macedonian pharmaceutical bulletin, 68 (1) 27 - 32 (2022). | **2001** |
| 6 | **Atanasova Lazareva M**., Ugrinska A., Janevik-Ivanovska E. | Research on the influence of different types of anion-exchange cartridges on the quality of [$^{18}$F]NaF radiopharmaceutical as part of production process development. | Knowledge - International Journal, 5 (4). pp. 661-667. (2022). | **2009** |
| 7 | Velichkovska M., Kolevska K., **Atanasova Lazareva M**., Chochevska M., Jolevski F., Ugrinska A. | Production of 2-[$^{18}$F]Fluoro-2-deoxy-D-glucose radiopharmaceutical at the University Institute of PET, Skopje. | Macedonian pharmaceutical bulletin, 68 (Suppl 1) 225 - 226 (2022). | **2001** |

– Кандидатката има активно познавање на англискиот јазик според приложената документација;

– Кандидатката покажува способност за изведување на високообразовна дејност. Имено, од 2017 година е избрана во звање асистент-докторанд во време од пет години (Одлука бр. 2002-41/21 од 24.1.2017 година), а од 2022 година е ангажирана како стручњак од пракса и активно е вклучена во реализација на практичната настава на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**Посебни услови за избор:**

– Постигнувањата во научноистражувачката работа кандидатката ги манифестира во текот на докторските студии, при изработката на докторската дисертација, објавените и презентирани трудови;

– Кандидатката приложи четири препораки од професори од соодветната и сродни области;

– Има повеќе од 5 години работно искуство по завршувањето на студиите по фармација;

– Не е во работен однос на Универзитетот и согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски гласник број 43, септември 2019), член 10 став 2 и член 14 став 2, нема рецензирана скрипта и практикум;

– Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива во последните 5 години, односно вкупно 133,2 поени;

– Кандидатката ги исполнува општите и посебните услови за избор.

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

Својата наставно-образовна дејност, д-р Марија Атанасова-Лазарева ја започнува во 2012 година како универзитетски демонстратор/волонтер со договор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Во периодот од нејзиното вклучување па се до денес, таа реализира голем број активности во практичната настава за студентите од овој факултет. Кандидатката активно учествува во изведувањето на практичната настава на повеќе предмети од студиската програма на академските студии по Фармација, Општа медицина и стручните студии на насоката Медицински лаборанти: Инструментални фармацевтски анализи, Лабораториски техники и апаратури, Аналитика на лекови, Фармацевтска технологија 3, Клиничка биохемија, Основи на биохемија, Биохемија 1, Биохемија 2, Аналитичка хемија и Радиофармација.

Во 2017 година е избрана за асистент-докторанд со Одлука бр. 2002-41/21 од 24.1.2017. Како асистент-докторанд е ангажирана во реализација на практична настава од прв и втор интегриран циклус на студии по предметите биофармација со фармакокинетика, фармацевтска биотехнологија и радиофармација, на студиската програма Фармација. Од 2022 година продолжува да биде ангажирана како стручњак од пракса на истите предмети.

Кандидатката е во редовен работен однос како одговорно лице за производство во Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на Република Северна Македонија.

Кандидатката д-р Марија Атанасова-Лазарева за време на докторските студии и нејзиното работење во ЈЗУ УИ ПЕТ учествува на голем број обуки, школи, конференции и симпозиуми. Кандидатката учествувала како член на научен одбор на 11. Балкански конгрес по нуклеарна медицина 2024 година.

Како резултат на нејзиниот научноистражувачки труд, во последните пет години д-р Марија Атанасова-Лазарева има објавено 2 труда во списанија со фактор на влијание:

1. Chochevska M., Velichkovska M., Atanasova Lazareva M., Kolevska K., Jolevski F., Razmoska J., Filipovski Z., Nikolovski S., Zdraveska Kocovska M., Ugrinska A. Evaluation of factors with potential influence on [18F]FDG radiochemical synthesis yield. Appl Radiat Isot. 2023 Sep;199:110900. (https://eprints.ugd.edu.mk/32625/)

Овој научен труд ги обработува факторите кои влијаат на радиохемискиот принос на радиофармацевтикот [$^{18}$F]FDG. Во овој труд се обработени резултати од повеќе од 500 серии. Резултатите покажуваат дека капиларите за транспорт влијаат на приносот на радиофармацевтикот, при што приносот се намалува при зголемување на почетната радиоактивност. Дополнително во овој труд е докажана статистички значајна корелација помеѓу радиохемискиот принос и количината на преостаната радиоактивност на Al-B кертрицот за прочистување, додека за останатите кертрици за прочистување не била пронајдена статистички значајна корелација помеѓу преостанатата активност и приносот. Во овој труд се прикажани и податоци од испитувањето на ефикасноста на растворот за елуција, при што е докажано дека има статистички значајни разлики помеѓу приносот во синтезата А, односно кога се користи раствор за елуција со однос на ацетонитрил вода 4:1, во споредба со синтеза Б, кога се користи однос на ацетонитрил вода 1:1.

2. Chochevska M., **Atanasova Lazareva M.**, Kolevska K., Velichkovska M., Koziorowski J., Janevik Ivanovska E., Angelovska B., Ugrinska A., “[18F] Fluoromisonidazole synthesis method: development and optimization by cartridge

purification" Radiochimica Acta, vol. 111, no. 10, 2023, pp. 765-772. (https://eprints.ugd.edu.mk/32624/)

Во овој оригинален научен труд авторите развиваат процес на синтеза на радиофармацевтикот [$^{18}$F]Флуоромисонидазол со модул за синтеза Synthera со користење на кертрици за цврста фаза екстракција (SPE). При развојот на процесот користеле различни услови и различни реверзно-фазни кертрици за прочистување. По дефинирање на соодветните услови и кертрици за прочистување, резултатите од контрола на квалитетот на финалниот радиофармацевтик покажале дека нема радиохемиски онечистувања, а многу ниски нивоа на хемиски онечистувања.

Во овој труд е успешно развиена синтеза на [$^{18}$F]Флуоромисонидазол со SPE прочистување, произведувајќи радиофармацевтик со квалитет што ги исполнува сите критериумите дефинирани во монографијата на Европската фармакопеја.

Д-р Марија Атанасова Лазарева  има објавено неколку научни трудови и кратки комуникации во меѓународни научни списанија:

**3.** **Atanasova Lazareva M.,** Kolevska K., Chochevska M., Velichkovska M., Jolevski F., Ugrinska A, Janevik-Ivanovska E., The influence of cation-exchange cartridge on quality of [18F]NaF Radiopharmaceutical, Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 69 (Suppl 1) 155 – 156, 2023.

Во овој труд се истражува влијанието на катјон-изменувачки кертриџ за цврсто-фазна екстракција во процесот на прочистување на произведениот радиоизотоп флуор-18 при производството на натриум [$^{18}$F]флуорид радиофармацевтик. За да се процени влијанието на катјон-изменувачкиот кертриџ врз квалитетот на финалниот [$^{18}$F]NaF радиофармацевтик се изведени три проби со користење на кватернерен амониум анјон-изменувачки кертриџ (QMA) и катјон-изменувачки кертриџ (SCX) во три комбинации (QMA + SCX, SCX + QMA и само QMA). Добиените резултати покажале дека дополнително користење на катјон-изменувачки кертриџ не влијае на квалитетот на финалниот производ. Оваа студија покажала дека новоразвиениот метод за производство на натриум [$^{18}$F] флуорид може успешно да се спроведе со користење само на анјон-изменувачки кертриџ, како кертриџ за прочистување, произведувајќи радиофармацевтик со квалитет што ги исполнува критериумите дефинирани во монографијата на Европската фармакопеја.

4. Kolevska K., **Atanasova Lazareva M.,** Chochevska M., Velichkovska M., Janevik-Ivanovska E., Angelovska B., Ugrinska A Zirconium-89 labeled antibodies: general considerations towards radioisotope production and labelling strategies Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 69 (Suppl 1) 155 – 156, 2023. (https://eprints.ugd.edu.mk/34348/)

Во овој труд е направен преглед на најчестите методи за производство на радиоизотопот циркониум-89 и последователно обележување со антитела. Истражувањето е изведено со пребарување базите PubMed и Google Scholar. Радиоизотопот циркониум-89 може да се добие во медицински циклотрон, најчесто со нуклеарната реакција $^{89}$Y($p$,$n$)$^{89}$Zr. Општо земено, процесот на производство на $^{89}$Zr со користење на цврст целен материјал ги вклучува следните фази: озрачување со протони на целниот материјал, растворање на озрачениот материјал со хлороводородна киселина и прочистување. Подготовката на радиообележаните моноклонални антитела вообичаено се состои од конјугација, прочистување на конјугатот, радиообележување, прочистување на радиоимуноконјугатот и контрола на квалитет. Истражувањето во врска со производството на радиоизотоп $^{89}$Zr и

радиоозначувањето на антителата со $^{89}Zr$ е во постојан напредок. Достапноста на комерцијални системи за производство и прочистување на радиоизотопот, како и автоматските методи за радиообележување, придонесуваат за поголема примена на антителата обележани со $^{89}Zr$ во претклиничките и клиничките студии.

5. Chochevska M., Kolevska K., **Atanasova Lazareva M.**, Velickovska M., Jolevski F., Tripunoski T., Janevik-Ivanovska E.,Ugrinska A., Angelovska B., Optimization of reaction conditions for synthesis of [18F]FMISO using stable [19F]F-. J.Res.Pharm. 2023; 27(5): 2058- 2066. (https://eprints.ugd.edu.mk/32623/)

Овој труд го прикажува значењето на користењето на нерадиоактивна хемија за оптимизирање на радиосинтезата, овозможувајќи безбедно и ефикасно производство на [$^{18}$F]FMISO без потреба од изложување на радијација. Изведени се експерименти со стабилен изотоп флуор-19 наместо со радиоактивен изотоп флуор-18. Со цел да се анализира процесот по реакции, во ова истражување е направена синтеза на [$^{19}$F]FMISO. Во текот на автоматската синтезата, земени се микропримероци од реакционото шише: пред, за време и на крај од радиофлуоринација, по испарување на ацетонитрилот, на крај од хидролиза, финален производ и примерок од шишето за отпад. За анализа на примероците е користена HPLC анализа. Добиените резултати даваат основа за понатамошен развој на процесот на синтеза.

6. Kolevska K., **Atanasova Lazareva M.**, Chochevska M., Velichkovska M., Jolevski F., Tripunoski T., Memeti S., Ugrinska A., Angelovska B. Design of feasibility study for the establishment of production of zirconi-um-89 radioisotope and implementation of 89Zr-radiopharmaceuticals in clinical practice in the Republic of North Macedonia. Arch Pub Health 2023. (https://eprints.ugd.edu.mk/32815/)

Целта на овој труд е да го претстави дизајнот на физибилити студијата за воспоставување на производство на циркониум-89 радиоизотоп и имплементација на 89Zr-радиофармацевтици во клиничката пракса во РС Македонија, како и да ги претстави резултатите од почетните фази на студијата. Оваа физибилити студија опфатила прелиминарна анализа, истражување на пазарот, анализа на техничка изводливост, економска анализа, преглед и анализа на сите податоци и заклучок за физибилност. Евалуацијата на податоците од анализите во рамки на сите фази на студијата била потребна за да се идентификуваат поволните и неповолните фактори и околности за да се донесе конечна проценка на физибилноста за воспоставување на производство на циркониум-89 радиоизотоп и $^{89}Zr$-радиофармацевтици и воведување на $^{89}Zr$-трастузумаб во клиничка пракса.

**7.** **Atanasova Lazareva M.**, Kolevska K., Chochevska M., Velickovska M., Jolevski F., Ugrinska A., Janevik-Ivanovska E., Aseptic process validation of [18F]Sodium Fluoride radiopharmaceutical in-house production Macedonian pharmaceutical bulletin, 68 (1) 27 - 32 (2022). (https://eprints.ugd.edu.mk/31304/)

Овој труд ја обработува постапката на валидација на асептичен процес на производство на [$^{18}$F]Натриум флуорид раствор за инјектирање. Изведувањето на валидација пред имплементирање на нов метод за производство на ПЕТ радиофармацевтик е клучен фактор за докажување на ефикасноста на асептичната работа. Валидацијата е спроведена во две фази: тестирање на биолошко оптеретување на производот и тест на симулација на процесот со подлога којашто поддржува раст на микроорганизми. Сите резултати од микробиолошките анализи и тестовите за присуство на бактериски ендотоксини, вклучително и резултатите од микробиолошки и физички мониторинг спроведен за време на изведбата на

валидацијата биле во рамките на дозволените гранични вредности. Резултатите од трите серии – биобурден тест и трите серии – media fill тест го потврдиле асептичниот процес на производство.

**8. Atanasova Lazareva M.,** Ugrinska A., Janevik-Ivanovska E. Research on the influence of different types of anion-exchange cartridges on the quality of [18f] NaF radiopharmaceutical as part of production process development. Knowledge - International Journal, 5 (4). pp. 661-667. (2022) (https://eprints.ugd.edu.mk/30778/)

Целта на овој труд е да се дефинираат анјон-изменувачките кертрици коишто може да се користат за синтеза на [$^{18}$F]Натриум флуорид и минималниот волумен на физиолошки раствор што ќе се користи за разредување, за параметарот pH-вредност да биде во рамките на критериумот на прифатливост. Користени се два кватернерни амониум анјон-изменувачки (QMA) кертрици со јон за изменување хлорид (QMA-$Cl^-$) и карбонат (QMA-$CO_3^{2-}$) и два кертрици со кополимер од дивинилбензен и полистирен (PS) со силни анјон-изменувачки карактеристики со јони за изменување хидроксид (PS-$OH^-$) и хидрогенкарбонат (PS-$HCO_3^-$). Резултатите покажале дека трите кертици QMA-$Cl^-$, QMA-$CO_3^{2-}$ и PS-$OH^-$ може да се користат за производство на [$^{18}$F]NaF. Доколку се користат кертриците QMA-$CO_3^{2-}$ и PS-$OH^-$, потребно е дополнително разредување за параметарот pH да биде во критериумите на прифатливост. Земајќи предвид дека е пожелно со елуцијата со физиолошки раствор да се обезбеди финален производ со pH-вредност во рамките на критериумот на прифатливост, QMA-$Cl^-$ е првиот избор на анјон-изменувачки кертриц за производство на [$^{18}$F]NaF во изотоничен раствор на натриум хлорид.

9. Velichkovska M., Kolevska K., **Atanasova Lazareva M.**, Chochevska M., Jolevski F., Ugrinska A., Production of 2-[18F]Fluoro-2-deoxy-D-glucose radiopharmaceutical at the University Institute of Positron Emission Tomography, Skopje. Macedonian pharmaceutical bulletin, 68 (Suppl 1) 225 - 226 (2022). (https://eprints.ugd.edu.mk/34347/)

Во овој труд е прикажано производството на радиофармацевтикот [$^{18}$F] флуородеоксиглукоза, раствор за инјекции, во ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на Република Северна Македонија. Во трудот се прикажани бројот на производства по години и приносот од синтезата. Резултатите од сите произведени серии на [$^{18}$F]FDG радиофармацевтик се во критериумите дефинирани во спецификацијата за квалитет. Радиофармацевтското производство на [$^{18}$F]FDG е воспоставено и рутински се изведува на Универзитетскиот институт за позитронска емисиона томографија, Скопје, континуирано обезбедувајќи безбеден финален производ кој ги исполнува барањата за квалитет.

Во рамки на научноистражувачката дејност, во последните пет години, д-р Марија Атанасова-Лазарева е автор/коавтор на 6 усни и 12 постер-презентации на научни и стручни собири, кои се печатени во зборници на трудови од научни собири, во земјава и во странство, како што е наведено во нејзината биографија:

**10. Atanasova Lazareva M.**, Kolevska K., Chochevska M., Velichkovska M., Jolevski F., Ugrinska A., Janevik-Ivanovska E., Development and implementation of [18F]NaF radiopharmaceutical production at University Institute of Positron Emission Tomography, Skopje, North Macedonia., 11th Balkan Congress of Nuclear Medicine, 30 May - 02 Jun 2024, Skopje, North Macedonia.

11. Kolevska K., Chochevska M., **Atanasova Lazareva M.**, Velichkovska M., Jolevski F., Janevik-Ivanovska E., Petrova G., Ugrinska A., Angelovska B., Feasibility study - a mean for multi-faceted assessment of the idea of establishing radioisotope production

and introducing new radiopharmaceuticals into clinical practice., 11th Balkan Congress of Nuclear Medicine, 30 May - 02 Jun 2024, Skopje, North Macedonia.

12. Chochevska M., **Atanasova Lazareva M**., Kolevska K., Velichkovska M., Jolevski F., Janevik-Ivanovska E., Angelovska B., Ugrinska A., Development of [18F] fluoromisonidazole synthesis method by cartridge purification., 11th Balkan Congress of Nuclear Medicine, 30 May - 02 Jun 2024, Skopje, North Macedonia.

13. Velichkovska M., Jolevski F., **Atanasova Lazareva M**., Chochevska M., Ugrinska A., Janevik-Ivanovska E.,Kolevska K., Development and validation of a headspace gas chromatographic metod for the determination of residual solvents in [18F]FDG., 11th Balkan Congress of Nuclear Medicine, 30 May - 02 Jun 2024, Skopje, North Macedonia.

14. Chochevska M., Kolevska K., **Atanasova Lazareva M**., Velichkovska M., Jolevski F., Janevik-Ivanovska E., Angelovska B., Ugrinska A., [18F]fluoromisonidazole Synthesis Method based on Solid-Phase Extraction (SPE) Purification., 21st European Symposium on Radiopharmacy & Radiopharmaceuticals, 18-21 April, 2024, Coimbra, Portugal.

**15. Atanasova Lazareva M**., Chochevska M., Kolevska K., Velichkovska M., Jolevski F., Janevik-Ivanovska E., Angelovska B., Ugrinska A., Validation of an in-house process for the production of Sodium [18F]fluoride radiopharmaceutical., 21st European Symposium on Radiopharmacy & Radiopharmaceuticals, 18-21 April, 2024, Coimbra, Portugal.

16. Kolevska K., **Atanasova Lazareva M**., Chochevska M., Velichkovska M., Jolevski F., Janevik-Ivanovska E., Guenka Petrova, Ugrinska A., Angelovska B., Pharmacoeconomic analysis as a tool for more objective insight into the idea of introducing new radiopharmaceuticals., 21st European Symposium on Radiopharmacy & Radiopharmaceuticals, 18-21 April, 2024, Coimbra, Portugal.

**17. Атанасова Лазарева М**., Колевска К., Чочевска М., Величковска М., Јолевски Ф., Угринска А., Јаневиќ-Ивановска Е., Принципи на валидација на асептичен процес на производство на радиофармацевтски препарати, Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности, предизвици", Факултет за медицински науки Универзитет „Гоце Делчев, 23 Септември 2023, Штип.

18. Колевска К., Чочевска М., **Атанасова Лазарева М**., Величковска М., Јолевски Ф., Јаневиќ-Ивановска Е., Угринска А., Ангеловска Б., Значење на фармакоекономските анализи при воведување на нови радиофармацевтски препарати во клиничка употреба, Прв симпозиум со меѓународно учество од областа на фармацијата „Фармацевтска грижа: актуелности, можности, предизвици", Факултет за медицински науки Универзитет "Гоце Делчев, 23 Септември 2023, Штип.

19. Chochevska M., Kolevska K., , **Atanasova Lazareva M**., Velichkovska M., Jolevski F., Janevik-Ivanovska E., Ugrinska A., Angelovska B., *The role of chemistry in the development of the radiosynthesis methods for fluorine-18 radiopharmaceuticals.*, 26th Congress of SCTM, 20-23.09.2023 Ohrid, North Macedonia.

**20. Atanasova Lazareva M**., Kolevska K., Chochevska M., Velichkovska M., Jolevski F., Ugrinska A., Janevik-Ivanovska E., Development of an in-house method for the synthesis of Sodium [18F]fluoride preparation. In: International Symposium on Trends in Radiopharmaceuticals (ISTR-2023), 17-21 Apr 2023, Vienna.

21. Kolevska K., Chochevska M., **Atanasova Lazareva M**., Angelovska B., Ugrinska A. Design of feasibility study for the establishment of 89Zr production – tailored approach to introduce new radiopharmaceuticals in a developing country. In: International

symposium on trends in radiopharmaceuticals (ISTR2023), 17-23.04.2023, IAEA Headquarters Vienna, Austria.

22. Chochevska M., **Atanasova Lazareva M.**, Kolevska K., Velickovska M., Jolevski F., Janevik E, Angelovska B., Ugrinska A. Challenges in method developing of 18F-MISO synthesis with cartridge purification. In: International symposium on trends in radiopharmaceuticals (ISTR2023), 17-23.04.2023, IAEA Headquarters Vienna, Austria.

**23. Atanasova Lazareva M.**, Kolevska K., Chochevska M., Velichkovska M., Jolevski F., Ugrinska A, Janevik-Ivanovska E., The influence of cation-exchange cartridge on quality of [18F]NaF Radiopharmaceutical. In: 14th Central European Symposium on Pharmaceutical Technology with focus on Pharmaceutical Development & Nanopharmaceuticals, 2023, Ohrid, North Macedonia.

24. Kolevska K., **Atanasova Lazareva M.**, Chochevska M., Velichkovska M., Janevik-Ivanovska E., Angelovska B., Ugrinska A Zirconium-89 labeled antibodies: general considerations towards radioisotope production and labelling strategies. In: 14th Central European Symposium on Pharmaceutical Technology with focus on Pharmaceutical Development & Nanopharmaceuticals, 2023, Ohrid, North Macedonia.

25. Kolevska K., Chochevska M., **Atanasova Lazareva M.**, Velickovska M., Jolevski F., Ugrinska A. Comparison of the impact of two versions of reagent and ancillary sets on the [18F]FDG radiochemical yield. In: 10th Edition of The Balkan Congress of Nuclear Medicine & 5th Romanian Congress of Nuclear Medicine, March 2023, Romania.

**26. Atanasova Lazareva M.**, Kolevska K., Chochevska M., Velickovska M., Jolevski F., Ugrinska A., Aseptic Process Validation of [18F]Fluorodeoxyglucose Production. In: 9th Balkan Congress of Nuclear Medicine, 12-14.05.2022, Novi Sad, Srbija.

27. Kolevska K., Cocevska M., Velickovska M., Jolevski F., **Atanasova-Lazareva M.**, Razmoska J., Doshlakoski N., Filipovski Z., Nikolovski S., Zdraveska-Kochovska M., Ugrinska, A. Correlation between the yield of produced [18F]FDG and the activity retained during synthesis. In: International Symposium on Trends in Radiopharmaceuticals, 28.10-01.11.2019, Viena, Austria.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката д-р Марија Атанасова-Лазарева е член на Фармацевтска комора на РСМ и Македонско-фармацевтско друштво на РСМ. Кандидатката е специјалист по фармацевтска технологија и има седумгодишно години работно искуство во дизајн и подобрување на технолошки процеси и производство на радиофармацевтски препарати. Заедно со уште неколку колеги ги поставува основите на производниот процес, активно учествува во процесот на инсталација и квалификација на опремата во производство. Има комплетирано голем број обуки, кои се наведени во нејзината биографија, заедно со останати сертификати доставени во прилог на документите. Активно учествувала во пишувањето на процедурите и стандардните оперативни постапки за производство на радиофармацевтски препарати. Дел била од тимот кој започна со производство на радиофармацевтикот [$^{18}$F]FDG во Македонија. Како дополнување на апликативната активност, целокупната научно-истражувачка работа од докторска дисертација на кандидатката е имплементирана во клиничка пракса, воведувајќи го новоразвиениот метод за синтеза на радиофармацевтикот [$^{18}$F]NaF во рутинско производство во ЈЗУ УИ ПЕТ.

Кандидатката д-р Марија Атанасова-Лазарева била член на повеќе институтски комисии во УИ за Позитронско-емисиона томографија на РС Македонија, во делот на јавни набавки во период од 2020 до 2024, и спроведување на попис во 2021 и 2023 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Марија Атанасова Лазарева, доктор на фармацевтски науки, ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање насловен доцент и за целокупната активност во изминатите пет години има остварено 133,2 поени (НО 20 + НИ 85,2 + САОР 28). Од презентираната и целокупната досегашна активност може да се заклучи дека кандидатката д-р Марија Атанасова-Лазарева поседува извонредни квалитети и карактеристики за успешна реализација на образовна и научноистражувачка работа.

Со особена чест и задоволство, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатката д-р Марија Атанасова Лазарева да биде избрана во звање насловен доцент во наставно-научната област Биофармација (3.05.02.11) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Кристина Младеновска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Катарина Смилков, вонреден професор, член, с.р.
Д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање асистент-докторанд | 1 | 20 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **20** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (втор автор) (бр.2) | | | 1 | 10 x 0,7 | 7 |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (останатите автори) (бр.1) | | | 1 | 5 x 0,7 | 3,5 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание - прв автор (бр.8), прв автор над 5 коавтори во публикација (бр.3,7) | | | 1<br>2 | 9<br>9 x 0,7 | 9<br>12,6 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание - втор автор над 5 коавтори во публикација (бр.4,6) | | | 2 | 6 x 0,7 | 8,4 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание -останати автори над 5 коавтори во публикација (бр. 5,9) | | | 2 | 3 x 0,7 | 4,2 |
| | Учество на научен собир со реферат усна презентација<br>Во земјата – бр. 10, 11, 12,19<br>Во странство – бр.21, 25 | 4 | 1,5 | 2 | 2 | 10 |
| | Учество на научен собир со реферат постер<br>Во земјата – бр.13, 17, 18, 23, 24<br>Во странство – бр.14,15,16,20,22,26,27 | 5 | 1 | 7 | 1,5 | 15,5 |
| | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| | Член на организационен или научен одбор на научен собир | 1 | 1 | | | 1 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **85,2** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Член на институтски орган, комисија (комисија за јавни набавки 2020, 2021, 2023,2024) | 4 | 2 | | | **8** |
| | Член на институтски орган, комисија за попис (2021,2023) | 2 | 2 | | | **4** |
| | Техничко унапредување (воспоставување на производни процеси од 2015-2024) | 8 | 2 | | | **16** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **28** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **133,2** |

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ОСНОВИ НА ФАРМАКОИНФОРМАТИКА" ОД ДОЦ. Д-Р БИЉАНА ЛАЗАРОВА, ДОЦ. Д-Р ЗОРАН НАКОВ И АС. ДИЈАНА МИЦЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-113/70 од 320. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 30.5.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

1. **д-р Зоран Стерјев,** редовен професор на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, избран во научната област фармацевтска хемија, фармакоинформатика и социјална фармација,
2. **д-р Зорица Наумовска,** вонреден професор на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, избрана во научната област и фармацевтска хемија и фармакоинформатика

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ОСНОВИ НА ФАРМАКОИНФОРМАТИКА"** од **д-р Биљана Лазарова, доцент, д-р Зоран Наков, доцент и Дијана Мицева, асистент,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за медицински науки, студиска програма Фармација на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ракописот со наслов „Основи на фармакоинформатика" припаѓа во научната област фармакоинформатика според меѓународната Фраскатиева класификација. По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Учебното помагало со наслов „Основи на фармакоинформатика" од авторите доц. д-р Биљана Лазарова, доц. д-р Зоран Наков и ас. Дијана Мицева е учебно помагало од областа на фармакоинформатиката кое претставува еден заокружен увид во основите на оваа област. Во ова учебно помагало опфатени се најважните секции, како и систематскиот пристап на одговарање на прашања од областа на фармацијата и медицината. Учебното помагало е наменето за студентите на прв циклус студии на Факултет за медицински науки, студиска програма Фармација на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Материја од областа фармакоинформатика е вклучена во рамки на повеќе предмети како што се: Аптекарство, Клиничка фармација, Фармацевтска грижа, Фармакоекономија, Социјална фармација, Фармацевтска технологија и др. Учебното помагало е наменето за прв циклус студии, шести семестар, со неделен фонд од 2+1 часови, како задолжителен предмет. Учебното помагало со наслов „Основи на фармакоинформатика" претставува заокружена целина и ја синтетизира научната материја поврзана со фармакоинформатиката која во основа ги обработува сите клучни делови и тоа: еволутивниот развој на фармакоинформатиката, нејзината улога во концептот информација за лек и обезбедување информации за лековите за безбедноста на лековите, напредокот во информатиката, медицината базирана

на докази и новите средини за грижа за пациентите, ресурите за добивање на информации за терапија со лекови, систематскиот пристап за одговарање на прашања за лекови, важноста на фармакоинформатиката во медицина базирана на докази, фармаковигиланца, фармакоепидемиологија и друго. Рецензентската комисија оценува дека ракописот е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебното помагало содржи 108, со табели, слики и практични примери кои им овозможуваат на студентите полесно разбирање и совладување на оваа проблематика. Учебното помагало е пишувано во А4 формат, со нормален проред, со употреба на фонт Arial и големина на букви 11, а маргините се 2,54 цм, top left, bottom right. Цитирањето е во АПА стил, при што цитатите во текстот се поставени во рамките на речениците и пасусите, со што се олеснува прегледноста на информациите за цитирање или парафразирање, односно авторите и делата кои се консултирани при изработката на учебното помагало. Сметаме дека обемот на учебното помагало и неговата содржина ги задоволуваат критериумите за предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебното помагало е креирано врз основа на потребата за креирање на вакво помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите подобро разбирање на основите на фармакоинформатиката и начинот на кој се применува во пракса. Во Република Северна Македонија вакво учебно помагало не е објавено, па со негово објавување ќе се даде значителен придонес во насока на проширување на можностите на студентите во проучување на теоретските аспекти на фармакоинформатиката.

Фармакоинформативните центри се центарите на откривање, добивање и давање на оптимални информации за лекови и терапија со нив, како и оптимални информации за безбедна употреба на лековите и затоа познавањето на теоретските и практичните постулати на фармакоинформатиката ќе им овозможи на студентите знаење за начинот и организацијата на фармакоинформативните центри, важноста на фармакоинформатиката во фармацевтскиот и медицинскиот свет, ризиците кои ги имаат фармакоинформатичарите во секојдневните активности, како се функционира во развиените земји итн.

Врз основа на материјалот кој е обработен во ова учебно помагало сметаме дека истиот се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за останатите субјекти кои имаат интерес за оваа област.

Главна цел на ова учебно помагало е да се даде преглед на најважните теми од областа на фармакоинформатиката, со опфаќање на актуелните светски трендови, преку комбинација на теорија и пракса за оптимална нејзина примена во фармацевтската и медицинска практика.

**Краток опис на содржината:** Образложената материја во учебното помагало со наслов „Основи на фармакоинформатика” од авторите доц. д-р Биљана Лазарова, доц. д-р Зоран Наков и ас. Дијана Мицева е систематизирана и образложена во 10 глави. Кратка презентација на одделните тематски единици е следнава:

Во првата глава вовед во концептот информација за лек се опишува еволуцијата на фармакоинформатиката, како и обезбедување информации за лековите еволуира во последните 70 години, бидејќи фокусот се префрли на безбедноста на лековите,

напредокот во информатиката, медицината базирана на докази и новите средини за нега. Со компјутеризирана медицинска евиденција и системите за внесување нарачки, специјалистите за фармакоинформатика можат да преземат водечка улога во инкорпорирање на ИТ - интервенции кои ја подобруваат безбедноста и обезбедуваат едукација во моментот на препишување.

Во втората глава се опишува фармакоинформатиката како еквивалент на медицинската информатика во која информациската и комуникациската технологија се однесуваат на кој било аспект на лековите, од основните науки до клиничката употреба на лековите. Фармакоинформатиката може да се дефинира како комбинација помеѓу информациите за лекови и информациските системи во фармацијата. Фармакоинформатиката е вклучена и во опфатот на медицинската информатика и откривањето на лекот, а е поврзана со својствата на лекот и управувањето со него.

Во третата глава се опишува порастот на достапни медицински информации и медицинска литература со неверојатна брзина. Технологијата со која може да се пристапи до овие информации исто така значително се подобрува. Процесот на обезбедување информации за лековите исто така се промени. Бидејќи на фармацевтите секојдневно им се поставуваат различни прашања од пациенти и консумери, на кои се бара да дадат бројни информации за лекови како одговор, се отвора можност да се пропуштат нови ресурси или да има ограничување на сеопфатноста на пронајдените информации. Од овие причини систематскиот пристап на одговарање на прашање е корисен и го насочува процесот на  пребарување,  движејќи се чекор по чекор прво преку терцијарни извори на литература (учебници, бази на податоци со целосен текст и прегледи), потоа секундарни (индексирачки или сервиси за апстракти) и, конечно, примарни извори на литература (клинички студии).

Во четвртата глава се опишува улогата на дигиталните медиуми во дваесет и првиот век кои продолжуваат да бидат основно средство за дистрибуција и пристап до информации, па затоа и потребата да се негува информациската писменост, свесноста, како и навиките за консумирање и користење на овие информации. На моќта на влијанието на социјалните медиуми, онлајн ширење на паметно маскирана платена содржина, погрешни и дезинформации, како и сеприсутноста на значајни податоци и алгоритми како детерминанти за тоа како информациите и добрата се дистрибуираат, се ова  укажува на итна потреба од ефективни, достапни методи за инструкции за информациска писменост.

Во петтата глава се опишува  процесот на формулирање одговори кој останува константен, со воведувањето на организиран, структуриран пристап за формулирање ефективни одговори и препораки. Рационалната фармакотерапија може да се промовира само со обезбедување дека информациите за лекот се правилно толкувани и соодветно применети. Без оглед на специјалноста или местото на пракса, фармацевтите кои се одговорни за контрола на безбедната и рационална употреба на лековите мора да се стремат да  развијат експертиза во применетата фармакотерапија.

Во шестата глава се опишува улогата и начинот на развивање препораки и упатства за клиничка пракса за оптимизирање на грижата за пациентите кои се развиваат со систематско разгледување на доказите и проценка на придобивките и штетите од интервенциите во здравствената заштита.  Овие интервенции може да вклучуваат не само лекови, туку и други видови терапија, како што се зрачење,

операција и физикална терапија. Целта на упатствата, методите што се користат за нивно развивање, форматот на документите и стратегиите за имплементација се многу различни. Фармацевтите се неопходни за многу вештините потребни за развој на упатства, вклучувајќи јасна специфична дефиниција на клинички прашања, пребарување и евалуација на литература, епидемиологија, биостатистика, клиничка експертиза, пишување, уредување и форматирање.

Во седмата глава се опишува методологијата на Анатомско-терапевтска хемиска (АТХ) класификација како систем за класификација на лековите и Дефинираната дневна доза (ДДД) како единица мерка. АТХ/ДДД методологијата е одобрена од СЗО го олеснува презентирањето и споредбата на статистиката за потрошувачката на лекови на меѓународно, национално и регионално ниво и покрај разликите во номенклатурата (и брендирани и генерички), големини на пакување, цени и вообичаени дози. Ваквата методологија е корисна за валидна презентација и споредба на употребата на лекови во и низ земјите за поддршка на подобри резултати и квалитетна употреба на лекови.

Во осмата глава се кажува дека обезбедувањето информации за лекови (ИЛ) е меѓу основните професионални обврски на сите фармацевти. Целта за обезбедување внимателно евалуирани препораки засновани на докази за да се подржи практика за специфична употреба на лековите, е подобрување квалитетот на грижата за пациентите, подобрување на резултатите на пациентот и претпазливо користење на ресурсите. Примарниот фокус на овие насоки е да ги опишат современите активности за информациите за лекови, вклучително и примена на систематски пристап, соодветни методи за документација и употреба на висококвалитетни ресурси за информации за лекови.

Во деветтата глава се опишува значењето на фармаковигилансата (ФВ) во здравството. За да се развие, произведува и комерцијализира лек, производителот мора да се придржува до строгите прописи и регулативи диктирани од системот за ФВ. Многу од овие регулативи се фокусираат на безбедноста на пациентот и дополнителни придобивки за пациентот добиени од лекот. Накратко ФВ е мисија за безбедноста на лековите и нагласува зошто игра толку централна и важна улога кај фармацевтските производи. Со спроведувањето овој систем се придонесува за безбедноста на лековите и фармацевтските средства, за олеснување на животот на лицата кои ги примаат преку намалување на несаканите ефекти, а со тоа придонесува за целокупно подобрување на фармацевтската индустрија како алатка на човештвото за подобар и полесен живот.

Во десеттата глава се опишува фармакоепидемиологијата како повеќеаспектна дисциплина која ги комбинира принципите и на фармакологијата и на епидемиологијата за проучување на употребата и ефектите на лековите во широката популација и применува епидемиолошки методи во областа на клиничката фармакологија. Главната цел на фармакоепидемиологијата е да го подобри разбирањето на придобивките и ризиците поврзани со употребата на лекови, и придонесува за правилно клиничкото одлучување и политика за јавно здравје.

Фармакоепидемиологијата се занимава со надзорот на лековите по добивањето на дозвола за пуштање во промет, ги проценува економското влијание и здравствените предности кои произлегуваат од несаканите ефекти на лековите.
Учебното помагало завршува со значителна и релевантна користена литература во АПА стил. На крајот на учебното помагало се приложени библиографските податоци на авторите.

Со ваквиот начин на обработка на материјалот поврзан со фармакоинформатиката сметаме дека е постигната главната цел на авторите да им се помогне на студентите да ги разберат основите на современата фармакоинформатика и нејзината улога во целокупниот здравствен систем.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебното помагало со наслов „Основи на фармакоинформатика" од авторите доц. д-р Биљана Лазарова, доц. д-р Зоран Наков и ас. Дијана Мицева претставува материја која содржи теоретско-методолошка анализа на фармакоинформатиката.

Авторите направиле синтеза на научни и стручни аспекти на проблематиката со цел доближување на предметната материја до студентите и до останатата целна публика. Учебното помагало ги доближува научните сознанија до практичната примена со што се овозможува полесно разбирање и имплементација на принципите, методите и техниките на фармакоинформатиката.

Со оглед на се поголемата важност на фармакоинформатиката за успешно работење на здравствените професионалци и сите заинтересирани здравствени институции како дел од здравствениот систем на државата, сметаме дека ова учебно помагало ќе придонесе во збогатување на материјата која ја обработува и ќе им помогне пред се на студентите за полесно совладување на оваа значајна проблематика. Воедно учебното помагало ги исполнува и критериумите за објавување и затоа препорачуваме негово објавување.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му предложиме учебното помагало „ОСНОВИ НА ФАРМАКОИНФОРМАТИКА" од доц. д-р Биљана Лазарова, доц. д-р Зоран Наков и ас. Дијана Мицева да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Зоран Стерјев, редовен професор, с.р.
Д-р Зорица Наумовска, вонреден професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ОСНОВИ НА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ” ОД АВТОРИТЕ СОЊА ПЕТРОВСКА И ЈАДРАНКА РУНЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1602 – 61/14 од 197. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 14.6.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Снежана Јованова-Митковска, редовен професор, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- д-р Љупчо Кеверески, редовен професор, Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола

за изготвување на извештај, рецензија на ракописот **„Основи на инклузивно образование” од д-р Соња Петровска, редовен професор и д-р Јадранка Рунчева, доцент,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Основи на инклузивно образование“ од авторите проф. д-р Соња Петровска и доц. д-р Јадранка Рунчева е наменет за предметот Инклузивно образование, застапен како задолжителен во три студиски програми на Факултетот за образовни науки: Предучилишно воспитување (VII семестар), Одделенска настава (VII семестар) и Педагогија (VI семестар), со седмичен фонд на часови 2+2+1. Учебникот е наменет и за сите останати студенти кои студираат на наставнички студиски програми на факултетите при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, а кои го избираат предметот Инклузивно образование. Приложениот ракопис претставува систематизирана заокружена целина, конципирана и пишувана според предметната програма ревидирана со последната акредитација (2021/2022 година) на студиските програми на Факултетот за образовни науки. Имајќи ги предвид новите научни тенденции во развојот на инклузијата во образованието, европските и домашни политики и пракса, како и личните искуства во работата со студентите, авторите нудат сеопфатен пристап во изучувањето на клучните аспекти (развој, политика, пракса, култура) на инклузивното образование. Содржините во ракописот се соодветно методолошки втемелени, како и дидактичо-методски конципирани, што пак предиктира висок степен на ангажман на студентите.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот содржи 171 страници, компјутерски обработен текст во А4 формат со единичен проред, Arial 11 фонт. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и согласно одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце

Делчев“ – Штип.
Ракописот е збогатен со шеми, табели и слики кои овозможуваат поексплицитна елаборација на определени прашања поврзани со инклузивното образование. Користени се референтни, релевантни и современи библиографски извори (62) книги, списанија, извештаи, нормативни акти, електронски изданија, електронска база на податоци.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот е создаден врз основа на потребата за подигнување на свеста и разбирањето на инклузивниот образовен модел како механизам за создавање на инклузивно и кохезивно општество, за промовирање на еднаквоста и пристапноста, за охрабрување на рефлективната практика, за поттикнување на културолошката свесност и сензитивност, како и за подготовка за реалните предизвици во образованието. Потребата да се создаде учебник во областа на инклузивното образование е повеќе од реална затоа што сиромашен е бројот на учебници во областа инклузивно образование во нашата земја.

Учебникот „Основи на инклузивно образование“ е резултат на повеќегодишен научен и стручен ангажман на авторите во областа на инклузивното образование. Промените во државните образовни политики по однос на образованието на децата попречени во развојот, приоритетноста која му се дава на инклузивното образование во европскиот и светскиот образовен простор, како и брзиот развој на науката во оваа област се една од причините заради кои авторите се одлучиле истоимената рецензирана скрипта објавена во 2019 година, ISBN: 978-608-244-610-3, УГД да ја продлабочат, прошират и осовременат.

Учебникот нуди детална теоретска рамка која ќе им помага на идните и на сегашните воспитно-образовни кадри да ја разберат филозофијата, принципите, целите и научната втемеленост на инклузивното образование. Теориските сознанија во учебникот се придружени со емпириски сознанија за инклузивното образование и задачи за поттикнување на критичкото размислување и рефлексија во секоја теоретска целина. Овој учебник ги следи најновите истражувања, практики и иновативни пристапи во инклузивното образование во Европа и кај нас.

Понудениот ракопис има и поширока употребна вредност. Покрај студентите од Факултетот за образовни науки, учебникот можат да го користат и студенти од други наставнички факултети, воспитувачи во детските градинки, одделенски наставници, стручни соработници, т.е. сите едукатори на деца и млади, граѓани на нашето општество, чија интенција е создавање на инклузивна заедница.

**Краток опис на содржината:** Содржински, трудот е конципиран во единаесет целини, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма по предметот Инклузивно образование. Секоја тематска целина завршува со задачи (прашања за дискусија, случаи и сценарија) кои се наменети за индивидуални, групни или тимски активности на студентите.

Во првата тематска целина насловена како *Поимно определување и фундаментални концепти на инклузивното образование*, наведени се карактеристики на овој значаен концепт во современото образование, концепт во и низ кој се остварува основното човеково право, правото на образование на секој, сите, без оглед на различностите кои постојат помеѓу секој од нас, како граѓани, чинители во општествената заедница. Авторките, благодарение на една сеопфатна анализа на проучуваната литература, нудат мноштво идентификации на поимот

инклузија, поимно разграничувајќи ја образовна инклузија во поширока смисла на зборот и образовната инклузија во потесна смисла на зборот. Првата, всушност подразбира вклучување на сите деца и возрасни во образовниот систем, кои поради психофизички, социјално - културни, воспитно-образовни можности, етнички и други разлики биле подложни на социјална исклученост, изложени на социјална маргинализација, обесправени и ранливи и втората, идентификувана како барање во кое акцентот се поставува на правото на секое дете на образование во согласност со неговите можности. Акцентот во оваа целина, авторите го поставуваат на суштината на инклузивното образование и го третираат како процес, како програма, но и како стратегија неопходна за создавање на инклузивно општество. Затоа тие апострофираат дека инклузијата во образованието не треба да се третира како привилегија која се стекнува, ниту како право дадено само на некои поединци, туку како реципрочен процес на давање, земање и добивање бидејќи вклучувањето подразбира работа на секој член на заедницата, без разлика на различностите, за доброто на другите.

Во овој дел се објаснети и основните концепти (социјалниот, медицинскиот и моделот на човекови права) врз кои се развило инклузивното образование како модел на образование на децата попречени во развојот.

Во втората тематска целина именувана како „*Инклузивно образование (од исклученост до инклузија), од идеја до современ концепт*" авторите на систематичен начин ги прикажале различните форми/модели на организирано образование на децата со посебни потреби, втемелени на педагошко-психолошки, социолошки и медицински сфаќања на попреченоста. Елаборирани се моделите на специјално образование, интегрирано образование и инклузивно образование на деца и млади со посебни потреби (деца и млади попречени во развојот), како и нивните предности и недостатоци. Посебен акцент е ставен на воочување на разликите меѓу интеграцијата и инклузијата на децата и младите со посебни потреби во редовните училници/занимални и на филозофијата/принципите на инклузивното образование. Во оваа тематска целина авторите го елаборираат придонесот на клучните политички и стручни документи (декларации, конвенции, концепции) кои се резултат на делувањето на бројни интернационални организации во сферата на почитување на човековите права и инклузијата, како и на најрелевантните теориски пристапи (теорија на социјалниот конструктивизам, теорија на еколошкиот систем на Бронфенбренер, теорија на социјално учење) кои ја поддржуваат инклузијата во образованието.

Третата тематска целина под наслов „*Идентификација на поимот деца со посебни образовни потреби (карактеристики и препораки за педагошки активности)*" е посветена на елаборација на содржини кои ќе овозможат стекнување на знаења и разбирање за инклузијата како *процес* на вклучување на децата и младите со посебни потреби во редовните паралелки/воспитно-образовни групи преку препознавање, признавање / обзнанување, прифаќање и почитување на нивната различност. Посебно се образложени карактеристиките и педагошката работа со деца/ученици со: оштетен вид и оштетен слух; пречки во говорот; пречки во телесниот развој; пречки во менталниот развој, аутизам и даунов синдром; комбинирана попреченост; потешкотии во учењето и надарените деца. Запознавањето со карактеристиките на децата со посебни потреби и педагошката работа со овие деца ќе помогне да се создадат услови за рано идентификување на децата со посебни потреби што ќе овозможи брза интервенција и поддршка

со што ќе може значително да се подобрат образовните и развојните резултати на овие деца. Препознавањето на посебните потреби помага наставниците да ги поддржуваат учениците во развивањето на општествените и емоционалните вештини, што е важно за нивниот целокупен развој и благосостојба. Оваа тематска целина завршува со задачи за препознавање на карактеристиките на децата со посебни образовни потреби и насоки за педагошка работа со нив.

Денес со изразите инклузивни училишта и инклузивни детски градинки најчесто се означуваат образовните институции кои се приспособуваат на специфичните физички, интелектуални, емоционални, социјални, лингвистички или други карактеристики на децата.

*Институционални форми - Инклузивни училишта, детски градинки* е четвртата тематска целина во која авторите со сеопфатен пристап, низ неколку поттеми ги елаборираат клучните аспекти на инклузивните воспитно-образовни институции разгледани низ:

*Организациски фактори -* воспоставување на институционални структури за поддршка на децата со посебни образовни потреби (тимови за инклузија; временската рамка за реализација на посебни видови на воспитно-образовни активности во училиштето и детските градинки и процедури за воспоставување на односи со надворешната средина - здравствени институции, ресурсни центри и други стручњаци за деца со посебни образовни потреби);

*Ставови* на сите учесници во воспитно-образовната работа со децата/учениците со посебни образовни потреби и ставовите во општеството;

*Ресурси* со кои располагаат воспитно-образовните институции (физичката достапност на просториите во училиштата, специјалните асистивни технологии, нагледните и наставните средства);

*Училишни/предучилишни курикулуми* (програми и планови за работа во училницата/занималната, годишни програми за работа и развојни планови, програми и планови за работа на наставниците и воспитувачите); и

*Самовреднување, вреднување и развој на инклузивното училиште*/детска градинка – Индексот на инклузија во функција на планирање, реализирање и следење на активности во рамки на инклузивниот пристап низ три димензии: инклузивна култура, инклузивна политика и инклузивна пракса.

Петтата тематска целина - *Поддршка во инклузивната група/паралелка и* се надоврзува на претходната каде подетално се разработени две прашања поврзани со вклучувањето на децата/учениците попречени во развојот во типичните предучилишни групи и училишни паралелки: 1. Улогите на воспитувачот, наставникот, стручните соработници, личните и образовните асистенти како важни поддржувачки фигури во реализирањето на инклузивното образование; и 2. Асистивната технологија и нејзината употреба во работата со децата со посебни образовни потреби. Задачите дадени на крајот на оваа тематска целина овозможуваат продлабочено разбирање на содржината и сензитивизирање на читателот за важноста на улогите на сите учесници во воспитно-образовниот процес.

Шестата тематска целина насловена како *Инклузивно оценување* вклучува елаборација на неколку клучни процеси без кои е невозможно да се реализира инклузијата во образованието: диференцијација и индивидуализација на воспитно-образовната работа и изработка на индивидуален образовен план. Овие содржини авторите соодветно ги сместиле веднаш по елаборацијата на

сознанијата поврзани со тимовите за инклузија и нивната улога во креирањето на индивидуалните образовни планови согласно кои се следи напредокот на секој ученик со посебни потреби. Оттука знаењата и вештините поврзани со видовите на ИОП, нивно креирање, следењето на развојот на децата/учениците и оценувањето се исклучително значајни за воспитно-образовните кадри и нивниот професионален профил. Оваа тематска целина завршува со задачи за студентите кои се соодветни на содржината и целите во предметната програма.

Во рамки на седмата тематска целина која носи наслов *Партнерство меѓу семејството и воспитно-образовните институции* се образложени едни од најзначајните детерминанти на инклузивното образование: родителите, семејството и соработката меѓу училиштето/детската градинка и семејството.

Авторите во развојот на оваа содржина поаѓаат од три научно потврдени хипотези: 1. Родителите претставуваат најзначајни возрасни личности во животот на децата, а семејството со сите негови карактеристики значајно влијае на нивниот развојот и 2. Раѓањето на дете со некаква попреченост во развојот, односно поставување на дијагноза за попреченост претставува силен извор на стрес за родителите и за семејството. 3. Соработката меѓу семејството и воспитно-образовната институција која ја посетуваат децата/младите со посебни потреби значајно влијае на развојниот и образовниот напредок на децата/младите. Во овој контекст кога семејството доживува стрес поврзан со раѓање на дете со попреченост, многу е важно какви се внатрешните семејни ресурси за справување со истиот.

Елаборирани се клучните семејни сили: индивидуални, брачни и семејни, а посебен акцент е ставен на соработката на семејството со детската градинка/училиштето за успешна инклузија разгледувана низ призмата на ефективност, комуникација и форми на поддршка.

Инклузивното образование како модел на образование на децата попречени во развојот предизвикува широки научни, стручни, политички дебати, на глобално ниво, низ кои се промовираат, па и аргументираат ставови „ЗА“ и „ПРОТИВ“. Сепак постои широка согласност дека вклучувањето на децата и младите со посебни потреби во редовното образование е хуман процес, дека го засилува социо-емоционалниот развој на децата со посебни потреби, но и на децата со типичен развој, дека ја зајакнува генерациската и општествената кохезивност. Научно детектираните придобивки од воведувањето на моделот на инклузивно образование се предмет на расправа на *осмата тематска целина* во учебникот.

Процесот на инклузија на децата со посебни потреби во редовните училишта/детски градинки се уште претставува нова ситуација во веќе постоечка „стабилна“ состојба на која се навикнати сите кои се вклучени во воспитно-образовниот процес. Оттука сосема е очекувано дека при неговото воведување и реализирање се наидува на бројни предизвици и бариери. Во деветата тема насловена како *Бариери на инклузивното образование* авторите ги анализираат доминантните препреки и предизвици (институционални, општествени, физички, курикуларни, кадровски) кои егзистираат или може да се појават во воспитно-образовната пракса. Кога воспитно-образовниот кадар ги разбира и придобивките и бариерите на инклузивното образование, донесува информирани одлуки за тоа како најдобро да ги поддржи сите ученици. На крајот од осмата и деветата тематска целина поместени се задачи низ кои идните наставници, воспитувачи и педагози се оспособуваат за препознавање на придобивките и бариерите и за креирање на решенија и стратегии за справување со предизвиците кои ги носи инклузивното образование.

Во десеттата тематска целина - *Организација на системот на инклузивно образование во Европа* е дадена сериозна анализа на начинот на кој е организиран системот на инклузивно образование во неколку европски земји (Австрија, Финска, Шведска, Словенија, Хрватска), како и тенденциите во развојот на инклузивното образование, главно презентирани во извештаите и документите на Европската агенција за специјално и инклузивно образование. Неколку клучни аспекти на организацијата на инклузивниот модел на образование се адресирани: систем за поддршка, финансирање, образованието на наставниците...

Во последната (единаесетта) тема именувана како „*Од политика до пракса во инклузивното образование во Македонија*" авторите ги анализирале законските и подзаконските регулативи кои го поддржуваат инклузивното образование во предучилишното воспитание и образование, во основното и во средното образование. Организациската поставеност на овој модел на организирано воспитание и образование на децата попречени во развојот авторите ја поврзуваат со анализа на истражувачки резултати од домашни истражувања, како и од повеќегодишни сопствени истражувања, а се однесуваат на прашања и проблеми поврзани со спроведувањето на инклузијата во македонскиот образовен контекст. На мошне мудар начин овие содржини авторите ги ставиле во контекст на претходната тематска целина (*Организација на системот на инклузивно образование во Европа)*.

По однос на последната тема авторите предвиделе и задача – дебата низ која ќе се поттикнат студентите критички да размислуваат за добрите и лошите страни на инклузивното образование и сегрегираните специјални училишта, со фокус на одржливоста на секој систем и финансиските импликации.

Систематскиот пристап во креирање на содржините во овој учебник, доследноста во начинот на нивната елаборација, лепезата на слики и илустрации кои го привлекуваат вниманието на читателот, го олеснува усвојување на наставната материја. Врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следниов

**ЗАКЛУЧОК**

Согласно погореизнесеното, Комисијата во состав проф. д-р Снежана Јованова-Митковска и проф. д-р Љупчо Кевереcки констатира дека ракописот со наслов „Основи на инклузивно образование" од авторките д-р Соња Петровска, редовен професор и д-р Јадранка Рунчева, доцент, е пишуван наменски, согласно со Програмата за предметот Инклузивно образование и ги следи најновите сознанија во оваа област.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.
Систематичноста на структурата, едноставноста на стилот на пишување, дидактичката конципираност, успешната комбинација на теоретски елаборации на различни аспекти на инклузивното образование, наведените примери и задачи упатуваат на тоа дека овој учебник ќе им овозможи постигнување на предвидените од оваа област компетенции на студентите.

Имајќи ја предвид актуелноста на проблематиката која е третирана, предложениот учебник има и поширока употребна вредност. Се надеваме дека истиот ќе биде корисна литература за други високообразовни институции кои подготвуваат наставнички и соработнички кадар, но и за веќе работно ангажираните воспитно-образовни кадри.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно - научниот совет на Факултетот за образовни науки да му предложиме учебникот со наслов „Основи на инклузивно образование" од проф. д-р Соња Петровска и доц. д-р Јадранка Рунчева да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Проф. д-р Снежана Јованова Митковска, с.р.
Проф. д-р Љупчо Кевереските, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 15.8.2024 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА | 1. Влијанието на социјалните медиуми во ширењето на информациите на глобално ниво (со осврт на современата дипломатија) | 2102-129/9 од 8.7.2024 год. | Доц. д-р Анета Стојановска Стефанова | Кристина Комненовиќ |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 2. Механичка вентилација во анестезија | 2002-149/87 од 8.7.2024 год. | Проф. д-р Маја Мојсова-Мијовска | Росана Ристевска |
| | 3. Улогата на медицинската сестра во превенција и третман на пациенти со Кронова болест | 2002-149/88 од 8.7.2024 год. | Проф. д-р Билјана Ефтимова | Јованка Величковска |
| | 4. Хепатоксини, хепатотоксичност и биохемиски маркери за дијагностика | 2002-149/89 од 8.7.2024 год. | Проф. д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова | Благојчо Стаменков |
| | 5. ХПВ вирус и вирусни инфекции во гинекологија | 2002-149/90 од 8.7.2024 год. | Проф. д-р Билјана Ефтимова | Александра Василевска |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1202-78/10 од 5.7.2024 година донесена на 252. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 5.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област финансии на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **проф. д-р Љубе Трпески**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
- **проф. д-р Михаил Петковски**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член);
- **проф. д-р Биљана Ангелова**, редовен професор на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот **д-р Љупчо Давчев,** вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатот **д-р Љупчо Давчев**, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи: диплома за завршено соодветно образование – за одбранет докторски труд и стекната квалификација доктор на економски науки од областа финансии (1 оригинал и 3 копии заверени на нотар, веродостојни на оригиналот); Одлука за завршено соодветно образование за одбранет докторски труд и стекнат научен степен доктор на економски науки од областа на финансии (1 оригинал и 3 копии заверени на нотар, веродостојни на оригиналот); диплома за завршени магистерски (втор циклус) студии од областа финансии (1 оригинал и 3 копии заверени на нотар, веродостојни на оригиналот); Одлука (нострификација) за признавање на магистерски студии и стекнат академски степен магистер од областа финансии (1 оригинал и 3 копии заверени на нотар, веродостојни на оригиналот); еквиваленција на оцени од магистерски студии (1 оригинал и 3 копии заверени на нотар, веродостојни на оригиналот); диплома за завршени додипломски (прв циклус) студии од областа финансии (1 оригинал и 3 копии заверени на нотар, веродостојни на оригиналот); Одлука (нострификација) за признавање на додипломски (прв циклус) студии - високо образование и стекнат академски степен дипломиран економист од областа финансии (1 оригинал и 3 копии заверени на нотар, веродостојни на оригиналот); еквиваленција на оцени од додипломски студии - високо образование од областа финансии (1 оригинал и 3 копии заверени на нотар, веродостојни на оригиналот); Уверение за положени испити на втор циклус (магистерски студии) од областа финансии (1 оригинал и 3 копии заверени на нотар, веродостојни на оригиналот); Уверение за положени испити на прв циклус (додипломски студии - високо образование) од областа финансии (1 оригинал и 3 копии заверени на нотар, веродостојни на оригиналот); кратка биографија - 4 примероци; список на објавени рецензирани научни и стручни трудови т. е. референтни научни публикации

според ЗВО во последните 5 години пред објавување на огласот за избор (4 примероци); по еден примерок од објавени трудови (15 рецензирани трудови во референтни научни публикации согласно ЗВО, достапни и на е-репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип); потврди/сертификати дека се служи со еден странски јазик -потврда за познавање на странски (англиски) јазик (3 потврди) (4 примероци); Уверение за државјанство (1 оригинал); магистерски труд (1 примерок во печатена форма); докторски труд (1 примерок во печатена форма); рецензиран универзитетски учебник од областа финансии (1 примерок во печатена форма, достапен и на е-библиотека при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип); Одлука за претходен избор во вонреден професор од областа финансии (4 примероци); Одлука за претходен избор во доцент од областа финансии (4 примероци); Одлуки за претходен избор во асистент и помлад асистент од областа финансии (4 примероци); анекси на договор за вработување за ангажман во настава (изведување на високообразовна дејност) на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (4 примероци); Одлуки за ментор и член на комисии за дипломски и магистерски трудови и член на комисии за докторски трудови (изведување на високообразовна дејност) (4 примероци); Одлука за член на организациски и научен одбор за меѓународна конференција ICBEF - Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (4 примероци); Одлука за ангажирање на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (4 примероци); потврда за формирани комисии за јавна одбрана на дипломски трудови и комисиско полагање на испити - Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (4 примероци); Извештаи како рецензент на практикум и книга (4 примероци); дополнителни сертификати и потврди (4 примероци).

Врз основа на приложената документација од кандидатот **д-р Љупчо Давчев**, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Љупчо Давчев е роден во Штип на 10.5.1985 година. Со одличен успех го завршува основното и средното образование. Основно образование завршува во ОУ „Ванчо Прќе" – Штип. Средно образование завршува во средното училиште „NOVA" - Скопје. Во 2007 година дипломира на Универзитетот „Анатолија" – ACT – Солун, Р Грција, каде ги завршува додипломските студии со двојна насока - финансии и меѓународен бизнис со просек 8,74 со што се стекнува со право на стручен назив **дипломиран економист**. По завршувањето на додипломските студии се запишува на постдипломски студии на Универзитетот „Анатолија" – ACT – Солун, Р Грција, каде ги завршува постдипломските студии, насока финансии и банкарство, при што предвидените испити ги положува со просек 8,93. Магистрира на 11.10.2008 со успешна одбрана на магистерскиот труд со наслов „Stock Market Events in Macedonia" и се стекнува со академско звање **– магистер на економски науки.** По завршување на постдипломските студии се запишува на докторски студии на Економскиот институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, под менторство на проф. д-р Биљана Ангелова, кои успешно ги завршува со одбрана на докторската дисертација на 24.8.2011 година на тема

„Инвестиционо банкарство и портфолио инвестиции -перспективи за развој во РМ" со што се стекна со академско звање – **доктор на економски науки.**

Д-р Љупчо Давчев одлично пишува, чита и зборува англиски јазик, српски јазик, како и основен грчки јазик.

Кандидатот има одлично познавање на работа со компјутери: Ms Office: Word, Excel, PowerPoint, Visio, Microsoft Outlook; Business in a Box; SPSS.

Кандидатот Д-р Љупчо Давчев неколку години пред неговиот избор во помлад асистент, работи како **волонтер – асистент** на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, каде одржува вежби на студентите, подготвува материјали за вежби и стручни практикуми, работи и како тестатор на колоквиуми и испити и преглед на тестови.

**На 24.9.2009 година** е избран во соработничко звање **помлад асистент** од областа финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, РС Македонија, каде држи вежби по предметите Банкарство, Банкарски менаџмент, Кредитна политика, Монетарна економија, Основи на финансии, Осигурување, Макроекономија и многу други. **На 17.9.2012 година** е избран за **асистент** за научната област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, РС Македонија каде држи вежби по предметите Банкарство, Банкарски менаџмент, Кредитна политика, Монетарна економија, Основи на финансии, Осигурување, Макроекономија и многу други. Во време на својата работа како дел од соработничкиот кадар на Економскиот факултет во Штип, има посетувано многу обуки, предавања, конференции, кои имаат голем придонес во неговата стручност и компетентност во областа на финансиите и банкарството.

**На 01.10.2014 година** д-р Љупчо Давчев е избран во звање **доцент** во наставно-научната областа финансии и банкарство. За време на овој изборен период кандидатот има остварено успешна наставно-образовна и научно-истражувачка дејност преку одржување на вежби и предавања, објавување на научни и стручни трудови во референтни научни публикации, т. е. домашни и меѓународни списанија, учество на меѓународни конференции и публикации од конференции, изработка на скрипти и практикуми, учество во проекти, престои во странство како визитинг професор и слично. Во 2016 година, како визитинг професор по финансии и банкарство, одржува предавања на студентите на Економски факултет при Универзитетот во Бања Лука.

**На 6.6.2019 година** д-р Љупчо Давчев е избран во звање **вонреден професор** за наставно-научната област финансии и банкарство. Во овој период исто така кандидатот има остварено успешна наставно-образовна и научно-истражувачка дејност, одржување на вежби и предавања, објавување на научни и стручни трудови во референтни научни публикации, учество на конференции, учество во бројни проекти домашни и меѓународни, како и изработка на книга за предметите кои тој ги предава. Има менторирано голем број дипломски и магистерски тези и бил дел од голем број комисии за оцена и одбрана на дипломски, магистерски и докторски тези.

Негов научен интерес првенствено се финансиите, како и банкарството, монетарната економија, банкарскиот менаџмент, инвестициското банкарство, електронското банкарство, кредитната политика, како и други сродни области од економските науки. Има учествувано на бројни домашни и меѓународни симпозиуми, научни расправи, стручни собири, конференции, средби, семинари,

обуки и јавни дебати, во земјата и странство (Австрија, Италија, Турција, Грција, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска и др.). Учествувал во повеќе научно-истражувачки проекти од национален и меѓународен карактер и досега има објавено над 100 научни и стручни трудови, поглајва, делови од книги, истражувачки студии и есеи. Бил организатор на бесплатни обуки за млади лица, претприемачи и невработени, од областа на финансиите.

Организаторските способности се согледуваат преку организирање и менаџирање на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип како продекан за настава, изготвување на елаборати за 1,2 и 3 циклус на студии, како и подготовка и организација на изведување на настава по семестри. Освен ова, д-р Љупчо Давчев учествува во организирање на неколку конференции, работилници, обуки, учествува во проекти од национално и меѓународно значење, како и изработка и анализа на стручни мислења од областа на финансиите.

Професионално членува во групации дел од Стопанската комора на РСМ, UdEkoM (Удеком - Здружение на економисти и менаџери - Белград, Р Србија), уредувачки одбор на Euroasin Journal of economics and finance, организациски и уредувачки одбор на ICBEF, како и член на Ротари клуб во Штип.

Кандидатот **д-р Љупчо Давчев** во моментот работи на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип како **вонреден професор** за наставно-научната област финансии.

***Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.***

**Општи услови за избор:**

1. **Просечен успех. Д-р Љупчо Давчев** на прв циклус студии има остварено просечен успех 8,74 и се стекнува со право на стручен назив **дипломиран економист**. **Д-р Љупчо Давчев** на втор циклус студии има остварено просечен успех 8,93 и се стекнува со академско звање **– магистер на економски науки.**
2. **Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира.** Кандидатот д-р Љупчо Давчев се стекнал со звање доктор на економски науки на 24.8.2011 година кога успешно го одбранил докторскиот труд на тема „Инвестициона банкарство и портфолио инвестиции - перспективи за развој во РМ“ на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
3. **Претходен избор во звање.** Кандидатот д-р Љупчо Давчев беше избран во **доцент** на 1.10.2014 година со Одлука бр.1702-314/11 од 2.10.2014. Потоа беше избран во **вонреден професор** на 6.6.2019 година со Одлука бр.1202-80/4 од 7.6.2019 година. **Д-р Љупчо Давчев** во моментот работи на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип како **вонреден професор** за наставно-научната област финансии.
4. **Објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години.** Кандидатот д-р Љупчо Давчев од изборот во помлад асистент до денес има објавено повеќе од 96 трудови, а во периодот од изборот во вонреден

професор во 2019 година до денес има објавено 15 трудови во меѓународни научни и стручни (научно-популарни) списанија, научни конференции, и 1 учебник. Во табелата подолу се презентирани неколку објавени трудови во изминатиот 5-годишен период, согласно важечките законски прописи, а останатите трудови се достапни на електронскиот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и на академските платформи ORCID, Google Scholar и ResearchGate, кои можат да се погледнат на следните линкови:

https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Davcev=3ALjupco=3A=3A.html
https://orcid.org/0009-0004-1664-0536
https://scholar.google.com/citations?user=YDehAR4AAAAJ&hl=en&oi=ao
https://www.researchgate.net/profile/Ljupco-Davcev

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Год. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Mitreva, Mila and **Davcev, Ljupco** and Gogova Samonikov, Marija | Impact of institutional investors on capital markets in selected European countries | Review of Socio-Economic Perspectives, 9 (1). pp. 29-37. ISSN 2149-9276 https://eprints.ugd.edu.mk/34325/ | 2024 |
| 2 | **Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila and Davcev, Aleksandar | Modern trends, financial innovations and determinants of variability in banking operations | Knowledge International Journal, 63 (1). pp. 91-97. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/33974/ | 2024 |
| 3 | **Davcev, Ljupco** and Davcev, Aleksandar and Mitreva, Mila | Principles of banking operations | Knowledge International Journal, 63 (1). pp. 85-90. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/33975/ | 2024 |
| 4 | **Davcev, Ljupco** and Davcev, Aleksandar and Mitreva, Mila | Organizational structure of banks | Knowledge without borders, 44th International Scientific Conference, 44 (1). pp. 47-52. https://eprints.ugd.edu.mk/34118/ | 2024 |
| 5 | **Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila and Davcev, Aleksandar | The financial system and its end users | Knowledge International Journal, 61 (1). pp. 141-146. https://eprints.ugd.edu.mk/33126/ | 2023 |
| 6 | Mitreva, Mila and Gogova Samonikov, Marija and **Davcev, Ljupco** | Competition and competitiveness-drivers for economic growth and better performance of the financial sector | Journal of Economics, 7 (2). pp. 18-27. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/30371/ | 2022 |
| 7 | Gogova Samonikov, Marija and Mitreva, Mila and Veselinova, Elena and **Davcev, Ljupco** | Perception and changes for E-banking among young people in the country-the period of the Corona crisis | Journal of Economics, 6 (2). pp. 1-8. ISSN 1857-9973 https://eprints.ugd.edu.mk/28629/ | 2021 |
| 8 | Bezovski, Zlatko and **Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila | Current adoption state of cryptocurrencies as an electronic payment method | Management Reseach and Practice, 13 (1). pp. 44-50. ISSN 2067-2462 https://eprints.ugd.edu.mk/27898/ | 2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **9** | Jovanov, Tamara and Rajh, Edo and Budak, Jelena and **Davcev, Ljupco** | Entrepreneurial intentions of students at private universities in transition economies | Ekonomski pregled, 72 (2). pp. 157-184. ISSN 0424-7558; 1848-9494 (Online) https://eprints.ugd.edu.mk/28001/ | 2021 |
| **10** | Bezovski, Zlatko and **Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila | Main Issues for Adoption of Cryptocurrencies as Payment Means | Knowledge - International Journal (KIJ), 48 (1). pp. 53-58. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/28871/ | 2021 |
| **11** | **Davcev, Ljupco** and Davcev, Aleksandar | Големата рецесија 2007-2009 во САД | ISCTBL 2020. pp.166-174. ISBN 978-608-244-779-7 https://eprints.ugd.edu.mk/34330/ | 2020 |
| **12** | Davcev, Aleksandar and **Davcev, Ljupco** | Монетарната политика во случајот на Големата рецесија 2007-2009 преку примерот на федералните резерви на САД и европската централна банка | ISCTBL 2020. pp.175-183. ISBN 978-608-244-779-7 https://eprints.ugd.edu.mk/34331/ | 2020 |
| **13** | Jovanov, Tamara and **Davcev, Ljupco** and Sofijanova, Elenica | Пазарната ориентација како деловна ориентација кон која треба да се стремат МСП | Македонско меѓународно списание за маркетинг, 5 (9). pp. 117-124. ISSN 1857-9795 https://eprints.ugd.edu.mk/22505/ | 2019 |
| **14** | Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and **Davcev, Ljupco** and Temjanovski, Riste and Mitev, Goran | Make It Happen: Marketing Processes for Competitive Market Positioning of Firms in Transitional Economy | Eurasian Business Perspectives, Eurasian Studies in Business and Economics 10/1, 10 (1). pp. 387-406. ISSN 2364-5067 https://eprints.ugd.edu.mk/22175/ | 2019 |
| **15** | Mitreva, Mila and **Davcev, Ljupco** and Gogova Samonikov, Marija | Overview of the financial system in N.Macedonia | Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век https://eprints.ugd.edu.mk/34115/ | 2024 |

**5. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик.** Кандидатот д-р Љупчо Давчев има доставено три потврди (уверенија) за познавање на англиски јазик. Исто така има познавања од српскиот и грчкиот јазик.

**6. Способност за изведување на високообразовна дејност**. Д-р Љупчо Давчев целокупната своја 15-годишна кариера, од моментот на избор во помлад асистент до вонреден професор и до денес, ја поминува во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во текот на овој период, тој има реализирано плодна високообразовна дејност преку изведување на бројни предавања и вежби, менторства, пишување и објавување научни и стручни трудови, учебници, скрипти, практикуми, учества во научни конференции и проекти, изјави за медиуми итн. Тој е ментор на преку 60 дипломски трудови, преку 10 магистерски труда, а членувал и во бројни комисии за дипломски, магистерски и докторски трудови.

**Посебни услови за избор:**

**1. Учество во научно-истражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научно-истражувачките резултати.** Кандидатот д-р Љупчо Давчев учествувал во следните **четири проекти**, а кои може подетално да се погледнат на поставените линкови:

- Gogova Samonikov, Marija and Davcev, Ljupco and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Mitreva, Mila (2024) [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/34265/
- Gogova Samonikov, Marija and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Jordanov, Ivan and Gorgiev, Riste (2023) [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/32231/
- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Business eco system as an integrated system - Be In.* [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/33315/
- Gogova Samonikov, Marija and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Mihajlov, Mario and Nikolovski, Dejan and Spirkoska Micoska, Nikolina (2022) [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/32230/

**2. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.** Од моментот на избор во доцент до денес, кандидатот д-р Љупчо Давчев има дадено значаен придонес во оспособување на помлади наставници и соработници преку нивно вклучување во различни научни и стручни активности, проекти, заедничко пишување трудови, давање совети и менторства, рецензирање на трудови, давање препораки и сл.

**3. Рецензиран учебник или скрипта или практикум или авторско ЦД**. Д-р Љупчо Давчев во последните 5 години има објавено учебник од областа:

- Davcev, Ljupco (2024). *Банкарство.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-038-3; https://eprints.ugd.edu.mk/34328/ https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1179&ugd=1252966e371b2d528d643cf62801fb9e

**4. Да има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.** Кандидатот д-р Љупчо Давчев во изборниот период 2019-2023 година има остварено вкупно 205 поени од кои 40 од наставно-образовна дејност, 103 поени од научно-истражувачка дејност и 62 поени од стручно-апликативна и организационо-развојна дејност.

Во продолжение следи детална оценка на неговата високообразовна дејност (наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Наставно-образовната дејност на **д-р Љупчо Давчев** започнува од 2009 година, кога е избран во ***помлад асистент*** од областа финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во 2012 година, тој ја продолжува својата наставно-образовна дејност на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кога е избран во ***асистент*** за научната област финансии и банкарство, каде како асистент работи на предметите од областа финансии: Основи на финансии, Банкарство, Банкарски менаџмент,

Кредитна политика, Монетарна економија, Осигурување, но и на други предмети од поширокото подрачје на економијата како што се: Финансиски менаџмент, Меѓународен финансиски менаџмент, Менаџмент и лидерство, Трговско право и сл.

Во 2014 година **д-р Љупчо Давчев** е избран во ***доцент*** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип - Катедра финансии, при што ги покрива следните предмети: Банкарство, Банкарски менаџмент, Кредитна политика, Монетарна економија, Инвестиционо банкарство, Електронско банкарство, Корпоративни финансии, Пари и банки и сл. Освен на матичниот, Економски факултет, тој е ангажиран и на Факултетот за информатика или поконкретно, на насоката Бизнис информатика. На вториот циклус студии е одговорен за предметите Корпоративни финансии, Банкарски менаџмент, Инвестиционо банкарство, Кредитна политика и кредитни ризици, Банкарски финансии.

Неговата наставно-образовна дејност продолжува и понатаму, кога во 2019 година е избран за ***вонреден професор*** при Катедрата финансии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Како вонреден професор, од 2019 година до денес, тој предава повеќе предмети кои се слушаат на програмите од прв циклус студии, како што се: Банкарство, Банкарски менаџемнт, Корпоративни финансии, Монетарна економија, Инвестиционо банкарство, Електронско банкарство, Кредитна политика, а истовремено по дел од овие предмети е ангажиран и на Техничко-технолошкиот факултет и Факултетот за информатика. На втор циклус студии ги покрива предметите: Корпоративни финансии, Банкарски менаџмент, Инвестиционо банкарство, Кредитна политика и кредитни ризици, Банкарски финансии, додека на третиот циклус студии е ангажиран за предметите: Современи финансии, Банкарство и Финансиски пазари и институции.

Во времето на академскиот ангажман како *вонреден професор,* кандидатот има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност изразена преку:

- редовно одржување на предавања и вежби;
- редовно одржување на консултации и менторства;
- објавени бројни научни и стручни трудови и учебник;
- учества на меѓународни конференции;
- менторства на дипломски трудови;
- менторства на магистерски трудови;
- учество во комисии за одбрана на докторски труд;
- учество во научни проекти и сл.

***Во прилог на документацијата за избор, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кандидатот д-р Љупчо Давчев ги достави во прилог следните трудови:***

**Објавени научни и стручни трудови**

***Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија***

1. Mitreva, Mila and **Davcev, Ljupco** and Gogova Samonikov, Marija (2024). *Impact of institutional investors on capital markets in selected European countries.* Review of Socio-Economic Perspectives, 9 (1). pp. 29-37. ISSN 2149-9276 - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/34325/

**2. Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila and Davcev, Aleksandar (2024). *Modern trends, financial innovations and determinants of variability in banking operations.* Knowledge International Journal, 63 (1). pp. 91-97. ISSN 2545-4439 - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/33974/

**3. Davcev, Ljupco** and Davcev, Aleksandar and Mitreva, Mila (2024). *Principles of banking operations.* Knowledge International Journal, 63 (1). pp. 85-90. ISSN 2545-4439 - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/33975/

**4. Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila and Davcev, Aleksandar (2023). *The financial system and its end users.* Knowledge International Journal, 61 (1). pp. 141-146. - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/33126/

5. Mitreva, Mila and Gogova Samonikov, Marija and **Davcev, Ljupco** (2022). *Competition and competitiveness-drivers for economic growth and better performance of the financial sector.* Journal of Economics, 7 (2). pp. 18-27. - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/30371/

6. Gogova Samonikov, Marija and Mitreva, Mila and Veselinova, Elena and **Davcev, Ljupco** (2021). *Perception and changes for E-banking among young people in the country-the period of the Corona crisis.* Journal of Economics, 6 (2). pp. 1-8. ISSN 1857-9973 - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/28629/

7. Bezovski, Zlatko and **Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila (2021). *Current adoption state of cryptocurrencies as an electronic payment method.* Management Reseach and Practice, 13 (1). pp. 44-50. ISSN 2067-2462 - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/27898/

8. Jovanov, Tamara and Rajh, Edo and Budak, Jelena and **Davcev, Ljupco** (2021). *Entrepreneurial intentions of students at private universities in transition economies.* Ekonomski pregled, 72 (2). pp. 157-184. ISSN 0424-7558; 1848-9494 (Online) Indexing: ESCI - Emerging Sources Citation Index (WOS), Scopus (Elsevier), Scientific Journal Rank (SJR) by Scopus 0.13 (for 2020) - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/28001/

9. Bezovski, Zlatko and **Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila (2021). *Main Issues for Adoption of Cryptocurrencies as Payment Means.* Knowledge - International Journal (KIJ), 48 (1). pp. 53-58. ISSN 1857-923X - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/28871/

**10. Davcev, Ljupco** and Davcev, Aleksandar (2020). *Големата рецесија 2007-2009 во САД.* ISCTBL 2020. pp.166-174. ISBN 978-608-244-779-7 - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/34330/

11. Davcev, Aleksandar and **Davcev, Ljupco** (2020). *Монетарната политика во случајот на Големата рецесија 2007-2009 преку примерот на федералните резерви на САД и Европската централна банка.* ISCTBL 2020. pp.175-183. ISBN 978-608-244-779-7 - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/34331/

12. Jovanov, Tamara and **Davcev, Ljupco** and Sofijanova, Elenica (2019). *Пазарната ориентација како деловна ориентација кон која треба да се стремат МСП.* Македонско меѓународно списание за маркетинг, 5 (9). pp. 117-124. ISSN 1857-9795 - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/22505/

13. Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and **Davcev, Ljupco** and Temjanovski, Riste and Mitev, Goran (2019). *Make It Happen: Marketing Processes for Competitive Market Positioning of Firms in Transitional Economy.* Eurasian Business Perspectives, Eurasian Studies in Business and Economics 10/1, 10 (1). pp. 387-406. ISSN 2364-5067 Springer Nature Switzerland AG 2019, Indexing: Thomson-Reuters' Web of Science

Conference Proceedings Citation Index - Social Science & Humanities (CPCI-SSH) - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/22175/

**Трудови во стручни (научно-популарни) списанија**

**14. Davcev, Ljupco** and Davcev, Aleksandar and Mitreva, Mila (2024). *Organizational structure of banks.* Knowledge without borders, 44th International Scientific Conference, 44 (1). pp. 47-52. - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/34118/

15. Mitreva, Mila and **Davcev, Ljupco** and Gogova Samonikov, Marija (2024). *Overview of the financial system in N.Macedonia.* Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век. - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/34115

**Објавена научна книга**

**16. Давчев, Љупчо** (2024). *Банкарство.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-038-3 - линк до е-репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/34328

**Докторска дисертација**

**17. Давчев, Љупчо** (2011). *Инвестиционо банкарство и портфолио инвестиции - перспективи за развој во РМ.* Економски факултет, УКИМ, Скопје.

**Учество во проекти**

18. Gogova Samonikov, Marija and **Davcev, Ljupco** and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Mitreva, Mila (2024) [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/34265/

19. Gogova Samonikov, Marija and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and **Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila and Jordanov, Ivan and Gorgiev, Riste (2023) [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/32231/

20. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and **Davcev, Ljupco** and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023) *Business eco system as an integrated system-Be In.* [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/33315/

21. Gogova Samonikov, Marija and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and **Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila and Mihajlov, Mario and Nikolovski, Dejan and Spirkoska Micoska, Nikolina (2022) - [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/32230/

***Кратка евалуација на еден дел од трудовите, а другите се достапни на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Davcev=3ALjupco=3A=3A.html .***

**Евалуација на учебникот под р. бр. 16: Давчев, Љупчо (2024). Банкарство.** Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-038-3

Учебникот со наслов „Банкарство" од проф. д-р Љупчо Давчев е книга од областа на банкарството и финансиите, кој претставува еден заокружен увид во проблематиката на современото банкарство, со акцент на работењето на банките во развиените финансиски и пазарни структури. Во тој контекст, обработен е широк спектар на различните типови банки, од централните банки, преку комерцијалните и инвестициските банки и нивните активности во финансискиот и банкарскиот систем. Учебникот со наслов „Банкарство" претставува заокружена целина кој ја синтетизира научната материја поврзана со банкарството, која

во основа ги обработува сите клучни делови од областа на банкарството и тоа: улогата на финансискиот систем и банките како главни институции дел од тој систем, еволутивниот развој на банкарството, промените од традиционално до современо банкарство, принципите на банкарско работење, организацијата на банките, банкарскиот капитал, мерење на успехот на банките, основите и постулатите на работење на централните банки, централните банки во развиените земји, инвестициското банкарство и друго. Банките се центарот на финансиските и економски збиднувања и затоа познавањето на теоретските и практични постулати на банкарството ќе овозможи знаење за начинот на организација и функционирање на банките, важноста на постоењето на банките во финансискиот и економскиот свет, ризиците кои ги имаат банките при нивните секојдневни активности, организацијата на работењето на банките и нивната супервизија, функцијата на централните банки и како овие банки функционираат во економски развиените земји и региони итн. Главна цел на овој учебник е да даде преглед на најважните теми од областа на банкарството, со опфаќање на актуелни трендови, како во земјата, така и во светот, преку комбинација на теорија и пракса. Образложената материја во учебникот на д-р Љупчо Давчев која носи наслов „Банкарство" е систематизирана и презентирана во шест глави. Во првата глава се дадени одговори на следните прашања: што е финансиски систем, каде е местото на банките во сложениот финансиски систем и каква улога вршат, што се тоа депоненти и кредитокорисници. Во оваа глава се дефинираат клучните поими и објаснуваат некои основни принципи на работење на банките. Во втората глава се прави класификација на различните типови на банки, се анализираат современите банки во пазарните економски услови. Овде се анализира појавата на нови финансиски инструменти, иновациите на финансиските пазари кои го афектираат работењето на банките, се даваат современите трендови во банкарството и правците и перспективите за развојот во иднината на банкарските институции. Во третата глава се опишани принципите на банкарско работење и тоа: профитабилноста, ликвидноста и сигурноста. Овие три принципи се детално образложени и анализирани во оваа глава. Во четвртата глава се опфака организациската структура на банкарскиот сектор, како и фактори кои влијаеле на промените во банкарската активност. Овде се даваат насоки на промени во функционирањето и организацијата на банките, како и нови модели на организација на банките во САД. Во петтата глава се анализира централниот банкарски систем, каде се дава и осврт на историскиот развој на централните банки. Во оваа глава се дефинираат и основните функции на централната банка, билансот на централните банки, инструменти за монетарно регулирање итн. Во оваа глава е дадено централното банкарство во развиените земји, и тоа централните банки во САД и Канада, Централното банкарство во Англија, Европската централна банка како централна банка на ЕУ, централното банкарство во Јапонија и Швајцарија итн. Во шестата глава авторот го опфака инвестициското банкарство како нов начин на функционирање на банкарските институции, кои како банки ги имаме повеќе децении во САД. Главата ги опфака основните поими врзани за инвестициските банки, како и улогата и значењето на инвестициското банкарство во финансиската индустрија.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 1:** Mitreva, Mila and **Davcev, Ljupco** and Gogova Samonikov, Marija (2024). *Impact of institutional investors on capital markets in selected European countries.* Review of Socio-Economic Perspectives, 9 (1). pp. 29-37. ISSN 2149-9276

Овој труд го анализира ефектот што го имаат институционалните инвеститори - пензиски фондови, осигурителни компании и инвестициски фондови на пазарите на капитал во Австрија, Белгија, Германија, Финска и Шведска за периодот 2010-2022 година. Анализата е спроведена во E-Views со користење на Unit Root Stationarity Test, Hausman test и панел регресивна анализа. Резултатите покажуваат дека инвестициските фондови се статистички значајна променлива со позитивно влијание на пазарите на капитал во овие земји. Добро функционалните финансиски системи се од особено значење за економскиот развој на секоја земја. Иако литературата дава длабока анализа за одредувачките фактори на влијание врз финансискиот развој, сепак постои голема диференцијација меѓу земјите. Некои земји успеваат да ги имплементираат законите за заштита на инвеститорите и воведуваат вистински механизми, додека други не ги имплементираа правилните политики и регулативи, што влијае на нивото на нивниот финансиски развој. Иако во постоечката литература има многу студии кои потврдуваат постоење на врска помеѓу финансиските пазари и економскиот раст, сепак не постои единствен заклучок за насоката на таа врска. Во последните две децении се зголемува интересот за влијанието на небанкарските финансиски институции врз економскиот раст и растот на пазарите на капитал. Средствата со кои управуваат овие инвеститори се зголемија тројно од почетокот на 1990-тите. Затоа, тие се сметаат за одличен извор на долгорочно финансирање, кое е неопходно за инвестициските потреби на различни сектори на економијата. Несомнено, потребата од добро развиени пазари на капитал станува се поголема, имајќи ги предвид големите средства на располагање на институционалните инвеститори. Колку е поголемо присуството на институционалните инвеститори на пазарите на капитал, толку поевидентна е стабилноста на финансискиот пазар. Со оглед на растот на активата на инвестициските фондови во наведените земји, резултатот е според очекувањата и инвестициските фондови покажуваат статистички значајно позитивно влијание на пазарите на капитал.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 2: Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila and Davcev, Aleksandar (2024). <u>*Modern trends, financial innovations and determinants of variability in banking operations.*</u> Knowledge International Journal, 63 (1). pp. 91-97. ISSN 2545-4439

Основна цел на овој труд е да даде објаснување на новите современи трендови во банкарството, финансиските иновации, како и промените во основните банкарски активности. Банката е финансиска институција која се занимава со земање депозити и давање кредити и посредување во плаќањата. Основна карактеристика на традиционалното банкарство во пазарните економии во минатото било финансиското посредување помеѓу понудата и побарувачката на финансиски средства. Според традиционалниот пристап, банката врши услужни дејности при финансиско посредување, ослободена од процесот на конкуренција бидејќи побарувачката за слободни финансиски средства (кредити) традиционално била поголема од понудата (депозити). Денес, овој тип банки е сè уште доминантен во целосно или недоволно финансиски развиените земји каде побарувачката за финансиски средства е сè уште поголема од понудата и каде што има потреба од планирана распределба на ограничени материјални и финансиски ресурси во приоритетните области на економијата. Во последните децении трендовите на интернационализација и глобализација на финансиските пазари, зголемувањето на бројот на финансиски услуги, вклученоста на небанкарските институции во

обезбедувањето банкарски услуги, како и технолошкиот напредок и појавата на голем број финансиски иновации, предизвикаа промени во структурата на банкарското работење и стратегии. Современите трендови во банкарството ја вклучуваат не само глобализацијата, туку и технолошката револуција, иновациите, банкарската регулатива и супервизија и промените во оваа област. Детерминантите на варијабилноста го менуваа начинот на водење на банкарскиот бизнис, како во западноразвиените економии, така и во економиите во развој како нашата. Овие детерминанти постојано се менуваат и надополнуваат, според потребите на клиентите, но и на банкарските институции, а со цел поголема успешност и профитабилност. Развојот на нови финансиски производи, односно финансиски инструменти во областа на хипотекарниот пазар и пазарот на деривати е особено забележлив во последните неколку децении. Иновациите во банкарската практика не можат да се набљудуваат само од гледна точка на развој на нов банкарски и финансиски производ, но неопходно е да се набљудува и иновативноста на опкружувањето, која е многу важна за развој на нови финансиски инструменти. Автоматизацијата на банкарското работење и појавата на нови финансиски инструменти и текови во финансиската, монетарната и банкарската сфера го одразуваат новиот профил на модерна банка.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 3: Davcev, Ljupco** and Davcev, Aleksandar and Mitreva, Mila (2024). *Principles of banking operations*. Knowledge International Journal, 63 (1). pp. 85-90. ISSN 2545-4439

Овој труд ги објаснува принципите на банкарско работење. Банките работат со цел да постигнат: профитабилност, ликвидност и сигурност. Ликвидноста и сигурноста единствено, поради специфичноста и општата важност на банкарската активност, се понагласени во банкарството отколку кај другите субјекти. Банка е деловен субјект кој произведува банкарски производ, насочен кон пазарот, со цел да постигне соодветна стапка на профитабилност, со соодветна ликвидност и деловна сигурност. Како и секој фактор на производство во економијата, така и средствата кои ги пласираат банките во кредитни пласмани, имаат своја цена. Истата цена е каматната стапка која банките ја плаќаат на сите извори на финансирање. Кога поголем дел од средствата на банките за кои банката плаќа каматна стапка на изворите на финасирање ќе останат непласирани, тоа ќе ја зголеми ликвидноста. Поголемата ликвидност на банките, несомнено ќе доведе до пониска стапка на профитаблиност, имајќи го предвид фактот дека поголем дел од ликвидните средства на банките ќе останат без пласман. Доколку поголемиот дел од ликвидните средства на банката се пласираат во кредитни пласмани, профитабилноста на банката ќе биде поголема. Банките се соочуваат со јасно дефинирани критериуми кој кредитен пласман можат да го одобрат и во колкав однос. Токму тие принципи и критериуми за сигурност овозможуваат банките да ја остварат целта на сигурност и да бидат столб на финансиските системи во многу држави. Најголем дел од тие критериуми се воспоставени токму поради потребата од одржување на сигурност во банкарското работење. Најголем извор на финансирање во банкарскиот сектор се штедните влогови на штедачите. Со цел да бидат заштитени штедните влогови на штедачите, принципите на сигурност се воспоставени од централните банки на државите. Постигнување на трите цели бара оптимален избор на кредитните пласмани, имајќи го предвид фактот дека банката мора да има одредено ниво на ликвидност за да може да ја задоволи потенцијалната желба на штедачите да ги повлечат своите средства од банкарските

сметки. Притоа, во целта да се оствари поголем профит, посебно треба да се обрати внимание на ризичноста на кредитните пласмани.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 4: Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila and Davcev, Aleksandar (2023). *The financial system and its end users.* Knowledge International Journal, 61 (1). pp. 141-146.

Овој труд го проучува начинот на кој финансискиот систем ги канализира средствата помеѓу крајните корисници на системот, односно помеѓу крајните заемопримачи и заемодавачите, наместо посредните должници и заемодавачи - финансиските посредници, кои исто така позајмуваат, но само, како што имплицира нивното име, со цел да ги канализираат средствата помеѓу крајните корисници. Во развиените економии, приходите се генерално толку високи (според светските стандарди) што има многу луѓе кои сакаат да позајмуваат; а една инвестиција може да се реализира само со позајмување средства со цел да се финансира нејзината инсталација и да се поддржуваат фирмите низ долгиот период пред да заработат приход. Соочени со можноста да позајмуваат или да се задолжуваат, крајните корисници на финансиските системи имаат избор помеѓу неколку пристапи. Прво, тие можат да се вклучат во она што обично се нарекува директно позајмување. Но, ова е скапо, неефикасно, крајно ризично и, во пракса, не е многу веројатно. Второ, тие може да одлучат да користат организирани пазари. На овие пазари, заемодавачите ги купуваат обврските издадени од заемопримачите. Доколку обврската е новоиздадена, тогаш издавачот добива средства директно од заемодавачот. До овој степен, процесот има одредена сличност со директното кредитирање, но справувањето со обврските со кои се тргува на организираните пазари има предности за двете страни. Организираните пазари ги намалуваат трошоците за пребарување кои би биле поврзани со директното позајмување бидејќи организираните пазари се преполни со луѓе кои сакаат да тргуваат. Организираните пазари може да ги користат крајните заемодавачи и заемопримачи. Но, тие се користат и од финансиски посредници кои самите обезбедуваат трет канал за пренос на средства помеѓу заемодавачите и заемопримачите. Предностите на работењето преку посредници се слични на оние од работењето на организираните пазари: заемодавачите и заемопримачите се здружуваат побрзо, поефикасно и поевтино отколку кога би морале да се бараат меѓусебно, а посредникот е во состојба, преку супериорно знаење, да го намали ризикот од трансакцијата за двете страни.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 5:** Mitreva, Mila and Gogova Samonikov, Marija and **Davcev, Ljupco** (2022). *Competition and competitiveness-drivers for economic growth and better performance of the financial sector.* Journal of Economics, 7 (2). pp. 18-27.

Овој труд ја анализира конкуренцијата која е важна за правилно функционирање на сите економски сектори, бидејќи има влијание врз компаниите да бидат поиновативни, поефикасни и ефективни. Со соодветна конкуренција, резултатите покажуваат подобри перформанси и постигнување на посакуваниот исход. Следствено, компаниите кои добро функционираат во вакви услови се двигатели на економскиот раст. Сепак, конкуренцијата во финансискиот сектор не е толку лесно применлива како во другите економски сектори. Стриктните регулативи можат да влијаат на флексибилноста и иновативните перформанси на финансиските институции. Сепак, резултатите од ефектот на конкуренцијата во финансискиот сектор, со акцент на банките, се различни. Некои теории покажуваат

дека конкуренцијата има позитивно влијание, спротивно на некои други наоди кои покажаа ограничени ефекти. За да има економски успех и напредок, потребна е економска слобода. Оттука, во овој труд е претставен Индексот на деловната слобода ( Business Freedom Index ) за Албанија, Бугарија, Грција, С. Македонија и Србија за 2019-2021 година. Во овој труд се објаснува конкурентниот притисок што на пазарот ги притиска земјите да се претставаат подобро во областите што можат да им помогнат да постигнат напредок.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 6:** Gogova Samonikov, Marija and Mitreva, Mila and Veselinova, Elena and **Davcev, Ljupco** (2021). *Perception and changes for E-banking among young people in the country-the period of the Corona crisis.* Journal of Economics, 6 (2). pp. 1-8. ISSN 1857-9973

Кризата поради ковид-19 го зафати светот како целина, со сите негови потсистеми. За некои тоа беше ноќна мора, за други невидена можност. Додека некои индустрии стануваат посиромашни, други индустрии стануваат побогати. Овој труд опфаќа анализа на сектор на кој овој период не е толку мрачен. Станува збор за електронското банкарство. Потребата за одржување на физичка дистанца ја интензивираше употребата на е-банкарство во некои земји дури и непредвидено. Од друга страна, сè уште постои неподготвеност да се користи овој начин на користење на банкарските услуги, понекогаш поради аверзија кон технологијата, понекогаш поради незнаење. Овој труд е напишан врз основа на анкета спроведена меѓу младите во градот Штип за нивните познавања од банкарството и нивните предвидувања за електронското банкарство. Нивните одговори се интерпретирани врз основа на статистичка анализа. Заклучокот на овој труд се заснова на ставовите на младите за електронското банкарство и неговата иднина. Врз основа на нив треба да се дава прогноза за идните трендови на електронското банкарство при економското закрепнување на земјата. Користени се методи на анализа, споредби и статистички пресметки за да се прикаже реалната слика за моменталната состојба.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 7:** Bezovski, Zlatko and **Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila (2021). *Current adoption state of cryptocurrencies as an electronic payment method.* Management Reseach and Practice, 13 (1). pp. 44-50. ISSN 2067-2462

Во овој труд се истражува моменталната состојба на усвојување на биткоин и другите криптовалути како средства за онлајн плаќање. Главната цел на ова истражување е да се постави почетна точка за дополнително истражување кое се однесува на главните прашања за усвојување на оваа ветувачка технологија. Првичната намера зад биткоин, првата децентрализирана криптовалута, беше да служи како електронски систем за плаќање што ќе овозможи трансакции меѓу субјектите без потреба од трета страна поради сигурност или доверба. Од неговото воведување во 2009 година, биткоин се соочи со висока нестабилност, проблеми со перформансите, зголемена потрошувачка на енергија, проблеми со законитоста, критики и на крајот бавно усвојување. Дополнително, се појавија многу нови проекти за криптовалути за да се искористи блокчејн технологијата која овозможува транспарентни, доверливи, брзи, ефикасни и безбедни трансакции. Сите нови криптовалути, некои комплементарни, но некои конкурентни на биткоинот, се соочуваат со истите предизвици, особено бавното усвојување и затоа заостануваат зад сегашните средства за плаќање во е-трговијата како дигитални паричници, банкарски картички, банкарски трансфери, па дури и готовина при испорака.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 8:** Jovanov, Tamara and Rajh, Edo and Budak, Jelena and **Davcev, Ljupco** (2021). *Entrepreneurial intentions of students at private universities in transition economies.* Ekonomski pregled, 72 (2). pp. 157-184. ISSN 0424-7558; 1848-9494 (Online)

Овој труд го истражува претприемачкиот потенцијал кај студентите на приватните универзитети во две земји во транзиција преку анализа на претприемачките намери на студентите (EI), особено во однос на финансиските аспекти во претприемништвото, употребата на извори на финансирање, како и потребата од одлуки базирани на финансиски анализи од страна на претприемачите. Емпириската анализа се заснова на податоците од анкетата што е извршена на над 400 студенти по економија и бизнис на приватните универзитети во Северна Македонија и Хрватска. Теоријата на планирано однесување и други теории се употребени со цел да се испита ефектот и на личното ниво и на контекстуалните променливи врз претприемачките намери. Оценувањето на студентите за имиџот на еден претприемач и како тие ги оценуваат социјалните и економските улоги на претприемачите во општеството, како и престижот на еден претприемач во споредба со другите професии, нуди вредни инпути за креаторите на политиките кои имаат за цел да го подобрат претприемачкиот потенцијал и бизнис климата во економиите во развој. Оваа студија дава емпириски докази за позитивниот ефект на две варијабли од теоријата на планирано однесување (личен став кон претприемништвото и субјективна норма) врз претприемничката намера на студентите по бизнис на приватните универзитети во земјите во транзиција. Највпечатлив резултат од студијата е позитивниот ефект на воочените бариери (како контекстуална променлива) врз претприемничката намера, наод што е спротивен на минатите истражувања и преглед на литература.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 9:** Bezovski, Zlatko and **Davcev, Ljupco** and Mitreva, Mila (2021). *Main Issues for Adoption of Cryptocurrencies as Payment Means.* Knowledge - International Journal (KIJ), 48 (1). pp. 53-58. ISSN 1857-923X

Во овој труд се анализираат влијанието на криптовалутите врз финансискиот систем во една земја, како и главните проблеми кои го поттикнуваат или ограничуваат понатамошното прифаќање на криптовалутите. Биткоинот и многу понови дигитални валути се повеќе признати и прифатени како инвестициско средство, отколку како начин на плаќање. Во однос на аспектот на плаќање со криптовалутите, сè уште има отворени проблеми кои треба да се решат на соодветен начин за евентуално да се обезбеди понатамошно усвојување на оваа технологија и таа успешно да се натпреварува со веќе постоечките и моментално доминантните електронски системи за плаќање. Прашањата кои се однесуваат на прифаќање и усвојување на криптовалутите што се разгледуваат во овој труд го вклучуваат следново: децентрализација, законодавство, безбедност, надоместоци, брзина на трансакции, приспособливост, интероперабилност. Проучена е релевантна и актуелна литература за да се идентификуваат главните својства на криптовалутите, користењето за електронски плаќања итн. Главните заклучоци сугерираат дека клучните прашања кои сè уште треба да се решат за да се постигне пошироко усвојување на криптовалутите за плаќања се високата нестабилност на нивната вредност и се уште неразвиеното законодавство ширум светот.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 10: Davcev, Ljupco** and Davcev, Aleksandar (2020). *Големата рецесија 2007-2009 во САД.* ISCTBL 2020. pp.166-174. ISBN 978-608-244-779-7

Во овој труд се анализираат причините кои доведоа до Големата рецесија 2007-2009 година. Рецесијата 2007-2009 година е една од најдлабоките рецесии во економската историја. Рецесијата произлегува од големиот финансиски колапс на американскиот пазар на недвижности. Финансиската криза се прелеа низ светот и предизвика тектонски поместувања во функционирањето на економиите во речиси сите земји, од најразвиените до најсиромашните. Во 2007 година се случува една од најдлабоките рецесии што ги памети економската историја. Се започнува со пукање на меурот на пазарот на недвижнини. Големата побарувачка за недвижен имот доведува до постојан и незапирлив раст на цената на недвижнини. Паралелно со драматичниот раст на станбеното кредитирање, банките постојано вршат секјуритизација на кредитите и си го зголемуваат својот кредитен потенцијал. Покрај меурот на пазар на недвижнини, постоеше меур и на пазарот со обврзници. За да се испитуваат овие меури на одредени пазари, потребно е да се види движењето на цената на одредениот производ или финансиски инструмент. Во овој труд се врши анализа на два најрелевантни индекси за движењето на цените на недвижниот имот во САД. Истите индекси покажуваат голем пораст на цените. Но, во моментот кога се случувал тој пораст многу мал дел од населението знаел за истиот.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 11:** Davcev, Aleksandar and **Davcev, Ljupco** (2020). *Монетарната политика во случајот на Големата рецесија 2007-2009 преку примерот на федералните резерви на САД и Европската централна банка.* ISCTBL 2020. pp.175-183. ISBN 978-608-244-779-7

Бројот на светски економски рецесии е несомнено голем, а причините за кризи се различни. Современите централни банки имаат на располагање неколку конвенционални инструменти како одговор на економските кризи: операции на отворен пазар, задолжителни резерви и дисконтни операции. Во овој труд се анализира дали тие биле доволни за да се надмине рецесијата. Кога се случува криза, Централните банки на погодените земји ги преземаат потребните мерки. Но, реакцијата на субјектите и како тие ќе реагираат на дадените мерки зависи од кредибилитетот на централните банки, како и од нивното очекување за иднината (Теорија за рационални очекувања). Токму тие неколку фактори предизвикуваат ефикасност или неефикасност на трансмисиониот механизам на монетарната политика. Во случај на рецесии, Централните банки ја зголемуваат ликвидноста преку кредити на банките, кои треба да го зголемат своето кредитирање кон приватниот сектор. Во многу ситуации на длабоки кризи во економската историја, се случувало Централните банки да внесат огромни количини на ликвидност, која не се ефектуира во економски раст - проблемот на замка на ликвидноста. Токму тоа се случуваше во Еврозоната и САД за време на последната Голема рецесија 2007-2009. ЕЦБ и ФЕД ги презема своите стандардни мерки како одговор на кризата. Но, економиите не реагираа на вистински начин, односно не се поттикна значајна агрегатна побарувачка која ќе ги избави економиите од рецесија. Економските субјекти не ги следеа насоките на монетарната политика. Причината за тоа не може да се бара во кредибилитетот на монетарната политика, кој е граден со години и произлегува од транспарентноста и одговорноста на гувернерите на двете Централни банки. Како резултат на нарушениот трансмисионен механизам на монетарната политика, Централните банки мораа да спроведат неконвенционални мерки кои значеа откуп на осигурени хартии од вредност. Целта беше да се раздвижи ликвидноста на финансиските пазари. Овој труд подетално се осврнува

кон причините за спроведување на неконвенционални мерки и ефикасноста на таквите мерки. Се уште е актуелно прашањето за ефикасноста на монетарната политика во услови на длабоки рецесии и какви мерки треба да се преземат. Овој труд дава заклучни видувања во однос на превенцијата од големите кризи и можните мерки.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 12:** Jovanov, Tamara and **Davcev, Ljupco** and Sofijanova, Elenica (2019). *Пазарната ориентација како деловна ориентација кон која треба да се стремат МСП.* Македонско меѓународно списание за маркетинг, 5 (9). pp. 117-124. ISSN 1857-9795

Целта на овој труд е да ја докаже и потенцира важноста на пазарната ориентација за конкурентност на МСП, особено финансиските аспекти на пазарната ориентација на едно МСП. Трудот ги анализира карактеристиките на МСП и на деловните ориентации, разликите меѓу деловните ориентации и елементите и имплементацијата на пазарната ориентација во работењето од различни аспекти, меѓу кои и финансиските аспекти. Анализата покажува дека придобивките од примена на пазарна ориентација се значајни за успехот во деловното работење и дека истата треба да биде цел кон која ќе се стремат малите и средни претпријатија. Трудот прикажува како да се воведе пазарна ориентација, од што произлегува и неговото значење за унапредување на конкурентската предност на МСП. Овие наоди можат да бидат корисни за претприемачите и менаџерите на МСП, бидејќи тие обезбедуваат попрецизна перспектива на различните области на пазарна ориентација и нејзиното имплементирање во секојдневните деловни активности, што на крајот би довело до значајни финансиски резултати.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 13:** Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and **Davcev, Ljupco** and Temjanovski, Riste and Mitev, Goran (2019). *Make It Happen: Marketing Processes for Competitive Market Positioning of Firms in Transitional Economy.* Eurasian Business Perspectives, Eurasian Studies in Business and Economics 10/1, 10 (1). pp. 387-406. ISSN 2364-5067

Овој труд обработува и истражува дел од активностите што компаниите можат да ги имплементираат во процесот на конкурентно позиционирање на пазарот и при тоа да имаат сигнификантен финансиски импакт врз нивното работење преку зголемување на профитабилноста на компанијата и подобрување на финансиските показатели. Главната цел е да се покаже дека практикувањето на одредени деловни процеси, како што се ориентација на пазарот, истражување на пазарот и други сегменти како основа за идните деловни операции се во корелација со зголемување на позиционирањето на пазарот во однос на конкурентите. Ова дополнително резултира со позитивни ефекти врз профитабилноста и останатите финансиски аспекти во работењето на една компанија. Податоците се собрани преку прашалници и интервјуа. Резултатите покажуваат дека анализираните процеси имаат позитивен исход за фирмите во однос на конкурентното позиционирање. Утврдено е дека позиционирањето на пазарот е во позитивна корелација со профитабилноста на една компанија. Сепак, многу од фирмите во транзициските економии бавно се прилагодуваат на пазарните промени. Највпечатлив резултат е попроактивниот пристап на малите и средни претпријатија во спроведувањето на некои од горенаведените активности и подобрување на финансиските перформаси во споредба со големите компании.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 14: Davcev, Ljupco** and Davcev, Aleksandar and Mitreva, Mila (2024). *Organizational structure of banks.* Knowledge

without borders, 44th International Scientific Conference, 44 (1). pp. 47-52.

Овој труд ја анализира изворната и водечка улога на банкарството во финансиската индустрија. Банката со својата посредничка улога станува мост на поврзување и клучна инјекција на развој и раст на економските единици, што индиректно го условува напредокот на општеството во целина. Со менување на пазарните услови се менува и неговата улога, но не во насока на лесно сузбивање од жестоката пазарна конкуренција, туку во насока на надополнување на нејзината улога на консултант и управител на туѓ имот. Мора да се истакне дека современите небанкарски финансиски институции се изградени врз постулатите на традиционалното банкарство, како и на интегритетот и силата на секој финансиски сектор како столб на развојот на една општествена заедница. Сепак, многу динамични промени во сложеното пазарно опкружување влијаат врз прилагодувањето на основите на банкарската активност во однос на нејзините растечки потреби и барања. На прво место, модернизацијата на банкарскиот систем би значело збогатување на асортиманот на производи преку традиционални рамки во насока на активностите на небанкарските финансиски институции, како што се финансиски советодавни услуги, управување со готовина, услуги за лизинг на опрема, работа со хартии од вредност, продажба на полиси за осигурување и слично. Трансформацијата на услужната програма во банката неминовно води кон прилагодување на организациската структура, која е неразделна од функционалноста на банкарскиот систем воопшто. Процесот на глобализација не само што го соочува банкарството со остар удар од конкуренцијата, туку бара и функционално и организациско преструктуирање на банките според светски рамки и стандарди. За поефикасно собирање, насочување и контрола на распределбата на банкарските средства од страна на менаџментот на банката, потребно е проширување на постојната организациска структура во насока на формирање нови одделенија и сектори. Друг аспект на промените во организацијата на банкарството е насочен кон подобрување на квалитетот на банкарскиот персонал и управувањето со банките. Развојот на техниката и технологијата и примената на компјутерски системи во извршувањето на банкарските услуги кои го автоматизираат и забрзуваат оперативното работење, намалувајќи ги, во значителна мера, трошоците на деловното работење, бара пошироко знаење и искуство на банкарскиот персонал за работа со електронска опрема, како и едукација на клиентите. Овој труд дава осврт и истражување во однос на гореспоменатите организациски предизвици во современите банки.

**Евалуација на научен труд под р. бр. 15:** Mitreva, Mila and Davcev, Ljupco and Gogova Samonikov, Marija (2024). _Overview of the financial system in N.Macedonia_. Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век

Имајќи ја предвид актуелната доминантна улога на банките и значењето на недепозитните финансиски институции, овој труд ја анализира структурата на вкупните средства на одделните депозитни и недепозитни финансиски институции во финансискиот сектор. на С. Македонија. Финансискиот сектор во С. Македонија е составен од депозитни и недепозитни финансиски институции. Банкарскиот сектор е доминантен во финансискиот систем, додека учеството на останатите институции е релативно помало. Иако вкупната актива на депозитните институции во 2022 година изнесуваше 86,4 %, овие институции се соочија со тренд на опаѓање на нивната актива во последните неколку години. Во 2022 година вкупната актива на недепозитните институции изнесуваше 20,8 %, но со

тренд на пораст во изминатите неколку години. Во вкупниот раст на средствата на недепозитните финансиски институции најмногу придонесоа задолжителните пензиски фондови.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Љупчо Давчев е посветен наставник и истражувач од областа на финансиите, работејќи и извршувајќи ги професионално и стручно. Неговиот опус во научната и образовната литература е исключително широк и корисен, со авторско портфолио кое се состои од 96 трудови, повеќе книги, скрипти и разни други литературни единици, објавени во референтни научни публикации, научни собири, годишни зборници и сл. Д-р Љупчо Давчев учествувал и во проекти од научноистражувачки и стручно-апликативен карактер, од кои дел се реализирани во рамките на Фондот за научноистражувачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а дел се поддржани од екстерни извори.

И во наставно-педагошкиот дел д-р Љупчо Давчев, исто така има богато професионално искуство. За време на неговата кариера во високото образование од помлад асистент до вонреден професор и како вонреден професор до денес покривал бројни предмети на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Како најистакнати предмети на кои тој бил ангажиран се оние од Катедрата финансии, и тоа предметите: Банкарство, Банкарски менаџмент, Монетарна економија, Кредитна политика, Корпоративни финансии, Инвестиционо банкарство, Електронско банкарство и многу други. Во извршувањето на неговата професија, односно наставно-образовната дејност, д-р Љупчо Давчев е исклучително посветен наставник, секогаш достапен за студентите и колегијален кон останатите професори, а во презентацијата на наставната материја применува јасен и експлицитен пристап со примена на класичните, но и современите педагошки методи за пренесување на знаењата.

***Стручно–апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот д-р Љупчо Давчев има партиципирано во бројни стручно-апликативни и организационо-развојни активности од кои може да се согледа неговиот интерес за професионален развој и проширување на академското, но и стручното искуство. Во овој опсег се вклучуваат и организациските активности за унапредување и развој на институцијата во која делува, како и во опкружувањето во кое живее и работи. Некои од тие активности се следните:

- член на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Наставно-научен совет на трет циклус студии на Кампус 4 при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на работна група за изработка и поднесување елаборат за трет циклус студии на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- учесник во проекти;
- член на Организацискиот одбор на проектот „Биди претприемач“;
- член на Организацискиот одбор на проектот „Ден на денарот“;
- рецензент на учебно помагало со наслов „Практикум по основи на економија“ од авторот проф. д-р Билјана Петревска;
- рецензент на учебник со наслов „Економија на пари, банкарство и

финансиски пазари “ од авторот проф. д-р Весна Георгиева Свртинов;

- учество во изработка на елаборати за прв и втор циклус студии;
- член на Организациски и уредувачки одбор на ICBEF – Меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии;
- член во групации дел од Стопанската комора на РСМ;
- Член во UdEkoM (Удеком - Здружение на економисти и менаџери -Белград, Р Србија);
- Член на уредувачки одбор на Euroasin Journal of economics and finance https://eurasianpublications.com/eurasian-journal-of-economics-and-finance/editorial-board/;
- член на Ротари клуб во Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот вонр. проф. д-р Љупчо Давчев ги исполнува сите услови за избор во наставно-научното звање **редовен професор**.

Почнувајќи од звањето помлад асистент, подоцна и во звањата асистент, доцент и вонреден професор, на повеќе предмети од областа финансии што ги изведува на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатот се истакнува со големо знаење и експертиза од оваа област. Научно-истражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдува неговата стручност и ориентација кон системски пристап во наставно-научната област финансии, преку многуте објавени научни трудови, универзитетски учебник, учество на домашни и меѓународни научни конференции, форуми, учество во меѓународни уредувачки одбори на научни списанија, учество во проекти и сл. Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност имаат значаен дел во биографијата на кандидатот, преку учество на стручни собири, учеството во проекти, елаборати од областа, членување во факултетски и универзитетски тела и комисии и др. Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и севкупната активност во периодот од избор во вонреден професор до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот вонр. проф. д-р Љупчо Давчев преку остварени вкупно 205 поени од кои 40 поени во наставно-образовна дејност, 103 поени во научно-истражувачка дејност и 62 поени во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, вонр. проф. д-р Љупчо Давчев да биде избран во **звањето редовен професор во научната област финансии** и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатот да биде избран во наставно-научното звање редовен професор за претходно назначената област на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Љубе Трпески, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Михаил Петковски, редовен професор, член, с.р.
Д-р Биљана Ангелова, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 4. | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |

| Р. бр. | Научно-истражувачка дејност и стручно уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Научна книга или монографија (р. бр. 16) = 1 * 10 = 10 | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Дел од научна книга (р. бр. 13) =1 * 10 = 10 | 1 | 10 | | | 10 |
| 3. | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) Останати автор (р. бр. 8 ) = 1*5*1=5 | | | 1 | 5 | 5 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) – прв автор (р. бр. 2,3,4,10) = 4 * 9 = 36, втор автор (р. бр. 1,7,9,11,12) = 5* 6 = 30, останати автори (р. бр. 5,6) = 2* 3 = 6, вкупно | 4<br>5<br>2 | 9<br>6<br>3 | | | 72 |
| 14. | Учесник во научен проект (р. бр. 20) | 1 | 2 | | | 2 |
| 16. | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) - Член на уредувачки одбор на Euroasin Journal of economics and finance | | | 1 | 1 | 1 |
| 20. | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал - член на организациски и уредувачки одбор на ICBEF - Меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии | 1 | 1 | | | 1 |
| 24. | Рецензент на научен труд | 2 | 1 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **103** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 5. | Труд во стручно (научно-популарно) списание (р. бр. 14,15) | 2 | 2 | | | **4** |
| 13. | Учесник во научен проект (р. бр. 18,19,21 ) | 3 | 5 | | | **15** |
| 17. | Елаборати и експертизи | 1 | 2 | | | **2** |
| 27. | Член на универзитетски и владини тела (ННС на трет циклус на Кампус 4) | 1 | 5 | | | **5** |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија (- ННС на Економски факултет - УГД - Ментор и член на комисии за оценка и одбрана на дипломски и магистерски трудови и докторски труд) | 18 | 2 | | | **36** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **62** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **205** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.**1202-78/4** од **5.7.2024** година донесена на **252.** седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на **5.7.2024** година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за научната област финансии (5.02.00.07) на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **проф. д-р Михаил Петковски**, пензиониран редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
- **проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член);
- **проф. д-р Стеван Габер**, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член).

На Конкурсот објавен во дневните весници „Коха“ и „Слободен печат“ (година XII, број 3181, среда 26 јуни 2024 година) во предвидениот законски рок се пријави единствено кандидатката **д-р Марија Гогова Самоников**, вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатката д-р Марија Гогова Самоников, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи: кратка биографија; диплома за завршено соодветно образование – за одбранет докторски труд; дипломи за завршен прв и втор циклус на студии; Уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии; список на објавени научни и стручни трудови; примерок од шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор; објавен рецензиран учебник; Одлука за избор во звање доцент и вонреден професор; Одлука за ангажираност во наставата на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип; потврда дека се служи со еден странски јазик; примерок од докторскиот труд; Одлуки за членства во комисии и останати реализирани активности; Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката **д-р Марија Гогова Самоников**, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р **Марија Гогова Самоников** е родена 1984 година во Штип. Основното и средно (гимназиско) образование го завршува во родниот град со одличен успех. Во 2002 година се запишува на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и го завршува во 2006 година со просек 8.81 и се стекнува со диплома со назив дипломиран економист. Истата година, односно во учебната 2006/07 година се запишува на магистерски студии

на истиот факултет на департманот Монетарна економија. На 7.7.2009 година го брани магистерскиот труд со наслов „Слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи“ под менторство на проф. д-р Михаил Петковски. Овие студии ги завршува со просек 8.22 и се стекнува со звањето магистер на економски науки од областа монетарна економија.

На 27.2.2014 година Марија Гогова Самоников го брани докторскиот труд со наслов „Финансиските иновации како предизвик за финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација“ со што се стекнува со звање доктор на економски науки.

Во текот на своето студирање и работа, таа остварува опсег на активности, трудови, посета и учество на конференции и проекти за кои постои евиденција на репозиториумот на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Gogova_Samonikov=3AMarija=3A=3A.html. Поседува вештини за работа и користење на пакетот Microsoft Office, а и активно се служи со англискиот јазик.

За време на своето образование таа присуствува на „Младинска конференција за поддршка на развојот“, организирана од Светска банка во Париз, 2003 година; пракса во НЛБ Тутунска банка АД Скопје во Скопје 2006 и 2007 година. Во текот на работењето остварува студиски престој од три месеци на University of West of England – UWE во Бристол, Англија, 2010 година.

Кандидатката д-р Марија Гогова Самоников на 2.7.2007 година ја започнува својата работа како помлад асистент за наставно-научна област финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип. Во тој период таа ги покрива вежбите по предметите Основи на финансии, Финансиски пазари и институции, Монетарна економија, Финансиски менаџмент, Финансиски менаџмент на здравствени институции, Банкарство, кои на почетокот се реализираат во наставниот центар во Штип, а подоцна и во наставните центри во Струмица, Кочани, Радовиш и Скопје.

Во 2010 година кандидатката е избран во звање асистент за наставно-научна област финансии и продолжува да ја извршува истата дејност на Економски факултет, изведува вежби на горенаведените предмети при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

На 1.10.2014 година Марија Гогова Самоников на 86. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет со Одлука број 1702-314/10 е избрана во звање доцент за наставно-научна област финансии и почнува со реализирање на предавања и вежби по предметите: Основи на финансии, Финансиски пазари и институции, Хартии од вредност, Финансиска регулација и Современи финансии. Набргу потоа кандидатката д-р Марија Гогова Самоников почнува да ја врши и функцијата раководител на Катедра финансии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се до 2023 година кога и завршува вториот мандат.

На 6.6.2019 година на 171. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип со Одлука број 1202-80/3 таа е избрана во звање вонреден професор за наставно-научната област финансии.

Кандидатката д-р Марија Гогова Самоников во моментот работи на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип како вонреден професор.

***Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.***

**Општи услови за избор:**

1. **Научен степен доктор на науки од научната област за која се избира.**

Кандидатката д-р Марија Гогова Самоников се стекнала со звање доктор на економски науки на 27.2.2014 година кога успешно го одбранила докторскиот труд на тема ***„Финансиските иновации како предизвик за финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација“*** на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. **Претходен избор во звање.**

На 01.10.2014 година Марија Гогова Самоников на 86. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет со Одлука број 1702-314/10 е избрана во звање **доцент за наставно-научна област финансии**.

На 6.6.2019 година на 171. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип со Одлука број 1202-80/3 таа е избрана во звање **вонреден професор за наставно-научната област финансии.**

3. **Објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години.**

Кандидатката д-р Марија Гогова Самоников од изборот во асистент до денес има објавено осумдесет и четири трудови, а во периодот од изборот во вонреден професор во 2019 година до денес има објавено четиринаесет трудови во меѓународни научни и стручни (научно-популарни) списанија и зборници, четири присуства и учество на научни конференции, три универзитетски учебници, една книга, две поглавја од книги и осум проектни активности. Во табелата подолу се презентирани неколку објавени трудови во изминатиот 5-годишен период, согласно важечките законски прописи, а останатите трудови се достапни на електронскиот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и на академските платформи ORCID, Google Scholar и ResearchGate, кои можат да се погледнат на следните линкови:
https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Gogova_Samonikov=3AMarija=3A=3A.html
https://orcid.org/0009-0005-4059-3941
https://scholar.google.com/citations?user=kasUgxAAAAAJ&hl=en&oi=ao
https://www.researchgate.net/search/researcher?q=marija%2Bgogova%2Bsamonikov

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Год. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija and Zdraveva, Zorica | *The situation with the development of small and medium-sized enterprises in Macedonia in relation to the sources for their.* | Journal of Economics, 5 (1). pp. 10-20. ISSN 1857-9973 | 2020 |
| 2. | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena | *Managing the monetary and fiscal efforts to alleviate the turbulence from the COVID-19 crisis in the world and in our country.* | Journal of Economics-Special Issue, 6. ISSN 1857-9973 | 2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | *The Impact of COVID-19 Pandemic on Firms Performance: Analysis of the Companies from the MBI10 Index.* | Journal of Economics-Special Issue, 6. ISSN 1857-9973 | 2021 |
| **4.** | Gogova Samonikov, Marija and Mitreva, Mila and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco | *Perception and changes for E-banking among young people in the country-the period of the Corona crisis.* Journal of Economics, 6 (2). | Journal of Economics, 6 (2). ISSN 1857-9973 | 2021 |
| **5.** | Mitreva, Mila and Gogova Samonikov, Marija and Davcev, Ljupco | *Competition and competitiveness-drivers for economic growth and better performance of the financial sector.* | Journal of Economics, 7 (2). pp. 18-27. ISSN 1857-9973 | 2022 |
| **6.** | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | *Managing the economic and financial efficiency of an investment financed through local bonds.* | Journal of Economics, 8 (2). ISSN 1857-9973 | 2023 |
| **7.** | Mitreva, Mila and Davcev, Ljupco and Gogova Samonikov, Marija | *Impact of institutional investors on capital markets in selected European countries* | Review of Socio-Economic Perspectives, 9 (1). pp. 29-37. ISSN 2149-9276 | 2024 |
| **8.** | Mitreva, Mila and Davcev, Ljupco and Gogova Samonikov, Marija | *Overview of the financial system in N.Macedonia.* | Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век, ISCTBL 2024. | 2024 |

4. **Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик.**

Кандидатката д-р Марија Гогова Самоников има доставено дипломи за познавање на англиски јазик.

5. **Способност за изведување на високообразовна дејност**.

Д-р Марија Гогова Самоников целокупната своја 17-годишна кариера, од моментот на избор во помлад асистент до вонреден професор, ја поминува во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во текот на овој период, таа има реализирано плодна високообразовна дејност преку изведување на бројни предавања и вежби, менторства, пишување и објавување научни и стручни трудови, учебници, скрипти, практикуми, учества во научни конференции и проекти, реализирање работилници итн. Таа е ментор на преку триесет дипломски трудови, два магистерски труда, а членувала и во бројни комисии за дипломски, магистерски и докторски трудови.

**Посебни услови за избор:**

**1. Учество во научно-истражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научно-истражувачките резултати.**

Кандидатката д-р Марија Гогова Самоников учествувала во следните осум проекти, а кои може подетално да се погледнат на поставените линкови:

1. **Gogova Samonikov, Marija** and Davcev, Ljupco and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Mitreva, Mila (2024). *„Ден на денарот“-2024.* -https://eprints.ugd.edu.mk/34265/
2. Dimitrova, Janka and Veselinova, Elena and **Gogova Samonikov, Marija** and Davcev, Ljupco and Andonov, Mitko and Ljubomir, Gacov and Elizabeta, Djambaska and Aleksandra, Lozanovska (2023). *Business eco-system as an integrated system – Be In.* - https://eprints.ugd.edu.mk/32995/

**3. Gogova Samonikov, Marija** and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Jordanov, Ivan and Gorgiev, Riste (2023). *„Ден на денарот"-2023.* - https://eprints.ugd.edu.mk/32231/

4. Veselinova, Elena and **Gogova Samonikov, Marija** and Koleva, Blagica and Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023). *Стратегиски развој и оперативен план за Центар за кариера и развој на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.* - https://eprints.ugd.edu.mk/32639/

**5. Gogova Samonikov, Marija** and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Mihajlov, Mario and Nikolovski, Dejan and Spirkoska Micoska, Nikolina (2022). *„Ден на денарот"-2022.* - https://eprints.ugd.edu.mk/32230/

6. Veselinova, Elena and **Gogova Samonikov, Marija** (2022). *„Млади финансиски инфлуенсери - Позитивно влијание врз финансиската писменост и претприемничкиот потенцијал кај младите".* - https://eprints.ugd.edu.mk/30623/

7. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Koleva, Blagica and **Gogova Samonikov, Marija** and Veselinova, Elena and Lazarov, Darko and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila (2021). *Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување.* - https://eprints.ugd.edu.mk/28347/

**8. Gogova Samonikov, Marija** and Veselinova, Elena (2021). *Инклузивен Мост 18.* - https://eprints.ugd.edu.mk/28100/

**2. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.**

Од моментот на избор во доцент до денес, кандидатката д-р Марија Гогова Самоников има дадено значаен придонес во оспособување на помлади наставници и соработници преку нивно вклучување во различни научни и стручни активности, проекти, заедничко пишување трудови, давање совети и менторства, рецензирање на трудови, давање препораки и сл.

**3. Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД**.

Д-р Марија Гогова Самоников во последните 5 години има објавено**:**

1. Gogova Samonikov, Marija (2023). *Современи финансии.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-003-1- https://eprints.ugd.edu.mk/33204/

2. Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2022). *Водич за економско-финансиска интеграција.* Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби „Бравура Кооператива" - https://eprints.ugd.edu.mk/30622/

3. Gogova Samonikov, Marija (2021). *Финансиски пазари и институции.* Faculty of Economics, Goce Delcev University-Stip. ISBN 978-608-244-793-3 - https://eprints.ugd.edu.mk/28989/

4. Gogova Samonikov, Marija (2020). *Основи на финансии.* Faculty of Economics, Goce Delcev University-Stip. ISBN 978-608-244-746-9- https://eprints.ugd.edu.mk/27007/

5. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2020). *Defining the Concept of Brand Equity With Radical Transparency.* In: Global Branding: Breakthroughs in Research and Practice. IGI Global, Hershey, Pennsylvania, USA. ISBN 9781522592822 - https://eprints.ugd.edu.mk/24160/

6. Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2019). *Evaluating the Brand With Radical Transparency.* In: Brand Culture and Identity: Concepts, Methodologies, Tools, and Applications. IGI Global, Hershey, PA, USA. ISBN DOI: 10.4018/978-1-5225-7116-2.ch006 - https://eprints.ugd.edu.mk/20834/

**4. Да има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.**

Кандидатката д-р Марија Гогова Самоников во изборниот период 2019-2024 година има остварено вкупно 231 поен од кои 40 од наставно-образовна дејност, 189 поени од научноистражувачка дејност и 62 поени од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Во продолжение следи детална оценка на нејзината високообразовна дејност (наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Наставно-образовниот ангажман на д-р Марија Гогова Самоников се протега уште од 2007 година, кога е избрана во *помлад асистент* за предметот *Основи на финансии* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Додека кандидатката д-р Марија Гогова Самоников работи како асистент, покрива вежби за предметите: Основи на финансии, Финансиски менаџмент, Финансиски пазари и институции, Монетарна економија, Финансиски менаџмент на здравствени институции, Банкарство, кои на почетокот се реализираат во наставниот центар во Штип, а подоцна и во наставните центри во Струмица, Кочани, Радовиш и Скопје.

Во 2014 година, д-р Марија Гогова Самоников е избрана во *доцент* во наставно-научната област финансии (Катедра финансии) при што ги покрива следните предмети: Основи на финансии, Финансиски пазари и институции, Хартии од вредност, Финансиска регулација и Современи финансиски тенденции. Освен на матичниот, Економски факултет, таа е ангажирана и на Факултетот за информатика или поконкретно, на насоката Бизнис информатика, а покрива и универзитетски изборни предмети. На вториот циклус студии е одговорна за предметите Корпоративни финансии, Напредни финансии, Банкарски финансии, Финансиски иновации и деривати, Финансиски пазари, Регулативни системи во финансискиот сектор.

Нејзината наставно-образовна дејност продолжува и понатаму, кога во 2019 година е избрана за *вонреден професор* во наставно-научната област финансии, при Катедрата финансии. Во претстојниот период таа покрива повеќе предметни дисциплини кои се слушаат на програмите од прв циклус студии, како што се: Основи на финансии, Финансиски пазари и институции, Хартии од вредност, Финансиска регулација и Современи финансии и Финансии на Факултетот за информатика на студиската програма Бизнис информатика. На втор циклус студии ги покрива предметите: Корпоративни финансии, Напредни финансии, Банкарски финансии, Финансиски иновации и деривати, Финансиски пазари, Регулативни системи во финансискиот сектор, додека на третиот циклус студии е ангажирана за предметите: Современи финансии, Финансиски пазари и институции и Банкарство.

Во времето на академскиот ангажман како *вонреден професор,* кандидатката има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност изразена преку: редовно одржување на предавања и вежби; редовно одржување на консултации и менторства; објавени бројни научни и стручни трудови, учебници, скрипти и практикуми; учества на меѓународни конференции; менторства на дипломски трудови; менторства на магистерски трудови; учество во научни проекти и сл.

***Во прилог на документацијата за избор, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Марија Гогова Самоников ги достави во прилог следните трудови кои се приложени на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип:*** *https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Gogova_Samonikov=3AMarija=3A=3A.html* ***и тоа по временска рамка од понови кон постари.***

**Објавени научни и стручни трудови**

**1. Трудови**

1. Mitreva, Mila and Davcev, Ljupco and **Gogova Samonikov, Marija** (2024). Impact of institutional investors on capital markets in selected European countries. Review of Socio-Economic Perspectives, 9 (1). pp. 29-37. ISSN 2149-9276
2. **Gogova Samonikov, Marija** and Ivanova, Marija (2023). Еволуција и развој - фиат пари наспроти криптовалути. Годишен зборник 2023, 25 (1). ISSN 1857-7628
3. **Gogova Samonikov, Marija** and Ivanova, Verica (2023). Анализа на берзанскиот и девизниот пазар во Македонија. Годишен зборник 2023, 24 (1). ISSN 1857-7628
4. **Gogova Samonikov, Marija** and Deleva, Pavlinka (2023). Управување со банкарскиот ризик во периодот за и пост ковид-19 пандемијата. Yearbook - Faculty of Economics, 25 (2). ISSN 1857-7628
5. **Gogova Samonikov, Marija** and Stojanova, Ljubinka (2023). Влијанието на ковид-19 пандемијата врз пазарот на труд и импликациите врз финансискиот пазар. Годишен зборник - Економски факултет, 25 (2). ISSN 1857-7628
6. **Gogova Samonikov, Marija** and Josifova, Viktorija (2023). Евалуација за ризиците во банкарскиот систем на РС Македонија во периодот од 2020 до 2021 година. Годишен зборник 20203, 24 (1). ISSN 1857-7628
7. Veselinova, Elena and **Gogova Samonikov, Marija** (2023). Managing the economic and financial efficiency of an investment financed through local bonds. Journal of Economics, 8 (2). ISSN 1857-9973
8. Mitreva, Mila and **Gogova Samonikov, Marija** and Davcev, Ljupco (2022). Competition and competitiveness-drivers for economic growth and better performance of the financial sector. Journal of Economics, 7 (2). pp. 18-27.
9. **Gogova Samonikov, Marija** and Manceva, Verica (2022). Осврт на Законот за вистински сопственици – заедничка активност на Централен регистар и Агенција за спречување на перење на пари. Годишен зборник Vol. 22 No. 1 (2021): Yearbook 2021, 22 (1).
10. **Gogova Samonikov, Marija** and Angov, Borce (2022). Анализа на кредитната политика и кредитниот ризик на Комерцијална банка за време на пандемијата во 2020 година. Годишен зборник, Vol. 22 No. 1 (2021): Yearbook 2021, 22 (1).

11. **Gogova Samonikov, Marija** and Mitreva, Mila and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco (2021). Perception and changes for E-banking among young people in the country-the period of the Corona crisis. Journal of Economics, 6 (2). pp. 1-8. ISSN 1857-9973

12. Veselinova, Elena and **Gogova Samonikov, Marija** (2021). The Impact of COVID-19 Pandemic on Firms Performance: Analysis of the Companies from the MBI10 Index. Journal of Economics-Special Issue, 6. ISSN 1857-9973

13. **Gogova Samonikov, Marija** and Veselinova, Elena (2021). Managing the monetary and fiscal efforts to alleviate the turbulence from the COVID-19 crisis in the world and in our country. Vol. 6 (2021): Journal of Economics-Special Issue, 6. pp. 30-44.

14. **Gogova Samonikov, Marija** and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija and Zdraveva, Zorica (2020). The situation with the development of small and medium-sized enterprises in Macedonia in relation to the sources for their. Journal of Economics, 5 (1). pp. 10-20. ISSN 1857-9973

**2. Поглавја од книги**

1. Veselinova, Elena and **Gogova Samonikov, Marija** (2020). Defining the Concept of Brand Equity With Radical Transparency. In: Global Branding: Breakthroughs in Research and Practice. IGI Global, Hershey, Pennsylvania, USA. ISBN 9781522592822
2. Veselinova, Elena and **Gogova Samonikov, Marija** (2019). Evaluating the Brand With Radical Transparency. In: Brand Culture and Identity: Concepts, Methodologies, Tools, and Applications. IGI Global, Hershey, PA, USA. ISBN DOI: 10.4018/978-1-5225-7116-2.ch006

**3. Конференциски материјали**

1. Mitreva, Mila and Davcev, Ljupco and **Gogova Samonikov, Marija** (2024). Overview of the financial system in N.Macedonia. In: Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век, ISCTBL 2024.
2. **Gogova Samonikov, Marija** and Mitreva, Mila (2024). Микро бизнис игри – FinYes - „Финансиска писменост за млади претприемачи“. In: FinYes - Финансиска писменост за млади претприемачи, 19-20 Feb 2024, Stip.
3. **Gogova Samonikov, Marija** and Mitreva, Mila (2023). „Светот го вртат парите - кој ги врти парите“. In: Работилница: „Светот го вртат парите - кој ги врти парите“.
4. Mitreva, Mila and **Gogova Samonikov, Marija** and Davcev, Ljupco (2021). Иновативни начини на финансирање на новите бизниси. In: Глобална недела на претприемништво 2021.

**4. Книги**

1. **Gogova Samonikov, Marija** (2023). Современи финансии. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-277-003-1
2. **Gogova Samonikov, Marija** and Veselinova, Elena (2022). Водич за економско-финансиска интеграција. Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби „Бравура Кооператива“.
3. **Gogova Samonikov, Marija** (2021). Финансиски пазари и институции. Faculty of Economics, Goce Delcev University-Stip. ISBN 978-608-244-793-3
4. **Gogova Samonikov, Marija** (2020). Основи на финансии. Faculty of Economics, Goce Delcev University-Stip. ISBN 978-608-244-746-9

5. **Учество во проекти**

1. Dimitrova, Janka and Veselinova, Elena and **Gogova Samonikov, Marija** and Davcev, Ljupco and Andonov, Mitko and Ljubomir, Gacov and Elizabeta, Djambaska and Aleksandra, Lozanovska (2023). Business eco-system as an integrated system – Be In.
2. **Gogova Samonikov, Marija** and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Jordanov, Ivan and Gorgiev, Riste (2023). „Ден на денарот" - 2023.
3. Veselinova, Elena and **Gogova Samonikov, Marija** and Koleva, Blagica and Jovanov, Tamara and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023). Стратегиски развој и оперативен план за Центар за кариера и развој на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.
4. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka and **Gogova Samonikov, Marija** and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco and Gruevski, Ilija and Gaber, Stevan and Jovanov, Tamara and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila and Arsova, Monika (2023). Business eco system as an integrated system-Be In.
5. **Gogova Samonikov, Marija** and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Davcev, Ljupco and Mitreva, Mila and Mihajlov, Mario and Nikolovski, Dejan and Spirkoska Micoska, Nikolina (2022). „Ден на денарот" - 2022.
6. Veselinova, Elena and **Gogova Samonikov, Marija** (2022). „Млади финансиски инфлуенсери - Позитивно влијание врз финансиската писменост и претприемничкиот потенцијал кај младите".
7. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna and Gaber, Stevan and Gruevski, Ilija and Koleva, Blagica and **Gogova Samonikov, Marija** and Veselinova, Elena and Lazarov, Darko and Bezovski, Zlatko and Mitreva, Mila (2021). Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување.
8. **Gogova Samonikov, Marija** and Veselinova, Elena (2021). Инклузивен Мост 18.

На ова надополнето и нејзините магистерски и докторски тези:

- Gogova Samonikov, Marija (2014). Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација. PhD thesis, University „Ss. Cyril and Methodius" Skopje.
- Gogova Samonikov, Marija (2009). Слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи. Masters thesis, University „Ss. Cyril and Methodius" - Skopje.

***Кратка евалуација на еден дел од трудовите, а другите се достапни на е-репозиториумот на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип:*** https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Gogova_Samonikov=3AMarija=3A=3A.html

**Евалуација на трудот со реден број 1 под точка 1: Mitreva, Mila and Davcev, Ljupco and Gogova Samonikov, Marija (2024). Impact of institutional investors on capital markets in selected European countries. Review of Socio-Economic Perspectives, 9 (1). pp. 29-37. ISSN 2149-9276**

Целта на овој труд е да се анализира ефектот што го имаат институционалните инвеститори - пензиски фондови, осигурителните компании и инвестициските фондови имаат на пазарите на капитал во Австрија, Белгија, Германија, Финска и Шведска за периодот 2010-2022 година.
Анализата е спроведена во E-Views со користење на Unit Root Stationarity Test, Hausman тест и панел регресивна анализа. Резултатите покажуваат дека инвестициските фондови се статистички значајна променлива со позитивно влијание на пазарите на капитал во овие земји.

**Евалуација на трудот со реден број 2 под точка 1: Gogova Samonikov, Marija and Ivanova, Marija (2023). <u>Еволуција и развој - фиат пари наспроти криптовалути</u>. Годишен зборник 2023, 25 (1). ISSN 1857-7628.**

Парите се општоприфатено средство за размена, односно законско платежно средство, издадено од страна на владата и централната банка. Тие имаат своја физичка форма и се сметаат за соодветно средство за размена, за пресметка и за складирање на вредност. Криптовалутите се дигитални децентрализирани валути кои се издадени и контролирани од мрежа на компјутери. Тие немаат своја физичка форма и не се прифатени како законско средство за плаќање, иако дел од поголемите компании прифаќаат плаќање со криптовалути. Овој труд ја прикажува еволуцијата на парите од стоковна размена, па се до фиат парите и појавата и развојот на криптовалутите, како и нивните меѓусебни сличности и разлики, предности и недостатоци.

**Евалуација на трудот со реден број 3 под точка 1: Gogova Samonikov, Marija and Ivanova, Verica (2023). <u>Анализа на берзанскиот и девизниот пазар во Македонија</u>. Годишен зборник 2023, 24 (1). ISSN 1857-7628**

Девизниот систем е збир на законски прописи со кои се регулира, ограничува или забранува прометот на стоки и услуги со странство, стекнувањето и располагањето со девизи, како и на сите плаќања и наплатувања со странство. Станува збор за прописи, инструменти и мерки со чија помош државата ги регулира меѓународните плаќања, со намера да избегне ситуации на несолвентност на земјата, а притоа да обезбеди рационално вклучување на националното стопанство во меѓународната поделба на трудот, како основа за остварување на задоволителен одржлив развој. Не е проблем со примена на некои од споменатите мерки да се обезбеди уредно плаќање на обврските спрема странство. Меѓутоа, проблем е ако таквата цел се остварува само со ограничувања и забрани на увозот на стоки и услуги, со ограничувања и забрани за задолжување од странство, како и со ограничувања на определени плаќања спрема странство. На тој начин целта ќе се оствари, меѓутоа, нема сомнение дека ќе се ограничат развојните потенцијали на националното стопанство што зависат од увозот, од можноста за задолжување спрема странство и од можноста за извршување на определени плаќања во странство. Девизните системи се разликуваат според степенот на ограничувањата и забраните што ги прави секоја земја во зависност од потребите. Поради тоа може да се каже дека нема два идентични девизни системи. Сепак, разликите меѓу нив се многу поголеми во помалку развиените економии отколку во развиените земји. Разликите се намалуваат со зголемувањето на степенот на либерализацијата на економските односи со странство. Во суштина, можат да се разликуваат строги и либерални девизни системи. Преку строгите девизни системи недоволно развиените земји настојуваат, покрај определени жртви поради ограничувањата и забраните, да обезбедат побрз развој на некои стопански гранки од стопанството или побрзо да достигнат определено ниво на развој на вкупното стопанство.

**Евалуација на трудот со реден број 4 под точка 1: Gogova Samonikov, Marija and Deleva, Pavlinka (2023). Управување со банкарскиот ризик во периодот за и пост ковид-19 пандемијата. Yearbook - Faculty of Economics, 25 (2). ISSN 1857-7628**

Ризиците од финансиското работење и ефикасното управување со нив, како за поодделните банки така и за банкарските системи – системите на националните економии, но и за системот на глобално ниво, се од огромно значење .

Од почетокот на 2020 година, светот се соочи со неочекуван и силен шок, предизвикан од пандемијата на новиот корона-вирус, којашто не ја одмина ниту нашата земја.

Во тој поглед овој труд се осврнува на најважните банкарски ризици со посебен акцент на банкарските ризици во периодот пред и после ковид-19 пандемијата.

**Евалуација на трудот со реден број 5 под точка 1: Gogova Samonikov, Marija and Stojanova, Ljubinka (2023). Влијанието на ковид-19 пандемијата врз пазарот на труд и импликациите врз финансискиот пазар. Годишен зборник - Економски факултет, 25 (2). ISSN 1857-7628**

Последиците од ковид-19 пандемијата имаа бројни социјални, политички и економски карактеристики. Сепак, многу студии сугерираат дека пазарот на труд е најпогодената област во споредба со другите. Тоа е затоа што некои од работниците беа принудени да дадат отказ поради присуството на ковид-19 пандемијата на нивните работни места. Овој труд се фокусира на спроведување на сеопфатно истражување за ефектите на КОВИД-19 пандемијата на пазарите на трудот и импликациите врз финансиските пазари. Добро е познато дека ковид-19 пандемијата доведе до широко распространето губење на работни места и намалување на учеството на работната сила. КОВИД-19 пандемијата целосно го промени начинот на кој живееме и драстично го промени економскиот пејзаж, зголемувајќи ја невработеноста и менувајќи го начинот на кој се бара од луѓето да работат, имплементирајќи нови технологии за одржување на безбедна работна средина.Стапката на невработеност значително се зголеми, а бројот на луѓе без работа се зголеми за милиони. Пазарот на трудот исто така беше погоден од намалените работни часови и зголемените привремени отпуштања.

**Евалуација на трудот со реден број 6 под точка 1: Gogova Samonikov, Marija and Josifova, Viktorija (2023). Евалуација за ризиците во банкарскиот систем на РС Македонија во периодот од 2020 до 2021 година. Годишен зборник 20203, 24 (1). ISSN 1857-7628.**

Банкарскиот сектор се стреми кон оптимална профитабилност, меѓутоа е изложен на различни видови ризици кои се присутни во работењето на финансиските институции. Банките за да избегнат финансиска криза мораат да ги проценат ризиците, се со цел нивно полесно справување и остварување максимална продуктивност во своето континуирано работење.

Ниеден бизнис не е имун на значајните нивоа на неизвесност, па така и банкарскиот сектор. Континуираните глобални предизвици и потенцијалната егзистенцијална закана предизвикана од пандемија ковид-19, политичката поделеност, социјалните и економските немири, менувањето на преференциите на клиентите и демографијата, промена на каматните стапки, промена на депозитите, имиграциските предизвици и многу други, се значајни двигатели на ризик кои придонесуваат за значителни нивоа на несигурност.

Банките како финансиски институции во Македонија се изложени на голем број ризици, а тоа посебно се забележува во 2020 година со појавата на пандемијата, која имаше влијание врз целокупната економија. Во 2021 година веќе се забележани повисоки показатели со што профитабилноста во банкарскиот систем се зголемува.

**Евалуација на трудот со реден број 7 под точка 1: Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2023). <u>Managing the economic and financial efficiency of an investment financed through local bonds</u>. Journal of Economics, 8 (2). ISSN 1857-9973.**

Намерата на авторите на овој труд е да го докажат ефикасното искористување на средствата добиени од локална обврзница со инвестирање во самоодржлив проект кој генерира принос - центар за рехабилитација кој ќе го експлоатира термалниот извор Кежовица во Општина Штип. Економско-финансиската ефикасност на инвестицијата финансирана преку емисија на локални обврзници се покажува преку инвестициски критериуми кои ја докажуваат профитабилноста и ликвидноста на ваквата инвестиција. На овој начин се постигнува оправданоста за емисијата на локални обврзници како алтернативен начин на финансирање и поддршка на локалниот економски развој.

Целта на овој труд е да се оцени повратот на инвестицискиот потенцијал, односно ефикасноста и профитабилноста на проект кој значително придонесува за зголемување на вредноста на локалното производство како компонента на националниот економски раст, а уште повеќе, имајќи ги предвид зголемените сегашни барања за општествено одговорно однесување, како тоа покажува вредност од поширок опсег на засегнати страни на долг рок.

Резултатите од истражувањето, проектирани во форма на конвенционални критериуми за инвестирање, во комбинација со кратка анализа на финансиски соднос, потврдуваат дека ефикасното користење на општинските обврзници како алтернативен начин за финансирање на локалниот економски развој може да се постигне со инвестирање во долгорочен одржлив и профитабилен проект како што е анализираниот пример на центарот за рехабилитација.

**Евалуација на трудот со реден број 8 под точка 1: Mitreva, Mila and Gogova Samonikov, Marija and Davcev, Ljupco (2022). <u>Competition and competitiveness-drivers for economic growth and better performance of the financial sector.</u> Journal of Economics, 7 (2). pp. 18-27.**

Конкуренцијата е важна за правилно функционирање на сите економски сектори, бидејќи ги притиска компаниите да бидат поиновативни, поефикасни и ефективни. Со соодветна конкуренција, резултатите покажуваат подобри перформанси и постигнување на посакуваниот исход. Следствено, добро функционалните компании се двигатели на економскиот раст. Сепак, конкуренцијата во финансискиот сектор не е толку лесно применлива како во другите економски сектори. Високите регулативи можат да влијаат на флексибилноста и иновативните перформанси на финансиските институции. Сепак, резултатите од ефектот на конкуренцијата во финансискиот сектор, со акцент на банките, се мешани. Некои теории покажуваат дека конкуренцијата има позитивно влијание, спротивно на некои други наоди кои покажаа ограничени ефекти. За да има економски успех и напредок потребна е економска слобода. Оттука, во овој труд е претставен Индексот на деловната слобода за Албанија, Бугарија, Грција, С. Македонија и Србија за 2019-2021 година. Конкурентниот притисок на пазарот ги притиска земјите да се претставаат подобро во областите што можат да им помогнат да постигнат напредок.

**Евалуација на трудот со реден број 9 под точка 1: Gogova Samonikov, Marija and Manceva, Verica (2022). Осврт на Законот за вистински сопственици – заедничка активност на Централен регистар и Агенција за спречување на перење на пари. Годишен зборник Vol. 22 No. 1 (2021): Yearbook 2021, 22 (1).**

Терминот вистински сопственик е новина во македонското законодавство, но не е непозната категорија за земјите со јасно дефинирани правни норми. Суштината на одредувањето на вистинскиот сопственик е да се определи физичкото лице кое директно, индиректно или на друг начин има сопственост над правното лице. Утврдувањето на вистинскиот сопственик е заедничка активност на Централниот регистар на Македонија и Управата за финансиско разузнавање. Овој труд прави осврт на законот и регулативата и импликациите кои тоа ќе ги има врз финансискиот сектор.

**Евалуација на трудот со реден број 10 под точка 1: Gogova Samonikov, Marija and Angov, Borce (2022). Анализа на кредитната политика и кредитниот ризик на Комерцијална банка за време на пандемијата во 2020 година. Годишен зборник, Vol. 22 No. 1 (2021): Yearbook 2021, 22 (1).**

Податоците велат дека скоро 128 милиони луѓе беа заразени со КОВИД-19, а повеќе од 2,5 милиони луѓе починале ширум светот. Ова дополнително се надополни со економската криза предизвикана од нарушувањето на светската економија од болеста, што резултираше со губење на средствата за егзистенција на милиони луѓе, влошувајќи ја глобалната сиромаштија и нееднаквост.

Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) проценува дека светската економија, мерена преку реалниот бруто-домашен производ (БДП), се намали за дури 3,5 % во 2020 година. MSCI All Country World Index (ACWI), кој ги следи големите и средните компании кои се заштитени во 50 развиени и земји во развој низ светот, паднаа на мечкиниот пазар во текот на март 2020 година и го поминаа својот максимум пред КОВИД-19 до крајот на август.

Како одговор на оваа криза, владите и централните банки ширум светот донесоа опсежни и значителни стимулативни мерки за да се спротивстават на нарушувањето предизвикано од коронавирусот и да им обезбедат олеснување на оние кои страдаат од пандемијата.

Дали овие мерки функционираа? Кој е вистинскиот излез од кризата? Колку долго ќе трае оваа турбуленција? Колку долго ќе траат последиците? Некои од овие прашања се предмет на променливи одговори, а некои од овие прашања допрва треба да се одговорат. Целта на овој труд е да се споредат мерките што ги спроведуваат земјите и да се идентификува најдобриот начин за управување со нив за да се постигне побрзо економско закрепнување. Користени се методи на анализа, споредби и статистички пресметки за да се прикаже реалната слика за моменталната состојба.

**Евалуација на трудот со реден број 11 под точка 1: Gogova Samonikov, Marija and Mitreva, Mila and Veselinova, Elena and Davcev, Ljupco (2021). Perception and changes for E-banking among young people in the country-the period of the Corona crisis. Journal of Economics, 6 (2). pp. 1-8. ISSN 1857-9973**.

Кризата ковид-19 го зафати светот како целина, со сите негови потсистеми. За некои тоа беше и се уште е ноќна мора, за други невидена можност. Додека некои индустрии стануваат посиромашни, други индустрии стануваат побогати. Овој труд опфаќа анализа на сектор на кој овој период не е толку мрачен. Станува збор за електронско банкарство. Потребата за одржување на физичка дистанца ја

интензивираше употребата на е-банкарство во некои земји дури и непредвидено. Од друга страна, сè уште постои неподготвеност да се користи овој начин на користење на банкарските услови, понекогаш поради аверзија кон технологијата, понекогаш поради незнаење.

Овој труд е напишан врз основа на анкета спроведена меѓу младите во градот Штип, Македонија, за нивните познавања од банкарството и нивните предвидувања за електронско банкарство. Беа интервјуирани вкупно 202 лица и нивните одговори беа интерпретирани врз основа на статистичка анализа. Заклучокот на овој труд треба да се заснова на ставовите на младите за електронското банкарство и неговата иднина. Врз основа на нив треба да се даде прогноза за идните трендови на електронското банкарство во економското закрепнување на Македонија. Користени се методи на анализа, споредби и статистички пресметки за да се прикаже реалната слика за моменталната состојба.

**Евалуација на трудот со реден број 12 под точка 1: Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2021). The Impact of COVID-19 Pandemic on Firms Performance: Analysis of the Companies from the MBI10 Index. Journal of Economics-Special Issue, 6. ISSN 1857-9973**

Целта на овој труд е да се процени ефектот на пандемијата ковид-19 врз фирмите и нивните перформанси со посебен фокус на компаниите чии акции го формираат индексот МБИ10 на Македонска берза. Целта на студијата е да се испита збир на фирми со нивните карактеристики кои ги подразбираат перформансите на фирмите, како што се: ROA, ROE, EBIT, профитна маржа, левериџ, ликвидност, цена на акцијата и дивиденда по акција со цел да се утврди разликата пред и по пандемијата на ковид-19. Хипотезите се тестираат според конструиран модел и врз основа на финансиските податоци на компаниите од индексот МБИ10, се користи описна и регресивна анализа со цел да се истражи влијанието на пандемијата на перформансите на фирмите. Резултатите и заклучоците го откриваат степенот на ковид-19 пандемиско влијание врз перформансите на фирмите. Овој труд придонесува преку обезбедување емпириски докази за влијанието на тековната пандемија врз фирмите во македонската економија.

**Евалуација на трудот со реден број 13 под точка 1: Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2021). Managing the monetary and fiscal efforts to alleviate the turbulence from the COVID-19 crisis in the world and in our country. Vol. 6 (2021): Journal of Economics-Special Issue, 6. pp. 30-44.**

Како одговор на оваа криза, владите и централните банки ширум светот донесоа сеопфатни и значителни стимулативни мерки за да се спротивстават на нарушувањето предизвикано од коронавирус и да им обезбеди олеснување на оние кои страдаат од пандемијата.

Дали овие мерки функционираа? Кој е вистинскиот излез од кризата? Колку долго ќе траат последиците? Некои од овие прашања се предмет на променливи одговори, а некои од овие прашања допрва треба да се одговорат. Целта на овој труд е да се споредат мерките што ги спроведуваат земјите и идентификување на најдобриот начин за управување со нив за да се постигне побрзо економско закрепнување. Методи на анализа, споредби и статистички пресметки се користени за да се покаже реално сликата на моменталната состојба.

**Евалуација на трудот со реден број 14 под точка 1: Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena and Gruevski, Ilija and Zdraveva, Zorica (2020). The situation with the development of small and medium-sized enterprises in Macedonia**

**in relation to the sources for their financing. Journal of Economics, 5 (1). pp. 10-20. ISSN 1857-9973.**

Регистрирано е мало влијание на малите и средните претпријатија врз зголемувањето на вработеноста и додадената вредност во Република Македонија, во периодот од 2009 и 2013 година. Слично на регионалните економии, поголемиот дел од малите и средните претпријатија во нашата земја оперираат во секторот трговија на мало и големо (44 %), а потоа следи мануфактурниот сектор или преработувачката индустрија (13 %) (ОЕЦД, 2016). Анализирано според важноста на малите и средните претпријатија за македонската економија воопшто, целта на овој труд е да се потенцира постоечкиот јаз помеѓу добро-идентификуваните слабости на домашната економија за стимулирање на очекуваниот животен век на малите и средните претпријатија од една страна, како и нивниот развој од друга страна, преку разните форми на извори на финансирање кои се расположиви за нив. Во таа насока, со користење на методите на статистичка анализа и компарација, се изведени заклучоци за тековната состојба во врска со деловното окружување на малите и средните претпријатија, како и за формите на финансирање кои ги користат малите и средните претпријатија во Македонија.

**Евалуација на трудот со реден број 1 од точка 2: Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2020). Defining the Concept of Brand Equity With Radical Transparency. In: Global Branding: Breakthroughs in Research and Practice. IGI Global, Hershey, Pennsylvania, USA. ISBN 9781522592822.**

Секоја компанија мора да ја бара формулата што најдобро функционира за нејзината одредена култура и индустрија. Не постои еден правилен начин да се трансформира конвенционалната компанија во компанија водена од вредност. Но, сите автентично одговорни компании се претплатени на збир на принципи за: мисијата, визијата, транспарентноста, работењето, одговорноста, отвореноста, автентичноста и иновативноста - сето тоа ставено во агенда за компании водени од вредност кои се подготвени за предизвиците со кои сите се соочуваме. Ова поглавје анализира како трансформациските сили: материјалната вредност на нематеријалните средства, војната за врвни таленти, импресивната моќ на инспирираните вработени, транспарентните синџири на снабдување, глобалното влијание на невладините организации, информираниот глобален потрошувач го преобликуваат бизнис-пејзажот. Бунтовничките компании кои ќе ги зграпчат овие погони ќе создадат вистинска вредност и ќе ја зголемат својата долгорочна профитабилност. Концептот на радикална транспарентност во бизнисот им дава можност на компаниите да ја добијат битката за успех поинаку од конкурентите, со што би се обезбедил одржлив раст и профитабилност на компанијата, произлезени од добро оформените односи со засегнатите страни кои обезбедуваат вредност за компанијата. Брендот на компанијата би бил синоним за тие врски.

**Евалуација на трудот со реден број 2 под точка 2: Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2019). Evaluating the Brand With Radical Transparency. In: Brand Culture and Identity: Concepts, Methodologies, Tools, and Applications. IGI Global, Hershey, PA, USA. ISBN DOI: 10.4018/978-1-5225-7116-2.ch006**

Оправданоста на сите теоретски знаења во ова поглавје е проверено преку евалуацијата на брендот. Тоа е всушност анализата во ова поглавје. Постепено, целосно го комплетираме концептот: од идеја до евалуација на брендот. Вреднувањето на брендот преку радикална транспарентност се елаборира преку неколку варијанти: капиталот на брендот како мерка за вредноста на брендот,

финансиски пристапи за вреднување на брендовите, интеграција на финансиите и маркетингот преку пристапот „најдобра практика“ за евалуација на брендот и синџирот на вредност на брендот. Така, ги заокружуваме напорите за разбирање, примена и проценка на капиталот на брендот како извор на конкурентна предност низ призмата на радикалната транспарентност.

**Евалуација на трудот со реден број 1 под точка 3: Mitreva, Mila and Davcev, Ljupco and Gogova Samonikov, Marija (2024). <u>Overview of the financial system in N.Macedonia.</u> In: Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век, ISCTBL 2024.**

Финансискиот сектор во С. Македонија е составен од депозитни и недепозитни финансиски институции. Банкарскиот сектор е доминантен во финансискиот систем, додека учеството на останатите институции е релативно помало. Иако вкупната актива на депозитните институции во 2022 година изнесуваше 86,4 %, овие институции се соочија со тренд на опаѓање на нивната актива во последните неколку години. Во 2022 година вкупната актива на недепозитните институции изнесуваше 20,8 %, но со тренд на пораст во изминатите неколку години. Во вкупниот раст на средствата на недепозитните финансиски институции најмногу придонесоа задолжителните пензиски фондови. Затоа, имајќи ја предвид актуелната доминантна улога на банките и претстојното значење на недепозитните финансиски институции, целта на овој труд е длабоко да се анализира структурата на вкупните средства на одделните депозитни и недепозитни финансиски институции во финансискиот сектор на С. Македонија.

**Евалуација на трудот со реден број 1 под точка 4: Gogova Samonikov, Marija (2023). <u>Современи финансии</u>. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-277-003-1**

Учебникот „Современи финансии“ од авторот, проф. д-р Марија Гогова Самоников претставува заокружена целина на темите поврзани со постулатите за постоењето и функционирањето на сите актуелни и нови финансиски случувања кои се проткајуваат веќе некое време низ финансиските пазари и заземаат укотвени позиции. Учебникот е наменет за изучување на предметот „Финансиска регулација“ и „Современи финансиски тенденции“ од страна на студентите на Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, на насоката Финансии на прв циклус на студии.

Учебникот е креиран врз основа на потребата од создавање учебно помагало кое на студентот ќе му овозможи формирање на слика за целокупното функционирање на финансиските системи. Финансискиот систем разгледуван од научен аспект претставува една комплексност, составена од повеќе домени и аспекти кои се однесуваат на неговите постулати на функционирање, соодветни норми, потоа трендови кои овозможуваат циркулација на паричните и останати средства, а тие влијаат на создавање посебни потсистеми кои го карактеризираат финансиското законодавство од една страна и децентрализираните финансии од друга страна.

За таа цел, учебникот се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес за проучување на финансиите во целина и неговите основни постулати.

**Евалуација на трудот со реден број 2 под точка 4: Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2022). <u>Водич за економско-финансиска интеграција</u>. Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби „Бравура Кооператива“.**

Проект „Инклузивен Мост 18“ е програма за социо-економска инклузија на деца без родители и родителска грижа, која овозможува општествени промени за правилна интеграција и општествена инклузија. Во рамките на проектот е креиран „Водич за економско-финансиска интеграција“. Овој материјал претставува едукативна програма за јакнење на капацитетите на децата без родители и родителска грижа за економски менаџмент на долгорочен план, базирана на резултатите од истражувањето од овој проект од страна на мултидисциплинарен тим на стручни лица и соработници.

**Евалуација на трудот со реден број 3 под точка 4: Gogova Samonikov, Marija (2021). <u>Финансиски пазари и институции</u>. Faculty of Economics, Goce Delcev University-Stip. ISBN 978-608-244-793-3**

Учебникот „Финансиски пазари и институции“ од авторот, проф. д-р Марија Гогова Самоников претставува заокружена целина на темите поврзани со постулатите за постоењето и функционирањето на финансиските системи. Учебникот е наменет првенствено за изучување на предметот Финансиски пазари и институции од страна на студентите на Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, за сите насоки на прв циклус студии.

Учебникот е креиран врз основа на потребата од создавање учебно помагало кое на студентот ќе му овозможи формирање на слика за целокупното функционирање на финансиските системи. Финансискиот систем разгледуван од научен аспект претставува една комплексност составена од повеќе домени и аспекти кои се однесуваат на неговите постулати на функционирање, соодветни норми, потоа институции  инструменти и на крај финансиски пазари кои имаа своја основа и надоградба во начинот на нивното функционирање.
За таа цел, учебникот се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес за проучување на финансиите во целина и неговите основни постулати. Содржински, трудот е конципиран во 4 поглавја.

**Евалуација на трудот со реден број 4 под точка 4: Gogova Samonikov, Marija (2020). <u>Основи на финансии</u>. Faculty of Economics, Goce Delcev University-Stip. ISBN 978-608-244-746-9**

Учебникот „Основи на финансии“ од авторот, проф. д-р Марија Гогова Самоников претставува заокружена целина на темите поврзани со основните постулати на финансиите како наука. Учебникот е наменет првенствено за изучување на предметот Основи на финансии од страна на студентите на Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, за сите насоки на прв циклус студии, како и за предметот Финансии, за студентите на прв циклус студии на насоката Бизнис информатика при Факултет за информатика на Универзитет „Гоце Делчев“ од Штип.

Учебникот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое на студентот ќе му овозможи формирање слика за целокупното функционирање на финансиските системи. Финансиите разгледувани од научен аспект претставуваат една комплексност составена од повеќе домени и аспекти кои се однесуваат на неговите зачетоци, постулати на функционирање, соодветни норми, потоа институции кои овозможуваат циркулација на паричните и останати средства, а тие влијаат на создавање посебни потсистеми кои го карактеризираат монетарното и јавно работење. Не смее да се заборави и меѓународната димензија на овој финансиски систем, кој неминовно сѐ повеќе се инфилтрира во сите општества, од најбогати кон најсиромашни.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност.***

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Марија Гогова Самоников е посветен наставник и истражувач од наставно-научната област финансии, кои ги извршува професионално и стручно. Нејзиниот опус во научната и образовната литература е исклучително широк и корисен, со авторско портфолио кое се состои од 84 литературни единици, објавени во референтни научни публикации, научни собири, годишни зборници и сл. Д-р Марија Гогова Самоников учествувала и во проекти од научноистражувачки и стручно-апликативен карактер, од кои дел се реализирани во рамките на Фондот за научноистражувачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а дел се поддржани од екстерни извори.

И во наставно-педагошкиот дел д-р Марија Гогова Самоников, исто така има богато професионално искуство. За време на нејзината кариера во високото образование од помлад асистент до вонреден професор покривала бројни предмети на Економскиот факултет како што и има учество на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а и покрива универзитетски предмет. Со својата активност на Катедрата финансии се потврдува не само со покривањето на значајни предмети од оваа област, туку таа долго време ја вршела и функцијата раководител на оваа катедра. Во извршувањето на нејзината професија, односно наставно-образовната дејност, д-р Марија Гогова Самоников е исклучително посветен наставник, секогаш приемчива и достапна за студентите и колегијална кон останатите професори, а во презентацијата на наставната материја применува јасен и експлицитен пристап со примена на класичните, но и современите педагошки методи за пренесување на знаењата.

***Стручно–апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката д-р Марија Гогова Самоников има партиципирано во бројни стручно-апликативни и организациско-развојни активности од кои може да се согледа нејзиниот интерес за професионален развој и проширување на академското, но и стручното искуство. Во овој опсег се вклучуваат и организациските активности за унапредување и развој на институцијата во која делува. Некои од тие активности се набројани во продолжение:

- член на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Наставно-научен совет на трет циклус студии на Кампус 4 при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на работна група за изработка и поднесување на елаборат за трет циклус студии на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Организациски одбор на Трета меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии (ICBEF): „Економски и социјални импликации од КОВИД-19, предизвици и предлози за надминување“;
- член на Организацискиот одбор на проектот „Биди претприемач“;
- член на изборна комисија за спроведување на тајно гласање за избор на ректор на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- рецензент на учебник со наслов „Јавни финансии“ од авторите вонр. проф. д-р Стеван Габер и вонр. проф. д-р Илија Груевски;
- рецензент на учебник со наслов „Локални финансии“ од авторите вонр. проф. д-р Илија Груевски и вонр. проф. д-р Стеван Габер;

- член на уредувачки одбор на меѓународно списание со наслов „Journal of Economics“;
- претседател на Централна пописна комисија за спроведување на попис на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2021, 2022 и 2023 година;
- член на пописна комисија за Економски факултет за 2019 година;
- претседател на Организацискиот одбор на проектот „Ден на денарот;
- член на Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат при избор на наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент системи на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
- член на Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавени кандидати за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научните области финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
- член на комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови од Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Центарот за кариера и развој при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- учество во изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус студии.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката вонреден професор д-р Марија Гогова Самоников ги исполнува сите услови за избор во наставно-научното звање редовен професор.

Врз основа на наставно-образовната, научно-истражувачка, стручно-апликативната и севкупната активност во периодот од избор во вонреден професор до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатката вонреден професор д-р Марија Гогова Самоников преку остварени вкупно 231 поен од кои 40 поени во наставно-образовна дејност, 129 поени во научноистражувачка дејност и 62 поени во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, вонредниот професор д-р Марија Гогова Самоников да биде избрана во **звањето редовен професор во научната област финансии (5.02.00.07)** и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатката да биде избрана во наставно-научното звање редовен професор за претходно назначената област на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Михаил Петковски, редовен професор, претседател, с.р;

Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, редовен професор, член, с.р;

Д-р Стеван Габер, редовен професор, член, с.р;

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 5. | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | ВКУПНО | | | | | 40 |

| Р. бр. | Научно-истражувачка дејност и стручно уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Научна книга или монографија (реден број 1,2,3 и 4 од точка 4) | 4 | 10 | | | 40 |
| 2. | Дел од научна книга (реден број 1 и 2 од точка 2) | | | 2 | 10 | 20 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) – прв автор (реден број 11,13 и 14 од точка 1) = 3 * 9 = 27, втор автор (реден број 7,8 и 12) = 3 * 6 = 18, останати автори (реден број 1 од точка 1 и реден број 1 од точка 3) = 2 * 3 = 6, вкупно 90 | 3<br>3<br>1 | 9<br>6<br>3 | 1 | 3 | 51 |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (реден број 5 од точка 5, Биди економист- предавање на тема Дали и зошто светот на криптовалути?, предавање преку Центарот за кариера и развој при УГД - Светот го вртат парите - кој ги врти парите?) | 3 | 3 | | | 9 |
| 7. | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (реден број 6 и 8 од точка 5) | 2 | 2 | | | 4 |
| 16. | Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 1 | | | 1 |
| 19. | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 2 | | | 2 |
| 20. | Рецензент на научен труд | 2 | 1 | | | 2 |
| | ВКУПНО | | | | | 129 |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (реден број 2,3,4,5,6,9 и 10 од точка 1) | 7 | 2 | | | 20 |
| 13. | Учесник на научен проект | 3 | 5 | | | 15 |
| 17. | Елаборати и експертизи | 1 | 2 | | | 2 |
| 26. | Раководител на катедра/оддел/центар | 1 | 3 | | | 3 |
| 27. | Член на универзитетски и владини тела (ННС на трет циклус на Кампус 4 вештак) | 2 | 5 | | | 10 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија (ННС, комисија за избор на ректор и сенатор, пописна комисија, комисии за избор во звање) | 6 | 2 | | | 12 |
| | ВКУПНО | | | | | 62 |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | 231 |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-126/4 од 8.7.2024 година донесена на 313. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 8.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област финансии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави д-р Татјана Бошков, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Татјана Бошков** е родена на 4 февруари 1986 година. Основно и средно образование завршува со континуиран одличен успех. Во 2004 година се запишува на Економски факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, на насоката Маркетинг менаџмент каде дипломира во 2008 година со просечен успех 9,42. Како најдобар студент во генерацијата, од почетокот, па сѐ до крајот на студиите е корисник на стипендијата за талентирани студенти на Министерството за образование и наука, како и на стипендија од Економскиот факултет. По дипломирањето продолжува на двегодишните последипломски студии Меѓународна економија и бизнис на Економскиот факултет во Прилеп и, во предвидениот рок, ги положува испитите со просечна оценка 9.66. На 28 јуни 2010 година успешно го брани магистерскиот труд „Олеснување на трговијата и ефектите врз развојот на бизнисот во Р Македонија“ и стекнува право на научен степен магистер по Меѓународна економија и бизнис. Во 2011 година во рамките на Економскиот факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола е добиена подобност на темата за докторската дисертација „Влијанието на девизниот курс врз надворешно-трговската размена во мала и отворена економија – Република Македонија“. На 19.6.2014 година со одбрана на докторската дисертација, кандидатката се стекнува со научниот степен доктор на економски науки.

Кандидатката д-р Бошков додека е студент во четврта година е ангажирана како демонстратор на Економскиот факултет, УКЛО, се до 2009 година, покривајќи вежби по група предмети од областа на финансиите и менаџментот. Следната академска 2010/2011 Бошков е вработена како помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Одлука бр.2602-184/7 од 10.8.2011). Во 2015 година, Бошков е избрана во доцент од областа финансиски менаџмент и предава на прв и втор циклус студии по предмети од финансиска дисциплина (Одлука бр. 2102-207/8 од 3.4.2015 година).

За нејзината научноистражувачка дејност говорат објавените трудови во релевантни списанија, книги и учебни помагала во земјата и во странство. Бошков има голема стручно-апликативна и организациско-развојна дејност преку учество во бројни научни проекти во земјава и странство, проекти поврзани со локалните заедници, учество во истражувачкиот клуб на Народната банка на РС Македонија. Дополнително, своите вештини и експертиза во областа на финансиите ги надоградува во банкарскиот сектор (НБРСМ и Шпаркасе Банка).

Во 2019 година, кандидатката е избрана во наставно-научно звање вонреден професор во областите финансиски менаџмент и финансии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (Одлука бр. 2102-323/4 на 05.11.2019 година) и ги покрива предметите од областа на финансиите.

Кандидатката д-р Бошков во овој кариерен период е ангажирана во наставата на прв, втор и трет циклус студии (Одлука бр. 2102-119/3 од 18.6.2020, Одлука бр. 2102-119/4 од 18.6.2020, Одлука бр. 2102-125/4 од 25.6.2020, Одлука бр. 2102-168/4 од 15.6.2021, Одлука бр.2102-168/5 од 15.6.2021, Одлука бр.2102-168/6 од 15.6.2021,Одлука бр. 2102-168/3 од 15.6.2021, Одлука бр.2102-134/7 од 16.6.2022, Одлука бр.2102-134/8 од 16.6.2022,2102-134/9 од 16.6.2022, Одлука бр.н2102-111/3 од 15.6.2023, Одлука бр.2102-111/4 од 15.6.2023, Одлука бр.2102-111/5 од 15.6.2023). Д-р Бошков била раководителка на втор циклус студии на ФТБЛ (Одлука бр. 2102-424/19 на 24.10.2018 година) и сенаторка на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Одлука бр. 2102-111/25 на 21.3.2019 година).

Д-р Бошков е избрана за деканка на Факултет за туризам и бизнис логистика, прв мандат (Одлука бр. 2102-382/4 од 11.12.2019 година), со што станува и член на Ректорската управа на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Нејзиниот втор мандат е во тек (Одлука бр. 2102-169/4 од 24.8.2022 година). Во времетраењето на својот мандат е организатор на меѓународни научни конференции, вебинари, тркалезни маси, студентски симпозиуми, хуманитарни акции, туристичко-планинарски настани, гастрономски изложби со меѓународен карактер, успешно вмрежување на студентите и вработените со бизнис-секторот, иницијатор и потписник на бројни меморандуми за соработка од областа на образованието, индустријата, бизнис-секторот. Со цел да се изведува, организира и поттикнува научноистражувачката работа и апликативната дејност на Факултетот за туризам и бизнис логистика, кандидатката д-р Бошков формира Центар за апликативна дејност на ФТБЛ, каде е и раководител со многубројни успешно реализирани и тековни проекти што може да се види од приложената документација и архива (Одлука бр.2102-230/10 од 7.12.2022 година). Д-р Бошков е уредник на факултетските годишни и конференциски меѓународни зборници, а за првпат основа и меѓународно научно списание на Факултетот за туризам и бизнис логистика (Одлука бр. 2102-263/5 од 25.12.2020 година). Во текот на мандатувањето како декан, а во име на посветеноста на работата и резултатите, д-р Бошков е добитник на бројни награди и признанија од министерства и останати институции.

Од приложената документација се заклучува дека кандидатката работела на проекти и истражувања на повеќе јазици (англискиот, францускиот, грчкиот и италијанскиот јазик) што укажува на нивно одлично познавање, како и познавање на компјутерската литература. Од 2017 година, таа е Ротари член во најстариот формиран клуб – Ротари клуб Скопје, член во Ротари бордот 2023/2024, а била и претседател за ротаријанската 2022/2023 година, учествувајќи и организирајќи меѓународни собири, проекти и активности предвидени во мисијата на Клубот.

***Општи услови за избор во звање редовен професор:***

1. Просечен успех: додипломски студии 9,42 и на постдипломски студии 9,66.
2. Научен степен: доктор на економски науки. Докторската дисертација на тема: „Влијанието на девизниот курс врз надворешно-трговската размена во мала и отворена економија – Република Македонија“ е одбранета на 19.6.2014 година на Економски факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.
3. Претходен избор во звање: Со Одлука бр. 2102-323/4 од 5.11.2019 година, д-р Татјана Бошков е избрана за вонреден професор во наставно-научната област финансиски менаџмент и финансии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
4. Објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација во последните 5 (пет) години пред објавувањето на огласот за избор:

| Бр | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Radjenovic, Z.& **Boshkov, T.** | Towards Economic Growth in Managing Financial Digitalization Environment: Cluster Perspective (2023) | *Journal of Economics and Development Studies*, 11 (2). pp. 44-51. ISSN 2334-2382 (Print), 2334-2390 (Online) | 12 |
| 2. | **Boshkov, T.** | Financial Flows, Financial Stability and Managing the Capital Structure in Emerging Country (2023) | *Knowledge-International Journal*, 58 (1). pp. 65-69. ISSN 2545-4439/1857-923X (printed) (EBSCO, Publons, Central and Eastern European Online Library (CEEOL), Scilit, Index Copernicus ect.) | 10 |
| 3. | **Boshkov, T.**& Radjenovic, Z. | Estimating Potential Currency Crisis: Evidence from Small and Open Economy (2023) | *Knowledge–International Journal*, 60 (1). pp. 43-48. ISSN 1857-923X/ 2545-4439 (Online) (EBSCO, Publons, Central and Eastern European Online Library (CEEOL), Scilit, Index Copernicus ect.) | 10 |
| 4. | **Boshkov, T.** & Radjenovic, Z. | Testing the Possible Occurance of a Currency Crisis in the Second Decade of the 21st Century (2023) | *Knowledge-International Journal*, 60 (1). pp. 37-42. ISSN 1857-923X/ 2545-4439 (Online) (EBSCO, Publons, Central and Eastern European Online Library (CEEOL), Scilit, Index Copernicus ect.) | 10 |
| 5. | Josheski, D.& **Boshkov, T**. | Mirrleesian optimal taxation: Review of the static and dynamic framework (2022) | *Economic Development*, 24 (3). pp. 120-138. ISSN 1409-7893 UDK-338 (EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery – Service (EDS) in EBSCO Publishing Database, (Ipswich USA); CEEOL – Central and Eastern European Online Library, (Frankfurt, Germany) | 26 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | **Boshkov, T.**& Zezova, A. | Developing Banking Industry through Human Capital Needs (2023) | *International Journal of Business and Social Science*, 14 (2). pp. 73-77. ISSN 2219-1933 / 2219-6021 (Online) (Ebsco,IndexCorernicus,DOAJ,Ulrichweb ect.) | 15 |
| 7. | **Boshkov, T.**, Josheski,D.& Miteva, N. | Financial Digitalization and Economic Growth:Recent Developments in Banks and Fintech (2023) | Sixth International Scientific Conference:„Challenges of Tourism and Business Logistics In the 21st Century" Vol.6 (1), pp.15-25, ISBN 978-608-244-977-7 | 7 |

5. Од приложената документација се потврдува дека кандидатката д-р Татјана Бошков одлично го познава и владее англискиот јазик.

6. Објавен рецензиран универзитетски учебник/монографија/практикум/збирка задачи од научната област за која се избира:

- **Бошков, Т.** (2024). *Меѓународни финансии*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ISBN 978-608-277-042-0. (рецензиран учебник по предметот Меѓународни финансии).
- Јошески, Д., **Бошков, Т.** (2023). *Економија на регулација – учебник*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ISBN 978-608-244-971-5. (рецензиран учебник по предметот Економија на регулација).
- Јошески, Д., **Бошков, Т.** (2023). *Економија на регулација – практикум*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ISBN 978-608-244-972-2. (рецензиран е-практикум по предметот Економија на регулација).
- Јошески, Д., **Бошков, Т.** (2021). *Меѓународна економија – скрипта*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ISBN 978-608-244-806-0. (рецензирана е-скрипта по предметот Меѓународна економија и финансии).
- Јошески, Д., **Бошков, Т.** (2021). *Меѓународна економија – практикум*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ISBN 978-608-244-805-3. (рецензиран е-практикум по предметот Меѓународна економија и финансии).

7. Способност за изведување на високообразовна дејност: Д-р Татјана Бошков покажува напредна способност за изведување на високообразовна дејност на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, од 2010 година ангажирана како волонтер, а вработена од 2011 година почнувајќи од помлад асистент до вонреден професор.

***Посебни услови за избор во звање редовен професор:***

**1.** Под менторство се изработени дипломски/магистерски/докторски тези: Во изборниот период, д-р Бошков била ментор на многу дипломски трудови, ментор на магистерски труд, член на комисија за оцена и јавна одбрана на магистерски трудови, член на комисија за оцена и јавна одбрана на докторски трудови.

2. Учествува/раководи со научноистражувачки проекти:

Во изборниот период д-р Бошков е раководител и истражувач во повеќе национални и меѓународни научноистражувачки проекти, како на пример, Жан Моне Еразмус + проект „The circular economy: "the number one priority" for the European Green Deal", „ES-BALK - Développement de l'enseignement du français général et de spécialité dans les Balkans", „MODEL EU - Human Rights, Active Citizenship and

Intercultural Democracy in North Macedonia", „ShiNE: Supporting CSOs and media organizations to boost the greeN agenda and circular Economy in the Southeastern region of North Macedonia", „Тур ре Тур", наведени подолу во извештајот.

3. Придонес во оспособување помлади наставници и соработници: Д-р Бошков соработувала со повеќе помлади наставници и соработници од ФТБЛ и била вклучена како рецензент за избор или издавачка дејност.

4. Има остварено минимум вкупно 100 поени (НО=40, НИ=45, САОР=15): Во изборниот период д-р Бошков има остварено за НО=40 поени, НИ=266 поени и САОР=217,5 поени или вкупно = 523,5 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

***Наставно-образовна дејност***

Во периодот на академската 2010/2011 Бошков е вработена како помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за предметите Надворешно-трговско и девизно работење и Финансиски менаџмент (Одлука бр. 2602-184/7 од 10.8.2011). Во 2015 година, Бошков е избрана во доцент од областа финансиски менаџмент и предава на прв и втор циклус студии по предмети од областа на финансиите и менаџмент (Одлука бр. 2102-207/8 од 3.4.2015 година). Во 2019 година, кандидатката е избрана во наставно-научно звање вонреден професор во областите финансиски менаџмент и финансии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (Одлука бр. 2102-323/4 од 5.11.2019 година) и ги покрива предметите на четири студиски програми во рамките на ФТБЛ на прв циклус како: Меѓународни финансии, Девизна политика, Меѓународен платен промет, Дигитални финансии, Анализа на финансиски извештаи, Финансиски менаџмент, Монетарна економија, како и предмети на втор циклус (Меѓународни финансии, Платен промет, Меѓународна економија и финансии, Надворешно-трговско и девизно работење, Трговска либерализација и логистика), и Финансиски менаџмент на трет циклус студии на студиската програма Туризам и угостителство.

Во изборниот период, д-р Бошков за потребите на наставата на Факултетот за туризам и бизнис логистика има издадено повеќе рецензирани учебници, скрипти, практикуми и други рецензирани наслови кои се користат како учебно помагало. Кандидатката Бошков била ментор на бројни дипломски трудови, тековно ментор на магистерски труд, член во комисија на повеќе магистерски одбрани и член на комисии за оцена и јавна одбрана на докторски трудови, член во рецензентска комисија за избор на наставник. Професионалниот однос со студентите успешно го надоградува со извршувањето на функцијата декан, преку организирање бројни конференции, тркалезни маси, работилници, вебинари, студентски симпозиуми, успешно практиканство и вмрежување на студентите, вработување на најдобрите студенти во институциите кои се меморандум потписнички и постојано подобрување и афирмација на Факултетот во земјата и странство. За успешноста во континуираното напредување во насока на стручното и научното усовршување на млади истражувачки кадри и нивно успешно позиционирање на пазарот на труд, д-р Бошков има позитивна оцена од евалуацијата од страна на студентите. Во фокусот на нејзиниот научен интерес се меѓународните финансии, девизната политика, монетарната економија, платниот промет во земјата и странство, финансискиот менаџмент, циркуларната економија и ресурсната ефикасност, туризмот, културните и креативните индустрии.

***Научноистражувачка дејност***

Научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Татјана Бошков може да се согледа преку бројните научни трудови објавени во меѓународни научни списанија, индексирани списанија, трудови објавени во зборници на трудови на научни собири. Во изборниот период, освен што е раководител и учесник на бројни научноистражувачки проекти во земјата и странство, д-р Бошков има објавено научни книги, учебници, скрипти, практикуми, поглавја во книги во странство, публикации со научнаистражувачка и стручно-апликативна примена, кои се во согласност со дефинираните критериуми за избор, и истите се составен дел на е-репозиториумот при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип:

***Научен труд во меѓународно научно списание:***

1. **Boshkov, T.** & Radjenovic, Z. (2023). Estimating Potential Currency Crisis: Evidence from Small and Open Economy. *Knowledge – International Journal*, 60 (1). pp. 43-48. ISSN 1857-923X / 2545-4439 (Online) DOI: https://doi.org/10.35120/kij6001043b https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/Indexing (EBSCO, Publons, Central and Eastern European Online Library (CEEOL), Scilit, Index Copernicus ect.) https://eprints.ugd.edu.mk/33279/

Главната причина за чувствителноста на девизниот курс се сомневањата во нејзиниот кредибилитет поврзани со трговијата, слабостите во финансискиот сектор, надворешните шокови, политичките ризици. Во овој труд се истражува потенцијалната валутна криза во РС Македонија. Во трудот се претставени резултатите од можното кризно сценарио и се дава статистичка анализа на поврзаноста на показателите за валутната криза, испитувајќи две прашања - дали нарушувањата можат да предизвикаат валутна криза, која генерација валутни кризи би биле најблиску и како тоа ќе се одрази на финансискиот сектор.

2. **Boshkov, T.** (2023). Financial Flows, Financial Stability and Managing The Capital Structure in Emerging Country. *Knowledge - International Journal*, 58 (1). pp. 65-69. ISSN 2545-4439 /1857-923X (printed) DOI: https://doi.org/10.35120/kij5801065b https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/Indexing (EBSCO, Publons, Central and Eastern European Online Library (CEEOL), Scilit, Index Copernicus ect.) https://eprints.ugd.edu.mk/33277/

Овој труд дава осврт и анализа на финансиските текови, финансиската стабилност, како и менаџирањето на финансиската структура. Имено, новите финансиски текови и развојот на Финтек создаваат различни правила за управување со структурата на капиталот на компанијата. Структурата на капиталот е поврзана со развојот на финансискиот пазар, пазарните услови, долгови, тип на индустриски сектор, како и контролата на менаџерите. Де факто, структурата на капиталот и успехот на компанијата се силно поврзани. Во овој труд се анализираат и тестираат финансиските перформанси и успешното управување со финансиската (капитална) структура.

3. **Boshkov, T.** & Radjenovic, Z. (2023). Testing the Possible Occurance of a Currency Crisis in the Second Decade of the 21st Century. *Knowledge-International Journal*, 60 (1). pp. 37-42. ISSN 1857-923X / 2545-4439 (Online) DOI: https://doi.org/10.35120/kij6001037b https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/Indexing (EBSCO, Publons, Central and Eastern European Online Library (CEEOL), Scilit, Index Copernicus ect.) https://eprints.ugd.edu.mk/33278/

Монетарните власти мора да бидат внимателни во одржувањето на стабилен режим на девизниот курс. Со цел да обезбедат соодветни објаснувања за нарушувањата што се случуваат во финансискиот систем и колапсот на валутниот режим, овој труд ја анализира (теоретски и емпириски) можноста за појава на валутна криза во Србија во претпандемискиот период, од 2010 до 2019 година. Преку емпириски анализи се користат индикатори коишто можат да придонесат за рано откривање на валутна криза и зачувување на стабилноста на финансискиот систем.

4. **Boshkov, T.** & Zezova, A. (2023). Developing Banking Industry through Human Capital Needs. *International Journal of Business and Social Science*, 14 (2). pp. 73-77. ISSN 2219-1933 / 2219-6021 (Online) DOI:10.30845/ijbss.v14n1a4,URL:http://dx.doi.org/10.30845/ijbss.v14n1a4,https://www.ijbssnet.com/index.php/index (Ebsco,IndexCopernicus,DOAJ,ulrichweb ect.) https://eprints.ugd.edu.mk/33274/

Овој труд го истражува влијанието на технологијата, глобализацијата и принципите на напредокот на „економијата на знаење" во банкарскиот систем преку регрутирањето на човечките ресурси и нивното знаење. Дизајнирањето на ефективни политики во светот на финансиите и банкарскиот сектор конкретно, зависи од развојот и ангажираноста на вработените во целите на банката, со што се придонесува за реализација на крајната цел – остварување на зголемени финансиски средства на банките. Банкарската индустрија е интензивна на човечки капитал и игра клучна улога за финансиската профитабилност и нудење конкурентски услуги на своите клиенти.

5. Josheski, D., **Boshkov, T.** & Zezova, A. (2023). Economy and Asymmetric Information: Mirrleesian Optimal Taxation as an Asymmetric Information Problem. *International Journal of Business and Social Science*, 14 (1). pp. 36-50. ISSN 2219-1933 (Print), 2219-6021 (Online) DOI:10.30845/ijbss.v14n2a7 URL:http://dx.doi.org/10.30845/ijbss.v14n2a7 https://www.ijbssnet.com/index.php/index (Ebsco,IndexCopernicus,DOAJ,ulrichweb ect.) https://eprints.ugd.edu.mk/33273/

Моделите во оптималната даночна теорија обично поставуваат дека даночниот систем треба да ја максимизира функцијата на социјалната благосостојба која е предмет на владиното буџетско ограничување, земајќи предвид како поединците реагираат на даноците и трансферите. Оптималните даночни стапки, како што покажува овој труд, зависат од редистрибутивните избори на добронамерните општествени планери. Овој труд ги анализира и принципите на хоризонтална и вертикална еднаквост според неокласичната економија дефинирана од Фелдштајн (1976) кога ги дефинира даночните системи и маргиналните даночни стапки.

6. Josheski, D. & **Boshkov, T.** (2022). Mirrleesian optimal taxation: Review of the static and dynamic framework. *Economic Development*, 24 (3). pp. 120-138. ISSN 1409-7893 UDK -338 (EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery – Service (EDS) in EBSCO Publishing Database, (Ipswich USA); CEEOL – Central and Eastern European Online Library, (Frankfurt, Germany) https://www.doi.org/10.55302/ED22243120j https://eprints.ugd.edu.mk/30573/

Предмет на овој труд е модерната даночна теорија, која е статична теорија на оданочување со прашања како што се: ефекти на доходот, правило за инверзна еластичност и линеарни и нелинеарни даночни формули. Прашањето за хетерогеност е присутно во моделите на динамичко оданочување и во инверзната Ојлерова равенка каде што заштедите влијаат на поттикот за работа, така што

владата треба да ги обесхрабри заштедите за да го спречи тековното отстапување на висококвалификуваните работници за да штедат повеќе денес и да работат помалку утре. Нумеричките резултати на крајот ги потврдуваат резултатите од теоретските модели за оптимално оданочување наведени во овој труд.

7. Josheski, D. & **Boshkov, T.** (2023). Diffusion models of option pricing: Review of some local volatility models (LVM) and stochastic volatility models (SVM) with computational examples. *Economic Development*-Journal of the Institute of Economics Skopje, 25 (3). pp. 182-207. ISSN 1857-7741 UDK -338 (EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery – Service (EDS) in EBSCO Publishing Database, (Ipswich USA); CEEOL – Central and Eastern European Online Library, (Frankfurt, Germany) https://www.doi.org/10.55302/ED23253182j https://eprints.ugd.edu.mk/33148/

Фокусот на овој труд се финансиските модели базирани на дифузија. Во овој труд се разгледуваат локалните модели на нестабилност и стохастичките модели на нестабилност. Кога станува збор за споредба на пазарот и моделот, овој труд заклучува дека моделот SABR, моделот со дислоцирана дифузија (DD) и моделот Хестон се многу блиску до пазарните резултати.

8. Radjenovic, Z. & **Boshkov, T.** (2023). Towards Economic Growth in Managing Financial Digitalization Environment: Cluster Perspective. *Journal of Economics and Development Studies*, 11 (2). pp. 44-51. ISSN 2334-2382 (Print), 2334-2390 (Online) https://eprints.ugd.edu.mk/33762/

Во фокусот на истражувањето на овој труд со помош на кластерска евалуација се мерат перформансите на финансиската дигитализација на финансискиот сектор на ЕУ. Идентификувајќи ги разликите во дигиталните финансиски средини на земјите членки на ЕУ, во смисла на засилена поддршка за конкретни членки, земјите на ЕУ можат да бидат корисни во идното мерење на нивните мерки за дигитална финансиска политика. Новитетот на трудот потекнува од употребата на нов сет на дигитално ориентирани индикатори во компаративна форма за да се идентификуваат кластерите на ЕУ.

9. Josheski, D., Miteva, N. & **Boshkov, T.** (2023). Entrepreneurship with Financial and Unemployment frictions. *International Journal of Economics, Management and Tourism*, 3 (1). pp. 7-35. ISSN 2671-3810 https://eprints.ugd.edu.mk/31784/

Овој труд се фокусира на финансиските фрикции за капиталот и фрикционата невработеност за трудот коишто се сметаат за главни двигатели на динамиката на бизнис циклусот. Постои опширна литература каде финансиските судири играат голема улога во основните стимулации и мотиви за трговија. Во моделот на ендогеното претприемништво и финансиските фрикции се покажува дека изборот на занимање е различен за работникот или претприемачот врз основа на продуктивноста: низок (работник) или висок (претприемач), што за возврат влијае на агрегатното богатство на економијата. Исто така, во овој модел се покажува дека каматната стапка во економијата е детерминирана со пресекот на вкупното богатство со јавниот и приватниот капитал.

10. Radjenovic, Z. & **Boshkov, T.** (2023). Smart Cities Sustainability Achievements Ranking: PCA Weighting. *SCIENCE International Journal*, 2 (4). pp. 141-146. ISSN 2955-2036 / 2955-2044 (online) https://eprints.ugd.edu.mk/33280/

Главната цел на развојот на паметните градови е да се користи информатичката технологија за да се зголеми урбаната одржливост. Со цел да се процени колку европските градови имаат капацитет да се менуваат според барањата на нивното население, целта на ова истражување е да обезбеди збирна

оценка за перформансите на паметните градови врз основа на потребите на граѓаните. Истражувањето создава важен придонес нудејќи обемна рамка за мерење на урбаните перформанси на паметните градови користејќи го методот на одлучување со повеќе критериуми ARAS (Additive Ratio Assessment).

11. Josheski, D., Miteva, N. & **Boshkov, T.** (2023) Aiyagari, Bewley, Huggett, Imrohoroğlu (ABHI) economies: Literature review and computational examples. *International Journal of Economics, Management and Tourism*, 3 (2). pp. 7-28. ISSN 2671-3810 https://eprints.ugd.edu.mk/33139/

Овој труд ги анализира ABHI моделите во економијата. Имено, тоа е колекција на модели на економии Aiyagari-Bewley-Hugget-Imrohoroglu економии каде што има претпазливи заштеди меѓу економските агенти, ограничувања на ликвидноста и каде пазарите се егзогено нецелосни. Постои нецелосност по претпоставка наспроти ограничената посветеност и ограничените модели на извршување. Во моделот Huggett (1993) има намалени маргинални стапки на штедење за некои агенти и негативна маргинална стапка на штедење за други агенти со зголемување на нивното богатство (средства).

12. Josheski, D., Miteva, N. & **Boshkov, T.** (2022). Heterogenous Agents and Incomplete Markets : An Exploration. *International Journal of Economics, Management and Tourism*, 2 (2). pp. 7-25. ISSN 2671-3810 https://eprints.ugd.edu.mk/31222/

Овој труд го разгледува прашањето за хетерогеноста на агентите и нецелосните пазари во макроекономијата. Централната идеја на овој труд е идејата дека моделите на репрезентативни агенти биле погрешен пресврт за модерната макроекономија, особено за моделот на општата рамнотежа и дека централните проблеми на макроекономијата не можат да се појават во моделите на репрезентативни агенти (долг, банкрот, асиметрични информации) што исто така е критикувано и од Stiglitz (2017).

13. Josheski, D. & **Boshkov, T.** (2022). Monetary Economics: Post-Keynesian Stock-Flow Consistent Approach (PK-SCF) Versus New-Keynesian Dynamic Stochastic General Equilibrium (NK-DSGE). *Operations Management eJournal,* 15 (26). ISSN 1556-5068 https://eprints.ugd.edu.mk/29669/

Во првиот дел на овој труд се моделира економијата со користење на посткејнзијански модел на конзистентен SCF, а потоа се користи новокејнзијанскиот динамички стохастички модел на општа рамнотежа (NK-DSGE). Кејнзијанските практичари на SFC силно веруваат дека нивните модели се поблиску од другите до идеалот за обезбедување на макроекономистите со логички еквиваленти на „вештачките економии". Практичарите на DSGE, од друга страна, сметаат дека нема веродостојна алтернатива во размислувањето за макроекономската политика за нивната. Авторите сметаат дека моделот NK-DSGE е супериорен бидејќи е микро основан и може да се подобри.

14. Josheski, D., **Boshkov, T.** & Apostolov, M. (2022). Pareto efficient income tax schedules and numerical solutions to Mirrlees' optimal income tax model: A critical survey. *International Journal of Economics, Management and Tourism*, 2 (1). pp. 7-29. ISSN 2671-3810 https://eprints.ugd.edu.mk/30182/

Овој труд ги истражува ефикасните распореди за оданочување на доход Парето во оптималниот даночен модел на Мирлис. Имено, маргиналните даночни стапки треба да бидат ниски кога функцијата на густината на веројатноста на распределбата на доходот брзо паѓа. Предлозите за оптимално оданочување на доходот Парето се: не треба да има нарушувачко оданочување на поединецот со

највисоки способности, додека понудата на работна сила на помалку способните е нарушена; не треба да има оданочување на стоките ниту на поединци со висока или ниска способност, доколку слободното време и потрошувачката се одвојливи.

15. Josheski, D.& **Boshkov, T.** (2022). Simulating the Diamond-Pissarides-Mortensen model: Search model that gives realistic account of unemployment. *International Journal of Economics, Management and Tourism*, 1 (1). pp. 29-51. ISSN 2671-3810 https://eprints.ugd.edu.mk/29516/

Овој труд се фокусира на конвенционалните модели на невработеност. Шокот што создава позитивно движење помеѓу слободните работни места и „јамките" на невработеноста околу кривата на Бевериџ се должи на усогласеноста на ефикасноста и уништувањето на работните места. Ова позитивно заедничко движење на слободни работни места и невработеност се јавува по рецесиите. Затоа во овој труд се вклучува моделот RBC за да се види движењето на IRF функцијата на шест макропроменливи, вклучувајќи: труд и плата. На крајот се проучува динамиката на невработеност поради: излезот, ефикасноста на совпаѓање, трошоците за огласување слободни работни места, бенефициите од невработеност и стапката на егзогена поделба.

16. Josheski, D. & **Boshkov, T.** (2021). Monetary policy effectiveness, and some explanations of unemployment, fair wages and fair prices in a general equilibrium setting. *Econometrics: Mathematical Methods & Programming eJournal* Issue, March 09, 2021, 14 (12). ISSN 1556-5068 https://eprints.ugd.edu.mk/27908/

Овој труд тврди дека монетарната политика е важна на краток рок и дека таа влијае на невработеноста, на цените и на платите во речиси рационалните фирми. Тие фирми што го максимизираат профитот ги приспособуваат цените во согласност со очекувањата на потрошувачите, а платите се поставени да бидат праведни во согласност со очекувањата на работниците. Сето ова се случува во ново кејнзијанската динамична стохастичка општа рамнотежа, која се споредува со модел на реален бизнис циклус со технолошки шокови.

17. Josheski, D. & **Boshkov, T.** (2020) Critical review of the (second wave) optimal tax theories. *Political Economy - Development: Fiscal & Monetary Policy eJournal*, 8 (20) https://eprints.ugd.edu.mk/23893/

Во овој труд се разгледува познатата теорема за ефикасност Diamond-Mirrlees.Оваа теорема е важна затоа што вели дека не треба да има даноци за интермедијарни добра и дека приватното и јавното производство треба да се базираат на исти цени. Исто така, оданочувањето не треба да ја нарушува ефикасноста на производството.

***Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир:***

18. **Boshkov, T.,** Josheski, D. & Miteva, N. (2023). Financial Digitalization and Economic Growth:Recent Developments in Banks and Fintech. In: Sixth International Scientific Conference: „Challenges of Tourism and Business Logistics In the 21st Century" Vol.6 (1), pp.15-25, ISCTBL 2023, 19 May 2023, Porta Makedonija, Skopje. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFNTS/article/view/5758 **DOI:** https://doi.org/10.46763/YFNTS2361015b

Овој труд се фокусира на дигиталната валута и нејаснотиите кои сè уште оставаат простор за анализа на нејзиното безрезервно прифаќање, доверба и исчекување, кои се главните двигатели на ширењето на мрежата. Објективното

гледиште е дека иднината на дигиталната валута во моментов е сè уште отворено прашање поради постоење на „критична маса". Истражувањето покажува дека иднината на криптовалутите може да биде светла ако некои институционално-формални услови се исполнети поради тоа што успешната еволуција на е-парите бара градење на безбедносни плаќања преку три критериуми – стандардизација, компатибилност и иновација. Исто така, трудот покажува дека партнерството помеѓу Fintech компаниите и банките е веќе имплементирана формула која вроди со плод, но не смее да се изостави фактот дека сите развиени земји во своите платформи, дополнително за поврзување на банките, имплементирање на платформите со директно учество на е-Влада и на концепт на интероперабилност.

19. Josheski, D., **Boshkov, T. &** Miteva, N. (2023). Monetary policy and unemployment: Literature review and computational examples. In: Sixth International Scientific Conference Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century, Vol.6 (1), pp.26-53, ISCTBL 2023, 19 May 2023, Porta Makedonija,Skopje. ISBN 978-608-244-977-7 https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFNTS/issue/view/327 **DOI:** https://doi.org/10.46763/YFNTS2361026j

Овој труд ја разбработува монетарната политика и невработеноста и истражува посебен модел кој ја дели стапката на невработеност во стабилна состојба на рационализирање и фрикциона невработеност. Прегледот на пресметковни примери по McCall (1970) и DMP моделот обезбедува заклучоци за политиките од овие модели. Централната улога на невработеноста во политичката дебата обезбедува дека оваа променлива нема да биде видливо отсутна од новата генерација модели кои станаа двигател за анализа на монетарната политика.

20. Radjenovic, Z. & **Boshkov, T.** (2022). Economic Effects of Congress Tourism: Two-Step Cluster Approach. In: Fifth International Scientific Conference: Challenges of Tourism And Business Logistics in the 21st Century, Vol. 5. No.1, pp. 187-195, 30 Apr 2022, Stip. ISBN 978-608-244-891-6 **DOI:** https://doi.org/10.46763/YFNTS2251016j https://eprints.ugd.edu.mk/33283/

Во фокусот на овој труд е улогата на конгресниот туризам во организацијата на конгресните настани и во изборот на дестинација во 21 век. Истиот се смета за важен фактор во развојот на туристичкиот сектор бидејќи оваа форма на бизнис туризам е многу важна за професионалниот развој, како и за севкупниот развој на економијата и науката. Целта на овој труд е кластерска анализа во два чекора која ги групира земјите во кластери врз основа на два индикатора - бројот на состаноци и бројот на учесници на состаноците во 2019 година според последните ажурирани податоци од ICAA. Најниската вредност на Schwarz's Bayesian критериумот го открива бројот на кластери, додека просечната вредност по кластери го одредува најдоминантниот кластер на земји врз основа на вклучените показатели.

21. Radjenovic, Z. & **Boshkov, T.** (2022). Human Resources Hospitality Employment Perspective:Cluster Scenario for Selected Tourism Industries. In: 6 th International Thematic Monograph: Modern Management Tools and Economy of Tourism Sector in Present Era, Belgrade, Serbia. pp. 533-549, ISBN 978-86-80194-49-3 https://eprints.ugd.edu.mk/33282/

Ова истражување има за цел да го утврди значењето на влијанието на одредени показатели за вработеноста врз перформансите на човечките ресурси за угостителство во земјите на Европската Унија (вклучувајќи го Обединетото Кралство), Норвешка, Швајцарија, Турција и неколку балкански земји. Креирањето политика за вработување и нејзиниот перспективен развој во туристичката

индустрија зависи од успешното управување со човечките ресурси. Годишното флуктуирање на работните места и промените во туристичкиот потенцијал овозможуваат анализа на перформансите на индикаторите за вработување во пократок период, во овој случај за 2019 и 2020 година. Промените на кластерската структура во анализираните години ја анализираат флуктуацијата на човечките ресурси во туристичката индустрија, што многу зависи од степенот на образование.

22. Josheski, D., **Boshkov, T.** & Apostolov, M. (2022). Optimal linear and non-linear labor income taxation: A critical survey. In: In: Fifth International Scientific Conference: Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century, Vol.5 No.1, 30 Apr 2022, Stip. pp.16-33,ISBN 978-608-244-891-6 https://eprints.ugd.edu.mk/30181/ **DOI:** https://doi.org/10.46763/YFNTS2251016j

Овој труд го разгледува оптималното линеарно и нелинеарно оданочување на доходот од трудот. Социјалната благосостојба е поголема кога ресурсите се подеднакво распределени, но редистрибутивните даноци и трансфери можат негативно да влијаат на стимулациите за работа и заработување приход на прво место. Овој труд прави обид за критичко истражување на главните наоди од оваа литература.

23. **Boshkov, T.** & Dzidrov, M. (2021). Circular Economy Development and Resource Efficiency: Evidence for Macedonia. In: Fourth international scientific conference: Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century, Vol. 4 No.1, pp. 17-24, 19 Nov 2021, Stip, ISBN 978-608-244-824-4 https://eprints.ugd.edu.mk/33297/

Предмет на анализа на овој труд е дека преку проширување на активноста на циркуларната економија, постои разумен потенцијал да се намали регионалната и професионалната неусогласеност што значи развој во руралниот сектор, од една страна, и голема шанса да се создадат работни места со одржливо намалување на невработеноста, од друга страна. Имајќи предвид кои економски активности ја опфаќаат циркуларната економија, таа едноставно претставува неопходност за секое општество и неговата благосостојба.

24. **Boshkov, T. &** Josheski, D. (2020). The Impact of Digital Finance and FinTech on Financial Inclusion and The Emergence of DFS Providers. In: Third International Scientific Conference Challenges of tourism and business logistics in the 21st century, Vol.3 (1) ISCTBL, 13.11.2020, pp. 19-25, ISBN 978-608-244-779-7 https://eprints.ugd.edu.mk/27642/

Овој труд го истражува влијанието на дигиталните финансии и Финтек врз финансиската инклузија, како и небанкарската популација. Имено, од 2010 година, Г-20 и Светската банка иницираа зголемување на финансиската вклученост како фактор за намалување на сиромаштијата, особено кај земјите во развој. Има примери каде некои развиени земји преку нивниот финансиски регулаторен систем издаваат „ултиматуми" со што поединци и голем број атрактивни бизниси се принудени да користат дигитални финансиски услуги.

25. Bishev, G. & **Boshkov, T.** (2019). Addressing Macroeconomic Challenges In The Run-Up To EU: Macedonian Convergence. Прилози, Македонска академија на науки и уметности - МАНУ, XLIX (1-2). pp. 69-82. ISSN 0350-1698 https://eprints.ugd.edu.mk/27641/

Овој труд се фокусира на предусловот да се одговори на важните предизвици преку спроведување на структурните реформи за зголемување на потенцијалниот раст и зачувување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста. Исто така ги анализира сите макроекономски варијабли,

а посочува дека на краток рок, конкурентноста може да се зголеми преку приспособување на девизниот курс, додека на долг рок, структурните реформи и иновациите, прераспределбата на ресурсите кон подинамични сектори, се вистинскиот лек за номинална и реална конвергенција кон ЕУ.

***Монографија или научна книга:***

26. Josheski, D., **Boshkov, T.** & Miteva, N. (2024). Three essays in computational economics: Publications of Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia. Independently published - Amazon Kindle Publishing. ISBN 979-8873696710 https://eprints.ugd.edu.mk/33191/

Предмет на истражување во оваа книга се претприемништво со финансиски фрикции и невработеност, монетарната политика и невработеноста. Опфатените содржини најмногу се однесуваат на хетерогеноста во макроекономијата, па затоа содржат HA-DSGE модели објаснување на алгоритми и методи на пресметување.

27. Josheski, D., **Boshkov, T.** & Apostolov, M. (2023). Three essays in optimal taxation: Explorations on the economic theory behind public finance. Independently published - Amazon Kindle Publishing. ISBN 979-8373029063 https://eprints.ugd.edu.mk/30822/

Фокусот на оваа книга е теоријата на оптимално оданочување. Оваа значајна теорија е разгледана од повеќе аспекти и дава критичко истражување по однос на данокот на доход и решенија за оптималниот модел за данок на доход.

28. Josheski, D., **Boshkov, T., Apostolov, M.** & Karamazova Gelova, E. (2022). Five Essays in Economic Theory. Independently published - Amazon Kindle Publishing. ISBN 979-8401385161 https://eprints.ugd.edu.mk/29078/

Оваа книга нуди истражувања од областа на економската теорија, а во своите потесни анализи се задржува на монетарната економија, оданочувањето на капиталот, симулирање на модели за невработеноста, линеарен и нелинеарен транспортен проблем – прашањето за транслокација на маси.

29. Josheski, D., **Boshkov, T.** & Karamazova Gelova, E. (2021). Three essays in economics, finance and linear programing. Independently published - Amazon Kindle Publishing. ISBN 979-8706460525 https://eprints.ugd.edu.mk/27732/

Оваа книга се задржува на ефективноста на монетарната политика, проблемите за невработеноста, платите, цените и општата рамнотежа. Понатаму, опфаќа анализа на финансиите, поконкретно дигиталните финансии, како и можните реперкусии и придобивки од новата монетарна револуција.

30. **Boshkov, T.** (2020). Globalization, Trade Liberalization and Business Dynamism. Lap Lambert Academic Publishing, Germany. ISBN 978-620-281-437-9 https://eprints.ugd.edu.mk/27649/

Прифаќањето на отворените пазари е од големо значење. Затоа оваа книга третира неколку битни прашања кои се однесуваат на значењето на глобализацијата и меѓународната трговија, искуствата и очекувањата на приватниот сектор од либерализацијата на трговијата, колку е важна оваа либерализација во насока на бизнис динамиката и кои се импликациите за бизнисот, како и дел кој се однесува на потребата од реформи во овој домен.

Трудовите објавени во меѓународни научни списанија и трудови објавени во зборници на трудови од научен собир, монографија или научни книги, а се постари од 5 години, се презентирани и научно евалуирани во рефератот за избор на кандидатката во наставник во звањето доцент (*Универзитетски билтен* бр. 143 од 16.03.2015 година) и рефератот за наставник во звањето вонреден професор (*Универзитетски билтен* бр. 240 од 15.10.2019 година).

Во изборниот период д-р Бошков има реализирано предавања на научни собири, покрај што е организатор на меѓународни конференции, панел сесии, уредник на меѓународно научно списание, уредник на зборници, рецензент на ракописи, раководител и учесник во научни проекти:

***Пленарно предавање на научен собир:***

31. **Бошков, Т.** (2024). „Индекс на економски дискомфорт: политички и економски предизвик", во рамките на панелот: „Преглед на состојбата и предизвиците во бизнисот и економијата", ISCTBL, 17.5.2024

32. **Бошков, Т.** (2024). „Потенцијалите на културниот туризам", во рамките на „Културното наследство меѓу туризмот и идентитетот", 20.3.2024, Штип

33. **Бошков, Т.** (2023). „Strategies of Knowledge Performance in Higher Education", Greece. In:„The Power of knowledge", 5-8.10.2023

34. **Бошков, Т.** (2022). „Challenges and implications of COVID-19: reducing disparities and addressing distributional impacts in different sectors", ISCTBL 30.4.2022

35. **Бошков, Т.** (2020). „The impact of coronavirus on global growth and global supply chain shifts", ISCTBL , 13.11.2020

***Секциско предавање на научен собир:***

36. **Boshkov, T**. (2023): „The Circularity Challenge: Sustainability and Responsibility towards the European Green Deal"  in „Smart Economic Planning and Industrial Policy (SEPIP) 2023, OSTIM Technical University, Ankara,Turkey (12-13.10.2023)

***Научен проект:***

37. **Boshkov, T. &** Dzidrov, M. (2023). The circular economy: "the number one priority" for the European Green Deal. https://eprints.ugd.edu.mk/33986/

Проектот Жан Моне „Циркуларна економија: „приоритет број еден" за Европскиот зелен договор" (CIRECON) има за цел да го зајакне разбирањето за важноста на развојот и истражувањето во областа на циркуларната економија на ЕУ во контекст на европската интеграција. Академската додадена вредност на овој проект е два конституента. Прво, тој дистрибуира напредни знаења и информации за животната средина и климатската политика на ЕУ во контекст на циркуларната економија во ЕУ и второ, помага да се збогати експертизата на предвидените целни групи (студенти, академици, експерти, граѓанско општество, локална самоуправа, на национално и на ниво на ЕУ) со цел да ги зајакнат нивните капацитети за корист од соработката на ЕУ и земјите партнери во областа на циркуларната економија. Образложението за проектот произлегува од сознанието дека европската животна средина, климата и циркуларната економија се состојат од главните теми во европската политика и се недоволно истакнати кај земјите партнери на ЕУ.

38. Kostov, J., Dzidrov, M., **Boshkov, T.** & Janevik-Ivanovska, E. (2021-2023). "ES-BALK - Développement de l'enseignement du français général et de spécialité dans les Balkans. Ministère des Affaires étrangères de la République Française Blog - https://tcefle.hypotheses.org/ https://eprints.ugd.edu.mk/33584/

Областите на примена кои ги задржаа сите партнери на овој проект се туризмот, културата и образованието во Западен Балкан. Како резултат од овој проект е блогот TCE-FLE (Tourism, Culture and Learning of FLE) со двојна употреба: тој претставува простор во кој се наведени местата од интерес за туризмот и

културата на Балканот со посебен интерес за француското говорно подрачје. Овој проект исто така овозможува развивање и подобрување на научната универзитетска соработка и обука на француски јазик со специјалност туризам преку создавање на оригинални модули и користење на образовни технологии; промовирање на францускиот јазик и култура како вектори на академска соработка; поддршка на трансверзалниот пристап помеѓу секторите на хумани и општествени науки; промовирање на дигиталните хуманистички науки како алатка за соработка и ширење на јазикот и француската култура во Западен Балкан.

***Уредник на научно списание:***

39. Главен уредник на меѓународното списание International Journal of Economics, Management and Tourism, Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University, Shtip, N. Macedonia, ISSN 2671-3810 (Одлука бр. 2102-263/5 од 25.12.2020)

***Уредник на зборник на трудови од научен собир:***

40. Главен уредник на Зборник на трудови од меѓународната конференција ISCTBL (2020,2021,2022,2023). https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFNTS/issue/archive

***Претседател на организациски или научен одбор на научен собир:***

41. Претседател на организациски одбор на Меѓународна научна конференција „Challenges of Tourism and Business Logistics in 21. Century“ (ISCTBL 2020 - Одлука бр.2102-108/6 од 2.6.2020, ISCTBL 2021 – Одлука бр.2120-168/8 од 15.6.2021, ISCTBL 2022 – Одлука бр.2102-65/14 од 10.3.2022, ISCTBL 2023 – Одлука бр.2102-86/3 од 19.4.2023, ISCTBL 2024 – Одлука бр. 2102/70/5 од 18.3.2024)

42. Претседател на организациски одбор на Национална конференција „Културното наследство меѓу туризмот и идентитетот“, Факултет за туризам и бизнис логистика, УГД (Одлука бр. 2102-70/4 од 18.3.2024)

43. Претседател на Меѓународен организациски и програмски комитет на Меѓународен студентски симпозиум на Факултет за туризам и бизнис логистика „Предизвиците во новиот свет на дигиталната ера – мултидисциплинарен пристап“/International students symposium of the Faculty of Tourism and Business Logistics “Challenges in the New World of the Digital Era - A Multidisciplinary Approach” (Одлука бр. 2102-65/16 од 10.03.2022, Одлука бр.2102-86/6 од 19.04.2023)

***Член на организациски или научен одбор на научен собир:***

44. Член на научен одбор ISCTBL (ISCTBL 2020 - Одлука бр.2102-108/6 од 2.6.2020, ISCTBL 2021 – Одлука бр.2120-168/8 од 15.6.2021, ISCTBL 2022 – Одлука бр.2102-65/14 од 10.3.2022, ISCTBL 2023 – Одлука бр.2102-86/3 од 19.4.2023, ISCTBL 2024 – Одлука бр. 2102-10/5 од 18.3.2024)

45. Член на организациски одбор на Петтиот меѓународен конгрес за руралниот туризам / “5th International Rural Tourism Congress”, Цавтат April 27 - 30, 2022

46. Член на научен одбор на Меѓународен студентски симпозиум на Факултет за туризам и бизнис логистика International student’s symposium of the Faculty of Tourism and Business Logistics “Challenges in the New World of the Digital Era - A Multidisciplinary Approach” (Одлука бр. 2102-65/16 од 10.03.2022, Одлука бр.2102-86/6 од 19.04.2023)

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на кандидатката д-р Татјана Бошков во текот на повеќегодишната работа се состои во издавање на учебници и скрипти, предавања на стручни собири, научни проекти, организатор на стручни собири, добиени стручни награди и признанија, организација и активно учество во органите на Универзитетот и Факултетот како декан.

***Книга/учебник***

47. **Бошков, Т.** (2024). *Меѓународни финансии.* Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. ISBN 978-608-277-042-0. https://eprints.ugd.edu.mk/33999/

Ракописот е рецензиран е-учебник кој прави значаен чекор со обработката на актуелните случувања во светот на финансиите, дигитализацијата, Финтек и значењето на финансиската инклузија, со цел потемелно запознавање со проблематиката на меѓународните финансии. Тргнувајќи од фактот дека меѓународните финансии се занимаваат со економските односи на макро ниво меѓу повеќе земји, како и секој друг аспект на економијата, ова исто така бара длабоко истражување. Иако некои земји не користат технологии за дигитална супервизија, појасно од се е дека финансиските технологии ќе ги развиваат пазарите, а со тоа ќе станат и покомплексни. Ова ги наметнува алатките за ефикасно надгледување да станат императив за регулаторите, бидејќи иако пазарот за провајдерите кои не се регулирани како финансиски институции, а нудат финансиски услуги, апсолутно ќе влијае на финансискиот систем претставувајќи ризик за стабилноста и интегритетот.

48.Јошески, Д. & **Бошков, Т.** (2023). *Економија на регулација-учебник.* Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. ISBN 978-608-244-971-5 https://eprints.ugd.edu.mk/32333/

Ракописот е рецензиран е-учебник во чиј фокус е владината регулација. Имено, владите дејствуваат на многу начини. Најпознат од сите тие е во областа на јавните финансии. Поставувањето на цените на комуналните добра, контролата на емисиите на загадувањето од страна на фирмите, па сè до алокација на широкопојасни радиобранови се меѓу контекстите или начините со кои владата влијае на однесувањето на фирмите, и воедно се теми од особен интерес за изучување од страна на студентите.

49. Јошески, Д. & **Бошков, Т.** (2023). *Економија на регулација – практикум.* Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. ISBN 978-608-244-972-2. https://eprints.ugd.edu.mk/32334/

Ракописот е рецензиран е-практикум кој се состои од триесет решени задачи согласно опфатените теми кои се однесуваат на економската и социјалната регулација, перфектната конкуренција, дерегулацијата на пазарите за електрична енергија, регулацијата на природните монополи. Токму преку примерите и задачите, студентите кои го изучуваат истоимениот предмет на ФТБЛ, ќе можат многу подобро да ја разберат оваа проблематика и истата да ја дијагностицираат во реални услови.

50. Јошески, Д. & **Бошков, Т.** (2021). *Меѓународна економија – скрипта.* Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. ISBN 978-608-244-806-0. https://eprints.ugd.edu.mk/28439/

Ракописот е рецензирана е-скрипта и обработува теми од областа на меѓународната економија. Придобивките од трговската размена, објаснување на моделите на тргување, ефектите од владините политики врз трговската размена, билансот на плаќање, определување на девизниот курс, координација на меѓународните политики и пазарите на капитал се теми кои се разработени во скриптата по Меѓународна економија наменета за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип.

51. Јошески, Д. & **Бошков, Т.** (2021). *Меѓународна економија – практикум.* Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. ISBN 978-608-244-805-3. https://eprints.ugd.edu.mk/28440/

Ракописот е рецензиран е-практикум кој вклучува проблемски задачи за студентите на теми кои се однесуваат на дистрибуција на доход, екстерни економии од обем, увозни тарифи и извозни субвенции, продуктивност на трудот и компаративни предности, ефекти на царините и квотите за увоз врз монополист, интервенција на девизни пазари и останати теми. Преку примерите, целта е интерактивно разработување на темите и прашањата кои се составен дел од овој практикум, со што студентите имаат можност да оформат свој став во однос на актуелните проблематики од областа на меѓународната економија.

Кандидатката д-р Бошков во изборниот период објавува и трудови во зборници на трудови од научни и стручни собири, поглавја во книги, научни проекти:

52. Josheski, D., **Boshkov, T.**& Miteva, N. (2023). Auerbach-Kotlikoff OLG model in a Huggett heterogeneous agents incomplete markets economy. Yearbook - Faculty of Tourism and Business Logistics, 3 (1). pp. 1-24. ISSN 2671-3969 https://eprints.ugd.edu.mk/33151/

Овој труд го истражува моделот А-К OLG. Динамичната неефикасност покажува дека за овој модел кога државниот долг се намалува, благосостојбата исто така се намалува. Плаќањата преку државните трансфери се намалуваат, а приходите од данок на плати се зголемуваат, каматните стапки драстично се намалуваат, платите растат, капиталот и трудот исто така растат.

53. Josheski, D., **Boshkov, T.**& Apostolov, M. (2022). Dynamic optimal taxation Mirrlees' approach : A Review. Yearbook - Faculty of Tourism and Business Logistics, 2 (1). pp. 30-45. ISSN 2671-3969 https://eprints.ugd.edu.mk/29942/

Овој труд ги разгледува неодамнешните достигнувања во динамичното оданочување на капиталот имајќи го предвид динамичниот пристап на Мирлис. Динамичните даноци не се ограничени ex ante и се поставени заради прераспределба и осигурителни размислувања. Капиталот се оданочува со цел да се подобрат стимулациите за работа.

54. Josheski, D.& **Boshkov, T.** (2021). Bequest taxation, estate taxation, land taxation, optimum town, Henry George theorem and capital taxation: A Survey. Годишен зборник на Факултет за туризам и бизнис логистика, 1 (1). pp. 58-78. ISSN 2671-3969 https://eprints.ugd.edu.mk/28822/

Во овој труд се прави преглед на повеќе модели каде главните резултати се: нееднаквоста на распределбата на доходот (за разлика од нееднаквоста од капиталниот приход) е пожелна дури и кога поединците се идентични, во случај кога поради економиите од обем ќе се создадат производствени центри, но со дисперзирани живеалишта на работниците.

55. **Boshkov, T**.& Dzidrov, M. (2021). Circular Economy Concept and Perspectives in Croatia. Yearbook of Faculty of Tourism and Business Logistics, 1 (1). pp. 39-43. ISSN 2671-3969 https://eprints.ugd.edu.mk/33296/

Овој труд покажува дека во време на конкурентност, циркуларната економија е начин да се промени моделот на економски раст и да се постигне рамнотежа меѓу економијата, ресурсите и средината. Овој труд анализира како зголемувањето на ефикасноста на ресурсите преку растот на циркуларната економија може да помогне во решавањето на структурната неусогласеност на пазарот на труд во Хрватска. Затоа, целта на секоја земја е да ги истражи основните принципи и природата на циркуларната економија, проблемите за транзиција кон циркуларна економија и да предложи релевантни политики, можни решенија и конструктивен механизам за промовирање на циркуларната економија.

***Поглавје од книга:***

56. **Boshkov, T.** (2020) *Globalization and International Trade.* In: Globalization, Trade Liberalization and Business Dynamism. Lap Lambert Academic Publishing, Germany, pp. 3-10. ISBN 978-620-281-437-9 https://eprints.ugd.edu.mk/27644/

Во ова поглавје фокусот е насочен на бенефитите од глобализацијата, меѓународната трговија и инвестициските приливи. Глобализацијата како поим се однесува на растот на меѓузависноста помеѓу земји, што резултира со зголемена интеграција на трговијата, финансиите, луѓето и идеите во заеднички глобален пазар. Меѓународната трговија и прекуграничните инвестициски приливи се главните елементи на оваа интеграција. Емпириски докази сугерираат дека глобализацијата значително го поттикна економскиот развој во економиите на Источна Азија. Генерално, во земјите кои активно учествуваат во процесот на глобализација, придобивките доаѓаат со нови ризици и предизвици.

57. **Boshkov, T.** (2020). *Private Sector Experiences and Outcomes: Identifying Needs and Priorities Of Trade Liberalization.* In: Globalization, Trade Liberalization and Business Dynamism. Lap Lambert Academic Publishing, Germany, pp. 35-48. ISBN 978-620-281-437-9 https://eprints.ugd.edu.mk/27647/

Ова поглавје ги идентификува потребите и приоритетите на трговската либерализација, како и искуствата и резултатите за приватниот сектор. Имено, прифаќањето на отворените пазари е од големо значење, но има пораст кај јавната загриженост за некои аспекти на либерализацијата на трговијата кои треба да бидат внимателно анализирани. Затоа овде се земаат предвид повеќе истражувања од Светска банка за да се извлечат најдобрите заклучоци и да се најде рамнотежата меѓу отворените пазари и комплетарните политики заедно со меѓународните иницијативи. Притоа ова поглавје вклучувајќи го приватниот сектор што се зема како репер во донесувањето заклучоци, ги посочува главните препреки со кои се соочува овој сектор и во однос на царинските ограничувања.

58. **Boshkov, T.** (2020). *Trade Facilitation - Factor for Business Dynamism.* In: Globalization, Trade Liberalization and Business Dynamism. Lap Lambert Academic Publishing, Germany, pp. 49-65. ISBN 978-620-281-437-9

Ова поглавје ги обработува високите трговски трошоци кои се пречка во тргувањето и имаат влијание во реализацијата на придобивките од трговската либерализација. Трговскиот профит зависи и од квалитетот на инфраструктурата и од сродните услуги. Имено, подобрената инфраструктура и логистичките услуги играат важна улога во текот на меѓународната трговија. Овие аспекти се битни да

се земаат предвид за да се објасни важноста на олеснувањето на трговијата, заради непречено напредување и динамизирање на бизнис работењето.

59. **Boshkov, T.** (2020). *Trade Liberalization and Its Implications for Business.* In: Globalization, Trade Liberalization and Business Dynamism. Lap Lambert Academic Publishing, Germany, pp. 11-20. ISBN 978-620-281-437-9 https://eprints.ugd.edu.mk/27648/

Ова поглавје го истражува олеснувањето на трговијата преку вклучување реформи насочени кон подобрување на синџирот на административни и материјални процедури вклучени во транспортот на стоки и услуги преку меѓународните граници. Земји со несоодветна трговска инфраструктура, гломазни административни процеси или ограничена конкурентност во трговијата и логистичките услуги се со помала веројатност да имаат корист од можностите како што е проширувањето на глобалната трговија. Компаниите заинтересирани за инвестирање, купување и продавање на локалните пазари веројатно ќе бидат загрижени ако веќе се соочуваат со многу конфликти поврзани со документација или царинска инспекција, застарени влезни капацитети, неефикасна логистика или ниско обезбедување на царински и трговско-финансиски услуги.

60. **Boshkov, T.** (2020). *Why Do We Need Trade Liberalization Reforms?* In: Globalization, Trade Liberalization and Business Dynamism. Lap Lambert Academic Publishing, Germany, pp. 21-34. ISBN 978-620-281-437-9 https://eprints.ugd.edu.mk/27646/

Ова поглавје го анализира интересот за најефикасни мерки за намалување на транспортните трошоци и времето, како и зголемување на предвидливоста на растечкиот синџир на снабдување. Вообичаени проблеми за транспортните трошоци и реформските субјекти се честите претовари на стоки, доцнење на царината, комплицирани процедури за царинска контрола, сложени и нетранспарентни административни барања, ограничена употреба на автоматизација и неизвесност за примена на правни документи, што е предмет на анализа во ова поглавје. Заклучокот е дека освен подобрување на царинското опкружување, регулаторната рамка, потребни се телекомуникациски, финансиски посредници, логистички компании и употреба на мрежни информации за подобрување на ефикасноста и промовирање на економските активности.

Трудовите објавени во стручни списанија, поглавја од книги, книги, учебник, скрипта, практикуми, трудови објавени во зборници на трудови од стручен собир, а се постари од 5 години, се презентирани и научно евалуирани во рефератот за избор на кандидатката во наставник во звањето доцент (*Универзитетски билтен* бр. 143 од 16.3.2015 година) и рефератот за наставник во звањето вонреден професор (*Универзитетски билтен* бр. 240 од 15.10.2019 година).

За време на изборниот период, д-р Бошков е раководител и учесник во научни проекти во земјата и странство, и тоа:

61. Проект „Тур ре Тур", Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, (2011 – тековно)

62. **Boshkov, T.** (2024). *ShiNE: Supporting CSOs and media organizations to boost the greeN agenda and circular Economy in the Southeastern region of North Macedonia.* https://eprints.ugd.edu.mk/34016/

За да се усогласи со развојот на граѓанското општество во 21 век, целта на проектот е подобрување на еколошката и социјалната благосостојба. Поттикнувањето на улогата што ја играат локалното граѓанско општество и

медиумите во застапувањето за намалување на употребата на фосилни горива во Македонија и зелената транзиција е, всушност, општата цел на акцијата. Проектот промовира искористување на одржливи соларни системи за греење, борба против загадувањето на воздухот и ублажување на енергетската сиромаштија во Југоисточниот Регион на РС Македонија.

63. **Boshkov, T.** (2022). *"MODEL EU - Human Rights, Active Citizenship and Intercultural Democracy in North Macedonia"*. https://eprints.ugd.edu.mk/34017/

Овој проект промовира неколку битни области кои се однесуваат на човековите права, активно граѓанство, интеркултурна демократија, зелена агенда и циркуларна економија, разработени преку работилници каде таргет групи се студенти.

Во изборниот период, кандидатката д-р Татјана Бошков е рецензент на „Управување со ризици" - скрипта од авторите Филипоски, О. & Митрева, Е. (Одлука бр.2102-191/5 од 16.7.2021) и рецензент на „Управување со ризици" - практикум од авторите Филипоски, О. & Митрева,Е. (Одлука бр.2102-191/4 од 16.7.2021).

***Уредник на зборник на трудови***

64. Уредник на Годишен зборник на ФТБЛ – YEARBOOK OF FTBL (YB of FTBL 2021 – Одлука бр.2102-82/9 од 16.3.2021, YB of FTBL 2022 – Одлука бр.2102-65/15 од 10.3.2022, YB of FTBL 2023 – Одлука бр. 2102-86/5 од 19.4.2023)

Кандидатката д-р Бошков има реализирано бројни пленарни предавања, меѓу кои:

65. „Финансиска изводливост за ММСП и избор на извори за финансирање", во рамките на Женски економски форум на тема: „Тектонски поместувања за нови предизвици во 2024: Нова ера за финансирање на мали и средни претпријатија, стартапи и фриленсери", 23.3.2024 (Одлука бр. 2102-70/3 од 18.3.2024)

66. „The Role of Green agenda & Green Finance in EU: The Case of Croatia and Macedonia", In:„The Circularity Challenge: Sustainability and Responsibility towards the European Green Deal", 29.05.2024.

67. „Knowledge Performance in Higher Education". In: Who Does the Thinking? The Future of Higher Education, 18.04.2024 (Одлука бр. 2102-88/8 од 17.04.2024)

68.„Financial digitalization and economic growth: recent developments and perspectives", во рамките на асоцијацијата ЕУРАС на тема „NEW TRENDS in Digital Business and Marketing", 19.06.2023.

69. „The impact of FTBL for local development in Municipality of Gevgelija", Дипломатски-економски собир во организација на МНР, Бирото за регионален развој и Центарот за развој на Југоисточниот Плански Регион, 20-21.3.2023.

70. „Western Balkan Green Agenda:Opportunity or threat for business and employment generation in vurnerable communities", REDI SUMMIT 2022, 22-23.11.2022, Скопје.

71.„The circularity challenge: sustainability and responsibility", CIRCON, Нови Сад, Србија, 19-22 септември, 2022.

Д-р Бошков организира и учествува на бројни стручни собири, со излагања на тема:

72. „Значењето на туризмот и придонесот на образовните институции во туристичкиот сектор во РС Македонија", ФУТУ – Меѓународна асоцијација на туристичко-угостителскиот сектор на Европа, 22-23.5.2023 год.

73. „Влијанието на образовниот сектор врз туристичко-угостителската

индустрија во рамки на конференција „Заедно сме поуспешни“, СУГС „Лазар Танев“ – Скопје, 23-24.11.2022 год.

74. „Динамиката на економскиот раст и финансискиот сектор во време на ковид-19: подобри изгледи за инвестирање или стратегии за спас?“ 5.3.2021 год.

75. „Дивергентните закрепнувања кај економиите една година во пандемија и како до намалување на несигурноста?“ 07.05.2021год.

76. „Стратегиската улога на гастрономијата во културата и туризмот во услови на ковид-19“, 22.9.2021 год.

77. „Финтек индустријата кај земјите од Западен Балкан“ 15.11.2021 год.

78. „Импликациите на четвртата индустриска револуција врз образованието“, 29.10.2021 год.

Кандидатката д-р Бошков, во текот на својот мандат со извршување на функцијата деканка на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, потпишува над 25 меморандуми за соработка со значајни институции во земјата и странство со кои се реализира успешна соработка преку проекти, истражувања, вмрежување на студенти, афирмација на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Една од формите на успешна промоција на Факултетот е организацијата на:

79. „Туристичко-гастрономска изложба на алтернативни форми за развој на туризмот“ за 2024 год., 2023 год., 2022 год., 2021г од. (Одлука бр.2102-106/3 од 4.6.2024, Одлука бр.2102-86/7 од 19.4.2023, Одлука бр.2102-119/5 од 19.5.2022, Одлука бр.2102-133/5 од 29.4.2021)

80. „Дојди на Кожуф, запознај го Регионот со ФТБЛ“ за 2024 год., 2023 год., 2022 год., 2021 год. (Одлука бр.2102-106/4 од 4.6.2024, Одлука бр.2102-86/8 од 19.4.2023, Одлука бр.2102-119/6 од 19.5.2022, Одлука бр.2102-169/5 од 17.6.2021)

***Стручни награди и признанија***

81. Плакета од ЦРЈПР - за посебен придонес во развојот на Југоисточниот Плански Регион, 1.12.2023 год.

82. Признание за особен придонес во туризмот од страна на Министерството за економија, 27.9.2023 год.

Во изборниот период, кандидатката д-р Бошков е член на повеќе универзитетски и факултетски органи и комисии:

83. Декан на Факултет за Туризам и бизнис логистика (прв мандат - Одлука бр.2102-382/4 од 11.12.2019), втор мандат - Одлука бр.2102-169/4 од 24.8.2022)

84. Претседател на Наставно-научниот совет на ФТБЛ, УГД – Штип

85. Член на Ректорска управа при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

86. Член на Надзорен одбор на Унисервис, УГД – Штип

87. Раководител на Центар за апликативна дејност на Факултет за туризам и бизнис логистика за истражување при ФТБЛ (Одлука бр.2102-230/10 од 7.12.2022)

88. Веб-администратор на ФТБЛ при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Одлука бр. 2102-86/13 од 19.4.2023)

89. Член на Наставно-научниот совет на Трет циклус студии, Докторска школа на Кампус 4, УГД – Штип

90. Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на втор циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика за учебните 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 (Одлука бр.2102-173/7 од 16.9.2020, Одлука бр.2102-235/5 од 12.10.2021, Одлука бр. 2102-134/5 од 16.6.2022, Одлука бр. 2102-143/19 од 20.9.2023)

91. Член на Комисија за оценка и одбрана на докторска дисертација на м-р Јулијана Саздова (Одлука бр. 0206-691/8 од 3.12.2021).

92. Член на Комисија за оценка и одбрана на докторска дисертација на м-р Билјана Николовска (Одлука бр. 0206-691/7 од 3.12.2021).

93. Член на Рецензентска комисија за оценка и одбрана на магистерски труд на кандидатот Кристиан Ристески (Одлука бр.2102-129/5 од 1.6.2022)

94. Член на Рецензентска комисија за оценка и одбрана на магистерски труд на кандидатката Ивана Јанева Попов (Одлука бр. 2102-88/12 од 17.4.2022)

95. Член на Рецензентска комисија за избор на наставник (Одлука бр.2103-83/3 од 28.3.2022 и Одлука бр. 2107-84/3 од 28.3.2022).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно Законот за високо образование и Правилникот за посебни услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѐ беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Татјана Бошков, вонреден професор.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Татјана Бошков во целост ги исполнува условите предвидени со законските прописи за избор во звање редовен професор. Д-р Бошков има континуирано научно напредување и извонредни научноистражувачки резултати во доменот на финансиите, активно публикувајќи научни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни списанија. Кандидатката д-р Бошков успешно одржува настава на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на прв, втор и трет циклус студии и е учесник во научноистражувачки проекти од областите на интерес. Оттука, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Татјана Бошков има врвен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност и ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување.

Согласно претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на **Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Татјана Бошков да ја избере во звањето редовен професор за наставно-научната област финансии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на потврдување.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

Д-р Драгица Оџаклиеска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Мери Бошкоска, редовен професор, член, с.р.
Д-р Татјана Спасеска, редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** |
|---|---|---|
| 5. | Избор во звање вонреден професор | 40 |
| | **ВКУПНО** | **40** |

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга<br>во странство (Реф.26-30) | | | 5 | 15 | 75 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>Прв автор (Реф. 1,2,3,4)<br>Втор автор (Реф. 5-8,10,13-17)<br>Трет автор (Реф. 9,11,12) | 4x9<br>10x6<br>3x3 | | | | 105 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>во земјата (Реф. 18-20,22-25)<br>во странство (Реф. 21) | 7 | 2 | 1 | 3 | 17 |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир<br>во земјата (Реф. 31,32,34,35)<br>во странство (Реф. 33) | 4 | 3 | 1 | 6 | 18 |
| 7. | Секциско предавање на научен собир (Реф. 36) | 1 | 2 | | | 2 |
| 10. | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| 12. | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | | 4 |
| 14. | Учесник во научен проект<br>(Реф. 37,38) | | | 2 | 3 | 6 |
| 15. | Уредник на научно списание<br>(Реф. 39) | 1x3 | | | | 3 |
| 18. | Уредник на зборник на трудови од научен собир (Реф. 40) | 4 | 1 | | | 4 |
| 19. | Претседател на организациски или научен одбор на научен собир<br>(Реф. 41-43) | 5<br>1<br>2 | 2<br>2<br>2 | | | 16 |
| 20. | Член на организациски или научен одбор на научен собир (Реф. 44-46) | 5<br>1<br>2 | 1<br>1<br>1 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **266** |

| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Книга/учебник<br>(Реф. 47-51) | 5 | 10 | | | 50 |
| 2. | Поглавје од книга<br>(Реф. 56-60) | | | 5 | 7 | 35 |
| 6. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (52-55) | 4 | 2 | | | 8 |
| 7. | Пленарно предавање на стручен собир (Реф. 65-71) | 7 | 2 | | | 14 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Учество на стручен собир со реферат (постер/ усно) (Реф. 72-78) | 7 | 0,5 | | | 3,5 |
| 11. | Уредник на зборник на трудови од стручен собир (Реф. 64) | 3 | 1 | | | 3 |
| 12. | Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир (Реф. 79,80) | 4<br>4 | 2<br>2 | | | 16 |
| 13. | Учесник во научен проект<br>во земјата (Реф. 61)<br>во странство (Реф. 62,63) | 1 | 5 | 2 | 8 | 21 |
| 19. | Стручни награди и признанија (Реф. 81,82) | 2 | 4 | | | 8 |
| 23. | Декан (Реф. 83) | 2 | 12 | | | 24 |
| 26. | Раководител на центар (Реф. 87) | 1 | 3 | | | 3 |
| 27. | Член на универзитетски или владини тела (Реф. 85,86) | 2 | 5 | | | 10 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија (Реф. 90, 84, 89, 91-95 | 4x2<br>7x2 | | | | 22 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **217,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **523,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-126/6 од 8.7.2024 година донесена на 313. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 8.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област финансии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави:

1. Зоран Темелков, вонр. проф. д-р

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Зоран Темелков е роден на 09.12.1982 година во Скопје, Р Македонија. Основно и средно образование завршува во Скопје. Високото образование го продолжува на Универзитетот „Шефилд“ во Солун, Грција каде се запишува на Економски факултет во 2001 година и истиот го завршува во 2004 година со просечна оценка 9,43. По завршување на додипломските студии, успешно завршува постдипломски студии од областа на банкарство и финансии на Универзитетот „Шефилд“ со просечна оценка 9,33. Д-р Зоран Темелков се стекнува со звање магистер на економски науки од областа на банкарство и финансии со завршување на магистерската дисертација со наслов „*Промените во супервизијата во банкарската индустрија под влијание на Базел 1 и Базел 2 спогодбата*“. Поле на интерес му се финансии, банкарство, фискален систем, сметководство, финансиски инвестиционен менаџмент, е-бизнис и монетарна економија. Своето образование го продолжува во септември 2009 година кога се запишува на докторски студии на Економскиот институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со пријавена и одобрена тема за изработка на докторска дисертација со наслов „*Системи за оданочување на депозити и нивното влијание врз нивото на депозитната база во банкарскиот сектор*“. Кандидатот ги завршува докторските студии и се стекнува со звање доктор на економски науки на 12.5.2014 година кога успешно го одбранува својот докторски труд.

Д-р Зоран Темелков поседува богато работно искуство кое започнува во 2006 година со негово вработување на позиција соработник во секторот за Извршување и надоместоци во Телеком АД Македонија. По завршување на работниот ангажман во Телеком, кандидатот продолжува со надградба на неговото искуство во Уни Банка АД – Скопје. Во 2008 година кандидатот го продолжува својот професионален ангажман во консултанска фирма. На 1.10.2009 година д-р Зоран Темелков започнува со работа како помлад асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. При крајот на 2011 година продолжува со работа како помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика

при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. На 1.10.2012 година кандидатот е избран за соработник-асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика. На 19.12.2014 година д-р Зоран Темелков е избран за доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика во областа на банкарство и финансии. Од 19.12.2019 година кандидатот е избран во звање вонреден професор од областа на финансии и банкарство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. За време на изборниот период, кандидатот има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност преку реализирање на предавања и вежби, објавување на научни и стручни трудови, изработка на скрипти и практикуми, учество на проекти и слично.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

**Вонреден професор од научната област во која се избира (се наведува кога и каде е избран за вонреден професор);**

Кандидатот д-р Зоран Темелков за вонреден професор од научна област финансии и банкарство е избран со Одлука бр. 2102—226/3 од 21.8.2019 година донесена на 206. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Референтот е објавен во Универзитетскиот билтен на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип бр. 235 од 1.7.2019 година. Од декември 2014 до 2019 година е вработен како доцент по група предмети од областа на финансии и банкарство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип (Одлука бр. 2602-1447/3 од 19.12.2014 година).

**Општи услови за избор во звање редовен професор:**

1. Просечен успех: додипломски студии 9,43 и на постдипломски студии 9,33.
2. Научен степен: доктор на економски науки. Докторската дисертација на тема: „Системи за оданочување на депозити и нивното влијание врз нивото на депозитната база во банкарскиот сектор“, одбранета на 12.5.2014 година на Економскиот институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
3. Претходен избор во звање: со Одлука бр. 2102-226/3 од 21.8.2019 година, д-р Зоран Темелков е избран за вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научните области финансии и банкарство.
4. Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Temelkov, Zoran** and Georgieva Svrtinov, Vesna | *AI impact on traditional credit scoring models* | Journal of Economics”, Faculty of Economics, University Goce Delcev, Stip, Macedonia, 9 (1). pp. 1-9. ISSN 1857 - 9973 | 9 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | **Temelkov, Zoran** | *Overview of Artificial Intelligence (AI) application in the banking industry.* | International Journal of Economics, Management and Tourism, 3 (2). pp. 43-51. ISSN 2671-3810 | 4 |
| 3 | **Temelkov, Zoran** | *Factors affecting neobanks sustainability and development.* | Journal of Economics, 7 (1). pp. 1-10. ISSN 1857-9973 | 9 |
| 4 | **Temelkov, Zoran** and Miteva, Natasha | *Areas and activities influenced by the fintech industry.* | Journal of economics, 7 (2). pp. 68-77. ISSN 1857-9973 | 9 |
| 5 | **Temelkov, Zoran** | *Overview of neobanks model and its implications for traditional banking.* | Challenges of tourism and business logistics in the 21st century ISCTBL, 13 Sept 2019, Stip, Republic of North Macedonia. | 7 |
| 6 | **Temelkov, Zoran** | *Financial performance of selected hotel groups and resorts during COVID-19 pandemic: 2019/2020 comparison* | Hotel and Tourism Management, 10 (1). pp. 41-51. ISSN 2620-0279 | 12 |

5. Од приложената документација се потврдува дека д-р Зоран Темелков одлично го владее англискиот јазик.

6. Објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира:

**Temelkov, Zoran** (2024) *Банкарско работење – учебник.* Goce Delcev University. ISBN 978-608-277-051-2

7. Способност за изведување на високообразовна дејност: Д-р Зоран Темелков е вработен на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во 2009 година како помлад асистент. Од 2011 година започнува да работи како помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, при што во 2012 година е избран за соработник-асистент, во 2014 година е избран за доцент и во 2019 година е избран за вонреден професор. Бил член на факултетски комисии и раководител на катедрата Бизнис администрација. Неговиот научен интерес е од областа на финансиите, банкарството, инвестиции и е-бизнисот, со посебен интерес за финтек индустријата.

**Посебни услови за избор во звање редовен професор**

1. Под менторство изработени дипломски/магистерски тези: Во изборниот период, д-р Зоран Темелков бил ментор на бројни дипломски трудови, член или претседател на комисија за одбрана на дипломски и магистерски трудови.

2. Учествувал во научноистражувачки проекти: Во изборниот период д-р Зоран Темелков е дел од тимот на научноистражувачкиот проект „Тур-ре-Тур“, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Стручно-апликативен проект организиран од страна на ФТБЛ при УГД - Штип за организирање на сертифицирана настава за профилирање на стручни лица од областа на туризмот.

3. Придонес во оспособување помлади наставници и соработници: Во изборниот период, д-р Зоран Темелков соработува со повеќе помлади наставници и соработници од Факултетот за туризам и бизнис логистика и бил дел од рецензентска комисија за избор или рецензент на публикации од издавачка дејност.

4. Има остварено минимум 100 поени (НО=40, НИ=45, САОР=15): Во изборниот период д-р Зоран Темелков има остварено за НО=40 поени, НИ= 174 поени и САОР= 85 поени, или вкупно = 299 поени.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во перидот 2009-2012 година д-р Зоран Темелков е вработен како помлад асистент, од 2012 до 2014 година како соработник асистент, од 2014 до 2019 година како доцент (Одлука бр. 2602-1447/3 од 19.12.2014 година), а од 2019 година како вонреден професор (Одлука бр. 2102-226/3 од 21.8.2019 година) на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Кандидатот е ангажиран во настава на повеќе наставни предмети на прв, втор и трет циклус студии.

Во тек на наставно-образовната дејност д-р Зоран Темелков реализира предавања и вежби во наставните центри на матичниот факултет во Штип, Скопје и Гевгелија и тоа на прв циклус студии за следните предмети: Банкарско работење, Фискален систем, Финансиски инвестиционен менаџмент, Е-бизнис и Калкулации во угостителството. Во изборниот период кандидатот реализира предавања на втор циклус студии за следните предмети: Банки и банкарски системи, Инвестиции, Корпоративни финансии, Корпоративно банкарство и Европски бизнис и инвестиции. Кандидатот реализира предавања на насоките Бизнис администрација, Бизнис логистика, Туризам и Хотелско-ресторанска насока.

Д-р Зоран Темелков е ментор на повеќе дипломски трудови и завршни испити. Канидатот бил член и претседател на комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови. Кандидатот е автор или коавтор на бројни рецензирани трудови, учебници и книги.

I. **Трудови**

**Temelkov, Zoran** (2024). Neobanks role in supporting financial inclusion. International Journal of Economics, Management and Tourism, 4 (1). pp. 52-59. ISSN 2671-3810.

**Temelkov, Zoran** and Georgieva Svrtinov, Vesna (2024). AI impact on traditional credit scoring models. Journal of Economics, 9 (1). pp. 1-9. ISSN 1857 - 9973

**Temelkov, Zoran** (2023). Overview of Artificial Intelligence (AI) application in the banking industry. International Journal of Economics, Management and Tourism, 3 (2). pp. 43-51. ISSN 2671-3810

**Temelkov, Zoran** (2022). Financial performance of selected hotel groups and resorts during COVID-19 pandemic: 2019/2020 comparison. Hotel and Tourism Management, 10 (1). pp. 41-51. ISSN 2620-0279

**Temelkov, Zoran** (2022). Factors affecting neobanks sustainability and development. Journal of Economics, 7 (1). pp. 1-10. ISSN 1857-9973

**Temelkov, Zoran** and Miteva, Natasha (2022). Areas and activities influenced by the fintech industry. Journal of economics, 7 (2). pp. 68-77. ISSN 1857-9973

**Temelkov, Zoran** (2020). Overview of price discrepancies among hotels positioned in the same category. Hotel and Tourism Management, 8 (2). pp. 11-23. ISSN 2620-0279

**Temelkov, Zoran** (2020). Differences between traditional bank model and fintech based digital bank and neobanks models. SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (74). pp. 8-15. ISSN 2367-5721

**Temelkov, Zoran** (2020). Overview of perceived value for money score for five stars hotels in selected cities – comparison of online reviews. SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (74). pp. 1-7. ISSN 2367-5721

**Temelkov, Zoran** (2020). Overview of neobanks model and its implications for traditional banking. In: Challenges of tourism and business logistics in the 21st century ISCTBL, 13 Sept 2019, Stip, Republic of North Macedonia.

II. **Книги и учебници**

**Temelkov, Zoran** (2024). *Банкарско работење - учебник.* Goce Delcev University. ISBN 978-608-277-051-2

**Temelkov, Zoran** (2021). Personal finances and bank products and services. Independently published - Amazon Kindle Publishing, United States. ISBN 979-8791147073

**Temelkov, Zoran** (2021). Bank products from a personal finance perspective: Managing your banking activities. Independently published - Amazon Kindle Publishing, United States. ISBN 979-8588866989

**Temelkov, Zoran** (2020). Introduction to bank products. Amazon Kindle Publishing, independently published, United States. ISBN 978-1654403584

III. **Останато - Статии објавени во онлајн портали**

Д-р Зоран Темелков има објавено бројни статии од областа на финансиите на различни портали како што се pari.com.mk и bankactivities.com. Дел од статиите и текстовите кои ги има објавено кандидатот се:

**Temelkov, Zoran** (2024). Дигитална валута на централната банка – придобивки, предности и недостатоци. www.pari.com.mk.

**Temelkov, Zoran** (2021). Важноста на комуникациските стратегии во банкарскиот сектор. Pari.com.mk. www.pari.com.mk.

**Temelkov, Zoran** (2021). (Де)стимулација да се биде кредитобарател со висок кредитен рејтинг. Pari.com.mk. www.pari.com.mk.

**Temelkov, Zoran** (2021). Блокчаин технологија и токенизирање на реални средства како нова алтернатива за тргување. Pari.com.mk. www.pari.com.mk.

**Temelkov, Zoran** (2021). Промени во бизнис моделот на банките под влијание на технолошките иновации и финтек индустријата. Pari.com.mk. www.pari.com.mk.

**Temelkov, Zoran** (2021). Супериорноста на необанките наспрема традиционалните банки. Pari.com.mk. www.pari.com.mk.

**Temelkov, Zoran** (2021) Преглед на У.С. Банкорп и движењето на вредноста на акциите. Pari.com.mk. www.pari.com.mk.

**Temelkov, Zoran** (2021). Функционирање на концептот "напумпај и продади" (pump and dump). Pari.com.mk. www.pari.com.mk.

**Temelkov, Zoran** (2021). Небанкарски алтернативи за финансирање. Pari.com.mk. www.pari.com.mk.

**Temelkov, Zoran** (2020). Значењето на фразата „да се биде во чекор со Џонасис". Pari.com.mk. www.pari.com.mk.

Кандидатот има објавено и речник на најчесто употребувани поими и фрази од областа на криптовалутите, кој овозможува запознавање на читателите со основната терминологија која се користи на криптопазарот:

**Temelkov, Zoran** (2022). Crypto Glossary with 340 commonly used terms and phrases. Independently published - Amazon Kindle Publishing, United States.

IV. **Рецензентска активност**

**Рецензент на трудови во списание со импакт фактор:**

1. Applied Economics Letters, Scimago Journal Rank (SJR) - 0.450, Impact factor - 1.6. Списанието е индексирано во SCOPUS. Рецензент на еден труд во април 2024 година. Рецензентската активност е потврдена и објавена на профилот на Clarivate на кандидатот.
2. International Journal of Human-Computer Interaction, Scimago Journal Rank (SJR) 0.879, Impact Factor 4.7. Списанието е индексирано во SCOPUS. Рецензент на еден труд во март 2024 година. Рецензентската активност е потврдена и објавена на профилот на Clarivate на кандидатот.
3. Cogent Business & Management, Scimago Journal Rank (SJR) - 0.524, Impact Factor - 3.0. Списанието е индексирано во SCOPUS. Рецензент на еден труд во јануари 2024 година. Рецензентската активност е потврдена и објавена на профилот на Clarivate на кандидатот.
4. Cogent Economics & Finance, Scimago Journal Rank (SJR) - 0.379, Impact Factor – 1.9. Списанието е индексирано во SCOPUS. Рецензент на еден труд во ноември 2023 година. Рецензентската активност е потврдена и објавена на профилот на Clarivate на кандидатот.
5. Journal of financial services marketing, Scimago Journal Rank (SJR) - 0.457, Impact Factor - Списанието е индексирано во SCOPUS. Рецензент на еден труд во декември 2023 година. Рецензентската активност е потврдена на ORCID профилот.

**Рецензент на трудови во меѓународни списанија и конференции:**

6. Journal of Economics, издавач – Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Рецензиран еден труд во 2022 година. Списанието е индексирано во базата EBSCO.
7. Hotel and Tourism Management (Menadžment u hotelijerstvu i turizmu), издавач Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjaĉka Banja. Рецензирани два труда, во 2021 година и во 2023 година (10.5.2023; 4.1.2021). Списанието е индексирано во базата EBSCO. Рецензентската активност е потврдена и објавена на профилот на Clarivate на кандидатот.
8. Конференција „Challenges of tourism and business logistics in the 21st century ISCTBL", издавач – Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Рецензирани вкупно шест труда, три во 2020 година и 3 во 2021 година.

**Рецензент на книги и учебници**

9. Рецензент на ракопис со наслов „Меѓународни финансии (учебник) од автор проф. д-р Татјана Бошков, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (Одлука бр. 2102-203/5 од 301. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика од 20.12.2023 година).
10. Рецензент на ракопис со наслов „Современи финансии" од автор проф. д-р Марија Гогова Самоников, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (Одлука бр. 1202-56/6 донесена на редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет одржана на 24.3.2023 година).

11. Рецензент на ракопис со наслов „Логистички системи“ од автор проф. д-р Драшко Атанасоски, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 2102-92/7 донесена на 224. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика одржана на 24.4.2020 година.

Во изборниот период кандидатот бил член во повеќе меѓународни програмски одбори и на меѓународен програмски комитет за Меѓународна научна конференција „Предизвици во туризмот и бизнис логистиката во 21 век“ – ISCTBL, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 2102-108/6 од 2.6.2020 година, Одлука бр. 2102-168/8 од 15.6.2021 година, Одлука бр. 2102-65/16 од 10.3.2022, Одлука бр. 2102-65/14 од 10.3.2022 година, Одлука бр. 2102-86/3 од 19.4.2022 година, Одлука бр. 2102-65/15 од 10.3.2022 година, Одлука бр. 2102-86/6 од 19.4.2023 година, Одлука бр. 2102-86/5 од 19.4.2023 година, Одлука бр. 2102-70/5 од 18.3.2024 година и Одлука бр. 2102-70/4 од 18.3.2024 година).

V. **Учество во проекти**

Д-р Зоран Темелков учествува во научно-истражувачкиот проект „Тур-де-Тур“, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Стручно-апликативен проект организиран од страна на ФТБЛ при УГД - Штип за организирање на сертифицирана настава за профилирање на стручни лица од областа на туризмот.

VI. **Магистерски и докторски тези**

**Зоран Темелков** (2014). Системи за оданочување на депозити и нивното влијание врз нивото на депозитната база во банкарскиот сектор. *Економски институт, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје.*

**Зоран Темелков** (2006). Промените во супервизијата во банкарската индустрија под влијанието на Базел 1 и Базел 2 спогодбата. *Универзитет Шефилд – Солун, Грција.*

***Техничко унапредување***

Д-р Зоран Темелков реализира континуирано усовршување и надградување на неговото знаење и вештини. Во изборниот период кандидатот го проширува своето знаење во нови области на финансиите кои се појавиле со развојот на технологијата. Во изборниот период кандидатот се има стекнато со бројни сертификати за завршување и комплетирање на курсеви и специјализации во областа на финансии, со посебен осврт на децентрализираните финансии и финтек индустријата. Некои од поважните сертификати со кои се има стекнато д-р Зоран Темелков се:

Certificate of completion - FinTech: Foundations, Payments, and Regulations, an online non-credit course authorized by University of Pennsylvania and offered through Coursera, 2021.

Certificate of completion - Lending, Crowdfunding, and Modern Investing, an online non-credit course authorized by University of Pennsylvania and offered through Coursera. 2021.

Certificate of completion - Application of AI, InsurTech, and Real Estate Technology, an online non-credit course authorized by University of Pennsylvania and offered through Coursera, 2021.

Certificate of completion - Cryptocurrency and Blockchain: An Introduction to Digital Currencies, an online non-credit course authorized by University of Pennsylvania and offered through Coursera, 2021.

Certificate of completion - Decentralized Finance (DeFi) Opportunities and Risks, an online non-credit course authorized by Duke University and offered through Coursera, 2021.

Certificate of completion - Decentralized Finance (DeFi) Primitives, an online non-credit course authorized by Duke University and offered through Coursera, 2021.

Certificate of completion - Decentralized Finance (DeFi) Deep Dive, an online non-credit course authorized by Duke University and offered through Coursera, 2021.

Certificate of completion - Decentralized Finance (DeFi) Infrastructure, an online non-credit course authorized by Duke University and offered through Coursera, 2021.

Certificate of completion - FinTech and the Transformation in Financial Services an online non-credit course authorized by Copenhagen Business School and offered through Coursera, 2021.

Certificate of completion of online, non-credit Specialization - Fintech: Foundations & Applications of Financial Technology, Wharton - University of Pennsylvania, 2021.

Certificate of completion of - e online, non-credit Specialization - Decentralized Finance (DeFi): The Future of Finance, Duke University, 2021.

Согласно потребите за овој Реферат следува конкретна евалуација на трудовите во периодот од 2020 до 2024 година.

Евалуација на труд: **Neobanks role in supporting financial inclusion. . International Journal of Economics, Management and Tourism, 4 (1). pp. 52-59. ISSN 2671-3810.**

Во трудот се елаборира важноста на финансиската инклузија и негативните ефекти кои произлегуваат од ограничен пристап на поединците и бизнисите до потребните финансиски производи и услуги. Поради својата улога во економијата, финансиската инклузија се посочува како еден од водечките фактори за постигнување на економски раст и развој, намалување на нивото на сиромаштија и подобрување на животниот стандард. Во минатото, креаторите на политики, меѓународни организации и банките имплементирале низа мерки и активности за зголемување на финансиската инклузија. Меѓутоа, и покрај реализираните активности и позитивните резултати, ограничениот пристап до основните финансиски услуги е предизвик кој бара дополнителни решенија.

Истражувањето посочува дека се појавува потреба за развој на инклузивен финансиски систем со кој ќе се надминат ограничувањата како што се ниска финансиска писменост, несоодветна инфраструктура, висока цена на финансиските услуги, низок степен на профитабилност на одредени сегменти и нередовни приходи на корисниците.

Во трудот се потенцира дека необанките, поради своите карактеристики се прифатени како важна алатка за подобрување на финансиската инклузија. Начинот на кој необанките ги развиваат, имплементираат и нудат финансиските услуги нуди можност за надминување на некои од поважните предизвици кои ја ограничуваат финансиската инклузија.

Евалуација на труд: **AI impact on traditional credit scoring models. Journal of Economics, 9 (1). pp. 1-9. ISSN 1857 – 9973**

Популарноста на вештачката интелигенција (ВИ) и нејзината примена во различни области и економски активности значително се зголеми во последните неколку години. Препознавајќи ги придобивките кои произлегуваат од ВИ голем број на индустрии започнаа со истражувања за начините на кои ВИ може да ја подобри нивната ефикасност и да ги подобри секојдневните активности. Финансискиот сектор е еден од секторите кој започна со пронаоѓање и имплеменирање на решенија базирани на ВИ.

Во трудот се разгледува начинот на кој ВИ влијае врз традиционалните модели за оценка на кредитниот рејтинг на кредитобарателите. Со цел подобро разбирање на улогата на ВИ, претставени се основните карактеристики на традиционалните модели за кредитна евалуација. Исто така, прикажани се и ограничувањата на традиционалните модели кои може да имаат негативно влијание врз понудата на финансиските производи и услуги.

Примената на ВИ во моделите за кредитна евалуација нуди можност за елиминирање на некои од поважните ограничувања на традиционалните модели. Притоа, финансиските институции имаат можност да имплементираат напредни и попрецизни техники за оценка на ризикот на кредитобарателите и корисниците. Преку позитивно влијание врз оценка на степенот на ризичност на клиентите, ВИ претставува можност за банките и други финансиски институции да ги ограничат лошите пласмани.

Трудот ги претставува и предизвиците кои произлегуваат при примена на ВИ во дизајнирањето на моделите за кредитен рејтинг. Најчести предизвици кои се појавуваат се поврзани со транспарентноста, можната пристраност, приватност и почитување на законската регулатива.

Евалуација на труд: **Overview of Artificial Intelligence (AI) application in the banking industry. International Journal of Economics, Management and Tourism, 3 (2). pp. 43-51. ISSN 2671-3810**

Развојот на вештачка интелигенција (ВИ) заедно со невронските мрежи и машинското учење придонесоа кон развој на бројни апликации и модели за подобрување на различни процеси. ВИ овозможува подобрување на ефикасноста и ефективноста во различни индустрии кои започнале со нејзина примена во последната декада. Банките, како едни од најиновативните институции во економијата, се помеѓу водечките организации кои се фокусираат на развојот на иновативни решенија преку примена на ВИ.

Во трудот се потенцира дека примената на ВИ во банкарското работење доведува до трансформација на различни процеси како и трансформација на самата индустрија. Позначајни области во банкарското работење каде ВИ има значајно влијание се управување со ризик, корисничка поддршка, идентификување на измами и исполнување на законските барања и регулативи. Со подобрување на процесите преку интегрирање на алатки базирани на ВИ, банките имаат можност да намалат одредени трошоци кои се генерираат во секојдневните операции.

И покрај широката примена на ВИ во банкарскиот сектор, во трудот се елаборирани и предизвиците со кои се соочуваат банките. Објаснување на модел базиран на ВИ за потребите на регулаторните тела е значаен предизвик за банките, посебно во економии каде се уште не е дефинира соодветна регулатива. Понатаму, интегирањето на ВИ во секојдневното работење е проследено со висок степен на трошоци за развој и интеграција. Можна пристрасност во ВИ моделите е уште еден предизвик кој треба да биде надминат. Постоење на пристрасност во податоците

кои се користат за тренирање на ВИ моделите може да доведе до несоодветни решенија и одлуки.

Евалуација на труд: **Financial performance of selected hotel groups and resorts during COVID-19 pandemic: 2019/2020 comparison. Hotel and Tourism Management, 10 (1). pp. 41-51. ISSN 2620-0279**

Негативните ефекти кои настанаа со започнување на ковид-19 пандемијата беа почувствувани на глобално ниво и во бројни сектори. Хотелската индустрија беше една од индустриите кои беа најсилно погодени од пандемијата како последица од различните мерки и ограничувања. Хотелите доживеаја голем пад во нивните финансиски резултати и самата ефикасност. Истражување на промените во приходите, трошоците и различни коефициенти го прикажува степенот на ефектот кој го имала падемијата врз финансиското работење на хотелите.

Со примена на коефициентот на трошоци во однос на приходи е претставено влијанието кое го имала пандемијата. Со истражувањето се констатира дека пандемијата предизвикала значително намалување на приходите кај голем број хотели и истовремено зголемување на коефициентот на трошоци/приходи.

Евалуација на труд: **Factors affecting neobanks sustainability and development. Journal of Economics, 7 (1). pp. 1-10. ISSN 1857-9973**

Технолошките иновации и примената на технологијата во понуда на финансиски производи и услуги овозможи креирање и развој на финтек индустријата. Во рамките на финтек индустријата се развија голем број компании кои нудат финансиски производи кои традиционално се нуделе од банките. Необанките, како дел од финтек индустријата, нудат финансиски услуги преку дигитални канали и онлајн присуство без да имаат физички локации или експозитури.

Необанките претставуваат сериозна конкуренција и нивната појава ја нарушува позицијата во која уживаа традиционалните банки во последните неколку децении. И покрај тоа што се сериозна конкуренција за банките, валидноста и одржливоста на бизнис моделите на необанките се уште не е целосно разбрана.

Необанките привлекоа милиони корисници на глобално ниво, меѓутоа има и необанки кои пропаднале или банкротирале како резултат на слабости во своите бзинис модели. Новиот вид на финансиски компании е доста успешен во привлекување на инвеститори и прибирање на капитал. Меѓутоа, најголемиот предизвик со кој се соочуваат необанките е степенот на профитабилност. Необанките генерираат високо ниво на приходи, но дел од нив се уште немаат постигнато позитивен резултат. Притоа се потенцира дека само неколку необанки имаат генерирано одредено ниво на профит, меѓутоа одржливоста на профитот се уште не е сигурна.

Евалуација на труд: **Areas and activities influenced by the fintech industry. Journal of economics, 7 (2). pp. 68-77. ISSN 1857-9973**

Финтек индустријата доживеа значителен раст од појавата на финансиската криза во 2007/2008 година. Големиот раст е поттикнат од бројни фактори како што се: промена во демографијата на корисниците, технолошки иновации, промена во барањата на корисниците и поволното опкружување во одредени економии. Финансиските производи и услуги кои традиционално ги нуделе банките, денес се нудат од страна на соодветна финтек компанија на начин кој е поефикасен.

Новите видови технолошки напредни компании се способни да развиваат

финансиски производи со подобрени перформанси и карактеристики. Производите кои се нудат во рамките на финтек индустријата се ефикасни, лесно достапни, едноставни за користење и не наметнуваат потреба за физичка интеракција во просториите на компанијата.

Финтек компаниите имаат влијание врз различни активности и области во економијата. Тие придонесуваат кон стимулирање на претприемачки и деловни активности и имаат позитивно влијание врз понудата на финансиски услуги на мали и средни претпријатија. Финтек компаниите ја зголемуваат финансиската инклузија и пристапот до финансиски услуги. Проширувањето на финтек индустријата исто така има позитивно влијание врз намалување на сиромаштијата и зголемување на вработеноста.

Развојот на финтек комапниите овозможува создавање и развој на нови индустрии како што е гиг економијата и проширување на можностите за заработка од фриленс работењето. Истражувањето истакнува дека новата индустрија ги проширува можностите и алтернативните извори за финансирање на поединци и деловни субјекти кои биле запоставени од страна на традиционалните банки.

Евалуација на труд: **Overview of price discrepancies among hotels positioned in the same category. Hotel and Tourism Management, 8 (2). pp. 11-23. ISSN 2620-0279**

Одлуките за одредување на цената на хотелските услуги се голем предизвик за хотелите. Несоодветно дефинирани цени можат да имаат драстично влијание врз работењето на хотелите и нивните приходи. Премногу високи цени негативно да влијаат врз бројот на посетители, при што премногу ниски цени би имале негативен ефект врз приходите и профитот. Хотелската индустрија применува различни методи за дефинирање на ценовната стратегија и одредување на цените на услугите. Дефинирањето на цените претставува сложен процес којшто вклучува бројни фактори кои влијаат на висината на цената на сместувањето. Факторите се вреднуваат согласно нивната важност кај корисниците поради што се појавуваат различни цени помеѓу различните категории на сместување. Од таа причина може да се појават големи разлики помеѓу цените за сместување во хотел со четири, три, две или една ѕвезда.

Меѓутоа, истражувањето покажува дека може да постојат и големи разлики во цените на сместувањето помеѓу хотели кои припаѓаат на истата категорија. Разликите во цените за сместувањето кај хотели во иста категорија можат да достигнат илјадници проценти, што покажува дека вредноста на понудената услуга исто така може значително да се разликува помеѓу хотелите со ист број ѕвезди.

Во рамките на трудот се заклучува дека клиентите можат да очекуваат конзистентност само во поглед на основните услуги кои ги нудат хотелите. Постоењето на разлики во дополнителните услуги ја одредува вредноста која ја добиваат корисниците, како и цената која ја дефинираат хотелите согласно применетата стратегија и методологија.

Евалуација на труд: **Differences between traditional bank model and fintech based digital bank and neobanks models. SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (74). pp. 8-15. ISSN 2367-5721**

Бизнис моделот кој го применуваат традиционалните банки во своето работење опстојува повеќе декади. Меѓутоа, појавата на финансиската криза во 2007/2008 година овозможува создавање и развој на нови форми на конкуренција.

Новите форми на конкуренција се развиваат како резултат на технолошките иновации и промените во законската регулатива кои елиминираа дел од бариерите за влез во индустријата на понуда на финансиски производи и услуги.

Директни конкуренти на моделот на традиционалните банки се иновативните модели на дигитални банки и моделите на необанки. Некои од поважните разлики кои постојат помеѓу различните модели се однесуваат на оперативната ефикасност, флексибилноста и можноста за адаптација на промени во барањата на корисниците и искористувањето на големите количини податоци кои се генерираат при работењето.

Истражувањето посочува дека технолошки напредните модели на дигитална банка и необанка постигнуваат повисок степен на оперативна ефикасност во понудата на финансиски производи. Во трудот се претставени поважните разлики кои постојат во функционирањето на различните модели. И покрај бројните разлики и популарноста на технолошки напредните модели, традиционалните банки имаат повеќе можности и начини да се изборат со новиот вид на конкуренција. Не треба да се заборави фактот дека традиционалниот модел на банкарското работење опстојувал со децении и овозможил висок степен на интеграција на банкарските институции во различни области во економијата.

Евалуација на труд **Overview of neobanks model and its implications for traditional banking. In: Challenges of tourism and business logistics in the 21st century ISCTBL, 13 Sept 2019, Stip, Republic of North Macedonia.**

Во овој труд се елаборираат моделите на необанки и импликациите кои произлегуваат од развојот на необанките врз работењето на традиционалните банки. Притоа, се нагласува дека бариерите за влез во финансиската индустрија и понуда на финансиски производи значително се намалени што доведува до зголемување на нивото на конкуренција со која се соочуваат традиционалните банки. Од новите конкуренти необанките се истакнуваат како сериозна конкуренција на банките и го предизвикуваат традиционалниот начин на понуда на финансиски услуги. Различните модели на необанки се потпираат на реализирање на деловните активности онлајн со што се елиминира потребата за експозитури и филијали.

Истражувањето покажува дека банките треба да се фокусираат на замена на постоечката технологија, елиминирање на активности кои ги зголемуваат трошоците без да креираат дополнителна вредност, промени и адаптирање на внатрешните процеси и елиминирање на сложените бирократски структури за донесување одлуки.

Во трудот се истакнува дека и покрај бројните импликаци врз работењето на банките, сепак влијанието е релативно ограничено бидејќи необанките се нови форми на институции кои опслужуваат мал дел од пазарот за финансиски производи и услуги. Сепак, реализирање на соодветни промени во своето работење и унапредување на постоечките процеси треба да биде приторитет за традиционалните банки кои сакаат да се стекнат со конкурентска предност.

Евалуација на труд: **Overview of perceived value for money score for five stars hotels in selected cities – comparison of online reviews. SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (74). pp. 1-7. ISSN 2367-5721**

Во трудот е направено истражување на онлајн рецензиите кои ги добивале хотели со пет ѕвезди во селектирани градови. Целта на истражувањето е анализа на оценката за воочената вредност која ја добиваат корисниците за парите кои

ги трошат за користење на услугите. Во трудот се елаборира дека голем број на фактори влијаат врз одлуката за избор на хотелот и местото за сместување. Истражувањето покажува дека може да постојат разлики во воочената вредност за парите помеѓу хотели со ист број ѕвезди.

Се истакнува дека обемот на податоци кои се анализирани се само дел од големиот број податоци кои се достапни за понатамошно истражување. Сепак, истражувањето посочува на одредени заклучоци кои овозможуваат подетално разбирање на преференциите на потрошувачите и нивната перцепција на вредност која ја добиваат за парите во хотелската индустрија. Исто така, се елаборира дека во голем дел од анализираните хотели, оценката за вредност за пари која ја добиваат корисниците е пониска од целокупната оценка на хотелот.

Евалуација на труд, книга/учебник: **„Банкарско работење - учебник“**

Учебникот „Банкарско работење“ е наменет за потребите на студентите од прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика за подготовка на испитот по предметот Банкарско работење. Содржината на учебникот ја опфаќа потребната материја за предавања по предметот, според Наставната програма на Факултетот. Учебникот дава можности за стекнување со знаење од различни области кои се составен дел од функционирањето на банките. Студентите и корисниците на учебникот исто така имаат можност да се стекнат со основно знаење за децентрализираните финансии и финтек индустријата.

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област финансии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, се пријави кандидатот вонр. проф. д-р Зоран Темелков.

Приложената документација е во согласност со документацијата која се бараше во Конкурсот, со што кандидатот ги исполнува потребните услови за избор на наставник во сите звања согласно Правилникот за критериуми и постапки за избор на наставно-научни, научни и наставни звања. Врз основа на приложената документација за стручната, научната и наставната активност, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Зоран Темелков е искусен и квалитетен наставно-научен кадар, кој преку долгогодишен ангажман во наставно педагошката дејност и активна научноистражувачка работа со публикации од областа, демонстрира исклучително знаење и умеење во областа на финансиите.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Врз основа на претходно изнесените податоци за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната активност на кандидатот д-р Зоран Темелков, Комисијата констатира дека тој, во изборниот период, продолжил со активности во сите сфери. Евидентен е неговиот професионален однос кон работните задачи и изразен научен потенцијал кои укажуваат дека станува збор за квалитетен и оформен наставник и научен работник.

Кандидатот, д-р Зоран Темелков покрај наставно-педагошката и научноистражувачката дејност на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има и низа активности и во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Во областа на кандидатот се вбројуваат и трудови во стручно-научно популарно списание, членство во комисии за упис на студенти на прв и втор циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Кандидатот исто така има објавено и книги и учебни помагала,

учествува во проекти, учесник е во изработка на елаборати за прв и втор циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Исто така, кандидатот е и член во комисии и органи со кои се реализира активноста на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

Кандидатот покажува и техничко унапредување преку стекнување бројни сертификати од областа на финансиите, финтек и децентрализираните финансии.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и после деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана по Конкурсот од 26.6.2024 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот вонр. проф. д-р Зоран Темелков ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање редовен професор.

Врз основа на наставно-образовната, научно-истражувачката, стручно-апликативната и севкупна активност, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатот вонр. проф. д-р Зоран Темелков преку вкупно 299 поени (НО 40 + НИ 174 + САОР 85).

Според изнесеното, а во согласно со Законот за високо образование, Правилникот за единствените критериуми и постапки за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата има чест да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот вонр. проф. д-р Зоран Темелков да биде избран во звањето редовен професор за наставно-научната област финансии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Д-р Драгица Оџаклиеска,** редовен професор, претседател, с.р.
Д-**р Мери Бошкоска,** редовен професор, член, с.р.
Д-**р Татјана Спасеска,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| 5. | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | **40** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| 1. | Монографија или научна книга (труд со реден број 12, 13, 14) | | | 3 | 15 | 45 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор труд со реден број 1, 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9, 10) | 10 x 9 | | | | 90 |
| 10 | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| 12 | Одбранета магистерска работа | 1 | 6 | | | 6 |
| 16 | Член на уредувачки одбор на научно списание | 3 x 1 | | | | 3 |
| 24 | Рецензент на научен труд (СЦИ/СЦ/останати) | | | | | |
| | СЦИ | 5 x 2 | | | | 10 |
| | Останати | 12x1 | | | | 12 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **174** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Книга/Учебник | 1 | 10 | | | **10** |
| 3. | Речник | | | 1 | 15 | **15** |
| 10. | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 4 | 0,5 | | | **2** |
| 13. | Учесник во научен проект | 1 | 5 | | | **5** |
| 15 | Техничко унапредување | | | 11 | 2 | **22** |
| 17. | Елаборати – за прв и втор циклус на студии на Факултет за туризам и бизнис логистика | 2 | 2 | | | **4** |
| 26. | Претседател и член на Факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста - ФТБЛ (Одлука бр. 2102-92/4 од 24.4.2020 година) | 1 | 3 | | | **3** |
| 28. | Член на факултетски орган комисија | 12 | 2 | | | **24** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **85** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **299** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 6.02.02.16 АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-156/12 од 8.7.2024 година донесена на 287. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 8.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање виш лектор за наставно-научната област 6.02.02.16 Англиски јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **проф. д-р Нина Даскаловска**, редовен професор за наставно-научните области 64004 Англистика; 64028 Методика на јазик; 61225 Методика на литературата на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип – претседател;
- **виш лектор д-р Адријана Хаџи-Николова**, виш лектор за наставно-научната област 64004 Англистика на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип – член;
- **виш лектор м-р Драган Донев**, виш лектор за наставно-научната област 64004 Англистика на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: **м-р Биљана Иванова**, виш лектор на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената комплетна документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Биљана Иванова е родена на 20. 6. 1985 во Штип, Р Северна Македонија. По завршувањето на нејзиното средно образование во родниот град дипломира во 2008 година на Катедрата за англиски јазик и книжевност - преведувачка насока на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. По дипломирањето ги полага наставничките компетенции на Педагошкиот факултет при УГД. Во октомври 2008 година се запишува на постдипломски студии на Филолошкиот факултет при Државниот универзитет во Тетово каде магистрира во септември 2011 на тема *The Affective Factors in EFL: Investigation of motivation and anxiety in Macedonia* и се стекнува со звањето Магистер по англиски јазик.

Од 2007 до 2008 работи како професор по англиски јазик во приватно училиште. Од 2008 е вработена на УГД на местото кореспондент при Филолошкиот факултет, а во 2012 беше избрана во наставно-стручно звање лектор за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и во нејзиниот претходен мандат, на 19.12.2012 година со Одлука бр.2402-213/6 на ННС на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце

Делчев“ во Штип. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во Универзитетски билтен бр.2402-189/7 од 17.10.2012. Во 2016 година се стекнува со звањето виш лектор по англиски јазик и книжевност според Одлука број 1902-98/11 од 20.6.2016 година донесена на 143. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет и реферат излезен во Универзитетски билтен број 170 од 1.6.2016 година. Во 2020 година повторно е избрана за виш лектор по англиски јазик и книжевност на 214. седница на ННС на Филолошкиот факултет со Одлука број 1902-120/4 на 9.9.2020 според претходно објавена рецензија во Универзитетски билтен, број 259 на 17.8.2020 година.

Во текот на изборниот период (2020-2024) виш лектор м-р Биљана Иванова има учествувано на повеќе симпозиуми, конгреси, трибини, конференции и проекти во земјава и надвор од неа, и тоа како од областа на својата тесно-стручна усовршеност од областа на англиски јазик, така и од областа на образованието и воспитанието, при што има објавено поголем број на научни и стручни трудови.

**1. *Законски и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање виш лектор***

**1.1. Научен степен магистер на науки од соодветната научна област:** во септември 2011 на Државниот универзитет во Тетово по јавна одбрана на тема The Affective Factors in EFL: **Investigation of motivation and anxiety in Macedonia** се стекнува со звањето магистер по англиски јазик.

**1.2. Претходен избор во виш лектор**

**1.3. Способност за изведување на високообразовна дејност**

**1.4. Под нејзино менторство изработени дипломски трудови**

Биљана Иванова во изборниот период е ментор на над 20 дипломски трудови.

**1.4 . Учествувал или раководел со научноистражувачки проекти**

Биљана Иванова е истражувач на научноистражувачки проект „Фразеологизмите како јазична, книжевна и културолошка нишка во наставата по македонски и по странски јазик“, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Одлука бр. 1902-136/14 од 14.6.2023 година донесена на 270. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип).

**1.5. Објавени најмалку три рецензирани научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор:**

| **ТРУДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Години на излегување на списанието** |
| 1. | Marolova, Darinka and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kuzmanovska, Dragana and **Ivanova, Biljana** | *Intercultural translation - achieving dynamic equivalence in translating specific terms of material and spiritual culture.* | Education and new trends 2024, 2 (1). pp. 57-61. ISSN 2184-1489 | трудот е објавен во 2024 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Vitanova-Ringaceva, Ana and Marolova, Darinka and Kuzmanovska, Dragana and **Ivanova, Biljana** | *Zoonym phraseological units as hate speech in youth vocabulary.* | Education and new developments 2024, 1 (1). pp. 185-189. ISSN 2184-1489 | трудот е објавен во 2024 г. |
| 3. | **Ivanova, Biljana** and Kuzmanovska, Dragana and Vitanova-Ringaceva, Ana and Marolova, Darinka | *Integrative versus instrumental motivation among foreign language online learners.* | INTED2024 Proceedings. pp. 3895-3901. ISSN 978-84-09-59215-9 | трудот е објавен во 2024 г. |
| 4. | **Ivanova, Biljana** and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana | *Speaking and writing skills affecting the acquisition of foreign languages.* | Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 18 (1). pp. 80-89. ISSN 2545-4439 | трудот е објавен во 2023 г. |
| 5. | Vitanova-Ringaceva, Ana and Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and **Ivanova, Biljana** and Kirova, Snezana | *"Flipped classroom" – the future of modern teaching* | EDULEARN23 Proceedings of 15th International Conference on Education and New Learning Technologies. ISSN 2340-1117 | трудот е објавен во 2023 г. |
| 6. | Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kirova, Snezana and **Ivanova, Biljana** | *Finding a suitable method for teaching Phraseological units.* | EDULEARN23 Proceedings of 15th International Conference on Education and New Learning Technologies. ISSN 2340-1117 | трудот е објавен во 2023 г. |
| 7. | **Ivanova, Biljana** and Trajanovska, Elena and Kirova, Snezana | *Investigation of students' motivation and anxiety at the Military academy 'General Mihailo Apostolski' while learning English as a foreign language.* | Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 17 (2). ISSN 1857 - 8705 | трудот е објавен во 2022 г. |
| 8. | Vitanova-Ringaceva, Ana and Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Kirova, Snezana and **Ivanova, Biljana** | *Phraseologisms and their function in the building of the motive "innocently prosecuted heroines" in the Grimm brothers' fairy tales.* | Knowledge International Journal, 54.5 (5). pp. 779-785. ISSN 2545-4439 | трудот е објавен во 2022 г. |
| 9. | Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kirova, Snezana and **Ivanova, Biljana** and Koteva, Ivana and Todorova, Marija | *Perception of Women in Society Given through Proverbs and Sayings.* | EDULEARN22 Proceedings of 14th International Conference on Education and New Learning Technologies. pp. 5345-5349. ISSN 2340-1117 | трудот е објавен во 2022г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Kuzmanovska Dragana, Koceva Vesna, Kirova Snezana, *Vitanova-Ringaceva Ana,* **Ivanova Biljana** | *Using Fairy Tales for Enriching the Vocabulary of Foreign Languages* | INTED 2022 Conference Proceedings, 16th International Technology, Education and Development Conference pp. 5261-5266. ISSN 2340-1079 | трудот е објавен во 2022 г. |
| 11. | Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and **Ivanova, Biljana** | *Вклучување на фразеологизмите во раното детство-клуч за успех при усвојувањето на странскиот јазик* | Годишен зборник на Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, X (10). pp. 97-103. ISSN 1409-9187 | трудот е објавен во 2022 г. |
| 12. | **Ivanova, Biljana** and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana | *Foreign language acquisition in schools* | ФИЛКО- Зборник на трудови од Шеста меѓународната научна конференција за филологија, култура и образование,6 (6). ISSN 978-608-244-871-8 | трудот е објавен во 2021 г. |
| 13. | Kuzmanovska Dragana, Koceva Vesna, Vitanova-Ringaceva Ana, Kirova Snezana, Ulanska Tatjana, **Ivanova Biljana** | *Phraseological units -"A thorn in the side" or "Icing on the cake" for language learners?* | EDULEARN21 Proceedings of 13th International conference on education and new learning technologies. pp.11111-11115. ISSN 2340-1117 | трудот е објавен во 2021 г. |
| 14. | Ulanska, Tatjana and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and **Ivanova, Biljana** | *Semantic features of kinship terms in Macedonian, English and German* | Vospitanie Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, 16 (1). pp. 55-59. ISSN 1857-8705 | трудот е објавен во 2021 г. |
| 15. | Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Ulanska, Tatjana and **Ivanova, Biljana** | *Phraseological equivalence as a communication tool* | INTED2020 Proceedings of 14th International Technology, Education and Development Conference. ISSN 2340-1079 | трудот е објавен во 2020 г. |
| 16. | **Ivanova, Biljana** and Kirova, Snezana and Kuzmanovska, Dragana | *Анксиозноста кај учениците при изучувањето на странски јазик* | Годишен зборник на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, 9 (9.) ISSN 1409-9187 | трудот е објавен во 2020 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17. | **Ivanova, Biljana** and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana | *Предности при изучувањето на странски јазик од најмала возраст* | ФИЛКО - Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 5 (5). ISSN ISBN: 978-608-244-787-2 | трудот е објавен во 2020 г. |
| 18. | Kuzmanovska, Dragana and Ristova, Lidija and **Ivanova, Biljana** | *Моќта на фразеологизмите во светот на рекламите* | ФИЛКО-Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 5 (5). ISSN 978-608-244-787-2 | трудот е објавен во 2020 г. |
| 19. | Trajanovska, Elena and Gjurovikj, Maja and **Ivanova, Biljana** | *Standards-based education in achieving language interoperability.* | Зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција ФИЛКО филологија, култура и образование (V). ISSN 978-608-244-787-2 | трудот е објавен во 2020 г. |
| 20. | **Ivanova, Biljana** and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana | *The influence of evaluation on students' motivation to learn a foreign language* | Vospitanie Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, 11 (15). pp. 105-110. ISSN 1857-5331 | трудот е објавен во 2020 г. |

## 2. *Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*

### 2.1. Наставно-образовна дејност

Од 2007 до 2008 работи како професор по англиски јазик во приватно училиште. Од 2008 е вработена на УГД на местото кореcподент при Филолошкиот факултет, а во 2012 беше избрана во наставно-стручно звање лектор за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и во нејзиниот претходен мандат, на 19.12.2012 година со Одлука бр.2402-213/6 на ННС на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во Универзитетски билтен бр.2402-189/7 од 17.10.2012. Во 2016 година се стекнува со звањето виш лектор по англиски јазик и книжевност според Одлука број 1902-98/11 од 20.6.2016 година донесена на 143. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет и реферат излезен во Универзитетски билтен број 170 од 1.6.2016 година. Во 2020 година повторно е избрана за виш лектор по англиски јазик и книжевност на 214. седница на ННС на Филолошкиот факултет со Одлука број 1902-120/4 на 9.9.2020 според претходно објавена рецензија во Универзитетски билтен, број 259 на 17.8.2020 година. Во текот на своето досегашно работење предава неколку предмети од обласста на англискиот јазик на матичниот факултет: Современ англиски јазик 5, 6, 7 и 8, држи вежби по предметите Преведување и толкување од англиски на македонски јазик, Преведување и толкување од

македонски на англиски јазик, Преведување на стручни и книжевни текстови, Морфологија на англискиот јазик 1 и 2 и ги предава Универзитетски англиски јазик 1 и 2 на нематичните факултети при УГД. Во периодот од 2020 до 2023 ги предава предметите Англиски јазик 1, 2, 3 и 4 на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски" во Скопје која е придружна членка на УГД. Активно учествува во работата на Институтот за јазици преку држење на курсеви за странски студенти и тестирање за добивање потврда за познавање на англиски јазик и сертификати по нивоа. Во изборниот период таа е член во рецензентски комисии за избор во наставно-стручни и наставни звања, ментор е на голем број дипломски работи и член во комисии за одбрана на дипломски работи и завршни испити, како и комисии за комисиски испити по повеќе предмети на Филолошкиот факултет при УГД. Таа е лектор по англиски јазик на повеќе списанија и зборници на Филолошкиот факултет и Земјоделскиот факултет.

**2.2. Научноистражувачка дејност (оценка на научните, стручните и други остварувања на кандидатот што се релевантни за утврдување на условите за избор во звање виш лектор):** Кандидатката м-р Биљана Иванова дава значаен придонес во истражувањата и дискусиите во областа *англиски јазик,* како автор и коавтор на голем број трудови објавени во меѓународни списанија и зборници, коишто ги наведуваме во продолжение со кратка евалуација за секој труд одделно.

**I. Трудови објавени во меѓународни научни списанија и во зборници од меѓународни научни конференции**

**1. Ivanova, Biljana** and Kuzmanovska, Dragana and Vitanova-Ringaceva, Ana and Marolova, Darinka (2024) Integrative versus instrumental motivation among foreign language online learners. INTED2024 Proceedings. pp. 3895-3901. ISSN 978-84-09-59215-9 URL:https://eprints.ugd.edu.mk/33850/

Евалуација на трудот: Овој труд ја истражува интегративната и инструменталната мотивација на турските студенти кои учат македонски, англиски и германски јазик онлајн на Институтот за јазици – Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Република Северна Македонија. Студијата беше спроведена со 300 студенти кои посетуваа онлајн курс за странски јазици како дел од нивниот подготвителен курс и го испитува влијанието на онлајн индивидуалните и заедничките активности врз нивната мотивација за странски јазици. Резултатите сугерираат дека инструменталната и интегративна мотивација кај турските студенти кои учат македонски, англиски и германски јазик варира во зависност од возраста, полот, приходите, образованието, лингвистичкото потекло и целниот јазик. Со идентификување на забележителни афективни и когнитивни фактори кои влијаат на одлуките на средношколците и претежно учениците со напредно ниво кои зборуваат англиски, германски и македонски јазик, ова истражување би можело да прикаже дополнителен увид во тековното истражување. На крајот на краиштата, со ова истражување, наставниците, професорите, образовните професионалци и другите заинтригирани да дознаат за факторите кои влијаат на одлуките на изучувачите на странски/втор јазик да зборуваат странски јазик, може да го најдат ова корисно во рамките на изучување и држење настава по втор јазик. Мотивите за ова истражување произлегоа и од нашите лични искуства во зборувањето на друг јазик. Бевме љубопитни зошто беа донесени одредени одлуки да не се зборува англиски, германски и македонски јазик дури и кога студентите избраа да живеат во странска земја и посетуваа јазичен институт за да се запознаат со странски/

втор јазик. Оваа студија потврдува дека разликите помеѓу инструменталната и интегративната мотивација се значајни во онлајн учењето јазици и се применливи и во други културни контексти.

**2. Ivanova, Biljana** and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana (2023) Speaking and writing skills affecting the acquisition of foreign languages. Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 18 (1). pp. 80-89. ISSN 2545-4439 URL:https://eprints.ugd.edu.mk/32350/

Евалуација на трудот: Комуникацијата е двонасочна активност помеѓу две или повеќе лица и може да се одвива на многу различни начини, во зависност од ситуацијата или местото. Тоа подразбира пренос на информации и знаење од извор до примачот и е процес со кој испраќачот/изворот стигнува до примачот/дестинацијата со мисли, идеи, чувства, факти и вредности. Успешната комуникација се вели дека се случува кога примачот не само што ја прима пораката, туку и ја прифаќа, толкува и користи на тој начин наменета од изворот. Овој труд се обидува да го испита влијанието на вештините за пишување и зборување кај студентите на англиски и германски јазик како странски јазик од испитување на резултатите добиени од прашалникот. Прашалникот вклучува 10 прашања на кои одговорија вкупно 40 студенти од Катедрите за англиски јазик и книжевност и германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Како што покажуваат резултатите од нашата анкета, студентите од двете катедри дале слични или исти одговори за вештините за зборување и пишување, освен прашањето број седум во врска со нивото на анксиозност, што значи дека тие технички претставуваат значителен напор во учењето на јазик. Без разлика дали се работи за пишување или читање, потребно е да се слуша соговорникот и правилно да го прочита напишаното, а тоа се постигнува со соодветно проучување на јазикот и совладување со цел да се надминат сите пречки за негово усовршување и отстранување на анксиозноста. Визуелното учење исто така многу помага овде, предавања, медиуми, интервјуа, состаноци, кои се брз извор на информации и исто така се многу ефикасни во совладувањето на овие вештини.

**3.** Vitanova-Ringaceva, Ana and Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and **Ivanova, Biljana** and Kirova, Snezana (2023) “Flipped classroom” – the future of modern teaching. EDULEARN23 Proceedings of 15th International Conference on Education and New Learning Technologies. ISSN 2340-1117 **URI:https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32210**

**Евалуација на трудот**: Направено е темелно истражување во рамки на наставниот процес во кој се вклучени студенти коишто студираат филолошки науки, со цел да се воочи функционалноста на методот „превртена училница“ во високото образование. Во истражувањето учествувале студенти и професори од групите: македонски јазик и книжевност, англиски јазик и книжевност, италијански јазик и книжевност и германски јазик и книжевност. Во првиот дел од истражувањето е спроведена електронска анкета меѓу студентите за да се добие информации за тоа дали имаат сознанија за методот „превртена училница“ и дали биле дел од наставата во која истиот се применувал. Вториот дел од истражувањето се состои од работилници во кои тимот наставници на соодветен начин ги запозна студентите со методот „превртена училница“ што всушност е подготовка за третата фаза од истражувањето во која тие треба да го применат овој метод врз наставната единица Фразеологизмите во јазикот што го студираат. Целта на ова истражување е да се насочат студентите да размислуваат во насока на употреба

на современи наставни методи коишто се актуелни во светски рамки. Добиените резултати, како и истражувачките стратегии се приложени во шематски прикази и табели.

**4.** Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kirova, Snezana and **Ivanova, Biljana** (2023) Finding a suitable method for teaching Phraseological units. EDULEARN23 Proceedings of 15th International Conference on Education and New Learning Technologies. ISSN 2340-1117 **URI:https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32208**

**Евалуација на трудот**: Во трудот е прикажано истражување спроведено во рамките на наставниот процес во коешто се вклучени вкупно 50 студенти од прва до четврта година од СП Англиски јазик и книжевност, СП Германски јазик и книжевност, СП Италијански јазик и книжевност и СП Македонски јазик и книжевност. Во еден дел од трудот се презентира прашалникот во кои дадени примери за примена на методот *Conceptual Metaphor* во рамките на воспитно-образовниот процес и споредба со традиционалниот метод на поучување на фразеолошките единици. Во другиот дел од трудот се презентираат ставовите на учесниците во врска со примената на погореспоменатиот метод.

**5.** **Ivanova, Biljana** and Trajanovska, Elena and Kirova, Snezana (2022) Investigation of students' motivation and anxiety at the Military academy 'General Mihailo Apostolski' while learning English as a foreign language. Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 17 (2). ISSN 1857 - 8705 URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31238

**Евалуација на трудот**: Разгледувањето на анксиозните реакции на учениците при учењето да зборуваат друг јазик од страна на наставникот по јазик се смета за многу важно за да им се помогне да ги постигнат замислените цели за изведба на целниот јазик. Оваа студија се обиде да ги истражи факторите од кои јазичната анксиозност веројатно може да произлезе и во средината и надвор од училницата, училница во поширок социјален контекст и мотивацијата потребна за подобрување на таа анксиозност со давање препораки за различни стратегии за справување со неа. Оваа студија користеше квалитативен полуструктуриран формат на интервју и техника на дискусија во фокус-група за да го истражи проблемот. Студентите на Воената академија - Ученици на ESL/EFL учествуваа во истражувањето. Наодите сугерираат дека јазичната анксиозност може да потекнува од сопственото чувство за „јас" на учениците, нивното спознание поврзано со себе, тешкотии во учењето јазик, разлики во културата на учениците и целните јазични култури, разлики во социјалниот статус на говорниците и соговорниците и од стравот од губење на идентитетот. На педагошките импликации на овие наоди за разбирање на анксиозноста од втор/странски јазик се дадоа насоки за подобрување на комуникациските способности на учениците на целниот јазик во согласност со нивото на анксиозност со потребната мотивација, како и предлози за идни истражувања.

**6.** Vitanova-Ringaceva, Ana and Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Kirova, Snezana and **Ivanova, Biljana** (2022). *Компаративните фразеологизми и нивната функција во градењето на мотивот „невино прогонетите хероини" во сказните на браќата Грим.* Knowledge International Journal, 54.5 (5). pp. 779-785. ISSN 2545-4439 **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30386**

**Евалуација на трудот:** Овој труд има за цел да ги детектира компаративните фразеологизми што се употребени во функција на опис на ликовите на двете хероини, со слична структура на лик. Изворниот корпус на лингвистичкиот

материјал за овој труд се сказните на Браќата Грим, во оригинал на германски и во превод на англиски, италијански и македонски јазик. Во овој труд фокусот е врз двете хероини во сказните „Снежана“ и „Пепелашка“ кои имаат заеднички статус на „невино прогонети хероини“. Целта на овој научно-истражувачки труд е да ги претстави сличностите и разликите во фразеолошките состави што се употребени во ист контекст, а во сосема различни јазични системи: македонскиот, германскиот, англискиот и италијанскиот. Трудот ги спојува знаењата од областа на фолклорот и од областа на јазикот, во корелација со наставниот процес, низ кој студентите ги стекнуваат неопходните знаења од двете полиња на интерес.

**7.** Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kirova, Snezana and **Ivanova, Biljana** and Koteva, Ivana and Todorova, Marija (2022). *Perception of Women in Society Given through Proverbs and Sayings.* EDULEARN22 Proceedings of 14th International Conference on Education and New Learning Technologies. pp. 5345-5349. ISSN 2340-1117. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30092**

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се дава преглед на улогата на жената во општеството преку анализа на поголем корпус на поговорки и изреки со компонентата „жена“ на македонски, германски, англиски, италијански, шпански и турски јазик. Се прикажуваат резултати од истражување во кое учествуваат студенти од трета и четврта година од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Студентите анализираат околку 50 поговорки и изреки на погореспоменатите странски јазици и нивните еквиваленти на македонски јазик. Прво се прикажуваат резултатите за позитивните и негативните карактеристики на жената, а потоа се прави споредба и се утврдува дека има повеќе сличности отколку разлики во однос на позитивната и негативната перцепција на жената во општеството.

**8.** Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Kirova, Snezana and Vitanova-Ringaceva, Ana and **Ivanova, Biljana** (2022). *Using Fairy Tales for Enriching the Vocabulary of Foreign Languages.* INTED 2022 Conference Proceedings 16th International Technology, Education and Development Conference, pp. 5261-5266. ISSN 2340-1079. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29840**

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прикажуваат резултати од истражување во кое учествуваат студенти од трета и четврта година од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, од студиските програми по англиски, германски, италијански и македонски јазик и книжевност. Истражувањето се состои од два дела. Во првиот дел се прави анализа за тоа колку читањето бајки во детската возраст помага за збогатување на вокабуларот и учење на поголем број фразеологизми. Вториот дел од истражувањето се состои во утврдување на познавањето на фразеологизмите кои се најмногу застапени во бајките „Снежана“ и „Пепелашка“ на мајчин и на странскиот јазик што го изучуваат студентите, како и примената на фразеологизмите.

**9.** **Ivanova, Biljana** and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana (2021) *Foreign language acquisition in schools.* ФИЛКО- Зборник на трудови од Шеста меѓународната научна конференција за филологија, култура и образование,6 (6). ISSN 978-608-244-871-8 **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29749**

**Евалуација на трудот**: Во овој труд се прави анализа на основните предуслови неопходни за изучување на странските јазици и нивното усвојување во училиштата. Усвојувањето странски јазик во рамки на наставниот процес

подразбира ангажман од страна на наставниците којшто вклучува употреба на соодветни методи, преку кои се олеснува освојувањето на странскиот јазик. Реализацијата и резултатите од истата во целост зависат од компетентноста на наставниците во делот со планирањето на активностите за самиот час.Основната и најважна алатка за успешна реализација на часот во кој треба да се совладаат вештините за изучување на странскиот јазик е мотивацијата. Мотивацијата како индивидуална и групна активност е носечкиот елемент врз кој се темелат резултатите коишто треба да бидат предмет на евалуација. Мотивацијата треба да биде најзначајниот сегмент врз кој паѓа фокусот на наставникот при планирање и реализација на самиот час.

**10.** Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kirova, Snezana and Ulanska, Tatjana and **Ivanova, Biljana** (2021). *Phraseological units - "A thorn in the side" or "Icing on the cake" for language learners?* EDULEARN21 Proceedings of 13th International conference on education and new learning technologies. pp.11111-11115. ISSN 2340-1117. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28300**

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прикажува истражување кое има за цел да ја нагласи важноста на фразеологизмите во непречената комуникација на странски јазик, и тоа на англиски, германски, италијански и на македонски јазик. Во трудот авторките се обидуваат да дадат одговор на прашањата: „Дали студентите- филолози од трета и четврта година на студии ги познаваат и препознаваат фразеологизмите како специфични лексички категории?"; „Дали студентите филолози сметаат дека фразеологизмите се алатки кои укажуваат на повисоко ниво на познавање на странскиот јазик?" и „Дали студентите филолози ги сметаат фразеологизмите како „трн во око", или пак, како „црешка на шлагот"?". Во истражувањето учествуваат 65 студенти од Катедрите за англиски, германски, италијански и македонски јазик и книжевност.

**11.** Ulanska, Tatjana and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and **Ivanova, Biljana** (2021) Semantic features of kinship terms in Macedonian, English and German. Vospitanie Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, 16 (1). pp. 55-59. ISSN 1857-8705 **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28426**

**Евалуација на трудот:** Трудот ги опишува семантичките карактеристики на роднинските поими на македонски, англиски и германски јазик и се обидува да направи анализа од семантички аспект на посочените јазици. Во трудот се споредува семантиката на роднински термини од перспектива на компаративна анализа на македонскиот, од една страна, со англискиот и германскиот од друга. Ваквата анализа е потребна бидејќи различните јазични групи имаат свои различни семантички карактеристики. Трудот дава увид во компаративната анализа, прикажувајќи ги сличностите и разликите во лексичките полиња на роднинските поими и на крајот се извлекуваат важни заклучоци и согледувања за нивните културни особености.

**12.** Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Ulanska, Tatjana and **Ivanova, Biljana** (2020) *Phraseological equivalence as a communication tool.* INTED2020 Proceedings of 14th International Technology, Education and Development Conference. ISSN 2340-1079 **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24126**

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторите се обидуваат да го разјаснат поимот еквиваленција преку примери на германски и англиски фразеологизми, како широко користени јазици. Воедно целта е да се истакне важноста на поимот еквиваленција во однос на фразеологизмите. Како главна алатка за комуникација

се посочува еквивалентноста, а тоа е наоѓање на правилни јазични паралели меѓу јазиците на кои се одвива комуникацијата. Во овој контекст треба да ги спомeнеме фразеологизмите како специфична јазична категорија, карактеристична за секој јазик поединечно, што всушност е голема пречка за комуникација на различни јазици. Проблемот е во неможноста секогаш да се најдат соодветни еквиваленти на изворниот јазик во целниот јазик.

**13. Ivanova, Biljana** and Kirova, Snezana and Kuzmanovska, Dragana (2020) *Анксиозноста кај учениците при изучувањето на странски јазик*. Годишен зборник на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, 9 (9.) ISSN 1409-9187 **URI:** **https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26611**

**Евалуација на трудот:** Главен фокус на истражувањето во овој труд се причините за анксиозноста при учење странски јазик. Од една страна се испитуваат ситуационите варијабли, а од друга варијаблите на учениците. Истражувањата покажуваат дека постојат одредени карактеристики на учењето странски јазик кои имаат потенцијал да предизвикаат анксиозност кај учениците која во други ситуации на учење не би ја доживеале.

**14. Ivanova, Biljana** and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana (2020) *Предности при изучувањето на странски јазик од најмала возраст*. ФИЛКО - Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 5 (5). ISSN ISBN: 978-608-244-787-2 **URI:** **https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27595**

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледуваат предностите при изучувањето на странски јазик од најмала возраст кога всушност и треба да се наметне потребата и значењето на една ваква активност. Изучувањето на странскиот јазик од најмала возраст вклучува посебни програми по коишто се водат наставниците. Генерално, учењето и зборувањето на повеќе од еден јазик се смета за предност. Зборувањето втор или странски јазик за една личност претставува можност да комуницира со поголем број луѓе, зголемувајќи ги своите образовни, социјални и професионални можности.

**15. Ivanova, Biljana** and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana (2020) *The influence of evaluation on students' motivation to learn a foreign language*. Vospitanie Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, 11 (15). pp. 105-110. ISSN 1857-5331 **URI:** **https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24406**

**Евалуација на трудот:** Овој труд се занимава со прашањето како различните методи на евалуација даваат можности на учениците да исполнат различни мотиви. Целни групи се студенти од трета година од Катедрите англиски јазик и книжевност, германски јазик и книжевност и македонски јазик и литература на Филолошкиот факултет, Универзитет Гоце Делчев – Штип, по 15 од секоја насока. Тие одговараат на 15 прашања во врска со различните методи со кои се оценуваат. Резултатите се користат за да ни дадат увид во влијанието на различните методи на оценување врз мотивацијата на студентите и да послужат како инспирација за наставниците.

**II. Учество на меѓународни научни конференции и собири**

1. **Иванова Биљана** (2020). Петта меѓународна научна конференција „Филологија, култура и образование - ФИЛКО". Усна презентација на трудовите „Моќта на фразеологизмите во светот на рекламите" и „Предности при изучувањето на странски јазик од најмала возраст". Воронешки државен универзитет, Воронеж, Русија и Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 8-9 октомври 2020 година;

**2. Иванова Биљана** (2020). 14th International Technology, Education and Development Conference INTED2020. Усна презентација на трудовите „Phraseological equivalence as a communication tool" и „Extra linguistic factors behind lexical change in modern English, Spanish and German". Валенсија (Шпанија), 2-4 мај 2020;

**3. Иванова Биљана** (2021). 13th International conference on education and new learning technologies EDULearn21. Усна презентација на труд со наслов „Phraseological units - "A thorn in the side" or "Icing on the cake" for language learners?". 5-6 јули 2021;

**4. Иванова Биљана** (2021). Шеста меѓународна научна конференција „Филологија, култура и образование - ФИЛКО". Усна презентација на труд со наслов „Foreign language acquisition in schools". Воронешки државен универзитет, Воронеж, Русија и Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 18-19 октомври 2021 година;

**5. Иванова Биљана** (2022). 16th International Technology, Education and Development Conference INTED2022. Усна презентација на труд со наслов „Analysis of Grammar Vocabulary in Foreign Language Textbooks: Italian, German, English, and Macedonian", Валенсија (Шпанија), 7-8 март 2022;

**6. Иванова Биљана** (2022). 14th International Conference on Education and New Learning Technologies EDULEARN22. Усна презентација на труд со наслов „Perception of Women in Society Given through Proverbs and Sayings". Палма, Шпанија, 4-6 јули 2022;

**7. Иванова Биљана** (2022). VII Меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик - извор на научни истражувања". Усна презентација на труд со наслов: „Етнонимските фразеологизми" (анализа на германски и англиски фразеолошки корпус и приказ на нивни македонски еквиваленти)". Скопје, 19–20 октомври 2022;

**8. Иванова Биљана** (2023). 15th International Conference on Education and New Learning Technologies EDULEARN23. Усна презентација на труд со наслов: „Finding a suitable method for teaching Phraseological units". Палма, Шпанија, 3-5 јули 2023;

**9. Иванова Биљана** (2023). Меѓународна научна конференција Опсцена и друга колоквијална лексика у српском и македонском језику. Усна презентација на трудовите: „Пежоративни и опсцени изрази у дијалозима и монолозима у књижевности и њихови преводи (немачки-македонски, македонски-немачки)" и „Најчесто употребуваните вулгарни лексеми во фразеологизмите". Филозофски факултет, Универзитет во Ниш, 17-18 октомври 2023 година;

**10. Иванова Биљана** (2023). Меѓународен научен собир „Денови на Благоја Корубин". Усна презентација на труд со наслов: „Позитивни искуства од употребата на Фразеолошкиот речник на македонскиот јазик во изучувањето на јазиците во рамки на наставниот процес". Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 4-5 мај 2023 година;

**11. Иванова Биљана** (2024). Меѓународна научна конференција INTED2024. Усна презентација на труд со наслов „Integrative versus instrumental motivation among foreign language online learners". Валенсија,Шпанија, 4-6 март 2024 година.

**12. Иванова Биљана** (2024) Меѓународна научна конференција Education and new developments (END) 2024. Усна презентација на трудовите со наслов „Intercultural translation - achieving dynamic equivalence in translating specific terms of material and spiritual culture" и „Zoonym phraseological units as hate speech in youth vocabulary", Порто, Португалија, 15- 17 јуни, 2024 година.

**IV. Завршна евалуација на наставно-образовната и научноистражувачката дејност на виш лектор м-р Биљана Иванова**

Од приложениот список на објавени трудови, на реализираните активности во последните пет години како и од евалуацијата на секој труд и на секоја активност поединечно, може да се забележи дека кандидатката м-р Биљана Иванова објавила солиден број научни и стручни трудови и реализирала голем број активности. Нејзината ангажираност по предмети во наставата на прв циклус, активното учество во работата на Институтот за јазици, поголемиот број трудови објавени во меѓународни научни списанија, учеството на меѓународни научни конференции во државата и надвор од неа, менторството, покажуваат дека кандидатката виш лектор м-р Биљана Иванова во периодот од претходниот избор во виш лектор до денес, реализирала мошне плодотворна наставно-педагошка и научноистражувачка дејност. Со тоа, кандидатката дала свој значаен придонес во наставно-образовниот процес на Филолошкиот факултет во Штип и во оспособувањето на помлади наставници и соработници.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Биљана Иванова е вклучена во подготвување и креирање на наставните програми за прв циклус на студии за СП Англиски јазик и книжевност, за период 2021 – 2025 година.

**V. Учество во научни проекти**

1. **Биљана Иванова**, истражувач (2023-2025). Научноистражувачки проект „Фразеологизмите како јазична, книжевна и културолошка нишка во наставата по македонски и по странски јазик", Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. (Одлука бр. 1902-136/14 од 14.6.2023 година донесена на 270. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип). URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32633

**Евалуација на проектот:** Предмет на истражување се придобивките од употребата на фразеологизмите како од јазична, така и од книжевна и културолошка гледна точка. Исто така фокусот на проектот е врз имплементирање на фразеологизмите во наставата по мајчин и по странските јазици кои се изучуваат на Филолошки факултет во Штип. Учесници во проектот се студентите од сите катедри на Филолошкиот факултет. Проектот цели кон стекнување и развивање на вештини кај студентите за препознавање и правилна употреба на фразеологизмите.

**VII.Учество на обуки, семинари, веб-конференции и предавања, организација на настани**

Иванова активно е вклучена во сите настани, работилници, вебинари, хуманитарни акции, конференции, практична настава, гостувања на професори од странство и сл. кои се организираат во рамките на Филолошкиот факултет.

**VIII.Учество во универзитетски и факултетски органи, тела, комисии и слично**

**1.** Член на Институт за јазици на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;

**2.** Член на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-

стручни звања за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2021 г.(Одлука бр. 1902-100/4 од 26.4.2021 г.);

**3.** Член на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-стручни звања за наставно-научната област англистика на Воена академија, генерал „Михајло Апостолски“, придружна членка на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2021 г. (Одлука бр. 02-11/43 од 17.6.2021 г.);

**4.** Член на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-стручни звања за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2021 г. (Одлука бр. 1902-212/5 од 10.12.2021 г.);

5. Член на Комисија за избор на еден помлад асистент во сите звања во наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр.1902-212/14 од 10.12.2021 г.);

***4. Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката м-р Биљана Иванова***

Евалуацијата на резултатите што ги постигнала кандидатката виш лектор м-р Биљана Иванова покажува дека таа има искуство и достигнувања во трите посебни дејности. Во наставно-образовната дејност Биљана Иванова има искуство во високото образование како *виш лектор* по предмети од областа *англиски јазик* како дел од студиските програми од прв циклус студии на Филолошкиот факултет во Штип. Објавените научни трудови во списанија со меѓународен карактер, како и учеството на меѓународни научни конференции, зборуваат за сериозниот пристап на кандидатката и во научноистражувачката работа, а учеството во голем број активности во функција на унапредување на нејзиниот личен професионален развој, сведочат за една богата и продуктивна стручно-апликативна дејност на кандидатката м-р Биљана Иванова.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци и приложената документација за кандидатката, членовите на Рецензентската комисија со задоволство заклучуваат дека виш лектор м-р Биљана Иванова во целост ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-стручно звање *виш лектор*, предвидени со Законот за високото образование и со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Имено, како што може да се види од фактите изнесени погоре, м-р Биљана Иванова има наставно искуство во високото образование како виш лектор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во последните 8 години. Кандидатката има плодна научноистражувачка работа што се гледа од големиот број објавени трудови во меѓународни научни списанија и публикации и учеството како истражувач во научноистражувачки проект. Кон тоа треба да се приложи и активното учество на кандидатката на меѓународни научни конференции и бројни обуки за перманентно усовршување. Не помалку важен е и нејзиниот придонес во унапредувањето на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, преку активното учество во работата на бројни комисии, органи и тела. Нејзиниот ангажман во голем број

настани од значење за Факултетот и Универзитетот говори за нејзиниот сериозен пристап и професионалност. Сето тоа сведочи за посветена и сериозна работа и постигнати резултати во наставно-образовната, во научноистражувачката, во стручно-апликативната и во организациско-развојната дејност.

Имајќи ги предвид предочените факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката, виш лектор м-р Биљана Иванова, во наставно-стручно звање *виш лектор* за наставната област *англиски јазик*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Нина Даскаловска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Адријана Хаџи-Николова, виш лектор, член, с.р.
М-р Драган Донев, виш лектор, член, с.р.

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА И ОПШТА ЛИНГВИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 192-156/14 донесена на 287. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 8.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области *англистика 6.02.01.16* и *општа лингвистика 6.02.01.28* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **проф. д-р Нина Даскаловска (претседател)**, редовен професор за наставно-научните области 64004 Англистика; 64028 Методика на јазик; 61225 Методика на литературата на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- **проф. д-р Вероника Карева (член)**, редовен професор за наставно – научните области 64004 Англистика и 64011 Применета лингвистика на Факултетот за јазици, култури и комуникација при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово;
- **проф. д-р Зорица Трајкова – Стрезовска (член),** редовен професор за наставно – научните области 64010 Општа лингвистика, 64011 Применета лингвистика, 64004 Англистика и 64015 Социолингвистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Коха“ и „Слободен печат“ од 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: **д-р Натка Јанкова Алаѓозовска**, доцент на Катедрата по англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката Натка Јанкова Алаѓозовска ги има доставено следните документи:

1. Пријава; 2. Уверение за државјанство; 3. Три примероци од диплома за 3 циклус заверени на нотар; 4. Оригинал диплома за прв, втор и трет циклус; 5. Примерок од докторски труд; 6. Биографија; 7. Листа на објавени научни трудови; 8. Примероци од трудовите; 9. Сертификати од учество на конференции и други активности; 10. Уверение за положени испити од прв циклус; 11. Уверение за положени испити од втор циклус; 12. Уверение за положени испити од трет циклус; 13. Дипломи од прв и втор циклус заверени на нотар надополнети со решение за нострификација и еквивалент; 14. Одлука за претходен избор во звање доцент во областите за кои се врши изборот.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

***Биографски податоци***

Д-р Натка Јанкова Алаѓозовска е родена на 15.1.1986 во Струмица каде го завршила основното и средното образование со постојан одличен успех. Љубовта кон странските јазици и литературата се причина да се запише на Филолошкиот факултет „Св. Кирил и Методиј“ во Велико Трново, Бугарија и тоа како стипендиран странски студент. Дипломирала во најкус можен рок во јуни 2008 година со

просек на оценките од прв циклус 8,36 и се стекнала со стручен назив дипломиран филолог по англиски јазик со професионална квалификација „професор по англиски јазик“. Непосредно по дипломирањето се вработува како наставник по англиски јазик во СОУ „Никола Карев“ – Струмица каде остварува работен однос од 11 години и е избрана меѓу еден од подобрите наставници во средните стручни училишта во државата за време на своето работење. Нејзиното образование се надоградува во 2009 година кога завршила постдипломски студии на „Св. Кирил и Методиј“ во Велико Трново, Бугарија, со просек 9,15 и се стекнала со диплома за завршен втор циклус студии и научен степен магистер по англиска филологија – британистика со теза од областа британска книжевност. Во јуни 2009 година, преку програмата за размена на студенти Еразмус+, Натка Јанкова Алаѓозовска го остварува својот прв студиски престој во Велика Британија, на Универзитетот Волверхемтон за научноистражувачка работа за магистерската теза. Таму ги надоградува своите научноистражувачки вештини и во ноември 2009 година го одбранува магистерскиот труд насловен „Бајроновските херои и нивната готска метаморфоза во романите *Цејн Ер* и *Оркански височини*“ и се стекнува со титулата магистер по филолошки науки. По многубројните активности, во декември 2015 година се запишала на докторски студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Кон крајот на своите докторски студии во ноември 2017 год. го остварила и својот втор студиски престој кој е посебен услов за стекнување на дипломата за 3 циклус и тоа на престижниот „Јеил“ каде собира податоци за својата докторска теза. На 19.2.2019 год. се стекнала со титулата доктор по филолошки науки по одбранетата теза насловена „Познавање на интеркултурна комуникација кај наставниците по англиски јазик: споредбена студија на случај кај учениците од средното образование во Струмица и Русе“ со просек 9.60.

Од ноември 2019 година е избрана за доцент на Катедрата по англиски јазик и книжевност при „Универзитет Гоце Делчев“ во Штип и е во редовен работен однос.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор според Правилникот за критериумите за избор и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на УГД:***

1. Кандидатката д-р Натка Јанкова Алаѓозовска има завршено трет циклус на студии односно во февруари 2019 година ја одбранила својата докторска дисертација и се стекнува со титулата доктор по филолошки науки.
2. Остварен просечен успех од најмалку 8.00 на прв и втор циклус на студии, односно кандидатот има остварено 8.36 на прв циклус, 9.15 на втор циклус и 9.60 на трет циклус.
3. Покажува способност за наставно-научна и педагошка дејност преку успешниот ангажман како редовно вработен на Филолошкиот факултет при УГД и предава повеќе задолжителни предмети на Катедрата по англиски јазик и книжевност на прв и втор циклус.
4. Претходно е избрана за доцент на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, поточно во ноември 2019 година е избрана за доцент за наставно-научна област *наука за книжевноста* и *англистика* (Одлука бр. 1902-147/3) од 6.11.2019 на 201. седница на ННС на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип.

5. Има објавено минимум пет рецензирани меѓународни трудови во референтна научна публикација во областа во којашто се бира т. е. има објавено околу 40 публикации, од кои триесетина во последните пет години достапни на универзитетскиот репозиториум. Најистакнатите публикации следат во прилог во табелата, а сите објавени трудови ќе бидат образложени понатаму во овој реферат:

| Бр | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Jankova, Alagjozovska Natka (2020) | *Intercultural Competence – A Needed Component in Learning Foreign Languages* | Knowledge – International Journal, vol. 41.2 (Ebsco, Copernicus) | 16 |
| 2 | Jankova, Alagjozovska Natka (2021) | *Verb Morphology in the English and Macedonian Language* | Knowledge International Journal, vol. 46.6 (Ebsco, Copernicus) | 16 |
| 3 | Jankova Alagjozovska Natka; Daskalovska Nina; Hadzi-Nikolova Adrijana (2023) | *Intercultural Communication Sensitivity – A Prerequisite for Developing Intercultural Communication Competence* | Philologia, 21 (1), Faculty of Philology, Belgrade (Ebsco) | 22 |
| 4 | Jankova Alagjozovska Natka; Jovanovska Saska; Kamceva-Panova Lidija (2021) | *Intercultural Materials for Developing Intercultural Competence in ELT: The Case of High-school Books in English Language* | Vospitanie. Journal of Educational Sciences Theory and Practice. Vol 16. No2. UGD Stip (Ebsco) | 21 |
| 5 | Daskalovska Nina; Hadzi-Nikolova Adrijana; Jankova Alagjozovska Natka; (2023) | *The Use of Metacognitive Listening Strategies by English Language Learners* | European Journal of English Language Teaching, 8 (1) (Mendeley, Eric) | 10 |
| 6. | Hadzi-Nikolova Adrijana; Daskalovska Nina; Jankova Alagjozovska Natka; (2022) | *Distance Learning – Development, Types and Tools* | Palimpsest, International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research 7 (13), Scopus | 9 |

***Посебни услови:***

- Кандидатката покажува значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати што може да се види според прикажаните бројни публикации во индексирани списанија и списанија од домашни и странски собири.
- Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници преку соработка со колеги и соработници на Филолошкиот факултет во доменот на научноистражувачката работа и одржувањето на наставата.
- Има објавено една скрипта и еден практикум во е-библиотека, практикум и монографија од областа на англиска книжевност објавена во Обединето Кралство и преведена на повеќе јазици, како и делови во научни книги.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

1. ***Наставно-образовна дејност***

Кандидатката доц. д-р Натка Јанкова Алаѓозовска има големо искуство во наставно-образовната дејност како во средно образование така и во високо образование. Од ноември 2008 година, работи како наставник по англиски јазик во СОУ „Никола Карев" Струмица, а од септември 2011 год. е ангажирана како визитинг лектор на „Универзитетот ФОН" во Одделението во Струмица како лектор на Факултетот за применети јазици за областа *англистика*. Работното искуство поврзано со странските јазици и наставата продолжува на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и согласно Одлука на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во ноември 2019 година, д-р Натка Јанкова Алаѓозовска е избрана во звање доцент во наставно-научната област *наука за книжевноста* и *англистика* со искуство во високо образование над 10 години.

Во изборниот период како доцент од 2019-2024 година, доц. д-р Натка Јанкова Алаѓозовска била ангажирана за реализација на наставните предмети од прв циклус студии: Фонетика на англискиот јазик, Фонологија на англискиот јазик, Морфологија на англискиот јазик, Академско пишување и Интеркултурна комуникација на Катедрата за англиски јазик и книжевност. А, за потребите на наставно-образовниот процес на Филолошкиот факултет во Штип, Јанкова Алаѓозовска има објавено една рецензирана скрипта и еден рецензиран практикум насловен *Фонетика и фонологија на англискиот јазик* (рецензирана скрипта и практикум) кои се во согласност со програмата за предметите Фонетика и Фонологија на англискиот јазик кои се изучуваат во третиот и четвртиот семестар од студиите на англиски јазик и книжевност. Таа исто така има објавено монографија насловена „*Бајроновските херои во Викторијанската проза*" објавена во Обединетото Кралство преку која јасно се прикажува Викторијанската ера преку двата познати романи на сестрите Бронте, а воедно и истражувачките методи кои се користат за анализа на овие романи. Кандидатката исто така е класен раководител во рок од 4 години на студентите запишани во академската 2022/2023 согласно кредит-трансфер системот.

Треба да се истакне дека доц. д-р Натка Јанкова Алаѓозовска била член и ментор на голем број комисии за одбрана на дипломски трудови и претседател на Комисија за одбрана на магистерскиот труд на студентката Ана Митева (Димоска) под наслов „Усвојување на зборoредот од страна на македонските изучувачи на англиски јазик и улогата на јазичниот трансфер" (бр. на Одлука 1902-73/3).

Од наставно-образовните активности исто така може да се спомене и дека доц. д-р Натка Јанкова Алаѓозовска од октомври 2023 е ангажирана за изведување настава и испити на курсеви по Англиски јазик рамниште А1 и А2 во склоп на Институтот за јазици при Филолошкиот факултет во академската 2023/2024 година (бр. на Одлука 1902-193/7).

2. ***Научно-истражувачка дејност***

Истражувачката област на д-р Натка Јанкова Алаѓозовска се фокусира на англискиот јазик, книжевност и култура поточно областите интеркултурна комуникација, англиска литература и општа лингвистика. Таа има значаен придонес во научно истражувачката работа во областите *англистика* и *општа лингвистика*, како автор и коавтор на бројни трудови објавени во домашни и меѓународни списанија и зборници чијашто евалуација следува подолу:

***Објавени трудови на меѓународни конференции и собири:***

1. Serafimovska, Simona and Jankova Alagjozovska, Natka (2024). *The relationship between Multiculturalism and Feminism.* Bzt Turan Publishing House pp. 731-736. ISSN 978-625-6879-55-3 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34052

Главната цел на овој труд е да ги истражи различните дискурси за мултикултурализмот и феминизмот и да развие поинклузивно редефинирање на врската помеѓу мултикултурализмот и феминизмот. Студијата дава сеопфатно разбирање на сложената поврзаност помеѓу концептите мултикултурализам и феминизам според која родовата еднаквост често се злоупотребува во различни контексти и ситуации, што исто така штети на положбата на жените во општеството.

2. Jovanovska, Sashka and Jankova Alagjozovska, Natka and Koceva, Ana and Serafimovska, Simona (2024). *Auxiliary verbs in English language sentences.* Academy Global Publishing House. pp.605-613. ISSN 978-625-6830-98-1 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34102

Овој труд ги разгледува англиските помошни глаголи кои се интегрални компоненти на вербалната група. Дискусијата се одвива преку прегледување на истражувањата на различни автори, кои ги разликуваат примарните помошни глаголи и модалните глаголи. Секој сет на помошни глаголи се дискутира преку различните употреби за да се илустрира колку се клучни помошните глаголи за изучувачите на англиски јазик како странски јазик.

3. Jankova Alagjozovska, Natka and Serafimovska, Simona (2024). *The Importance of Communicative Competence in Foreign Language Learning.* 9th International New York Academic Research Congress On Social, Humanities, Administrative, and Educational Sciences Proceedings Book. ISSN 978-625-6879-51-5 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33876

Овој труд се фокусира на комуникативната компетенција која, всушност, е лингвистички термин кој се однесува на способноста на ученикот за втор јазик. Тоа не се однесува само на способноста на ученикот да ги применува и користи граматичките правила, туку и да формира правилни искази и да знае како соодветно да ги користи овие искази. Јазичните и интеркултурните компетенции не постојат паралелно и не се заменливи. Преминот од комуникативната компетенција кон интеркултурната компетенција се дискутира во оваа кратка теоретска студија и нивното значење во наставата по англиски јазик.

4. Jankova Alagjozovska, Natka (2024). *The Interplay between Morphology, Phonology and Phonetics in the English Language.* 11th International "Başkent" Congress on Social, Humanities, Administrative, and Educational Sciences Proceedings Book. ISSN 978-625-6879-47-8 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33874

Фонолошката структура на сложениот збор ја одразува неговата морфолошка структура, но не е изоморфна за таа структура. Морфолошката структура на сложениот збор одредува како фонетски се реализираат составните морфеми на зборот. Овој труд ја истакнува важноста на лингвистиката со посебно внимание посветено на поврзаноста на фонетиката, фонологијата, морфологијата и другите лингвистички дисциплини.

5. Jankova Alagjozovska, Natka and Serafimovska, Simona (2024). *Intercultural Lessons: Reality or Myth.* International Turkic World Congress on Social, Humanities, Administrative and Educational Sciences Proceedings Book, Baku - Azerbaijan. ISSN ISBN: 978-625-6879-43-0 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33590

Секој наставник има свој стил на предавање, а добрата настава во светот се состои од една важна цел, воспоставување добра комуникација со учениците. Многу често наставниците по англиски јазик имаат ученици од различни култури. Во оваа кратка теоретска и емпириска студија ќе бидат претставени некои набљудувања на часови по англиски јазик. Целта ќе биде да се потврди дека комуникацијата со ученици од различно етничко потекло може да биде предизвик бидејќи наставниците понекогаш не се интеркултурно обучени и немаат разбирање за културата на ученикот и нивниот животен стил.

6. Jankova Alagjozovska, Natka and Daskalovska, Nina and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2023). *Intercultural Communication Sensitivity - A Prerequisite For Developing Intercultural Communication Competence.* Philologia, 21 (1). pp. 101-111. ISSN 1451-5342 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33156

Оваа студија има за цел да докаже дека на наставниците во источниот дел на Република Северна Македонија сè уште им недостига интеркултурна обука и не ги развиле двата предуслови за интеркултурна компетентност: свесност за интеркултурна комуникација и чувствителност на интеркултурната комуникација. Користејќи прашалник за наставници поделен во средните училишта во Струмица (Р Н. Македонија) и испратен до наставниците во Русе (Р Бугарија) онлајн, беше мерено нивото на интеркултурна свест. Резултатите покажуваат дека 63 % од учесниците имаат средно ниво на интеркултурна свест и нема разлика во нивото на интеркултурна свест во однос на местото на живеење, односно земјата.

7. Jankova Alagjozovska, Natka and Jovanovska, Sashka (2023). *Improving English Pronunciation By Studying Phonetics and Phonology.* 7th International New York Academic Research Congress on Humanities and Social Sciences. ISSN 978-975-005 44-6–4 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31629

Во рамките на секое учење и предавање странски јазик, изговорот, односно говорната вештина е суштинска. За да се подобри изговорот на англискиот јазик, треба да се усвојат правилата на фонетиката и фонологија кои се занимаваат со звуците, нивните физички својства и односот на звуците и значење заедно со фонетската транскрипција. Оваа кратка студија го дава одговорот на прашањето зошто е важна фонетиката, фонетската транскрипција и фонологијата при подобрување на изговорот на англиски јазик.

8. Jovanovska, Saska and Jankova Alagjozovska, Natka (2023). *A Detailed Review of the Representation of Grammatical Forms in the Textbook Messages 1, Diana Goodey, Noel Goodey.* 12th International İstanbul Scientific Research Congress on Humanities and Social Sciences Proceedings Book. ISSN 978-975-00 544-1-9 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31629

Одлично познавање на граматиката на еден јазик е огромна предност. Наставникот кој предава странски јазик треба да го пренесе своето знаење на учениците на индивидуален начин. Сепак, овој процес е во голема мера под влијание на различните наставни пристапи. Подобрувањето или влошувањето на образовната практика во учењето јазик зависи и од одлуката на наставникот да избере соодветни приоди во наставата по граматика. Во овој труд се прави обид да се даде сеопфатна слика за изучувањето на граматичките структури кои се изучуваат во учебникот што се користи во основните училишта во Република Северна Македонија.

9. Daskalovska, Nina and Hadzi-Nikolova, Adrijana and Jankova Alagjozovska, Natka (2023). *The Use of Metacognitive Listening Strategies by English Language*

*Learners.* European Journal of English Language Teaching, 8 (1). pp. 19-33. ISSN 2501-7136 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31050

Целта на оваа студија е да се утврди употребата на метакогнитивните стратегии за слушање од страна на изучувачите на англиски како странски јазик во Република Северна Македонија. Учесниците во студијата беа две групи ученици поделени во две нивоа на јазичен развој: средно и напредно, со цел да се утврди дали употребата на стратегиите за слушање се менува со развојот на јазичното владеење.

10. Serafimovska, Simona and Jankova Alagjozovska, Natka (2023). *The role of modern technologies in learning English language during Covid-19 pandemic.* Knowledge International Journal, 56 (2). pp. 155-161. ISSN 1851-923 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32069

Во овој труд се прави обид да се нагласи напредокот во изучувањето на англискиот јазик во услови на пандемска криза со помош на современи технологии, кои несомнено одиграа клучна улога во образовниот процес. Успехот во изучувањето на англискиот јазик со примена на модерните технологии, во кои главното место го зазема учењето на далечина со употреба на електронски уреди, зависи од неколку фактори. Водечкото место во изучувањето на англискиот јазик во услови на пандемија беше употребата на современи технологии кои овозможија директно поврзување и интерактивност на голем број непосредни корисници.

11. Hadji-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina and Jankova Alagjozovska, Natka (2022). *Distance Learning - Development, Types and Tools.* Palimpsest, 7 (13). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30425

Трудот се фокусира на предностите и недостатоците на двете форми на учење на далечина.  Дополнително алатките како Microsoft Teams, Zoom и Google Meet се сметаат како најпогодни за синхрони начини за учење на далечина, како и Moodle, Blackboard, Google Classroom најпогодни за асинхрони начини за учење на далечина.

12. Jankova Alagjozovska, Natka and Jovanovska, Sashka (2022). *Speech Varieties of English Language: British vs. American.* Congress Proceedings Book. ISSN 978 605 7146182 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30275

Трудот се фокусира на историјатот на британскиот и американскиот англиски, разликите на овие варијации. Говорниците на еден јазик манифестираат секакви разлики, што ги прави јазиците специфични на сите нивоа – фонолошки, морфолошки, лексички, синтаксички и семантички и во три димензии – временски, просторни и социјални. Како и да е, иако најчесто се зборуваат варијациите американски и британски англиски и тие се генерално меѓусебно разбирливи, има доволно разлики за да предизвикаат повремени недоразбирања или понекогаш и непријатни ситуации.

13. Jankova Alagjozovska, Natka and Jovanovska, Sashka (2022). *The Most Common Morphological and Syntactical Mistakes in Academic Writing.* Congress Proceedings Book. ISSN 978-605-71461-7-5 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30643

Овој труд се фокусира на најчестите морфолошки и синтаксички грешки при академско пишување кај студентите. Во истиот се наведени 20 најчести грешки според истражување на Универзитетот Стенфорд споредени со грешките што ги прават студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип кои се поделени на морфолошки, синтаксички и грешки при цитирање и пишување референци.

14. Jovanovska, Sashka and Jankova Alagjozovska, Natka (2022). *Morphological Productivity in English Language.* 9th international Istanbul Scientific Research Congress: Congress full-text book. ISSN 978-605-71461-4-4 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30274

Морфологијата како лингвистичка дисциплина која се занимава со внатрешната структура на зборoформите може да се подели на две главни гранки и тоа: лексичка морфологија и граматичка. Едно од карактеристичните својства на јазикот е продуктивноста. Тоа подразбира способност за создавање и разбирање нови форми во јазикот од страна на говорникот. Во овој труд ќе бидат претставени најчестите процеси на зборообразување во англискиот јазик. Колку повеќе се користат нови зборови, зборовите се попродуктивни. Колку повеќе нови процеси на зборообразување се применуваат во еден јазик, толку тој јазик е попродуктивен.

15. Jovanovska, Sashka and Jankova Alagjozovska, Natka (2022). *Застапеност на граматичките форми во учебникот Welcome 2 од Елизабет Греј и Вирџинија Еванс.* Годишен зборник 2022, 13 (19). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30462

Овој труд ги истражува правилните решенија во поучувањето на граматичките структури од наставникот и во нивното изучување од учениците. Цел на ова истражување се граматичките структури во учебникот Welcome 2, Elizabeth Gray, Virginia Evans – Express Publishing, 2001 претставени преку морфолошки приказ на менливите и неменливите зборови и тоа: именки, заменки, придавки, броеви, глаголи, прилози, предлози и сврзници. Иако граматиката е структуриран систем, постојат голем број исклучоци.

16. Jankova Alagjozovska, Natka and Jovanovska, Saska and Kamceva Panova, Lidija (2021). *Intercultural Materials for Developing Intercultural Competence in ELT: The Case Of High-school Books in the English Language.* Воспитание / Vospitanie - Journal of Educational Sciences, Theory and Practice. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29325

Целта на овој труд е да покаже како интеркултурната компетенција може да се имплементира на часовите по англиски јазик. Истиот ќе потврди дека културната содржина е присутна во книгите на учениците, но она што е потребно се прецизни насоки и посветување поголемо внимание на правилното изведување на часот. Набљудувањата се избрани како истражувачки инструмент во оваа студија со цел детално да се објасни културната компонента во наставата по англиски како странски јазик.

17. Gjorgeva, Ivana and Jankova Alagjozovska, Natka (2021). *Angela Carter's Bloody Chamber in Relation to the Second Wave Feminism.* FILKO (6). pp. 31-38. ISSN 978-608-244-871-8 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29712

Овој труд има за цел да ја истражи многу дебатираната проблематика на постмодернистичките и феминистичките идеологии со испитување на некои текстови напишани од Ангела Картер. Тенденцијата на сегашната феминистичка стилистика најмногу се фокусира на идејата дека постои значајно женско пишување и стил кој се разликува од машкиот. „*Крвавата одаја на Картер*“ е збирка од преработени традиционални бајки.

18. Jovanovska, Sashka and Jankova Alagjozovska, Natka (2021). *The Adoption of a Foreign Language.* The Power of Knowledge. pp. 617-621. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28795

Целта на оваа студија е да приложи докази за усвојување на странски јазик. Во познатата статија за меѓујазичниот јазик, Селинкер (Selinker, 1984 [1972]: 35) го става влијанието на претходно изучениот јазик (мајчин јазик / L1) како еден од

главните фактори во развојот на меѓујазичниот јазик. Секој искусен наставник во предавањето на странски јазик е свесен за некои проблеми во совладувањето на јазикот кои се повторуваат од генерација на генерација.

19. Jankova Alagjozovska, Natka (2021). *Verb Morphology in the English and Macedonian Language.* Knowledge International Journal, 46 (6). pp. 1045-1051. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28794

Целта на овој труд е да ги објасни промените што се случуваат кај глаголските форми поради промена на глаголите според лице, време и аспект во англискиот и македонскиот јазик. Глаголот како најважен дел од реченицата се анализира употребен во различни глаголски времиња во англискиот и македонскиот јазик. Познавањето на граматичките правила - да знаете што е глагол, што е сегашно или минато време е од ограничена употреба освен ако не знаете како да го примените ова знаење во пракса.

20. Jankova Alagjozovska, Natka (2021). *Issues of Intercultural Communication in English Language Teaching.* Book of Proceedings 4th International Conference on Social Sciences and Humanities. ISSN 978-608-4868-16-3 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29324

Кога комуникацијата се одвива меѓу луѓе од различни култури и тие споделуваат заеднички јазик, работите секако можат да тргнат наопаку. Прашањата за интеркултурната компетентција како што се бариерите во комуникацијата, стереотипите, етноцентризмот, културниот шок и конфликтите ќе бидат дискутирани во оваа студија во однос на наставата по англиски јазик.

21. Jankova Alagjozovska, Natka (2021). *Intercultural Communication Cognition Of English Language Teachers In Our Country and Abroad.* FILKO 5. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28793

Во овој труд, наставниците по англиски јазик се избрани како фокус на истражувањето поради можностите за дискутирање на културни теми за време на часовите по англиски јазик. Сепак, интегрирањето на културата по другите предмети е исто така многу важно. Причината за тоа се мултикултурните училници и денешните можности за размена во странство во различни области (не само на англиски јазик како настава на училиште) како и европските проекти за кои е потребна интеркултурна компетентност за да може да се учествува во истите како и познавање на англиски јазик.

22. Jankova Alagjozovska, Natka and Jovanovska, Saska (2021). *Intercultural Communication Cognition of English Language Teachers in the Republic of North Macedonia and Bulgaria.* Yearbook 2021, Faculty of Philology, Goce Delcev University – Stip, XII (18). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29326

Оваа студија се фокусира на интеркултурната компетенција на наставниците по англиски јазик во Република Северна Македонија и Бугарија. Глобализацијата, имиграцијатата на луѓето во Европа и прекуокеанските земји и разновидните примени во општествата предизвика интеркултурната компетенција да стане тренд не само во областа на англискиот јазик, но и во други дисциплини како што се: бизнис и економија, комуникација, уметност, маркетинг итн.

23. Kamceva Panova, Lidija and Jankova Alagjozovska, Natka and Jovanovska, Saska (2021). *Language as a Barrier For Achieving Intercultural Communication Between Teachers and Students in Primary School.* Knowledge – International Journal, 49.2. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29301

Првиот чекор за успешна интеркултурна комуникација би требало да биде желбата и подготвеноста за средбата со „другите“ учејќи неколку фрази или реченици на нивниот јазик. Најдобар пример, почетен пример кон разбивање на овие стереотипи, предрасуди и страв, кои постојат кај одреден број наставници, би бил доколку наставникот со едно „добар ден“ на нивниот мајчин јазик ги поздрави учениците во одделението. Наставниците, двојазичноста и повеќејазичноста, треба да ја прифатат како предизвик и да усвојат основни знаења од јазикот на своите ученици сè со цел да воспостават што подобри односи и мотивација како кај учениците така и кај нивните родители. Но, колку нашите наставници се спремни за овој потег и покрај тоа што се среќаваат со овој вид на проблем при нивната секојдневна работа се прашањата кои ќе бидат одговорени во овој труд.

24. Jankova Alagjozovska, Natka (2020). *Интеркултурна компетенција - неопходна компонента за изучување странски јазици.* Knowledge –International Journal, 42 (2). pp. 383-389. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28790

Овој труд има за цел да ги објасни основните термини поврзани со интеркултурната комуникација. Преку студијата на случај се разгледува моменталната ситуација на статусот на културната компетенција кај студентите испитаници на Филолошкиот факултет. Во оваа студија беше применет структуриран прашалник за студенти. Во истражувањето учествуваа 27 студенти, а анкетата беше направена по одржана обука за запознавање со интеркултурната компетенција. Резултатите покажуваат дека студентите имаат развиена интеркултурна свест до некој степен и свесни се дека оваа компетенција е потребна, но таа мора да се научи и имплементира во програмите за учење на странски јазици во текот на образовниот процес.

25. Jankova Alagjozovska, Natka (2020). *Intercultural Education in North Macedonia: Challenges and Perspectives.* Knowledge – International Journal, 38.2. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24195

Овој труд има за цел да ги анализира наставните програми за настава по англиски јазик како странски јазик со акцент на интеркултурна содржина. Анализата ќе потврди дека методологијата по странски јазици во Република Северна Македонија е сè уште традиционална и многу често ориентирана кон методот на граматичко преведување, наставата се фокусира на наставникот, учебникот е во центарот на процесот и се става акцент само на јазичното знаење, а не на трендот на интеркултурна компетенција.

26. Jankova Alagjozovska, Natka (2019), *Implementation of Intercultural Education in the Republic of North Macedonia.* UBT International Conference. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28791

Нормално е да се менуваат барањата на поединецот т. е. компетентноста сфатена како комбинација од знаења, вештини и ставови, дозволувајќи му на поединецот ефективно да се справува со ситуации кои се повеќе се детерминирани од културните разлики. Овој труд посочува дека процесот на учење треба да се протега од наставата за индивидуални граматичка структури и теоретски знаења кон унапредување на комуникациските вештини и стекнување вештини за меѓукултурен дијалог.

***Делови во научни книги:***

27. Jankova Alagjozovska, Natka (2022). *Intercultural Communication in English Language Teaching: Perceptions, Models, Concepts and Theories.* In: Contemporary Issues

in Language Teaching. International Balkan University, Skopje, pp. 127-146. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30841

Интеркултурната комуникација станува суштински дел од образовниот систем во денешно време поради глобализацијата, имиграцијата и мултикултурните работни средини. Потребата за обука, знаење и истражување во оваа област се зголемува поради најновите трендови во образованието. Интеркултурната комуникација како сложен поим треба да се истражи од различни перспективи со цел да се дефинира. Од таа причина, поимите култура и комуникација кои се во врска со интеркултурната комуникација треба дополнително да се истражат.

28. Jankova Alagjozovska, Natka, and Simona Serafimovska. (2024). *Robison Crusoe and His Way to Moral Survival - An Analytical study from spatial perspective.* Space, Identity and Literature: Critical Perspectives Orient Longman (in press). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34491

Како Англичанец од градот Јорк во седумнаесеттиот век, најмладиот син на трговец со германско потекло е нетипичен прототип во англиското општество. Тоа е еден вид сага што се раскажува преку емотивниот дискурс на родителската забрана и ставовите и целите на потомците. Претставувајќи го својот татко како „странец од Бремен", го наведува Робинзон Крусо до позитивните ставови на читателите. Оваа научна книга се фокусира на анализи на различни романи од различни периоди поврзани со времето и просторот.

***Монографија:***

29. Jankova Alagjozovska, Natka (2022). The Byronic Hero And His Gothic Metamorphoses In Victorian Fiction. Other. OmniScriptum S.R.L., London, United Kingdom. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33985

Оваа книга се фокусира на романтичните и готските елементи во двата најпознати романи на Шарлот и Емили Бронтё: *Џејн Ер* и *Оркански височини*. Посебно внимание се посветува на метаморфозите на бајронскиот херој во тие романи како и на присуството на натприродни и готски елементи во нив.

***Учебни помагала во е-библиотека:***

30. Jankova Alagjozovska, Natka (2022). *Практикум по фонетика и фонологија на англискиот јазик.* ISBN 978-608-244-930-2 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31634

31. Jankova Alagjozovska, Natka (2022) *Фонетика и фонологија на англискиот јазик - скрипта.* ISBN 978-608-244-929-6. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31635

***Учество на меѓународни, домашни конференции и собири***

32. Serafimovska, Simona and Jankova Alagjozovska, Natka (2024). *The relationship between Multiculturalism and Feminism.* In: 12th International Congress on Humanities and Social Sciences in a Changing World, 11-13 Apr 2024, Izmir, Turkey.

33. Jovanovska, Sashka and Jankova Alagjozovska, Natka and Koceva, Ana and Serafimovska, Simona (2024). *Auxiliary Verbs in English Language sentences.* In: Balkan 11th International Conference on Social Sciences, APRIL 4 - 7, 2024, Skopje, North Macedonia.

34. Jankova Alagjozovska, Natka (2024). *Correcting Ethnocentrism by Acquiring Intercultural Communication Competence.* In: Third International Conference on Recent Trends in Multidisciplinary Research 2024 (ICORM 3.0), 26-27 April 2024,

Eudoxia Research University, New Castle, USA & Eudoxia Research Centre, India.

35. Jankova Alagjozovska, Natka and Serafimovska, Simona (2024). *The Importance of Communicative Competence in Foreign Language Learning.* In: 9th International New York Academic Research Congress On Social, Humanities, Administrative, and Educational Sciences, 08-10 Feb 2024, New York.

36. Jankova Alagjozovska, Natka (2024). *The Interplay between Morphology, Phonology and Phonetics in the English Language.* In: 11th International Baskent Congress on Social, Humanities and Educational Sciences, 08-10 Feb 2024, Ankara, Turkey.

37. Jankova Alagjozovska, Natka and Serafimovska, Simona (2024). *Intercultural lessons: Reality or Myth.* In: International Turkic World Congress on Social, Humanities, Administrative and Educational Sciences, 11-13 Jan 2024, Virtual participation.

38. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina and Jankova Alagjozovska, Natka (2023). *The role of motivation in developing reading skills in a foreign language.* In: 7th International Conference of the English Department, Faculty of Philology, University of Belgrade: English Language & Literature Studies: Modern pespectives and beyond, 21-22 Oct 2023, Belgrade, Serbia.

39. Jankova Alagjozovska, Natka and Daskalovska, Nina and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2023). *Intercultural Communication Sensitivity - A Prerequisite for Developing Intercultural Communication Competence.* In: English Language & Literature Studies: Modern Perspectives and Beyond, 21-22 Oct 2023, Belgrade.

40. Jankova Alagjozovska, Natka and Jovanovska, Sashka (2023). *Improving english pronounciation by studying phonetics and phonology.* In: VII. International New York Academic Research Congress on Humanities and Social Sciences Proceedings Book.

41. Jovanovska, Sashka and Jankova Alagjozovska, Natka (2023). *A detailed review of the representation of grammatical forms in the textbook messages 1, diana goodey, noel goodey.* In: 12th International Istanbul Scientific Research Congress On Humanities And Social Sciences Proceedings Book, January, 21-23 2023, Istanbul.

42. Учество на конференција „Кон концептот за едно општество и интеркултурализам" во организација на Владата на Република Северна Македонија, 3 октомври 2019, Скопје.

43. Учество во изработката на Зборник на трудови „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов", како јазичен уредувач на англиски јазик.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

За време на нејзиното вработување како доцент на УГД учествува во наставата и други истражувачки активности, како што се истражувања со студентите, одржани предавања надвор од наставата, остварена соработка со колеги од странство и учество како визитинг предавач на покана на странски универзитети и е член на повеќе комисии и факултетски тела.

Од другите стручно-апликативни дејности може да се истакне дека Јанкова Алаѓозовска е член во уредувачкиот совет на меѓународното престижно списание *Палимпсест,* како и на списанието *English Education Journal* (EDUJ), E-ISSN: 3026-295X. Во април 2024, за прв пат учествува на меѓународна конференција организирана од страна на Истражувачки универзитет Јудоксија, Њу Касл – САД со свое пленарно излагање со наслов „*Коригирање на етноцентризмот преку усвојување на интеркултурна компетенција*", а самиот труд е во процес на објавување во научна книга.

***Член на универзитетски тела и комисии:***

- Член на ННС на УГД
- Член на Институт на јазици
- Член на комисија за самоевалуација на Филолошки факултет
- Член на комисија за изработка на елаборат на втор циклус на студии
- Класен раководител на генерацијата запишана во академската 2022/2023
- Член на комисија за избор на најдобар есеј
- Член на рецензентска комисија за избор во звање лаборант, лектор, виш лектор и доцент на Филолошки факултет при УГД.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација што и беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Натка Јанкова Алаѓозовска.

Врз основа на деталната анализа на приложените документи, како и досегашната активност на кандидатката доц. д-р Натка Јанкова Алаѓозовска може да се заклучи дека таа поседува квалитети и способности во наставно-образовната, научно-истражувачката и апликативната дејност, располага со неопходни вештини потребни за успешна реализација на образовната и истражувачката работа и покажува посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски. Од прикажаните податоци може да се заклучи дека:

- Д-р Натка Јанкова Алаѓозовска е автор на над 29 публикации во меѓународни списанија од последниот избор 2019-2024;
- Се јавува како автор на дел од научна книга во државата и коавтор на дел од научна книга во странство;
- Активно е вклучена во наставата на Катедрата за англиски јазик и književност на прв и втор циклус студии;
- Автор е на една рецензирана скрипта, еден практикум и монографија за потребите на студентите од прв и втор циклус;
- Член е на уредувачкиот совет на списанието Палимпсест и *English Education Journal.*

Имајќи ги превид споменатите информации погоре во овој реферат, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката доц. д-р Натка Јанкова Алаѓозовска во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научните области *англиски јазик* и *општа лингвистика*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Нина Даскаловска, претседател, с.р.

Проф. д-р Вероника Карева, член, с.р.

Проф. д-р Зорица Трајкова Стрезовска, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | Поени | број | поени | Вкупно |
| | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научен труд во меѓународно научно списание<br>Прв автор ред. бр. 6, 16, 22, 24, 25<br>Втор автор ред. бр. 10, 15, 18, 23<br>Трет автор ред. бр. 9, 11 | 9x5<br>6x4<br>3x2 | | | | **75** |
| | Објавено учебно помагало во е-библиотека<br>Објавена скрипта и практикум<br>Реден бр. 30, 31 | 2 | 5 | | | **10** |
| | Монографија или научна книга<br>Реден бр. 29 | | | 1 | 15 | **15** |
| | Дел или поглавје од монографија или научна книга<br>Ред. бр. 27, 28 | 1 | 6 | 1 | 10 | **16** |
| | Пленарно предавање<br>Ред. бр. 34 | | | 1 | 6 | **6** |
| | Одржано предавање по покана на научна институција<br>1. „English Language" Academy, Global UBT Fest 2021<br>2. Summer Academy – Faculty of English language, 2022 | | | 2 | 3 | **6** |
| | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир<br>Прв автор<br>ред. бр. 1,3,4,5,7,12,13,20,21,26<br>Втор автор<br>ред. бр. 2,8,14,17 | 4,17,21 | 3x2=6 | 1,3,5,7,8, 12,13,14,26 | 9x3=27 | **33** |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјава и странство<br>Прв автор<br>Ред. бр. 34,35,36,37,39<br>Втор автор<br>Ред. бр. 32,33,40,41<br>Трет автор<br>Ред. бр. 38 | 2x0.5 (33,42) | | 9x1<br>32,34,35,36,37,39,40,41,42 | | **10** |
| | Рецензент на научен труд (Палимпсест x 6, Зборник x 2 – УГД) | 8 | | | | **8** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Член на уредувачки одбор на научно списание индексирано во Scopus – Палимпсест, English Education Journal | 1 | | 1 | | **2** |
| | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов“ 2023 – јазично уредување на англиски јазик, ред. бр 43 | 1 | | | | **1** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **212** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Член на ННС на Филолошки факултет | 1 | 2 | | | **2** |
| | Член на Институт за јазици | 1 | | | | **2** |
| | Класен раководител, согласно ЕКТС | 1 | 4 | | | **4** |
| | Организација на настани (работилници, обуки, стручни собири, тркалезни маси, дебати, семинари, вебинари и сл.)<br>- Организација на гостинско предавање на д-р Алма В. Лама (Универзитет за бизнис и технологија, Приштина) на тема *Вовед во лингвистиката;*<br>- Организација на гостинско предавање на д-р Даница Јетеровиќ Тишма (Факултет за филологија и уметност Крагујевац, Р Србија, на тема од областа Фонетика;<br>- Одржана работилница како предавач на тема *Најчести морфолошки и синтасички грешки во академското пишување* наменета за студентите од Филолошки факултет при УГД (март, 2022)<br>- Одржана работилница како предавач на тема *Важноста на интеркултурната компетенција во наставата по англиски јазик* (јули, 2020) | 4 | 2 | | | **8** |
| | Член на работна група<br>1. Комисија за избор на најдобар есеј;<br>2. Комисија за самоевалуација;<br>3. Комисија за спроведување испит по македонски јазик за странци;<br>4. Комисија за спроведување испит по англиски јазик за странци | 4 | 2 | | | **8** |
| | Член на работна група за изработка на елаборат за втор циклус студии | 1 | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **26** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **238** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-103/4 од 5.7.2024 година донесена на 260. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 5.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Комисијата работеше во следниов состав:

- проф. д-р Елена Темелковска Аневска, редовен професор на Правен факултет – Кичево, Универзитет Св. *„Климент Охридски“ во* Битола, претседател;
- проф. д-р Небојша Раичевич, редовен професор на Правен факултет при Универзитетот во Ниш, член;
- проф. д-р Јован Ананиев, редовен професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Дејан Шаролов.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Дејан Маролов е роден во Штип на 29 октомври 1983 год. Завршил основно образование во основното училиште „Гоце Делчев“ во Штип во 1998 година. Го продолжува своето образование во гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип до матурирањето во 2002 година. Своето образование го продолжува на Правниот факултет при Универзитетот ФОН во Скопје, Р Македонија. За време на своите додипломски студии ја добива стипендијата за талентирани студенти од Министерството за образование и наука (МОН). Во 2007 год. се здобива со титулата дипломиран правник (насока: Европско право и право на ЕУ). По дипломирањето со просечен успех од 8.48 го продолжува своето образование на магистерските студии при Европскиот институт за Високи меѓународни студии во Ница, Република Франција. При уписот на магистерски студии добива стипендија од страна на Европскиот институт во Франција. Во јули 2008 година се здобива со титулата магистер по меѓународни и европски студии со просечен успех од 14,50 (односно 8,17 согласно нострификацијата на Министерството за образование и наука на Р Македонија). По успешната одбрана на својот магистерски труд насловен како „Односите на ЕУ со западниот Балкан“ своето образование го продолжува на докторските студии на Европскиот центар за развој и мир (ЕЦРМ), при Универзитетот за мир во Белград, Р Србија, основан од страна на Обединетите нации. По одбраната на докторскиот труд насловен како „Распадот на Југославија и македонската надворешна политика“ во октомври 2011 година се здобива со титулата доктор на правни науки. Кандидатот има и диплома од завршена школа за дипломатски вештини при Европската академија за дипломатија во Варшава,

Полска (јули 2015 год.) како и диплома за завршена Clarivate's Publons Академија (сегашна Web of Science Academy) за рецензирање на научни трудови (јуни 2021). Од мај 2009 година е вработен како помлад асистент, а од февруари 2012 година и како асистент на областа меѓународно јавно право на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Во октомври 2014 година е избран за доцент за наставно-научната област меѓународно јавно право при Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Во мај 2019 год. е избран за вонреден професор за наставно-научната област меѓународно јавно право при Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип со Одлука бр.1102-84/30 од 23.5.2019 год. донесена на 177. седница на ННС на Правен факултет. Во текот на својот академски ангажман на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип изведувал настава (предавања и вежби) на прв циклус студии по предметите: Меѓународно јавно право, Основи на дипломатија, Меѓународни организации, Проектен менаџмент со ЕУ фондови, Дипломатско и конзуларно право, Лобирање и интересни групи, Номотехника, Надворешна политика и др. Воедно изведува настава на англиски јазик на меѓународната програма на прв циклус студии по Меѓународно право и меѓународни односи каде ги предава предметите Introduction to international public law (Вовед во меѓународно јавно право), Introduction to diplomacy (Вовед во дипломатија) и International organizations (Меѓународни организации). На втор циклус изведувал настава по предметите: Меѓународен правен поредок, Основи на дипломатија, Дипломатија и надворешни односи на ЕУ и Право на Европска Унија - применета програма, како и на трет циклус студии по предметот Дипломатско и конзуларно право, Меѓународно јавно право, Право на меѓународните организации и Интеграциски процеси на Европската Унија. Автор е на учебникот по Меѓународно јавно право на истоимената скрипта и практикум, на повеќе книги, поглавја и научни трудови пред сè од областа на меѓународните односи, меѓународното право и дипломатијата. Бил рецензент на повеќе научни трудови на покана на академски списанија како во земјата така и во странство, вклучително и списанија индексирани во базите на Scopus и Web of science („Nationalities Papers“ чиј издавач е Кембриџ Универзитетот кој е индексиран во Scopus, „Politics, Religion & Ideology journal“ чиј издавач е Taylor & Francis кој е индексиран во Scopus, а воедно има 1.8 импакт фактор за 2022 год., „Southeast European and Black Sea Studies“ чиј издавач е Taylor & Francis кој е индексиран во Scopus и воедно има 2.1 импакт фактор за 2022 год.). Како дел од својата работа бил рецензент на трудови презентирани на повеќе меѓународни конференции и објавени во зборници. За време на својата повеќегодишна работа на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, бил член во повеќе комисии, како во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Правниот факултет, Дисциплинската комисија, Уписните комисии за прв и втор циклус студии, Комисијата за избор на сенатори и др. Воедно учествувал и во промоција на Факултетот преку презентации во средни школи и други активности. Кандидатот бил ментор и член на комисии за одбрана на додипломски, магистерски и докторски трудови како на студенти од Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, така на покана и на други иституции и универзитети.

**Општи услови за избор:**

1. Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно.

Кандидатот има остварено просечен успех од 8.48 на прв циклус студии и просечен успех од 8.17 на втор циклус студии.

2. Научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.

Кандидатот е доктор на науки од научната област Меѓународно право и одбранета докторска дисертација со наслов: „Распадот на Југославија и македонската надворешна политика“ под менторство на проф. д-р Васил Тупурковски.

3. Претходно да биде избран во звање вонреден професор од научната област во која се избира:

Со Одлука бр. 1102-84/30 од 23.5.2019 г. на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип, Р Македонија, во 2019 година, кандидатот е избран за наставник во звање вонреден професор во наставно-научната област Меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип, Р Македонија.

4. Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно Законот за високо образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор.

Кандидатот од изборот во вонреден професор до денот на поднесувањето на пријавата има објавено повеќе научни трудови. Сите се објавени на е-репозиториум на Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Република Северна Македонија. Во продолжение се шест издвоени труда кои претставуваат референтни научни публикации во смисла на Законот за високо образование:

Marolov, Dejan (2024). *Security dilemma unveiled: a scholarly inquiry into the Palestinian-Israeli and Ukrainian-Russian conflicts through the prism of offensive and defensive realism.* Balkan Social Science Review. ISSN 1857-8772

Ivanova, Elena and Marolov, Dejan (2023). *Правото на образование низ призмата на практиката на Европскиот суд за човекови права.* Годишен зборник, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, 13 (13). ISSN 1857-8713

Bolek, Monika and Bolek, Cezary and Shopovski, Jovan and Marolov, Dejan (2022). *The consistency of peer-reviewers: Assessment of separate parts of the manuscripts vs final recommendations.* Accountability in Research. ISSN 0898-9621

Списание со импакт фактор од 3,4 за 2022 год. Web of Science - Clarivate Analytics.

Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2021). *Придавката „македонски“ во договорите со Бугарија (2017 год.) и со Грција (2018 год.).* Годишен зборник на Филолошки факултет бр. 18, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISSN1857-7059.

Bolek, Cezary and Marolov Dejan and Bolek, Monika and Shopovski Jovan (2020). *Revealing Reviewers' Identities as Part of Open Peer Review and Analysis of the Review Reports.* Liber quarterly, 30. ISSN 2213-056X

Marolov, Dejan (2019). *Детерминикација и демаркација на поимите „мала држава“ и „мала сила“.* Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISSN 1857-7059

5. Признати стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење во и надвор од земјава:

Кандидатот има добиено почесна академска титула од Универзитетот „Витрина“ - Тирана, Албанија (декември 2013) и почесен медал за академски достигнувања за образованието од Универзитетот „Григол Робакидзе“ во Тбилиси, Грузија (септември 2023). Во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на

науката има добиено признание како еден од најдобрите научници за 2022 год. од страна на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип (ноември 2023 год.). Согласно рангирањето на универзитети и научници на AD Scientific Index е рангиран на прво место по областите на право и меѓународно право во Република Македонија (март 2024 год.).

6. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик:

Кандидатот има доставено потврда за познавање на англиски јазик издадена од овластена институција регистрирана за странски јазици, во оригинал.

7. Има способност за изведување на високообразовна дејност:

Од изведувањето настава на прв, втор и трет циклус студии, менторства на дипломски и магистерски теми, како и член на комисии за изработка, одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови, а и богата научноистражувачка и стручно-апликативна дејност, произлегува дека кандидатот има способност за изведување на високообразовна дејност. Кандидатот во изминатите академски години има позитивна оценка од студентите по спроведената интерна анкета за самоевалуација.

**Посебни услови:**

1. Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати:

Во рамките на својата научноистражувачка работа, бил вклучен во проекти како „Стекнување практични компетенции за концептот на неутралност, со примена на дебата и критичко мислење во сферата на геополитиката и меѓународното право", каде што воедно бил и раководител на проектот. Периодот на реализација на проектот бил во временска рамка од една година (февруари 2020 – февруари 2021). Проектот беше организиран од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Во рамките на својата научноистражувачка работа, бил вклучен и во следниов проект: „Стекнување практични компетенции за реализирање и обработка на анкети од областа на надворешната политика". Периодот на реализација на проектот бил во временска рамка од една година (ноември 2022 – ноември 2023). Проектот беше организиран од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, а раководител на проектот беше вонр. проф. Дејан Маролов, Правен факултет – УГД Штип.

2. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници:

Кандидатот е избран за рецензент за избор на соработник Наташа Донева во звање асистент за научната област Меѓународни политички организации на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, РС Македонија. Кандидатот бил рецензент на повеќе трудови од областа меѓународно право во меѓународно научно списание на Правен факултет, Balkan Social Science Review.

Кандидатот бил рецензент на повеќе трудови од областа меѓународно право во зборниците на трудови од меѓународните научни конференции организирани под наслов „Општествени промени во глобалниот свет" на Правен факултет на Универзитет „Гоце Делчев", Штип, РС Македонија.

Кандидатот бил рецензент на предложени трудови од областа на меѓународно право во меѓународен зборник на трудови на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, РС Македонија.

Кандидатот бил рецензент на повеќе трудови во студентското списание Student Social Science Journal, во издаваштво на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Република Северна Македонија.

Кандидатот е избран за рецензент за издавање на скрипта со наслов „Меѓународни односи и дипломатија" од авторот д-р Анета Стојановска-Стефанова, доцент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип, РС Македонија.

Кандидатот е избран за рецензент за издавање на практикум со наслов „Меѓународни односи и дипломатија" од авторот д-р Анета Стојановска-Стефанова, доцент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип, РС Македонија.

Има објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира:

Кандидатот има објавено две скрипти по Меѓународно јавно право, два практикуми по Меѓународно јавно право и учебник по Меѓународно јавно право. Исто така кандидатот има објавено повеќе монографии од областа на меѓународното право. Во периодот од изборот во наставно-научно звање вонреден професор до денот на поднесување на документацијата по конкурсот кандидатот бил автор или коавтор на повеќе монографии од областа на меѓународното право и меѓународните односи:

Galeva, Jordanka and Marolov, Dejan (2024). *Непланираното дете на Европа, Македонија како дел од Источното прашање во 19 век и западните евроатлантски политики во 21 век.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-050-5

Marolov, Dejan and Stojanovska-Stefanova, Aneta (2023). *Macedonian Foreign Policy: From Disintegration to Integration.* Cambridge Scholars Publishing. ISBN 1-5275-1257-6

Marolov, Dejan (2021). *Политика на проширување на Европската Унија.* In: Европска Унија: Право и политики. Центар за анализа на право и политика.

Marolov, Dejan (2021). *Борба за опстанок или експанзија? Студија на случај на конфликт помеѓу голема сила и мала држава.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-244-850-3

Во периодот од изборот во наставно-научно звање вонреден професор до денот на поднесување на документацијата по конкурсот има објавено еден учебник по Меѓународно јавно право кој е објавен на е-библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев", Штип, РС Македонија и на е-репозиториум:

Marolov,Dejan (2020). *Меѓународно јавно право (Учебник).* Универзитет „Гоце Делчев" Штип. ISBN 978-608-244-745-2

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот Дејан Маролов во мај 2009 година се вработува како помлад асистент на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, а од Февруари 2012 година е избран во асистент за областа меѓународно јавно право. Во октомври 2014 година е избран за доцент за наставно-научната област меѓународно јавно право. Во мај 2019 год. е избран за вонреден професор за наствно-научната област меѓународно јавно право при Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Во текот на својот академски ангажман на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип изведувал настава (предавања и вежби) на прв циклус студии по предметите: Меѓународно јавно

право, Основи на дипломатија, Меѓународни организации, Проектен менаџмент со ЕУ фондови, Дипломатско и конзуларно право, Лобирање и интересни групи, Номотехника, Надворешна политика и др. Воедно изведува настава на англиски јазик на меѓународната програма на прв циклус студии по меѓународно право и меѓународни односи каде ги предава предметите Introduction to international public law (Вовед во меѓународно јавно право), Introduction to diplomacy (Вовед во дипломатија) и International organizations (Меѓународни организации). На втор циклус студии изведувал настава по предметите: Меѓународен правен поредок, Основи на дипломатија, Дипломатија и надворешни односи на ЕУ и Право на Европска Унија - применета програма, како и на трет циклус студии по предметите Дипломатско и конзуларно право, Меѓународно јавно право, Право на меѓународните организации и Интеграциски процеси на ЕУ.

На покана на други универзитети има одржано повеќе предавања во странство. Така на покана на Центарот за човекови права при Медитеранскиот универзитет во Реџо Калабрија, Италија, има реализирано истражувачко-студиски престој како визитинг професор (јуни 2018 год.). Како дел од овој престој има одржано повеќе предавања на теми поврзани со правото на ЕУ и процесот на проширување. Има реализирано истражувачки престој и на Универзитетот во Катаниа, Италија (мај 2023 год.). Има одржано предавање на тема „Прашањето на името“ на покана на Факултетот за право и администрација на Универзитетот во Варшава, Полска (јуни 2021 год.). На покана на Школата за докторски студии на Saint Joseph University, Макао, Кина, има одржано предавање за предизвиците на докторантите при пишување на докторската теза и предавање на тема „Истражување на спектарот на дипломатијата со акцент на научната дипломатија“ (октомври 2023 год.). Предавање со слична тема има одржано и во Simon Bolivar University во Еквадор (јануари 2024 год.). Кандидатот е ангажиран и како академски тренер на студентите од Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип од клубот „A fortiori“ кои се натпреваруваат во регионални Moot Court натпревари. Кандидатот ја обавува и функцијата раководител на Катедра по меѓународни односи и европско право и раководител на Центарот за меѓународно право и меѓународни односи во рамките на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Се прикажува научната евалуација на научните трудови за целиот период до изборот, а за последните пет години (од последниот избор, ако таков имало) се наведуваат посебно.

**Кандидатот ги има објавено следниве трудови:**

Marolov, Dejan (2024). *Security dilemma unveiled: a scholarly inquiry into the Palestinian-Israeli and Ukrainian-Russian conflicts through the prism of offensive and defensive realism.* Balkan Social Science Review. ISSN 1857-8772

Ivanova, Elena and Marolov, Dejan (2023). *Правото на образование низ призмата на практиката на Европскиот суд за човекови права.* Годишен зборник, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, 13 (13). ISSN 1857-8713

Bolek, Monika and Bolek, Cezary and Shopovski, Jovan and Marolov, Dejan (2022). *The consistency of peer-reviewers: Assessment of separate parts of the manuscripts vs final recommendations.* Accountability in Research. ISSN 0898-9621

Marolov, Dejan (2022). *A Study of the Two Documents that Create the Framework of the Contemporary Relations between Republic of Macedonia and Bulgaria.* European Journal of Economics, Law and Politics, 9 (1). ISSN 2518-3761

Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2021). *Придавката „македонски“ во договорите со Бугарија (2017 год.) и со Грција (2018 год.).* Годишен зборник на Филолошки факултет.

Bolek, Cezary and Marolov Dejan and Bolek, Monika and Shopovski Jovan (2020). *Revealing Reviewers' Identities as Part of Open Peer Review and Analysis of the Review Reports.* Liber quarterly, 30. ISSN 2213-056X

Ivanova, Elena and Marolov, Dejan (2019). *Стандардите на европската Конвенција за човекови права во поглед на забраната за мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.* Proceedings of the VI International Conference "Social Changes in the global world", Faculty of Law, Goce Delcev University.

Ivanova, Elena and Marolov, Dejan (2019). *Етиологија на женското престапништво.* Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-8713

Marolov, Dejan (2019). *Детерминикација и демаркација на поимите „мала држава“ и „мала сила“.* Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISSN 1857-7059

Marolov, Dejan and Ivanova, Elena (2018). *Меѓународното право за животна средина во светот на глобализацијата.* Годишен зборник на Правен факултет (8). ISSN 1857 – 8713

Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Marolov, Dejan (2018). *Higher Education in Republic of Macedonia: Challenges and Perspectives.* Balkan Social Science Review, 11. pp. 95-114. ISSN 1857- 8772

Marolov, Dejan (2018). *Why Academics Choose to Publish in a Mega-Journal.* Journal of education and learning . ISSN 1927-5269

Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan (2017). *Republic of Macedonia, the 30th Member of NATO?* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research. pp. 281-294. ISSN 2307-4531

Aleksoski, Stevan and Marolov, Dejan (2017). *Илегалното префрлање на луѓе и стока преку македонската граница и начини на откривање.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 16.2. pp. 565-575. ISSN 1857-92

Stojanovski, Strasko and Ljorovski, Dimitar and Marolov, Dejan (2017). *Грчката политика и македонското прашање.* Годишен зборник на Правен факултет, 7. ISSN 1857-7229

Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2017). *Проширување на ЕУ, историски приказ и моментална состојба.* Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-7229

Marolov, Dejan (2017). *Comparative view of the preambles of the Constitutions of Republic Of Portugal and Republic Of Macedonia.* Global to Local Law. ISSN 2183-721X

Marolov, Dejan (2016). *Безбедносните прашања и создавањето на независна Р Македонија.* Годишен зборник, Правен факултет. ISSN 1857- 8713

Marolov, Dejan (2016). *A perfect storm: Macedonia's political chaos and the refugee crisis.* EUROPP, London School of Economics and Political Science Blog. p. 2016.

Marolov, Dejan (2015). *The impact of the new technologies on the international relations.* Зборник на научни трудови, Втора научна меѓународна конференција: Општествени промени во глобалниот свет, 03-04 септ. 2015, Штип. pp. 639-644. ISSN 978-608-244-267-9

Marolov, Dejan and Ivanova, Elena (2015). *Етичките аспекти на сурогатството наспроти ставовите на законската регулатива.* Годишен зборник на Правен факултет (5). ISSN 1857-7229

Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan (2015). *The Balkan Muslim discourse: Identity among the Muslims of Slavic origin.* New Balkan Politics, 17. ISSN 1409-8709

Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2015). *The Balkan Wars through the Prism of the Wider Theoretical Framework of the Concept of the "Security Dilemma".* Balkan Social Science Review, 5. ISSN 1857- 8772

Marolov, Dejan (2015). *The EU must take its share of the blame for the political crisis in Macedonia.* Europp - London School of Economics and Political Science Blog.

Aleksoski, Stevan and Marolov, Dejan (2015). *Ethnic Conflict as a Social Phenomenon - Reasons and Anatomy of Conflict.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 21. pp. 206-213. ISSN 2307-4531

Marolov, Dejan (2015). *The relations between Macedonia and Serbia.* Romanian Journal of History and International Studies, 2 (1). pp. 117-128. ISSN 2360 – 638X

Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan and Ananiev, Jovan (2014). *Macedonian Question Reframed: Politics, Identity and Culture in Republic of Macedonia.* Balkan Social Science Review, 4. pp. 295-323. ISSN 1857- 8772

Marolov, Dejan (2014). *The Euro-Atlanticaspirations of the Republic of Macedonia.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 13 (1). pp. 268-273. ISSN 2307-4531

Marolov, Dejan (2014). *Theoretical and Legal Framework of Foreign Policy the Example of the Republic of Macedonia - Official EU Candidate Country.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 13 (1). pp. 260-267. ISSN 2307-4531

Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2014). *About the Terms "Yugoslavia" "Balkanization" and "Third Balkan War".* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research. ISSN 2307-4531

Marolov, Dejan (2014). *Legislative view of the conditions and the procedures for appointmenting an ambassador.* Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет". ISSN 978-608-244-129-0

Marolov, Dejan (2014). *Some Theoretical Considerations on the Situation before the Outbreak of Conflict in Croatia During the Dissolution of Yugoslavia.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research. ISSN 2307-4531

Marolov, Dejan (2014). *The relations between Macedonia and Bulgaria.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. ISSN 1857-923X

Marolov, Dejan (2013). *The Reasons for the Collapse of Yugoslavia.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 12 (1). pp. 250-258. ISSN 2307-4531

Marolov, Dejan and Ivanova, Elena (2013). *The Relations between Macedonia and Kosovo.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 12. pp. 259-264. ISSN 2307-4531

Marolov, Dejan and Ivanova, Elena (2013). *Трговија со малолетни лица заради незаконито посвојување.* Стручно списание Правник (259). pp. 51-56. ISSN 1409-5238

Marolov, Dejan (2013). *The relations between Macedonia and Greece in the context of the name issue.* Trakya University Journal of Balkan Research Institute, 2 (1). pp. 23-34.

Marolov, Dejan (2013). *Село Зрново/The Village of Zrnovo.* Македонска ризница, 1 (6). pp. 34-40.

Marolov, Dejan and Ivanova, Elena (2013). *The possible negative aspects of the adoption procedure.* Academic Digest, Grigol Robakidze University (2). pp. 65-73. ISSN 2298-0202

Marolov, Dejan (2012). *The Policy of the USA and EU towards the Disintegration of Yugoslavia.* International Journal of Social Science of Tomorrow.

Marolov, Dejan (2012). *Услови и постапка за полноважност на брак според измените на Законот за семејство од 2010 година.* Стручното списание Правник.

Marolov, Dejan (2012). *The Foreign Policy - Theoretical Overview.* Grigol Robakidze University Academic Law Bulletin.

Marolov, Dejan (2011). *The EU policy towards the dissolution of Yugoslavia Special emphasis on the EU policy towards the Republic of Macedonia.* Analytical journal, 4 (2). pp. 89-111.

**Кандидатот ги има објавено следниве учебници и учебни помагала:**

Marolov, Dejan (2020). *Меѓународно јавно право (Учебник).* Универзитет „Гоце Делчев“ Штип. ISBN 978-608-244-745-2

Marolov, Dejan (2018). *Скрипта по меѓународно јавно право.* ISBN 978-608-244-571-7.

Marolov, Dejan (2018). *Практикум по меѓународно јавно право.* ISBN 978-608-244-572-4.

Marolov, Dejan (2014). *Меѓународно јавно право - рецензирана скрипта.* ISBN 978-608-4708-96-4.

Marolov, Dejan (2014). *Практикум по предметот Меѓународно јавно право.* ISBN 978-608-244-001-9.

**Учество на конференции, тркалезни маси и работилници со реферат:**

Презентација на конференција со наслов „Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет“, организирана од Правен факултет - Штип (септември 2018 год.). Наслов на презентација: „Постизборни уставни дилеми и формирањето на Владата на Република Македонија“.

Презентација на конференција со наслов „International Scientific Conference: Law in the context of addressing the challenges of the contemporary world“, организирана од Универзитетот во Ниш (април 2018 год.). Наслов на презентација: „The Name issue and Euro-Atlantic Integrations of Republic of Macedonia: The Public Opinion View“.

Презентација на конференција со наслов „Четврта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет“, организирана од Правен факултет - Штип (септември 2017 год.). Наслов на презентација: „Охридскиот рамковен договор наспроти Тиранската платформа“.

Презентација на конференција со наслов „Трета меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет“, организирана од Правен факултет - Штип (септември 2016 год.). Наслов на презентација: „Говор на омраза на социјалните медиуми во Република Македонија“.

Излагање на „Катедра Аденауер 2016“, организирана од Фондацијата Конрад и Wilfried Martens Centre for European Studies во Крушево (јуни 2016 год.). Излагање на тема „Патот кон ЕУ“.

Презентација на конференција со наслов „4th Annual Global Conference“, организирана од United Macedonian Diaspora во Скопје (септември 2013 год.). Наслов на презентација: „The Relations Between Macedonia and Serbia“.

Презентација на научен собир со наслов „Сто години од балканските војни", организиран од Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), Скопје (декември 2012 год.). Наслов на презентација: „Балканските војни низ призмата на теоретската рамка на концептот на безбедносна дилема".

Презентација на конференција со наслов „Втора меѓународна научна конференција - Меѓународен дијалог - исток и запад", организирана од Меѓународен славјански универзитет, Свети Николе (септември 2012 год.). Наслов на презентација: „Македонската јавна дипломатија и нејзините основни предности и слабости".

Презентација на конференција со наслов „Democratic Transition in Macedonia - Civic and Uncivic Values", организирана од Меѓународниот институт за истражување на мирот и Норвешки универзитет за наука и технологија во Осло, Норвешка (октомври 2011 год.). Наслов на презентација: „The Ohrid Framwork Agreement".

**Дел од книги:**

Galeva, Jordanka and Marolov, Dejan (2024). *Непланираното дете на Европа, Македонија како дел од Источното прашање во 19 век и западните евроатлантски политики во 21 век.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-277-050-5

Marolov, Dejan and Stojanovska-Stefanova, Aneta (2023). *Macedonian Foreign Policy: From Disintegration to Integration.* Cambridge Scholars Publishing. ISBN 1-5275-1257-6

Nikodinovska Krstevska, Ana and Tusevska, Borka and Kosevaliska, Olga and Stojanov, Trajce and Shikova, Natalija and Jakimovska, Svetlana and Gavrilovikj, Nenad and Ampovska, Marija and Denkova, Jadranka and Majhosev, Andon and Belovski, Vojo and Poposka, Zaneta and Marolov, Dejan (2019). *Европска Унија: право и политики.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-595-3

Marolov, Dejan and Mitev, Oliver (2019). *The creation of independent Republic of Macedonia. Internal conditions and external policy.* GRIN Publishing GmbH Nymphenburger Str. 86 80636 Munich Germany. ISBN 9783346091147

Marolov, Dejan and Mitev, Oliver (2016). *Создавањето на независна Република Македонија: внатрешни состојби и надворешна политика.* Универзитет „Гоце Делчев", Штип. ISBN 978-608-244-345-4

**Книги:**

Marolov, Dejan (2021). *Борба за опстанок или експанзија? Студија на случај на конфликт помеѓу голема сила и мала држава.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-244-850-3

Marolov, Dejan (2013). *Republic of Macedonia Foreign Policy: Diplomacy in the Middle of the Balkans.* Cambridge Scholars Publishing, Newcastle upon Tyne, Cambridge, UK .

**Докторска дисертација, магистерски труд:**

Маролов, Дејан (2011). „Распадот на Југославија и македонската надворешна политика", докторска дисертација, Европски центар за развој и мир (ЕЦРМ), при Универзитетот за мир во Белград, Р Србија, основан од страна на Обединетите нации.

Маролов, Дејан (2008). „Односите на ЕУ со западниот Балкан“. Магистерски труд, Европски институт за високи меѓународни студии во Ница, Република Франција.

**Во прилог е прикажана кратка научна евалуација на трудовите:**

Маролов, Дејан и Иванова, Елена (2018) *Меѓународното право за животна средина во светот на глобализацијата.* Годишен зборник на Правен факултет (8). ISSN 1857 – 8713. Овој труд прави осврт на најважните правни акти од областа на меѓународното право за животна средина како дел од меѓународното право во ерата на глобализацијата, каде проблемите се поретко можат да се класифицираат како чисто локални. Заради претходново, трудот ги детектира поважните теории од оваа област како и поважните правни акти на меѓународно ниво комбинирајќи ги меѓусебно. Конечно, се прави увид и во судската пракса на меѓународно ниво. Од сето претходно можат да се извлечат соодветни заклучоци за меѓународното право на животна средина и начинот и степенот на кој истото влијае врз зачувувањето на животната средина ширум целата планета.

Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Marolov, Dejan (2018). *Higher Education in Republic of Macedonia: Challenges and Perspectives.* Balkan Social Science Review, 11. pp. 95-114. ISSN 1857- 8772. Политиките во високото образование во последните две децении се поврзани со поширoките европски трендови за реформи во оваа општествена сфера. Болоњските реформи започнаа како идеја со цел создавање на инклузивно високо образование каде мобилноста на студиските програми, студентите и академскиот кадар можат да обезбедат поквалитетно и практично користење на знаењето. Во Република Македонија овој процес беше надграден со тенденција за дисперзија на програмите за високо образование. Но, повеќе фактори, како што се: демографските индикатори, квалитетот на студиските програми, техничките и материјалните предуслови и политичките приоритети на државните власти, создаваат простор за дебати за успехот на оваа политика. Во овој труд се занимаваме со функционалните аспекти на регионалната високообразовна структура, проследени со анализи на македонскиот случај и презентирање на резултатите од спроведеното истражување.

Marolov, Dejan (2018). *Why Academics Choose to Publish in a Mega-Journal.* Journal of education and learning . ISSN 1927-5269. Со својот широк опсег, обемот на објавување, процесот на рецензија врз основа на научната сигурност и моделот на отворен пристап, мегасписанијата станаа важен дел од научното издаваштво. Главната цел на овој труд е да се одреди најважниот фактор кој влијае врз одлуките на истражувачите да ја доставaт својата академска работа на овој тип списание. Беа собрани податоци од 413 соодветни автори. Резултатите покажаа дека препораката на еден колега не е само главниот канал преку кој авторите дознале за списанието, туку е и главната причина поради која тие одлучиле да го доставaт својот труд во мегасписание. Понатаму, квалитетот на редакцијата на списанието, силното портфолио на трудови и концептот за отворен пристап се исто така значајни фактори за поттикнување на поднесување на труд во мегасписание.

Маролов, Дејан  и Стојановски Страшко (2018). *Постизборни уставни дилеми и формирањето на Владата на Република Македонија.* In: Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 Sept 2018, Stip, Macedonia. Последните парламентарни избори во Република Македонија резултираа со скоро изедначен број на пратеници помеѓу коалициите предводени од најголемата опозициона и најголемата позициона партија. Ваквиот

тесен резултат беше иницијатива за различни толкувања на уставните одредби во врска со давањето на мандатот за формирање на влада и ако во случај мандаторот не успее да формира влада во уставно предвидениот рок. Особено вториот дел од претходното прашање побудува интерес зошто македонскиот устав нема предвидено нешто во таква ситуација. Трудот прави преглед на мислењата на соодветни експерти, ја анализира воспоставената пракса, го анализира највисокиот македонски правен акт и го компарира со уставите на Србија и Хрватска (во делот на избор на влада). На база на претходново трудот се обидува да даде конкретни препораки како треба да се постапи во конкретната ситуација, нешто што може да влијае врз создавањето на новата, но и на која било идна влада во Република Македонија.

Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan (2018). *The Name issue and Euro-Atlantic Integrations of Republic of Macedonia: The Public Opinion View.* In: International Scientific Conference: Law in the context of addressing the challenges of the contemporary world, 13-14 Apr 2018, Nis, Serbia. Во трудот се разгледува процесот на интеграција на Република Македонија кон Европската Унија и НАТО. Се анализираат различни регионални иницијативи како Договорот за стабилизација и асоцијација, поврзани со интеграцијата во ЕУ и Јадранската иницијатива поврзана со интеграцијата во НАТО. Главната причина за стагнацијата и блокирање на овие процеси е поврзана со проблемот со името со Грција, што експлицитно беше видливо на НАТО самитот во Букурешт во 2008 година, кога по грчкото блокирање, Република Македонија не добила покана за членство. По ова, забележано е зголемување на апатијата во јавното мислење и намалување на поддршката кон НАТО и ЕУ интеграциите. Јавното мислење е обликувано и од отворање на идентитетските прашања поврзани не само со името на државата, туку и кон македонскиот национален идентитет, македонскиот јазик и историја. Во овој контекст, во трудот се претставуваат резултатите од истражувањето спроведено во 2017 година од истражувачкиот тим од Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan (2017). *Republic of Macedonia, the 30th Member of NATO?* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research. pp. 281-294. ISSN 2307-4531. Овој труд го анализира можното проширување на НАТО со единствената преостаната држава од Јадранската група која сè уште не е членка, поточно Република Македонија. Се дава еден историски преглед преку кој може да се детектираат најважните моменти и проблеми. Исто така, во трудот се користат репрезентативни истражувања за да се одредат перцепциите на македонските граѓани кон можните решенија и надминување на проблемите за членство во НАТО. Резултатите покажуваат дека постои конзистентна поддршка за членство во НАТО од крајот на 1990-тите, но постои тенденција за благ пад, особено од разочарувањето од самитот на НАТО во Букурешт во 2008 година, кога Грција го употреби правото на вето и го спречи македонското членство. Но, кога направивме вкрстување меѓу прашањата „Република Македонија треба да стане членка на НАТО" и „Дали ќе ја поддржите уставната промена на името како услов за членство во ЕУ и НАТО", поддршката за членство во НАТО е скоро изгубена. Можеме да забележиме дека поддршката за членство во НАТО е многу намалена ако тоа е поврзано со промената на уставното име како услов. Ако ова се случи, можеме да очекуваме посилно руско влијание, кое може да ги намали напорите на НАТО за стабилизација не само за Македонија, туку и за поширокиот регион.

Алексоски, Стеван и Маролов, Дејан (2017). *Илегалното префрлање на луѓе и стока преку македонската граница и начини на откривање.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 16.2. pp. 565-575. ISSN 1857-92. Во овој труд пред се станува збор за шверцот со луѓе и стока преку македонската граница и за методиката (начините на негово откривање од страна на граничната полиција). Кога станува збора за илегалното префрлање на луѓе преку државната граница секако треба да се наспомене дека овој тип на прекугграничен криминал е доста современ и доста чест во последните неколку години, пред се имајќи го предвид фактот што во последните неколку години се бележи постојан пораст на бројот на илегални мигранти коишто како такви потекнуваат од воените подрачја од Блискиот Исток.

Стојановски, Страшко and Љоровски, Димитар и Маролов, Дејан (2017). *Грчката политика и македонското прашање.* Годишен зборник на Правен факултет, 7. ISSN 1857-7229. Политизацијата на македонското прашање се интензивира во втората половина на 19 век, со зголеменото присуство на соседните пропаганди на територијата на доцноосманлиска Македонија. Во овој период се нудени различни програми за решавање на истото, но тие во голем дел сепак ќе претставуваат одраз на амбициите на соседните млади балкански нации за територијална експанзија. Овој труд ќе се фокусира на симболичките и конкретните политички активности на Грција, која има за цел национално да ја унифицира Егејска Македонија според нејзините национално-државни шаблони. Ова ќе резултира со идентитетско редефинирање на македонското автохтоно население, кое подеднакво се базира и на методите на спроведување на геноцид, но и на етноцидните методи. Сепак, политиката на Грција не се ограничува само на територијата на Македонија која влегува во нејзините граници. Во континуитет, од создавањето на македонската државност во рамките на СФР Југославија, а подоцна и со осамостојувањето на Република Македонија, Грција настојува културно и национално да го обезличи својот северен сосед, пред се насочувајќи ја својата политика кон редефинирање на македонскиото национално име, идентиет и посебност.

Маролов, Дејан и Стојановски, Страшко (2017). *Проширување на ЕУ, историски приказ и моментална состојба.* Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-7229. Согласно насловот, овој труд се состои од два дела. Првиот дел прави анализа на сите историски проширувања кои до овој момент ги имала Европската Унија од аспект на конкретните историско-политички прилики и потешкотии при зачленувањето на новите држави. Вториот дел на овој труд прави преглед на сегашната состојба со проширувањето на Унијата, а со цел да се согледаат конкретните специфики на секоја од државите кандидатки. Преку историското согледување од една страна и анализа на конкретниот процес на проширување од друга страна, трудот ќе се обиде да извлече заклучоци за „поголемата слика“ на политиката на проширување на ЕУ. Во овој контекст ќе биде анализирана и Република Македонија на својот пат кон членство во Европската Унија.

Marolov, Dejan (2017). *Comparative view of the preambles of the Constitutions of Republic Of Portugal and Republic Of Macedonia.* Global to Local Law. ISSN 2183-721X. Иако идејата да се направи компаративна анализа помеѓу преамбулите на уставите на двете републики, поточно Португалија и Македонија, може да изгледа невообичаено, особено ако се има предвид дека тие се географски далечни и имаат прилично различни историски траектории, сепак една ваква анализа сигурно дека е во интерес на правната наука. Имено, познато е дека Португалија е членка на

ЕУ (и дел од европскиот правен простор), а Македонија е држава со официјален кандидатски статус (што значи дека македонскиот правен систем ќе мора да се хармонизира на правото на ЕУ). Оттука, кога Р Македонија ќе постане членка на ЕУ, а особено затоа што таква споредба никогаш досега не била направена, овој труд може да има свој скромен позитивен придонес во областа на европското уставно право.

Маролов, Дејан и Стојановски, Страшко (2017). *Охридскиот рамковен договор наспроти Тиранската платформа.* In: Четврта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", 6-7 Sept 2017, Stip, Macedonia. Охридскиот рамковен договор беше потпишан на 13 август 2001 година. Овој договор беше производ и одговор на вооружениот конфликт во Република Македонија помеѓу македонските безбедносни сили и парамилитантната албанска Националноослободителна армија (ОНА). Договорот беше преговаран и потпишан од лидерите на четирите најголеми политички партии во Републиката Македонија, претседателот на РМ, како и од специјалните претставници на САД и ЕУ. Заради претходново овој договор може да се третира и како мировен договор гарантиран од претставници на меѓународната заедница. Овој труд има за цел да ја анализира суштината на Охридскиот договор, неговата имплементација и промените кои тој ги наметна при поделбата на моќта, ревизијата на одредени закони, како и донесувањето нови закони. Секако мора да се напомене дека истиот договор беше и основа за промена на македонскиот Устав. Охридскиот рамковен договор несомнено е контроверзен, потпишан во околности на секојдневно насилство и силен меѓународен притисок. Дебатите за неговата улога продолжуваат и денес, а особено по објавувањето на барањата на партиите на етничките Албанци по парламентарните избори од 2016 год. Токму затоа се чини неминовна потребата од компаративна анализа помеѓу Охридскиот договор со таканаречената „Тиранска платформа" на партиите на етничките Албанци.

Маролов, Дејан (2016). *Безбедносните прашања и создавањето на независна Р Македонија.* Годишен зборник, Правен факултет. ISSN 1857- 8713. Безбедносните закани за Република Македонија почнаа да се наметнуваат уште со почетокот на југословенската криза. Со отпочнувањето на воените конфликти во Словенија, а подоцна и во Хрватска, во Македонија се отворија дилеми за нејзиното место во Федерацијата која се распаѓаше. Определувањето за чекорење по патот на независноста изгледаше прилично логичен чекор, но истовремено носеше извонредно тешки ризици. Генерално гледано тие ризици по безбедноста можеме да ги поделиме во две групи. Внатрешни фактори кои можат да влијаат дестабилизирачки и надворешни фактори кои можат да ја загрозат безбедноста на државата. Многу често внатрешните и надворешните фактори беа испреплетени, односно често внатрешните фактори беа користени како алатка од надворешните фактори.

Маролов, Дејан и Стојановски, Страшко (2016). *Говор на омраза на социјалните медиуми во Република Македонија.* In: Proceedings of The Third International Scientifc Conference: Social Change in the Global World, 1-2 Sept 2016, Center for Political and Legal Research, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia. Овој труд се базира на истражување спроведено на Правниот факултет во Штип во периодот 2015/16 година. Говорот на омраза како општествен феномен има повеќе димензии. Од правен аспект, тешко е да се определи разграничувањето помеѓу говорот на омраза и слободата на изразување. Од аспект на социјалната

интеракција и инклузија, може да се забележи влијанието на повеќе категории врз говорот на омраза врз база на меѓуетничките односи и политичката мобилизација. Екстремната и континуирана манифестација на говорот на омраза може да предизвика криминал од омраза, за кој може да се најдат примери во Република Македонија од последните неколку години. Оттука, неопходна е регулација на интернет просторот за намалување на нивото на говор на омраза, а истото не може да биде само предмет на саморегулација на различните социјални медиуми, но истовремено мора да се внимава на задржување на слободата на говор на највисоко ниво. Клучни зборови: говор на омраза, социјални медиуми, слобода на изразување, Македонија, криминал од омраза.

Маролов, Дејан и Митев, Оливер (2016). *Создавањето на независна Република Македонија: внатрешни состојби и надворешна политика.* Универзитет „Гоце Делчев", Штип. ISBN 978-608-244-345-4. Процесот на создавање на независна Република Македонија се надоврзува на севкупниот процес на дезинтегрирање на поранешните источноевропски еднопартиски општества, вклучително и она на СФР Југославија, и промовирањето на политичкиот плурализам и демократијата, како основни конституенти на модерните општества. Македонската независност е трасирана со Референдумот на 8 септември 1991 година, за веднаш потоа да уследи период на внатрешно консолидирање и дипломатска борба за меѓународно признавање. Дипломатската иницијатива, како и севкупните односи со ЕЗ и САД, резултираат со прием на Република Македонија (под референцата Поранешна југословенска република Македонија) во Организацијата на обединетите нации. Во следниот период, до есента 1995 година, како резултат на поширокатa меѓународна регионална интервенција во поранешна Југославија, како и блокадата од Република Грција, Република Македонија се најде во тешка и комплексна состојба. Како резултат на т.н. спор за името, Грција воведува еднострано трговско ембарго, а блокадата е надополнета со неможноста за интеграција на Република Македонија во останатите меѓународни организации и иницијативи. Статус кво состојбата е надмината со привремената спогодба, по што уследи процес на стабилизирање и унапредување на односите, во прв ред со САД и поголем дел од земјите членки на ЕУ.

Marolov, Dejan (2015). *The impact of the new technologies on the international relations.* Зборник на научни трудови, Втора научна меѓународна конференција: Општествени промени во глобалниот свет, 3-4 септ. 2015, Штип. pp. 639-644. ISSN 978-608-244-267-9. Меѓународните односи не се изолирани од светот во кој живееме. Затоа, меѓународните односи можат да бидат и се под влијание на некои конкретни нови технологии. Новите технологии во областа на комуникацијата направија најголемо влијание врз меѓународните односи. Овој напредок ги измени претходните становишта и отвори многу дилеми за понатамошната потреба за постојани дипломатски мисии и така натаму. Она што овој труд го заклучува е дека новите технологии ја намалија потребата од постојани мисии, но не ги заменија сите нивни функции.

Маролов, Дејан и Иванова, Елена (2015). *Етичките аспекти на сурогатството наспроти ставовите на законската регулатива.* Годишен зборник на Правен факултет (5). ISSN 1857-7229. Кога правото почнува да ги оковува семејните и лични прилики на поединците, настануваат најжестоките расправи за правичноста на законите. Субјективната страна на правичноста, пак, изродува мноштво на дилеми, па материјата станува кревка и подложна на

промени. Сурогатството и целиот процес на носење дете за друг е најранливата тема која лесна преминува од семејната сфера, во медицинската за лесно да заврши во кривичната. Актите донесени од алтруистички побуди, сосем ретко остануваат недопрени од зло и искористени преку нивната базична намена. Проучувањето на вакви материи е нужно за да се превенираат опструкциите кои можат да бидат сторени на нешто сосем чисто. Сепак, со доза на скептицизам, тргнувајќи од идејата „за едни мајка за други маќеа", мораме да ја потенцираме преголемата инволвираност на човековиот интелект во секоја сфера од животот, дури и онаму каде можеби е неповикан. Развојот на медицината во корист на семејството е секогаш добредојден, но за негова сметка се запоставува посвојувањето од кое зависат мноштво животи. Постоењето на меѓународно сурогатство е за поздравување, но недостигот на правна рамка на меѓународен план и негативниот судир на законите во тој поглед, досега надвиснува над успешно завршените процедури. Ова е само дел од прашањата кои се опфатени во трудот, а поголем дел се оставаат да покаже праксата, како ние како мала држава ќе се снајдеме со големите чекорења во оваа област.

Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan (2015). *The Balkan Muslim discourse: Identity among the Muslims of Slavic origin.* New Balkan Politics, 17. ISSN 1409-8709. Балканскиот муслимански дискурс е определен од многу фактори кои се синтетизирани во сложениот систем за идентификација на меѓузависност. Етничката припадност, јазикот, културата, обичаите, религијата и географските фактори заедно со урбаниот рурален карактер на заедниците го одредуваат колективното чувство и градење на националните врски. Секако, во овој дел треба да се спомене и факторот на политичка мобилизација, која се интензивираше во одредени историски периоди. Основата на идентитетите, која потекнува од конфесионалната структура на доцниот османлиски милет систем е надградена со западните идеологии, првенствено националната идеологија. Но, во многу од балканските земји, кои всушност биле конституирани врз основа на христијанскиот идентитет, муслиманите со ист јазик, културно и етничко потекло, односно муслиманите со словенско потекло, често биле исклучени. Ваквите примери ќе придонесат кон изградбата на нови форми на солидарност, дури и на нови национални идентитети и припадности.

Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2015). *The Balkan Wars through the Prism of the Wider Theoretical Framework of the Concept of the "Security Dilemma".* Balkan Social Science Review, 5. ISSN 1857- 8772 . Овој труд ги реанализира двете балкански војни и потезите на државите учеснички преку користење на теоретскиот концепт на „безбедносна дилема» како еден од клучните концепти во науката за меѓународни односи. Целта е да се открие дали овој теоретски концепт може да се примени за конкретните балканските војни и какви одговори може да понуди за причините за почетокот на двете балкански војни, прашањето на балансот на силите, како и на промените во сојузите меѓу државите учеснички. За успешно да се постигне оваа цел, трудот ја користи релевантната литература на темата за овој теоретски концепт, но исто така и за историскиот период на двете балкански војни (1912 и 1913 година).

Aleksoski, Stevan and Marolov, Dejan (2015). *Ethnic Conflict as a Social Phenomenon - Reasons and Anatomy of Conflict.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 21. pp. 206-213. ISSN 2307-4531. Белег на земјите од Источна и Југоисточна Европа е нивната етничка и културна хетерогеност. Комплексните

историски процеси што се случуваа во минатото во овие региони создадоа држави со етничка разновидност во нивната национална структура. Овие процеси резултираа со интензивно меѓуетничко мешање. Токму овие процеси се обработени во овој труд.

Marolov, Dejan (2015). *The relations between Macedonia and Serbia.* Romanian Journal of History and International Studies, 2 (1). pp. 117-128. ISSN 2360 – 638X. Овој труд ги анализира односите меѓу Македонија и Србија. Осамостојувањето на Република Македонија од југословенската Федерација беше спроведено на сосема мирен начин и без воени конфронтации со соседот Србија. Оваа ситуација беше основа и даде надеж за градење на солидни идни односи меѓу двете земји. Сепак, работите не се одвиваа толку лесно. Постоењето на агресивен режим во Србија на почетокот на 90-тите и неговата тенденција да ја направат Србија регионална сила не беа најдобра основа за градење еднаков однос меѓу поранешната југословенска најголема и воено најмоќна Република Србија и малата и практично без воена моќ Република Македонија. Овој труд главно се потпира на квалитативни истражувачки методи.

**Во прилог е прикажана кратка научна евалуација на трудовите за последните пет години (од последниот избор):**

1. Marolov, Dejan (2024). *Security dilemma unveiled: a scholarly inquiry into the Palestinian-Israeli and Ukrainian-Russian conflicts through the prism of offensive and defensive realism.* Balkan Social Science Review. ISSN 1857-8772. Овој труд користи компаративен пристап и студија на случај за да ги истражи израелско-палестинскиот и украинско-рускиот конфликт во рамките на теоретскиот концепт на безбедносната дилема. Се користат примарни и секундарни извори. Студијата го анализира секој конфликт поединечно, овозможувајќи смислени споредби меѓу нив со цел да се идентификуваат одредени обрасци. Истражувањето ја предизвикува традиционалната дихотомија на офанзивниот и дефанзивниот реализам, предлагајќи дека однесувањето на државите е под влијание на интеракција меѓу двете парадигми базирани на стратешки пресметки. Државите може да се вклучат во офанзивно однесување кога е поволно или да усвојат дефанзивни стратегии од потреба. Овој труд нуди увид во овие динамики, генерирајќи нови перспективи во дебатите за меѓународните односи.
2. Ivanova, Elena and Marolov, Dejan (2023). *Правото на образование низ призмата на практиката на Европскиот суд за човекови права.* Годишен зборник, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, 13 (13). ISSN 1857-8713. Правото на образование е фундаментално во современото демократско општество и е од клучна важност за остварување на останатите човекови права, како и за слободата и независноста на секоја индивидуа. Европската конвенција за човекови права го уредува правото на образование во член 2 од Протоколот 1, гарантирајќи индивидуално право на образование. Европскиот суд за човекови права утврдил дека ова право опфаќа основно, средно, високо образование и специјализирани курсеви и го уживаат и возрасните и децата. Остварувањето на ова право не е ослободено од дискриминаторски практики, кои се чести и реални, како што покажува пресудата Elmazova and Others v. North Macedonia од 13 декември 2022 година, за дискриминација во локално училиште во Штип. Авторите имаат за цел преку научен приказ на член 2 од Протокол 1 и праксата на Судот да ја истакнат важноста на правото на образование без дискриминаторски практики. Трудот

ја прикажува практичната примена на Протоколот и правото на образование загарантирано во Конвенцијата, како и недостатоците при реализацијата на овие гаранции, со посебен осврт на Република Македонија.

3. Bolek, Monika and Bolek, Cezary and Shopovski, Jovan and Marolov, Dejan (2022). *The consistency of peer-reviewers: Assessment of separate parts of the manuscripts vs final recommendations.* Accountability in Research. ISSN 0898-9621. Овој труд ги анализира ставовите на рецензентите кон различни делови од ракописите кои ги прегледуваат. Истражувањето се фокусира на конзистентноста на оценките на рецензентите преку анализа на нивната проценка на посебни делови од трудот и дали трудот треба да биде прифатен или одбиен. Се претпоставува дека оценката на посебните делови од трудот треба да биде конзистентна со конечната одлука за прифаќање или одбивање на ракописот. Анализата во овој труд покажува дека оценките на посебните делови од трудовите во оценувачките листови не ги одразуваат целосно конечните препораки. Резултатите покажуваат дека најзначајни делови за рецензентите се главниот текст и заклучоците. Не се пронајдени значајни разлики во препораките на рецензентите базирани на пол или земја на потекло на рецензентите.

4. Marolov, Dejan (2022). *A Study of the Two Documents that Create the Framework of the Contemporary Relations between Republic of Macedonia and Bulgaria.* European Journal of Economics, Law and Politics, 9 (1). ISSN 2518-3761. Македонија и Бугарија имаат комплексен спор заснован на специфични историски, но и современи политички несогласувања. Бугарија тврди дека историското потекло на Македонците, како и македонскиот јазик се со бугарски корени, негирајќи го постоењето на посебен македонски идентитет. Ова непризнавање предизвикуваше и практични проблеми, попречувајќи го потпишувањето на разни билатерални договори. За решавање на овие спорови, потпишани се Декларацијата од 1999 година и Договорот од 2017 година.Овој труд ги анализира овие два главни правни акти поврзани со спорот, со фокус на решенијата што ги предлагаат. Истражувањето открива како овие документи ја поставуваат основата за идните односи меѓу Македонија и Бугарија. Со оглед на тоа што Бугарија е членка на ЕУ, а Македонија е кандидат, постои ризик билатералните прашања да станат услови за членство во ЕУ. Анализата покажува одредена асиметрија во одредбите, при што македонската страна е во понеповолна позиција. Иако има и позитивни елементи, сепак некои решенија во документите можат да предизвикаат нови проблеми во односите меѓу двете земји. Целта на трудот е да ги осветли комплексностите на спорот и влијанието на овие правни акти врз идните односи меѓу Македонија и Бугарија.

5. Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2021). *Придавката „македонски“ во договорите со Бугарија (2017 год.) и со Грција (2018 год.).* Годишен зборник на Филолошки факултет. Овој труд ја анализира придавката „македонски“ во контекст на нејзиното третирање во договорите со Република Бугарија од 2017 година и со Република Грција од 2018 година. Трудот е поделен на два дела. Во првиот дел се анализира договорот со Бугарија, со фокус на терминот „македонски јазик“. Во вториот дел се анализираат термините „македонски јазик“, „македонски“ и „македонско/државјанин на Република Северна Македонија“ во договорот со Грција. Фактот што овие договори регулираат термини кои навлегуваат и во културно-историски и идентитетски прашања покажува дека тие излегуваат надвор од вообичаената меѓународна практика. Оваа тема предизвикува многу дебати, но е недоволно обработена на научно ниво. Трудот има за цел да даде

придонес во разбирањето на разните толкувања и последици околу употребата на терминот „македонски", кои продолжуваат да предизвикуваат полемики.

6. Marolov, Dejan (2021). *Small power in conflict with great power: a case study of Czechoslovakia and Germany conflicts.* In: International law and crisis – impact and challenges. Comenius University in Bratislava, Faculty of Law. ISBN 978-80-7160-602-4 Овој труд се фокусира на анализиа на конфликтот помеѓу Чехословачка и нацистичка Германија, кој имаше потенцијал да доведе до Втората светска војна. Трудот ги претставува сите релевантни околности и актери на меѓународните односи од таа историска епоха, земајќи ги предвид меѓународниот систем и меѓународното право во меѓувоениот период. Акцентот е ставен на Чехословачка и Германија. Студијата ги презентира опциите кои биле на располагање на Чехословачка, изборите што ги направила и причините за тие избори. Важно е да се утврди парадигмата на однесување на мала држава во конфликт со голема сила и можното влијание на трети сили како сојузници. Анализата се прави користејќи одредени аспекти на структурниот реализам. Заклучокот е дека раководството на Чехословачка не верувало дека може да дејствува независно од својот сојузник - Франција.

7. Marolov, Dejan (2021). *Small power in conflict with great power: a case study of the Serbia and Austro-Hungary conflict.* In: International relations and area studies: focus on Western Balkans. Universitatea Babeş-Bolyai Presa Universitară. ISBN 978-606-37-1323-3. Трудот го анализира конфликтот помеѓу Србија и Австро-Унгарија, кој практично доведе до Првата светска војна. Претставени се сите релевантни околности и актери на меѓународните односи од таа историска епоха, со акцент на Србија и Австро-Унгарија. Се разгледуваат опциите што биле отворени за Србија, изборите што ги направила и причините за тие избори. Целта е да се види како две соседни земји, кои започнале со одлични односи, завршиле во војна на целосно уништување. Важно е да се утврди парадигмата на однесување на мала држава во конфликт со голема сила и можното влијание на трети сили како сојузници. Ова ќе се анализира преку одредени аспекти на структурниот реализам. Заклучокот е дека двете земји верувале во неизбежноста на воеността решение, но поддршката од нивните големи сојузници била клучна. За Австро-Унгарија, ова била војна за зачувување на нејзиниот престиж и статус како голема сила и обезбедување на внатрешна стабилност. За Србија, тоа била војна за слобода и зачувување на независноста, со надеж дека ќе прерасне во војна за обединување со останатите јужнословенски територии што биле дел од Хабсбуршката монархија. И двете соседни земји биле кралства, па затоа не се работи за идеолошки судир. Сепак, постоел директен судир помеѓу мултинационалниот концепт на Хабсбуршката империја и националниот концепт на српското кралство.

8. Bolek, Cezary and Marolov Dejan and Bolek, Monika and Shopovski Jovan (2020) *Revealing Reviewers' Identities as Part of Open Peer Review and Analysis of the Review Reports.* Liber quarterly, 30. ISSN 2213-056X. Станува збор за истражување во научно списание каде рецензентите имаат можност да го откријат својот идентитет или да останат анонимни при вршењето на рецензија за соодветни трудови. Овој истражувачки труд ги споредува рецензиите во кои идентитетот на рецензентите е откриен на авторите на трудовите со оние каде што рецензентите остануваат анонимни. Примерокот од 343 рецензии, собрани во периодот од мај до јули 2019 година, покажува дека скоро половина од рецензентите ги откриле своите имиња, додека другата половина останале анонимни. Жените рецензенти почесто

останувале анонимни, но немаше значајна разлика во содржината на рецензиите врз основа на пол или земја на институционална припадност. Откривањето на идентитетот не влијаеше значително на оценките во рецензиите, но рецензентите кои препорачале одбивање на текстот почесто останувале анонимни, додека оние кои го откриле својот идентитет почесто препорачувале прифаќање без ревизија или со мали ревизии.

9. Ivanova, Elena and Marolov, Dejan (2019). *Стандардите на европската Конвенција за човекови права во поглед на забраната за мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.* Proceedings of the VI International Conference „Social Changes in the global world", Faculty of Law, Goce Delcev University. Овој труд ја анализира Европската конвенција за човекови права и нејзините Протоколи со акцент на членот 3 од Конвенцијата, кој гарантира апсолутно право на забрана за мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување, без никакви рестриктивни клаузули или ограничувања од страна на државата или трети лица. Европскиот суд за човекови права има клучна улога во постапувањето со индивидуални жалби присилувајќи ги државите да ги почитуваат одредбите на ЕКЧП. Овој труд се обидува да ги анализира стандардите и критериумите поставени од самата Конвенција и праксата на Европскиот суд за човекови права.

10. Ivanova, Elena and Marolov, Dejan (2019). *Етиологија на женското престапништво.* Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-8713. Прегледот на податоците за причините за женското престапништво, историските и сегашните познавања на криминалитетот на жената, како и нејзиното феноменолошко профилирање, нè наведува на потребата од детално проучување на оваа област. Во трудот се фокусираме на теориите што ги објаснуваат причините зошто жената врши кривични дела, преземајќи ги пристапите кои криминолозите и светските проучувачи ги користат како основа за разбирање на женското престапништво. Сепак, нагласуваме дека ова не е лесна задача, особено поради разликите во методологијата што се користат при анализата на женското престапништво во споредба со „машките" методи. Криминолошката анализа на причините за впуштање на жената во криминалитетот и нејзината помала застапеност во евидентираните криминални дела игра значајна улога во разбирањето и предвидувањето на криминалитетот на жената, со цел разработка на ефективни механизми за негова превенција и управување.

11. Marolov, Dejan (2019). *Детерминикација и демаркација на поимите „мала држава" и „мала сила".* Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISSN 1857-7059. Трудот поаѓа од претпоставката дека дефинирањето на поимот „мала држава" е и можно и пожелно и има за цел да послужи како алатка во науката на меѓународните односи. Основна забелешка во досегашната теоретска работа кај авторите кои се занимаваат со оваа проблематика е фактот што во најголем број од случаите кога се обидуваат да дадат дефиниција, тие поаѓаат од погрешната претпоставка дека овој поим (секогаш) е ист со поимот „мала сила" и практично не прават разлика помеѓу двата термина. Токму тоа е основната задача и цел на овој труд, т. е. од една страна да ја наметне потребата од дефинирање на поимот „мала држава" и да го сугерира начинот на дефинирање, како и да направи и да ја образложи разликата со терминот „мала сила", од друга страна.

**Трудовите кои се објавени во списанија со Импакт фактор (ИФ) објавен во последните 5 години:**

Bolek, Monika and Bolek, Cezary and Shopovski, Jovan and Marolov, Dejan (2022). *The consistency of peer-reviewers: Assessment of separate parts of the manuscripts vs final recommendations.* Accountability in Research. ISSN 0898-9621 Списание со импакт фактор од 3,4 за 2022 год. Web of Science - Clarivate Analytics.

**Кратка евалуација на делови од книги за последните пет години (од последниот избор):**

12. Galeva, Jordanka and Marolov, Dejan (2024). *Непланираното дете на Европа, Македонија како дел од Источното прашање во 19 век и западните евроатлантски политики во 21 век*. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-277-050-5. Книгата ја истражува историјата и политиката на територијата и народот на Македонија од 19 век до денес, фокусирајќи се на Источното прашање, меѓународните договори и политичките пропаганди. Во првиот дел се опишува Македонија како дел од Отоманската империја, како и договорите што ја вклучуваат македонската територија до Илинденското востание. Во вториот дел книгата го истражува македонското прашање пред и по Балканските војни, вклучувајќи ги реформите во Отоманската империја и договорите за поделба на Македонија. Истражувањето се фокусира на македонското национално будење, интелектуално-революционерната борба и воените пропаганди на балканските држави. Третиот дел ја опфаќа Македонија во современите евроатлантски политики и вклучува анализа на Охридскиот рамковен договор и неговиот импакт врз евроатлантските интеграции. Книгата завршува со меѓународните аспекти на македонското прашање, анализирајќи ги споровите за името, јазикот, историјата и идентитетот на Македонија и нивниот ефект врз евроатлантските процеси. Се прави анализа на Преспанскиот договор со Грција и Договорот за добрососедство со Бугарија. Сеопфатното истражување нуди детален увид во историските, политичките и правните аспекти на македонското прашање и нејзиниот пат кон евроатлантската интеграција.

13. Marolov, Dejan and Stojanovska-Stefanova, Aneta (2023). *Macedonian Foreign Policy: From Disintegration to Integration.* Cambridge Scholars Publishing. ISBN 1-5275-1257-6. Книгата нуди теоретски преглед и разбирање на современите македонски политички настани, но и историјата, со сеопфатна анализа на настаните од почетокот на 1990-тите кои доведоа до создавањето на независна Република Македонија. Анализата исто така ја утврдува улогата на македонската политичка елита во создавањето на независната република. Специјален сегмент од книгата е посветен на надворешната политика и дипломатијата, кои играат значајна улога во сите настани поврзани со младата република. Книгата е концептуализирана на начин што може да се користи како дополнителен материјал за предметите по меѓународно право и политички студии на универзитетите, како и за истражувачи и практичари во полето на меѓународната политика, особено за оние заинтересирани за балканската политика.

14. Marolov, Dejan (2021). *Политика на проширување на Европската Унија*. In: Европска Унија: Право и политики. Центар за анализа на право и политика. Делот кој го обработува кандидатот се концентрира на политика на проширување на ЕУ. Трудот започнува од фактот дека Европа не може да се создаде одеднаш и дека сите држави не можат да бидат обединети во еден момент, па токму политиката

на проширување значи етапно остварување на оваа цел во подолг временски период. Од создавањето на првите европски заедници во 1951 година во Париз и 1957 година во Рим од страна на шесте држави основачки, преку разните циклуси на проширување, денешната Европска Унија брои 27 држави членки. Трудот се фокусира на политиката на проширување на Европската Унија од неколку аспекти. Првиот аспект се однесува на самиот процес на обединување во соодност со историските, политичките и економските прилики, со цел да се разбере идејата и основата на политиката на проширување. Вториот аспект се концентрира на правната основа и процесот на пристапување на нови членки во ЕУ. Третиот аспект ги презентира и анализира сите досегашни циклуси на проширување, со цел да се извлечат одредени заклучоци за политиката на проширување и нејзината иднина. Последниот, четврти аспект, ја разгледува моменталната ситуација со државите кандидатки, со посебен акцент на Република Македонија и нејзиниот пат кон ЕУ.

**Кратка евалуација на книги за последните пет години (од последниот избор):**

15. Marolov, Dejan (2021). *Борба за опстанок или експанзија? Студија на случај на конфликт помеѓу голема сила и мала држава*. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-244-850-3. Главната цел на оваа книга е да се извлечат определени заклучоци во однос на однесувањето и изборите кои ги прави една мала сила соочена во директна конфронтација со голема сила. Оваа книга започнува со делот кој се обидува да направи разлика помеѓу поимите на мала и голема држава, како и мала и голема сила. Претходново е прикажано во светлото на теоретската рамка на структурниот реализам и неговата примена во пракса. Ќе се обрне внимание и на постоечката дебата помеѓу дефанзивните и офанзивните реалисти, балансот на силите и функционирањето и карактеристиките на асиметричните сојузи составени од мала и голема сила. Сето ова е направено преку анализа на текстот насловен како Мелијанскиот дијалог и обработка на две конкретни студии на случај. Конкретните студии на случај го опфаќаат судирот помеѓу (1) Србија и Австро-Унгарија пред Првата светска војна и (2) Чехословачка и Германија пред Втората светска војна. На ваков начин можеме да го анализираме справувањето на малата сила во конфликт со голема сила во соодветната историска консталација на меѓународните односи сочинети од повеќе големи сили и непостоење на некој вид на светска универзална меѓународна организација (светот пред Првата светска војна) и постоење на повеќе големи сили и постоење на светска универзална меѓународна организација (светот по Првата светска војна). Книгата е пишувана на таков начин што ќе има можност да биде користена како практикум за секој студент по меѓународни односи, но и да биде четиво за уживање за секој читател кој нема допирни точки со оваа наука, но едноставно ужива во историските случувања.

16. Marolov, Dejan and Mitev, Oliver (2019). *The creation of independent Republic of Macedonia. Internal conditions and external policy*. GRIN Publishing GmbH Nymphenburger Str. 86 80636 Munich Germany. ISBN 9783346091147. Книгата се занимава со процесите на создавање на независната Република Македонија како дел од глобалните процеси на дезинтеграција на бившите еднопартиски системи и држави во Источна Европа, вклучувајќи ја и поранешната СФР Југославија, и насочувањето кон политички плурализам и демократија како основни составни делови на модерното општество. Независноста на Македонија беше донесена преку

референдум на 8 септември 1991 година. После тоа, следеше период на внатрешна консолидација и дипломатска борба за меѓународно признавање. Дипломатските иницијативи, а особено односите со Европската заедница и САД, резултираа со членството на Република Македонија (под привремената референца „Поранешна југословенска република Македонија") во Обединетите нации. Претходново се анализира и од аспект на меѓународното право и неговите принципи. Во периодот што следи, поради војните во поранешна Југославија и блокадата од страна на Грција, Македонија се наоѓаше во многу тешка и комплексна ситуација. Привремено решение се најде во привремената спогодба со Грција од 1995 год. Сите овие и пропратни дилеми се обработени во оваа книга.

**Учество на конференции, тркалезни маси и работилници со реферат за последните пет години (од последниот избор):**

17. Излагање на „Катедра Аденауер 2023" организирана од Фондацијата Конрад Аденауер во соработка со Центарот за европски студии Вилфрид Мартенс од Брисел, Академијата за Европски интеграции од Скопје и Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" (октомври 2023 год.). Излагање на тема „ЕУ и НАТО на Западен Балкан во контекст на новите политички и безбедносни предизвици".
18. Презентација на конференција со наслов „40 години од Конвенцијата на Обединетите нации за поморското право – баланс и перспективи", организирана од Факултет за право и администрација, Универзитет во Варшава, Полска. (септември 2022 год.). Наслов на презентација: „Independent-dependent states. Land-locked States right of access to and from the sea".
19. Презентација на конференција со наслов „EU health policy and the Macedonian strategies on the health issues". Jean Monnet Project, Охрид (септември, 2022 год.). Наслов на презентација: „EU health policy and the Macedonian strategies on the health issues".
20. Презентација на конференција со наслов „Трет годишен меѓународен форум - општество, доверба, ризици", организирана од Универзитет Плеханов, Русија (октомври 2021 год.). Наслов на презентација: „Covid 19, the globalizaton and the digitalization of the education".
21. Презентација на научен собир со наслов „Современата македонска држава" организиран од Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), Скопје (септември 2021 год.). Наслов на презентација: „Анализа на договорот од Преспа".
22. Презентација на конференција со наслов „International law and crisis – impact and challenges" организирана од Правен факултет при Универзитет Комениус, Братислава, Словачка (април 2021 год.). Наслов на презентација: „Small power in conflict with great power: a case study of Czechoslovakia and Germany conflicts".
23. Презентација на конференција со наслов „International relations and area studies: focus on Western Balkans", организирана од Универзитет Babeş-Bolyai (декември 2020). Наслов на презентација: „Small power in conflict with great power: a case study of Czechoslovakia and Germany conflicts".
24. Излагање на конференција „Идентитетот и европската интеграција во чест на Димитар Мирчев", организирана од Европско движење на Македонија и Филозофски факултет при УКИМ - Скопје (јули 2020 год.). Наслов на презентација: „Споровите со соседите околу идентитетските прашања".

25. Излагање на тематскиот семинар „Европската Унија низ призмата на правото и политиките", организиран по повод одбележувањето на Денот на Европа 2019, организиран од Правен факултет – Штип (мај 2019 год.). Наслов на презентација: „Политиката на проширување на ЕУ".

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатот вонреден проф. д-р Дејан Маролов покрај во наставно-образовната и научно-истражувачката дејност на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, има низа активности и во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Конкретните активности се прикажани во листата подолу:

- Член на Наставно-научен совет на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, РС Македонија од 2014 год. до денес;
- Член на комисии за уписи на студенти од втор циклус od 2014 год. до денес;
- Учесник на јавна расправа по Предлог-закон за надворешни работи 2019 год. во Министерство за надворешни работи на РС Македонија;
- Раководител на центарот за меѓународно право и меѓународни односи во рамките на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип од 2021 год. до денес;
- Раководител на Катедрата по меѓународни односи и европско право на Правен факултет во Штип од 2022 год. до денес;
- Поседува решение за акредитација на ментор на докторски студии од Агенција за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование од 2023 год.;
- Член на повеќе комисии за оцена и одбрана на дипломски, магистерски трудови и докторски трудови.

**Останати активности**

Членувал во повеќе домашни и странски академски невладини здруженија и асоцијации како Академскиот совет на системот на ООН, Научниот совет на Центарот за правно-економски студии при Универзитетот Азорес во Понта Делгада, Португалија, Научниот одбор на Меѓународниот центар за човекови права при Медитеранскиот универзитет во Реџо Калабрија, Италија, член е и на Центарот за правно-политички *истражувања* на Правниот факултет при УГД, на Европскиот едукативен институт, Здружението на историчари на РМ и на Европското движење.

Има дадено многубројни изјави и учествувано на интервјуа за локални и национални медиуми на теми од правно-политички и општествени прашања како и за надворешната политика, но и по покана од академски истражувачи и новинари од Европа и САД. На покана на уредникот на официјалниот блог на престижната Лондонската школа по економија има објавено две свои колумни.

Според податоците добиени од Web of science, Scopus, Google scholar, Academia.edu и ResearchGate, може да се види дека неговите трудови се користени и цитирани како литература при изработка на дипломски, магистерски и докторски трудови, како и научни трудови ширум универзитетите низ повеќе држави во Европа, Австралија и САД.

Кандидатот има изготвено рецензија за книгата „Политичка географија" од Игор Окунев, професор на Московски државен универзитет за меѓународни односи, објавена од Peter Lang publisher, Белгија (јуни 2022 год.). Кандидатот бил промотор на книгата „Дипломатија и меѓународно право" од Зоран Јовановски издадена од Воената академија „Генерал Михајло Апостолски" во Скопје (јуни 2023 год.).

Од сето претходно елаборирано преку приложените и наведените факти и податоци се потврдуваат наставно-образовната и научно-истражувачката дејност, како и стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на кандидатот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата со задоволство ги прегледа доставените документи на кандидатот д-р Дејан Маролов, објавените научни и стручни трудови, учебните помагала, листата со учества на меѓународни научни конференции, активности во научноистражувачки проекти, стручно-апликативна и организациска работа и врз основа на севкупната активност од изборот во вонреден професор до денес заклучи дека д-р Дејан Маролов ги исполнува условите за избор во редовен професор во областа Меѓународно јавно право, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. За целокупната активност во периодот од избор во вонреден професор до денес, кандидатот д-р Дејан Маролов има по основ на научноистражувачка работа, на наставно-образовна работа и на стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (НО40+НИ189+САОР34) вкупно 263 поени. Според гореизнесеното Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да го избере д-р Дејан Маролов во **звање редовен професор во научната област Меѓународно јавно право**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Елена Темелковска Аневска, редовен професор претседател, с.р.
Д-р Небојша Раичевич, редовен професор, член, с.р.
Д-р Јован Ананиев, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга | 1 (бр.15) | 10 | 1 (бр.16) | 15 | 25 |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга | 2 (бр.12 и 14) | 6 | 1 (бр.13) | 10 | 22 |
| **3.** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) | 15/10/5 (бр.3) | | | 5 | 5 |
| **4.** | Научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | прв автор, 4x9=36 (бр.1,4,5,11) втор автор 3x6=18 (бр.2,8,10) Останати 1x3=3 (бр.3) | | | | 57 |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 1 (бр.9) | 2 | 2 (бр.6,7) | 3 | 8 |
| **7.** | Секциско предавање на научен собир | 5 (бр.17,19, 21,24,25) | 2 | 2 (бр.18,20) | 4 | 18 |
| **8.** | Одржано предавање по покана од научна институција | | | 3 | 3 | 9 |
| **9.** | Одбранета докторска теза | | | 8 | | 8 |
| **10.** | Одбранет магистерски труд | | | 4 | | 4 |
| **11.** | Раководител на научен проект | 2 | 4 | | | 8 |
| **12.** | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| **13.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/ останати) 2/1,5/1 | 2X2=4 (СЦИ) 13x1=13 (останати) | | | | 17 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **189** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книги/учебници, скрипти објавени во земјава и во странство | 1 | 10 | | 15 | 10 |
| **2.** | Учество во изработка на елаборати на втор и трет циклус на Правен факултет | 2 | 2 | | | 4 |
| **3.** | Член на комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови | 8 | 2 | | | 16 |
| **4.** | Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **34** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **263** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ АНАЛИЗА И ДИФЕРЕНЦИЈАЛНИ РАВЕНКИ И МАТЕМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1502-103/4 од 8.7.2024 година донесена на 254. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика, одржана на 8.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник за наставно-научната област ***анализа и диференцијални равенки*** **(1.01.00.05)** ***и математика*** **(1.01.00.01)** на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- акад. Дончо Димовски, редовен професор во пензија, ПМФ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје (претседател);
- д-р Борко Илиевски, редовен професор во пензија, ПМФ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје (член);
- д-р Владо Гичев, редовен професор на Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 26 јуни 2024 година и во предвидениот рок со комплетна документација се пријави д-р Билјана Златановска, вонреден професор на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Билјана Златановска** е родена на 2 јули 1973 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип со континуиран одличен успех. Дипломира на 13 март 1997 година на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Институтот за математика, со просечна оценка 8.64. На истиот Институт го одбранува магистерскиот труд со наслов „Динамички системи и хаос“ на 14 јули 2006 година, под менторство на проф. д-р Дончо Димовски и се стекнува со научен степен магистер на математички науки. Докторскиот труд со наслов „Динамички системи: Лоренцов систем, решавање и анализа на неговото однесување во зависност од параметрите и примена“ го одбранува под менторство на академик д-р Дончо Димовски, на 14 март 2014 година на Институтот за математика на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнува со научен степен доктор на математички науки.

Од 1997 до 2007 година работи како професор по математика во основни и средни училишта и како демонстратор на Рударско-геолошкиот факултет во Штип.

Во јуни 2007 година е избрана од матичната комисија, а во јуни 2010 година е реизбрана за асистент по предметите од областа математика на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во октомври

2014 е избрана за доцент, а во мај 2019 за вонреден професор на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што работи и денес. Во овој период одржува вежби и предавања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Општи услови за избор во звање редовен професор:**

- На прв циклус студии кандидатката има просечна оценка 8.64, а на втор циклус има просечна оценка 8.00;
- Со Одлука број 1502-84/4 од 165. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика од 30.5.2019 година кандидатката е избрана во звање вонреден професор во наставно-научна област диференцијални равенки и математика;
- Титулата доктор на математички науки ја стекнал во 2014 година;
- Во последните 5 години има публикувано 17 рецензирани научно-истражувачки трудови во соодветната област во референтни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Референтна научна публикација | Год. на излегување и линк |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Biljana Zlatanovska**, Donco Dimovski, Mirjana Kocaleva Vitanova | *About the solutions of Modified Lorenz system* | Asian-European Journal of Mathematics, 17 (7), ISSN (print) 1793-5571, (online) 1793-7183. **SCOPUS (CiteScore) 2023 – 1.3 (Q3); SJR 2023 – 0.304; Web of Science IF 2023 - 0.5.** | Публикација објавена во 2024 година; 17 години на публикување на списанието; https://doi.org/10.1142/S1793557124500542, |
| 2. | Marija Miteva, Limonka Koceva Lazarova, **Biljana Zlatanovska,** Natasha Stojkovikj | *Products of distributions in colombeau algebra* | Asian-European Journal of Mathematics, 17 (7), ISSN (print) 1793-5571, (online) 1793-7183. **SCOPUS (CiteScore) 2023 – 1.3 (Q3); SJR 2023 – 0.304; Web of Science IF 2023 - 0.5.** | Публикација објавена во 2024 година; 17 години на публикување на списанието; https://doi.org/10.1142/S1793557124500487 |
| 3. | Natasha Stojkovikj, Maja Kukusheva Paneva, **Biljana Zlatanovska,** Limonka Koceva Lazarova | *Modeling, analysis and simulation of tuberculosis* | Asian-European Journal of Mathematics, ISSN (print) 1793-5571, (online) 1793-7183. **SCOPUS (CiteScore) 2023 – 1.3 (Q3); SJR 2023 – 0.304; Web of Science IF 2023 - 0.5.** | Публикација објавена во 2024 година; 17 години на публикување на списанието; https://www.worldscientific.com/doi/epdf/10.1142/S1793557124500736 |
| 4. | Kukuseva Maja, Stojkovic Natasa, **Zlatanovska Biljana,** Koceva Lazarova Limonka, Stojanova Ilievska Aleksandra, Martinovska Bande Cveta | *Modeling and Simulation of Susceptible – Exposed – Infected – Recovered – Vaccinated – Susceptible Model Of Influenza* | TEM Journal, Vol. 13. Issue 1, pp. 663-669. ISSN 2217-8309 **SCOPUS (CiteScore) 2023 – 2.2 (Q3); SJR 2023 – 0.238; Web of Science IF 2023 – 0.6** | Публикација објавена во 2024 година; 13 години на публикување на списанието; https://eprints.ugd.edu.mk/33847/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | **Zlatanovska Biljana**, Dimovski Donco | *Recurrent solutions of the Lorenz system of differential equations* | Asian-European Journal of Mathematics, 15 (10). ISSN 1793-5571, (online) 1793-7183. **2022 SCOPUS (CiteScore) - 1.3 (Q3); 2022 SJR - 0.321; Indexed in Web of Science** | Публикација објавена во 2022 година; 15 години на публикување на списанието; https://eprints.ugd.edu.mk/30552/ |
| 6. | **Zlatanovska Biljana**, Piperevski Boro | *A particular solution of the third-order shortened Lorenz system via integrability of a class of differential equations* | Asian-European Journal of Mathematics, 15 (10). ISSN 1793-5571, (online) 1793-7183. **2022 SCOPUS (CiteScore) - 1.3 (Q3); 2022 SJR - 0.321; Indexed in Web of Science.** | Публикација објавена во 2022 година; 15 години на публикување на списанието; https://eprints.ugd.edu.mk/30551/ |
| 7. | **Zlatanovska Biljana**, Dimovski Donco | *A modified Lorenz system: Definition and solution* | Asian-European Journal of Mathematics, 13 (08). ISSN 1793-5571 \| (online) 1793-7183. **2020 SCOPUS (CiteScore) - 1; 2020 SJR - 0.294; Indexed in Web of Science.** | Публикација објавена во 2020 година; 13 години на публикување на списанието; https://eprints.ugd.edu.mk/26641/ |
| 8. | **Zlatanovska Biljana**, Piperevski Boro | *Dynamic analysis of the dual Lorenz system* | Asian-European Journal of Mathematics, 13 (08). ISSN 1793-5571 \| (online) 1793-7183. **2020 SCOPUS (CiteScore) -1; 2020 SJR - 0.294; Indexed in Web of Science.** | Публикација објавена во 2020 година; 13 години на публикување на списанието; https://eprints.ugd.edu.mk/26642/ |
| 9. | Nakov D., **Zlatanovska B.**, Kocaleva Vitanova M., Miteva M., Hristov S., Stankovic B. | *Mathematical modelling and machine learnig prediction for prevalence dynamics of clinical mastitis in dairy herds* | Proceeding of 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Beterinary Review Vol 5, No 1, pp. 193-203 | Публикација објавена во 2024 година; 26ти конгрес; https://eprints.ugd.edu.mk/34403/ |
| 10. | **Zlatanovska Biljana**, Piperevski Boro | *About a class of 2D matrix of differential equations* | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 6 (2). pp. 135-146. ISSN 2545-4803 | Публикација објавена во 2023 година; 6 години на публикување на списанието; https://eprints.ugd.edu.mk/32897/ |
| 11. | Koceski Saso, Koceska Natasa, Koceva Lazarova Limonka, Miteva Marija, **Zlatanovska Biljana** | *Can ChatGPT be used for solving ordinary differential equations* | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 6 (2). pp. 103-114. ISSN 2545-4803. | Публикација објавена во 2023 година; 6 години на публикување на списанието; https://eprints.ugd.edu.mk/32896/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | **Zlatanovska Biljana**, Piperevski Boro, Kocaleva Vitanova Mirjana, Miteva Marija | *A particular solution to the special case of a fourth order shortened Lorenz system* | Proceeding of CODEMA 2022, X Seminar of Differential Equations and Analysis, 25-28 Sept 2022, Ohrid, N. Macedonia. | Публикација објавена во 2023 година; 2ра конференција; https://eprints.ugd.edu.mk/31462/ |
| 13. | **Zlatanovska Biljana**, Piperevski Boro | *On the integrability of a class of differential equations* | Bulletin Mathématique, 45 (2). pp. 85-93. ISSN 0351-336X (print), 1857-9914 (online). | Публикација објавена во 2021 година; 71 години на публикување на списанието; https://eprints.ugd.edu.mk/30554/ |
| 14. | **Zlatanovska Biljana**, Piperevski Boro | *Dynamical analysis of a third-order shortened Lorenz systems* | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), 4 (2). ISSN 2545-4803. | Публикација објавена во 2021 година; 4 години на публикување на списанието; https://eprints.ugd.edu.mk/29130/ |
| 15. | Piperevski Boro, **Zlatanovska Biljana** | *About one B. S. Popov's result* | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), 3 (2). pp. 15-24. ISSN 2545-4803. | Публикација објавена во 2020 година; 3 години на публикување на списанието; https://eprints.ugd.edu.mk/27256/ |
| 16. | Piperevski Boro, **Zlatanovska Biljana** | *For a correlation between a class of second order linear differential equations and a class of systems of first oreder differential equations* | E-Proceedings Paper. I Congress of Differential Equations, Mathematical Analysis, IX Seminar of Differential equations and Analysis, Codema 2020, pp. 5-12. | Публикација објавена во 2020 година; 1ва конференција; https://eprints.ugd.edu.mk/28096/ |
| 17. | **Zlatanovska Biljana** | *Numerical analysis of the behavior of the Dual Lorenz system by using Mathematica* | Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 2 (2). pp. 65-72. ISSN 2545-4803. | Публикација објавена во 2019 година; 2 година на публикување на списанието; https://eprints.ugd.edu.mk/23184/ |

- Кандидатката има објавено рецензиран универзитетски учебник:

1. **Б. Златановска**, Л. Г. Илиева, Л. К.Лазарова, М. Митева (2022). „*Математика 1 за технички факултети*“, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип;
2. **Б. Златановска** „*Динамички системи*“, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (учебникот е позитивно рецензиран и е во фаза на објавување).

Кандидатката има објавено рецензирана збирка:

3. **Б. Златановска**, Л. Г. Илиева, Л. К.Лазарова (2019). „*Збирка задачи од Математика 1 за технички факултети*“, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип;

Кандидатката има објавено рецензиран практикум:

- **Б. Златановска**, А. Ристеска, Ј. Костов Читкушева (2015). „*Практикум по Тригонометрија*“, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

Кандидатката има потврда за познавање на англиски јазик;

- Кандидатката е способна за изведување на високообразовна дејност, која се докажува и со постигнатите резултати дадени во овој извештај.

**Посебни услови за избор во звање редовен професор:**

- Кандидатката била ментор на 5 изработени дипломски работи;
- Кандидатката учествувала во 4 научноистражувачки проекти:

4. CA22162-FutureMed: A transdisciplinary network to bridge climate science and impacts on society (FutureMed), 2023.
5. CA18232-Mathematical models for interacting dynamics on networks Cost Europe Cooperation in Science and Technology, MC Substitute (03.06.2021 – 02.11.2021). Во рамките на учеството беше дел од следните настани:

❖ Meeting 11.5.2022, Germany „5th Lumer Lecture: Rafe Mazzeo on Curvature Flows of Singular Spaces”;

❖ Meeting, 22.3.2022, France „4th Lecture: Enrique Zuazua on Networks and Neutral Networks.

6. Mathematics of the Future: Understanding and Application of Mathematics with the help of Technology, Erasmus + programme, 2020-2022. Во рамките на учеството беше дел од следните настани:

❖ Transnational Project Meeting (TPM) Stip, Republic of North Macedonia 5-7 September 2022;

❖ Тренинг настанот STEAM Technology training – настан, кој се одржал во периодот 17-20 јануари 2022 година во Белград, во склоп на кој таа имала презентација дадена во овој реферат со реден број 62;

❖ Transnational Project Meeting, Mathematics of the Future: Teaching and Learning Mathematics with Help of Technology, 2020-1-RS01-KA203-065388, 14-16 October, 2022, Timişoara, Romania;

Analysis report on state of art in using technologies to support teaching in Mathematics after Covid-19 crisis. https://futuremath.pmf.uns.ac.rs/docs/IO1/Result-IO1-collections.pdf

7. Cost Action EUTypes CA15123, 2019 EUTypes Summer School on Types for Programming and Verfication, from 30 August to 4 September, 2019, Ohrid, Macedonia.

- Придонесот на кандидатката во оспособувањето на помлади наставници и соработници е даден преку:

❖ заедничка изработка на научни и стручни трудови;

❖ заедничко учество во проекти;

- заедно изведување на наставни предмети од прв и втор циклус;
- член за оценка и одбрана на докторски труд.

Кандидатката има освоено од НО – 40 поени; НИ – 260,6 поени; САОР – 73,5 поени или вкупно 374,1 поен.

Согласно Правилникот за избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип и Законот за високо образование на Република Северна Македонија, кандидатката д-р Билјана Златановска ги исполнува општите и посебните услови за избор во звање редовен професор.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Како **вонреден професор** во наставно-научни области диференцијални равенки и математика со Одлука број 1502-84/4 од 165. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика од 30.5.2019 година има изведувано настава на Универзитет „Гоце Делчев“, Штип по следните наставни предмети:

- **Факултет за информатика**

- **Наставни предмети од прв циклус:** Калкулус 1 Тригонометрија, Диференцијални равенки, Аналитичка геометрија, Математичко програмирање, Теорија на динамички системи, Динамички системи и хаос, Динамички системи;
- **Наставни предмети од втор циклус:** Напредни математички поглавја во инженерството, Диференцијални равенки: теорија и примена, Одбрани поглавја од динамички системи, Споредбено образование и споредбени воспитнообразовни системи за математика и информатика, Историја на математиката и математичкото образование, Одбрани поглавја од финансиска математика, Диференцијални и диференцни равенки во економија, Напредни поглавја од диференцијални равенки;
- **Наставни предмети од трет циклус:** Напредни поглавја од диференцијални равенки и примена.

- **Економски факултет (прв циклус):** Математика за бизнис.
- **Факултет за природни и технички науки (прв циклус):** Математика 1, Математика 2, Веројатност и статистика.
- **Машински факултет**

- **Наставни предмети од прв циклус:** Математика 1 и Математика 2;
- **Наставни предмети од втор циклус:** Напредни математички поглавја во инженерството.

Како **доцент** во наставно-научна област диференцијални равенки со Одлука број 2002-126/6 од 96. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика од 16.10.2014 година има изведувано настава на Универзитет „Гоце Делчев“, Штип по следните наставни предмети:

- **Факултет за информатика**

- **Наставни предмети од прв циклус:** Математика 1, Математика 2, Веројатност и статистика, Теорија на веројатноста, Тригонометрија, Диференцијални равенки, Аналитичка геометрија, Компјутерски практикум 1 (Mathematica), Компјутерски практикум 1 (MatLab), Компјутерски практикум 2 (Mathematica), Компјутерски практикум 2 (MatLab), Математичко програмирање, Теорија на динамички системи, Динамички системи и хаос;
- **Наставни предмети од втор циклус:** Применета статистика, Линеарно програмирање, Математичко програмирање;
- **Наставни предмети од трет циклус:** Геостатистика.

- **Економски факултет (прв циклус):** Математика 1.

- **Факултет за природни и технички науки (прв циклус):** Математика 1, Математика 2, Статистика.
- **Машински факултет (прв циклус):** Математика 1 и Математика 2.

Како **асистент** по предмети од областа **математика**, прв пат избрана од матична комисија и втор пат (реизбор) со Одлука број 2002-46/7 од 32. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика од 2.6.2010 година има изведувано настава на Универзитет „Гоце Делчев", Штип по следните наставни предмети:

- **Факултет за информатика:** Математика 1, Математика 2, Линеарна алгебра, Компјутерски практикум 1 (Mathematica), Диференцијални равенки, Аналитичка геометрија, Линеарно програмирање и Математичко програмирање.
- **Електротехнички факултет:** Математика 1, Математика 2 и Линеарни трансформации.
- **Економски факултет:** Математика 1 и Математика 2.
- **Факултет за природни и технички науки:** Математика 3.

Д-р Билјана Златановска се јавува и како рецензент на еден универзитетски и еден средношколски учебник, две скрипти и два практикума:

- А. Крстев, З. Здравев (2019). „*Управување со IT проекти*", Универзитет „Гоце Делчев", Штип (практикум);
- А. Крстев, З. Здравев (2019). „*Управување со IT проекти*", Универзитет „Гоце Делчев", Штип (практикум);
- А. Крстев, Т. Чекеровски, Д. Серафимовски, Р. Тимовски (2022). „*Примена на аналитичко-нумерички методи и модели на оптимизација на компјутерско водени процес*", Универзитет „Гоце Делчев", Штип (скрипта);
- Л. К. Лазарова, Н. Стојковиќ, М. Митева, В. Д. Ристовска (2022). „*Дискретна математика*", Универзитет „Гоце Делчев", Штип (универзитетски учебник);
- А. Ристеска (2023). „*Одбрани делови од математика 1*", Универзитет „Гоце Делчев", Штип (скрипта);
- Б. Крстеска и Ј. Маркоска (2023). „*Математика*" (изборен) за III година на средно стручно четиригодишно образование (Геолошко-рударска и металуршка/Геологија, рударство и металургија, Градежно-геодетска/Градежништво и геодезија, Графичка/Графичарство, Економско-правна и трговска/Економија, право и трговија, Електротехничка/Електротехника, Здравствена/Здравство и социјална заштита, Земјоделска-ветеринарна/Земјоделство, рибарство и ветеринарство, Лични услуги, Машинска/Машинство, Сообраќајна/Сообраќај, транспорт и складирање, Текстилно-кожарска/Текстил, кожа и слични производи, Угостителско-туристичка/Угостителство и туризам и Шумарско-дрвопреработувачка/Шумарство и обработка на дрво), Министерсво за образование и наука, Р. Северна Македонија (учебник).

Д-р Билјана Златановска се јавува како рецензент за избор во наставно-научни звања на двајца наставници на Факултетот за информатика, член на комисии за оценка и одбрана на еден магистерски труд и два докторски труда.

Д-р Билјана Златановска е главен и одговорен уредник, како и член на редакцискиот одбор на

**8.** „Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics" – Faculty of Computer Science, University Goce Delcev –Stip.

Д-р Билјана Златановска е член на  програмски комитет на следните конференции:

**9.** „International Conference on Computer Science and Mathematics Dedicated to prof. Smile Markovski", 21 May – 23 May 2024, Ohrid, North Macedonia;

**10.** „Second International Conference" ETIMA 2023, 27-29 Sept 2023, Stip, North Macedonia;

**11.** „I Congress of Differential Equations, Mathematical Analysis, IX Seminar of Differential equations and Analysis", Codema 2020, September 27-30, 2020, North Macedonia;

**12.** „II Congress of Differential Equations, Mathematical Analysis, X Seminar of Differential equations and Analysis", CODEMA 2022, 25-28 Sept 2022, Ohrid, R.N.Macedonia.

Д-р Билјана Златановска се јавува и како рецензент на трудови од списание и конференции:

**13.** „Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics" – Faculty of Computer Science, University Goce Delcev –Stip (15 труда);

**14.** „Second International Conference" ETIMA 2023, 27-29 Sept 2023, Stip, North Macedonia (2 труда);

**15.** „II Congress of Differential Equations, Mathematical Analysis, X Seminar of Differential equations and Analysis", CODEMA 2022, 25-28 Sept 2022, Ohrid, R.N.Macedonia (претседавач на сесија) (1 труд);

**16.** „12-th International Scientific Conference COMPUTER SCIENCE" 13 -15 September 2024**,** Sozopol, Bulgaria (4 труда);

17. „International Scientific Conference on Information Technologies" (InfoTech-2024) 11 - 12 September 2024**,** Sofia, Bulgaria (Virtual Forum) (3 труда).

Д-р Билјана Златановска во период од 2007 година до сега има објавено 76 научно-истражувачки и стручни трудови, од кои 35 се дадени во рефератите за избор во звање асистент по втор пат (Универзитетски билтен бр. 40 од 17.5.2010 година), доцент (Универзитетски билтен бр. 133 од 1.10.2014 година) и вонреден професор (Универзитетски билтен бр. 231 од 2.5.2019 година). За период од последните 5 години има објавено 41 научно-истражувачки и стручни трудови:

**18.** Nakov D., **Zlatanovska B., Kocaleva Vitanova M., Miteva M., Hristov S, Stankovic B (2024).** *Mathematical modelling and machine learnig prediction for prevalence dynamics of clinical mastitis in dairy herds, In Proceedings of the 26th International Congress of the Mediterranean Federation for Health and Production of Ruminants (FeMeSPRum2024), 20-23 June 2024, Novi Sad, Serbia, Beterinary Review Vol 5, No 1, pp. 193-203,* https://eprints.ugd.edu.mk/34403/

Главната цел на трудот е примена на математички модели SIR и SIRS и алгоритмите за машинско учење за предвидување на ширење на маститисот кај популацијата на молзни крави. Податоците користени за математичките модели и алгоритмите за машинско учење се добиени како реални податоци од фарми на територијата на Северна Македонија.

**19. Natasha Stojkovikj, Maja Kukusheva Paneva, Biljana Zlatanovska, Limonka Koceva Lazarova (2024).** *Modeling, analysis and simulation of tuberculosis, Asian-European Journal of Mathematics,* ISSN (print) 1793-5571, (online) 1793-7183 https://www.worldscientific.com/doi/epdf/10.1142/S1793557124500736 (accepted: 25.05.2024) (**SCOPUS (CiteScore) 2023 – 1.3 Q3; SJR 2023 – 0.304; SNIP 2023 – 0.704; Web of Science IF 2023 - 0.5. Indexed in Mathematical Reviews/MathSciNet, Zentrablatt MATH** …);

Во трудот е даден математички модел на туберколоза преку кој се анализира оваа болест и се прават симулации за предвидување на истата врз основа на вистински податоци за болеста од нашата земја.

**20.** Marija Miteva, Limonka Koceva Lazarova, **Biljana Zlatanovska and Natasha Stojkovikj (2024).** *Products of distributions in colombeau algebra, Asian-European Journal of Mathematics, 17 (7),* ISSN (print) 1793-5571, (online) 1793-7183 https://doi.org/10.1142/S1793557124500487, (**SCOPUS (CiteScore) 2023 – 1.3 Q3; SJR 2023 – 0.304; SNIP 2023 – 0.704; Web of Science IF 2023 - 0.5. Indexed in Mathematical Reviews/MathSciNet, Zentrablatt MATH** …);

Во овој труд се оценуваат некои производи на дистрибуции во Коломбо алгебра на генерализирани функции, кои во класичната теорија не се дефинирани.

**21. Biljana Zlatanovska, Donco Dimovsi and Mirjana Kocaleva Vitanova (2024).** *About the solutions of Modified Lorenz system, Asian-European Journal of Mathematics, 17 (7),* ISSN (print) 1793-5571, (online) 1793-7183, https://doi.org/10.1142/S1793557124500542, (**SCOPUS (CiteScore) 2023 – 1.3 Q3; SJR 2023 – 0.304; SNIP 2023 – 0.704; Web of Science IF 2023 - 0.5. Indexed in Mathematical Reviews/MathSciNet, Zentrablatt MATH** …);

Модифициран Лоренцов систем е систем од три диференцијални равенки, каде третата диференцијална равенка во Лоренцовиот систем е заменета со линеарна хомогена диференцијална равенка од петти ред со константни коефициенти. Оваа диференцијална равенка се решава со решавање на карактеристична равенка од петти степен. Формула за решавање на алгебарската равенка од петти степен не постои. Затоа во овој труд се понудени решенија за посебните случаи на карактеристичната равенка од петти степен.

**22.** Kocaleva Vitanova Mirjana, Karamazova Gelova Elena, **Zlatanovska Biljana**, Risteska Aleksandra (2024). *Учење со помош на мобилни уреди – придобивки и предизвици на новато време.* In: Electrical Engineering, Technology, Informatics, Machinery and Automation, 27-29 Sept 2023, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/33997/

Овој труд е посветен на мобилната настава, која е за планирање и спроведување на учење преку мобилни уреди. Целта на оваа студија е да ги разгледа придобивките и перспективата на мобилните уреди во образованието, како и предизвиците за универзитетите, професорите и студентите во процесот на нејзино спроведување.

**23.** Kocaleva Vitanova Mirjana, **Zlatanovska Biljana**, Karamazova Gelova Elena, Zlatev Zoran (2024). *Cloud computing and virtualization: can cloud computing exist separately from virtualization*? In: Electrical Engineering, Technology, Informatics, Machinery and Automation, 27-29 Sept 2023, Stip, Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/33996/

Целта на оваа студија е да се дефинира и анализира што е виртуелизација и cloud computing. Потоа преку споредба да се покаже како различни техники се поврзани една со друга и следствено да се извлече соодветен заклучок.

**24. Kukuseva Maja**, Stojkovic Natasa, **Zlatanovska Biljana**, Koceva Lazarova Limonka, Stojanova Ilievska Aleksandra, Martinovska Bande Cveta (2024). *Modeling and Simulation of Susceptible – Exposed – Infected – Recovered – Vaccinated – Susceptible Model Of Influenza*, TEM Journal, 13. pp. 663-669. ISSN 2217-8309 (**SCOPUS (CiteScore) 2023 – 2.2 Q3; SJR 2023 – 0.238; SNIP 2023 – 0.537; Web of Science IF 2023 – 0.6**) https://eprints.ugd.edu.mk/33847/

Во овој труд се разгледува моделот SEIRVS прилагоден за прогноза на ширење на инфлуенца со користење на реални податоци од нашата земја.

**25.** Stojkovic Natasa, Koceva Lazarova Limonka, Stojanova Ilievska Aleksandra, Miteva Marija, **Zlatanovska Biljana**, Kocaleva Vitanova Mirjana (2024). *Application of agent-Based Modeling in Learning process*, Informatica, 48 (1). pp. 11-20. ISSN 1854-3871 (**SCOPUS (CiteScore) 2023 – 2.2 Q3; SJR 2023 – 0.308 Q3; SNIP 2023 – 0.612; Indexed in Mathematical Reviews/MathSciNet, MatSci …**). https://eprints.ugd.edu.mk/33863/

Во овој труд, симулацијата за моделирање базирана на агенти се разгледува како алатка во образовниот процес за учење и подучување на различни предмети од високото образование.

**26. Zlatanovska Biljana**, Piperevski Boro (2023). *About a class of 2D matrix of differential equations*, Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 6 (2). pp. 135-146. ISSN 2545-4803. **Indexed by EBSCO**. https://eprints.ugd.edu.mk/32897/

Класа на 2Д матрични диференцијални равенки и нивната поврзаност се разгледува во овој труд со диференцијални равенки од втор ред со полиномни коефициенти. Овие резултати овозможуваат добивање соодветни услови за интеграбилност на една од класите и системите на диференцијални равенки.

**27.** Koceski Saso, Koceska Natasa, Koceva Lazarova Limonka, Miteva Marija, **Zlatanovska Biljana** (2023). *Can ChatGPT be used for solving ordinary differential equations,* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 6 (2). pp. 103-114. ISSN 2545-4803. **Indexed by EBSCO**. https://eprints.ugd.edu.mk/32896/

Во овој труд се оценуваат можностите на OpenAI-овиот chat bot ChatGPT за автоматско генерирање на софтверски код за програмирање нумерички методи за решавање на различни видови диференцијални равенки. Тестиран е ChatGPT за аналитичко како и нумеричко решение на обични диференцијални равенки од прв и втор ред. Добиените резултати сугерираат дека ChatGPT е ветувачка алатка за вештачка интелигенција за програмирање нумерички алгоритми и решавање на диференцијални равенки.

**28.** Kocaleva Vitanova Mirjana, Miteva Marija, Karamazova Gelova Elena, **Zlatanovska Biljana** (2023). *How Recommendation Algorithms Know What You'll Like,* South East European Journal of Sustainable Development, 7 (2). pp. 21-26. ISSN 2545-4471. Indexed by EBSCO. https://eprints.ugd.edu.mk/30894/

Во трудот е претставена онлајн продавницата на Amazon и алгоритмите што ни даваат препораки за нивни производи. Една од најголемите иновации во онлајн купувањето - првпат воведена од Amazon е автоматското генерирање препораки. Од таа причина, алгоритмите за предвидување дадени во трудот се од големо значење за онлајн продавниците.

**29.** Kocaleva Vitanova Mirjana, Karamazova Gelova Elena, **Zlatanovska Biljana** (2024). *Migration and redesign of an existing website to a new server*, In: Proceeding of ITRO 2023, 24 Nov 2023, Zrenjanin, Republic of Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/34049/

Во овој труд е претставена миграцијата на веб-страница на нов сервер, како се спроведува и кои се првичните и крајните цели. Презентиран е и процесот на редизајнирање.

**30.** Miteva Marija, Koceva Lazarova Limonka, **Zlatanovska Biljana**, Stojkovic Natasa (2023). *STEM Approach in Teaching Mathematics,* In: Proceeding of CODEMA 2022, X Seminar of Differential Equations and Analysis, 25-28 Sept 2022, Ohrid, N. Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/33062/

Во овој труд се разгледа STEM пристапот во наставата по математика и резултатите од неговото спроведување.

**31. Zlatanovska Biljana**, Piperevski Boro, Kocaleva Vitanova Mirjana, Miteva Marija (2023). *A particular solution to the special case of a fourth order shortened Lorenz system*,. In: Proceeding of CODEMA 2022, 25-28 Sept 2022, Ohrid, R.N.Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/31462/

Во овој труд, од проширената класа на линеарни диференцијални равенки од втор ред е добиена поткласа на линеарни диференцијални равенки од втор ред. За оваа поткласа, нов услов за редуктибилност според Frobenius е добиен, како и формули за негово партикуларно решение. Истите се применети за добивање на партикуларно решение на специјален случај на скратен Лоренцов систем од четврти ред, добиен од модифицираниот Лоренцов систем.

**32. Билјана Златановска, Марија Митева, Мирјана Коцалева Витанова** (2023). *Алгебарски рационални изрази во основно и средно образование – проблеми и недостатоци*, In: Proceeding of CODEMA 2022, 25-28 Sept 2022, Ohrid, R.N.Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/30895/

Во овој труд е направена анализа на усогласеноста во изучување на алгебарските рационални изрази во основно и средно образование.

**33. Zlatanovska Biljana**, Dimovski Donco (2022). *Recurrent solutions of the Lorenz system of differential equations,* Asian-European Journal of Mathematics, 15 (10). ISSN 1793-5571, (online) 1793-7183. (**2022 SCOPUS (CiteScore) 1.3 (Q3), 2022 Source Normalized Impact per Paper (SNIP) 0.992, 2022 SCImago Journal Rank (SJR) 0.321. Indexed in Web of Science, Mathematical Reviews/MathSciNet, Zentrablatt MATH** …) https://eprints.ugd.edu.mk/30552/

Во овој труд се добиени рекурентни решенија на Лоренцовиот систем од диференцијални равенки во отсуство на експлицитни решенија на истиот.

**34. Zlatanovska Biljana**, Piperevski Boro (2022). *A particular solution of the third-order shortened Lorenz system via integrability of a class of differential equations,* Asian-European Journal of Mathematics, 15 (10). ISSN 1793-5571, (online) 1793-7183. (**2022 SCOPUS (CiteScore) 1.3 (Q3), 2022 Source Normalized Impact per Paper (SNIP) 0.992, 2022 SCImago Journal Rank (SJR) 0.321. Indexed in Web of Science, Mathematical Reviews/MathSciNet, Zentrablatt MATH** …) https://eprints.ugd.edu.mk/30551/

Во овој труд од проширената класа на линеарните диференцијални равенки од втор ред се добива поткласа за која ќе се добие нов услов за редуктибилност според Frobenius. Добиени се формули на партикуларно решение за поткласата на линеарни диференцијални равенки од втор ред и се применети на скратен Лоренцов систем од трет ред, добиен од модифицираниот Лоренцов систем.

**35.** Miteva Marija, **Zlatanovska Biljana**, Kocaleva Vitanova Mirjana (2022). *Some examples for teaching mathematics in STEM context,* STEM Education Notes, 1 (2). pp. 31-39. ISSN 2955-1838 (electronic version) https://eprints.ugd.edu.mk/30147/

Во овој труд се потенцирани бенефитите од користење на STEM приодот во едукацијата и се дадени неколку примери за настава по математика во STEM контекст.

**36.** Kocaleva Vitanova Mirjana, **Zlatanovska Biljana**, Karamazova Gelova Elena, Stojanova Aleksandra, Miteva Marija (2022). *Apache http server as forward proxy server,* In: Proceeding of ITRO 2022, 25 Nov 2022, Zrenjanin, Republic of Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/31129/

Во овој труд се зборува за прокси-сервер, типови на прокси-сервери и на крајот за Apache http, кој служи како forward прокси-сервер.

**37. Zlatanovska Biljana**, Piperevski Boro (2021). *Dynamical analysis of a third-order shortened Lorenz systems,* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI). ISSN 2545-4803. https://eprints.ugd.edu.mk/29130/

Во овој труд се прави динамичка анализа на трите скратени Лоренцови системи од трет ред.

**38.** Kocaleva Mirjana, Stojanova Aleksandra, Stojkovic Natasa, Koceva Lazarova Limonka, **Zlatanovska, Biljana** (2021). *Changes in the teaching and learning caused of the COVID-19 pandemic,* South East European Journal of Sustainable Development, 5 (2). pp. 67-76. ISSN 2545-4471. **Indexed by EBSCO**. https://eprints.ugd.edu.mk/27998/

Во овој труд е направена статистичка анализа на резултатите добиени од онлајн учење и спроведување на колоквиуми за време на пандемијата по конкретен наставен предмет во споредба со спроведените колоквиуми пред пандемијата.

**39. Kocaleva Mirjana**, Stojanova Aleksandra, **Zlatanovska Biljana**, Stojkovic Natasa (2021). *Примена на различни методи на учење на информатичките предмети,* ФИЛКО - Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование. pp. 163-168. ISSN 978-608-244-308-9. https://eprints.ugd.edu.mk/26574/

Во трудот се разгледани најпознатите методи на учење како: визуелното учење (со користење на слики), ауралното (со музика и звук), вербалното (јазично), физичкото (со користење на телото, рацете), логичкото (користење на математика за размислување), социјалното (учење во група) и персоналното (индивидуално учење). Секој од овие методи на учење е добар на свој начин и има големо влијание врз студентот затоа што користи различни центри на човечкиот мозок. Во овој труд се анализира како и колку од овие методи се применуваат при изучување на информатичките предмети.

**40. Zlatanovska Biljana**, Piperevski Boro (2021). *On the integrability of a class of differential equations,* Bulletin Mathématique, 45 (2). pp. 85-93. ISSN 0351-336X (print), 1857-9914 (online). **Indexed by Mathematical Reviews (MathSciNet), Zentralblatt fur Mathematik, EBSCO, Реферативный журнал "Математика"**. https://eprints.ugd.edu.mk/30554/

Во овој труд е разгледана класа на линеарни диференцијални равенки од втор ред. За оваа класа на Б. С. Попов е добиен неопходен и доволен услов за редуктибилност според Frobenius. Со користење на друг метод се добива истиот услов каде постоењето на природниот број n се заменува со постоење на цел број n. За истата класа на линеарни диференцијални равенки од втор ред, се разгледува случајот за редуцирање според Frobenius кој е независен од постоење на број n. Во двата случаи се добиваат формули на едно партикуларно решение и трансформација во системи на диференцијални равенки.

**41.** Stojanova Aleksandra, Kocaleva Mirjana, Stojkovic Natasa, **Zlatanovska Biljana** (2021). *Примена на VARK моделот во процесот на учење,* ФИЛКО - Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование. pp. 311-318. ISSN 978-608-244-698-1. https://eprints.ugd.edu.mk/26575/

Во трудот е дадена практичната примена на VARK моделот во наставата за одреден предмет во предавања, вежби и лабараториски вежби и се истакнува позитивното влијание на студентите преку нивните резулатати.

**42.** Martinovska Bande Cveta, Stojanova Aleksandra, Stojkovic Natasa, Kocaleva Mirjana, Koceva Lazarova Limonka, **Zlatanovska Biljana** (2021). *Learning Data Mining Course Using Language R,* In: Proceeding of ITRO 2021, 26 Nov 2021, Zrenjanin, Republic of Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/29770/

Во трудот се дадени алгоритми за машинско учење имплементирани во програмски јазик R, како помошна алатка во процесот на учење.

**43.** Kocaleva Mirjana, Karamazova Gelova Elena, **Zlatanovska Biljana**, Karuovic Dijana (2021). *Mobile teaching and learning – benefits, perspective and challenges,* In: Proceeding of ITRO 2021, 26 Nov 2021, Zrenjanin, Republic of Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/28845/

Целта на оваа студија е да се разгледа мобилната настава и учење во високото образование, но да се видат и перспективите, предизвиците и бенефитите кај студентите од ваков вид учење.

**44.** Kocaleva Mirjana, **Zlatanovska Biljana**, Karamazova Gelova Elena, Stojkovic Natasa, Stojanova, Aleksandra (2021). *Using WEKA for finding output for given function,* In: Proceeding of ITRO 2021, 26 Nov 2021, Zrenjanin, Republic of Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/28844/

Целта на овој труд е да објасни што е машинското учење и да го опише дрвото на одлуки како еден вид имплементација на машинско учење. Исто така, во трудот е прикажана практичната примена на Waikato Environment for Knowledge Analysis (WEKA) преку конкретен пример.

**45.** Piperevski Boro, **Zlatanovska Biljana** (2020) *For a correlation between a class of second order linear differential equations and a class of systems of first oreder differential equaations,* In: E-Proceedings Paper. I Congress of Differential Equations, Mathematical Analysis, IX Seminar of Differential equations and Analysis, Codema 2020, pp. 5-12. https://eprints.ugd.edu.mk/28096/

Во овој труд се разгледуваат класа на линеарни диференцијални равенки од втор ред и класа системи на диференцијални равенки од прв ред. Со метод на трансформација се добиваат резултати за корелација меѓу нив.

**46.** Piperevski Boro, **Zlatanovska Biljana** (2020). *About one B. S. Popov's result*, Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), 3 (2). pp. 15-24. ISSN 2545-4803. https://eprints.ugd.edu.mk/27256/

Во овој труд се разгледува хипергеометриска хомогена линеарна диференцијална равенка од втор ред. Примената на методот на трансформација дава услови за редуктибилност според Frobenius, формули за општото решение, како и добивање на соодветни системи на диференцијални равенки од прв ред.

**47. Zlatanovska Biljana**, Piperevski Boro (2020). *Dynamic analysis of the dual Lorenz system,* Asian-European Journal of Mathematics, 13 (08). ISSN 1793-5571 | (online) 1793-7183. (**2020 SCOPUS (CiteScore) 1, 2020 SCImago Journal Rank (SJR) 0.294. Indexed in Web of Science, Mathematical Reviews/MathSciNet, Zentrablatt MATH** …) https://eprints.ugd.edu.mk/26642/

Во овој труд е направена споредба на дуалниот Лоренцов систем со Лоренцовиот систем за различни вредности на параметри. Направена е и динамичка анализа на однесувањето на дуалниот Лоренцов систем, како и графичка визуализација преку примери на дуалниот Лоренцов систем за некои вредности на параметрите.

**48. Zlatanovska Biljana**, Dimovski Donco (2020). *A modified Lorenz system: Definition and solution,* Asian-European Journal of Mathematics, 13 (08). ISSN 1793-5571 | (online) 1793-7183. (**2020 SCOPUS (CiteScore) 1, 2020 SCImago Journal Rank (SJR) 0.294. Indexed in Web of Science, Mathematical Reviews/MathSciNet, Zentrablatt MATH** …) https://eprints.ugd.edu.mk/26641/

Врз основа на апроксимациите на Лоренцовиот систем на диференцијални равенки се дефинира модифициран Лоренцов систем, кој локално се приближува кон Лоренцовиот систем. Понудено е и експлицитно решение на ново добиениот модифициран Лоренцов систем.

**49. Stojkovic Natasa**, Kocaleva Mirjana, Martinovska Cveta, Stojanova Aleksandra, **Zlatanovska Biljana** (2020). *Application of the Four-Color Theorem for coloring a city map,* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 3 (1). pp. 25-36. ISSN 2545-4803. https://eprints.ugd.edu.mk/23726/

Во трудот се разгледува проблемот со боење на картата со четири бои со користење на теорија на графови. Се разгледува картата на градското подрачје Штип и Скопје и за боење се користи софтверот „Цртање на карти со теорема на четири бои".

**50. Kocaleva Mirjana**, Petrovska Biserka, Stojkovic Natasa, Stojanova Aleksandra, **Zlatanovska Biljana** (2020). *Review of Sentinel-2 applications,* In: Proceeding of ITRO 2020, 30 Oct 2020, Zrenjanin, Republic of Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/23795/

Во овој труд е претставен литературен преглед на истражувања од областа на набљудувањето на земјата во последните години. Прво е даден преглед на податоците за Коперник и Сентинел-2. Потоа се оценуваат апликациите Сентинел-2 во проблемите со далечинско набљудување. На крајот се претставени длабокото учење и архитектурата на CNN применета на сликите на Sentinel-2.

**51. Zlatanovska Biljana** (2019). *Numerical analysis of the behavior of the Dual Lorenz system by using Mathematica,* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 2 (2). pp. 65-72. ISSN 2545-4803. https://eprints.ugd.edu.mk/23184/

Во трудот со помош на методот на Рунге-Кута како составен дел во математичкиот софтвер Mathematica е направена нумеричка анализа на дуалниот Лоренцов систем за некои вредности на параметрите.

**52. Loku Lindita**, Kocaleva Mirjana, **Zlatanovska Biljana,** Stojkovic Natasa, Krstev Aleksandar (2019). *Analysis of students'outcomes for the subject mathematics at university level,* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 2 (1). pp. 23-28. ISSN 2545-4803. https://eprints.ugd.edu.mk/22026/

Во овој труд истражувањето е насочено кон анализа на податоците од резултатите на студентите за предметот Математика на универзитетско ниво. Резултатите добиени од целокупното тестирање се обработени со статистичка анализа на податоци (демографски карактеристики, описна статистика, фреквентна дистрибуција).

**53.** Stojkovic Natasa, Kocaleva Mirjana, Stojanova Aleksandra, Janeva, Isidora, **Zlatanovska Biljana** (2019). *Visualization of Ford-Fulkerson.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics, 2 (2). pp. 7-20. ISSN 2545-4803. https://eprints.ugd.edu.mk/23121/

Овој труд го испитува алгоритмот Ford-Fulkerson за пронаоѓање на максималниот проток во проточната мрежа. Направен е алгоритам во Java со цел студентите полесно да го разберат алгоритмот, како и неговата примена.

**54.** Kocaleva Mirjana, Loku Lindita, **Zlatanovska Biljana**, Stojkovic Natasa, Krstev Aleksandar (2019). *Theoretical Basics of Statistics via Examples.* In: ITRO 2019, June 27, 2019, Zrenjanin, Republic of Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/22293/

Во трудот фокусот е на описната статистика како средна вредност, мода, медијана, квартили, варијанса, стандардно отстапување итн. анализирани преку примери.

**55.** Stojkovic Natasa, Kocaleva Mirjana, **Zlatanovska Biljana**, Stojanova Aleksandra (2019). *Bellman-Ford and Floyd Warshall Algorithms for Easier Learning.* In: ITRO 2019, June 27, 2019, Zrenjanin, Republic of Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/22324/

Во овој труд се разгледани алгоритмите Bellman-Ford и Floyd Warshall. Алгоритмите се имплементирани во Java и визуализирани за полесно учење.

**56.** Stojkovic Natasa, Kocaleva Mirjana, Miovski Jordan, **Zlatanovska Biljana** (2019). *Four color theorem – map solver.* In: Proceedings of the Fifth Conference of Mathematical Society of Moldova IMCS-55, 28 Sept - 1 Oct 2019, Chisinau, Republic of Moldova. https://eprints.ugd.edu.mk/22638/

Во овој труд се разгледуваат теоретските аспекти од користење на софтверот „Цртање на карти со теорема на четири бои“.

**57.** Stojanova Aleksandra, **Zlatanovska Biljana**, Kocaleva Mirjana, Rendzova Dobrila, Stojkovic Natasa, Bikov Dusan (2019). *Using of MatLab in the Mathematical Education.* In: ITRO 2019, June 27, 2019, Zrenjanin, Republic of Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/22325/

Во трудот се решаваат проблеми од математиката, решени со програмскиот јазик Matlab. Целта е да се покаже дека Matlab е програмски јазик лесен за користење во наставата по математика.

**58.** Ljubenovska Marija, **Zlatanovska Biljana** (2019). *Решевање задачи со симплекс метод во EXCEL и MATHEMATICA*. Математички омнибус - Книга 6. ISSN ISBN: 978-608-4762-23-2. https://eprints.ugd.edu.mk/22386/ (труд во зборник од трудови на стручен собир).

Во овој труд е даден симплекс методот преку решавање задачи со користење на Excel и Mathematica.

Д-р Билјана Златановска учествувала во работата на следниве конференции, работилници и семинари:

- XIII International Conference on Social and Technological Development – STED 2024, Trebinje, BIH, June, 06 – 09, 2024;
- Ден на диференцијалните равенки, 17.5.2024 година, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Македонија;
- International Conference on Computer Science and Mathematics Dedicated to prof. Smile Markovski, 21 May – 23 May 2024, Ohrid, North Macedonia;
- Second International Conference ETIMA 2023 (Electrical Engineering, Technology, Informatics, Machinery and Automation), 27-29 Sept 2023, Stip, Macedonia;
- Tenth International Conference South-West University „Neofit Rilski”, Faculty of Mathematics & Natural Sciences Blagoevgrad, Bulgaria 14 - 18 June, 2023;
- Семинар „Ден на диференцијалните равенки“, 5.5.2023 година, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип;
- II Congress of Differential Equations, Mathematical Analysis, X Seminar of Differential equations and Analysis, CODEMA 2022, 25-28 Sept 2022, Ohrid, R.N.Macedonia;

- International Conference on Information Technology and Development of Education – ITRO 2022, 25 Nov 2022, Zrenjanin, Republic of Serbia;
- Ден на диференцијалните равенки, Факултет за информатика, УГД, 7.5.2021 година (online);
- International Conference on Information Technology and Development of Education – ITRO 2021, 26 Nov 2021, Zrenjanin, Republic of Serbia;
- 4th TSD Conference, 18 Dec 2020, Skopje, Macedonia;
- International Conference on Information Technology and Development of Education – ITRO 2020, 30 Oct 2020, Zrenjanin, Republic of Serbia;
- The Fifth Conference of Mathematical Society of Moldova IMCS-55, 28 Sept - 1 Oct 2019, Chisinau, Republic of Moldova;
- I Congress of Differential Equations, Mathematical Analysis, IX Seminar of Differential equations and Analysis, Codema 2020, September 27-30, 2020;
- International Conference on Information Technology and Development of Education – ITRO 2019, 27 June 2019, Zrenjanin, Republic of Serbia;
- Ден на диференцијалните равенки, 10.5.2019 година, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Македонија.

Д-р Билјана Златановска со соопштенија/постер презентација учествувала на следните научноистражувачки собири (конференции/работилници):

**59.** Mirjana Kocaleva Vitanova, Biljana Zlatanovska, Marija Miteva (2024). *Wordpress-an essential tool for digital marketing*, XIII International Conference on Social and Technological Development – STED 2024, Trebinje, BIH, June, 06 – 09, 2024 (poster presentation);

**60.** Biljana Zlatanovska, Marija Miteva, Mirjana Kocaleva Vitanova (2024). *Using ChatGPT in solving definite integrals*, XIII International Conference on Social and Technological Development – STED 2024, Trebinje, BIH, June, 06 – 09, 2024 (poster presentation);

**61.** Biljana Zlatanovska, Mirjana Koceva Vitanova, Dimitar Nakov (2024). *SIRS+P model of cow mastitis*, International Conference on Computer Science and Mathematics Dedicated to prof. Smile Markovski, 21 May – 23 May 2024, Ohrid, North Macedonia;

**62.** Biljana Zlatanovska, Donco Dimovski, Mirjana Kocaleva Vitanova (2023). *About the solutions of the Modified Lorenz system, 10th Jubliee International Conference of FMNS (FMNS 2023), 14-18.06.2023, Blagovgrad, Bulgaria;*

**63. Biljana Zlatanovska** *Application of STEAM in the higher education: definition and basic notions for ordinary differential equations (ODE),* Mathematics of the Future: Understanding and Application of Mathematics with the help of Technology, Furemath, Ref. No.: 2020-1-RS01-KA203-065388; 17-20 January, 2022, Beograd;

**64.** Zlatanovska, Biljana and Piperevski, Boro and Kocaleva, Mirjana and Miteva, Marija *A particular solution to the special case of a fourth order shortened Lorenz system,.* In: CODEMA 2022, 25-28 Sept 2022, Ohrid, R.N.Macedonia;

**65.** Билјана Златановска, Марија Митева, Мирјана Коцалева Витанова (2022). *Алгебарски рационални изрази во основно и средно образование – проблеми и недостатоци,* In: CODEMA 2022, 25-28 Sept 2022, Ohrid, R.N.Macedonia.

**66.** Piperevski Boro, Zlatanovska, Biljana (2020) *For a correlation between a class of second order linear differential equations and a class of systems of first oreder differential equaations,* I Congress of Differential Equations, Mathematical Analysis, IX Seminar of Differential equations and Analysis, Codema 2020.

Д-р Билјана Златановска има остварено Еразмус престој на:

**67.** Техничкиот универзитет во Софија, Р Бугарија во период од 17 до 21 јуни 2024 година.

**Д-р Билјана Златановска учествувала во работата на научноистражувачки проекти кои се означени со редни броеви 4, 5, 6 и 7.**

Д-р Билјана Златановска била наградена:

**68.** Признание за научни достигнувања за 2022 година од Универзитетот „Гоце Делчев", Штип;

**69.** Награден труд под реден број 47 од Министерството за образование и наука на Р Северна Македонија во 2021 година;

**70.** Награден труд под реден број 48 од Министерството за образование и наука на Р Северна Македонија во 2021 година.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Билјана Златановска учествувала на стручен собир со соопштение:

**71.** Боро Пиперевски, Билјана Златановска (2024). *За интеграбилноста на една поткласа 2-димензионални матрични диференцијални равенки*, Ден на диференцијалните равенки, 17.5.2024 година, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Македонија;

**72.** **Билјана Златановска, Боро Пиперевски.** *За една класа на 2-димензионални матрични диференцијални равенки, 5.5.2023 година, Ден на диференцијалните равенки;*

**73.** **Билјана Златановска.** *Модифициран Лоренцов систем, 5.5.2023 година, Ден на диференцијалните равенки;*

**74.** **Билјана Златановска.** *Динамичка анализа на однесувањето на потсистем од трет ред на модифицираниот Лоренцов систем, 7.5.2021 година, Ден на диференцијалните равенки;*

**75.** Билјана Златановска. *Динамичка анализа на Дуален Лоренцов систем,* Ден на диференцијалните равенки, 10.5.2019 година, Факултет за информатика, УГД, Штип.

Д-р Билјана Златановска има учествувано во изработка на два елаборати за втор и трет циклус:

**76.** Применета математика како програма од I циклус на Катедрата за применета математика;

**77.** Математичко-информатичко образование како програма од I циклус на Катедрата за математика и статистика.

Д-р Билјана Златановска е член на следните факултетски комисии:

**78.** Одборот за соработка и доверба со јавноста при ФИ, УГД од 6.4.2020;

**79.** Комисија за самоевалуација на Факултетот за информатика од академската 2019/2020.

Д-р Билјана Златановска се јавува како претседател на организационен одбор, претседавач на сесија и презентер на семинарот:

**80.** *Ден на диференцијалните равенки*, одржан на ден 17.5.2024 година на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип;

**81.** *Ден на диференцијалните равенки*, одржан на ден 5.5.2023 година на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип;

**82.** *Ден на диференцијалните равенки*, одржан на ден 7.5.2021 година на

Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип;

**83.** *Ден на диференцијалните равенки*, одржан на ден 10.5.2019 година на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев", Штип.

Д-р Билјана Златановска ги има/имала следните позиции:

**84.** Сенатор на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев", Штип во период од февруари 2022 год.;

**85.** Шеф на Катедрата за применета математика, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев", Штип во период од октомври, 2019 до ноември, 2021 година.

Д-р Билјана Златановска се појавува и како автор на учебник издаден од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија:

**86.** Б. Златановска, Л. К. Лазарова, М. Митева, Т. Ј. Зенку; (2023). *Математика за* I *година средно стручно образование,* Струки: Геолошко-рударска и металуршка, Градежно-геодетска, Графичка, Економско-правна и трговска, Електротехничка, Лични услуги, Машинска, Сообраќајна, Текстилно-кожарска, Угостителско-туристичка, Хемиско-технолошка, Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на прикажаната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна работа може да се заклучи дека кандидатката д-р Билјана Златановска е исклучително продуктивен истражувач во областите анализа и диференцијални равенки и математика. Од нејзините научни и стручни трудови може да се утврди дека доволно добро ги владее областите и дека досегашната работа е доволна гаранција дека се развива во исклучителен истражувач.

Имајќи го предвид сето што е наведено во овој извештај, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Билјана Златановска публикува научни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни списанија, активно учествува со оригинални трудови на значајни меѓународни конференции и се јавува како учесник во научноистражувачки проекти од областите на интерес. Покрај научноистражувачката дејност, кандидатката успешно реализира настава на повеќе предмети од областите на анализа и диференцијални равенки и математика на факултетите при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип на прв, втор и трет циклус студии.

Согласно Законот за високо образование на Република Северна Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија, врз основа на изнесеното, има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип кандидатката д-р Билјана Златановска да ја избере за наставник во звање **редовен професор** за наставно-научните области анализа и диференцијални равенки и математика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Акад. Дончо Димовски, ред. проф. во пензија, претседател, с.р.

Д-р Борко Илиевски, ред. проф. во пензија, член, с.р.

Д-р Владо Гичев, ред. проф., член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во вонреден професор | 1 | 1*40=40 | / | / | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори)<br>прв автор – реден број 21;<br>останати автори (трет автор) до 5 автори – реден број 19, 20;<br>останати автори (трет автор) повеќе од 5 автори – реден број 24. | 1*15=15<br>2*5=10<br>1*5*0,7=3,5 | | | | **28,5** |
| **2.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>единствен автор – реден број 51;<br>прв автор – реден број 26, 33, 34, 37, 40, 47, 48;<br>втор автор – реден број 35, 46;<br>останати автори до 5 автори – реден број 27, 28, 38, 49, 52, 53;<br>останати автори повеќе од 5 автори – реден број 25. | 1*9*1,3=11,7<br>7*9=63<br>2*6=12<br>6*3=18<br>1*3*0,7=2,1 | | | | **106,8** |
| **3.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>во земјата – реден број 22, 23, 30, 31, 32, 39, 41, 45;<br>во странство до 5 автори – реден број 29, 36, 43, 44, 50, 54, 55, 56;<br>во странство повеќе од 5 автори – реден број 18, 42, 57. | 8 | 8*2=16 | 8*3=24<br>3*3*0,7=6,3 | 30,3 | **46,3** |
| **4.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјава и во странство<br>усно/постер во странство - реден број 62, 63 / 59, 60;<br>усно во земјава – реден број 61, 64, 65, 66. | 4 | 4*1,5=6 | 2<br>2 | 2*1,5=3<br>2*2=4 | **13** |
| **5.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти)<br>во странство – реден број 4, 5, 6. | / | / | 3 | 3*3=9 | **9** |
| **6.** | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br>останати – 8. | 1*3=3 | | | | **3** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **7.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) останати – 8. | 1*1=2 | | | | **2** |
| **8.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал во земјата – 9, 10, 11, 12. | 4 | 4*1=4 | / | / | **4** |
| **9.** | Награди-признанија за научни постигнувања – реден број 68, 69, 70.. | 3 | 3*5=15 | / | / | **15** |
| **10.** | Студиски престој во странство – 67. | 8 | | | | **8** |
| **11.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) останати – реден број 13, 14, 15, 16, 17. | 25*1=25 | | | | **25** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **260,6** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга/учебник – 1, 2, 3, 86. | 4 | 4*10=40 | / | / | **40** |
| **2.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир – 58. | 1 | 1*2=2 | / | / | **2** |
| **3.** | Учество на стручен собир со реферат (усно) – 71, 72, 73, 74, 75. | 5 | 5*0,5=2,5 | / | / | **2,5** |
| **4.** | Претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир – 80, 81, 82, 83. | 4 | 4*2=8 | / | / | **8** |
| **5.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) – 7. | 1 | 1*5=5 | / | / | **5** |
| **6.** | Елаборати и експертизи – 76, 77. | 2 | 2*2=4 | / | / | **4** |
| **7.** | Раководител на катедра – 85. | 1*3=3 | | | | **3** |
| **8.** | Член на универзитетски или владини тела – 84. | 1*5=5 | | | | **5** |
| **9.** | Член на факултетска комисија – 78, 79. | 2*2=4 | | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **73,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **374,1** |

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ НОВИНАРСТВО И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1102-103/42 од 8.7.2024 година донесена на 260. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 5.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во наставно-научни области Новинарство (5.08.00.01) и Меѓународни односи и меѓународни организации (5.05.00.13) на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 26.6.2024 година и во предвидениот рок се пријави:

оц. д-р Јорданка Галева

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I. *Биографски податоци***

Кандидатката д-р Јорданка Галева е родена на 7 јули 1977 година во Скопје. Средно образование завршила во Државното средно економско-правно училиште „Васил Антевски-Дрен“ во Скопје. Високото образование од прв, втор и трет циклус го завршила на Универзитетот на Болоња во Италија. Во 2004 година дипломирала со просек 8,23 на Факултетот по политички науки „Роберто Руфили“ во Форли, при Универзитетот во Болоња, со одбрана на дипломска теза на тема: *Меѓународната дипломатија и македонското прашање во периодот помеѓу Виенскиот конгрес (1814-1815) и Балканските војни (1912-1913)*, со што се стекнала со диплома по политички науки. Дипломата издадена на 30.8.2004 година од Универзитетот на Болоња е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија, со Решение бр.09-10214/2 од 28.12.2010 и е признаена како документ за завршен прв циклус академски студии од областа политички науки. Еквиваленција на оценките е направена со Решение бр. упл 24-2585 од 8.10.2019 година, за еквиваленција на високообразовна квалификација стекната во странство.

Со донесувањето на министерскиот декрет од 9 јули 2009 година на Република Италија, горенаведената диплома е еквивалентна на специјалистичките дипломи од класа 60/С и на магистерските дипломи од класа ЛМ/52. Врз основа на овој министерски декрет 509/1999 за реформа на италијанското универзитетско уредување, се потврдува дека со специјалистичките дипломи од соодветната класа 60/С се стекнуваат 300 кредити. Според овој декрет, горенаведената диплома, во италијанскиот систем, претставува академска титула од втор циклус студии и дозволува директен упис на трет циклус студии. Оттука, според министерскиот декрет 270/04, дипломираната се стекнува со академска титула доктор магистер, а дипломата од 30.8.2004 година, со Решение бр.30-614 од 25.5.2011, издадено од

Владата на Република Македонија, Комисија за решавање во управна постапка по втор степен од областа на образование, наука и култура е признаена како документ за завршен втор циклус магистерски студии со кој се стекнува степен магистер по политикологија (МА).

Во ноември 2004 година кандидатката се запишала на магистерски студии по економија на кооперација (МУЕК) на Економскиот факултет при Универзитетот во Болоња. Магистерските студии ги завршила на 17 октомври 2005 година со одбрана на магистерскиот труд на тема: *Земјоделската кооператива како социо-економски субјект (Апофруит Италија)* со највисока оценка 30 и се стекнала со диплома на универзитетски мастер, издадена на 11.11.2005 година од Универзитетот на Болоња, со вкупно 65 кредити и просечна оценка 8,91. Оваа магистерска диплома, со Решение бр.09-10216/2 од 28.12.2010 издадено од Министерството за образование и наука на Република Македонија е нострифицирана и признаена како документ за завршен втор степен на магистерски студии и стекнат научен степен магистер по економија на кооперација. Еквиваленцијата на оценки е направена со Решение бр. упл 24-2803 од 8.10.2019 за еквиваленција на високообразовна квалификација стекната во странство, издадено од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Во декември 2005 година кандидатката д-р Галева конкурирала (преку писмен и устен испит) и била примена на мултидисциплинарни докторски студии по Меѓународна соработка и политики за одржлив развој на Универзитетот во Болоња, во конзорциум со Универзитетот од Пиза, Италија. Докторскиот труд на тема: *Импактот на европските политики и програми врз развојот на мултикултуралното општество и социјалниот статус на немнозинските заедници во Македонија,* успешно го одбранила на 8 ноември 2010 година пред Комисијата во состав: проф. Стефано Бианкини, од Факултетот по политички науки во Форли, при Универзитетот во Болоња, Италија, проф. Рада Ивековиќ, од Факултетот за општествени и социјални науки при Универзитетот Жан Моне во Париз, Франција и проф. Ариане Ландут, од Факултетот за политички науки при Универзитетот во Сиена, Италија, со што се стекнала со научен степен *доктор по Меѓународна соработка и политики за одржлив развој.* Дипломата издадена на 24.11.2010 година од Универзитетот на Болоња, Италија, од Министерството за образование и наука на Република Македонија е признаена со Решение бр.09-10215/2 од 28.12.2010, како документ за завршен трет циклус докторски студии и стекнат научен степен доктор по Меѓународна соработка и политики за одржлив развој.

Во текот на своето студирање, кандидатката била добитник на следните стипендии: четиригодишна стипендија од Универзитетот во Болоња за студирање на првиот циклус студии (1995-1999); четиримесечна стипендија од страна на Foncoop од Рим (Интерпрофесионална национална фондација за образование во соработка со кооперативите) за извршување на практичниот дел (во периодот од јуни до септември 2005 година), при Земјоделската кооператива *Apofruit Italia*, во Чезена, Италија, а како дел од програмата на постдипломските студии по Економија на кооперација; петмесечна стипендија за извршување на практичен дел во Одделот за меѓународна соработка при Instituto per l'Europa Centro – Orientale e Balacanica, Форли, Италија (во периодот од ноември 2004 - март 2005), во рамките на професионалниот курс SWITCH, (подржан од Европскиот социјален фонд

и во организација на ENAIP, Форли, Италија); стипендија од Central European Initiative, за учество на 12th International Summer School „Beyond enlargement. The wider Europe and the new neighborhood", организирана од Istituto per l'Europa Centro – Orientale e Balcanica и Факултетот за политички науки „Roberto Ruffilli" во Форли, Италија, а под покровителство на Министерството за надворешни работи на Италија; шесткратна стипендија за периодот од 1 август 2006 до 31 јули 2012, од Institute Open Society, од Будимпешта, Унгарија, добиена на меѓународен конкурс, во рамките на програмата Academic Fellowship programme, во која учесниците своите магистерски или докторски студии ги имаат завршено на еден од реномираните странски универзитети, а се добитници на стипендијата заради нивно ангажирање на универзитети во матичните држави, а со цел пренесување на знаење, техники и развој и иновација на универзитетските наставни програми. Од 2001 година до 2010 работела за потребите на Кооперативата за социолошко и културолошко медијаторство „Sesamo" од Форли, Италија, како јазичен медијатор за социјална и интеркултурална интеграција при повеќе институти и основни училишта во Форли и Санта Софиа, додека за регионалните органи на Министерството за внатрешни работи на Италија и Јавното правобранителство и обвинителство во Форли, Италијанскиот институт за надворешна трговија ICE од Милано и Стопанска комора на Форли, Меѓународниот саем за книга во Болоња, Италија, била ангажирана како јазичен медијатор и преведувач за македонски и српско-хрватски јазик. Покрај ова извршувала пракса во истражувачкиот институт „Instituto per l'Europa Centro – Orientale e Balacanica" во Форли, Италија и во Земјоделската кооператива „Apofruit Italia" од Чезена, Италија.

Преку програмата Academic fellowship program, добила шестгодишен ангажман (за периодот од 1 август 2006 до 31 јули 2012 година) и во согласност со договорот помеѓу Institute Open Society од Будимпешта, Унгарија и Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје, била вклучена во наставниот научен процес и одржувала настава на предмети од прв циклус на политичките студии при Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје, а од октомври 2011 на истиот факултет била избрана во звање насловен доцент на научната област теоретски политички науки (развојот и човековите права), во времетраење од 5 години.

Од ноември 2011 година била избрана во звање насловен доцент за наставно-научна област: Теорија на новинарството и системи за информирање на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип за период од пет години.

Од ноември 2011 до октомври 2014 била вработена во Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан" - Скопје, кој подоцна прераснува во Универзитет Евро-Балкан-Скопје каде работела како Координатор за меѓународни односи, конкретно за програмите ЦЕИ (Central Euroepan Intitative) и ЦЕЕПУС (Central European Exchange Program for University Studies). Во истата институција била избрана за доцент од областа на политички науки на Студиите/Факултетот за студии на Југоисточна Европа и била назначена најпрвин за координатор, а потоа и за раководител на студиите за Југоисточна Европа. Во октомври 2012 била избрана за член на Сенатот на Универзитетот. За време на нејзиниот ангажман во оваа институција била член на факултетски комисии и член на организациски одбор на три меѓународни конференции.

Во јуни 2014 година била избрана за доцент за група предмети од областа на правните науки во рамките на наставните програми на Факултетот за правни

науки при Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе - Битола каде била вработена во периодот од октомври 2014 до јули 2017 година.

Во периодот од ноември 2014 до април 2016 година работела како координатор и преведувач за македонски и италијански јазик за потребите на Друштвото „Јуроп Шок Абсорберс“ Дооел Илинден, а во периодот од април 2016 до јануари 2020 година во истата фирма ја извршува функцијата управител.

Од декември 2019 година била избрана во звање доцент во научните области теорија на новинарство и системи на информирање и меѓународни политички организации, на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип каде се уште работи под наведеното звање. Како доцент на овој факултет била ангажирана за следните предмети: Меѓународни односи, Геополитика, Организација на Обединети нации, Известувачко новинарство, Пишување во печатени медиуми, Geopolitics, Organization of United Nations, Introducton to internatinal relations, Hisotry of international relations, (на прв циклус студии), Анализа на јавна политика, Јавна политика, Политики за одржлив развој (на втор циклус студии) и Меѓународни односи и геополитика и Политики на одржлив развој (на трет циклус студии).

Од 2020 година е назначена за член на организацискиот одбор и уредник на зборниците од седмата, осмата, деветтата, десеттата и единаесеттата Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ што секоја година се организира на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Од 2022 година е ангажирана како ментор на студентите од Медиумските студии и односи со јавноста, во рамките на програмата РИКО. Автор е на бројни трудови од областа на меѓународните односи, геополитика, мултикултурализмот и медиумите. Во текот на академската кариера учествувала на многу научни расправи, меѓународни симпозиуми, стручни собири, конференции, средби, семинари, школи, обуки, презентации, работилници, трибини, панел-дискусии, курсеви (за менаџерска програма) од различни области на правото и медиумите, во земјава и во странство, детално наведени во професионалното портфолио доставено во прилог на биографијата. Била рецензент на повеќе стручни и научни трудови од областа на правото и медиумски студии и била ментор и член на комисии за одбрана на магистерски и дипломски трудови.

**II. Општи услови за избор:**

Кандидатката д-р Јорданка Галева, согласно со бараните услови од Законот за високо образование, има доставено:

1. За соодветен **просечен успех**:

а. Решение бр. упл 24-2585 од 8.10.2019 година, за еквиваленција на високообразовна квалификација стекната во странство, со просечен успех од 8,27 за прв циклус студии;

б. Решение бр. упл 24-2803 од 8.10.2019 година, за еквиваленција на високообразовна квалификација стекната во странство, со просечен успех од 8,91 за втор циклус студии.

2. За научен степен **доктор на науки** од научната област во која се избира:

Диплома издадена на 24.11.2010 година од Универзитетот во Болоња,

Италија, признаена како документ за завршен трет циклус докторски студии и стекнат научен степен доктор по Меѓународна соработка и политики за одржлив развој (нострифицирана со Решение бр.09-10215/2 од 28.12.2010 издадено од Министерство за образование и наука на Република Македонија).

3. За претходен избор во наставно-научно звање:

Кандидатката претходно била избрана во **звањето доцент** во научните области теорија на новинарство и системи на информирање и меѓународни политички организации на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со Одлука бр. 1102 – 178/8, 5.12.2019 година, донесена на 187. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 3.12.2019. На истиот факултет била и претходно избрана, во звање násловен доцент за наставно-научната област теорија на новинарството и системи за информирање за период од 24.11.2011 до 24.11.2016 година. Со Решение бр.0302-266/1 од 18.6.2014 била избрана во звање доцент за група предмети од областа на правните науки во рамките на наставните програми на Факултетот за правни науки при Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе - Битола. Во ноември 2011 година била избрана за доцент од областа на политички науки на студии на Југоисточна Европа, при Институтот Евро-Балкан-Скопје, а со негово прераснување во Универзитет, изборот во звање доцент од областа на политички науки на Факултетот за студии на Југоисточна Европа е потврден со Одлука донесена на 8.7.2012. Со Одлука бр. 02-1542/4 од 31.10.2011 била избрана во звање – насловен доцент на научната област теоретски политички науки (развојот и човековите права) на Политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје при Универзитетот „Кирил и Методиј“ од Скопје.

4. Способност за изведување на високообразовна дејност

Биографијата согласно со која се приложува досегашната активност и способност во изведувањето на високообразовната дејност, односно од изведувањето настава на прв и втор циклус студии, менторство на дипломски и магистерски теми, членство во комисии за изработка и одбрана на дипломски и магистерски трудови, како и од научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, ја потврдуваат способноста за изведување на дејноста.

5. Сертификат за познавање на англиски јазик.

Приложен е сертификат за познавање на англиски јазик.

6. **Објавени најмалку пет рецензирани научни трудови** во референтна научна публикација во согласност со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор.

Кандидатката од изборот во доцент до денот на поднесувањето на пријавата има објавено 19 научни трудови кои претставуваат референтни научни публикации во смисла на Законот за високо образование. Сите се објавени на е-репозиториум на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Во продолжение е табелата со објавени трудови.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јорданка Галева | Редефинирање на македонското право како резултат на надворешни влијанија и негова одржливост.<br>Original research paper | International Scientific Conference 9th Ohrid school of law "Redefinition of the role and meaning of the law,,, N.17-18, pp. 303 – 316, Institute for legal economic research and education - Iuridica Prima.<br>https://eprints.ugd.edu.mk/34092/ | 2024 |
| 2. | Jordanka Galeva | „Visegrad initiative" vis-à-vis „Open Balkan" in the process of European Integration".<br>Original research paper | Harmonius Journal of Legal and Social Studies in South East Europe, Year XII issue 2023, pp. 89- 116, Harmonius and University of Belgrade, Faculty of Law, Publication center, Belgrade, 2023<br>https://eprints.ugd.edu.mk/33554/ | 2023 |
| 3. | Јорданка Галева | Конститутивни носители и дефинирање на малцинствата во унгарскиот и македонскиот случај.<br>Original research paper | Proceedings of 10th International conference "Social changes in the global world", vol.2 (10), pp. 487-499, Goce Delcev University, Stip.<br>https://eprints.ugd.edu.mk/32953/ | 2023 |
| 4. | Искра Коровешовска, **Јорданка Галева**, Андон Мајхошев, Јадранка Денкова | Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Република С. Македонија<br>https://doi.org/10.46763/SCGW232615k<br>Original research paper | Proceedings of 10th International conference "Social changes in the global world", vol.2 (10), pp. 615-627,<br>Goce Delcev University, Stip.<br>https://eprints.ugd.edu.mk/32952/ | 2023 |
| 5. | Jordanka Galeva | European integration policy challenges for ethnic integration in the Republic of North Macedonia. | Yearbook on European Law, Policies, and Institutions, Vol 1, 2022, pp. 35-52, European Policy Institute – Skopje.<br>https://eprints.ugd.edu.mk/31109/ | 2022 |
| 6. | Јорданка Галева | Украинското прашање и рамнотежа на моќта<br>Original research paper | Proceedings of 9th International conference „Social changes in the global world,,, vol.2 (9), pp. 451-466,<br>Goce Delcev University, Stip.<br>https://eprints.ugd.edu.mk/31105/ | 2022 |
| 7. | **Јорданка Галева**, Искра Коровешовска, Андон Мајхошев | Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во северниот и јужниот регион на Република С. Македонија.<br>Original research paper | Proceedings of 9th International conference „Social changes in the global world", vol.2 (9), pp.537-552, Goce Delcev University, Stip.<br>https://eprints.ugd.edu.mk/31103/ | 2022 |
| 8. | Јорданка Галева | Мултикултурализмот и влијанието врз развојот (со осврт на македонското општество).<br>Прегледана научна статија | Годишник на Правниот Факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на проф. Гале Галев, том 59, pp. 967-988, Универзитет „Кирил и Методиј„ Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје.<br>https://eprints.ugd.edu.mk/29389/ | 2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | Јорданка Галева | Охридскиот рамковен договор и евро-атлантската интеграција, 20 години подоцна. Original research paper | Proceedings, 8th International conference "Social changes in the global world", vol.2 (8), pp. 371-392, Goce Delcev University, Stip. https://eprints.ugd.edu.mk/29384/ | 2021 |
| 10. | Искра Коровешовска, **Јорданка Галева**, Андон Мајхошев, Јадранка Денкова | Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Западниот Регион на Република С. Македонија. | Proceedings, 8th International conference „Social changes in the global world", vol.2 (8), pp. 499-514, Goce Delcev University, Stip. https://eprints.ugd.edu.mk/29386/ | 2021 |
| 11. | Jordanka Galeva | The geopolitical interests of the international community in resolving multicultural issues in Republic of Azerbaijan and Republic of North Macedonia. Original scientific article | Political Thought, Year 19, No 62, pp. 78-107, Konrad Adenauer Stiftung, IDSCS, Skopje, 9 (62). https://eprints.ugd.edu.mk/29390/ | Август 2021 |
| 12. | Јорданка Галева | Компаративна анализа на мултикултурализмот во азербејџанското и македонското општество. | Knowledge - International Journal: Knowledge Without Borders, n. 45 (5), pp. 969-974, Institute of knowledge management, Skopje. https://eprints.ugd.edu.mk/29387/ | Април 2021 |
| 13. | Јорданка Галева | Политички систем и мултикултурни аспекти во Кралството Данска и Република Македонија. | Годишен зборник, 10 (10), pp. 33-43, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип. https://eprints.ugd.edu.mk/27522/ | 2020 |
| 14. | Јорданка Галева | Влијанието на мултикултурните прашања врз правната регулатива во Република Северна Македонија и Кралството Данска. Original research paper | International Scientific Conference 6th Ohrid school of law: The Future of the Law: Facing the Challenges of Covid 19, n. 11, pp. 155-181. Institute for legal economic research and education - Iuridica Prima. https://eprints.ugd.edu.mk/27529/ | 2020 |
| 15. | Андон Мајхошев, **Јорданка Галева**, Искра Коровешовска, Јадранка Денкова | Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот Регион на Република С. Македонија. | Proceeding of 7th International scientific conference „Social changes in the global world", vol.2 (7), pp. 759-776, Goce Delcev University, Stip. https://eprints.ugd.edu.mk/27518/ | 2020 |
| 16. | Јорданка Галева | Геополитичкиот аспект на одбранбената политика и воените сили на Израел, Сингапур и Република Македонија. | Proceeding, of 7th International scientific conference "Social changes in the global world", vol.2 (7), pp. 557-578, Goce Delcev University, Stip. https://eprints.ugd.edu.mk/27517/ | 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17. | Јорданка Галева | Одржливоста на принципот за правична и соодветна застапеност во Република С. Македонија vis-à-vis меритократски систем на вработување. | Knowledge - International Journal: Knowledge for sustainability, n. 41 (5), pp. 979-985, Institute of Knowledge Management, Skopje. https://eprints.ugd.edu.mk/27516/ | Август 2020 |
| 18. | Јорданка Галева | Компаративна анализа на мултикултурализмот во Папуа Нова Гвинеја и Република Северна Македонија. | Knowledge-International Journal: The Teacher of The Future, n. 40 (6). pp. 1055-1062, Institute of Knowledge Management, Skopje. https://eprints.ugd.edu.mk/27515/ | јуни, 2020 |
| 19. | Јорданка Галева | Уставните права на немнозинските заедници во Република Северна Македонија и нивна примена во пракса Original Research Paper | International Scientific Conference, 5th Ohrid school of law 2019: Abuse of the Law and "abnormal" law versus rule of law, n.10, pp. 221-242, Institute for legal economic research and education, Iuridica Prima. https://eprints.ugd.edu.mk/27513/ | публикуван 2020 |

**III. Посебни услови:**

Согласно со чл. 10, за избор на лице во звање **вонреден професор**, од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски гласник на УГД бр.50/2021 година), кандидатката кумулативно ги исполнува сите статутарни и правилнички предвидени подзаконски услови за избор во наведеното звање и тоа:

1. Најмалку една рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област објавена во е-библиотека или практикум со вежби од истиот предмет или објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија.

Кандидатката во периодот од изборот во наставно-научно звање доцент до денот на поднесување на документацијата по Конкурсот има објавено една монографија, која е објавена на е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Јорданка Галева**, Дејан Маролов. *Непланираното дете на Европа, Македонија како дел од Источното прашање во 19 век и западните евроатлантски политики во 21 век,* Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип 2024, http://e-lib.ugd.edu.mk/1189

2. Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати.

Кандидатката била/е вклучена и учествува во следните научноистражувачки проекти:

- Од јули 2023 работи како истражувач експерт во рамките на проектот NEWAVES. – Collaborative Alliance for Radio Recovery and Boost of Community News Media in Low-density Territories funded by European Commission.
- Од јули 2023 работи како главен истражувач во рамките на проектот Strengthening Quality News and Independent Journalism in the Western Balkans and Turkey II, funded by the European Commission, Lead: BIRN and University Goce Delcev, Stip.

- Во 2023 година работела како главен истражувач во рамките на проектот Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Република С. Македонија (компаративна анализа), Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Од 2021 учествува како истражувач во проектот „Концептот за одржлив развој низ призмата на правото и политиките“, Центар за анализа на право и политики, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Била вклучена во Erasmus проект „Don’t be bully, be friend fully“ со учество на работилница одржана во Yenice, Turkey, во периодот 09 - 13 мај 2022.
- Била вклучена во проектот „Digital: English as a second language“, Erasmus+ Programme, Key Action 2, со учество на Study meeting одржан во периодот 20 - 22 Април 2022, во Сполето, Италија.
- Во 2022 година работела како главен истражувач во рамките на проектот „Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Северниот и Јужниот Регион на Република С. Македонија, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Во 2021 година работела како главен истражувач во рамките на проектот „Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Западниот Регион на Република С. Македонија“, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Од 2020 година е дел од истражувачка група од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во проектот „Европско право, политики и институции“, заедно со Институтот за европска политика (ЕПИ) и Универзитет за Југоисточна Европа – Тетово.
- Во 2020 година работела како истражувач во рамките на проектот „Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот Регион на Република С. Македонија, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

3. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници

Кандидатката била рецензент на повеќе научни трудови, член на комисии и уредник на зборници, како што е наведено во продолжение:

- Рецензент на публикацијата: Дејан Маролов, *Борба за опстанок или експанзија? Студија на случај на конфликт помеѓу голема сила и мала држава*, „Гоце Делчев“ - Штип, 2021.
- Рецензент на научни трудови објавени во списание со фактор на влијание Balkan Social Science Review: Peer review of paper R.24.1., vol.17 (1); Peer review of paper R.30.1, vol.21 (1).
- Рецензент на научни трудови објавени во зборници од: 10th International scientific conference „Social changes in the global world“ (3); 9th International scientific conference „Social changes in the global world“ (3); 8th International scientific conference „Social changes in the global world“ (3); 7th International scientific conference „Social changes in the global world“ (3); Student’s Social Science Journal, 2022 (1); Student’s Social Science Journal 2023 (1); Годишен зборник на Правен факултет бр. 11/2021 (1); Годишен зборник на Правен факултет бр. 11/2021 (1); (сите во издание на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип) и The conference sustainable recovery in post-pandemia era: green economy challenges (2022) (1).

- Изготвила мислење по авторезиме на докторска дисертација: „Развојни фактори, влијание и идни концепции на јавните политики за регионален развој и земјоделство на Европската Унија и Република Северна Македонија“ од кандидатката м-р Милка Димитровска, Правен факултет Кичево, при Универзитетот „Свети Климент Охридски“ - Битола, од 13.05.2022.
- Била член на рецензентска комисија за избор на: еден стручен соработник/лаборант со високо образование - еден извршител на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Одлука бр. 1103-59/1 од 18.03.2021); еден наставник во звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научна област комуникации и мас медиуми на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Одлука бр. 1102-60/3 од 23.3.2021 година); еден соработник во звање асистент за наставно-научна област меѓународни политички организации (50704) на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Одлука бр.1102-144/4 од 16.12.2021).
- Уредник е на Зборник на трудови од International scientific conference „Social changes in the global world“ и Зборник на трудови од International scientific conference „Social changes in the global world“ – section young researchers, во следните изданија: од Седмата конференција од 2020 (заедно со доц. Милица Шутова и ас. Наташа Донева), од Осмата конференција од 2021 (заедно со доц. Милица Шутова и ас. Наташа Донева), од Деветтата конференција од 2022 (заедно со доц. Милица Шутова, ас. Наташа Донева и ас. Ана Здравева), од Десеттата конференција од 2023 (заедно со проф. Милица Шутова, ас. Наташа Донева, ас. Ана Здравева и ас. Кристијан Панев), во издание на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Член е на организациски одбор на 7-ма, 8-ма, 9-та, 10-та, 11-та International scientific conference „Social changes in the global world„ во организација на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Била член на комисија за ораторска вечер за 2022.
- Била ангажирана како локален тренер на работилница на тема: *Provision of the capacity building training for young journalists in North Macedonia* во организација на The Regional Youth Cooperation Office – Skopje, одржана на 11-12.12.2021 во Велес.
- Била ангажирана како ментор на работилница на тема: *Freedom of Speech and Hate Speech*, во организација на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и OSCE-Скопје, одржана на 27.10.2022 во Штип.
- Ангажирана е како ментор на студентите запишани на Медиумските студии и односи со јавноста, при Правниот факултет во Штип, за учество на натпревар за најдобар веб-сајт текст (website text, related to RYCO topics: youth exchanges, peacebuilding, reconciliation, dialogue, regional cooperation, Western Balkans youth etc,) објавен на платформата Хајде (https://hajde.media/).

4. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени.

Кандидатката Галева, во последните пет години пред изборот, има остварено вкупна актива од триста педесет и девет поени од релевантната Табела на активности за бодување – по сите основи (НО)=30; (НИ)=306; (САОР)=25 или вкупно 361 поен.

**IV. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

**1. Наставно-образовна дејност**

Движење во наставата и изборни постапки

Кандидатката д-р Јорданка Галева, за време на докторските студии во Италија, конкурирала и била вклучена како Returning Scholar (Предавач–Повратник од странство) на Меѓународниот проект Academic Fellowship Programme организиран и поддржан од Institute Open Society од Будимпешта, Унгарија, во времетраење од шест години. Имено, врз основа на склучениот *Партнершип* помеѓу Institute Open Society од Будимпешта и Факултетот „Јустинијан Први“ - Скопје, како и согласно едногодишните договори склучени помеѓу кандидатката и Institute Open Society од Будимпешта (OSI Europe Foundation Contract n.80000418 (2006/2007); OSI Europe Foundation Contract n.80000874 (2007/2008); OSI Europe Foundation Contract n.80001638 (2008/2009); OSI Europe Foundation Contract n.80002600 (2009/2010); OSI Europe Foundation Contract n.80003639 (2010/2011); OSI Europe Foundation Contract n.80004913 (2011/2012), кандидатката од академската 2006/2007 до академската 2011/2012 година била ангажирана во наставно-научниот процес на Политичките студии при Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје. Во рамките на оваа програма како Предавач–Повратник од странство (Returning Scholar) учествувала во одржување на настава, испити и консултации за следните предмети од првиот циклус на политичките студии: Вовед во политички науки (2006/2007), Современи политички теории (2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011) и Цивилно општество (2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011). Покрај овој ангжман, подоготвила и наставна програма (силабуси) за предметот Вовед во политички науки од прв циклус студии и за предметот Безбедносни политики на ЕУ од втор циклус студии.

На 28 октомври 2011 година била избрана во звање – насловен доцент на научната област теоретски политички науки (Развојот и човековите права) на Политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје во времетраење од 5 години (Одлука бр. 02-1542/4 од 31.10.2011). Научната евалуација на научните трудови до моментот за избор во насловен доцент е содржана во Референтот за избор во звање - насловен доцент на научна област теоретски политички науки (Развојот и човековите права) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје (бр.03-1335/1 од 26.9.2011 година) подготвен од Рецензентската комисија во состав на: проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, проф. д-р Сашо Георѓиевски и доц. д-р Зоран Илиевски. Како насловен доцент на овој Факултет подготвила наставна програма и обезбедила соодветна домашна и меѓународна литература за предметите од втор циклус студии: Развојот и човековите права, Политичка географија и геополитика и Политичка антропологија. Во академската 2011/2012 година одржувала настава, испити и консултации за предметот Развојот и човековите права на втор циклус студии. Од академската 2012/2013 година била назначена за координатор на програмите за следните предмети: Развојот и човековите права во 8 семестар, Политичка географија и геополитика во 9 семестар и Политичка антропологија во 9 семестар и за истите одржувала настава, испити и консултации. Во 2013/2014 година ги предавала истите предмети како дел од програмата за втор циклус студии, а во 2014/2015 и 2015/2016 година истите биле ставени како опциони/изборни предмети за прв и за втор циклус студии, за кои подготвила наставни програми и на англиски јазик. За време на својот ангажман

на оваа институција, била избрана за ментор на 6 магистранти од кои 4 успешно ја имаат одбрането својата магистратура.

На 24.11.2011 на 62. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип била избрана во звање насловен доцент за наставно-научна област теорија на новинарството и системи за информирање за период од 24.11.2011 до 24.11.2016 година и за одржување настава по следните предмети: Истражувачко новинарство и Технологија и организирање на медиумите на студиите по Новинарство и односи со јавноста (Одлука бр. 1602-186/7). Научната евалуација на научните трудови до моментот за избор за насловен доцент е содржана во Рефератот за избор во звање насловен доцент на научна област теорија на новинарството и системи за информирање на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, подготвен од Рецензентската комисија во состав: вонреден професор д-р Јован Ананиев, доцент д-р Љупчо Сотироски и доцент д-р Јадранка Денкова, формирана на седницата на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 7.9.2011 година (Одлука бр. 1602-122/6 од 7.9.2011 година).

Од ноември 2011 до октомври 2014 година работела во Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан" - Скопје како координатор за програмите ЦЕИ (Central Euroepan Intitative) и ЦЕЕПУС (Central European Exchange Program for University Studies) (Решение бр. 02.03/16 од 9.11.2011) и како доцент (избрана во ноември 2011 г.) од областа на политички науки на Студиите за Југоисточна Европа. Со прераснување на овој институт во универзитет, изборот наставно-научно звање доцент, од областа на политичките науки на Факултетот за студии на Југоисточна Европа бил потврден на 8.7.2012 година (Одлука бр.07.01/8/43 од 8.7.2012 година, а врз основа на поднесениот Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научни, наставни и соработнички звања на Факултетот за студии на Југоисточна Европа и на Институтот за општествени и хуманистички истражувања (бр.07.01/8/2)). Како доцент на оваа институција одржувала настава, испити, вежби и консултации на следните предмети на магистерските студии за Југоисточна Европа (стара програма): Вовед во политичките науки, Модерна балканска историја и Мултикултурализам и биополитика. Покрај ова учествувала во координација, подготовка и аплицирање на научни проекти за организирање на летни школи, академски дискусии, проекти за универзитетско вмрежување, како и во истражувања и подготовка на извештаи од јавно мислење и физибилити студија. Била ангажирана најпрвин како координатор, а потоа како раководител на Студиите за Југоисточна Европа; била член на Сенатот на Универзитетот од самото негово создавање (26.10.2012 година); била ментор на еден (1) магистерски труд; член во четири (4) комисии за оценка и одбрана на магистерски трудови; член на четири (4) комисии за оценка и одбрана на докторски дисертации; член на рецензентски комисии за избор во звање; член на две (2) рецензентски комисии за научна издржаност на докторска дисертација; член на Комисија за признавање на кредити од програмата за мобилност Еразмус, како и член на организациски одбор на Првата меѓународна научна конференција на тема „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија" (во организација на Институт за дигитална форензика, Универзитет „Евро-Балкан" – Скопје, 20-21.12.2013 годин); член во организацискиот одбор на 2nd International scientific symposium Days of Justininan I, (организиран од Универзитет

„Евро-Блакан" - Скопје и Универзитетот во Болоња, кампус Равена, Школа за општествено и културно наследство од Италија, 17 и 18 октомври 2014 година); и член во организацискиот одбор на 1st International scientific symposium Days of Justininan I, (организиран од Универзитет „Евро-Балкан" - Скопје и Универзитетот во Болоња, кампус Равена, Школа за општествено и културно наследство од Италија, 18 и 19 октомври 2013 година).

На Наставно-научниот совет на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Државин" Свети Николе - Битола одржан на 18.6.2014 година кандидатката била избрана во звање доцент за група предмети од областа на правните науки на Факултетот за правни науки (Решение бр.0302-266/1 од 18.6.2014). На овој Универзитет била вработена од октомври 2014 до јули 2017 година во кој период одржувала настава, испити и консултации на следните предмети од прв циклус студии: Социологија на правото, Меѓународно јавно право, Право на Европска Унија (2014/2015), Политикологија и Деловно право (2015/2016), Економско право, Деловно право, Основи на право, Правни основи за безбедносно инженерство и Политикологија (2015/2016 и 2016/2017).

Со Одлука бр. 1102 – 178/8 од 5.12.2019 година, на 187. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, одржана на 3.12.2019, кандидатката Галева била избрана во звање доцент во научните области теорија на новинарство и системи на информирање и меѓународни политички организации. Научната евалуација на научните трудови до моментот за избор во звање доцент на научните области теорија на новинарство и системи на информирање и меѓународни политички организации е содржана во Рефератот за избор подготвен од Рецензентската комисија во состав на редовен проф. д-р Јован Ананиев, вонреден проф. д-р Андон Мајхошев и доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска.

Во периодот од последниот избор ги предавала следните предмети: Меѓународни односи, Геополитика, Известувачко новинарство, Организација на обединети нации, Медиумски жанрови, Пишување за печатени медиуми, Радио и ТВ новинарство, Introdcution to international relations, History of international relations, Geoplitics, Organization of United Nations (на првиот циклус студии), Анализа на јавна политика, Јавна политика, Политики за одржлив развој (на втор циклус студии) и Меѓународни односи и геополитика (на трет циклус студии).
Во периодот од последниот избор била ментор на 2 дипломски труда, член во 19 комисии за одбрана на дипломски труд и член во 5 комисии за одбрана на магистерски труд. Освен овие активности поврзани со наставата, кандидатката во рамките на Факултетот активно била вклучена во дебати, трибини и други активности од наставно-образовен и научноистражувачки карактер.

**2. Научноистражувачка дејност**

Во однос на научноистражувачката дејност кандидатката земала учество на бројни конференции, летни школи, дебати, тркалезни маси, како што следи:

- на 17 мај 2024 учествувала на 7th International Scientific Conference „Contemporary challenges in management, economy, law, security, information society" (MELSIS), Belgrade, Serbia во организација на Faculty of Business and Law „MB„ University, Belgrade and Center for Scientific Research of the University of "MB" Serbia, со презентација на труд на тема: Rule of law and use of state and minority symbols, in

Macedonian and Serbian case.

- на 21 април 2024 учествувала на International Scientific Conference Law and social values, во организација на Правниот факултет на Универзитетот во Ниш, Србија, со презентација на тема: Legal principles in light of the Ohrid Framework Agreement: the case of Macedonia.
- на 20 - 21 март 2024 учествувала на Meeting of leading team во Штип, а на 16 - 17 ноември 2023 (работилница online), во работна група: Crea-Cross-2022-jourpart, Validation Protocol for the Digital Platform во рамките на проектот PROJECT: 101112458 - NEWAVES - Crea-Cross2022-jourpart.
- на 24 ноември 2023 учествувала на XVIII Harmonius school of Law Business and legal challenges of the Open Balkan, International Conference on South East European Law, со презентација на труд на тема: „Visegrad initiative" vis-à-vis „Open Balkan" in the process of European Integration", во организација на Правниот факултет од Универзитетот во Белград, Србија.
- на 16 - 17 ноември 2023, учествувала на работилница: Developing an Accreditation for MA Program in Investigative Journalism in the Western Balkan and Turkiey - Developing an Accreditation for MA Program in Investigative Journalism in the Western Balkan and Turkiey, на Централниот европски универзитет, Будимпешта, Унгарија
- на 9 октомври 2023 учествувала на Forum, China and the Western Balkans: Perspectives and Prospects in the New Era, во организација на Albanian Institute for Globalization Studies (AIGS) & Global Changes Center (GCC) во Скопје.
- Во периодот октомври - декември 2023, во улога на ментор прави подготовка на студентите од Медиумските студии и односи со јавност при Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип за учество на натпревар за најдобар веб-сајт текст (website text, related to RYCO topics: youth exchanges, peacebuilding, reconciliation, dialogue, regional cooperation, Western Balkans youth etc,) објавен на платформата Хајде (https://hajde.media/).
- на 17 октомври 2023 одржала предавање на тема Sustainability of minority rights in Macedonian case, на наставниот предмет-курс Sustainability and Law, на покана на Правниот факултет при Универзитетот од Мишколц, Унгарија.
- на 28 - 29 септември 2023, учествувала на 10th International scientific conference „Social changes in the global world", во организација на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, со презентација на два труда, на тема: Конститутивни носители и дефинирање на малцинствата во унгарскиот и македонскиот случај (самостојна) и Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Република С. Македонија (заедно со доц. д-р Искра Коровешовска, проф. д-р Андон Мајхошев, проф. д-р Јадранка Денкова).
- на 6 јуни 2023, учествувала на International conference, Sustainable development in Law and Policies: a way forward to reaching UN development goals, во организација на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, со презентација на труд на тема: Sustainability of minority rights in the Macedonian case.
- о периодот 11-14 мај 2023 учествувала на 9th International scientific conference Ohrid School of Law: Redefinition of the role and meaning of the law, во организација на Institute for Legal – Economic Research and Education - Iuridica Prima, во Охрид, со презентација на труд на тема: Редефинирање на македонското право како резултат на надворешни влијанија и негова одржливост.

- на 31 октомври - 01 ноември 2022 учествувала на Third international scientific conference: China and reshaping of the post – covid world - Economy, Politics and Major Power Rivalry, во организација на Centre for Asian and Far Eastern Studies (CAFES), Faculty of Political Sciences, University of Belgrade and Institute for Asian Studies (IAS), во Белград, Србија како дискутант и со презентација на тема: Refugee responses in the post-Ukraine world (заедно со проф д-р Тони Милески и д-р Нена Ѓорѓиевска).
- на 27 октомври 2022 во рамките на проектот „The concept of sustainable development through the prism of law and policies" во организација на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип одржала предавање на тема: The policies of the Ohrid Framework Agreement in the context of sustainable development, cycle of teaching on sustainable development in law and policies.
- на 22 октомври 2022 учествувала како ментор на работилница: Freedom of Speech and Hate Speech, организирано од Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип во соработка со ОБСЕ – Скопје.
- на 20 октомври 2022 учествувала на Меѓународна конференција на тема: Towards resilience and critical infrastructure protection: regional exchange, во рамките на SEE Security Platform, организирана од Friedrich Ebert Stiftung и FES Dialogue Southeast Europe (FESSOE) во Hotel Double tree by Hilton, Скопје.
- на 20 септември 2022 учествувала како говорник на Тркалезна маса на тема: How to foster better linkages between academia, policy research and practice? Experiences from the EU and North Macedonia, панел дискусија: How do we improve links between policy and research in North Macedonia во организација на European Policy Institute – Skopje.
- на 1 - 2 септември 2022, учествувала на 9-th International scientific conference „Social changes in the global world", во организација на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип со презентација на два труда на тема: Украинското прашање и рамнотежа на моќта (самостојна) и Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Северниот и Јужниот Регион на Република С. Македонија (заедно со доц. д-р Искра Коровешовска и проф. д-р Андон Мајхошев).
- во периодот 23 - 26 август 2022 учествувала на Regional summer school: Society and religion: Ethnic Groups, identity and nationalism, во организација на Konrad-Adenauer-Stiftung - Skopje and Wilfried Martens Centre for European Studies, со предавање на тема: Individual identifications and common values in multicultural societies.
- на 2 јуни 2022 учествувала на International seminar on the Concept of Sustainable Development in Law and Policies: occurrence, challenges and perspectives, во организација на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, со презентација на тема: Политиките на Охридскиот рамковен договор во контекст на одржлив развој.
- во периодот 09 - 13 мај 2022, учествувала на обука на тема: Don't be bully, be friend fully, во рамките на Еразмус проект, во Јеница (Yenice), Турција.
- во периодот 20 - 22 април 2022 учествувала на студиска средба во рамките на проектот „Digital: English as a second language", Erasmus+ Programme, Key Action 2, во Сполето, Италија.
- на 11-12 декември 2021 учествувала како тренер на работилница на тема: Provision of the capacity building training for young journalists in North Macedonia, во организација на The Regional Youth Cooperation Office – Skopje, во Велес.

- на 2 - 3 септември 2021, учествувала на 8th International scientific conference „Social changes in the global world", во организација на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, со презентација на два труда на тема: Охридскиот рамковен договор и евро-атлантската интеграција, 20 години подоцна (самостојна) и Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Западниот Регион на Република С. Македонија (заедно со доц. д-р Искра Коровешовска, проф. д-р Андон Мајхошев, проф. д-р Јадранка Денкова).
- на 5.5.2021 го организирала и модерерирала вебинарот на тема: Freedom of the media in conditions of Covid 19, на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.
- на 16 - 18 април 2021, учествувала на 30th International scientific conference "Knowledge without borders", во организација на The Institute of Knowledge Management, Врњачка Бања, Србија, со презентација на труд на тема: Компаративна анализа на мултикултурализмот во азербејџанското и македонското општество.
- на 03 - 04 септември 2020 учествувала на Seventh international scientific conference "Social changes in the global world", во организација на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип со презентација на два труда на тема: Геополитичкиот аспект на одбранбената политика и воените сили на Израел, Сингапур и Република Македонија (самостојна) и Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот Регион на Република С. Македонија (заедно со доц. д-р Искра Коровешовска, проф. д-р Андон Мајхошев, проф. д-р Јадранка Денкова).
- на 21 - 23 август 2020 учествувала на 27th International Scientific Conference: „Knowledge for sustainability" во организација на The Institute of Knowledge Management, во Охрид, со презентација на труд на тема: Одржливоста на принципот за правична и соодветна застапеност во Република С. Македонија vis-à-vis меритократски систем на вработување.
- на 26 јуни 2020 учествувала на 26th International Scientific Conference „The teacher of the future", во организација на The Institute of Knowledge Management, Будва, Црна Гора, со презентација на труд на тема: Компаративна анализа на мултикултурализмот во Папуа Нова Гвинеја и Република Северна Македонија.
- Учествувала во теренско истражување, во рамките на научноистражувачки национален проект на тема: Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот Регион на Република С. Македонија (мај 2020), Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Западниот Регион на Република С. Македонија (мај 2021) и Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Северниот и Јужниот Регион на Република С. Македонија (мај 2022), заедно со доц. д-р Искра Коровешовска.

**Објавена монографија**

1. Јорданка Галева, Дејан Маролов, *Непланираното дете на Европа, Македонија како дел од Источното прашање во 19 век и западните евроатлантски политики во 21 век,* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2024, http://e-lib.ugd.edu.mk/1189

**Научни трудови објавени во меѓународно научно списание**

2. Јорданка Галева (2024). *Редефинирање на македонското право како резултат на надворешни влијанија и негова одржливост*, International Scientific Conference 9th Ohrid school of law, 2023 "Redefinition of the role and meaning of the law„ бр.17-18, Institute for legal economic research and education - Iuridica Prima, Skopje.

3. Jordanka Galeva (2023). *"Visegrad initiative" vis-à-vis "Open Balkan" in the process of European Integration,* Harmonius Journal of Legal and Social Studies in South East Europe, Year XII ISSUE, Harmonius and University of Belgrade, Faculty of Law, Publication center, Belgrade.

4. Jordanka Galeva (2023). *Конститутивни носители и дефинирање на малцинствата во унгарскиот и македонскиот случај*, Proceedings of 10th International conference „Social changes in the global world", vol.2, University Goce Delcev, Stip.

5. Искра Коровешовска, **Јорданка Галева**, Андон Мајхошев, Јадранка Денкова (2023). *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Република С. Македонија*, Proceedings of 10th International conference „Social changes in the global world", vol.2, University Goce Delcev, Stip.

6. Jordanka Galeva (2022). *European integration policy challenges for ethnic integration in the Republic of North Macedonia*, Yearbook on European Law, Policies, and Institutions, Vol 1, 2022, European Policy Institute – Skopje, Skopje.

7. Јорданка Галева (2022). *Украинското прашање и баланс на силите,* Proceedings, 9th International conference „Social changes in the global world", vol.2, University Goce Delcev, Stip.

8. **Јорданка Галева**, Искра Коровешовска, Андон Мајхошев (2022). *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Северниот и Јужниот Регион на Република С. Македонија,* Proceedings, 9th International conference „Social changes in the global world", vol.2, University Goce Delcev, Stip.

9. Јорданка Галева (2021). *Мултикултурализмот и влијанието врз развојот (со осврт на македонското општество),* Yearbook of the Faculty of Law "Iustinianus Primus" - Skopje, in honour of prof. Gale Galev, University "St. Cyril and Methodius", Faculty of Law "Iustinianus Primus" - Skopje.

10. Јорданка Галева (2021). *Охридскиот рамковен договор и евро-атлантската интеграција, 20 години подоцна,* Proceedings, 8th International conference „Social changes in the global world", vol.2, University Goce Delcev, Stip.

11. Искра Коровешовска, **Јорданка Галева,** Андон Махојшев, Јадранка Денова, *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Западниот Регион на Република С. Македонија* (2021), Proceedings, 8th International conference „Social changes in the global world", vol.2, University Goce Delcev, Stip.

12. Јорданка Галева (2021). *The geopolitical interests of the international community in resolving multicultural issues in Republic of Azerbaijan and Republic of North Macedonia*, Political Thought, year 19, n. 62, Konrad Adenauer Stiftung, IDSCS, Skopje.

13. Јорданка Галева (2021). *Компаративна анализа на мултикултурализмот во азербејџанското и македонското општество***,** Knowledge-International Journal, Scientific papers, Vol. 41.5, Institute of knowledge management, Skopje.

14. Jordanka Galeva (2020). *Политички систем и мултикултурни аспекти во Кралството Данска и Република Македонија*, Year Book, Year X, Volume 10, Faculty of Law, University Goce Delcev, Stip.

15. Јорданка Галева (2020). *Влијанието на мултикултурните прашања врз правната регулатива во Република Северна Македонија и Кралството Данска*, Proceeding, International Scientific Conference 6th Ohrid school of law, N. 11, Institute for legal economic research and education - Iuridica Prima, Skopje

16. Јорданка Галева (2020). *Геополитичкиот аспект на одбранбената политика и воените сили на Израел, Сингапур и Република Македонија***,** 7th International conference „Social changes in the global world", vol.2, n. 7, University Goce Delcev, Stip.

17. Андон Мајхошев, **Јорданка Галева,** Искра Коровешовска, Јадранка Денкова (2020). *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот Регион на Република С. Македонија*, Proceedings, 7th International conference „Social changes in the global world", vol.2, University Goce Delcev, Stip.

18. Јорданка Галева (2020). *Одржливоста на принципот за правична и соодветна застапеност во Република С. Македонија vis-à-vis меритократски систем на вработување,* Knowledge-International Journal, Scientific papers, Vol. 41.5, Institute of knowledge management, Skopje.

19. Јорданка Галева (2020). *Компаративна анализа на мултикултурализмот во Папуа Нова Гвинеја и Република Северна Македонија*, Knowledge-International Journal, Scientific papers, Vol. 40.6, Institute of knowledge management, Skopje.

20. Јорданка Галева, (2020). *Уставните права на немнозинските заедници во Република Северна Македонија и нивна примена во пракса*, International Scientific Conference, 5th Ohrid school of law 2019: Abuse of the Law and "abnormal" law versus rule of law, n.10, Institute for legal economic research and education - Iuridica Prima, Skopje.

**Одбранета докторска теза**

21. Јорданка Галева (2010). L'impatto delle politiche e dei programmi europei sullo sviluppo della società multiculturale e dello status sociale delle comunità minoritarie in Repubblica di Macedonia, во превод Импактот на европските политики и програми врз развојот на мултикултуралното општество и врз социјалниот статус на немнозинските заедници во Македонија, Универзитет во Болоња, во конзорциум со Универзитетот од Пиза, Италија.

**Одбранети магистерски тези**

22. Јорданка Галева (2005). La cooperativa agricola come soggetto socio-economico (Aprofruit Italia), во превод Земјоделската кооператива како социо-економски субјект (Апофруит Италија), Економски факултет при Универзитетот во Болоња, Италија.

23. Јорданка Галева (2004). La diplomazia internazionale e questione macedone dal Congresso di Vienna 1814-1815 alle guerre balcaniche 1912-1913, во превод Меѓународната дипломатија и македонското прашање од Виенскиот конгрес (1814-1815) до Балканските војни (1912-1913), Факултет по политички науки „Роберто Руфили" при Универзитетот во Болоња, Италија.

**Пленарно предавање на научен собир**

24. Јорданка Галева, говорник на панел дискусија: How do we improve links between policy and research in North Macedonia - Тркалезна маса на тема: How to foster better linkages between academia, policy research and practice? Experiences from the EU and North Macedonia, European Policy Institute, Скопје, 20.09.2022. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31122

**Секциско предавање на научен собир**

25. Јорданка Галева, *Rule of law and use of state and minority symbols in Macedonian and Serbian case*, in The 7th International Scientific Conference Management and law 2024, "Modern Challenges in Management, Economy, Law, Security and Information Society„ – MELSIS, 17.05.2024, Belgrade, Serbia https://eprints.ugd.edu.mk/34130/

26. Јорданка Галева, *The „Visegrad initiative" vis-à-vis „Open Balkan initiative" in*

*the process of European integration,* in XVIII Harmonius school of law, business and legal challenges of the Open Balkan, International Conference on South East European Law, 24.11.2023, Belgrade, Serbia https://eprints.ugd.edu.mk/33001/

27. Јорданка Галева (2023). *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Република С. Македонија,* in 10th International Scientific Conference „Social changes in the global world", 28-29.09.2023, Stip https://eprints.ugd.edu.mk/33004/

28. Јорданка Галева, *Constitutive holders and definition of minorities in the Hungarian and Macedonian case,* in 10-th International Scientific Conference „Social changes in the global world", 28-29.09.2023, Stip, https://eprints.ugd.edu.mk/33003/

29. Јорданка Галева, *Редефинирање на македонското право како резултат на надворешни влијанија и негова одржливост,* in 9-th International Scientific Conference Ohrid School of law 2023 „Redefinition of the role and the meaning of the law", 11-14.05.2023, Ohrid, https://eprints.ugd.edu.mk/33036/

30. Јорданка Галева, *Украинското прашање и рамнотежата на моќ,* in 9th International Scientific Conference „Social changes in the global world", 01-02.09.2022, Stip, https://eprints.ugd.edu.mk/31117/

31. Јорданка Галева, *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Северниот и Јужниот Регион на Република С. Македонија*, in 9th International Scientific Conference „Social changes in the global world", 01-02.09.2022, Stip https://eprints.ugd.edu.mk/31255/

32. Јорданка Галева, предавање на тема: Individual identifications and common values in multicultural societies, in *Regional summer school: Society and religion: Ethnic Groups, identity and nationalism,* organized by Konrad-Adenauer-Stiftung- Skopje and Wilfried Martens Centre for European Studies, 23-26.08.2022, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31115

33. Јорданка Галева, предавање на тема: *Транзициско новинарство; Човековите права и медиумите* на работилница на тема: Provision of the capacity building training for young journalists in North Macedonia, во организација на The Regional Youth Cooperation Office – Skopje, 11-12.12.2021, Велес https://eprints.ugd.edu.mk/29454/

34. Јорданка Галева, *Охридскиот рамковен договор и евро-атлантската интеграција, 20 години подоцна,* in 8th International Scientific Conference „Social changes in the global world", 02-03.09.2021, Stip, https://eprints.ugd.edu.mk/29399/

35. Јорданка Галева, *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Западниот Регион на Република С. Македонија*, in 8th International Scientific Conference „Social changes in the global world", 02-03.09.2021, Stip, https://eprints.ugd.edu.mk/29400/

36. Јорданка Галева, *Компаративна анализа на мултикултурализмот во азербејџанското и македонското општество*, in 30th International Scientific Conference „Knowledge without borders", Serbia 09-11.04.2021 Vrnjačka Banja https://eprints.ugd.edu.mk/34156/

37. Јорданка Галева, *Геополитички аспекти на одбранбената политика и воените сили на Израел, Сингапур и Република Македонија*, in 7th International Scientific Conference „Social changes in the global world", 03-04.09.2020, Stip https://eprints.ugd.edu.mk/34155/

38. Јорданка Галева, *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот Регион на Република С. Македонија*, in 7th International Scientific Conference „Social changes in the global world", 03-04.09.2020, Stip. https://

eprints.ugd.edu.mk/27518/

39. Јорданка Галева, *Одржливоста на принципот за правична и соодветна застапеност во Република С. Македонија vis-à-vis меритократски систем на вработување*, in 27th International Scientific Conference „Knowledge for sustainability", 21-23.08.2020, Hotel Biser, Ohrid Lake, https://eprints.ugd.edu.mk/27516/

40. Јорданка Галева, *Компаративна анализа на мултикултурализмот во Папуа Нова Гвинеја и Република Северна Македонија*, in 26th International Scientific Conference „The teacher of the future", 26.6.2020, Budva, Monte Negro (online); https://eprints.ugd.edu.mk/34153/

**Одржано предавање по покана од научна институција**

41. Јорданка Галева, предавање на тема: Sustainability of minority rights in Macedonian case, на course Sustainability and Law Miskolc, Hungary, по покана Faculty of Law, University of Miskolc, Hungary, 17.10.2023. https://eprints.ugd.edu.mk/33008/

42. Јорданка Галева, предавање на тема: *Политиките на Охридскиот рамковен договор во контекст на одржлив развој,* во рамките на проектот „The concept of sustainable development through the prism of law and policies", Center for the Analysis of Law and Policies, Faculty of Law, University Goce Delcev, Stip, 27.10.2022. https://eprints.ugd.edu.mk/31158/

**Учество на научен собир со реферат**

43. Јорданка Галева (2024). *Legal principles in light of the Ohrid Framework Agreement: the case of Macedonia*, in International Scientific Conference Law and social values, Faculty of Law, University of Nish, Serbia, 21.04.2024, https://eprints.ugd.edu.mk/34063/

44. Јорданка Галева (2023). *Sustainability of minority rights in the Macedonian case*, in International Conference, Sustainable development in Law and Policies: a way forward to reaching UN development goals, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 6.6.2023, https://eprints.ugd.edu.mk/33006/

45. Тони Милески, **Јорданка Галева,** Нена Ѓорѓиевска, *Refugee responses in the post-Ukraine world*, in Third international scientific conference: China and reshaping of the post – covid world - Economy, Politics and Major Power Rivalry, Centre for Asian and Far Eastern Studies (CAFES), Faculty of Political Sciences, University of Belgrade and Institute for Asian Studies (IAS), Belgrade, 31.10-01.11.2022, https://eprints.ugd.edu.mk/31119/

46. Јорданка Галева, *Политиките на Охридскиот рамковен договор во контекст на одржлив развој*, International seminar on the Concept of Sustainable Development in Law and Policies: occurrence, challenges and perspectives, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 02.06.2022, https://eprints.ugd.edu.mk/31183/

**Раководител на научен проект**

47. Јорданка Галева, главен истражувач (други истражувачи проф. д-р Андон Мајхошев и доц. д-р Искра Коровешовска) (2023) на проект: *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Република С. Македонија – компаративна анализа,* Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, https://eprints.ugd.edu.mk/33007/

48. Јорданка Галева, главен истражувач (други истражувачи проф. д-р Андон Мајхошев и доц. д-р Искра Коровешовска) (2022) на проект: *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Северниот и Јужниот Регион на Република С. Македонија*, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31102

49. Јорданка Галева, главен истражувач (други истражувачи проф. д-р Андон Мајхошев и доц. д-р Искра Коровешовска) (2021) на проект: *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Западниот Регион на Република С. Македонија*, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, https://eprints.ugd.edu.mk/29391/

**Учесник во научен проект**

50. Никодиновска Крстевска Ана, Тушевска Гавриловиќ Борка, Кошевалиска Олга, Иванова Елена, Тодорова Билјана, Шутова Милица, **Галева Јорданка**, Донева Наташа, Здравева Ана (2021 - 2023). *Концептот за одржлив развој низ призмата на правото и политиките*, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29431

51. Ананиев Јован, Кошевалиска Олга, Тушевска Гавриловиќ Борка, Никодиновска Крстевска Ана, Максимова Елена, **Галева Јорданка**, Денкова Јадранка (2020). Истражувачка група „*Европско право, политики и институции*„ Институт за европска политика (ЕПИ), Универзитет „Гоце Делчев" - Штип и Универзитет за Југоисточна Европа – Тетово, https://eprints.ugd.edu.mk/26891/

52. Андон Мајхошев, **Јорданка Галева,** Искра Коровешовска, на проект *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот Регион на Република С. Македонија*, Правен факултет, УГД – Штип, https://eprints.ugd.edu.mk/27773/

**Уредник на зборник на трудови**

53. Proceedings of the 10th International Scientific Conference „Social changes in the global world", Goce Delcev University, Stip, 2023

54. Proceedings of the 10th International Scientific Conference „Social changes in the global world"„ Young Researchers Section, Goce Delcev University, Stip, 2023

55. Proceedings of the 9th International Scientific Conference „Social changes in the global world", Goce Delcev University, Stip, 2022

56. Proceedings of the 9th International Scientific Conference „Social changes in the global world", Young Researchers Section, Goce Delcev University, Stip, 2022

57. Proceedings of the 8th International Scientific Conference „Social changes in the global world", Goce Delcev University, Stip, 2021

58. Proceedings of the 8th International Scientific Conference „Social changes in the global world", Young Researchers Section, Goce Delcev University, Stip, 2021

59. Proceedings of the 7th International Scientific Conference „Social changes in the global world", Goce Delcev University, Stip, 2020

60. Proceedings of the 7th International Scientific Conference „Social changes in the global world", Young Researchers Section, Goce Delcev University, Stip, 2020

**Член на организациски одбор на научен собир**

61. Eleventh International Scientific Conference „Social changes in the global world", Goce Delcev University, Stip, 2024;

62. Tenth International Scientific Conference „Social changes in the global world", Goce Delcev University, Stip, 2023;
63. Ninth International Scientific Conference „Social changes in the global world", Goce Delcev University, Stip, 2022;
64. Eighth International Scientific Conference „Social changes in the global world", Goce Delcev University, Stip, 2021;
65. Seventh International Scientific Conference „Social changes in the global world", Goce Delcev University, Stip, 2020;

**3. Кратка научна евалуација на научните трудови – посебно за последните пет години (од последниот избор)**

1. Јорданка Галева, Дејан Маролов, **Непланираното дете на Европа, Македонија како дел од Источното прашање во 19 век и западните ервоатлантски политики во 21 век**, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2024.

Предмет на истражување во оваа монографија е македонското прашање во деветанесеттиот и дваесет и првиот век, анализирано преку призмата на билатералните и меѓународните договори на големите сили и балканските држави. Прашањето по кое се води истражувањето во оваа книга е: зошто за територијата на Македонија во 19 век, кога се формираат националните држави, никој не се залага за нејзино остварување како државна единка, додека во 21 век истата како оформена држава, на еден дел од географскиот регион Македонија, повторно е оспорувана и се соочува со пречки на својот пат кон Европската Унија. Во овој контекст направена е детална анализа на политиките и договорите на големите сили за воспоставување на реформи во рамките на Отоманската држава и на билатерланите и мултилатерални договори, склучени пред се помеѓу балканските држави, за ослободување на македонската територија и нејзина поделба во текот на 19 век и почетокот на 20 век; и детална анализа на западните политики и договорите склучени во рамките на евро-атлантскиот интегративен процес во 21 век. Идејата на ова истражување е преку компарација на двата периоди да се види кои се политиките на големите сили во однос на создавање на македонската држава во деветнаесеттиот век и какви политики води меѓународната заедница (ООН, ЕУ, НАТО) и одделни нејзини членки кон македонската држава во дваесет и првиот век. Преку компаративна анализа на политиките и договорите на големите сили, на балканските држави и на меѓународната заедница, направен е обид да се даде детална и јасна слика за целокупната историска и политичка ситуација, пред и после создавањето на македонската држава. Имено основната идеја во овој труд е преку враќање во историјата да се најдат корените на одредени политики и оспорувања, кои после век и половина се уште тлеат, се актуелни и претставуваат пречка за непречен развој на државата општо и во контекст на евроинтегративниот процес.

2. Јорданка Галева, **Редефинирање на македонското право како резултат на надворешни влијанија и негова одржливост**, International Scientific Conference 9th Ohrid school of law, 2023 "Redefinition of the role and meaning of the law„ n.17-18, pp. 303 – 316.

Во трудот е направена кратка анализа на измените на Уставот на Република Македонија од 1991 година и на одредени закони, кои настанаа како резултат на надворешни влијанија. Анализата ги опфаќа прашањата поврзани со измената на државното знаме и на името на државата, како и измените на уставот и

законите кои произлегоа од одредбите на Времената спогодба од 1995 година, Преспанскиот договор од 2018 година (склучени помеѓу Македонија и Грција), Охридскиот рамковен договор од 2001 година (чии потписници меѓу другите се и двајца претставници од меѓународната заедница), како и потенцијални уставни измени кои би биле направени како резултат на барањата на Република Бугарија. Анализата во трудот се води од следните прашања: дали принципот на немешање во внатрешните работи на една држава (еден од принципите на Вестфалскиот суверенитет и на меѓународното право), се почитува во македонскиот случај, и дали редефинирањето на правото дава стабилност и верба во внатрешниот политички поредок на една држава, доколку постојано се менува и колку ваквите измени се одржливи.

3. Jordanka Galeva (2023). **Visegrad initiative” vis-à-vis “Open Balkan” in the process of European Integration**. Harmonius Journal of Legal and Social Studies in South East Europe, Year XII issue 2023, pp. 89 - 116.

Во овој труд е направена компаративна анализа помеѓу Вишеградската група (составена од Словачка, Чешка, Полска и Унгарија) и земјите членки на иницијативата Отворен Балкан (Албанија, Македонија и Србија). Имено, по распадот на комунистичките режими, во земјите од Централна Европа верувањето дека соработката би можела да ја олесни социјалната трансформација, но и европската интеграција, послужи како клучна мотивација за формирање на Вишеградската група (ВГ4). Во Југоисточна Европа, пак, со оглед на воените конфликти кои се случија во текот на деведесеттите, во 1999 година Советот на ЕУ го иницираше Процесот за стабилизација и асоцијација (ПСА), со цел поттикнување за меѓусебна соработка на земјите од Западен Балкан (ЗБ) и потврдување на подобноста за членство во ЕУ. Откако ВГ4 земјите се приклучија на ЕУ, во Вишеградската декларација за соработка од 2004 година се потенцираше идејата за поддршка на соседните региони во процесот на европската интеграција, вклучувајќи го и регионот Западен Балкан. Целта во истражувањето во овој труд е елаборација на улогата на регионалните организации и иницијативи во забрзување на процесот на интеграција и испитување дали земјите од Отворен Балкан: Албанија, Северна Македонија и Србија би можеле да научат од искуството на Вишеградската четворка и како истите го поддржуваат процесот на интеграција на земјите од Отворен Балкан.

4. Јорданка Галева (2023). **Конститутивни носители и дефинирање на малцинствата во унгарскиот и македонскиот случај**. Proceedings of 10th International conference “Social changes in the global world”, vol.2 (10), pp. 487-499.

Во овој труд е направена споредбена анализа на правната регулатива во Република Северна Македонија и Република Унгарија во однос на три прашања: основање на државата, носители на конститутивноста и дефинирање на малцинствата. Земајќи предвид дека и во двете држави населението е од различна етничка припадност, целта на истражувањето е да се види како се уредени прашањата поврзани со малцинствата и колку тие се дел од конститутивноста на државата. Резултатите од анализата покажува дека во двата случаја постојат разлики во однос на историјатот на конституирање на државата и во конститутивните документи и правни акти кои се однесуваат на заштитата на малцинствата, додека сличности постојат пак во делот на употребата на етничкиот елемент и во дефинирање на носителите на конститутивноста.

5. Искра Коровешовска, **Јорданка Галева**, Андон Мајхошев, Јадранка Денкова, (2023). **Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Република С. Македонија**. Proceedings of 10th International conference „Social changes in the global world", vol.2 (10), pp. 615-627.

Предмет на анализа во овој труд е перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразување, степенот на цензура и самоцензура во Република С. Македонија. Тргнувајќи од основното човеково право, односно слобода на изразување содржано во меѓународните и националните документи, целта на истражувањето е да се види колку ова право го остваруваат медиумските работници и дали постојат причини за негово ограничување во пракса, односно каква е нивната перцепција за степенот на слобода на изразување во Република С. Македонија. Анализата е направена преку компарација на добиени резултати од три претходни истражувања кои се однесуваат на перцепцијата на медиумските работници од северниот, јужниот, источниот и западниот регион во С. Македонија.

6. Jordanka Galeva (2022). **European integration policy challenges for ethnic integration in the Republic of North Macedonia**. Yearbook on European Law, Policies, and Institutions, Vol 1, 2022, pp. 35-52.

Предмет на анализа во овој труд се политиките за европска интеграција и нивното влијание врз положбата на етничките малцинства во Република Македонија и развојот на интегративното општество. Студијата е заснована на анализа на Охридскиот рамковен договор, како еден од примарните показатели за успехот на земјата во оние области кои се идентификувани како критични за развојот на земјата и нивната усогласеност со европските норми. Посебен акцент во истражувањето е ставен на третиот принцип од Охридскиот рамковен договор кој се однесува на зачувувањето и одразот на мултиетничкиот карактер на општеството во јавниот живот, како и неговото спроведување и придонес во евроинтеграцискиот процес на земјата.

7. Јорданка Галева (2022). **Украинското прашање и рамнотежа на моќта**. Proceedings of 9th International conference „Social changes in the global world", vol.2 (9), pp. 451-466.

Предмет на анализа во овој труд се руско-украинските односи и нивниот ефект врз рамнотежата на моќ. Во првиот дел на трудот е даден краток историски осврт на сојузите кои се формираат после распадот на СССР и Варшавскиот пакт. Вториот дел е посветен на руско-украинските односи. Во третиот дел е даден краток осврт на балансирање на моќта во постстудениот период, додека во четвртиот дел се изведени заклучни видувања во однос на ефектот на актуелното украинско прашање врз рамнотежата на моќта.

8. Јорданка Галева, Искра Коровешовска, Андон Мајхошев (2022). **Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Северниот и Јужниот Регион на Република С. Македонија**. Proceedings of 9th International conference „Social changes in the global world„ vol.2 (9), pp.537-552.

Предмет на анализа во овој труд е перцепцијата на медиумските работници од Северниот и Јужниот Регион на Република С. Македонија за слободата на изразување, степенот на цензура и самоцензура на медиумските работници. На национално ниво во Република С. Македонија, уставниот член 16 гарантира слобода на говор, јавно информирање, слободен пристап кон информации, примање и пренесување на информации како и слободно основање на институции за јавно информирање. Со цел да се добијат конкретни резултати во однос на

имплементацијата на овие права односно да се откријат кои се причините кои влијаат на ограничувањето на ова право, истражувањето е спроведено преку анкета која ги опфати медиумските работници од северниот и јужниот дел на државата, водејќи се од основното прашање „Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слобода на изразување во Република Македонија?

9. Јорданка Галева (2021). **Мултикултурализмот и влијанието врз развојот (со осврт на македонското општество)**. Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. Гале Галев, том 59, pp. 967-988.

Предмет на анализа во овој труд е македонското мултикултурно општество во контекст на долунаведените теоретски видувања кои ја проучуваат поврзаноста на мултикултурализмот, односно етничката хетерогеност со конфликтите и развојот. На оваа тема, теоретичарите се поделени врз основа на два различни става: оној според кој етничката хетерогеност во мултикултурните општества е пречка за развој и оној според кој се тврди дека преку спроведување на соодветни политики може да се придонесе во развојот. Имено тргнувајќи од теориите од 80-тите години на 20 век, прашањата поврзани со мултикултурализам повторно стануваат актуелна тема на филозофско-политичките и економски дебати. Додека филозофите и политиколозите се занимаваат со теми за признавање на разликите и нивна правна заштита, економистите ја анализираат поврзаноста помеѓу културната хетерогеност и економскиот развој. Во 90-тите години како резултат на новиот бран на конституирање на национални држави, со појавата на етнонационализам и зачестени меѓуетнички тензии во Источниот дел на Европа, истражувањата се ориентираа кон изнаоѓање на нови решенија поврзани со заштитата на малцинствата во мултикултурните општества и анализи за влијанието на културната, односно етничката хетерогеност врз развојот.

10. Јорданка Галева (2021). **Охридскиот рамковен договор и евро-атлантската интеграција, 20 години подоцна**. Proceedings, 8th International conference "Social changes in the global world", vol.2 (8), pp. 371-392.

Целта на истражувањето во овој труд е да се види колку спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, односно принципите врз кои се заснова истиот, се во согласност со барањата кои произлегуваат од евро-атлантскиот процес и колку имаат придонесено за напредокот на земјата. Иако Охридскиот рамковен договор беше донесен со првична цел да стави крај на вооружениот конфликт, истиот преставува рамка за градење на мултикултурно општество, за стабилизација, а воедно и политика *плус* која ќе доведе до остварување на условите поставени од меѓународната заедница, во рамките на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и последователните политики за евроинтеграција. Во анализата на трудот водечкото прашања е: дали принципите на ОРД и нивното имплементирање доведоа до напредување на Македонија во евро-атлантската интеграција? За да се одговори на ова прашање, во трудот е направена анализа на имплементацијата на основните принципи и точки на Охридскиот рамковен договор и нивната поврзаност со евро-атлантскиот процес.

11. Искра Коровешовска, **Јорданка Галева**, Андон Мајхошев, Јадранка Денкова (2021). **Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Западниот Регион на Република С. Македонија**. Proceedings, 8th International conference „Social changes in the global world", vol.2 (8), pp. 499-514.

Во трудот е направена анализа во однос на имплементирање на одредени права кои се содржани во меѓународните акти и националната правна регулатива,

а преку перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразување, за степенот на цензура и автоцензура, како и за причините кои влијаат врз ограничувањето на ова право. Истражувањето ги опфаќа медиумските работници од Западниот Регион на Република С. Македонија. Основно истражувачко прашање во анализата е „Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слободата на изразување во Западниот Плански Регион на Република С. Македонија“?

12. Jordanka Galeva (2021). **The geopolitical interests of the international community in resolving multicultural issues in Republic of Azerbaijan and Republic of North Macedonia**. Political Thought, Year 19, No 62, pp. 78-107.

За целите на ова истражување, во трудот е направена анализа на Република Азербејџан од Кавказот и Република Северна Македонија од Балканот. Она што ги прави слични овие две земји, покрај нивната припадност на региони кои се геополитички атрактивни, се нивните мултикултурни општества и вклученоста на меѓународната заедница во изнаоѓање на решение за етничките конфликти (конфликтот од 2001 во Македонија и конфликтот во Нагорно Карабах во Азербејџан). Целта на истражувањето е да се види кои се резултатите и улогата на меѓународната заедница во решавањето на мултикултурните прашања, односно во решавање на етничките конфликти кои ги зафатија двете земји и дали геополитичките фактори (како на пример, местоположбата или поседувањето енергетски ресурси во земјите зафатени од конфликтите) имаат влијание во изнаоѓањето трајни решенија.

13. Јорданка Галева (2021). **Компаративна анализа на мултикултурализмот во азербејџанското и македонското општество**. Knowledge-International Journal: Knowledge Without Borders, n. 45 (5), pp. 969-974.

Во трудот е направена компаративна анализа за моделот на промоција на мултикултурноста во македонското и азербејџанското општество. Посебен акцент во анализата е ставен на уставните одредби кои се однесуваат на конститутивниот елемент, односно конститутивниот народ, на прашањата кои се однесуваат на јазикот и религијата на населението, односно на службениот јазик и јазик на малцинските заедници и религиското прашање. Целта на трудот е да се увиди кој модел на мултикултурно општество постои во двете држави, дали постојат сличности и разлики и дали двете држави би можеле да научат нешто ново или да го применат искуството на другиот во сопствениот модел.

14. Јорданка Галева (2020). **Политички систем и мултикултурни аспекти во Кралството Данска и Република Македонија**. Годишен зборник, 10 (10), pp. 33-43.

Предмет на анализа во овој труд е политичкиот систем како дел од општественото уредување, конститутивните елементи и мултикултурните аспекти на Кралството Данска и Република Македонија. Во трудот е направена компаративна анализа на правната регулатива, со цел да се увиди како се регулираат овие прашања, дали постојат заеднички нишки во двата случаи и кои се правните акти со кои се спроведуваат. Земајќи ги предвид етничките, јазичните и религиските карактеристики на населението кое живее во двете држави, и во двата случаи постои мултикултурализам, меѓутоа доколку се споредат правните акти и политики кои се применуваат за заштита на мултикултурноста, двата случаи значително се разликуваат. Целта на ова истражување е да се споредат две мултикултурни општества со различни политички системи, а со цел да се увиди дали државното уредување влијае врз уредување на мултикултурните прашања.

15. Јорданка Галева (2020). **Влијанието на мултикултурните прашања врз правната регулатива во Република Северна Македонија и Кралството Данска**. International Scientific Conference 6th Ohrid school of law: The Future of the Law: Facing the Challenges of Covid 19, n. 11, pp. 155-181.

Предмет на анализа во овој труд е мултикултурниот аспект на Република С. Македонија и Кралството Данска и влијанието врз правната регулатива за заштита и промоција на мултикултурализмот. Во трудот е направена компарација помеѓу уставните и законски акти на двете држави, како и на политиките и другите правни документи, поврзани со овие прашања. Целта е да се спореди колку мултикултурните прашања, односно етнички, религиски и јазични елементи претставуваат предизвици (и колку често) за измени на правната регулатива во двата случаи. Изборот за анализа на овие два случаи е направен со цел да се споредат две различни мултикултурни општества и да се увиди на кој начин мултикултурните прашања влијаат на правната регулатива и колку истите се одржливи и трајни.

16. Андон Мајхошев, **Јорданка Галева**, Искра Коровешовска, Јадранка Денкова (2020). **Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот Регион на Република С. Македонија**. Proceeding of 7th International scientific conference "Social changes in the global world", vol.2 (7), pp. 759-776.

Слободата на изразување е фундаментално право на човекот, загарантирано со повеќе правни инструменти на ООН, Советот на Европа, ЕУ и други меѓународни организации. Република С. Македонија како држава членка на ООН, Советот на Европа и на други меѓународни организации го има имплементирано правото на слобода на изразување, како на уставно така и на законско ниво. Медиумите и новинарите вршејќи ги секојдневните професионални обврски најчесто се соочуваат со разни притисоци од одделни центри на моќ кои го ограничуваат остварувањето токму на правото на слободата на изразување. Во овој труд е направено истражување во однос на перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразување, како и причините кои влијаат во ограничувањето на ова право. Целта на истражувањето е да се дојде до конкретни сознанија за перцепцијата на степенот на цензура и автоцензура на медиумските работници во медиумите во Источниот Регион на Република С. Македонија. Основно истражувачко прашање по кое се водеше истражувањето е „Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слободата на изразување во Источниот Плански Регион на Република С. Македонија"?

17. Јорданка Галева (2020). **Геополитичкиот аспект на одбранбената политика и воените сили на Израел, Сингапур и Република Македонија**. Proceeding, of 7th International scientific conference „Social changes in the global world", vol.2 (7), pp. 557-578.

Предмет на анализа во овој труд се одбранбените политики на Израел, Сингапур и Македонија и воената подготвеност на овие држави. Целта на овој труд е аналитичка споредба на Македонија, која во контекст на вооружени сили важи за послаба земја, со Израел и Сингапур кои се вбројуваат помеѓу високо воено развиени земји, во насока да се види во што Македонија е слична или различна со овие земји и дали може да научи и примени нешто од нивното искуство. Во првиот дел од трудот е даден краток историски осврт за создавањето на трите држави и податоци за нивната местоположба, за етничката и религиска неприпадност на

населението и односите со нивните соседни држави. Во вториот дел е даден опис на нивните одбранбени политики и воена подготвеност. Додека во последниот дел е даден заклучокот за геополитичкиот аспект изведен од анализата и споредбата на трите држави.

18. Јорданка Галева (2020). **Одржливоста на принципот за правична и соодветна застапеност во Република С. Македонија vis-à-vis меритократски систем на вработување.** Knowledge-International Journal: Knowledge for sustainability, n. 41 (5), pp. 979-985.

Една од најактуелните светски теми на 21-иот век е поврзана со поставување цели и изнаоѓање на начини за одржлив развој во сите сфери од општествениот живот. Ако во минатото теоретичарите го анализираа развојот од економски аспект, во денешно време според стандардите за одржлив развој, анализата ги вклучува не само економските принципи, туку и социјалните и оние поврзани со животната средина. Социјалната димензија конкретно ги третира социјалните прашања меѓу кои вработувањето, социјалната заштита, здравството и образованието. Предмет на анализа во овој труд се резултатите од вработување врз основа на принципот за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република С. Македонија. Целта на анализата во овој труд е да се види дали имплементацијата на оваа одредба доведе до (одржливи) резултати и дали истата го занемарува мерит системот. Трудот е поделен на три дела. Во првиот дел се презентирани политиките на Охридскиот рамковен договор кои се однесуваат на принципот за соодветна и правична застапеност, законските измени за негова имплементација и добиените резултати, заклучно со 2019 година. Во вториот дел е објаснет мерит системот со примери за негова примена во одредени земји кои имаат достигнато економски успех. Во третиот (заклучниот) дел е направена споредба помеѓу двата принципа во насока на тоа, да се види дали доведуваат до одржлив развој.

19. Јорданка Галева (2020). **Компаративна анализа на мултикултурализмот во Папуа Нова Гвинеја и Република Северна Македонија**. Knowledge-International Journal: The Teacher of The Future, n. 40 (6). pp. 1055-1062.

Во трудот е направена компаративна анализа на мултикултурализмот во Папуа Нова Гвинеја, во која се зборуваат дури 840 јазици, иако за официјална употреба во државата се признаени само три и мултикултурализмот во Македонија во која постои еден службен јазик, а во одредени услови се употребуваат други шест јазици, кои се зборувани од етничките заедници кои живеат и се конститутивни носители на државата. Имено според студијата за етничката и културна различност направена од James D. Fearon во 2003 година на листата со резултати за етничка фракционализација и културна разновидност од 160 земји, Папуа Нова Гвинеја е на првото место со коефициент 1 по етничка фракционализација. На истата листа, во регионот Источна Европа и поранешна СССР, Македонија е рангирана на осмото место со индекс од 0.535, односно на 72. место на светско ниво по етничка фракционализација. Различноста на државите, во студијата се заснова на „она што луѓето во земјата го идентификуваат како општествено најрелевантно за етничко групирање“. Ако ја разгледаме реалната состојба на овие две држави, може да се увиди дека во секоја од нив живее население кое меѓусебно се разликува по етничкото потекло, јазикот кој го користи и религијата која ја практикува, но постои и разлика во уставните уредување по основ на како се дефинира нацијата на државата, во однос на признавањето на малцинските заедници и јазиците кои

се употребуваат. Во трудот е направена компарација помеѓу правната регулатива во однос на мултикултурните прашања во двете држави. Целта на истражувањето е да се увиди како во држава во која се зборуваат толку многу јазици, истата се справува со овие различности, дали правната регулатива е одржлива и дали постојат заеднички точки за споредба со македонската регулатива.

20. Јорданка Галева (2020). **Уставните права на немнозинските заедници во Република Северна Македонија и нивна примена во пракса**. International Scientific Conference, 5th Ohrid school of law 2019: Abuse of the Law and "abnormal" law versus rule of law, n.10, pp. 221-242.

Правата на немнозинските заедници во Македонија се дел од уставното уредување уште од самите почетоци на конституирање на државата. Во своето повеќе децениско искуство на државна единка беа донесени различни закони и уставни измени со цел подобрување на правата на припадниците на немнозинските заедници во насока на почитување на владеење на правото. Меѓутоа во одредени случаи, во пракса се покажа злоупотреба на правото или негова непримена токму од страна на немнозинските заедници во ситуации кога истите се мнозинство. Во трудот е направена ретроспектива на правата на немнозинските заедници, дадени се кратки теоретски аспекти за одредени уставни измени и наведени се примери за непримена или злоупотреба на одредени права.

**Докторска дисертација**

Jordanka Galeva, **L'impatto delle politiche e dei programmi europei sullo sviluppo della società multiculturale e dello status sociale delle comunità minoritarie in Repubblica di Macedonia**, во превод Импактот на европските политики и програми врз развојот на мултикултуралното општество и врз социјалниот статус на немнозинските заедници во Македонија, 8.11.2010, Универзитетот во Болоња, во конзорциум со Универзитетот од Пиза, Италија.

Предмет на докторското истражување на д-р Јорданка Галева е моделот на мултикултурално општество и степенот на социјален развој на немнозинските заедници во Македонија, пред и по имплементацијата на европските политики и програми за демократска стабилизација, односно на политиките кои произлегуваат од Договорот за стабилизација и асоцијација и од Охридскиот рамковен договор, како и на програмите за нивно имплементирање во делот кој се однесува на малцинските права. Целите на истражувањето се: да се види кој модел на мултикултурално општество, македонскиот Устав промовира по усвојувањето на начелата на Охридскиот рамковен договор и кој е импактот на европските политики и програми врз социјалниот статус на немнозинските заедници во Македонија. Хипотезата поставена во ова истражување е дека имплементацијата на гореспоменатите европски политики и програми кои се однесуваат на заштитата на малцинствата имаат битно влијание врз консолидација на мултикултуралното општество и врз развојот на социјалниот статус на малцинствата во Македонија, додека потхипотезата е дека развојот на социјалниот статус на малцинските заедници, како и развојот на мултикултуралното општество најмногу зависи од правото на *кооддлучување*, кое малцинските заедници се обврзани да го користат при усвојувањето на политичките одлуки поврзани со мултикултуралните прашања.

Теоретската рамка на која се потпира ова истражување испреплетува и развива три клучни прашања и тоа: односот помеѓу развојот и демократијата, помеѓу демократијата и мултикултурализмот и помеѓу развојот и мултикултурализмот.

Врската на овие три односи, практично е анализирана преку студијата на случај на ова истражување, односно мултикултуралното демократско општество на Република Македонија. Што се однесува до методолошкиот пристап, во истражувањето се користени дескриптивниот, компаративниот и квалитативниот метод. Дескриптивниот метод е користен за опис на периодот во делот кој се однесува на политичкиот и социјален статус на малцинствата во Македонија. Компаративниот метод е користен за споредување на ефикасноста на законите кои се однесуваат на правата на малцинствата и нивниот политички и социјален статус, пред и по имплементацијата на европските реформи, додека квалитативниот метод е користен за анализа на документи, законска регулатива, како и на европските и национални извештаи по однос на прашањето што е предмет на анализа. Покрај овие методи, авторката во истражувањето, во обем потребен за тоа, успешно се служи и со други методи, но посебно со аналитичкиот и синтетичкиот метод. Целта на ова истражување е да се увиди: колку демократијата (сфатена како систем кој гарантира еднакви права на сите и права за заштита на малцинствата) може да влијае врз развојот на едно мултикултурално општество и како тој развој придонесува до индивидуален развој на малцинствата, односно до подобрување на нивниот социјален статус и кои се резултатите од тоа подобрување, како на индивидуално така и на општо ниво. Водејќи се од оваа цел истражувањето се води од четири клучни поими, и тоа: соработката, демократијата, мултикултурализмот и развојот кои се дефинирани на следниот начин: терминот соработка во оваа студија се однесува на односите помеѓу Европската Унија и Македонија во областа на имплементирање на Договорот за стабилизација и асоцијација, односно програмите КАРДС и на начелата од Охридскиот рамковен договор, со посебен осврт на програмите за заштита на малцинствата, кои потекнуваат од овие договори и на европската поддршка за нивна реализација; поимот за демократија во ова истражување се фокусира на слободата и правото на партиципирање на граѓаните во секој сегмент на политичкиот и социјалниот живот, без дискриминација на етничка, јазична и религиозна основа. Во овој контекст е анализирана правната, односно македонската уставна и законска регулатива пред и по имплементирањето на горенаведените програми, кои имаат за цел да ја обезбедат заштитата на малцинствата, како еден клучен сегмент за обезбедување и консолидација на демократијата во едно мултикултурално општество; поимот мултикултурализам, во ова истражување, се однесува на моделот на мултикултурално општество во Македонија, во кое постојат и се признаени културните разлики врз основа на етничка, јазична и религиозна припадност; терминот развој, пак, се однесува и се фокусира на социјалниот развој на малцинските заедници, сфатен и измерен преку серија индикатори кои се однесуваат на вработувањето (односно раст на социјален капитал), на образованието (т. е. човечки капитал и квалификација на високо образование) и на политичката партиципација (односно учество во донесување на одлуки битни за развој на овие заедници).

Истражувањето е поделено на две големи целини. Во првата целина или дел на истражувањето анализата е фокусирана на правната нормативa за заштита на малцинствата на меѓународно и на национално ниво, со цел да се види компатибилноста и степенот на заштита на малцинствата во Македонија. Импактот на европските политики и програми врз нормативната рамка на Македонија, пак, се оценува преку моделот на мултикултурално општество кое се креира во Македонија, по усвојувањето на амандманите од 2001, односно начелата

на Охридскиот рамковен договор. Во втората целина односно во вториот дел на трудот, истражувањето е изведено преку анализа на три индикатори, искористени за мерење на социјален стаус на малцинствата и тоа: политичка партиципација во политичкото одлучување, застапеност во јавната администрација, т. е. степен на интегрираност во јавната сфера, како и застапеност во образованието, односно степен  на лична продуктивност. Од добиените резултати на ова истражување, авторката извлекува заклучок со кој ја поткрепува хипотезата, односно со кој се одговара на претпоставката дека европските политики и програми доведоа до консолидација на мултикултуралното општество, креирајќи посебен модел на распознавање на мултикултурално општество и дека имаа позитивен импакт врз развојот на социјалниот статус на малцинските заедници во Македонија. Вооедно, од анализата се заклучува дека развојот на мултикултуралното општество и развојот на малцинските заедници, како што е сфатен во ова истражување, се должи на правото *кооддлучување* (Бадинтерово правило).

**Магистерски тези**

- Jordanka Galeva, **La cooperativa agricola come soggetto socio-economico (Aprofruit Italia),** во превод Земјоделската кооператива како социо-економски субјект (Апофруит Италија), 17.10.2005, Економски факултет, Универзитетот во Болоња.

Предмет на магистерскиот труд на тема *Земјоделската кооператива како социо-економски субјект (Апофруит Италија)* е земјоделската кооператива како социо-економски субјект. Авторката како студија на случај во своето истражување и анализа ја зема земјоделската кооператива Апо Фруит Италија. Во првиот дел од трудот е направен историски осврт на феноменот кооперација, додека во вториот дел е даден детален опис на организацискиот и управен систем на земјоделската кооператива, како и нејзиниот трговски однос со клиентите. Во третиот дел на анализата, авторката се задржува конкретно на придонесот кој кооперативата го има од економски и од социјален аспект, односно како економски субјект учесник на пазарот и како социјален субјект кој ги претставува интересите на кооперантите. Во заклучокот авторката ги издвојува причините за успех на ваквиот модел на трговско друштво кое опстојува и во моменти на економски кризи.

- Jordanka Galeva, **La diplomazia internazionale e questione macedone dal Congresso di Vienna 1814-1815 alle guerre balcaniche 1912-1913,** во превод Меѓународната дипломатија и македонското прашање од Виенскиот конгрес (1814-1815) до Балканските војни (1912-1913), 20.7.2004, Факултетот за политички науки „Роберто Руфили“ Универзитетот во Болоња.

Предмет на дипломскиот/магистерскиот труд *Меѓународната дипломатија и македонското прашање од Виенскиот конгрес (1814-1815) до Балканските војни (1912-1913)* е меѓународната дипломатија и македонското прашање од Конгресот на Виена (1814-1815) до Балканските војни (1912-1913). Трудот е поделен на три големи целини. Во првиот дел авторката го опфаќа периодот од Виенскиот конгрес, периодот на раѓање на балканските национални држави и третата источна криза, ставајќи акцент на интересите на големите сили, политиката на балканските држави и македонското прашање. Во втората целина од истражувањето се однесува конкретно на сите билатерални и мултилатерални договори склучени од големите сили и од балканските држави во кои се третира македонското прашање. Во третата целина на истражувањето акцентот е ставен врз будењето на националната

свест и борбата за национален македонски идентитет и политичка независност во целокупниот период. Во заклучокот авторката дава одговор на прашањата зошто е комплексно македонското прашање и зошто процесот на формирање на самосвест е бавен, наведувајќи го сплетот на стратешки интереси и на пропагандистичката политика на балканските земји.

**V. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

**Учесник на научни проекти**

66. NEWAVES – Collaborative Alliance for Radio Recovery and Boost of Community News Media in Low-density Territories funded by European Commission, 2023- https://eprints.ugd.edu.mk/33438/

67. Strengthening Quality News and Independent Journalism in the Western Balkans and Turkey II, funded by the European Commission, Lead: BIRN and University Goce Delcev, Stip, 2023-https://eprints.ugd.edu.mk/33152/

**Пленарно предавање на стручен собир**

68. Jordanka Galeva, Plans for developing a new Master in investigative journalism: needs, goals, plan of action and expected results, workshop: Developing a Roadmap for MA Program(s) in Investigative Journalism in the West Balkans & Turkey, Democracy Institute, Central European University, 16-17.11.2023, Budapest, Hungary https://eprints.ugd.edu.mk/33028/

**Раководител на катедра/оддел/центар**

69. Раководител на Катедра за меѓународна научна конференција на Правен факултет - Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Член на факултетски орган, комисија**

70. Член на Наставно-научен совет на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, од 2020 година – тековно.

71. Член на комисии за оцена и одбрана на дипломски и магистерски трудови.

**Член на институтски орган, комисија**

72. Член на комисија за ораторска вечер за 2022 г.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата со задоволство ги прегледа доставените документи на кандидатката д-р Јорданка Галева, како и објавените научни и стручни трудови, монографијата, учествата на меѓународни научни конференции, активности од научноистражувачки проекти, стручно-апликативна и организациска, наставна и воннаставна работа. Врз основа на севкупната нејзина активност од изборот во доцент на единицата до денес, Комисијата заклучи дека д-р Јорданка Галева ги исполнува условите за избор во наставно звање вонреден професор во областите новинарство (5.08.00.01) и меѓународни односи и меѓународни организации (5.05.00.13), согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. За целокупната активност во периодот од избор во доцент до денес, кандидатката д-р Јорданка Галева има по основ на

научноистражувачка работа, наставно-образовна работа и стручно-апликативна, односно организациска работа, остварено (НО30+НИ306+САОР25 = 361) вкупно 361 поен. Според погоре изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно- научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, **д-р Јорданка Галева** да биде избрана **во звање вонреден професор во научните области новинарство (5.08.00.01) и меѓународни односи и меѓународни организации (5.05.00.13).**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Јован Ананиев, претседател, с.р.
Проф. д-р Андон Мајхошев, член. с.р.
Проф. д-р. Ана Никодиновска-Крстевска, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р . бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Монографија или научна книга | 1 (бр.1) | 10 | | | 10 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | Прв автор - 16 (16x9) (бр. 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9,10,12, 13, 14, 15, 16, 18, 19, 20)<br>Втор автор - 3 (3x6) (бр. 5, 11, 17) | | | | 144<br>18<br>162 |
| | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 1 (бр. 24) | 3 | | | 3 |
| | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 10 (бр.27-33, 35, 37, 38) | 2 | 5 (бр. 25, 26, 36, 39, 40) | 4 | 50 |
| | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | 1 (бр. 42) | 2 | 1 (бр. 41) | 3 | 5 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | 2 (бр.44, 46) | 1,5 | 2 (бр.43, 45) | 2 | 7 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | Раководител на научен проект | 3 (бр. 47- 49) | 6 | | | 18 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3 (бр.50 - 52) | 2 | | | 6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Уредник на зборник на трудови | 8<br>(бр. 53 - 60) | 2 | | | 16 |
| | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 5<br>(бр.61- 65) | 1 | | | 5 |
| | Рецензент на научен труд (СЦИ/ ЦА/ останати) | 24 | 1 | | | 24 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **306** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | | 2<br>(бр.66, 67) | 8 | 16 |
| | Пленарно предавање на стручен собир | | | 1<br>(бр.68) | 4 | 4 |
| | Раководител на катедра/оддел/центар | 1<br>(бр.69) | 3 | | | 3 |
| | Член на институтски орган, комисија | 1<br>(бр.71) | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **25** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **361** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ДИПЛОМАТИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-126/8 од 8.7.2024 година донесена на 313. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 8.7.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област меѓународни односи и дипломатија на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 26.6.2024 година и во предвидениот рок со комплетна документација се пријави д-р Анета Стојановска-Стефанова, доктор на политички науки, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

Врз основа на приложената комплетна документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Анета Стојановска-Стефанова е родена на 28 јануари 1982 година во Штип. Основно образование завршила во Основно училиште „Димитар Влахов“ – Штип каде во 1996 година е прогласена за најталентиран ученик на својата генерација.

Средно образование завршила во гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип со одличен успех, каде била главен и одговорен уредник на средношколскиот весник „Мотив“. За време на средношколскиот период била потпретседател на Унијата на средношколци на Македонија. За време на основното и средното образование добитник е на бројни литературни награди за проза и поезија.

Образованието го продолжува како редовен студент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на отсекот за политички науки, каде дипломирала со просечна оценка 9.32 и се стекнала со звање дипломиран политиколог.

За време на студирањето била стипендијант на германската фондација „Конрад Аденауер“ и практикант во Собранието на Република Македонија преку Програмата на американскиот Национален демократски институт (НДИ).

На постдипломски студии се запишала на Факултетот за политички науки и дипломатија при Универзитетот ФОН во Скопје, на насоката – меѓународна и европска политика и дипломатија, а студиите ги завршила со просечна оценка 9.75. Успешно го одбранила магистерскиот труд „*Уставно-правните и политичките аспекти на надворешната политика со посебен осврт на искуствата на Република Македонија*“ под менторство на проф. д-р Димитар Мирчев и се стекнала со научен назив магистер на политички науки, област европска и меѓународна политика и дипломатија.

На докторски студии се запишала на Правниот факултет во Штип, насока – политички науки - политички системи, а студиите ги завршила со просечна оценка 10. Успешно ја одбранила докторската дисертација „Признавањето на државите во меѓународното право и меѓународните односи“ под интерно менторство на проф.

д-р Јован Ананиев и екстерно менторство на проф. д-р Панде Лазаревски и се стекнала со научен назив доктор на политички науки.

Во 2015 година била избрана во асистент - докторанд на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (УГД) на Факултетот за туризам и бизнис логистика, во научната област меѓународни односи и историја на дипломатијата.
Во 2019 година била избрана во наставно-научно звање доцент на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (УГД) на Факултетот за туризам и бизнис логистика, во научните области политички системи и меѓународни односи и историја на дипломатијата.

Во 2020 година била избрана за раководител на Катедрата за бизнис логистика на Факултетот за туризам и бизнис логистика (ФТБЛ) при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, а во 2023 година е реизбрана на истата позиција.

За научноистражувачка дејност на кандидатката говорат објавените трудови во релевантни научни списанија, книги, монографии и учебни помагала во земјата и странство.

Во научноистражувачката дејност д-р Стојановска-Стефанова е афирмирана преку учество и презентации на стручни трудови и научни истражувања на конференции, семинари, научни проекти и отворени трибини во земјава и странство.

Д-р Стојановска-Стефанова има голема стручно-апликативна и организациско-развојна дејност и преку учество во бројни научни проекти во земјава и странство. Кандидатката има резултати и искуство во наставната дејност, како и во подготвување на наставен и научноистражувачки подмладок.
Во текот на наставата, кандидатката внесува современ пристап во предавањата, поттикнува интерактивност и активна вклученост на студентите во дискусии поврзани со предметната програма.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

I. **Општи услови за избор:**

1. **Просечен успех**

Кандидатката д-р Анета Стојановска-Стефанова има завршено прв циклус студии со просечна оценка 9,32, втор циклус студии со просечна оценка 9,75 и трет циклус студии со просечна оценка 10.

2. **Научен степен - магистер, доктор на науки од научната област за која се избира**

Кандидатката е доктор на политички науки од соодветната научна област за која се избира, меѓународни односи и дипломатија, врз основа на успешно одбранетата докторска дисертација на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип, со наслов *„Признавање на државите во меѓународното право и меѓународните односи“*.

Исто така, кандидатката претходно има стекнато и научен степен магистер на политички науки, област европска и меѓународна политика и дипломатија, на

Факултетот за политички науки и дипломатија при Универзитетот ФОН во Скопје, на насоката – меѓународна и европска политика и дипломатија, каде успешно го одбранила магистерскиот труд *„Уставно-правните и политичките аспекти на надворешната политика со посебен осврт на искуствата на Република Македонија“.*

3. **Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на објавување на трудот во списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija | Covid-19 pandemic as a challenge for redefining tools in diplomacy and international relations. | Knowledge - International Journal, 57 (1). pp. 133-137. ISSN 1857-923X / 2545-4439 (Online) (EBSCO) | (2023) |
| 2. | **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdincheva-Shopova, Marija and Koteski, Cane and Jovevska, Svetlana | Uncovering the challenges: post-covid analyses of the state policies, health measures and diplomatic initiatives to boost tourism. | Knowledge - International Journal, 61.1. pp. 47-52. ISSN 2545-4439 / 1857-923X (EBSCO) | (2023) |
| 3. | **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina | Human Rights Derogation in Times of Emergency of Covid-19. | IAI Academic Conference Proceedings pp. 10-19. ISSN 2671-3179 | (2021) |
| 4. | **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina and Magdinceva-Sopova, Marija | State sovereignty in international relations. | Knowledge - International Journal for Scientific Papers, 45 (5). pp. 975-980. ISSN 1857-923X / 2545–4439 printed (EBSCO) | (2021) |
| 5. | **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina and Magdinceva Sopova, Marija | Challenges and perspectives of the UN on the future of multilateralism. | Iustinianus Primus Law Review, 12 (1). pp. 1-9. (EBSCO) | (2021) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina | The impact of the coronavirus crisis on climate action: lessons learned for the governments. | Political Consequences of the Pandemic, The Serbian Political Science Association Annual Conference Proceedings. pp. 275-288. ISSN 978-86-6425-081-8 | (2021) |
| 7. | **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija | The impact of Covid-19 on world tourism. | Tourism challenges amid Covid-19 (TISC 2021) – Thematic proceedings, 6 (1). p.p.78-93. ISSN 978-86-89949-53-7 (EBSCO) | (2021) |
| 8. | **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija | Дипломатијата – најдобро средство за зачувување на мирот во услови на современа политика. | Knowledge - International Journal for Scientific Papers. pp. 1077-1083. ISSN 1857-923X (EBSCO) | (2020) |
| 9. | **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina | The Mass Media Freedom in a State of Emergency: Infodemic vs. COVID-19 Pandemic. | SEEU Review: Challenges and Perspectives of Covid - 19, 15 (1). pp. 44-59. ISSN 1857-8462 (EBSCO) | (2020) |
| 10. | **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija | Digital diplomacy as a form of change management in international relation in times of Covid-19. | Knowledge - International Journal for Scientific Papers. pp. 1069-174. ISSN 2545-4439 (EBSCO) | (2020) |
| 11. | **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina and Magdinceva Sopova, Marija | The States in Digital Era: Internet Governance and Improving E-Democracy | International Academic Journal, 1 (1). pp. 51-56. ISSN 2671-3748 | (2020) |
| 12. | **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Aleksoski, Ognen and Magdinceva Sopova, Marija | E-government and digital public services: The Macedonian case of digitalization | SocioBrains, International scientific refereed online journal, 7 (74). pp. 35-52. ISSN 2367-5721 | (2020) |

4. **Претходен избор во звање**

Со Одлука бр. 2102-386/3 на 18.12.2019 година, д-р Стојановска-Стефанова е избрана за доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област политички системи и меѓународни односи и историја на дипломатија, донесена на 217. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

5. **Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик**

Кандидатката има приложено Сертификат за познавање на англиски јазик Cambridge English, издаден од овластена институција регистрирана за странски јазици, а има напредни познавања и од германскиот јазик.

6. **Способност за изведување на високообразовна дејност**

Кандидатката во изминатите пет академски години од 2019 до 2024 г. (во зимски и летен семестар), работи како доцент на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии на ФТБЛ и на Правен факултет во Штип при УГД на првиот циклус студии на студиската програма International Law and international relations каде наставата се изведува на англиски јазик.

Врз основа на донесени одлуки за ангажирање на наставници и соработници на Факултетот за туризам и бизнис логистика и Правниот факултет при УГД, кандидатката д-р Стојановска-Стефанова има способност за изведување на високообразовна дејност.

Реализирала настава на Факултетот за туризам и бизнис логистика и на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, каде покрај предавањата ги упатувала студентите во подготвување и совладување на испитната материја и литература, учествувала во работата на телата и органите на Факултетот за туризам и бизнис логистика, а одржувала и консултации со студентите поврзани со наставата на прв, втор и трет циклус студии.

Доцент д-р Стојановска-Стефанова во последните пет години била ментор на голем број дипломски трудови и е ментор на една магистратура, со што исто така дала свој значаен придонес во стручното и научното усовршување на студентите. Исто така, кандидатката била претседател и член на комисии за јавна одбрана на дипломски трудови.

II. **Посебни услови:**

1. **Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД**

Кандидатката го исполнува условот согласно Правилникот за најмалку една рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област и практикум со вежби од истиот предмет, кои се објавени во е-библиотеката на УГД. Имено, последните пет години (од последниот избор) кандидатката има издадено позитивно рецензирани скрипта и практикум и тоа:

- **Стојановска-Стефанова, Анета** (2021). *Меѓународни односи и дипломатија - скрипта.* ISBN 978-608-244-852-7 Универзитет „Гоце Делчев“, (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/1025, DOI: https://www.doi.org/10.46763/9786082448527, ISBN 978-608-244-852-7
- **Стојановска-Стефанова, Анета** (2021). *Меѓународни односи и дипломатија - практикум.* ISBN 978-608-244-853-4 Универзитет „Гоце Делчев“, (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/1026, DOI: https://www.doi.org/10.46763/9786082448534, ISBN 978-608-244-853-4

2. **Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати**

Кандидатката се истакнува и во афирмација на научноистражувачката мисла преку објавување на научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации и бележи значајни постигнувања во примената на истражувачките резултати.

Во 2021 година кандидатката била член на проектниот тим „Аеродром - родово одговорна општина“ - проект за унапредување на родовата еднаквост во

сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирање на политики и буџети за остварување на еднакви можности на мажите и жените, во организација на Македонски институт за европски студии Скопје. Во 2022 година кандидатката била член и на проектниот тим на проектот „Родово одговорно училиште" - проект за унапредување на родовата еднаквост преку намалување на родовите стереотипи и предрасуди во општинските основни училишта во Општина Аеродром организиран од Македонски институт за европски студии Скопје. Учесник е и во Универзитетскиот проект „Фразеологизмите како јазична, книжевна и културолошка нишка во наставата по македонски и по странски јазик", организиран од Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" -Штип, кој започнал да се реализира во јуни 2023 година и ќе трае до јуни 2025 година.

Кандидатката е член и обучувач во наставно-научниот проект „Центар за обука и стручно оспособување на кандидати за полагање на стручен испит за возачи и управители" на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип на Катедрата за бизнис логистика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (од 2015 година – тековно). Доцент д-р Анета Стојановска- Стефанова учествува и во проектот „Тур ре Тур" на Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД за организирање на сертифицирана настава за профилирање на стручни лица од областа на туризмот.

3. **Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници**

Д-р Анета Стојановска-Стефанова соработувала со повеќе помлади наставници и соработници од ФТБЛ. Д-р Стојановска-Стефанова има резултати и искуство во наставната дејност, како и во подготвување на наставен и научно-истражувачки подмладок. Реализирала настава на Факултетот за туризам и бизнис логистика и на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, каде покрај предавањата ги упатувала студентите во подготвување и совладување на испитната материја и литература, учествувала во работата на телата и органите на Факултетот за туризам и бизнис логистика, а одржувала и консултации со студентите поврзани со наставата на прв, втор и трет циклус студии. Во текот на наставата, кандидатката внесува современ пристап во предавањата, поттикнува интерактивност и активна вклученост на студентите во дискусии поврзани со предметната програма. Во научноистражувачката дејност д-р Стојановска-Стефанова е афирмирана преку учество и презентации на стручни трудови и научни истражувања на конференции, семинари, научни проекти и отворени трибини во земјава и странство. Кандидатката била вклучена како рецензент на публикации од издавачка дејност, а била и во состав на меѓународни организациски и програмски комитети за меѓународни конференции и студентски симпозиуми на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Исто така нејзиниот придонес се согледува и од нејзините менторства на студенти од додипломски и постдипломски студии во рамките на наставно-образовната дејност, како и нејзиниот придонес во рецензирање на научни трудови.

4. **Потребен минимум поени**

Од увидот во приложените документи констатиравме и дека кандидатката има остварено минимум на потребни поени кои се однесуваат на целокупната актива: (НО)=30; (НИ)=347; (САОР)=74 или вкупно 451 поен.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова има потврдена способност за изведување на високообразовна дејност, врз основа на одлуки за ангажирање на наставници и соработници на Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД, за периодот од 2019 до 2024 г., за зимски и летен семестар и претходно во ангажманот како универзитетски асистент докторанд од академската 2014/2015 г. до академската 2018/2019 година.

На Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД, кандидатката во последните пет години реализирала предавања на студиските програми Бизнис логистика и Бизнис администрација во наставните центри на УГД во Штип, Скопје и Гевгелија, и тоа на прв циклус студии по предметите: Меѓународни односи и дипломатија, Меѓународни договори, Право на Европска Унија, Политички системи и уставно уредување, Односи со јавноста, Договори од меѓународен промет, Меѓународен транспорт и шпедиција и Практична настава во втор и четврти семестар.

На Правниот факултет во Штип при УГД, доц. д-р Стојановска-Стефанова реализирала предавања по предметот International relations theories (Теории за меѓународни односи) на студиската програма на англиски јазик International law and International relations (Меѓународно право и меѓународни односи) на прв циклус студии.

На втор циклус студии на студиските програми Бизнис логистика, Бизнис администрација и Меѓународен туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД, доц. д-р Анета Стојановска – Стефанова е ангажирана за реализирање на наставата за предметите: Меѓународна бизнис дипломатија, Современа дипломатија, Меѓународни односи, Мултилатерална трговска регулатива, Дипломатија во глобализираните односи, Обединети нации и глобално управување, Лидерство и односи со јавност, Политики за родова еднаквост, Европско транспортно право и Меѓународни односи и туризам.

На трет циклус студии кандидатката е ангажирана за реализирање на предметот Туристичка валоризација на студиската програма Туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

Кандидатката била ментор на многу дипломски трудови, член или претседател на комисија за комисиско полагање на завршен испит (дипломски труд), а е ментор и на кандидат на вториот циклус студии, што претставува потврда за придонесот во оспособувањето на млади истражувачи. Нејзиниот научен интерес е од областа на меѓународните односи и дипломатијата.

Публикациите, трудовите и насловите кои кандидатката ги има публикувано се прикачени на платформата на е-репозиториумот на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Трудовите, пак, кои се објавени во индексирани списанија и во меѓународни научни списанија, учебните помагала и книги и монографии во земјата и странство кои се постари од пет години од последниот избор на кандидатката во наставно-научно звање доцент, се презентирани и научно евалуирани во Рефератот од Рецензентската комисија кој е објавен во Универзитетскиот билтен во 2019 година и се достапни во универзитетскиот репозиториум.

**Учебни помагала:**

За потребите на наставата, д-р Стојановска-Стефанова по изборот во доцент има издадено позитивно рецензирани скрипта и практикум, кои се достапни во

е-библиотеката на Универзитетот и тоа:

1. **Стојановска-Стефанова, Анета** (2021). *Меѓународни односи и дипломатија - скрипта.* ISBN 978-608-244-852-7.

Скриптата „Меѓународни односи и дипломатија“ е подготвена според стандардната методологија за изработка на ракописи во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Исто така, обемот и содржината на ракописот ги задоволуваат критериумите и одредбите за бројот на часови според погоре наведениот Правилник. Материјалот во овој ракопис е поделен на десет тематски поглавја кои се предвидени со наставната програма по предметот „Меѓународни односи и дипломатија“. Ракописот е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Скриптата е создадена за да им помогне на студентите во совладување на наставната материја по истоимениот предмет. Структурирана е со цел полесно да ги воведе студентите во дисциплината, разјаснувајќи ги сите актери кои се значајни за функционирањето на меѓународните односи. Скриптата има за цел да им помогне на студентите да се запознаат концептите за водење на меѓународната политика кај државите и да се усвои релевантен вокабулар за теориите за водење на меѓународни односи и примената на дипломатијата.

2. **Стојановска-Стефанова, Анета** (2021). *Меѓународни односи и дипломатија - практикум.* ISBN 978-608-244-853-4.

Практикумот „Меѓународни односи и дипломатија“ е подготвен според стандардната методологија за изработка на ракописи во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Исто така, обемот и содржината на ракописот ги задоволуваат критериумите и одредбите за бројот на часови според горенаведениот Правилник. Материјалот во овој ракопис е поделен на десет тематски поглавја кои се предвидени за обработување на часовите по вежби на студентите по предметот „Меѓународни односи и дипломатија“, со цел поттикнување на аналитички вештини кај студентите и теоретско-практичен приказ на изучената материја. Практикумот е создаден за врз основа на стекнатите знаења да им овозможи примена на студентите на концептите, речникот и теориите, со цел да се анализираат актуелни прашања со кои се соочуваат лидерите и општествата во современиот свет.

Во време од пет години од последниот избор во звање доцент, кандидатката Анета Стојановска-Стефанова има издадено публикации, монографии, научни книги и учебници, во земјата и странство, кои имаат научно-истражувачка, но и стручно-апликативна примена и е учесник во национални научноистражувачки проекти.

**Кандидатката е автор на следните позитивно рецензирани научни книги во земјава и странство:**

3. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2023). *Прирачник за родова застапеност во институциите основани од Општина Гевгелија.* Manual. Печатница „2-ри Август“ - Штип.

Вклучувањето на родовите аспекти во планирањето и организирањето на локалните политики е од суштинско значење за обезбедување на човековите права и социјалната правда за жените и за мажите. На локално и национално ниво потребно е да се создадат предуслови

за имплементирање на правата за еднаквост во сите области, како и да се преземе обврска за отстранување на сите форми на дискриминација. Правото на еднаквост помеѓу жените и мажите бара од локалните заедници да преземат соодветни стратегии, со цел да се промовира еднаква застапеност и учество на мажите и жените во процесот на донесување одлуки. Со таа цел, а во согласност со законската регулатива, локалните заедници, вклучително и Општина Гевгелија изработуваат акциски планови и програми за родова рамноправност. Прирачникот за родова застапеност во институциите основани од Општина Гевгелија е наменет првенствено за согледување на реалната состојба за застапеноста на жените и мажите во институциите основани од Општина Гевгелија, а основна цел е да им помогне на носителите на одлуки и во креирањето на политиките и програми на локално ниво да носат родово избалансирани одлуки. Се очекува овој Прирачник да биде од помош во подигнување на нивото на родовата сензитивност во институциите основани од Општината Гевгелија, но и генерално на територија на општината.

4. **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina (2024). *Lessons Learned From Covid-19 Combat Applicable On Climate Change.* Lap Lambert Academic Publishing. ISBN 978-620-7-45725-0

Книгата има за цел да ја анализира врската помеѓу пандемијата ковид-19 и климатските промени, односно степенот на влијанието на ковид-19 врз климатските промени и можностите за одговор од страна на надлежните органи со соодветни политики во справувањето со климатските промени, како резултат на научените лекции од справувањето со пандемијата во текот на првата година од нејзиниот почеток. Книгата прави анализа на заканата од климатските промени која е невидлива, но еволуира постепено и не се чувствува подеднакво во просторот и времето на глобално ниво. Недостатокот на непосредна видливост на климатските промени во секојдневниот свет укажува дека луѓето нема да дејствуваат за да се справат се додека опасностите не се видат веднаш, а потоа ќе биде предоцна за каква било акција на човекот да биде ефективна. За разлика од климатските промени, штетата предизвикана од ковид-19 го допре секој поединец и загубата на човечки животи создаде чувство на итност. Пандемијата создаде глобална криза во јавното здравство, што е видлива опасност што го условува нашиот краткорочен опстанок. Книгата покрај основното издание на англиски јазик, е објавена и на германски, француски, италијански, руски, шпански и португалски јазик.

5. **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina (2024). *Lehren aus dem COVID-19-Kampfeinsatz gegen den Klimawandel.* Verlag Unser Wissen. ISBN 978-620-7-44463-2

Пандемијата на ковид-19 е еден од најголемите предизвици со кој се соочија општествата во современата историја. Кризата предизвика силно влијание врз здравствените системи и врз економијата во глобални рамки, чии ефекти се очекува да се чувствуваат многу години и по завршувањето на пандемијата. Иако на прв поглед делува дека пандемијата на ковид-19 нема многу заеднички карактеристики со климатските промени во светот, сепак суштинската анализа укажува дека овие две појави се поврзани и се сериозни предизвици за човештвото. Книгата е реиздание со превод на германски јазик на англиската верзија на истоимената книга.

6. **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina (2024). *Уроки, извлеченные из боевого применения COVID-19 в связи с изменением климата.* Sciencia

Scripts. ISBN 978-620-7-44468-7

Книгата ја анализира пандемијата од ковид-19 која предизвика глобален проблем во март 2020 година и искуствата кои ги стекнаа државите, а кои се примениви и за справување со климатските промени. Книгата нагласува дека пандемијата не е само грижа за здравствените системи, туку и предизвик што влијае на секој сегмент од општеството. Меѓународната научна заедница сугерираше и дека пандемии може да се случуваат почесто со пократки интервали во иднина. Следствено, превенцијата и меѓународната соработка не се обични опции, туку тие се апсолутни потреби. Итноста и брзината на дејствување се исто толку клучни, колку и потребата да се мобилизираат ресурси во значителен обем. Книгата е реиздание со превод на руски јазик на англиската верзија на истоимената книга.

7. **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina (2024). *Enseignements tirés de la lutte contre la pandémie COVID-19 Applicable au changement climatique*. Editions Notre Savoir. ISBN 978-620-7-44465-6

Оваа книга има за цел да ја анализира врската помеѓу пандемијата од ковид-19 и климатските промени. Поточно, книгата го истражува степенот на влијанието на ковид-19 врз климатските промени и ги испитува можностите за одговор од страна на надлежните органи преку соодветни политики за справување со климатската промена. Овие сознанија се извлечени од лекциите научени во текот на првата година од справувањето со пандемијата. Книгата е реиздание со превод на француски јазик на англиската верзија на истоимената книга.

8. **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina (2024). *Lecciones aprendidas de COVID-19 Combate aplicable al cambio climático*. Ediciones Nuestro Conocimiento. ISBN 978-620-7-44464-9

Книгата прави преглед на влијанието на климатските промени врз државите во периодот од 2020 до 2022. Книгата фрла дополнително светло врз политиката за донесување одлуки и законодавството на Европската унија (ЕУ), за тоа како да се направи ефикасен општествен одговор на климатските промени во земјите на ЕУ и да се развие мултилатерална соработка со земји кои не се членки на Унијата. Книгата ќе појасни дека ЕУ е решена да помогне во подигнувањето на глобалните амбиции и преку климатската дипломатија и иницијативите за соработка, да изгради политичка волја и доверба за унапредување на глобалната акција, да обезбеди ефективност на развојната соработка и да изгради капацитет за поддршка на земјите партнери во нивните напори. Книгата е реиздание со превод на шпански јазик на англиската верзија на истоимената книга.

9. **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina (2024). *Lezioni apprese dalla lotta al cambiamento climatico COVID-19*. Edizioni Sapienza. ISBN 978-620-7-44466-3

Книгата презентира теоретско-описна анализа на научените лекции за владите поради пандемијата предизвикана од ковид-19 (коронавирус) што има влијание врз климатските промени. Владите преземаа широк спектар на мерки како одговор на појавата на ковид-19. Многу климатски истражувачи се оптимисти дека оваа смртоносна пандемија ги научила владите ширум светот, на некои критични лекции што можат да ги применат во справување со проблемот со емисии на $CO_2$ и зголемените температури. За владите останува голем предизвик да се осигура дека закрепнувањето по пандемијата има зелен фокус. Книгата е реиздание со превод на италијански јазик на англиската верзија на истоимената книга.

**10. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina (2024). *Lições aprendidas com o combate à COVID-19 aplicável às alterações climáticas.* Edições Nosso Conhecimento. ISBN 978-620-7-44467-0

Книгата ја анализира појавата на пандемијата ковид-19 и климатските промени кои предизвикаа глобално нарушување, што ги надминува границите на државите и ги загрозува животите на милиони луѓе. Тие се мултипликатори на ризик кои ги влошуваат нееднаквостите и несразмерно ги погодуваат најранливите категории, секој на свој начин. Ковид-19 и климатските промени претставуваат глобални здравствени закани. Климатските промени и губењето на биолошката разновидност, исто така, го зголемуваат ризикот од идни пандемии со загрозување на кревкоста на светските екосистеми. Се смета дека климатските промени се потешки за надминување дури и од пандемијата ковид-19. Затоа книгата во својот фокус ги има лекциите научени во справувањето со пандемијата, кои се применливи на справувањето со климатските промени. Постпандемискиот свет во привидна нормалност се очекува да обезбеди ефективни вакцини, можеби соодветна терапија и протоколи за лекување. Сепак, климатската стабилизација бара потрајни трансформации кои треба да се спроведат долго пред климатските промени да достигнат катастрофални размери. Книгата е реиздание со превод на португалски јазик на англиската верзија на истоимената книга.

11. Marolov, Dejan and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2023). *Macedonian Foreign Policy: From Disintegration to Integration.* Cambridge Scholars Publishing. ISBN 1-5275-1257-6

Книгата има теоретски осврт за разбирање на современите македонски политички настани низ нејзината историја, како и сеопфатна анализа на настаните во периодот од раните 1990-ти кои доведоа до создавање на независна Република Македонија. Анализата ја прикажува и улогата на македонската политичка елита во создавањето на независна Република. Посебен сегмент од оваа книга се фокусира на надворешната политика и дипломатијата, што е значајно во сите настани што се случија во однос на младата република. Оваа книга е конципирана да може да се користи како дополнителен материјал за курсевите за меѓународно право, меѓународни односи и дипломатија и политички студии на универзитетите, како и за истражувачи и практичари од областа на меѓународната политика, особено оние кои се заинтересирани за политиката на Балканот.

**12. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija and Atanasoski, Drasko (2022). *Medidas estatais para o desenvolvimento do turismo macedónio moderno.* Edições Nosso Conhecimento. ISBN 978-620-4-90484-9

Во книгата авторите прават научен и теоретски осврт на државата како примарна организација на човештвото и на туризмот како еден од најбрзо растечките сектори во државите денес, со особено внимание и теоретски преглед на промоцијата на природните убавини во државата. Книгата нуди теоретски осврт и аналитичен преглед на активностите кои државата ги презема во насока на развој и промоција на туризмот како што се промоција на културниот, езерскиот, речниот туризам, спортски туризам, планинарење, археолошки туризам, вински туризам, религиозен туризам, зимски туризам, рурален туризам, екотуризам, конгресен туризам и др. Книгата е реиздание на португалски јазик, на истоимената книга „State measures for the development of the modern Macedonian tourism“ објавена од Lap Lambert Publishing во 2019 година.

**13. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija and Atanasoski, Drasko (2022). *Medidas estatales para el desarrollo del turismo moderno en Macedonia.* Ediciones Nuestro Conocimiento. ISBN 978-620-4-90481-8

Книгата покрај приказот на актуелните теми во областа на туризмот, дава и научно теоретски приказ на влијанието на државата за развој на македонскиот туризам. Книгата проучува како државата која располага со големи можности за привлекување на странски и домашни инвестиции може да создаде и нови работни места, а притоа и да ја подобри туристичката понуда. Книгата, помеѓу останатото, ги прикажува и македонските мерки во 2012 година за развивање на бесплатни форми за летување на определени социјални групи за семејства со социјален ризик. Книгата е реиздание на шпански јазик на истоимената книга.

**14. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija and Atanasoski, Drasko (2022). *Mesures d'État pour le développement du tourisme macédonien moderne.* Editions Notre Savoir. ISBN 978-620-4-90482-5

Современите тенденции во развојот на туризмот во светот покажуваат дека станува збор за појава која постојано добива нови вредности. Книгата дава приказ на зголемувањето на бројот на туристи кои се вклучуваат во оваа дејност и остварените приходи, како и појавата на нови даватели на услуги. Книгата ги прикажува и барателите на туристички услуги со различни афинитети, врз кои се темели селективноста во туристичкиот развој. Авторите даваат приказ и на специфичните видови туризам кои својата развојна основа ја наоѓаат во интерактивната основа меѓу унапредените и софистицирани барања на корисниците и услугите и расположливите можности за да се одговори на истите. Книгата е реиздание на француски јазик на истоимената книга.

**15. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija and Atanasoski, Drasko (2022). *Misure statali per lo sviluppo del moderno turismo macedone.* Edizioni Sapienza. ISBN 978-620-4-90485-6

Книгата во својот фокус го има туризмот како современ феномен. Денес туризмот се означува и како стил на живеење на поголем дел од населението во светот. Економските остварувања ја нагласуваат оваа дејност како „туристичка индустрија". Врз база на туристичкиот развој и вклученоста на бројни гранки и дејности, диференцирани се повеќе струки кои делуваат на оваа активност. Тие имаат непосредна улога во одвивањето на работниот процес. Успешното извршување на работата на диференцираните струки зависи од правилниот приод во нивното обликување. Тоа е причина туризмот да предизвика особено внимание кај стручната и научната јавност, чии истражувања и сознанија имаат фундаментален карактер. Сознанијата на оваа тема се пренесени на страниците на книгата, која е реиздание на италијански јазик на истоимената книга.

**16. Stojanovska-Stefanova,** Aneta and Magdinceva Sopova, Marija and Atanasoski, Drasko (2022). *Staatliche Maßnahmen zur Entwicklung des modernen mazedonischen Tourismus*. Verlag Unser Wissen. ISBN 978-620-4-90480-1

Стручната јавност го оценува туризмот како современ феномен, а улогата на државата за развој, поддршка и промоција на туризмот влијае на економскиот развој. Книгата на своите страници го анализира и развојот на туризмот, кој би овозможил потполна економска валоризација на природните потенцијали и би придонел за забрзување на вкупниот економски развој.

Авторите ги прикажуваат државните мерки за развој на современи форми на туризам, водејќи се од потенцијалите на државата. Книгата е реиздание на

германски јазик на истоимената книга „State measures for the development of the modern Macedonian tourism" објавена од Lap Lambert Publishing во 2019 година.

**17. Stojanovska-Stefanova,** Aneta and Magdinceva Sopova, Marija and Atanasoski, Drasko (2022). *Государственные меры по развитию современного македонского туризма.* Sciencia Scripts. ISBN 978-620-4-90486-3

Во книгата е направен теоретски приказ на современите форми на туризам, со акцент на значајната улога на државата во развој на македонскиот туризам. Книгата прави осврт на поимите туризам и социјална заштита, како и на придонесот и влијанието на државата за развој на новите форми за бесплатен туризам со цел подобрување на туристичката понуда, но и грижа и за ефикасна заштита на социјалните права на граѓаните. Во книгата е прикажана и типологија на туризмот. Статистичките или емпириските факти покажуваат дека над милијарда и триста илјади луѓе во текот на годината се вклучени во разни облици на домашен и меѓународен туризам. Книгата е реиздание на руски јазик на истоимената книга објавена на англиски јазик.

**18. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2021). *Crossroads Tourism: Policies for prosperity in the future.* Lap Lambert Academic Publishing. ISBN 978-620-4-20105-4

Оваа книга го прикажува ефектот на ковид-19 врз светскиот туризам во 2020 година. Авторите ги анализираат податоците од светските институции и организации поврзани со туризмот. Податоците на Светската туристичка организација на Обединетите нации, покажуваат дека 100 до 120 милиони директни работни места во туризмот беа загрозени како резултат на пандемијата. Конференција на Обединетите нации за трговија и развој предвиде загуба од 1,5 до 2,8 отсто од глобалниот БДП. Целта на авторите на истражувањето и на пишувањето на книгата е да се даде аналитичен приказ и опис на достапните податоци за тоа како туризмот бил погоден од ковид-19, како и да се дадат заклучоци за одговорите на политиките на државите и како земјите го поддржуваат закрепнувањето на туризмот.

**19. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2021). *Turismo De Cruzamento: Políticas Para A Prosperidade No Futuro.* Edições Nosso Conhecimento Publishing House. ISBN 978-620-4-06326-3

Туризмот обезбедува егзистенција за милиони луѓе. Тоа им овозможува на милијарди луѓе ширум светот повеќе да ја ценат сопствената, но и различните култури, како и природниот свет и природните богатства во своите држави. За време на пандемијата предизвикана од ковид-19, туризмот беше еден од најпогодените сектори и токму тоа е повод за авторите да ја сочинат оваа книга која прави анализа на влијанието на пандемијата и предизвиците за обнова и градење поотпорни заедници и бизниси преку иновации, дигитализација, одржливост и партнерства. Книгата претставува превод на португалски јазик и е реиздание на англиската верзија на книгата со истиот наслов.

**20. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2021). *Туризм На Перекрестках: Политика Для Процветания В Будущем.* Sciencia Scripts. ISBN 978-620-4-06341-6

Главната цел на книгата е да направи аналитичен преглед за ефектите врз секторот туризам кој беше силно погоден од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот ковид-19. Во книгата во делот за заклучни согледувања дадени се препораки за обнова на туризмот, патувањата и за справување со

економските ефекти. Книгата е реиздание на руски јазик на англиската верзија на книгата „Crossroads Tourism: Policies for prosperity in the future“ издадена од Lap Lambert Academic Publishing.

**21. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2021). *Car Carrefour Du Tourisme: Des Politiques Pour La Prospérité De L'avenir.* Editions Notre Savoir. ISBN 978-620-4-06339-3

Светот во 2020 година се соочи со здравствена, социјална и економска вонредна состојба преку појавата на пандемијата ковид-19, а секторот за патување и туризам беше еден од најпогодените. Мерките за социјална дистанца, поставените ограничувања на патувањето во практично сите земји од светот, значеа и откажување на резервациите и планираните патувања. Целта на оваа книга е да се анализира пандемискиот период и што влијаело за нарушувања на туризмот, а со тоа и на економиите на земјите. Книгата е реиздание на француски јазик на англиската верзија на книгата „Crossroads Tourism: Policies for prosperity in the future“ издадена од. Lap Lambert Academic Publishing.

**22. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2021) *Crocevia Del Turismo: Politiche Per La Prosperità Nel Futuro.* Edizioni Sapienza. ISBN 978-620-4-06340-9

Оваа книга ги содржи преземените мерки и можните стратегии за закрепнување на туристичката индустрија, стратегиите за одржлив развој, како и мерките и идните сценарија на меѓународните организации и држави. Во книгата се заклучува дека кризата е и шанса за мултилатерална соработка, како и можност за преиспитување на туристичкиот сектор кон потраен, инклузивен и поотпорен туризам во перспективна иднина. Книгата е реиздание со превод на италијански јазик на англиската верзија на книгата „Crossroads Tourism: Policies for prosperity in the future“ издадена од. Lap Lambert Academic Publishing.

**23. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2021). *Tourismus Am Scheideweg: Politik Für Den Wohlstand Der Zukunft.* Verlag Unser Wissen. ISBN 978-620-4-06337-9

Книгата се однесува на непосредните социо-економски влијанија на ковид-19 врз туризмот и на закрепнувањето од последиците, но оваа книга содржи и препораки дека кризата е можност секторот да се трансформира и да стане поотпорен, инклузивен и одржлив. Авторите ги прикажуваат и анализираат и препораките на меѓународните организации како што е Организацијата за економска соработка и развој дека кризата е можност светот да се придвижи кон поправедни, поодржливи и поотпорни модели на развој на туризмот. Книгата дава приказ дека пандемијата уште еднаш ги изложи структурните недостатоци во туристичкиот систем и ранливоста на надворешни шокови. Затоа авторите ја прикажуваат во книгата и итната потреба да се диверзифицира и да се зајакне отпорноста на туристичката економија, подобро да се подготвиме за идните шокови, како и да се изнајдат модели и да се решат долгогодишните структурни слабости. Книгата е реиздание на германски јазик на англиската верзија на книгата со истиот наслов.

**24. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2021). *Turismo En La Encrucijada: Políticas Para La Prosperidad En El Futuro.* Ediciones Nuestro Conocimiento. ISBN 978-620-4-06338-6

Авторите во книгата прават анализа на политиките за просперитет на туристичкиот сектор во постпандемиска ера, со цел полесно да закрепне од

погоденоста предизвикана од пандемијата од вирусот ковид-19. Книгата укажува дека според меѓународните препораки, особено е важно да се заштитат правата на работниците од туристичкиот сектор и да се направат сите напори за зачувување на нивните работни места. Книгата ги анализира и препораките на меѓународните организации дека решенијата и одговорите ќе треба да се спроведуваат постепено и на координиран начин. Книгата во своите заклучни согледувања констатира и дека е потребно да се изгради доверба преку протоколи за здравје и безбедност во сите туристички операции. Исто така и да се зајакне координацијата и партнерствата за трансформација на туризмот и постигнување на целите за одржлив развој на Обединетите нации. Книгата е реиздание на шпански јазик на англиската верзија на книгата „Crossroads Tourism: Policies for prosperity in the future" издадена од. Lap Lambert Academic Publishing.

25. Magdinceva Sopova, Marija and Postolov, Kiril and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2020). *Managing with Stress in Organizations.* LAP Lambert Acadmic Publishing, pp. 1-64. ISBN 978-6202669184

Оваа книга претставува меѓународна публикација на сублимиран материјал кој дава одговор на поголем дел од прашањата за успешно менаџирање со стресот како современ феномен во работните организации. Стресот поврзан со работата е актуелна тема и е едно од најважните прашања за многу земји во светот. Според јавно достапните податоци од истражувањата половина од европската работна популација смета дека стресот е честа појава на работните места, што е причина и за чести отсуства и непродуктивност. Во книгата е даден теоретски приказ за начините на манифестирање, симптомите и последиците, како и можностите и методите за успешно справување со стресот во рамките на организациите, со цел да се обезбеди идентификација на проблемот, обезбедување решение, соодветна поддршка и подобрување на условите, како и развивање на соодветни наменски стратегии и пристапи за справување со овој колективен предизвик.

**Дел од научна книга:**

26. Runcheva-Tasev,Hristina and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Apostolovska-Stepanoska, Milena (2021). *Pejzaž sajber bezbednosti i digitalna forenzika: Makedonska perspektiva.* In: Forenzičko računovodstvo, istražne radnje, ljudski faktor i primenjeni alati. Univerzitet u Beogradu, Fakultet organizacionih nauka- Belgrad, Srbija, Belgrad, Republika Srbija, pp. 887-900. ISBN 978-86-7680-393-4

Во својот дел од научната книга, авторите ги претставуваат политиките на управување со сајбер безбедноста во македонскиот правен систем, со осврт на заканите и предизвиците. Сајбер безбедноста претставува мултидимензионална сфера која може да се анализира од повеќе различни аспекти. Потребата да се разработи од информатички или технички аспект, денес е надополнета со неизбежниот правен, социолошки пристап, но и низ призма на креирањето политики. Оваа динамична предметна материја постојано е подложна на многу промени заради нејзината директна поврзаност со онлајн просторот кој е изложен на перманентен развој и промени.

**Научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Анета Стојановска-Стефанова може да се оцени преку бројните трудови објавени во меѓународни научни публикации, стручни (научно-популарни списанија), како и во зборници од научни конференции одржани во земјава и во странство. Во продолжение следи листа и евалуација на објавени научноистражувачки**

**трудови на кандидатката, за периодот од изборот на доцент до датумот на објавениот конкурс.**

- **Листа на трудови објавени во научни списанија (домашни и странски), годишни зборници, зборници од конференции (во земјава и во странство), научно-стручни трибини и сл.:**

**27. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdincheva-Shopova, Marija and Koteski, Cane and Jovevska, Svetlana (2023). *Uncovering the challenges: post-covid analyses of the state policies, health measures and diplomatic initiatives to boost tourism.* International Journal Knowledge, 61.1. pp. 47-52. ISSN 2545-4439 / 1857-923X

Коронавирусот ја покажа моќта да ги парализира општествата и нивните економии на глобално ниво. Пандемијата ковид-19 силно го погоди светскиот туризам и остави и длабоки последици. Затоа, овој научен труд навлегува во сложениот пејзаж на туристичката политика како последица на пандемијата на ковид-19, истражувајќи како државите стратешки имплементираат политики за да го зајакнат бројот на туристи. Трудот ги презентира и анализира достапните информации за погоденоста на туристичкиот сектор од пандемијата, за загрозените работни места и начините на кои земјите се справуваат со последиците. Студијата детално ја испитува еволуцијата на здравствените мерки, нагласувајќи ја клучната улога во преобликувањето на туристичката слика. Дополнително, трудот ги издвојува и дипломатските напори што ги користат државите за заеднички да се справат со предизвиците и да се поттикне погодна средина за обновување на туризмот. Со испитување на овие меѓусебно поврзани елементи, трудот низ теоретско-дескриптивниот метод ја прикажува динамичната постпандемиска ера, нудејќи сознанија од значење за креаторите на политиките и засегнатите страни во туристичкиот сектор.

**28. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija and Komnenovikj, Kristina and Cukleva Anastasovska, Jovanka (2023). *Социјалните медиуми и дигиталната дипломатија.* Yearbook - Faculty of Tourism and Business Logistics, 3 (1). pp. 6-12.

Употребата на социјалните платформи во функција на модерната дипломатија означи длабока промена во меѓународните односи. Социјалните медиуми и другите онлајн алатки станаа незаменливи инструменти во дипломатската работа. Овој труд има за цел да ги претстави социјалните платформи кои во поново време, особено за време на ковид-19 пандемијата станаа актуелни и применливи. Трудот како основна хипотеза го поставува тврдењето дека „во дигиталната ера, социјалните платформи наоѓаат голема примена во современата дипломатија“. Истражувачките прашања кои се однесуваат на видот на социјалните платформи кои се користат во работата на дипломатите, авторите ги проучуваат преку методот на компарација, како и преку дескриптивниот метод, за наративно да ги прикажат достапните податоци и сознанија поврзани со социјалните платформи кои наоѓаат примена во современата дипломатија, заштедувајќи им време на дипломатите за брзо пренесување на ставови во глобални рамки.

29. Magdincheva-Shopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2023). *Policies for supporting green entrepreneurial businesses.* Knowledge International Journal, 60.1 (1). pp. 161-167. ISSN 2545-4439

Решавањето на современите предизвици се состои во изнаоѓање одговор на прашања поврзани со одржливи бизниси и воведување на таканаречените зелени иновации. Затоа, поголем број претприемачи се фокусираат на изнаоѓање и ставање

во функција на обновливи извори на енергија и имплементација на т.н. „зелени бизниси". Во овој труд разработен е концептот на т.н. "зелени" претпријатија, направена е анализа и дадени се препораки и мерки за унапредување на политиките за поддршка на истите. Долгорочното позиционирање на претпријатијата на пазарот зависи од застапеноста и примената на концептот на одржлив бизнис. Поради тоа предметот на истражување на овој труд е насочен кон анализа на карактеристиките на т.н. зелени претприемнички бизниси и политиките за поддршка и имплементирање на овој вид бизниси, преку унапредувањето на работата и искористување на можностите од обновливите извори на енергија.

30. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2023). *Политики и легислативна рамка на македонското буџетско сметководство.* Conference Proceedings Accounting and audit in theory and practice, 5 (5). pp. 211-218. ISSN 2637 - 272X

Предметот на истражување во рамки на овој труд е фокусиран кон анализа на специфичностите на сметководството кај деловните субјекти и македонските буџетски корисници, со осврт на сметководството кај овие организации во пракса. Во рамки на трудот е спроведено истражување и со примена на методите на анализа, компарација и дескриптивниот метод е даден приказ на важечката законска регулатива и извештаите кои ги изработуваат овие субјекти. Во заклучокот од трудот се објаснети добиените сознанија од спроведеното истражување.

31. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2023). *Финансиски извештаи кај буџетски форми на организација.* Conference Proceedings of the Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century, 6 (1). pp. 88-96. ISSN 978-608-244-891-6

Европската комисија во извештајот за јавниот долг укажува на потребата од зајакнување на рамката за финансиско управување, особено преку воведување добро осмислени фискални правила и воспоставување независен фискален совет за да ја следи примената на новите правила. Трудот ги анализира законските одредби и фискалните правила кои треба да овозможат континуитет во управувањето со јавните финансии, независно од политичката состојба и волјата на раководните лица во државата. Сметководството и финансиското известување во буџетските форми на организации се заснова врз посебни концепти, стандарди и постапки, креирани во согласност со потребите на корисниците на финансиските извештаи. Анализите спроведени за потребите на трудот укажуваат дека со цел да се подобри финансиското известување кај буџетските корисници во иднина треба да се вложува во обука и едукација, дигитализација и редовна комуникација помеѓу засегнатите страни.

**32. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2023). *Covid-19 pandemic as a challenge for redefining tools in diplomacy and international relations.* Knowledge - International Journal, 57 (1). pp. 133-137. ISSN 1857-923X / 2545-4439 (Online)

Предметот на истражување на овој труд е насочен кон согледување на разликите помеѓу традиционалната и модерната дипломатија по ковид-19 пандемијата. Во овој труд даден е осврт на тоа како дипломатијата и меѓународните односи се редефинирани во 21 век и како новата технологија, како што се социјалните медиуми и виртуелните состаноци, го менуваат начинот на кој земјите меѓусебно комуницираат и преговараат. Спроведено е истражување за употребата на интернет технологијата и алатките за дигитална комуникација за

време на пандемијата, како и за промените на начинот на кој се води дипломатијата и како тоа влијаело на меѓународните односи. Споредени се  и спротивставени традиционалните методи на дипломатија со оние што се користат во ерата по ковид-19, вклучително и улогата на социјалните медиуми, виртуелните состаноци и заедничките напори меѓу земјите за справување со глобалните прашања. Исто така, спроведено е истражување за импликациите на новата технологија за дипломатијата, вклучувајќи ги безбедносните грижи, тешкотиите во развивањето доверба и потенцијалот за зголемена брзина на меѓународните преговори.

33. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Petroska-Angelovska, Neda (2024). *Македонскиот случај на политики за дигитална трансформација на финансиското известување.* Računovodstvo i revizija u teoriji i praksi, 6 (6). pp. 23-30. ISSN 2637-272X

Во овој труд е се анализирани придобивките од користењето на дигитализацијата кај деловни субјекти, но и кај државните институции како регулатори на бизнис работењето. Преку процесот на дигитална трансформација се олеснуваат деловните активности кои ги извршуваат претпријатијата и се подобруваат услугите кои ги извршуваат државните институции. Предметот на истражување во рамки на овој труд е фокусиран кон истражување и анализа на имплементираните политики за дигитална трансформација на процесот на доставување на финансиските извештаи од страна на деловните субјекти во државата. Истражувањето е спроведено со примена на методите на анализа, компарација и дескриптивниот метод при што фокусот на истражувањето е насочен кон согледување на предусловите за имплементирање на процесот на дигитално доставување на финансиските извештаи. Добиените сознанија од спроведеното истражување се објаснети во заклучокот од трудот.

34. Magdinceva-Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2022). *The Influence of COVID-19 in Systematizing the Work and Introducing Organizational Changes in Small Enterprises.* SAR Journal, 5 (4). pp. 211-216.

Трудот има за цел да ја укаже улогата на менаџментот во обезбедување предуслови за спроведување на организациските промени како и навременото препознавање и откривање на потребите на вработените за воведување на промените. Резултатите од истражувањето ја потврдуваат хипотезата дека влијанието на ковид-19 предизвика имплементирање на организациски промени, кои зависат од исполнување на предусловите за воведување организациони промени. Анализата на податоците добиени од спроведеното истражување укажува дека организациските промени се реална потреба, како и потребата од информирање на вработените за воведување на овие промени.

35. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2022). *Polices for implementing organizational culture in small enterprises in the post-covid period.* Knowledge –International Journal, 55 (6). pp. 1091-1094. ISSN 1857-923X | 2545-4439 (Online)

Овој труд се базира на анализа на пристапот на организациската култура како концепт со  голема важност во функционирањето на претпријатијата како од аспект на долгорочно позиционирање така и од аспект на секојдневното работење и извршување на тековните активности и како начин на поврзување на менаџерите, вработените и потрошувачите. Поради тоа, во рамки на трудот се дава теоретски приказ на концептот на организациска култура како и политиките кои ги имплементира менаџментот на претпријатијата. Политиките преку кои

се имплементира организациската култура во претпријатијата се неопходни за надминување на кризната состојба.

36. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2022). *Специфичности на сметководствените активности кај непрофитни организации, здруженија на граѓани и фондации.* Conference Proceedings - Accounting and audit in theory and practice. ISSN 2637 - 272X

Непрофитните организации, здруженија на граѓани и фондации се посебна форма на деловни субјекти кои имаат обврска да го спроведуваат процесот на сметководство, да составуваат и поднесуваат сметководствени искази во согласност со важечката законска регулатива. Предметот на истражување во рамки на овој труд е насочен кон анализа на карактеристиките на сметководството кај македонските непрофитни организации, со осврт на извршување на сметководството во пракса. Во рамки на истражувањето со примена на методот на анализа и дескриптивниот метод е анализирана законската регулатива и разликите помеѓу профитните и непрофитната форма на организација, а добиените заклучоци од спроведената анализа се прикажани во трудот.

37. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2022). *Претприемништво во услови на ковид пандемија: нови практики, стратегии и политики.* Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век: Зборник на трудови, 5 (1). pp. 58-65. ISSN 978-608-244-891-6

Со појавата на вирусот ковид-19 и пандемијата на светско ниво се предизвикаа значителни промени во севкупниот живот и работа на луѓето и претпријатијата. Мерките за ограничувањата на движењето на луѓето заради безбедносни причини, заштита на личното здравје и ширење на вирусот, од своја страна предизвикаа и ограничувања и рестрикции во работата на претпријатијата. Во услови на ограничено движење и опасност од заразно заболување, можностите за работа станаа ограничени, па голем број претпријатија и престанаа да работат. Токму, лошите услови во окружувањето, неизвесноста и секојдневните промени предизвикани од пандемијата, ги поттикнаа претприемачите да имплементираат нови практики во работењето. Поради тоа, предметот на истражување во овој труд се фокусира кон согледување на видот на промените во организацијата на работата и практиките кои ги применуваат претприемачите за да се прилагодат на новонастанатата состојба предизвикана од ковид-19 пандемијата. Во заклучокот од трудот се презентирани согледувања и препораки за потребата од примена на современо претприемништво во работата на компаниите, преку имплементирање на нови потфати и стратегии во работата на претприемачите.

**38. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina and Magdinceva Sopova, Marija (2022). *Комуникациски предизвици во мултикултурните општества.* Филко - Зборник на трудови, 6 (6). pp. 307-314. ISSN 978-608-244-871-8

Дијалогот меѓу етничките заедници помага да се избегнат недоразбирањата и недовербата помеѓу различните групи на луѓе, за решавање на економските, социјалните, хуманитарните, културните и политичките проблеми со споделување на искуствата на национално, регионално, интер-регионално и меѓународно ниво. Токму во таа насока медиумите играат исклучително важна улога во обликувањето на јавното мислење и треба да придонесуваат за меѓусебно разбирање меѓу припадниците на различните етнички и верски заедници,

преку зголемување на нивното знаење - едни за други. Трудот има за цел да ја анализира улогата на медиумите во справувањето со предизвиците наметнати од начинот на комуникација во едно мултикултурно општество. Во мултиетнички општества, како македонското, медиумите имаат суштинска улога кога станува збор за рефлектирање на културната разноликост, а начинот на кој медиумите ги отсликуваат одделните општествени групи може лесно да поттикне и низа негативни процеси и појави како што се стереотипи, ксенофобија, говор на омраза или етноцентризам.

**39. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija and Runcheva-Tasev, Hristina and Apostolovska-Stepanoska, Milena (2022). *E-commerce development during the covid-19 pandemic: the Macedonian case.* The first international scientific and professional conference BELECON. ISSN 978-86-7169-626-5

Во трудот се претставени резулатите од спроведените истражувања за реализираните онлајн купувања за време на пандемијата во 2020 година. Коронавирусот го промени начинот на кој поединците, компаниите и земјите воопшто функционираа досега. Пандемијата остави последици кај речиси сите сегменти од општественото живеење, а намалениот промет на компаниите беше мотив за дигитализација на услугите. Многу компании и институции кои во минатото не беа давале услуги по електронски пат почнаа да користат алтернативни начини за да ги понудат своите производи и услуги онлајн. Трудот обезбедува преглед на предизвиците со кои се соочува развојот на е-трговија и прикажува соодветни заклучоци кои можат да бидат применливи во иднина. Преку добиените резултати се потврдува основната хипотеза дека кризата предизвикана од влијанието на ковид-19, предизвика позитивно влијание врз развојот на е-трговијата на нашата земја.

**40. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2022). *Gender equality - human right and basis for a prosperous and sustainable world.* Yearbook of the Faculty of tourism and business logistics, Goce Delcev University-Stip, 2 (1). pp. 13-20. ISSN 2671-3969

Политиката за родова рамноправност претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Трудот ги анализира меѓународните и домашните акти кои ја гарантираат родовата еднаквост како основно човеково право. Во рамките на трудот, авторите ќе ги разгледаат достапните информации за застапеноста и улогата на жената во македонското општество, како и усвоената законска рамка за родова еднаквост и единство, врз основа на кои ќе се извлечат соодветни заклучоци. Постигнувањето на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените е составен дел од Целите за одржлив развој на Обединетите нации за 2030 година и е петта од 17-те цели усвоени од светските лидери во 2015 година. Во овој поглед, националните парламенти играат голема и значајна улога во донесувањето закони кои регулираат различни области и прашања, вклучувајќи ги и родовите аспекти.

**41. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina (2022). *Human Rights Derogation in Times of Emergency of Covid-19.* IAI Academic Conference Proceedings. pp. 10-19. ISSN 2671-3179

Пандемијата ковид-19 ги поттикна владите ширум светот да преземат рестриктивни мерки против пандемијата. Исто така владите ширум светот беа предизвикани во рамките на носењето на мерките во борбата против пандемијата да ги почитуваат човековите права, демократијата и владеењето на правото. Во

обид да се справат со непосредните катастрофални ефекти на вирусот, државите прибегнаа кон различни мерки, вклучувајќи ограничување на слободата на движење и затворање на националните граници. Авторите ја анализираат меѓународната правна рамка за човекови права која предвидува можности за ограничување на определени човекови права во вонредни состојби, особено во насока на заштита на здравјето на луѓето. Во заклучните согледувања авторите укажуваат дека државите мораат да имаат предвид дека сите преземени мерки треба да се стремат да го заштитат демократскиот поредок од заканите кон него и треба да дадат сè од себе да ги заштитат вредностите на едно демократско општество, како што се плурализмот, толеранцијата и слободоумноста.

42. Runcheva-Tasev, Hristina and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Ognjanoska, Leposava (2022*). Legal and Judicial System Transformation in Transition Economy: The Macedonian Case.* Res novae-Journal for Integrated Science, 7 (1). pp. 126-157. ISSN 2464-0344

Економскиот раст и намалувањето на сиромаштијата во голема мерка зависат и од доброто функционирање на правните и судските институции. Искуството од земјите во транзиција сугерира дека правната транзиција и економските перформанси одат заедно во унапредување на резултатите. Транзицијата од социјализам во капитализам во македонскиот случај бараше фундаментални реформи на правните и судските институции. Во овој труд авторите го анализираат искуството на земјата во трансформација на правните и судските институции, долгорочен процес кој сè уште има активни и тековни реформи. Исто така, ги истражуваат ефектите што трансформацијата на правните и судските институции ги има врз македонскиот економски развој за македонската влада да постигне подобрени економски перформанси и функционална пазарна економија.

43. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2022). *Policies and measures for recovery of small enterprises from Covid-19 pandemic.* Knowledge – International Journal, 52 (1). pp. 51-55. ISSN 1857-923X | 2545-4439 (Online)

Овој труд ги презентира политиките и мерките наменети за малите претпријатија воведени од страна на државата за надминување на последиците од глобалната здравствена криза која предизвика бројни проблеми во работата на малите претпријатија. Воведените ограничувања за социјално дистанцирање и промените на побарувачката како по структура, така и по и обем, предизвикаа затворање на голем број мали претпријатија. Вообичаено, малите претпријатија се поврзуваат со претприемничката иницијатива и се карактеризираат со способност за прилагодување во динамични и специфични услови за работа. Во рамки на трудот даден е теоретски приказ на политиките и мерките донесени од страна на државата со цел закрепнување и надминување на кризната состојба. Во основа политиките и мерките беа насочени кон заштита на вработените на работните места, воведување мерки за заштита на самите работни процеси и различни форми на финансиска поддршка. Како дел од мерките донесени од страна на државата се и различните форми на одложување на обврските кон државата или т.н. даночни одложувања, намалување на одредени даночни стапки, како дел од фискалните мерки или укинување на одреден вид даночни обврски.

44. Runcheva-Tasev, Hristina and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2021). *Republicanism: Roman Res Publica as an inspiring concept for the Western constitutional thought.* Proceedings Book of the IV International Piri Reis Language, History, Geography Congress. pp. 309-318. ISSN 978-625-7464-31-4

Трудот има за цел да го претстави републиканизмот како инспиративна демократска идеја, застапувана од познати филозофи и мислители, од основањето на римската res publica до денес. Имено, авторите се осврнуваат на концептот res publica во антички Рим и неговите две значења, како и оживувањето на републиканизмот е со специфичниот развој на италијанските градови кон крајот на 11 век. Римскиот републикански идеал силно влијаеше на раната модерна филозофска мисла на Макијавели, Харингтон, Лок и Монтескје, и на тој начин изврши значително влијание врз основите на модерната политичка мисла, како и врз основните постулати на западното уставно право. Авторите го анализираат републиканизмот како концепт што е нераскинливо поврзан со демократијата и конституционализмот, но и со слободата како носечки столб на републиканските општества.

**45. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija and Aleksoski, Ognen (2021). *Policies for recovery of the travel and tourism from Covid-19 pandemic*. Sociobrains, International scientific refereed online journal, 8 (83). pp. 57-73. ISSN 2367-5721 (online)

Целта на овој труд е да направи анализа на влијанието на пандемијата предизвикана од вирусот ковид-19 врз патувањата и туристичката индустрија, како и нарушувањата на економиите на земјите и губењето на работните места. Преку овој труд се спроведува анализа на спроведените мерки и можните стратегии за закрепнување на туристичката индустрија, стратегиите за одржлив развој, како и идните мерки од страна на државите и од меѓународните организации. На крајот од трудот дадени се препораки за приоритетите за обнова на туризмот и заштита на работните места, како и препораки за солидарност и унапредување на мултилатералната соработка.

**46. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina (2021). *The impact of climate change on European countries and the necessity of multilateral cooperation.* Sociobrains, International scientific online journal, 8 (83). pp. 74-87. ISSN 2367-5721 (online)

Трудот има за цел да ги претстави климатските промени како глобален предизвик кој бара глобален одговор. Авторите прават преглед на влијанието на климатските промени врз европските земји и на политиката за донесување одлуки и законодавството на Европската Унија за тоа како да се даде ефикасен општествен одговор на климатските промени во земјите на ЕУ и да се развие мултилатерална соработка со земјите кои не се членки на ЕУ и региони. Трудот ќе ги презентира наодите од сеопфатната студија која ги разгледува последните трендови околните климатски промени во 32 европски земји. На крајот, авторите сумираат дека климатските активности се составен дел од надворешната политика на агендата на ЕУ. Преку климатската дипломатија и иницијативи за соработка, ЕУ има за цел да изгради политичка волја и доверба за унапредување на глобалната акција, да обезбеди ефективност на развојната соработка и да изгради капацитет за поддршка на земјите партнери во нивните напори за борба со климатските промени.

**47. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina (2021). *Современи предизвици за заштита на човековите права.* Правен дијалог (23). pp. 5-13. ISSN 1857-7644

Човековите права треба да бидат централна точка во фокусот на државите, како во време на благосостојба, така и во време на криза. Авторите прават теоретски

осврт и преглед на филозофските теории, како и на донесените меѓународни акти за заштита на човековите права и слободи, а ги претставуваат и политиките и современите предизвици со кои се соочуваат државите и меѓународните организации за ефикасна примена и заштита на човековите права. Трудот се осврнува и на новите предизвици во поглед на ограничување на човековите права во услови на пандемијата предизвикана од ковид-19 и нејзините ефекти врз човековите права во нашата држава во 2020 година. На крајот од трудот се изнесени заклучоци кои поттикнуваат понатамошна научна дебата за бариерите на меѓународните организации за заштита на човековите права, за подготвеноста на државите да ја подобрат заштитата на човековите права, како и да го ограничат своето право на сувереност во корист на меѓународна заштита на човековите права на ниво на кое инсистира меѓународната заедница.

**48. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2021). *The impact of Covid-19 on world tourism.* Tourism challenges amid Covid-19 (TISC 2021) – Thematic proceedings, 6 (1). p.p.78-93. ISSN 978-86-89949-53-7

Во овој труд претставени се ефектите од влијанието на ковид-19 на светскиот туризам во 2020 година. Целта на трудот е да се истражат последиците од пандемијата врз туристичкиот сектор. Трудот ги презентира и анализира достапните информации за тоа како секторот туризам бил погоден од пандемијата во првата година од појавата, дава приказ за загрозените работни места и начините на кои земјите се справуваат со последиците. Во трудот се разгледуваат можните мерки и сценарија на земјите за ублажување на ефектите од кризата и забрзување на закрепнувањето на туризмот и економијата. Сумирајќи ги наодите, се заклучува дека нарушувањето на туризмот од пандемијата има огромно влијание врз пошироката економија, а опсегот на наметнати мерки континуирано се проширувaше за време на кризата. На крајот од трудот дадени се препораки за приоритетите за обнова на туризмот и заштита на работните места, како препораки за солидарност и унапредување на меѓусебната соработка.

49. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Postolov, Kiril (2021). *Types of crises in the work of entrepreneurs: The impact of the global health crisis.* Knowledge - International Journal Vol.46.1., 46 (1). pp. 171-175. ISSN 2545-4439

Предметот на истражување на овој труд се фокусира кон согледување на влијанието на вирусот ковид-19 врз работата на претприемачите во услови на современи трендови на работење. Во првиот дел од трудот даден е теоретски приказ на видовите кризи во работењето на претприемачите, како и значењето на претприемничката компетентност за работење на претпријатијата во услови на криза. Како резултат на спроведеното истражување, предложен е модел за справување со кризни состојби и дадени се насоки за дејствување на претприемачите за успешно справување со кризните состојби.

50. Runcheva-Tasev, Hristina and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2021). *Јавни политики за справување со кризи: Лекции научени од ковид-19 за климатските промени.* Политичка мисла, 19 (61). pp. 29-44. ISSN 1409-9853

Пандемијата со ковид-19 и климатските промени имаат нагласена сличност: и двете појави се голема закана која предизвикува штета за општествата на глобално ниво. Овие два потенцијално разорни глобални проблеми наложуваат потреба за брза владина интервенција. Предметниот труд ги анализира елементите на сличност на природата на ковид-19 пандемијата со климатските промени и степенот на влијание на ковид-19 врз нив. Аналогијата на овие две кризи од различен карактер

е корисна заради поставување на основа за структурирање на применливоста на јавните политики од раните фази на борбата со ковид-19 врз справувањето со климатските промени. Трудот преку анализа на стекнатото искуство извлекува значајни заклучоци за научените лекции кои имаат апликативна вредност и кај други потенцијални кризни појави/состојби во иднина.

**51. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina and Magdinceva-Sopova, Marija (2021*). State sovereignty in international relations.* Knowledge - International Journal Scientific Papers, 45 (5). pp. 975-980. ISSN 1857-923X / 2545–4439 printed

Овој труд има за цел да го истакне значењето на државниот суверенитет преку теоретски преглед и анализа на значењето на поимот суверенитет во областа на политичката теорија. Исто така во трудот дадена е сеопфатна, но лесно разбирлива дефиниција за суверенитетот и важноста на истиот во меѓународните односи, особено во признавањето на државите. Во овој поглед, трудот го појаснува концептот на суверенитет, земајќи ги предвид трансформациите и предизвиците на меѓународната безбедност на почетокот на 21 век.

52. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Aleksoski, Ognen (2021). *Employee stress management caused by the impact of the covid-19 virus: the Macedonian case*. SocioBrains International Scientific online journal (80). pp. 15-27. ISSN 2367-5721 (online)

Овој труд има за цел да укаже на улогата на менаџментот во управувањето со стресот на работното место, преку навремено препознавање и откривање на причините за појава на стресот и намалување на влијанието на стресот кај вработените. Умешноста и способноста на менаџментот на претпријатијата се состои во навремено откривање на факторите кои ги предизвикуваат стресните состојби, намалување на влијанието на стресот преку примена на соодветни стратегии за управување со стресот. Добиените резултати од истражувањето ја потврдуваат поставената хипотеза дека влијанието на вирусот ковид-19 претставува основен фактор за зголемување на стресните состојби кај вработените на работното место и претставуваат основа за креирање и препораки за менаџментот во имплементирање на соодветни активности и стратегија за управување со стресот.

**53. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2021). *Предизвиците од политичката глобализација за државите.* Зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција ФИЛКО филологија, култура и образование, 8-9 октября 2020, Штип = Confer. pp. 319-326. ISSN ISBN 978-608-244-787-2

Глобализацијата е феномен кој условно кажано го нарушува суверенитетот на државите и ги надминува националните граници, преку примена на принципот на либерализација на економијата, ги брише националните граници на државите, врши елиминирање на национални ограничувања за трговска размена, истовремено тежнеејќи да создаде своја цивилизација која ќе ги воедначува културните особини на народите во различни држави во светот. Во овој труд ќе се осврнеме на влијанието кое глобализацијата го остварува во меѓународната заедница, ќе го согледаме и влијанието врз белезите на државата како важни правни критериуми за дефинирање на државноста и за стекнување на статус признавање во меѓународното право и меѓународните односи, но и на улогата на глобализацијата во создавањето на глобална култура кај државите.

54. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2021). *Политики за развој на родово претприемништво.* Годишен зборник на Факултет за туризам и бизнис логистика, 1 (1). pp. 53-57. ISSN ISSN 2671-3969

Постигнувањето на рамноправност помеѓу мажите и жените претставува еден од темелните принципи на Европската Унија. Едно од основните подрачја каде се прават обиди да се примени принципот на рамноправност е пазарот на трудот односно еднаква застапеност на жените и мажите на пазарот на трудот. Родовото претприемништво претставува нов современ пристап за решавање на проблемите кои произлегуваат од нееднаквата застапеност на жените и мажите во бизнисот и извршувањето на претприемничка активност. Во рамките на овој труд ќе биде даден теоретски приказ и дефинирање на терминот родово претприемништво. Развојот на родовото претприемништво се јавува како резултат на одредените промени во окружувањето посебно на промените на глобалниот пазар и изразените напори за постигнување на родова еднаквост. Проблемот на родова нееднаквост е евидентен во севкупните економски текови во нашата држава, на што упатуваат голем број спроведени истражувања и извршени компаративни анализи со други земји. Родовото претприемништво се јавува како одговор на потребите на општеството и остварување на определените цели за постигнување на родова еднаквост. Поради тоа главниот дел од трудот е насочен кон анализа на основните меѓународни индикатори кои овозможуваат мерење на родовата еднаквост односно нееднаквост. Составен дел од трудот е направената анализа за значењето и имплементацијата на политиките за постигнување на родова балансираност. Врз основа на спроведените истражувања се констатира дека во нашата земја нема реализирано соодветно теоретско и емпириско истражување, за тоа дали и колку се применуваат политиките за постигнуавње на родова еднаквост од економски аспект, поради што што во заклучокот од трудот ќе бидат дадени насоки за подобрување на состојбата со родовата нееднаквост.

55. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2021). *Политики и практики за развој на социјалното претприемништво.* Challenges of tourism and business logistics in the 21st century ISCTBL 2021-Conference Proceedings, 4 (1). pp. 80-85. ISSN 978-608-244-824-4

Политиките претставуваат сет, збир од правила на однесување во рамки на претпријатијата кои го олеснуваат процесот на одлучување. Практиките имаат за цел подобрување или усовршување на определени организациски однесувања и дејствувања. Преку овој труд се согледува важноста од примената на соодветни политики и практики за унапредување и развој на социјалното претприемништво. Бидејќи социјалното претприемништво и социјалните претпријатија се карактеризираат со специфични карактеристики во рамките на овој труд ќе биде даден теоретски приказ и дефинирање на термините социјално претприемништво и социјално претпријатие како и факторите кои влијаат на креирањето соодветни политики и практики.

**56. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija and Runcheva-Tasev, Hristina (2021). *Социо-економското влијание на ковид-19: Македонскиот случај со развој на е-трговијата.* Challenges of tourism and business logistics in the 21st century - ISCTBL 2021-Conference Proceedings, 4 (1). pp. 86-99. ISSN 978-608-244-824-4

Пандемијата остави последици во речиси сите сегменти на општественото живеење, а намалениот промет кај компаниите беше мотив за дигитализација на

услугите. Многу компании и институции кои во минатото не овозможуваа услуги по електронски пат, почнаа да користат алтернативни начини за пласирање на нивните производи и услуги на онлајн начин. Трудот го презентира истражувањето на авторите за онлајн купувањето направено за време на пандемијата во 2020 година, а ќе даде и осврт на предизвиците со кои се соочува развојот на е-трговијата и ќе понуди адекватни заклучоци кои би можеле да бидат применливи во иднина. Македонците, според официјалните податоци достапни од Народната банка, во првите шест месеци од 2020 година направиле промет од 4,3 милијарди денари со платежни картички кај домашните интернет-продавници што е раст од 113 % споредбено со првите шест месеци од 2019 година. Според официјалните податоци, во јуни 2020 година имало 1223 виртуелни места на продажба, односно е-продавници, што преставува раст од 20 % во однос на декември 2019 година. Овие податоци како и сознанијата до кои дојдоа авторите во своето истражување ја потврдуваат основната хипотеза дека кризата предизвикана од ковид-19 позитивно влијаеше на развојот на е-трговијата во нашата држава.

57. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2021). *Accountants stress management policies caused by the impact of COVID-19 virus: the Macedonian case.* Conference Proceedings Accounting and audit in theory and practice. pp. 245-256. ISSN 2637 - 272X

Преку овој труд се согледува влијанието на вирусот ковид-19 на работата на сметководителите. Составен дел од трудот е спроведено истражување кое има за цел да ги согледа причинителите на стресни состојби кај сметководителите и овластени сметководители, а посебно влијанието на вирусот ковид-19. Добиените резултати од истражувањето ја потврдуваат поставената хипотеза дека влијанието на вирусот ковид-19 претставува основен фактор за зголемување на стресните состојби кај сметководителите/ овластените сметководители од аспект на навремено извршување на обврските во согласност со законските рокови вработените на работните место како и намалување на работата.

**58. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina and Magdinceva Sopova, Marija (2021). *Challenges and perspectives of the UN on the future of multilateralism.* Iustinianus Primus Law Review, 12 (1). pp. 1-9.

Трудот има за цел да даде теоретски описен преглед на достапните податоци за 75-годишнината од основањето и за важноста на Обединетите нации за светот. 2020 година ја одбележа 75-годишнината од основањето на Обединетите нации. ОН ја одбележаа својата 75-годишнина во време на големо нарушување за светот, надополнето со невидена глобална здравствена криза со сериозни економски и социјални влијанија. Исто така, во трудот се нагласува дека новопојавените актуелни теми се повеќе привлекуваат внимание во системот на мултилатеризам, како што се: пандемијата, дигиталните технологии, еколошките предизвици, топењето на арктичкиот регион и геополитички поместувања, за кои во блиска иднина глобалната заедница треба да најде одговори на мултилатерално ниво.

59. Runcheva-Tasev, Hristina and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2021). *Public Policy and the response to Covid-19.* The 2019 Serbian Political Science Association Annual Conference Proceedings. pp. 257-274. ISSN 978-86-6425-081-8

Трудот ги анализира најновите случувања на влијанието на научната и техничката експертиза во креирањето јавни политики за тоа како да се справиме со ефектите од пандемијата. Авторите ги истражуваат причините зошто истите јавни политики даваат сосема различни резултати во справувањето со динамиката на

пандемијата во различни земји и региони. Следејќи го моделот на William N. Dunn на анализа на јавната политика, глобалниот одговор на пандемијата покажува дека постои итна потреба од нови политички одлуки и преиспитување на ефектите од немањето одлуки. Авторите истражуваат и како одговорите на политиките за промени и адаптација на пандемијата се формулирани и претставени во јавноста и како наративите и емоциите можат да влијаат на однесувањето на јавноста во време на криза. Авторите укажуваат на фактот дека јавните политики не се статични и треба да се преформулираат врз основа на променливите околности.

**60. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2021). *Women's rights are human rights: A decade of the Council of Europe Istanbul Convention.* Yearbook of the Faculty of tourism and business logistics, Goce Delcev University-Stip, 1 (1). pp. 79-89. ISSN 2671-3969

Целта на истражувањето во овој труд е да се направи теоретски преглед на важноста и на еднодецениската имплементација на Истанбулската конвенција или Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството против жените и семејното насилство, која беше усвоена во 2011 година. Конвенцијата се фокусира на елиминирање на насилството врз жените. Од земјите потписнички на Конвенцијата се очекува да спроведат промени во законската регулатива со цел да се спречи насилството врз жените и децата, да се обезбеди јавно образование и да се заштитат жртвите преку воспоставување силни услуги за поддршка, во согласност со меѓународните стандарди. Во трудот е претставен и анализиран и македонскиот случај на имплементација на Конвенцијата.

61. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2021). *The impact of Covid pandemic and the policy action for recovery of the small and medium enterprises.* International Journal of Economics, Management and Tourism, 1 (1). pp. 62-70. ISSN 2671-3810

Овој труд се базира на спроведување анализа за пристапот на менаџерите во примена и воведување на политиките за прилагодување на претпријатијата во новите работни услови во постпандемиска ера. Промените кои настанаа со воведување на рестриктивните мерки значеа и промени во општествениот живот на луѓето, а предизвикаа намален обем на работа или затворање на многу мали и средни претпријатија на одреден временски период. Предметот на истражување во овој труд се фокусира на препознавање на негативните ефекти во работата на малите и средни претпријатија предизвикани од влијанието на вирусот ковид-19 и пандемијата, како и политиките и мерките што ги преземаат менаџерите и државата, со цел да се подобри состојбата која трае подолг временски период.

**62. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina (2021). *The impact of the coronavirus crisis on climate action: lessons learned for the governments.* The 2019 Serbian Political Science Association Annual Conference Proceedings Held on September 26–27, 2020 in Belgrade. pp. 275-288. ISSN 978-86-6425-081-8

Во овој труд се прави теоретско-описна анализа на научените лекции за владите, за влијанието на пандемијата предизвикана од ковид-19 на климатските промени. Светот живее низ најголемата пандемија, но и најголемите јаглеродни емисии досега забележани. За време на периодот на карантин во 2020 година, сообраќајот речиси исчезна во многу градови низ светот. Повеќе извори покажуваат дека Земјата и тогаш живееше со незаменлив пад на производството на јаглерод. Глобалниот одговор покажува дека државите можат да преземат итни и радикални мерки за заштита на човечките животи и благосостојбата на сите.

Многу климатски истражувачи се оптимисти дека оваа смртоносна пандемија ги научила владите на  некои критични лекции, што можат да ги применат и со проблемот од зголемените температури. Трудот ги сублимира лекциите научени и околу глобалната соработка за време на пандемијата ковид-19, кои треба да се применат за итни глобални напори за климатска акција.

**63. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina (2020). *The Mass Media Freedom in a State of Emergency: Infodemic vs. COVID-19 Pandemic.* SEEU Review: Challenges and Perspectives of Covid - 19, 15 (1). pp. 44-59. ISSN 1857-8462

Информациите, како и слободата на изразување и слободата на медиумите се суштински за демократското општество и основна карактеристика на современите држави. 2020 година ќе биде запаметена како година на пандемија предизвикана од ковид-19 (коронавирус) и година на одговор на неочекуваниот предизвик што го предизвика ширењето на вирусот. Во време на пандемија, но и при секаков вид на криза, медиумите секогаш играат клучна улога во информирањето на јавноста низ целиот свет. Овој труд има за цел да направи истражување и анализа на влијанието на коронавирусот врз дистрибуцијата на вести, на улогата на медиумите во комуникацијата и презентацијата на важните случувања за време на пандемија. Авторите презентираат преглед на медиумскиот систем и најновите случувања во ЕУ за спречување на лажни вести поврзани со пандемијата. На крај се заклучува дека медиумите имаат клучна улога во информирањето на граѓаните за време на пандемија и затоа имаат зголемена одговорност во обезбедувањето веродостојни информации. Во исто време, од почетокот на пандемијата ковид-19 медиумите се соочуваат со паралелни појави на дезинформации за вирусот, кои се движат од лажни лекови за коронавирус, лажни тврдења и штетни здравствени совети до теории на заговор. Во трудот се констатира дека дезинформациите за возврат може да го забрзаат ширењето на болеста, да ги попречат ефективните одговори на јавното здравство, како и да создадат конфузија, страв и недоверба. Затоа трудот ја истакнува потребата од подигнување на јавната свест за темата, заснована на факти и потребата на медиумите за спречување на паника, но и поттикнување на разбирањето кај луѓето. Трудот подвлекува дека информациите, како и слободата на изразување и слободата на медиумите се суштински за демократското општество и основна карактеристика на современите држави.

64. Magdinceva-Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Postolov, Kiril (2020). *Impact of Covid-19 on human resources in small and medium enterprises: the case of Macedonia.* International Journal Knowledge. ISSN 1857-923X

Неспорен е фактот дека малите и средни претпријатија се двигатели на инклузивниот економски раст и носители во создавањето на продуктивни и одржливи работни места. Трудот ги анализира современите и динамични услови за работење, кои претставуваат предизвик за малите и средни претпријатија и го принудуваат менаџментот да бара решенија за тековните состојби во глобалното окружување предизвикани од влијанието на вирусот ковид-19. Последиците од пандемијата укажуваат на бројни проблеми со коишто се соочуваат малите и средни претпријатија, како што се во делот на човечките ресурси (отпуштање од работа, работа со скратено работно време, непродолжување на договорот за работа и сл.). Во трудот е разработен македонскиот случај и се прикажани искуствата во справување со овој предизвик.

**65. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Aleksoski, Ognen and Magdinceva Sopova, Marija (2020). *E-government and digital public services: The Macedonian case of digitalization.* SocioBrains, International scientific refereed online journal, 7 (74). pp. 35-52. ISSN 2367-5721

Трудот анализира студија на случај базирана на истражување на трендовите и најдобрите практики во науката за податоци кои се од важност за развојот на е-Влада. Исто така, трудот ги анализира ограничувањата и предизвиците поврзани со примената на електронските алатки во управувањето и има за цел да ја подигне свеста и разбирањето за важната тема на овозможување дигитални услуги од страна на владата за граѓаните. Дигиталната трансформација претставува критичен дел од националниот одржлив развој на многу земји. Затоа, овој труд има за цел да ја идентификува корелацијата и главните разлики помеѓу е-Влада и е-владеење, како преку студија на случај и преку обработка и анализа на достапни информации и извештаи, да даде приказ за напредокот постигнат во нашата држава.

66. Aleksoski, Ognen and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2020). *Management versus leadership in the modern world.* SocioBrains, International scientific refereed online journal, 7 (74). pp. 53-71. ISSN 2367-5721

Цел на истражување во овој труд е преку преглед на литературата и истражувањата да се утврдат разликите помеѓу менаџментот наспроти лидерството како најважни фактори за ефикасноста и ефективноста на севкупните деловни активности во компаниите. Анализата на карактеристиките на овие два концепта овозможи да се согледаат разликите и да се обезбедат информации кои ќе помогнат во дефинирањето на менаџментот и лидерството и препознавање на нивните главни карактеристики. Во заклучните согледувања на трудот стои дека со правилно разбирање на менаџментот и лидерството ќе се постигнат целите на поединецот, на компанијата и на општествената заедница во целина, бидејќи на тој начин може да се најде оптимален модел кој ќе обезбеди конкурентска предност на компаниите.

67. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2020). *Institutional framework for regulating the work of accountants as entrepreneur.* Accounting and audit in theory and practice. pp. 181-193. ISSN 2637 - 272X

Целта на овој труд е да даде приказ на институционалната рамка со која се регулира сметководствената професија во нашата држава. Извршувањето на сметководствените работи подразбира процес на прибирање и обработка на податоци врз основа на сметководствени документи, подготовка и водење на трговски односно деловни книги и составување на годишна сметка и финансиски извештаи во согласност со законската регулатива. Како сложен процес бара исклучителна стручност и посветеност од страна на сметководителите - лицата кои се директно вклучени во истиот. Секој систем на известување треба да биде квалитетен и да биде заснован на почитување и примена на законската регулатива од областа на сметководственото работење, почитување и примена на сметководствени стандарди, како и примена на високи етички стандарди во секојдневното работење.

**68. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija and Runcheva-Tasev, Hristina (2020). *Empowerment of women: Challenges and opportunities in the modern world.* International scientific conference "Challenges of tourism and business logistics in the 21st century", 3 (3). pp. 119-130. ISSN 978-608-244-779-7

Трудот обработува актуелна и важна тема за родовата еднаквост како столб на глобалниот развој, но и за важноста од зајакнувањето на улогата на жените во современиот свет. Дадена е анализа за предизвиците, но и можностите со кои се соочуваат жените на меѓународно ниво денес. Постигнувањето на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените е составен дел од Агендата на Обединетите нации за одржлив развој 2030 година и на секоја од нејзините 17 цели за одржлив развој усвоени од светските лидери во 2015 година. Според ООН, има напредок во последните децении: повеќе девојчиња одат на училиште, помалку девојчиња се принудени на рани бракови, повеќе жени се вклучени во парламентот и на лидерски позиции, а законите се реформираат за да се унапреди родовата еднаквост. На крајот од трудот се заклучува дека родовата еднаквост не е само основно човеково право, туку неопходна основа за мирен, просперитетен и одржлив свет.

**69. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina and Magdinceva Sopova, Marija (2020). *The Importance of Diplomacy for the Foreign Policy and Modern Diplomacy Challenges.* IAI Academic Conference Proceedings. pp. 54-58. ISSN 2671-3179

Овој труд го анализира значењето на дипломатијата за надворешната политика на државите. Во трудот се анализира еволуцијата на дипломатијата од нова и иновативна перспектива. Клучниот елемент во анализата е концентрација на односот меѓу дипломатијата и надворешната политика и меѓу потребите на државите и функционирањето на надворешната политика. Трудот ја прикажува историјата на дипломатијата и начините на кои се води современата дипломатија. Трудот дава појаснување на односите меѓу дипломатијата и надворешната политика. Поради продлабочувањето на глобализацијата и транснационалните активности, државите исто така мора да комуницираат и со недржавните актери. Модерната дипломатија, за разлика од традиционалната, бара различни вештини, особено, умешност за преговарање, способност за работа во мултикултурна животна средина и отвореност за соработка со различни актери, особено со граѓанското општество. Во услови на сложена меѓународна политика, современата дипломатија е пред нови предизвици кои треба да се соочат со еволуција на дипломатијата методи, кои можеме да очекуваме да ги видиме во наредниот период.

70. Magdinceva Sopova, Marija and **Stojanovska-Stefanova, Aneta** (2020). *Human resources and the development of SMEs in tourism.* Tourism in function of development of the Republic of Serbia. pp. 231-247. ISSN 978-86-89949-09/4

Овој труд ги презентира добиените наоди од спроведеното истражување за влијанието и улогата на човечките ресурси за развојот на малите и средни претпријатија. Малите и средни претпријатија се двигатели на инклузивен економски раст во државата и креатори на продуктивни и одржливи работни места. Современите и динамични услови за работа се предизвик за малите и средни претпријатија и го принудуваат менаџментот да воведе трансформациски промени, со цел брзо да се прилагодат на променливите светски пазари и глобалната конкуренција. Ефективното и ефикасно управување со претпријатието вклучува имплементирање стратегии за подобро управување со човечки ресурси.

**71. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2020). *Digital diplomacy as a form of change management in international relation in times of Covid-19.* International Journal Knowledge. pp. 1069-174. ISSN 2545-4439

Во овој труд се анализира дигиталната дипломатија во дигиталната ера, особено во време на пандемија ковид-19. Меѓународните односи отсекогаш биле

длабоко погодени од технологијата, а дигитализацијата има голема важност и влијание врз дипломатијата. Примената на новите комуникациски технологии во дипломатијата директно влијае на основните функции, вклучувајќи преговарање, претставување и комуникација. Подемот на социјалните медиуми беше своевидна новост во информациската сфера што ја користат практичарите на дипломатијата. Но кога светот се соочи со големата пандемија, дипломатите се соочија со повеќе предизвици. Здравствените и санитарни мерки, социјалното дистанцирање, потребите од машини за кислородна вентилација, затворените патишта и аеродроми, како и затворени граници во некои од државите, создаде и побара итна трансформација на дипломатската работа во дигитална, преку користење на пристап до соодветна технологија и развивање на нов облик на протоколи за комуникација. Пандемијата наметна потреба за виртуелни состаноци кои влијаеја на намалување на буџетите за патувања и исто така ја наметна потребата од подобрување на пристапот до технолошки алатки и подобрени вештини на дипломатите, како што се подобрени дигитални способности и искуство во виртуелни простории за преговарање. Трудот прикажува како во пандемијата предизвикана од коронавирусот радикално беше променет начинот на реализација на дипломатијата преку традиционалните дипломатски елементи и дека во иднина преку стекнатите пандемиски искуства дипломатите се очекува да бидат обучени за хибридно работење со цел да можат подобро да се подготват да им помогнат на своите земји полесно да се справат со следната глобална криза.

**72. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Magdinceva Sopova, Marija (2020). *Дипломатијата – најдобро средство за зачувување на мирот во услови на современа политика.* International Journal Knowledge. pp. 1077-1083. ISSN 1857-923X

Во современите констелации на водење на меѓународната политика, дипломатијата како умешност на можното сè уште го држи својот примат. Добрата дипломатија подразбира целите на надворешната политика да се дефинираат во согласност со националниот интерес, но тие да бидат поддржани со адекватна моќ. Трудот ја анализира поставената хипотеза дека „дипломатијата може да го направи мирот посигурен отколку денес, а светската држава може да го направи мирот посигурен отколку што тој би бил во услови кога сите нации би живееле според правилата на дипломатијата“. Целта на овој труд е да се даде преглед на важноста и улогата на дипломатијата во надворешната политика која ја спроведуваат државите. Во трудот се разгледани Виенските конвенции и важноста на дипломатијата во современи политички констелации со цел да се зачува светскиот мир и безбедност. Во услови на глобализација, односите меѓу државите се движат од соработка и интеграција до меѓузависност, а тоа често придонесува за разни облици на организирање на државите во сложени видови држави. Способноста на дипломатијата на една нација да „генерира обратни ефекти“, првенствено за самата земја, зависи од многу внимателен избор на политики и вештини кои треба да се развијат, како и од точно читање на условите на светскиот политички пазар.

**73. Stojanovska-Stefanova, Aneta** and Runcheva-Tasev, Hristina and Magdinceva Sopova, Marija (2020). *The States in Digital Era: Internet Governance and Improving E-Democracy.* International Academic Journal, 1 (1). pp. 51-56. ISSN 2671-3748

Предмет на овој труд е да се направи анализа на достапните податоци за управувањето со Интернетот и неговата имплементација како глобална политичка цел за државите. Трудот се базира на анализа и согледување на примената на дигитализацијата како заеднички глобален политички приоритет

за државите од теоретски аспект. Анализирани се препораките од Обединетите нации и Советот на Европа поврзани со имплементацијата на управувањето со Интернет. Во заклучоците од трудот се истакнува дека моќта на информациските и комуникациските технологии имаат голем потенцијал да го забрзаат човечкиот напредок,  со цел да се изгради онлајн демократија, да се заштитат корисниците на Интернет и да се обезбеди почитување и заштита на човековите права на Интернет. Исто така, се заклучува дека во иднина од голема важност е државите да обезбедат јавна политика за интернет која ќе биде насочена кон луѓето со цел да се изгради онлајн демократија, да се заштитат корисниците на Интернет и да се обезбеди онлајн почитување и заштита на човековите права.

Врз основа на евалуацијата на трудовите на кандидатката, Рецензентската комисија највисоко ја оценува научноистражувачката работа на д-р Стојановска-Стефанова во изминатиот период.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Од изборот во звањето доцент, кандидатката доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова била активна и во делот на стручно-применувачката дејност, како и во дејностите од поширок интерес. Во рамки на стручно-применувачката дејност, кандидатката е автор на поглавје од научна книга од стручна област во странство и на стручни трудови во земјата.

Кандидатката учествувала и во повеќе промотивни активности на Факултетот, како и во потпишување меморандум за соработка со компанија од бизнис-секторот, со цел меѓусебна соработка за пренесување искуствени знаења на студентите, како и креирање на заеднички апликативни и стручни проекти.

Кандидатката членувала во факултетски комисии, но и во уредувачки одбори на меѓународи стручни списанија, членувала во два програмски одбора на меѓународни научни собири и член на еден организационен одбор на меѓународен научен собир. Во 2020 година со непосредно и тајно гласање од професорите на Катедрата е избрана за раководител на Катедрата за бизнис логистика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, а во 2023 е реизбрана на истата позиција.Одлука за избор на раководител на Катедрата за бизнис логистика бр. 2105-67/5 од 27.2.2020;

74. Одлука за верификување на изборот на раководител на Катедрата за бизнис логистика бр. 2102-203/6 од 20.12.2023.
75. Одлука за верификување на изборот на раководител на Катедрата за бизнис логистика бр. 2102-203/6 од 20.12.2023.

Активно придонела за изработка на елаборатите за акредитација на студиската програма Бизнис логистика на прв, втор и трет циклус студии, а активно учествувала во приготвување на елаборатите и за насоките Бизнис администрација и Меѓународен туризам на прв, втор и трет циклус студии на ФТБЛ

76. Одлука бр. 2103-403/1 од 30.12.2019 за формирање работни групи за работа на елаборати за акредитација на студиски програми на ФТБЛ.

Кандидатката е член на факултетски орган, комисија, работна група:

77. Член на Наставно-научен совет на ФТБЛ;
78. Член на Деканатска управа;
79. Член на Комисија за комисиско полагање на испити;
80. Член/Претседател на Комисија за одбрана на дипломски трудови;

81. Член на редакцискиот одбор на Годишен зборник на Факултет за туризам и бизнис логистика (Yearbook – Faculty of Tourism and Business Logistics).

Што се однесува до учеството во уредувачки одбори и научни тела во странство, кандидатката учествува во следните:

82. Член на уредувачкиот одбор на Journal of Political Science and International Relations (JPSIR) ISSN Print: 2640-2769; ISSN Online: 2640-2785 February 17, 2022 -February 17, 2024;

83. Член на уредувачкиот одбор на International Academic Journal, ISSN 2671-3748 (од 2021).

Кандидатката е член на организационен или научен одбор на следните научни собири:

84. Член на меѓународниот конференциски комитет на меѓународната научна конференција на Меѓународниот академски институт.

85. Член на организацискиот комитет на втората меѓународна научна конференција на ФТБЛ „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век" 2019 година;

86. Член на Меѓународен програмски комитет на третата меѓународна научна конференција на ФТБЛ „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век", 13.11.2020 година;

87. Член на Меѓународниот програмски комитет на Првиот меѓународен студентски симпозиум „Предизвиците во новиот свет на дигиталната ера – мултидисциплинарен пристап" на Факултетот за туризам и бизнис логистика (2021);

88. Член на Меѓународен програмски комитет на Меѓународен студентски симпозиум на Факултет за туризам и бизнис логистика „Предизвиците во новиот свет на дигиталната ера – мултидисциплинарен пристап"/ Second International students symposium of the Faculty of Tourism and Business Logistics "Challenges in the New World of the Digital Era - A Multidisciplinary Approach" (одлука број 2102-65/16 од 10.3.2022г.).

**Рецензент на научен/стручен труд:**

89. Рецензент на проектот „Добро проверено: Курс за медиумска писменост" креиран од ИРЕКС како дел од проектот за Северна Македонија „Учиме да распознаваме„ поддржан од Амбасадата на САД;

90. Рецензент на три (3) трудови на третата меѓународна научна конференција на ФТБЛ „Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век", одржана на 13.11.2020 година.

**Покрај објавените научноистражувачки и стручни трудови, кандидатката д-р Анета Стојановска-Стефанова учествувала со свои трудови на значајни меѓународни конференции и симпозиуми во земјава и во странство и тоа:**

91. 5$^{th}$ International Conference "Tourism in Function of Development of the Republic of Serbia- Tourism and Rural Development", organized by Faculty of Hotel Menagement and Tourism-Vrnjacka Banja, Serbia, 4-6 June, 2020, Vrnjacka Banja, Republic of Serbia;

92. 26$^{th}$International scientific conference - The teacher of the future, Budva, Montenegro, in the period of 26-28.06. 2020;

93. International Scientific Conference, "Racunovodstvo i revizija u teoriji i

praksi", organized by Banja Luka College, Banja Luka, Serbia, 18 September, 2020;

94. International Academic Conference Education and Social Sciences Business and Economics, organized by International Academic Institute, 16 September, 2020;

95. International Scientific Conference, "Racunovodstvo i revizija u teoriji i praksi", organized by Banja Luka College, Banja Luka, Republic of Serbia, 18 September, 2020;

96. Third International Scientific Conference "Challenges of tourism and business logistics in the 21st century"– ISCTBL, organized by the Faculty of tourism and business logistics at Goce Delcev University – Stip, November 13 2020;

97. International Virtual Academic Conference 2020 in Education and Social Sciences Business and Economics, organized by International Academic Institute, December 9, 2020;

98. International Scientific Conference "Filko": Philology, Culture and Education, organized by The Faculty of Philology at Goce Delcev University - Stip, and the Faculty of Philology of the State University of Voronezh, Russia, November 2020;

99. International Virtual Academic Conference Education and Social Sciences Business and Economics, organized by International Academic Institute, December 9, 2020;

100. Conference of Institute of Knowledge Management and the co-organizers -the 30th International Scientific Conference "Knowledge without borders" in Vrnjačka Banja – Serbia, 16-18.04.2021;

101. Naučni skup „Računovodstvo i revizija u teoriji i praksi", organizatori Visokoškolska ustanova „Banja Luka College", Banja Luka, Srbija, 28.05.2021;

102. VI International Scientific Conference "Tourism Challenges amid COVID-19" in Vrnjačka Banja, Serbia, from 3rd to 5th of June 2021;

103. Научен собир на тема: „Македонскиот политички систем низ призмата на теориите за делење на моќта – Quo Vadis?", свечен научен собир во организација на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) и Институт за национална историја на тема: „Современата македонска држава -две етапи во процесот на нејзиното формирање и развој: 1941 – 1991 / 1991 – 2021 година", 27 септември, 2021, Скопје;

104. IV International Piri Reis Language, History, Geography Congress, 10-12 October 2021, Ankara, Turkey;

105. Conference Accounting and audit in theory and practice, Banja Luka College, 27 May 2022, Banja Luka, Serbia;

106. BELECON, Business Economy Law Education Conference, 2-3 June, 2022, Belgrade, Serbia;

107. Учество на XL Меѓународна конференција Knowledge without borders, 07-09 април 2023, Сокобања, Република Србија;

108. Научен собир „Сметководство и ревизија во теорија и пракса", 26 мај, 2023 во Бања Лука Колеџ, Република Србија;

109. International Scientific Conference Knowledge – Capital of the Future, December 10, 2023, Bansko, Republic of Bulgaria;

110. Naucni skup Racunovodstvo i revizija u teoriji i praksi, Banjaluka, 24.05.2024;

111. Eight International Scientific Conference "Tourism and green investments". 31 May – 1 June, 2024, Vrnjacka Banja, Serbia.

**Кандидатката д-р Анета Стојановска-Стефанова поседува и сертификати за учество и презентација на трудовите на значајни меѓународни конференции и симпозиуми во земјава и во странство и тоа:**

112. Certificate of Publication scientific paper in the International Journal Knowledge Vol.40, 2020;
113. Certificate of Publication scientific paper in the International Journal Knowledge Vol.41, 2020;
114. Certificate of Participation in the XXVI International Scientific Conference "Knowledge without borders", June 2020, Budva, Montenegro;
115. Certificate of Participation in the XXVII International Scientific Conference "Knowledge for sustainability", 21-23 August 2020, Struga;
116. Certificate of presentation at IAI Virtual Academic Conference, September 16, 2020;
117. Certificate of presentation at IAI Virtual Academic Conference, December 9, 2020;
118. Потврда за учество на научниот собир Racunovodstvo i revizija vo teorija i praksa, Banjaluka, 18.9.2020;
119. Потврда за учество на научниот собир Racunovodstvo i revizija vo teorija i praksa, Banjaluka, 28.5.2021;
120. Certificate of presentation in oral and technical presentation, recognition and appreciation of research contributions to 4th International piri Reis Conference, October 10-12, Ankara, Turkey;
121. Certificate of Participation in the Sixth International Scientific Conference "Tourism challenges amid Covid – 19", June 3, 2021, Vrnjacka Banja, Serbia;
122. Certificate for Participation on First International Scientic-Professional Conference BELECON, Belgrade, Serbia, 02-03 June 2022;
123. Certificate of Publication scientific paper in the International Journal Knowledge Vol.57, April 01, 2023, Sokobanja, Serbia;
124. Сертификат за учество на XL Меѓународна конференција Knowledge without borders, 07-09 април 2023, Сокобања, Република Србија;
125. Certificate of Publication scientific paper in the International Journal Knowledge Vol.60, September 30, 2023, Greece;
126. Certificate of Participation in the XLII International Scientific Conference "The Power of Knowledge", 05-08.10.2023, Perea, Greece;
127. Certificate of Publication scientific paper in the International Journal Knowledge Vol.61, December 10, 2023, Bansko, Bulgaria;
128. Certificate of Publication scientific paper in the Knowledge International Journal Vol.63, March 25, 2024, Serbia;
129. Сертификат за учество на 40. Меѓународна конференција „Знаење без граници", Сокобања, Србија, април 2023;
130. Сертификат за учество на Научниот собир „Сметководство и ревизија во теорија и пракса" 26 мај, 2023, во Бања Лука Колец, Република Србија;
131. Certificate of Participation in the Eight International Scientific Conference "Tourism and green investments", 31 May – 1 June, 2024, Vrnjacka Banja, Serbia.

**Членство во научни проекти:**

132. Член на истражувачкиот тим на проектот „Фразеологизмите како јазична, книжевна и културолошка нишка во наставата по македонски и по странски јазик", организиран од Филолошкиот факултет при УГД-Штип (јуни 2023 - јуни 2025);

133. Учесник во тимот на проектот „Тур ре Тур", организиран од Факултет за туризам и бизнис логистика при УГД-Штип (од 2020-тековно);

134. Член и обучувач во наставно-научниот проект „Центар за обука и стручно оспособување на кандидати за полагање на стручен испит за возачи и управители" организиран од Факултет за туризам и бизнис логистика при УГД Штип (од 2015 година – тековно);

135. Член на проектниот тим „Аеродром - родово одговорна општина", во организација на Македонски институт за европски студии Скопје (во 2021 година);

136. Член на проектниот тим „Родово одговорно училиште" во организација на Македонски институт за европски студии Скопје (во 2022 година).

Активностите од наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, релевантни за изборот, се систематизирани во табелата на активности кои се бодуваат при избор во звање, согласно Правилникот.

Оценувајќи ги постигнатите резултати во текот на образованието и досегашното работно искуство на кандидатката, Комисијата го верификува нејзиниот научен и стручен развој со вкупно 451 поен (НО 30 + НИ 347 + САОР 74).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана со Конкурсот од 26.6.2024 година во дневните весници „Слободен печат" и „Коха", Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Анета Стојановска-Стефанова ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор од областа меѓународни односи и дипломатија.

Врз основа на увидот во целокупната доставена документација и стекнатото образование и искуство на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и највисоко ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доцент д-р Анета Стојановска-Стефанова.

Врз основа на погоре изнесените факти, Комисијата со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, кандидатката д-р Анета Стојановска-Стефанова да ја избере во наставно-научно звање **вонреден професор** од наставно-научната област **меѓународни односи и дипломатија**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска, претседател, с.р.
Проф. д-р Ана Никодиновска-Крстевска, член, с.р.
Проф. д-р Христина Рунчева-Тасев, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | Број | Поени | Број | Поени | Вкупно |
| 4. | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | **30** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **број** | **Поени** | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга<br>Во земјата: реф. бр. 3<br>Во странство: реф. бр. 4 (реиздадена на германски, руски, француски, шпански, италијански и португалски јазик: 5, 6, 7, 8, 9, 10), реф.бр. 11, реф.бр.12, 13, 14, 15, 16, 17: реизданија на странски јазици на книга објавена 2019 година, реф. бр.18, (реиздадена на португалски, руски, француски, италијански, германски и шпански јазик: реф. бр.19, 20, 21, 22, 23, 24) и реф. бр.25 | 1 | 10 | 4 | 15 | **70** |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br><br>Прв автор: реф. бр.27, 32, 45, 46, 51, 58, 63, 65, 71, 72, 73<br><br>Втор автор: реф. бр.29, 34, 35, 42, 43, 49, 50, 52, 61, 64, 66 | | | 11<br><br>11 | 9<br><br>6 | **99**<br><br>**66** |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br><br>Во земјата: реф. бр. 31, 37, 38, 41, 53, 55, 56, 68, 69<br><br>Во странство: реф. бр. 30, 33, 36, 39, 42, 44, 48, 57, 59, 61, 62, 67, 70 | 9 | 2 | 13 | 3 | **57** |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно)<br>Во земјата: реф. бр. 94, 96, 97, 98, 00 и 103<br>Во странство, усно: реф. бр. 91, 92, 93, 95, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110<br>Во странство, постер: реф. бр.111 | 5 | 1,5 | 15<br><br>1 | 2<br><br>1,5 | **39** |
| **14.** | Учесник во научен проект (реф. бр.135, 136) | 2 | 2 | | | **4** |
| **16.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br>(останати: реф. бр. 82, 83) | 2 | 1 | | | **2** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **20.** | Член на организационен или научен собир, фестивал (реф. бр.84, 85, 86, 87, 88) | 5 | 1 | | | **5** |
| **24.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) (останати: реф. бр. 89) | 3 | 1 | | | **3** |
| **25.** | Рецензент на научен проект (реф. бр. 90) | 1 | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **347** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга/учебник (реф. бр. 1, 2) | 2 | 10 | | | **20** |
| **2.** | Поглавје од книга (реф. бр. 26) | | | 1 | 7 | **7** |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание (во земјата: реф. бр. 47) | 1 | 2 | | | **2** |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (во земјата: реф. бр. 28, 40, 54, 60) | 4 | 2 | | | **8** |
| **13.** | Учесник во научен проект (реф. бр. 132, 133 и 134) | 3 | 5 | | | **15** |
| **17.** | Елаборати и експертизи (реф. бр. 76) | 3 | 2 | | | **6** |
| **26.** | Раководител на катедра (реф. бр. 74 и 75) | 2 | 3 | | | **6** |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (реф. бр. 77, 78, 79, 80, 81) | 5 | 2 | | | **10** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **74** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **451** |